РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ



ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ДАНОЧНИТЕ СТИМУЛАЦИИ

(докторска дисертација)

Кандидат:
м-р. Илија Груевски

Ментор:
проф. д-р. Живко Атанасовски

Скопје, август 2012 година

С О Д Р Ж И Н А:

ВОВЕД

ГЛАВА 1

Методолошки пристап во научно-истражувачката работа

1. Предмет, цел и идејна поставеност на трудот...(стр. 4)
2. Користени методи во научно-истражувачката работа...(стр. 8)

ГЛАВА 2

Фискалната политика и нејзината улога во економскиот развој

1. Дефиниција, принципи и инструменти на фискалната политика...(стр. 11)
2. Економскиот развој и фискалната политика...(стр. 17)
    2.1. Поимот за економскиот раст...(стр. 18)
    2.2. Основните теории и модели на економскиот раст...(стр. 21)
    2.3. Детерминанти на економскиот развој...(стр. 28)
    2.4. Улогата и значењето на фискалната политика за економскиот развој...(стр. 30)
3. Современи трендови во даночните реформи...(стр. 32)
    3.1. Подобрување на економската ефикасност на домашната економија (елиминирање на даночната дисторзија)...(стр. 34)
    3.1.1. Намалување на даночната дисторзија...(стр. 40)
    3.2. Унапредување на меѓународната ефикасност...(стр. 49)
    3.2.1. Елиминирање на дисторзијата на меѓународното движење на капиталот...(стр. 52)
    3.3. Подобрување на ефикасноста и едноставноста на даночните системи...(стр. 56)
    3.3.1. Индикатори на реформата во оваа област...(стр. 62)
    3.4. Подобрување на праведноста на даночните системи...(стр. 68)

ГЛАВА 3

Даночните стимулации како инструмент на фискалната политика

1. Дефинирање на поимот и карактерот на даночните стимулации...(стр. 77)
2. Класификација и видови на стимулации...(стр. 81)
2.1. Поделба на стимулациите според целите и начинот на обезбедување погодности...(стр. 81)
2.1.1. Финансиски стимулации...(стр. 81)
2.1.2. Регулаторни стимулации...(стр. 88)
2.1.3. Даночни стимулации...(стр. 92)
а. Даночни стимулации според висината на даночната стапка...(стр. 93)
б. Даночни одмори или времени даночни ослободувања (Tax holidays)...(стр. 96)
в. Даночен кредит (tax credit)...(стр. 102)
г. Даночни одбивки или дедукции (Tax allowances)...(стр. 104)
д.Забрзана амортизација (“Accelerated depreciation” or “Depreciation allowances”)...(стр. 107)
2.1.4. Даночни мерки во вид на вградени системски решенија...(стр. 113)
а. Даночно одложување (tax deferals)...(стр. 113)
б. Можност за пренесување на загубата (“loss relif” или “loss-cary forward”)...(стр. 114)
2.1.5. Други поволности...(стр. 116)
а. Преференцијални даночни зони (preferential tax zones)...(стр. 116)
б. Општи и таргетни даночни стимулации...(стр. 121)
в. Техниката на задржување на данокот како поволност (Withholding taxes)...(стр. 124)
3. Методологија за оценка на даночниот товар и ефектите од политиката на даночните стимулации...(стр. 126)
3.1. Номинални или законски даночни стапки (nominal tax rates)...(стр. 126)
3.2. Даночни коефициенти или “tax – to – GDP” однос (tax – to – GDP ratios)...(стр. 128)
3.3. Просечни ефективни даночни стапки (average effective tax rates - AETR)...(стр. 131)
3.4. Маргинални ефективни даночни стапки (Marginal Effective Tax Rates – METR)...(стр. 139)

4. Оценка на подобноста на мерките на даночниот товар од аспект на политиката на даночните стимулации...(стр. 144)

ГЛАВА 4

Ефекти на даночните стимулации врз инвестициите и вработеноста

1. Даночните стимулации, инвестициите и економскиот раст...(стр. 150)

1.1. Влијанието на даноците врз инвестиционата активност...(стр. 150)

1.1.1. Инвестиционата одлука во услови на отсуство на даноците...(стр. 150)

1.1.2. Инвестиционата одлука при постоење на даноците...(стр. 152)

1.2. Анализа на стимулативните ефекти на факторите од кои зависи инвестиционата одлука (сензитивна анализа)...(стр. 159)

1.2.1. Анализа на ефектите од промената на неданочните параметри...(стр. 161)

1.2.2. Анализа на ефектите од промената на даночните параметри...(стр. 165)

1.2.3. Ефектот на структрата на капиталот врз инвестиционата одлука...(стр. 168)

1.2.4. Ефектот од даночните ослободувања врз инвестиционата одлука...(стр. 173)

1.3. Даночните системи и меѓународната алокацијата на капиталот...(стр. 180)

1.3.1. Мерење на ефективниот даночен товар во рамки на меѓународното движење на капиталот...(стр. 181)

1.4. Приоритетни цели и области каде се применуваат даночните стимулации за зголемување на инвестициите...(стр. 184)

1.4.1. Привлекување на странски директни инвестиции...(стр. 185)

1.4.2. Приоритетни индустриски сектори и локален развој...(стр. 192)

1.4.3. Зголемување на квалитетот на образованието и инвестиции во човечки капитал...(стр. 203)

1.4.4. Инвестиции во истражување и развој и во други облици на интелектуална сопственост...(стр. 213)

2. Даноците и работната сила...(стр. 230)

2.1. Даночните стимулации, вработеноста и подршката на лица со низок доход...(стр. 230)

2.1.1. Импактот врз ниско-платените работници, неактивните и невработените лица...(стр. 231)
2.1.2. Декомпозиција на компонентите на маргиналните стапки...(стр. 235)
2.1.3. Стратегии и мерки за намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста...(стр. 239)

ГЛАВА 5

Компаративна анализа на даночните системи и на политиките на даночни стимулации

1. Општи согледувања...(стр. 254)
2. Даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји членки на ОЕЦД...(стр. 254)
2.1. Соединетите Американски Држави (USA)...(стр. 254)
2.2. Германија...(стр. 266)
2.3. Обединетото Кралство (GB/UK)...(стр. 277)
3. Даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји од Југоисточна Европа...(стр. 288)
3.1. Словенија...(стр. 288)
3.2. Србија...(298)
3.3. Хрватска...(стр. 305)

ГЛАВА 6

Економските ефекти на даночните стимулации во Република Македонија

1. Системот на даноци и политиката на даночни стимулации...(стр. 315)
2. Значењето на фискалниот фактор за инвестиционата политика и развојот...(стр. 343)
2.1. Модернизација на даночниот систем и зајакнувањето на развојните перформанси...(стр. 345)
2.2. Политиката на даночни стимулации (компарација со меѓународната практика и препораки за редизајнирање)...(стр. 351)
3. Видови и карактеристики на даночните стимулации...(стр. 356)

3.1. Системот на амортизација на основните средства во РМ ...(стр. 356)
3.2. Даночни олеснувања со кои се намалува даночната основа (expenditure-based tax incentives)...(стр. 360)
3.3. Олсенувања со кои се намалува даночната обврска или обврската за плаќање данок (profit-based tax incentives)...(стр. 364)
4. Оценка на ефектите од даночните стимулации врз инвестициите...(стр. 368)
4.1. Дистрибуција и структура на даночните стимулации во РМ...(стр. 368)
4.2. Барана стапка на принос на штедачите и трошокот на капиталот во РМ...(стр. 369)
4.3. Маргиналниот ефективен даночен товар на инвестициите во РМ...(стр. 371)
4.3.1. Маргинални ефективни даночни стапки на изворите на финансирање во РМ...(стр. 372)
4.3.2. Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите според групите на основните средства...(стр. 376)
4.3.3. Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите со просечна барана стапка на принос...(стр. 379)
5. Компаративна анализа на ефективниот даночен товар на инвестициите во РМ со други земји...(стр. 382)
6. Состојбата со инвестициите во домашната економија и маргиналниот ефективен даночен товар...(стр. 390)
7. Економскиот раст, вработеноста и маргиналниот даночен товар...(стр. 396)
8. Даночната конкурентност и странските директни инвестиции...(стр. 399)
9. Даночните приходи и ефективниот даночен товар...(стр. 401)

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

ПРИЛОГ

БИБЛИОГРАФИЈА

ВОВЕД

Последниот актуелен настан со економска содржина којшто најнепосредно го окупира светското внимание и директно навлезе дури во секојдневниот живот и опкружување на обичниот граѓанин е светската економска криза, односно светската рецесија. Окарактеризирана со намалување на побарувачката, производството и вработеноста во сите земји ширум светот, укажува на фактот за меѓузависноста и поврзаноста на националните финансиски и економски системи, но во исто време го поставува прашањето за „нескршливоста“ на современиот капитализам. Ваквите случувања на светската економска сцена во чии рамки преовладува неолибералната доктрина, сè поцврсто ја оспоруваат моќта на „невидливата“ рака на пазарот за најефикасна алокација на ресурсите и сè почесто ја наметнуваат потребата за регулација на пазарните односи, се разбира, не во смисла на негирање на пазарните механизми, туку само како своевидна корекција во доменот на пазарниот неуспех. Поаѓајќи од ваквите ставови, јавните финансии и фискалната политика добиваат сè поголема улога и значење, како од аспект на стабилизацијата на финансиските и економските текови, но и од аспект на обезбедувањето на стабилен и долгорочен економски раст и развој.

Почнувајќи од осумдесеттите години на минатиот век па наваму, светот го зафатија низа реформи во даночната сфера, поттикнати од новите правци и сфаќања во областа на јавните финансии, но исто така, и од новите приоритети и цели на фискалната политика. Сè дотогаш, на фискалната политика се гледаше како начин или средство за зафаќање на дел од расположливиот доход во одделните економии, со цел да се овозможи финансирање на јавните добра и државните служби, или пак, за прераспределба на тој доход за остварување на одредени социјални и економски цели преку системот на јавната потрошувачка. Друга препознатлива задача на фискалната политика беше да се остварат одредени стабилизациони цели, доколку постојат одредени нарушувања на макроекономската рамнотежа.

Современите трендови на даночните реформи полека, но сигурно упатуваат на промена во перцепцијата за улогата и значењето на даночната и фискалната политика. Имено, финансиските кризи, колапсите на финансиските пазари, големите рецесии, масовната невработеност и можноста од потенцијални социјални немири се сигурен знак дека е потребна промена во целите и приоритетите на економската политика што ја водат државите. Во тој контекст, и фискалната политика како составен дел на економската политика претрпува промени во рамки на своите задачи и цели. Така, како една од фундаменталните цели на даночната политика, сè повеќе се наметнува промоцијата и забрзувањето на економскиот развој како најдобар пат за стабилизација и надминување на современите економски кризи. Во таа насока, се јавува прашањето за зголемување на обемот на инвестициите во националните економии, преку зголемување на нивото на штедењето и унапредувањето на економската ефикасност. Овозможувањето на поголема мобилност и проток на странски капитал, а со тоа и привлекување на странски инвестиции, поволно би влијаеле врз развојот на домашните економии.

Зголемувањето на вработеноста, понудата на работната сила и нејзината конкурентност, како и нивото на штедењето кај населението преку нови реформи на пензиските системи, само ги надополнуваат новите цели на даночните политики.

Аналогно на тековните промени во пристапот на јавните финансии, се поставува прашањето за средствата, методите и инструментите кои ги користи фискалната политика при реализацијата на поставените цели и задачи. Традиционално, фискалната политика преку употребата на даночните инструменти зафаќа дел од расположливиот национален доход, а потоа истиот го „канализира“ во одредени целни насоки преку системот на јавната потрошувачка. Меѓутоа, на тој начин, со обемното зафаќање и прераспределбата на доходот, се појавуваат ризици од нарушување на степенот на фискалната одржливост на рамнотежата на националните буџетски сметки. Во последно време, како релативно ново средство, метод или инструмент на даночната политика, кое добива сè поголема популарност помеѓу државите во светот, се јавуваат и **даночните стимулации**, кои претставуваат една од најинтригантните теми од областа на јавните финансии. Во таа насока, темата **„Економските ефекти од даночните стимулации“** би требало да даде одговор на неколку елементарни и суштински прашања поврзани токму со овие инструменти:

- прво и најосновно, **што се тоа даночни стимулации и каков даночен инструмент претставуваат тие;**
- второ, **каква е улогата и значењето на фискалната политика за економскиот раст и развој и кои се нејзините современи трендови;**
- трето, **какви се економските ефекти од примената на даночните стимулации, за какви цели и во кои области или домени се применуваат;**
- четврто, **каква е структурата на даночните системи и кои даночни стимулации ги применуваат најразвиените земји од светот, вклучително и некои одбрани земји од најблискиот регион;**
- петто, **каков даночен систем има РМ и каква е состојбата од аспект на даночните и други видови стимулации;**
- и шесто, **колкав е маргиналниот даночен товар на инвестиционите вложувања во РМ.** Имено, преку практична употреба на методолошкиот пристап на ефективните маргинални стапки, ќе се направи проценка на маргиналниот даночен товар на инвестициите во РМ, кој претставува мерило на степенот на даночната поддршка на процесите на инвестирање во домашната економија. Преку истражувањето на темата за даночните стимулации, ќе настојувам да дадам одговор на овие прашања и на тој начин да овозможам овој инструмент на фискалната политика да добие ново посовремено значење и поголема научна важност и димензија.

ГЛАВА 1

Методолошки пристап во научно-истражувачката работа

1. Предмет, цел и идејна поставеност на трудот

Трудот под наслов **„Економските ефекти од даночните стимулации“** опфаќа една современа, и за нас, сè уште недоволно истражена проблематика од областа на јавните финансии. Но, во поголемиот дел од развиените земји, даночните стимулации се едни од позначајните средства за постигнување на одредени економски цели, па според тоа претставуваат современа алтернатива на развојната фискална политика.

Идејната поставеност на темата за **економските ефекти од даночните стимулации** е изведена на тој начин што е обработена и презентирана низ 6 (шест) глави, вклучително со соодветен вовед и соодветен заклучок.

Воведниот дел се состои од навлегување во проблематиката којашто е предмет на обработка на трудот, но и од кратка презентација на прашањата на кои се задржувам во понатамошните обработки на темата за даночните стимулации.

Првата глава која гласи **Методолошки пристап во научно-истражувачката работа,** е предвидена за елаборација на целта, предметот и користените методи во научно-истражувачката работа. Како **предмет на обработка на трудот** се јавуваат **даночните стимулации** како посебна област и средство на даночната политика, анализирани како од теоретски, така и од практичен аспект. Притоа, предметната анализа се фокусира на современите теоретските погледи, но и на практичните искуства и резултати од апликацијата на инструментариумот на даночните стимулации во најразвиените и помалку развиените земји во светот.

Целта на истражувањето во трудот е преку одредени теоретски методолошки средства и модели да се истражат **ефектите на даночните стимулации** во одделните области на нивната примена. Во таа насока, покрај осознавањето на поимот, природата и карактерот на овие инструменти, направена е конкретна проценка на нивната ефикасност при реализацијата на поставените цели и задачи од аспект на економскиот развој, при што се утврдени одредени ставови, мислења и насоки по однос на ова прашање. Претходново особено се однесува за Република Македонија како земја во развој. За таа цел е извршена посебна анализа на ефектите од примената на сетот на даночни стимулации врз можностите за инвестирање во рамки на домашната економија преку употреба на конкретен метод.

Во **втората глава** која носи наслов **Фискалната политика и нејзината улога во економскиот развој,** најпрвин се дефинира поимот на фискалната политика, како и дел од нејзините принципи и инструменти. Потоа, се дефинира поимот за економскиот развој, неговите институции, причини и детерминанти, преку кратката хронологијата на основните теории и модели на економскиот раст и развој. Поврзувајќи го економскиот развој со фискалната политика, се укажува на нејзиниот развоен елемент и на улогата и значењето што таа го има, гледано од тој аспект.

Во понатамошниот тек на оваа глава се истакнуваат најважните цели и причини кои ги поттикнаа даночните реформи во светот. Така, како примарна цел се јавува промоцијата на економскиот развој, и во таа насока, постигнувањето на соодветен степен на економска ефикасност, како во рамки на домашната економија, така и од аспект на меѓународното движење

на капиталот. Во тој контекст, преку даночните реформи се настојува да се постигне минимална даночна дисторзија и максимизирање на даночната неутралност како предуслов за ефикасно економско стопанисување. Унапредувањето на едноставноста на даночните системи би требало да ја зголеми ефикасноста во собирањето на даночните приходи, додека зголемувањето на праведноста на системите, мора да претставува императив на секоја социјална држава. Паралелно со тоа се укажува на современите трендови и областите на даночните реформирања.

Третата глава е наменета за презентирање на **даночните стимулации како инструмент на фискалната политика**. Целта на оваа глава, пред сè, е да се дефинираат поимот, карактерот и природата на даночните стимулации како инструмент на фискалната политика. За таа цел, покрај запознавањето на суштината на поимот даночни стимулации, направен е увид во целите што фискалната политика настојува да ги оствари преку употребата на овие инструменти, но и на областите, односно домените во кои тие се применуваат. Понатаму, на следните страници е презентирана класификацијата на видовите на даночни стимулации што најчесто се сретнува во литературата од јавните финансии. Во рамки на изнесената класификација, се навлегува во најважните и најупотребуваните инструменти што фискалната политика ги користи како начин за реализација на поставените економски цели. Така, како еден од најчесто користените инструменти е даночниот кредит кој се користи како на полето на инвестициите, така и на полето на работната сила. Инструментот забрзана амортизација претставува атрактивно средство на даночната политика употребувано од страна на развиените земји во процесот на стимулирање на инвестиционите вложувања. Како даночни стимулации се јавуваат вклучително и даночните одбивки, даночните ослободувања и слободните даночни зони, даночните одмори и слично. Општото и селективното намалување на даночните стапки, иако може да се третира и како друг сегмент на даночната политика, сепак, покажува карактеристики и на посебна даночна стимулација.

Во продолжение на третата глава се дадени основните методолошки средства кои ја сочинуваат сржта на методологијата неопходна за оцена на ефектите од примената на инструментите на даночните стимулации кои се среќаваат во теоријата на јавните финансии. Затоа, покрај номиналните законски стапки и даночните коефициенти, посебно внимание се посветува на ефективната просечна и ефективната маргинална даночна стапка, како методи кои најмногу соодветствуваат за потребите на проценката на ефективниот даночен товар на капиталот или трудот. На крај, се констатира дека најподобен метод за евалуација на ефектите од промената на даночната политика се токму маргиналните ефективни стапки, со оглед на тоа што овозможуваат мерење на преференциите за инвестирање на ниво на маргина.

Четвртата глава од содржината на трудот претставува централно тежиште на анализата на економските ефекти на даночните стимулации. Во оваа глава со наслов **Ефекти на даночните стимулации врз инвестициите и вработеноста**, се обработени оние подрачја каде што овие даночни инструменти имаат најрелевантно значење и придонес во постигнувањето на одредени економски цели и ефекти, а тоа се инвестициите и вработеноста. Најпрвин, во точката за

инвестициите и економската ефикасност се прави осврт врз влијанието на даноците врз ефикасноста на домашната економија. Притоа, посебно се елаборира инвестиционата одлука во услови на отсуство на даноци, како и под претпоставка на постоење на даноци. За таа цел, детално се анализира концептот на маргиналните ефективни даночни стапки (МЕДС) според основната методологијата на авторите Мервин А. Кинг и Дон Фулетрон, која е најексплицитна од аспект на евалуацијата на ефектите врз инвестиционото однесување на економските субјекти. Анализата на стимулативните ефекти на факторите од кои зависи инвестиционата одлука се изведува со помош на сензитивна анализа, и тоа во зависност од: промената на неданочните параметри, промената на даночните параметри, понатаму, се анализира влијанието на структурата на капиталот, и особено ефектот од даночните ослободувања врз одлуката за инвестирање. Импактот на даноците како фактор на меѓународната ефикасност и меѓународните текови на капиталот ќе се разгледа со помош на концептот на просечните ефективни даночни стапки (ПЕДС) на авторите Мајкл Деверу и Рејчел Грифит, кои се надоврзуваат и ја прошируваат основната методологија на Кинг и Фулертон.

Во продолжение на четвртата глава се презентираат приоритетните цели и области од подрачјето на инвестициите каде се користат инструментите на даночните стимулации. Како позначајни домени во кои постои економска оправданост од употребата на овие инструменти се вбројуваат: привлекувањето на странски директни инвестиции, инвестициите во приоритетни индустриски сектори и локален развој, инвестициите во човечки капитал и зголемувањето на квалитетот на образованието, и особено, инвестициите во истражување и развој и другите облици на интелектуална сопственост. Во делот за даноците и работната сила, пак, се укажува на уште една посебна област на влијание на даночните фактори. Имено, даночните стимулации се истакнуваат и како одлично средство за зголемување на понудата на работната сила, а во комбинација со одредени хибридни или финансиски инструменти, може да се реализира и добра стратегија за поддршка на лицата со низок доход и намалување на сиромаштијата.

Петтата глава од трудот, која носи наслов **Компаративна анализа на даночните системи и мерките на даночните стимулации,** е предвидена за аналитичка споредба на структурата и карактерот на даночните системи, како и за примената и користењето на инструментите на даночните стимулации во некои од земјите од светот, и тоа конкретно според важечките национални регулативи од 2010 година. Детално внимание во оваа глава ќе се посвети на даночните системи и даночните мерки на Соединетите Американски Држави, Велика Британија и Германија, како претставници на групата на економски најразвиени земји во светот (Организација за економска соработка и развој – ОЕЦД изворно). Понатаму, ќе се укаже на даночните системи и политиката на даночните стимулации на некои земји од Југоисточна Европа, како што се Словенија, Хрватска и Србија.

Шестата глава од трудот носи наслов **Економските ефекти на даночните стимулации во РМ.** Најпрвин, на почетокот од оваа глава е даден опис на системот на директните даноци во РМ, како и на мерките на даночните и други видови стимулации според важечките правни

прописи од 2011 година. Понатаму, направен е осврт врз значењето на фискалниот фактор за економскиот раст на РМ, со што се потенцира значењето на имплементацијата на современите макроекономски модели за оценка на ефектите од даночните инструменти врз инвестициите и инвестиционото одлучување. Во продолжение е направена анализа на преземените постапки за модернизација на даночниот систем, во контекст на зајакнување на неговите развојни перформанси. Дадениот тек на еволуцијата на параметрите на системот на директни даноци, како и на мерките на даночни стимулации, е во насока на практичната примена на методологијата на маргиналните стапки за пресметка на даночниот товар на инвестициите во РМ од 1995 година до 2010 година. Целта на пресметката, за чии потреби е користена методологијата на Кинг и Фулертон, е да се проанализира како даночните реформи и сите релевантни елементи на даночниот систем и даночната политика влијаеле врз поддршката на инвестиционите вложувања со текот на времето. По направената споредба на даночниот товар на инвестициите во РМ со даночниот товар во некои земји, се дава оценка и соодветно мислење за ефектите од висината на даночното зафаќање врз нивото на инвестициите, странските директни инвестиции, економскиот раст и вработеноста, како и врз динамиката на приходите од директните даноци.

На крајот, во **заклучните согледувања** се направени рекапитулација и резиме на најважните заклучоци од трудот.

2. Користени методи во научно-истражувачката работа

Методолошката рамка на истражувањето го опфаќа системот на научно-истражувачките методи кои ги нуди економската наука и кои стојат на располагање на истражувачкиот процес за успешна реализација на трудот. Од многубројната палета на овие научни методи, како најкористени, соодветно на карактерот на набљудуваната тема и проблематиката со која се занимава трудот **„Економските ефекти од даночните стимулации“,** ќе бидат:

Аналитичко-синтетичкиот метод (или индуктивно-дедуктивниот метод). Со оглед на фактот што поголемиот дел од трудот претставува своевидна анализа на целокупната проблематика поврзана со даночните стимулации, аналитичкиот метод претставува основен метод преку кој се изврши проучување на различните тематски содржини и кој обезбедува основен пристап кон предметот на истражувањето. За разлика од дедуктивниот метод кој овозможува расчленување на состојбите и појавите на поединечни факти и сознанија, со синтетичкиот или индуктивниот метод се врши синтетизирање и констатирање на сознанијата и состојбите и донесување на конкретни заклучоци при научно-истражувачката работа.

Квантитативно-квалитативниот метод. Квантитативниот метод се употребува во сите случаи каде методолошки е потребно, но и можно да се изврши мерење, односно квантифицирање на економските состојби и појави. Тој успешно се надополнува со

квалитативниот метод, бидејќи овозможува оценка и увид во фактичките состојби секогаш кога квантитативниот метод не може соодветно да се примени.

Математичко-статистички методи. При елаборацијата на основната методологија за оценка на ефектите од даночните стимулации, ќе се искористат математичко-статистичките методи без кои не може целосно да се заокружи анализата во трудот. Така на пример, при оценката на компаративните ефекти од системот на даночни мерки врз инвестициите во истражување и развој и облиците на интелектуална сопственост, ќе се користи коефициентот Б-индекс (B-indeks), додека оценката на влијанието на даночните инструменти врз работните стимулации се остварува според концептот на маргиналните и просечните стапки на трудот (или нето-стапката на замена), понатаму, коефициентот на корелација и други.

Методологијата на маргиналните ефективни даночни стапки според концептот на Кинг и Фулертон. Иако органски припаѓа на математичко-статистичките методи, оваа методологија ја набројуваме како посебна, бидејќи претставува основна или суштинска од аспект на проценката на ефектите на даночните мерки врз инвестициите во домашната економија. Што се однесува до странските инвестиции и ефектите врз движењето на странскиот капитал, подобар пристап нудат просечните ефективни даночни стапки според концептот на Деверу и Грифит.

Емпириският метод. Емпириският или искуствениот метод е тесно поврзан и комплементарен со математичко-статистичкиот и компаративниот метод. Според тоа, може соодветно нив да ги надополни во истражувањето на економските појави и состојби од практиката на националните економии.

Методот на сензитивна анализа. Може да се каже дека претставува корисна алатка во разоткривањето на влијанието и ефектите од воведувањето и промената на разните фактори врз преференциите за инвестирање. Преку извршената сензитивна анализа, а врз основа на интуитивно резонирање базирано на концептот на инвестиционата побарувачка, се настојува да се проценат потенцијалните ефекти од промената на неданочните и даночните фактори, структурата на капиталот и инструментите на даночните стимулации *ceteris paribus*, и тоа во рамки на предложената методологија за маргиналните стапки.

ГЛАВА 2

Фискалната политика и нејзината улога во економскиот развој

„Free market economy could stay in a chronic condition of sub-normal activity for a considerable period without any marked tendency either toward recovery or toward complete collapse“.

„Слободната пазарна економија може да остане во хронична состојба на намалена активност подолг период и притоа да не покаже знаци ниту за оporавување, ниту пак за тотален крах“.

Џон Мејнард Кејнз (John Maynard Keynes, 1936)

„The private economy is not unlike a machine without un effective steering wheel or governor. Compensatory fiscal policy tries to introduce such a governor or thermostatic control device.“

„Приватната економија воопшто не наликува на возило без ефикасен уред за управување. Стабилизационата фискална политика настојува да воведе токму таков контролен уред за насочување.“

Пол Семјуелсон (Paul Samuelson, 1948)

Наведените цитати на великаните на економската наука укажуваат на значењето на една доктрина, а тоа е фискалната доктрина која никогаш како сега, освен во времето на нејзиниот зенит, не го заслужувала вниманието на светската економска јавност. Уште од времето на големата депресија, авторите како Кејнз и нобеловецот Самјуелсон имаа критичен однос кон „семоќната“ и „невидлива“ рака на пазарот, како и кон Смитовиот принцип на „laissez – faire“, притоа зборувајќи низ своите трудови за инхерентноста на капитализмот да воспостави макроекономска стабилност на долг рок. Наоѓајќи ја причината за нестабилноста во однесувањето

на нерационалните инвеститори, според Кејнз, економијата може да остане во хронична состојба на намалена активност без позначајна тенденција на опоравување, или т.н. состојба или рамнотежа на „непотполна вработеност“. Затоа, со цел да се промовира економски раст и развој, државата не треба да зазема неутрална, туку активна позиција од аспект на економските активности, и тоа најчесто со водење активна фискална политика.[1]

Неоспорувајќи ја улогата што Кејнз ја имаше во зајакнувањето на фискалната доктрина, сепак, треба да се прави разлика за времето во кое тој живеел и времето на современите економски констелации. Во услови на глобализација и либерализација на економските односи во светот и забрзан техничко-технолошки развој, тешко може да се замисли доследна промена на принципите кои ги заговараше Кејнзовата фискална политика од времето на големата депресија. Меѓутоа, она што остана како наследство на новите генерации политичари и економисти е токму значењето на фискалната политика и нејзината проактивна улога во промоцијата на економскиот раст. Најновите збиднувања околу светската економска криза, која произлезе пред сè од недостатокот на соодветна регулација на современите финансиски текови, пак го воскреснува сомнежот за „невидливата“ рака на пазарниот механизам. Од друга страна, пак, должничката криза која започна од нашиот јужен сосед и како домино се проширува низ другите европски земји, се заканува да ја сруши еврозоната и стабилноста на единствената европска валута – еврото. Како последица на сите овие работи, се поставува прашањето за оправданоста на големите фискални зафаќања, големата јавна потрошувачка и преголемата задолженост, а во исто време се наметнува потребата за фискална дисциплина и кратење на буџетските дефицити.

Според ова, фискалната доктрина и фискалната политика како една од најважните делови на економската политика, мора да се адаптира на современите економски трендови. Таа ќе го задржи и зголеми своето значење единствено ако служи како инструмент во рацете на владата за корекција и надополнување, а не и замена на пазарниот механизам. Само доколку фискалната политика успешно ги поддржува економските процеси и текови и во таа насока го промовира

[1] Во своето епохално дело „Општата теорија на вработеноста, каматата и парите“ од 1936 година, Џ.М.Кејнз, освен што ја фаворизира фискалната наспроти монетарната политика, тој воедно ги воспоставува и нејзините основни принципи:
- Зголемувањето на нивото на штедење може да го контрахира нивото на расположивиот доход и да го намали економскиот раст. Потрошувачката има поголемо влијание во создавањето на инвестициона клима и производство отколку штедењето, т.е. побарувачката си креира сопствена понуда. (Според Кејнз, бидејќи не постојат начини да се влијае врз перцепциите на инвесититорите кои во услови на тешка економска криза се склони кон чување на пари, штедењето е фертилно).
- Националните буџети би требало да се одржуваат во состојба на буџетски дефицит во време на рецесија, со водење на нагласена експанзивна фискална и монетарна политика, сè додека економскиот просперитет повторно не се воспостави, а каматните стапки не паднат на ниско ниво.
- Владите треба да го напуштат принципот на „laissez – faire“ и да интервенираат на пазарот секогаш кога е потребно. (Според ова, регулацијата на пазарите претставува една од битните претпоставки на тогашната фискална политика).
Пошироко види: „The big three in economics“, Skousen M., Sharpe M.E. London, England, 2007.

економскиот просперитет, развој и благосостојба, тогаш може да се каже дека и во современи услови навистина го заслужува кредибилитетот на времето од Џ.М.Кејнз.

1. Дефиниција, принципи и инструменти на фискалната политика

Со цел да се сфати подобро поимот „политика“, или, поконретно, поимот „фискална политика“[2], потребно е да се направи навраќање на неколку изрази. Имено, од теоријата на економските системи може да се заклучи дека изразите „економски систем“ и „економска политика“ се, всушност, меѓусебно поврзани.

Најпрвин, може да се каже дека поимот систем претставува сложен збир или множества на разни елементи кои вршат меѓусебно влијание или интеракција.[3] Ако на ваков начин се набљудува големиот економски систем, тогаш може да се заклучи дека тој претставува збир од повеќе елементи, односно потсистеми кои имаат специфична улога и задача во комплексниот систем на економски односи, но и вршат меѓусебна интеракција. Како составни делови на економскиот систем се јавуваат: системот на сопственост, пазарниот систем, системот на цени, фискалниот, монетарниот, банкарскиот, надворешно-трговскиот систем и други.

Современата економска теорија отсекогаш го поставувала прашањето за нивото на институционализираност на економските системи и потсистеми, односно дали е потребно да се постават одредени правила за управување на системите, или, пак, да се остави тие процеси да се одвиваат спонтано. Досегашното искуство покажа дека постои реална потреба од воспоставување одредени институционални рамки, врз основа на законски прописи и норми, кои ќе ги диктираат правилата за игра на основните економски субјекти. Ако на ваков начин се набљудуваат економските системи, тогаш тој може да се сфати како збир на услови на стопанисување, што со законски прописи ги определува државата, во кои се одвива економската активност, или поедноставно кажано, институционална рамка во која се одвиваат економските процеси.[4]

Ако економскиот систем ги претставува основните начела во чии рамки би се одвивала стопанската активност на една држава, тогаш економската политика би претставувала „патоказ“ или „насочувач“ на процесите во една економија. Ако се земе предвид фактот дека пазарот е имперфектен, односно поседува слабости и ограничувања, а притоа неговата основна функција е да изврши најефикасна алокација на ограничените и ретки ресурси, тогаш економската политика е олицетворение на нивото на државна интервенција во регулирањето на економските процеси. Според тоа, под економска политика може да се подразбере настојувањето на државата со

[2] Потеклото на зборот „фискална“ потекнува од латинскиот збор „fiscus“ и се користел како синоним за трезорите на римските императори. Инаку, буквално преведено, под тој израз се подразбирало „кошница“ или „торба“ во која се собирале приходите од римските провинции, www.wikipedia.org.

[3] Стојановиќ Р.: „Велики економски систем“, Савремена администрација, Београд, 1972, стр. 13.

[4] Узунов Н., Георгиев А., Недановски П.: „Применета економија“, Економски факултет, Скопје, 2004, стр. 28.

определен сет на мерки да влијае врз одлуките на слободните економски субјекти, и да ги насочи во саканиот правец, притоа поаѓајќи од објективните економски законитости и принципи. Во основа, секогаш кога ќе се спомне зборот економска политика, во суштина се мисли на одреден збир мерки, преку кои државата влијае, односно управува со економијата.[5]

Аналогно на претходново, и фискалниот систем и фискалната политика претставуваат одредена поврзана целина. Според економската теорија, фискалниот систем може да се интерпретира како дел или потсистем на економскиот систем (поточно, финансискиот систем) на една држава кој ги опфаќа прописите и правилата за одаточување и употребата на средствата прибрани со одаточувањето за потребите на државната власт и граѓаните. Поконкретно, под поимот фискален систем се подразбира системот на јавните приходи и јавните расходи што се применува во една земја.[6] Ако јавните приходи претставуваат средства што ги прибира државата од економските субјекти со одаточувањето, под јавни расходи може да се подразбере употребата на тие средства за финансирање на јавните потреби. Притоа, секој фискален систем си носи сопствени карактеристики, во зависност од карактерот на општествено-економската формација во којашто бил имплементиран, па според тоа, се одликува и со посебни автентични обележја.[7]

Ако фискалниот систем ги утврдува правилата и начелата за прибирање и трошење на државните средства, тогаш фискалната политика претставува збир на мерки од фискалната сфера преку кои се настојува да се постигнат определени насоки и цели. Поточно, под фискална политика, како интегрален дел на економската политика, се подразбира употребата на државните или владини приходи и расходи заради дејствување врз вкупната економска активност, односно врз основните макроекономски агрегати.[8] Според тоа, преку фискалната политика и нејзините инструменти, државата настојува да влијае врз однесувањето на слободните економски субјекти за да оствари определени зацртани макроекономски таргети, на пример: да го зголеми нивото на штедење и инвестиции, да ја зголеми вработеноста, да оствари забрзување на економскиот раст и развој, да ја намали стапката на инфлација, итн.

Во литературата се среќаваат и повеќе функции на јавните финансии. Така, како едни од најпознатите се набројуваат: фискалната, односно финансиската функција, стабилизационата функција, редистрибутивната функција, социјалната и развојната функција. Примарната фискална функција на јавните финансии се состои од прибирање на средства заради финансирање на државните потреби и јавните добра. Во случаи на изразена макроекономска нестабилност и нерамнотежа, јавните финансии претставуваат моќен инструмент во рацете на државата, преку

[5] Во основа, етимолошкото значење на зборот „политика“ потекнува од грчкиот збор „polis“ , што значел град-држава или способност за управување и владеење со државата.

[6] Узунов Н., Георгиев А., Недановски П.: „Применета економија“, Економски факултет, Скопје, 2004, стр. 199.

[7] Така на пример, во 70-те и 80-те години од минатиот век, фискалниот систем во РМ бил наречен систем на општествено финансирање, согласно тогашниот економски систем на општествено самоуправување.

[8] Фити Т.: „Макроекономија“, Економски факултет, Скопје, 2005.

кој може да се редуцира агрегатната побарувачка и куповната моќ на населението за да се постигнат определени стабилизирачки ефекти. Зафаќањето на дел од националниот доход со помош на оданочување овозможува понатаму да се врши прераспределба на истите средства преку буџетската потрошувачка и на тој начин да се реализира редистрибутивната функција. Со трансферот на одредени парични средства или помош кон најсиромашните категории на население, всушност, се врши ублажување на социјалните разлики и извршување на социјалната функција. Новите реформи во областа на јавните финансии ја поттикнаа идејата и реалната потреба за водење на активна политика на забрзан развој, и така ја промовираа нејзината развојна функција.

Фискалните власти во конципирањето на даночната политика, покрај извршувањето на одредени цели и функции, мора да се раководат според определени основни принципи. Во зависност од историскиот развој на фискалната доктрина, видот на економскиот систем и политичко-идејните убедувања, некои од нив преовладувале за сметка на другите, и обратно. Во литературата од јавните финансии се познати многубројни значајни принципи и критериуми кон кои треба да се придржува секоја ефикасна фискална власт. Притоа, на располагање стојат неколку елементарни или општи принципи на фискалната политика:

Принцип или правило на оданочување според даночната способност (ability-to-pay principle).[9] Овој метод самиот по себе доволно кажува за неговата природа и карактер, меѓутоа, постојат повеќе дилеми и контроверзии од аспект на неговото имплементирање и спроведување во даночните политики. Според него, лицата кои имаат поголемо богатство или доход, треба да плаќаат и поголеми даноци, односно во поголем обем да ги финансираат јавните добра. Вака интерпретирано, изгледа едноставно, но, се поставува прашањето за димензионирањето на даночниот товар и за дефинирање на критериумот за богатство. Дали побогатите треба во целост, и само тие да ја имаат обврската за плаќање даноци, а ако не, тогаш во кој обем треба да бидат оданочени? Што е тоа богатство и по кој основ ќе се определи нивото на богатството кај различните поединци? Листата на ваквите и други слични прашања е доста долга и се протега во доменот на нормативната економија, па дури и во доменот на политиката. Колку што овој фискален концепт ни се чини едноставен и јасен, толку истиот станува потежок за дефинирање, и тоа во онаа мера во којашто модерното општество станува покомплексно.

Даночна еднаквост или праведност. Суштината на овој принцип се огледа низ Смитовите постулати кои до ден денешен се провлекуваат низ страниците на економската литература. Всушност, се работи за критериумите хоризонтална и вертикална еднаквост. Ако хоризонталната еднаквост во оданочувањето значи еднаков даночен третман на еднаквите во однос на својот доход, вертикалната еднаквост значи нееднаков третман на нееднаквите, односно на оние кои имаат различен доход. Интерпретацијата на вертикалната еднаквост може да се види

[9] Richardson J.A., Hildreth W.B.: „Economic principles of taxation“, A handbook of taxation, Marcel Dekker Inc, New York, 1999, стр. 22.

и преку изреката „Поголем доход - поголем платен данок“. Даночната прогресија која се користи кај персоналниот данок на доход, претставува типичен пример за примената на ова правило.

Способност за генерирање приходи (reliable and predictable growth of revenues).[10] Според овој принцип, секој даночен систем и даночна политика би требало да поседува моќ да генерира доволно приходи за да ги финансира јавните добра. Секоја влада преферира да го полни буџетот со стабилни и предвидливи јавни приходи, наместо често да ги менува законските прописи од аспект на даночната сфера и со тоа да ја наруши долгорочната стабилност на фискалната политика.

Даночна ефикасност. Прашањето за ефикасноста на даноците е третирано во теоријата за економија на понудата (Supply side economics) од Артур Лафер, кој се залага за намалување на прогресивните даночни стапки, со цел да се стимулираат поединците и претпријатијата да работат, штедат и инвестираат. Во неговата крива, којашто се нарекува „лаферова крива“, се анализира меѓусебниот сооднос помеѓу висината на даночната стапка и висината на даночните приходи. Централната претпоставка е дека постои оптимална даночна стапка која овозможува максимално полнење на буџетот, со максимален обем на производство и економска активност во стопанството, без тенденции кон евазија на одаточувањето. Според тоа, суштината на даночната ефикасност се состои во можноста на даночната политика да собере што поголем износ на јавни приходи, со што помало ниво на одбегнување на даночните обврски од страна на економските субјекти. Многу често поимот даночна ефикасност се поистоветува со поимот **даночна издашност**.

Даночна неутралност. Даночната неутралност е поврзана со поимот алокативна неутралност, што значи способност на даночната политика да не предизвикува одредени дисторзии на стопанската активност, со тоа што ќе фаворизира одредени сектори и гранки за сметка на други **(даночна дисторзија).**[11] Неутрална даночна политика е онаа која ги става економските субјекти во еднаква положба и не прави нарушувања во алокацијата на ресурсите. Сè поголемото придржување кон овој постулат на фискалната политика продуцира низа реформи со кои се започна поголема примена на даноците на потрошувачката, за сметка на даноците на доход во даночните структури ширум земјите во светот, и тоа токму поради нивната нагласена алокативна неутралност.

Рационалност во собирањето на даночните приходи или даночна едноставност (tax simplicity).[12] Смислата на овој даночен принцип се огледа во потребата за рационализација на даночната администрација. Имено, ако државата организира многу голема и ригидна даночна

[10] Richardson J.A., Hildreth W.B.: „Economic principles of taxation“, A handbook of taxation, Marcel Dekker Inc, New York, 1999, стр. 23.

[11] Етимолошкото значење на зборот дисторзија потекнува од природните науки, што значи „нарушување“, „искривување“ на текот на некоја појава, како на пример, искривување на електромагнетните или звучните бранови.

[12] Richardson J.A., Hildreth W.B.: „Economic principles of taxation“, A handbook of taxation, Marcel Dekker Inc, New York, 1999, стр. 25.

служба, може да се случи трошоците што ќе ги направи за нејзино финансирање да бидат поголеми од приходите што таа ќе успее да ги собере. Секоја ефикасна даночна администрација подразбира дека нејзините маргиналните трошоци не смеат да ги надминат нејзините маргинални приходи.

Даночна регресија. Во основа, даноците можат да бидат пропорционални, прогресивни и регресивни. Даночната регресија претставува начин во оданочувањето со кој се постигнува посиромашните и помалку имотните економски субјекти во поголем обем да го сносат даночниот товар, за разлика од побогатите, што, всушност, претставува оддалечување од елементарниот принцип на даночна еднаквост и праведност. Овој начин на оданочување е доста штетен и директно ги загрозува најсиромашните слоеви на населението, поради што се налага што помала примена на регресивните даноци.[13]

Секоја економска политика, а во таа смисла и фискалната политика, водејќи се по соодветни принципи и правила, во основа, секогаш на преден план има зацртано исполнување на некои цели и задачи, за чие исполнување користи и применува одредени **мерки и инструменти**. Притоа, директно применувајќи ги одбраните мерки и инструменти, фискалната политика индиректно ги исполнува сопствените цели и задачи, а преку тоа влијае врз однесувањето на економските субјекти, насочувајќи ја економската активност во саканиот правец. Бидејќи изборот и висината на фискалните инструменти претежно претставува резултат на дискрециона одлука на државните власти, тие имаат и изразен административен карактер. Всушност, сето она што претставува буџет, јавни приходи и јавни расходи, поприма карактеристика на фискален инструмент. Конкретно, како најпознати фискални инструменти се издвојуваат буџетот, односно јавната потрошувачка и даноците.

Буџет и јавна потрошувачка. „Моќта на торбата“ (the power of the purse), во современите демократски општества претставува синоним за моќта на извршната власт да собира приходи и троши.[14] Буџетот претставува основен инструмент на фискалната политика. Тој претставува општ план на јавните приходи и јавните расходи што една држава планира да ги оствари во текот на една календарска година. Притоа, средствата од буџетот подетално се расчленети по ставки кои укажуваат од кои извори и по кој основ ќе се собираат планираните приходи, кои се корисниците и за каква намена ќе се користат предвидените расходи. Буџетот се донесува во строга законска процедура по предлог на Министерството за финансии, а го изгласува Собранието на РМ. Покрај фискалната, која претставува негова основна функција, буџетот како инструмент извршува и други функции, како што се социјалната и развојната. Во

[13] Најдобар пример за регресивен данок е токму ДДВ, кој претставува тип на данок на потрошувачка. Со цел да се намали ефектот на регресијата, а со тоа да се намали и даночниот товар, најчесто за прометот на основните егзистенцијални производи и услуги, се воведува повластена даночна стапка, со оглед дека овие производи во најголема мера се застапени во потрошувачката кај посиромашните слоеви на населението.

[14] Allen R., Tommasi D.: „Managing public expenditure – A reference book for transition countries“ OECD, 2001 стр. 43.

процесот на буџетското планирање, современите економии посебно внимание посветуваат и на фискалната дисциплина, односно алокативната и техничката ефикасност, како индикатори за оценка на севкупната буџетска ефикасност.[15]

Даноци. Даноците се инструмент на фискалната политика, кои, во најголем обем, ги користи за полнење на државната каса. Даноците, всушност, преставуваат јавна задолжителна давачка наметната од државната власт кон граѓаните, претпријатијата и институциите, без притоа да добијат конкретен надомест за таквото давање. Според тоа, даноците имаат карактеристика на задолжителен, принуден трансфер на пари од економските субјекти кон државната каса, зад кој стои авторитетот на државата и можноста за присилна наплата. Моќта на државата да им наметне даноци на своите граѓани претставува едно од нејзините есенцијални суверени права и ако со закон поинаку не е решено, тоа нејзино право е и апсолутно.[16]

Во останатите инструменти на фискалната политика, кои само ќе се спомнат, се вбројуваат: *акцизите, придонесите, таксите, јавните заеми, царините, субвенциите, премиите, регресите*, како и разните *даночни ослободувања и олеснувања*.

2. Економскиот развој и фискалната политика

Периодот до 90-тите години од минатото столетие се истакнуваше по тоа што вниманието на академската и стручна јавност од областа на јавните финансии, во најголем обем беше фокусирана врз стабилизационите цели на фискалната политика. Во „посткејнзијанската“ ера на големата економска сцена настапија мноштво настани и појави кои не се карактеризираа со онаа специфичност која беше вообичаена и препознатлива за да се опишат како дел од доменот на агрегатната побарувачка. Трендот на економски просперитет, кој несомнено се појави како продукт на доследната и активна „кејнзијанска“ политика, му го отстапи местото на периодот кој се одликуваше со стагфлација, појава која дотогаш беше непозната и невообичаена за економската јавност. Ваквите настани, „метастазата“ на буџетски дефицити и претераната примена на јавниот долг како начин на нивно финансирање, предизвикаа своевидна интелектуална криза меѓу протагонистите на фискалната доктрина, а воедно создадоа и простор за повторно воскреснување и актуализирање на класицизмот и монетаризмот. Затоа, со цел да се оправда и одржи довербата во политиката на јавните приходи и јавните расходи, како нејзина приоритетна цел беше поставена стабилизационата функција, преку која требаше да се обезбеди рамнотежа на економските текови.

Меѓутоа, после 90-тите години од минатиот век настапи период на економска стабилизација, а паралелно со тоа и период на промена на карактерот на фискалните приоритети. Имено, со даночните реформи кои се спроведоа ширум светот, се предвидуваа коренити промени

[15] Ibid., стр. 36.
[16] Gellis A.J.: „Foundations of taxation“, A Handbook of taxation, Marcel Dekker Inc., New York, 1999, стр. 1.

во даночните политики, во чии рамки развојните го заседоа местото на стабилизационите цели. Како области на т.н. развојни цели на фискалната политика, според пошироката литература, можат да се систематизираат следниве: интензивирање на технолошкиот прогрес, зголемување на штедењето, инвестициите и економската ефикасност, минимизирање на даночната дисторзија, максимизирање на даночната неутралност, унапредување на мобилноста на капиталот, привлекување на странски директни инвестиции, зголемување на вработеноста и мобилноста на работната сила, реформирање на пензиските системи, стимулирање на штедењето кај населението и други. Исполнувањето на конкретната цел од споменатите подрачја на делување, поединечно или интегрално, води и кон постигнување на ултимативната цел, а тоа е промоцијата на економскиот раст и развој.

Пред да се премине кон подетална елаборација на поединечните цели на фискалната политика, како и на трендовите на даночните реформи, накратко ќе се направи осврт врз основните елементи, детерминанти, теории и дефиниции на економскиот развој.

2.1. Поимот за економскиот раст

Иако најчесто, како што впрочем кажува и самиот термин, феноменологијата на економскиот раст се поврзува со економските варијабли, сепак, неговата природа има далеку поширок опсег. Економскиот раст, во основа, инволвира пораст на ресурсите ангажирани во производната функција, како што се трудот, капиталот, природните ресурси и продуктивноста, која во интеракција со нив, овозможува да се креира финален аутпут. Со оглед на економскиот карактер на претходниве 4 варијабли, економските истражувања доминираат на полето на теоријата за економскиот раст. Меѓутоа, самите економисти веќе подолго време не се во состојба да постигнат консензус по однос на целокупната проблематика на растот и развојот, со оглед на комплексноста на неговата природа. Затоа, интересот по однос на ова прашање сè почесто излегува од доменот на економското резонирање и навлегува во доменот на интердисциплинарните студии.

Во литературата можат да се сретнат повеќе различни дефиниции за економскиот раст. *Според Зостак (Szostak, 2009), економскиот раст се дефинира како пораст на аутпутот на стоки и услуги во општеството.*[17] Ваквиот израз воопшто не го прецизира начинот или интермедијарот преку кој би се квантифицирал прирастот на вкупниот аутпут. *Допрецизирање на претходниов израз нуди дефиницијата според која економскиот раст претставува квантитативен пораст на потенцијалниот бруто-домашен производ на една земја во период од една година.*[18] Од ова се гледа дека основно мерило за економската кондиција на некоја земја е токму бруто-домашниот производ (БДП), а растот на економијата може да се интерпретира како однос помеѓу неговиот прираст во тековната година, во однос на неговата големина од

[17] R.Szostak: „The causes of economic growth“, Springer, 2009, стр. 24.
[18] Фити Т.: „Макроекономија“, Економски факултет, Скопје, 2005.

претходната година. Ако апсолутната разлика во износот на БДП ја споредиме со апсолутниот износ од претходната година, тогаш растот на економијата се здобива со компаративни вредности кои произлегуваат од релативноста на изразот ($БДП_t/БДП_{t-1}$)/$БДП_{t-1}$. Инаку, БДП претставува еден од најпознатите и најизвонредните економски изрази добиен како резултат на статистичка компресија, редуцирајќи го бескрајното и неуморното напрегање на националната економија во една единствена бројка, којашто расте со текот на времето.[19]

Меѓутоа, токму синтетичкиот карактер на мерната единица може да претставува и ограничувачки фактор во процесот на квантифицирање на економскиот раст. Ако се земе предвид стандардната дефиниција дека БДП е израз на пазарна вредност на вкупно произведените производи и услуги во дадено географско подрачје (одделна земја) за даден временски период (во текот на една година), според Лемер (Leamer, 2009), истиот е имперфектен индикатор, бидејќи ги изразува само материјалните аспекти на општествениот живот, но не и емотивните и духовните.[20] Покрај ограниченоста во опфатот, тој ги инкорпорира и оние елементи кои придонесуваат за неговото зголемување, но во основа се квалификувани како непожелни и непосакувани од етичка гледна точка: порастот на криминалот или воениот конфликт, кои како последица придонесуваат за пораст на воените и полициските издатоци на државата (defensive expenses); порастот на производството коешто ја загадува еколошката средина влегува во БДП, без притоа да се земат предвид ефектите од негативните екстернали (environmental expenses) и слично. И интерпретацијата на порастот на агрегатниот показател БДП бара поголемо внимание: дали неговото зголемување е поради порастот на демографската популација (extensive growth), или, пак, настанало зголемување на БДП по глава на жител (intensive growth), што впрочем е и попожелно од економска гледна точка. Понатаму, употребата на пазарните цени врши дополнително искривување на неговата вредност и големина, затоа што во себе ја содржат и стапката на инфлација. Поради тоа, економистите разликуваат номинален БДП, кој се пресметува со посредство на тековните пазарни цени, и реален БДП, кој го изразува порастот на аутпутот во економијата со помош на базични цени, итн.

Сето ова упатува на заклучокот дека БДП, како мерка со која се мери економскиот раст, иако содржи низа недостатоци, сепак добро ѝ служи на целта за која и се пресметува. Бидејќи централен проблем во анализата претставува *економскиот аспект* на феноменот на растот и развојот, па затоа неговото дефинирање како пораст на вкупниот аутпут, претставен преку показателот БДП, е потполно оправдано. Меѓутоа, интеррелациите на факторите кои придонесуваат за неговата динамика, за кои ќе стане збор во следната точка, ја откриваат

[19] „Strategies for sustained growth and inclusive development“, Commission on growth and development”, World Bank, Washington, 2008 стр.17.

[20] Leamer E. Edward: „Macroeconomic patterns and stories“, Anderson school of management, LA, 2009. стр. 19. Тој во својата книга воведува т.н. индекс на среќа, кој иронично го нарекува „Gross Domestic Happiness“. Поради лимитирањата кои ги содржи БДП и во рамки на ООН, се појавија одредени иницијативи за воведување на алтернативен показател кој се нарекуваше „Human Development Index – HDI“, кој би ги интегрирал сите аспекти на развојот во општеството.

комплексната природа на набљудуваниот феномен. Според Зостак (Szostak, 2009), за економски раст како пораст на економскиот аутпут може да стане збор само ако промената на БДП се манифестира низ следниве 4 одделни начини: 1. ако економскиот агент одлучи да произведе *повеќе од постоечките стоки и услуги по постојаните пазарни цени*. Притоа, ваквиот пораст не се компензира со соодветно намалување на аутпутот на другите економски субјекти, поради супституција во побарувачката или во понудата на факторите за производство; 2. ако агентот одлучи да произведе *поголема или иста количина на стоки и услуги по пониски цени;* 3. ако субјектот одлучи да произведе *сосема нови производи и услуги (иновација),* и 4. ако претходниве начини се однесуваа за домашниот пазар, *зголемувањето на извозот на производите и услугите на странските пазари* има уште поголемо позитивно влијание врз домашниот раст на производството. Од ова произлегува дека, всушност, економскиот раст како феномен не претставува ништо друго, туку, едноставно, *„дисеквилибрирачки" процес*[21] (процес на генерирање на промена од состојба на „status quo" или излегување од рамнотежа во нерамнотежа).

Ваквото доста невообичаено толкување на природата на феноменот раст и развој, отвора доста нови погледи за генезата и потеклото на истиот. Имено, доминантната економска теорија, во чии рамки суштината на проблемот на економскиот просперитет го интерпретира како акумулација на капиталот и работната сила со текот на времето, не успева докрај да даде одговор за причините на економскиот раст, со оглед на инхерентната карактеристика на економските системи самостојно да се урамнотежуваат. Затоа, според некои автори, потребно е да се направи една интердисциплинарна перспектива на растот, во која, покрај економските науки, врз расветлувањето на проблемот придонес ќе дадат и другите научни дисциплини. Така, според Зостак (Szostak, 2009), релевантни дисциплини во врска со економскиот раст би биле следниве: економија (економската теорија која се состои од макро и микроекономија), економска историја, историја, историја на бизнисот, наука за културата, наука за развојот, политичките науки, социологија, географија, антропологија, природните и техничките науки, психологија, филозофија, како и други хуманистички и општествени науки.[22]

2.2. Основните теории и модели на економскиот раст

Како што се истакна во претходната точка, обработката на поимот, суштината и природата на економскиот раст и развој може да добие интердициплинарна димензија, меѓутоа, несомнено, економските науки ја сочинуваат базата на научните истражувања. Во продолжение следува краток осврт на најважните теории и модели на економскиот раст преку кои подетално се навлегува во суштината на прашањето за економскиот развој. Притоа, економијата или економската теорија досега понудила најмногу од постоечките и најрелевантните теории и модели на растот.

[21] R.Szostak: „The causes of economic growth", Springer, 2009, стр. 37.
[22] R.Szostak: „The causes of economic growth", Springer, 2009, стр.1.

Класична теорија на растот. Класичната теорија на растот претставува најстара, но и најосновна теорија врз која се надградуваат посовремените модели на растот. Уште самиот Адам Смит го набљудувал процесот на економскиот раст како стриктно ендоген, чија стапка зависи од одлуките и акциите на субјектите, особено од нивните *склоности кон штедење* и *инвестирање*, како и од *нивото на креативноста* и *иновациите* кои им стојат на располагање во даден историски момент. Во теоријата, исто така, голема важност се дава на *влијанието на акумулацијата на капиталот врз продуктивноста на трудот.* Особено внимание се посветува и на *креирањето ново знаење (технологија),* на кое му се дава карактеристика на јавно добро, кое на долг рок станува достапно за сите. Според тоа, економскиот раст нема ограничувања, затоа што елементите што го создаваат (продуктивноста на трудот, акумулацијата на капиталот, инвестициите и технологијата), се внатрешно вградени во системот.

За разлика од Смит, кој го застапува *концептот на растечка стапка на поврат на капиталот (increasing returns),* кој произлегува од позитивното дејство на акумулацијата врз продуктивноста на трудот, неговиот следбеник Дејвид Рикардо (David Ricardo) го воведува *концептот на опаѓачки приноси (diminishing returns)*. Како што капиталот се акумулира, а населението расте, под претпоставка дека реалните плати се константни, стапката на профит опаѓа поради намалувањето на просечните приноси по единица земја.[23] Суштината на моделот на Рикардо се огледа во тоа што и тој, како и Смит, процесот на акумулација го третира како ендоген, но за разлика од него, претпоставува дека со текот на времето, поради сè поголемата концентрација на капиталот на единица земја, доаѓа до опаѓање на неговата продуктивност, а со тоа и на профитабилноста. Меѓутоа, тој во својата анализа наведува дека земјата е неограничен ресурс, односно слободно добро. Понатаму, заклучува дека стапката на раст е константна, па дури и растечка, доколку се воведат технички иновации. Слично како Смит, Рикардо сметал дека штедењето и инвестициите, односно акумулацијата претежно зависи од профитот. *Претпоставувајќи дека маргиналната стапка за акумулација (s) е константна, класичната функција за акумулација на капиталот укажува дека таа зависи од профитната стапка (r)*:[24]

$g = s(r - r_{min})$ ако $r \geq r_{min}$; или

$g = 0$ ако $r \leq r_{min}$;

каде r_{min} е минималната профитна стапка, која, доколку се достигне акумулацијата на капиталот, престанува.

Придонесот на класицизмот за теоријата на економскиот раст е што укажува на **значајноста на акумулацијата на капиталот како основен ендоген фактор на економскиот развој**.

Теорија на општ еквилибриум (General equilibrium theory). *Теоријата на општ еквилибриум тврди дека пазарите се секогаш во состојба да ги интегрираат индивидуалните акции на субјектите, така што се доведуваат во состојба на целосен еквилибриум, односно*

[23] Szostak R: „The causes of economic growth“, Springer, 2009, стр. 7.
[24] Ibidem.

рамнотежа.[25] Механизмот преку кој се пренесуваат дејствијата на интеракциите на економските субјекти е, всушност, *пазарниот механизам, како и неговите елементи (понудата и побарувачката)*. Егзистенцијата на цените кои ја изедначуваат понудата и побарувачката во состојбата на рамнотежа, овозможуваат математички да се докаже дека општиот еквилибриум постои, но теоретски не е потврдено дека тој е стабилен со текот на времето. Овој инхерентен недостаток на теоријата укажува дека *стабилноста не е иманентна карактеристика на економските системи, туку дека стабилноста како состојба е генерирана*, односно изведена, за што постојат мноштво емпириски докази низ економската историја. Исто така, еквилибриумот е без значење ако системите се константно изложени на шокови продуцирани од иновациите, инвестициите и надворешната трговија, и поради тоа, поголемо значење *содржи одговорот на прашањето за колку брзо економиите би се вратиле во состојба на еквилибриум, отколку прашањето дали тие воопшто би се вратиле.*

Теорија на економскиот раст (Growth theory). Таа претставува темел на современите погледи на економскиот раст од која произлегуваат и низа други современи теории кои настојуваат што пореално да ја доловат суштината на феноменологијата на развојот. *Теоријата на економскиот раст, всушност, се обидува да ја заобиколи „замката" на теоријата за општ еквилибриум, теоретизирајќи дека самиот раст е динамичен процес на излегување од состојба на еквилибриум.*[26] Раните теоретичари на теоријата на економскиот раст нагласуваа дека порастот на инвестициите претставува најважниот фактор што го детерминира економскиот раст. Колку е поголем коефициентот капитал/работна сила (capital to labour ratio), толку стапката на порастот би била поголема. Притоа, порастот на економијата би се одржувал сè додека стапката на инвестиции не се изедначи со стапката на амортизација на капиталот, при што настанува состојба на рамнотежа. Непотполноста на теоријата во своите раните фази укажува на потребата од воведување на нови елементи кои би ја елиминирале рамнотежната стапица, а тоа се *технолошките иновации* и *образованието* како *егзогени генератори на продуктивноста*. Во понатамошниот развој на оваа теорија се прават обиди да се изврши ендогенизација на технологијата и човечкиот капитал, односно овие фактори да се вградат како внатрешни елементи на моделот, за да се обезбедат претпоставки за постојан пораст. Теоријата тврдеше дека со едноставно преземање на мерки за зголемување на стапката на инвестиции, иновации и образование, би можело да се постигне забрзување на растот во економијата, меѓутоа, не успеваше да даде одговор зошто истото не се потврдува и во практиката и зошто различните земји имаат различни стапки на раст. Притоа, игнорирањето на одредени варијабли, како што се улогата на владата и институциите, даночната политика, меѓународната трговија и слично, логично претпоставуваше дека ќе следи понатамошна еволуција на теоријата на економскиот раст.

[25] Ibid., стр. 63.
[26] Szostak R: „The causes of economic growth", Springer, 2009, стр. 63.

Неокласична теорија на економскиот раст (Neoclassical growth theory). Оваа теорија, основана од Роберт Солоу (Robert Sollow), со други зборови може да се нарече и егзогена теорија на економскиот раст (Exogenous theory of growth).

Корените на современата неокласична теорија потекнуваат уште од времето на Алфред Маршал (Alfred Marshal) и Густав Касел (Gustav Cassel), кои ја вовеле идејата дека растот е детерминиран од *повремени надворешни* или *егзогени шокови*; во спротивен случај, тежнее кон рамнотежа. Така, ако се претпостави дека само работната сила е примарен фактор на економскиот раст, неговата стапка може да се добие според изразот:[27]

$$sf(k) = gk;$$

при што (s) ја претставува маргиналната склоност кон штедење, f(k) производната функција на единица труд или производната функција по глава на жител, (к) е односот капитал/работна сила (труд), а (g) е стапката на раст која би растела сè додека *профитната стапка не се изедначи со маргиналната продуктивност на капиталот (состојба на еквилибриум)*.[28]

Неокласичната теорија на економскиот раст, прифаќајќи ја идејата на маргиналистите, се потпира на едноставната логика на *опаѓачките приноси: ако додаваме сè повеќе капитал на фиксно определен број на работна сила, стапката на повраток на капиталот опаѓа, како што расте односот капитал/работна сила*.[29] Со други зборови, доаѓа до постепено опаѓање на стапката на поврат на капиталот, како што процесот на акумулација на капитал продолжува. Ако се претпостави дека маргиналната склоност кон штедење во однос на доходот е константна, а штедењето е еднакво на инвестициите, тогаш долгорочната рамнотежа се воспоставува во точката каде *инвестициите се изедначуваат со амортизацијата на капиталот*. Во таа точка, стапката на раст изнесува нула.

Егзогениот модел на раст на Солоу поаѓа од претпоставката дека на дадено ниво на технологија и во состојба на полна вработеност во економијата, агрегатната производна функција (нивото на доход) е функција само на капиталот $Y = F(K)$. Со оглед дека субјектите штедат константна сума (s) од доходот, кој го реализираат (Y) во услови на константна стапка на амортизација на капиталот (δ), стапката на пораст на капиталот може да се утврди преку изразот:[30]

$$K' = sF(K) - \delta K;$$

Ако се има предвид дека sF(K) е износот на инвестициите во економијата, а (δK) е вкупниот отпис на капиталот или амортизацијата, тогаш растот би се генерирал сè додека оваа разлика е позитивна. Меѓутоа, поради дејството на опаѓачките приноси, штом маргиналната продуктивност на капиталот се намалува, со текот на времето капиталот генерира сè помал

[27] Kurz D.H., Salvadori N.: „Theories of economic growth: old and new“, 2003, стр.15.
[28] Се разбира, ова произлегува од вградената претпоставка дека профитната стапка е функција на маргиналната стапка на капиталот r = f(k).
[29] Ibid., стр. 64.
[30] Aghion P., Howitt P.: „Endogenous growth theory“, Massachusetts Institute of Technology, 1998 стр.12.

аутпут F(K). Следи заклучокот дека на долг рок економскиот раст, односно разликата помеѓу инвестициите и амортизацијата, има **тенденција кон нула**. Затоа, за да се одржи долгорочна позитивна стапка на раст по глава на жител, *неокласичната егзогена теорија тврди дека мора континуирано да се остваруваат технолошки продори во вид на нови иновации, производи, пазари или процеси.*[31]

Ендогена теорија на економскиот раст (Endogenous growth theory). Оваа теорија ги сфаќа *технолошките иновации како дел од економската активност, односно како дел од производниот процес*. Иновациите се третираат како производ на целни истражувачки напори кои зависат од повеќе варијабли. Причината за воведувањето на иновациите во моделите на економскиот раст е поради *потребата да се елиминира дејството на опаѓачките приноси кои се јавуваат при процесот на инвестирање*. Некои од теоретичарите претпоставуваа дека воведувањето на техничките иновации, всушност, доведуваа до пораст на стапката на враќање на капиталот; меѓутоа, повеќето се оградија од оваа идеја, зашто постоечките модели на општ еквилибриум, на кои се надоврзува и оваа теорија, во суштина се потпираат врз претпоставката на опаѓачките приноси. Постои конфликт во рамки на теоријава дали иновациите им донесуваат економска предност и корист само на поединечните субјекти кои ги развиле, или пак, тие им се достапни на повеќе агенти. Затоа, за да се заштитат од можноста за трансфер на знаењето и технологијата, тие инвестираат во истражување и развој и на тој начин го лимитираат влезот на постоечките конкуренти.

Постојат повеќе *модели* кои се трудат да ја ендогенизираат технологијата како составен елемент на системот на акумулација на капиталот, меѓу кои т.н**. AK – модел,** кој *претпоставува дека нивото на доход во економијата е линеарна функција на капиталот (K) и акумулираните човечки знаења – технологии (A)* или $Y = f(AK)$[32], понатаму, **моделот на Шумпетер** и други. Во основа, сите ја нагласуваат важноста на *инвестициите, иновациите и трансферот на технологијата како основни детерминанти на економскиот раст.* Но, заслужува да се истакне и можноста што тие ја нудат за *дополнителна надградба и на другите детерминанти на растот, а тоа се инвестициите во истражување и развој, образованието, акумулацијата на човечки капитал, даночната политика, трговијата и друго*.

Како алтернативи на ендогената теорија се среќаваат и **теоријата на следење на профитната стапка (profit seeking theory)** и **теоријата на следење на рентата (rent seeking theory).** Првата предвидува дека, во нормални услови, економските субјекти настојуваат да ја максимизираат добивката во рамки на официјалниот пазарен систем, *инвестирајќи во оние сектори на економијата кои остваруваат најголема профитна стапка*. Преку иновациите и разместувањето на расположливите ресурси кон сегментите со најголема стапка на вработеност,

[31] Aghion P., Howitt P.: „Endogenous growth theory“, Massachusetts Institute of Technology, 1998 стр.11.

[32] Novales A., Fernandes E., Ruis J.: „Economic Growth – Theory and numerical solution models“, Springer, 2009 стр. 257.

се постигнуваат позитивни економски ефекти, бидејќи се остварува ефикасна алокација на ресурсите и стимулирање на техничкиот прогрес. За разлика од неа, под следење на рентата се подразбира процес во којшто агентите ја максимизираат добивката преку *искористување на политичката моќ и влијанија*. Со оглед на фактот што вложувањето во активности со најголема профитна стапка создава одредени компаративни предности, како последица се јавува неминовноста од креирање на одредени влезни бариери. Бидејќи пазарниот систем кој се базира врз принципите на слободна компетиција не нуди правна заштита на положбата на субјектите, овие предности се од привремен карактер и исчезнуваат со текот на времето низ натпреварувањето и имитацијата. Од друга страна, политичкиот систем може да ги модифицира механизмите на пазарот со одредени редистрибутивни активности или со креирање на перманентни законски бариери кои фаворизираат одредени структури, овозможувајќи им поголем повраг дури и од пазарната профитна стапка. Како класичен пример се посочуваат *монополите и политичкото лобирање*, кои се оценуваат како негативни од аспект на прогресот и алокацијата на ресурсите.[33]

Теорија на конвергенција и **теорија на замка на сиромаштија**. Всушност, се работи за идеи развиени од претходните основни теории. Имено, според неокласичната теорија на растот, сиромашните земји би требало да растат со поголема стапка, за разлика од развиените земји, затоа што поседуваат помал обем на акумулиран капитал, односно помала стартна основа, па според тоа, стапката на повраг на капиталот би требало да им биде поголема.[34] *Како резултат на конвергенцијата на економскиот раст, капиталот којшто е во изобилие во развиените земји би требало да циркулира, односно да се трансферира од побогатите развиени земји кон посиромашните неразвиени земји.* И ендогената теорија предвидува сличен тек на настаните поврзани со економскиот прогрес. Имено, според неа, трансферот на работната сила кон богатите земји овозможува зацврстување на нивната монополска положба, од аспект на развојот (дивергенција), меѓутоа, повратна спрега се остварува со трансферот на технологијата. Токму со пренесувањето на технологијата и знаењата, неразвиените земји доживуваат забрзани стапки на раст.

Теоријата на конвергенција претставува основа и за т.н. **компаративна анализа за развојот (cross – country growth analysis).** Настојувајќи да даде одговор на прашањето што е она што доведува до екоономски раст и благосостојба на луѓето ширум светот, таа, преку споредба на основните детерминанти на растот, се труди да ги изолира оние кои од тој аспект се најрелевантни. Така на пример, според Баро (Baro, 1998), којшто е еден од водечките макроекономисти, *разликата во економската развиеност помеѓу земјите, во најголема мера е детерминирана од почетното (постоечкото) ниво на аутпут во економијата.* Ако во соодветната земја постоечкото ниво на аутпут е под долгорочно проектираната стапка на раст,

[33] D'Agata A.: „Competition, rent seeking and growth: Smith versus Endogenous growth theory", Handbook „The theory of economic growth: a classical perspective", 2003, стр. 224.
[34] Szostak R: „The causes of economic growth", Springer, 2009, стр. 66.

потребно е време да се изврши негово достигнување (catching up process), кое се овозможува со трансферот на технологијата.[35] Како други поважни фактори се наведени и високото ниво на образование, развиениот здравствен систем (просечен животен век и ниска стапка на смртност), ниското ниво на буџетски трошења, владеење на правото, либералните услови за трговска размена и повисокото ниво на демократија.

Спротивно на теоријата на конвергенција, некои теоретичари ја застапуваат и тезата за т.н. замка на сиромаштија (poverty trap). Според нив, постојат одредени околности и механизми кои ги одржуваат неразвиените земји секогаш сиромашни.[36] Имено, ако во денешно време преземањето на модерната технологија за производство е скоро бесплатно, тогаш зошто толку многу луѓе во светот се сиромашни?[37] При истражувањето на причините на хроничното високо ниво на сиромаштија во неразвиените земји, генерално се наведуваат: корупцијата на властите и државната администрација, влијанието на мултинационалните компании, ниското ниво на штедење и инвестиции, нискиот кредитен рејтинг, некомплементарноста на економиите, разните културолошки разлики и специфичности и слично.

Како други економски теории на развојот се спомнуваат и **малтузијанската теорија** и **теоријата на единечниот развој (unified growth theory).** Додека првата настојува да го поврзе *порастот на доходот по глава на жител со порастот на демографското население,* втората се *обидува да ја објасни рапидната акцелерација на растот од периодот на индустриската револуција па наваму*, спојувајќи ги елементите на малтузијанската теорија, техничкиот прогрес и процесот на формацијата на човечкиот капитал.[38]

Еволутивната теорија, теоријата на модернизацијата и **теоријата на системите**, пак, се своевидни придонеси на другите науки, освен економската, кои исто така, од свој аспект даваат објаснување на феноменологијата на растот.

2.3. Детерминанти на економскиот развој

Синтетички гледано, во поширокатa литература постојат многу класифицирања и набројувања на детерминантите на економскиот раст. Самата еволуција на теориите за економскиот раст, од нејзината генеза до денес, постепено откривајќи ја природата на самиот процес, континуирано ги надградува елементите коишто се битни за експанзијата на економскиот просперитет. Притоа, секоја од нив, во зависност од времето и околностите во кои егзистирала, придавала поголема или помала важност на одредени детерминанти. Без разлика на времето во

[35] Barro R.J.: „Determinants of economic growth“, Massachusetts Institute of technology, 1998 Forreword, стр. 1.
[36] Szostak R: „The causes of economic growth“, Springer, 2009, стр. 285.
[37] Azariadis C., Stachurski J.: „Poverty Traps“, A handbook of economic growth, Elsevier, 2005, стр. 105.
[38] Пошироко види: Galor O.: „From stagnation to growth: Unified Growth Theory“, A handbook of economic growth, Elsevier, 2005.

кое се појавиле моделите, некои од нив ја докажаа својата безвременска димензија, станувајќи фундамент на современите погледи на економскиот раст. Една поширока интердисциплинарна класификација на причините на растот е направена од страна на Зостак (Szostak, 2009).[39] Според авторот, најрелевантните фактори кои директно доведуваат до манифестација на растот се т.н. типични економски фактори на растот, и тоа: **инвестициите**, **трговијата** (отвореноста на економиите и либералните услови за трговија) и **технологијата**. Како што можеше да се види од класификацијата на моделите на растот, скоро сите ги инкорпорираат нив како елементарни варијабли на растот. Инвестициите, толкувани како процес на акумулација или прираст на обемот на капиталните фондови во едно општество, претставуваат примарен елемент на развојот. Технологијата, како збир на производни вештини и знаења, обезбедува константно поместување на границата на производните можности, така што со ист обем на ресурси се овозможува поголем обем на производство. Отвореноста на економиите обезбедува слободен трансфер на капиталот и работната сила, со што се поттикнува конкуренцијата и натпреварувачкиот дух помеѓу земјите. **Географската местоположба** како фактор има две значења. Едното е во смисла на географска локација (излез на море, близина до големите економски центри, транспортни трошоци), а другото во смисла на расположливост на фактори на производството (природни ресурси, капитал, работна сила). **Институциите**, а особено оние задолжени за регулирање на сопственичките права, финансиските пазари и пазарите за работна сила, секако, претставуваат важни детерминанти на економскиот развој, затоа што, пред сè, обезбедуваат еден вид логистичка поддршка на системите. Популацијата и населението, или со еден збор, **демографските фактори** на растот, играат суштинска улога во промоцијата на развојот од аспект на генерирањето и консумпцијата на доходот, акумулацијата на човечкиот капитал и слично. *Нивото на културата* (менталитет, компетитивни карактеристики, расположение и перцепција за инвестирање) и *здравствениот систем,* ги даваат *социјалните белези* на демографскиот фактор на растот. **Затекнатото ниво на економски развој** се смета за посебно важен фактор на развојот. Дали земјата е развиена или неразвиена, дали има ризици од „стапицата на сиромаштијата“, или пак, има поволности за конвергенција на растот, се прашања кои зависат од привременото ниво на аутпут во економијата. Посебен акцент се става и на **улогата и значењето на владата** и нејзините програми за развој на економијата. Индиферентниот став кон економските настани и промени можат само да доведат до стагнација не економскиот раст. За да се постигнат задоволителни резултати, потребно е да се води проактивна економска политика со соодветна примена на одредени фискални и други видови мерки и инструменти.

Еден друг попрактичен пристап кон детерминантите на економскиот раст е понуден од страна на *Комисијата за развој при Меѓународната банка за обнова и развој.* Имено, пред да ги истакнат есенцијалните компоненти кои најдиректно се поврзуваат со развојот, тие во својата елаборација на развојните политики поаѓаат од следниве категории: акумулација, иновација,

[39] Пошироко види: Szostak R: „The causes of economic growth“, Springer, 2009.

алокација, стабилизација и инклузија.[40] Првиот сет на политики, кои би требало да бидат носечки во креирањето на растот, се однесуваат на **акумулацијата**. Мерките од инвестиционата политика, во придружба на јавните инвестициони вложувања, би требало да овозможат создавање на солидна инфраструктура и база за брз пораст на економијата. Втората палета на мерки се однесува на **иновацијата**, а според некои и **имитацијата**, како збир на нови производни вештини неопходни за забрзување на темпото на раст на економијата. Следниот сет се однесува на цените и нивната моќ за **алокација** на капиталот и работната сила. Слободно формираните цени обезбедуваат оптимална алокација на ресурсите во точките на нивната најефикасна употреба. Надоврзувајќи се на претходново, четвртиот сет на мерки треба да ги елиминира потенцијалните кризи и нарушувања на општото ниво на цените, фокусирајќи се врз **стабилноста** на системите. Како посебна препорака на Комисијата за развој, последниот сет се однесува на одредени мерки за **инклузија** на сите региони и сегменти на општеството во процесот на развојот. На тој начин растот станува интегриран, изедначен и рамномерен, а економските субјекти подеднакво го антиципираат. Нагласувајќи дека не постои еднаш засекогаш даден рецепт на успехот, во Извештајот на Комисијата за развој, последователно се издвојуваат **основните елементи** на стратегијата на економскиот раст, а тоа се: високото ниво на инвестиции, трансферот на технологијата, унапредувањето на конкуренцијата и структурните промени, развиеноста на пазарите на работна сила и на капиталот, промоцијата на извозот, девизните курсеви, тековите на капиталот, отвореноста на финансиските пазари, нивото на штедење, макроекономската стабилност, урбанизацијата, регионалниот и руралниот развој, заштитата на еколошката средина и употребата на енергијата, ефикасноста на владата и квалитетот на дебатата и слично.

Од ова произлегува дека „состојките“ за промоција на економскиот раст се разновидни и многубројни, меѓутоа, сепак тие се сведуваат на неколку фундаментални, кои имаат круцијална улога во економско-развојните процеси.

2.4. Улогата и значењето на фискалната политика за економскиот развој

Улогата на фискалната политика за економскиот развој може да има две значења. Првото е *пошироко и се однесува на улоѓата на владата и политичките елити* за стимулирање на развојните процеси, а второто е *потесно, и се поврзува со конкретниот сет на политики и мерки*.

Низ економската литература, а особено низ страниците на литературата од јавните финансии, се провлекува вечната дилема за *улоѓата и значењето на државата*: дали е потребно таа да се меша и да интервенира врз слободните економски активности? Застапниците на економскиот либерализам протагонираат дека пазарот и неговите механизми вршат најефикасно регулирање на економските активности. Ризиците од можна даночна дисторзија би можеле да ги

[40] „Strategies for sustained growth and inclusive development“, „Commission on growth and development“, World Bank, Washington, 2008 стр. 34.

искриват одлуките на слободните субјекти и на тој начин да ги дестимулираат економските активности. Затоа, обемот на државната интервенција би требало да се сведе на минимум, а финансиската стабилност да се обезбедува преку релативно урамнотежена буџетска политика. Другиот дел од економистите, пак, се уверени дека пазарите во основа се имперфектни кога е во прашање нивната способност за ефикасна алокација на ресурсите. Поради тоа, се наметнува реална потреба од преземање на одредени мерки кои би претставувале коректив, но не и замена на пазарниот механизам. Креирањето на развојни стратегии, политики и акции треба да биде активна содржина на секоја влада, затоа што развојните процеси сами по себе можат да ги изгубат почетните импулси и на тој начин да стагнираат.

Како пример, за *разумна и одмерена употреба на фискалната политика* се споменува имплементацијата на т.н. **вашингтонски консензус**, кој многу години претставуваше водечки сет на принципи и политики, препорачувани од страна на Светската банка и ММФ, во соработка со неразвиените земји.[41] Во овој пакет на политики се содржеше преференцијата за минимизирање на обемот на државниот интервенционизам, каде што фискалната политика беше сведена на зголемување на фискалната дисциплина, намалување на јавната потрошувачка и реформи на даночниот систем. Притоа, емпириските резултати од нејзината примена покажаа дека оние земји, како што се, на пример, латиноамериканските земји, кои доследно се придржуваа кон неа, не покажаа задоволителни резултати од аспект на развојот. За разлика од нив, азиските земји, т.н. „азиски тигри", кои имплементираа понезависна и активна фискална политика, спротивно на очекувањата, доживеаја доста солиден економски раст.

Девизата за тоа дека *оданочувањето, односно даночниот систем е централна компонента на процесот на градење на современата држав*а, е во голема мера поддржана од страна на аналитичарите на **современото развојно општество**. Дефинирајќи го градењето на државата како процес на зголемување на административните, фискалните и институционалните капацитети на владите, со цел да вршат интеракција со сегментите од општеството, како и да ги остваруваат јавните цели поефикасно, тие нагласуваат дека не само што даноците помогнале во создавањето на државите, туку помогнале и при нивното обликување.[42] Не негирајќи дека оданочувањето (фискалната политика) претставува унилатерална позитивна сила, тие потсетуваат на неговата голема важност за развојот на современите држави.

Во што конкретно се огледа значењето на фискалната политика за економскиот развој, одговор може да даде *анализата на дејствијата на мерките и политиките од потесен микро аспект.* Најпрвин, треба да се има предвид кон што се насочени инструментите на фискалната политика. *Знаејќи ги факторите и детерминантите од кои зависи економскиот раст, нејзините креатори утврдуваат низа расположливи мерки и инструменти, кои, директно или индиректно,*

[41] Szostak R: „The causes of economic growth", Springer, 2009, стр. 307.

[42] Пошироко види: Brautigam D.A.: „Introduction: Taxation and state-building in developing countries", Cambridge, 2008, стр. 2.

би ги поттикнале оние фактори кои позитивно влијаат врз растот, и обратно, би ги редуцирале детерминантите со негативно влијание.

Ако под економски раст се подразбираше пораст на БДП по глава на жител, развојните мерки треба да бидат насочени кон поддршка на ваквата тенденција на растот на доходот. Затоа, на *страната на јавните приходи потребно е да се конструира таква даночна структура, која, во најголема мера, ќе одговара на барањето на растот.* Хетерогеноста на даночната структура игра мошне важна улога во интерпретацијата на разликите во економските перформанси на земјите во светот. Употребата на некои даноци, во поголема мера успева да генерира раст во економијата, па дури и подолгорочен, особено оние кои позитивно влијаат врз инвестициите во човечки капитал, иновативните активности и претприемништвото. Во една емпириска студија е направен обид за рангирање на видовите даноци според степенот на негативност врз растот на БПД по глава на жител. Според истата, најнегативни последици врз економскиот раст имаат:[43] 1. корпоративниот данок на доход; 2. персоналниот данок на доход; 3. даноците на потрошувачка; и 4. даноците на промет на недвижности. Оваа студија укажува на потребата од преземање на одредени даночни реформирања во насока на замена на даноците на доход со даноците на потрошувачка, пред сè поради помалите дисторзивни ефекти кои се штетни за растот.

Освен на страната на јавните приходи, и *инструментите на страната на расходите мораат да бидат усогласени со развојните цели*. Најпрвин, потребата од финансиска консолидација се наметнува како неопходна појдовна точка на макроекономската стабилизација, затоа што, во целина, големите буџетски дефицити го уназадуваат економскиот раст. Во емпириските истражувања растот на економиите секогаш се асоцирал со урамнотежени до умерени дисбаланси на буџетот. Обемот и квалитетот на јавната потрошувачка, исто така, се битни елементи во проекциите на развојната фискална политика. Умерените зафаќања на буџетот до една третина од БДП се сметаат за толерантни од аспект на развојот.[44] Квалитетна јавна потрошувачка подразбира квалитетна наменска структура на расходите, со помал обем на тековни трансфери, а поголем за капитални. Соодветните социјални трансфери, мерките за намалување на сиромаштијата и мерките за зголемување на вработеноста играат есенцијална улога во економскиот систем за редуцирање на нееднаквоста и разликите на доходот на населението. Инвестициите во образованието и образовниот процес даваат придонес во акумулацијата на човечкиот капитал, а повратно, и врз техничкиот прогрес. Субвенционираното финансирање на извозот може поволно да влијае врз надворешно-трговските перформанси на одделните стратешки сектори и целокупната економија, воопшто, итн.

Како алтернатива на класичните фискални мерки на економскиот раст, но само во одредени конкретни подрачја, можат да се сретнат и **даночните стимулации** *како специфичен вид инструменти на фискалната политика.* Специфичноста на овие мерки се состои во тоа што

[43] OECD: „Goiing for growth 2009: Economic policy reforms“, 2009 стр. 146.
[44] World bank: „Fiscal policy and economic growth: Lessons from Eastern Europe and Central Asia“, 2007. стр.18.

тие не претставуваат ниту одредено даночно зафаќање од една страна, ниту пак одреден трансфер на средства, од друга страна. Токму во ова се огледа и поволноста за нивната примена од аспект на непотребното оптоварување на буџетските расходи. Конкретните области каде тие имаат најголема примена, а кои **претежно се поврзани со економско-развојните цели на фискалната политика**, ќе бидат предмет на подетална анализа на следните страници.

3. Современи трендови во даночните реформи

Даночната реформа претставува динамичен процес на постојано усовршување на структурата на даночните системи во насока на целите на економската, или поконкретно даночната политика.[45] Секоја даночна реформа во себе содржи неколку заеднички суштински елементи, и тоа: каква била состојбата на економијата пред преземањето на реформата *(историски елемент)*, кои се притисоците или причините за даночната реформа, односно, што се сака да се постигне со реформата на даночниот систем *(причини или цели на реформата)*, каков е текот или процесот на промените од реформата *(карактеристики на реформата)* и можеби најважното прашање – кои се резултатите од спроведената даночна реформа *(успешност на реформата)*.

Како што е познато, во текот на последниве 20-тина години дојде до одредени промени во фискалните политики на развиените земји. Ваквите промени се проширија и кон останатите земји, така што добија поголеми реформски димензии. Причините за даночните реформи се многубројни: од економски или реални, како што се кризите во 80-тите години, и последнава финансиска криза, до теоретско – идеолошки, како на пример, промената на перцепцијата за улогата и значењето на фискалната политика. Сепак, според литературата, главните интенции кои ги промовираа даночните реформи ширум светот се однесуваа главно на: 1. подобрувањето на економската ефикасност на домашната економија и намалувањето на даночната дисторзија на даночниот систем; 2. унапредувањето на даночната конкурентност и меѓународната ефикасност на капиталот; 3.зголемувањето на ефикасноста и едноставноста на даночните системи; и 4. подобрувањето на еднаквоста и праведноста на даночните системи.

Генерално, може да се заклучи дека постои расположение за одредени преструктурирања на даночните системи поради современите потреби за нивно постојано усовршување и унапредување. Притоа, освен врз даночниот систем во целина, даночните реформирања се манифестираат и по одделните даночни области. Како конкретни подрачја или области на даночните реформи на кои ќе се задржиме во текстов, се следниве: реформи на корпоративниот данок на доход, реформи кај персоналниот данок на доход, реформи на

[45] Една од најпознатите реформи во даночната сфера е онаа од осумдесеттите години, на американскиот претседател Роналд Реган, која, почнувајќи од САД, па проширувајќи се во другите земји, добива интернационална димензија. Впрочем, современите реформи ја наследија оваа карактеристика и вообичаена практика е успешните реформи да се пренесуваат како светско искуство.

структура на данокот на потрошувачка (данокот на додадена вредност), реформи кај данокот на имот, зелените даноци како дел од даночната реформа и даночните стимулации како интегрален дел од даночните реформи во светот за остварување на разни економско-развојни цели.

3.1. Подобрување на економската ефикасност на домашната економија (елиминирање на даночната дисторзија)

Развиените земји во најголема мера се потпираат врз директните даноци, кога е во прашање финансирањето на јавните добра. Основната функција поради која егзистираат даночните системи е токму финансиската, односно фискалната. Меѓутоа, користењето на директните даноци може сериозно да го наруши процесот на одлучување на економските субјекти и да предизвика **одредени дисторзии во алокацијата на ресурсите**. Всушност, **голем дел од даночните преструктурирања беа иницирани токму поради потребата да се обезбеди неутралност од аспект на економските активности, односно да се одбегнат или минимизираат дисторзивните ефекти на постоечките даночни системи**. Затоа, логично е да се постави прашањето за природата и карактерот на дисторзиите на фискалниот систем.

Даночната дисторзија претставува доста комплексна материја која најдиректно е поврзана со ефикасноста на економските системи. Колку е помал капацитетот на даночната структура да создава одредени дисторзивни нарушувања, толку е повисоко и нивото на ефикасност на алокацијата на производните ресурси. Поради немањето на соодветна мерка за квантифицирање на даночната дисторзија, таа може да се дефинира само посредно, низ призмата на она што би требало да претставува неутрален даночен систем. *Теоретски, под неутрален даночен систем се подразбира таков даночен систем кој генерира даночни приходи без да предизвика промена на релативните цени на факторите на производство.*[46] Со неутралното оданочување, секој поединец плаќа еднаков износ на данок, така што даночниот систем не влијае врз неговите економски одлуки. Меѓутоа, во практиката идеално неутрален даночен систем не постои, така што сите видови даноци имаат потенцијал за нарушување на релативните цени на капиталот и трудот, на преференцијата за штедење или потрошувачка, на цените на добрата и услугите, и сл. Потребно е да се истакне дека економските последици од дисторзијата зависат, пред сè, и од начинот и *степенот на реакцијата на субјектите на промените на релативните цени*. Имено, ако различните фактори кои се ангажирани од страна на субјектите имаат поголем степен на еластичност во побарувачката (супституција), дисторзивните ефекти од примената на даночните стапки е поголема, и обратно, нарушувањата се помали доколку факторите се

[46] Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“ OECD Studies, 1997, стр.91.

карактеризираат со помал степен на меѓусебна заменливост. Примената на даночниот систем, поради разликата во степенот на супституција на факторите на производство, може да доведе до нивно преместување во оние сектори каде еластичноста на супституцијата е помала, со цел да се редуцира даночниот товар. *Од ова може да се заклучи дека дисторзијата, во основа, може да се протолкува како нарушување на процесот на ефикасна алокација на ресурсите (капиталот и трудот), или како искривување на процесот на носење на инвестициони и други видови економски одлуки.* Дисторзивните ефекти постојат кај сите видови на даноци. Меѓутоа, со оглед дека најмногу се изразени кај корпоративниот и персоналниот данок на доход (т.н. директни даноци), токму на нив ќе се обрне и поголемо внимание.

Дисторзии на корпоративниот данок на доход. Најпрвин, корпоративните даноци на доход го *зголемуваат трошокот на сопствениот капитал,* и според тоа, ја намалуваат неговата вредност, или, пак, вредноста на инвестиционите проекти финансирани со сопствени средства. Бидејќи во повеќе земји каматната стапка се признава како одбитна ставка на даночната база, реалниот даночен товар паѓа директно врз сопствениците на акционерскиот капитал. Всушност, *даночниот третман на трошоците, по однос на каматата, создава извесна предност (incentive) на позајмениот, во однос на сопствениот капитал.* Оттука, *може да се каже дека постоењето на корпоративниот данок на добивка делува во насока на максимално задолжување на претпријатијата, како дел од нивната стратегија за оптимизирање на структурата на капиталот, што, се разбира, претставува дисторзија на процесот на економско одлучување.* Имено, фирмите настојуваат во поголема мера да ги финансираат проектите со позајмен, наместо со сопствен капитал, што како последица доведува до потенцијална опасност од инсолвентност и банкрот. Исто така, се врши дискриминација на помалите фирми кои немаат пристап до банкарскиот капитал, како и на фирмите кои според специфичноста на дејноста, мораат исклучиво да го базираат своето работење врз сопствениот капитал.

Проблеми од аспект на преференцијата кон одредени инвестициони проекти постојат и како резултат на *различниот третман на амортизацијата на основните средства*. Имено, амортизацијата на основните средства претставува одбитна ставка од даночната база, но во износ којшто е утврден според одредени законски прописи и одредени методи, коишто може да бидат доста различни, од аспект на карактерот на методата на амортизација, или од аспект на основното средство кое е предмет на амортизацијата. Според тоа, пресметаниот износ кој се признава како минусна ставка од даночната основа и се нарекува *даночна амортизација*, нема да биде идентичен со износот на *реалната економска амортизација*. *Баранатa стапка на принос, којашто ја очекуваат акционерите, би била поголема за стапката на даночната амортизација, што како краен ефект би ја снижило вредноста на сопствениот капитал*. Значи, и даночниот третман на амортизацијата може да предизвика дисторзија во процесот на инвестиционите вложувања, така што поради разликите помеѓу реалната и даночната амортизација, инвеститорите преферираат одредени проекти каде што таа разлика е минимизирана. Креирањето, пак, на систем

каде тие би биле сосема идентични, е скоро невозможно, затоа што би довело до драстично зголемување на административните трошоци.

Егзистенцијата на корпоративниот данок на доход, кој може да се јави во повеќе форми, како на пример, данок на добивка, данок на доход од дивиденда и данок на капитална добивка, резултира и со други нарушувања на ефикасноста на економските системи. Така на пример, *поволниот даночен третман на приходите од задржана добивка*, резултира со фаворизација *на постарите зрели корпорации, кои, во поголем обем, остваруваат капитал во вид на задржана добивка, во споредба со младите фирми.* На овој начин современите даночни системи создаваат компаративна предност кон големите корпорации во однос на помалите, така што последниве сè почесто се соочуваат со тешкотии да привлечат нов акционерски капитал. Инвеститорите, преферирајќи ги големите друштва, всушност вршат нерационална алокација на капиталот во *проекти со помала стапка на повраќ*, наместо во оние со поголема на новите корпорации. Ова ја нарушува динамиката на пазарот на капитал, доаѓа до растурање на капиталните ресурси и се спречува влезот на нови субјекти. Значи, примената на корпоративниот данок на доход *предизвикува поскапување на цената на капиталот на надворешните (екстерните) извори на финансирање, како што се емисијата на нов капитал и емисијата на нов долг.*[47]

Даночите можат да влијаат и врз видот на легалната форма на организација на бизнисот. Ако се има предвид дека корпорациите најчесто се оданочуваат со данок на добивка на ниво на правно лице, паралелно со персоналниот данок на доход од дивиденда и капитална добивка на ниво на акционер, а неинкорпорираните друштва, поради отсуство на својството на правно лице, се оданочуваат само со персоналниот данок на доход, во зависност од големината и структурата на даночните стапки, може да дојде до интерференција во изборот на обликот на фирмата во која ќе биде организиран бизнисот. Така на пример, поради можност за одредени придобивки и предности во даночниот третман, може да се случи трансформација на трговските друштва од инкорпориран во неинкорпориран облик, и обратно. Во друг случај, акционерските друштва би можеле да формираат свои фирми во неинкорпориран облик и да ги искористат за редуцирање на даночниот товар, преку префрлање на поголемиот дел од приходот кај даночно-повластените партнерски фирми, или пак, преку трансферирање на загубите кај корпорациите. Партнерските неинкорпорирани фирми даваат потенцијал за користење на одредени предности и од аспект на можноста за забрзана амортизација, во смисла што доколку постојат даночни поволности од тој аспект, кај нив се генерира пораст на базата на постојани средства.

Структурата на корпоративните даноци не нуди поголема неутралност ниту во однос на одлучувањето за спојување и преземање на други фирми. Во зависност од даночните правила, можно е да се јават, или пак не, одредени преференции за разни спојувања и преземања. Профитот на економските субјекти честопати е недоволен да ги апсорбира обврските кои потекнуваат од даночниот систем, што може да резултира со одлука за окрупнување на

[47] OECD: „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, 2007, стр. 66.

капиталот. На пример, профитабилните фирми можат да извршат спојување со други фирми кои имаат вградено големи потенцијални загуби на сметката на постојаните средства, со цел да ја редуцираат даночната обврска преку стеснување на даночната база. Исто така, а како резултат на третманот на каматите во вид на одбитна ставка, се создаваат стимулации за преземања на други фирми кои би се финансирале со задолжување, односно емисија на долг.

Дисторзии на персоналниот данок на доход. Слично како корпоративниот данок, така и персоналниот данок на доход може да влијае врз ефикасноста на економскиот систем. Како посебни поткатегории најчесто се јавуваат персоналниот данок на доход од плата, разните социјални придонеси (за пензиско, здравствено и за невработеност), како и персоналниот данок на доход од капитал. Бидејќи нивното учество во вкупните даночни приходи на развиените земји изнесува над 50%, произлегува дека тие можат сериозно да ги искриват економските перформанси во економијата.[48] Ефектите на персоналните даноци се состојат најчесто во тоа што тие можат да *влијаат директно врз одлуките на работниците да партиципираат во работната сила*, но и обратно, да *влијаат врз работодавците за обемот во кој ќе ја ангажираат работната сила.* Значи, релацијата помеѓу персоналните даноци и економската ефикасност елементарно се состои во *влијанието што тие го имаат врз понудата и побарувачката на работна сила*. Посредно, *ефектите можат да се прошират и врз степеното на продуктивност на работната сила, нивото на вработеноста, нивото на образованието, како и врз степеното на акумулација на човечкиот капитал.*

Причините за дисторзивните нарушувања на понудата на работна сила лежат во т.н. даночно премостување (tax wedge), односно префрлувањето на даночниот товар од работниците на товар на работодавците, и обратно. На пазарот на работна сила директното и индиректното оданочување овозможува да се премости даночниот товар, а со тоа и реалниот трошок помеѓу реалната плата како производствен трошок на работодавците (real production wage) и реалната потрошувачка плата на работниците (real consumption wage). Реалната плата на работодавците ги сочинува реалните трошоци на работната сила (LC – labour costs) како производствен фактор, и таа е еднаква на платата исплатена од страна на работодавецот, плус даноците и придонесите по основ на плати. Реалната потрошувачка плата (CW – consumption wage), пак, е еднаква на трошокот на работната сила (LC), намалена за износот на директните и индиректните даноци, и таа е еквивалентна на расположливиот доходот на работникот кој останал по оданочувањето. Според тоа, индексот на даночното премостување (или даночниот товар) на работната сила, може да се пресмета како однос помеѓу разликата на трошоците на работната сила и потрошувачката плата и самите трошоци на работната сила (Tax wedge = (LC - CW) / LC).[49]

[48] Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“ OECD Studies, 1997, стр.91.

[49] Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“ OECD Studies, 1997, стр.34.

Првичниот ефект од неповолниот однос на даночното премостување се *однесува на понудата на работната сила*. Така на пример, зголемувањето на даноците на работната сила, во комбинација со елиминирање на одредени даночни бенефиции и поволности, може да генерира сериозни негативни ефекти, проследени со повлекување на ниско платените работници од категоријата на работна сила во категоријата на невработени лица. Конструкцијата на даночните системи со ваква карактеристика може на долг рок значително да ја *намали партиципацијата на нископлатените луѓе во работната сила и со тоа да ја зголеми стапката на невработеност.*[50] Неповолниот распоред на даночниот товар врз женската популација на работната сила може во уште поголема мера да *влијае врз намалување на обемот на ангажираноста на жените*, со оглед на специфично високиот степен на еластичност за супституција. Високите маргинални даночни стапки имаат особено *негативен импакт и врз еднаш отпуштените работници, во смисла на желба и напор за барање работа, и број на работни часа*. Изразената даночна прогресија, исто така, може да вроди со *намалување на нето-доходот по оданочување на успешните самовработени професионалци, и воопшто, до гушење на претприемништвото и претприемничката иницијатива.* Во целина, постои силна поврзаност помеѓу оданочувањето на трудот, продуктивноста на работната сила и вработеноста. Утврдено е, на пример, дека преку намалување на степенот на даночно премостување за 10%, постои потенцијал да се зголеми вработеноста за цели 3,7%.[51]

Персоналните даноци, а особено оние на доходот од капитал, можат сериозно да *влијаат и врз штедењето, намалувајќи ја бараната стапка на принос по оданочување.* Иако овие механизми сè уште се недоволно познати, сепак, постојат докази дека разликите во оданочувањето на разните инструменти за штедење влијаат врз *преференцијата на формите за штедење* со помал даночен товар и помала стапка на принос, наместо оние форми со поголема стапка на принос. Ниту *нивото на образование не е изолирано* од влијанието на даноците. Според една студија (Martins, OECD, 2007), очекуваната стапка на поврат на приватните инвестиции во образованието, претставува една од главните детерминанти на образовниот процес. Даночната политика може да ја промени очекуваната стапка на поврат на инвестициите во образовниот процес преку ефектите врз пропуштените приходи за време на студирањето (односно опортунитетниот трошок) и вредноста на платите по оданочувањето, откога поединецот ќе дипломира. Значајноста на релациите оданочување – образование се огледа и во податокот со кој се тврди дека намалувањето на маргиналните даночни стапки за 5% може да резултира со зголемување на нивото на терцијарното образование, во просек за 0,3 процентни поени.[52]

Промената на даночните стапки се одразува и врз *побарувачката на работна сила.* Зголемувањето на персоналните даноци се манифестира со промена на релативниот однос на

[50] Ваквата тенденција на намалување на понудата на работната сила и стапката на вработеност во англиската терминологија се нарекува “inactivity trap”.
[51] OECD: „Goiing for growth 2009: Economic policy reforms“, 2009 стр.152.
[52] OECD: „Goiing for growth 2009: Economic policy reforms“, 2009 стр. 151.

цените на капиталот и трудот, *којшто предизвикува ефект на супституција кон капиталот.* Даноците, во зависност од коефициентот на даночното премостување, може да го *зголемат реалниот трошок на фирмите* и да предизвикаат намалување на рентабилноста и обемот на производството. **Интегралното дејство на овие промени води кон намалување на побарувачката на работна сила, особено на долг рок, кога капиталот како фактор на производството има доволно време да се прилагоди и да ја супституира потребата за работна сила**. Преку разни други механизми на пренос на влијанието на даноците, доаѓа и до стеснување на претприемачката иницијатива, иновациите и акумулацијата на човечки капитал.

Големината на дисторзивните ефекти на даноците на работна сила, во суштина, зависат од еластичноста на побарувачката на работна сила, во зависност од промената на реалните трошоци на работната сила.[53] Со оглед дека степенот на еластичност кај *неквалификуваните работници* е многу голем, наметнувањето на поголеми даночни стапки врз доходот на оваа категорија работници може да резултира со зголемување на реалните трошоци за работна сила, што консеквентно води до намалување на степенот на ангажираност на овие работници. Кај *квалификуваните работници*, поради поголемиот степен на ригидност на кривата на побарувачката, прогресивното оданочување нема да резултира со драстично опаѓање на побарувачката на работна сила. Значи, *крајниот исход врз вкупната вработеност, покрај од висината на даночното оптоварување, во голема мера зависи и од степенот на еластичност на кривите на понудата и побарувачката на работната сила во процесот на нивната меѓусебна интеракција.*

Од претходното излагање може да се резимира дека поради специфичните карактеристики на пазарот на труд, **пожелно е да се применуваат помали маргинални даночни стапки, доколку приоритет на економската политика претставува стратешкото намалување на невработеноста и зголемувањето на ефикасноста на работната сила**.

3.1.1. Намалување на даночната дисторзија

Пред да се анализираат конкретните области на даночните реформи, потребно е да се долови генералната слика на промените во даночната сфера. Како репрезентативен примерок за оценка на текот на реформите во светот е земена групата на т.н. ОЕЦД земји, кои претставуваат пионери од аспект на економскиот развој, а според тоа, и лидери по однос на даночните реформи.[54] Како параметар за евалуација на општите трендови во оданочувањето ќе се земе

[53] Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“, OECD Studies, 1997, стр.44.

[54] Во групата на т.н. ОЕЦД земји спаѓаат: Канада, Мексико, САД, Австралија, Јапонија, Кореја, Нов Зеланд, Австрија, Белгија, Чешка, Данска, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Исланд, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Словачка, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Турција и Велика Британија.

коефициентот за вкупните даночни приходи во однос на БДП како показател за вкупното даночно зафаќање. Коефициентот вкупни даночни приходи/БДП претставува основен индикатор за даночниот товар. Иако предмет на одредени контроверзии, овој коефициент претставува корисна алатка во оценката на степенот на даночното напрегање во компаративните јавни финансии. Од еволуцијата на процентот на вкупните приходи во однос на БДП од 1975 година, па сè до 2008 година, можат да се извлечат следниве заклучоци (види прилог табела бр. 1): 1. *Постои* **константен и непроменлив тренд на пораст** на набљудуваниот коефициент од 1975 година па наваму. Според тоа, гледано долгорочно, постои сè поголемо зафаќање на бруто-домашниот производ од страна на јавниот сектор, а со тоа и зголемување на вкупниот даночен товар во земјите членки на ОЕЦД. 2. Меѓутоа, во *последната декада постои определено стагнирање* на долгорочниот пораст на коефициентот (намалување на неговата вредност кај поголемиот дел од земјите, иако е забележан пораст кај неколку од нив). *Ова упатува на заклучокот за определеноста на оваа група на земји за* **општо намалување на маргиналните даночни стапки,** *што е во согласност со новите реформи во фискалната сфера.* Притоа, и поголемиот дел од останатите земји во светот ја прифаќаат таквата определба. 3. Проектираните вредности на коефициентот во 2008 година **покажуваат состојба на негово понатамошно намалување скоро во сите земји**. Пожелно е да се спомне дека од истата година започна финансиската криза која се манифестира со рецесиони движења на БДП, а со тоа и помал обем на проектирани даночни зафаќања. Должничката криза во еврозоната, која потекна од Грција, наметна построга фискална дисциплина која се карактеризираше со штедење на страната на јавните расходи, но и со зголемување на маргиналните даночни стапки, спротивно на претходните трендови. Недостатокот на доволно податоци не обезбедува реален приказ и анализа на состојбата со оданочувањето во последните две години.

Реформа на корпоративниот данок на доход. Економистите се согласни дека постојат неколку причини заради кои егзистира корпоративниот данок на доход: 1. Главната причина за наметнување на корпоративниот данок на доход е што тој, всушност, има *задржувачка функција* на персоналниот данок на доход. Како што е познато, корпоративниот доход може да се дистрибуира како дивиденда или капитална добивка, кои се оданочуваат на ниво на акционер или поединец во моментот на реализацијата. Бидејќи постои можност за неограничено одложување на оданочувањето на дивидендите и капиталните добивки, со воведувањето на корпоративниот данок на доход, даночните власти делумно ја спречуваат можноста за затскривање на доходот на акционерите од оданочување; и 2. Во повеќе развиени земји, разликата во даночниот товар помеѓу капиталот и трудот е доста нагласена. Во ваква ситуација, со цел да се остварат предности во оданочувањето, честопати се случува персоналниот доход, кој се оданочува со повисоки маргинални стапки, да се инкорпорира и да се трансформира во доход од капитал, кој обично има пониски маргинални стапки. Затоа, се смета дека преку имплементирање на корпоративниот

данок на доход, може успешно да се спречи појавата на *прекумерното префрлање или пренасочување на доходот (income shifting)*.

Меѓутоа, високите стапки на овој данок имаат исклучително дисторзивно дејство во процесот на алокација на капиталот, но и на другите фактори на производството. Поради тоа, *даночните реформи во ова подрачје налагаат* **општо снижување на стапките на корпоративниот данок,** *или, во краен случај,* **нивно изедначување** *со останатите стапки.* Целта на оваа реформа е да се постигне снижување на маргиналните ефективни даночни стапки на корпоративниот данок на доход. Инаку, маргиналните ефективни даночни стапки (или скратено МЕДС), претставуваат традиционален метод за проценка на влијанието или ефектот на даноците врз нивото на капиталните инвестиции во домашната економија. Фирмите би инвестирале сè до моментот на изедначување на маргиналниот производ на капиталот со трошоците на капиталот. Ефектот на оданочувањето врз трошокот на капиталот се оценува токму со маргиналната ефективна даночна стапка (marginal effective tax rate – METR). Притоа, колку што е таа поголема, толку е поголем и трошокот на капиталот, со што доаѓа до намалување на нивото на инвестициите и акумулацијата на капиталот. Следните графикони бр. 1 и 2 ја покажуваат тенденцијата на маргиналната ефективна стапка на корпоративниот данок, а воедно и трендот на реформите во овој домен.

Графикон бр. 1
Маргинални ефективни стапки на корпоративниот данок од 1982-2005



Извор: „Fundamental corporate tax reform", A tax policy studies, OECD, 2007

Графиконот бр. 1 го покажува развојот на маргиналната ефективна стапка на корпоративниот данок со текот на времето кај 19 земји членки на ОЕЦД. Кај 14 од нив оваа *стапка бележи намалување*, а во Финска, Грција, Португалија и Шведска, ваквото намалување било со најголем интензитет. Зголемување на маргиналните стапки се бележи само во англо-саксонските земји. Графиконот бр. 2, пак, ја покажува динамиката на просечната маргинална ефективна стапка која го има предвид и влијанието на инфлацијата. И тука е регистрирана постојана редукција на нејзината вредност со текот на времето. Од максималните 27,9 % во 1982, достига вредност од 20,3% во 2005 година, иако во периодот по 2000-та година е релативно константна.

Графикон бр. 2

Маргинална ефективна даночна стапка – просек од 1982-2005

_____ проектирана стапка на инфлација од 3,5%

---------- фактичка стапка на инфлација



Извор: „Fundamental corporate tax reform", A tax policy studies, OECD, 2007

Импликациите на реформата на корпоративниот данок за иднината се движат во две насоки. **Првата** е дека трендот на снижување на стапките на корпоративниот данок ќе продолжи во иднина, така што ќе премине во т.н. трка до дното или race to the bottom, што би резултирало со евентуално елиминирање на корпоративните даноци, но и до исчезнување на приходите по оваа основа поради ограниченоста за проширување на капацитетот на даночната база. **Втората** опција предвидува прекин на понатамошното намалување на законските стапки поради стравот и притисокот на губење на приходите од корпоративниот данок. Сè уште не е јасно во која насока би се развивала еволуцијата на овој вид данок; сепак, современите анализи укажуваат дека можеби и двете опции се случуваат.

Останувајќи на курсот на реформите, а во насока на елиминирање на нарушувањата на економската ефикасност, во иднина може да се очекува да се изврши поголем **степен на интеграција** во економското двојно оданочување. Всушност, станува збор за **интеграција на оданочувањето по основ на корпоративниот данок на ниво на корпорација и оданочувањето по основ на персоналниот данок на ниво на поединец (акционер)**. Како што е познато, класичниот тип на оданочување на корпоративниот доход се состои од наплата на корпоративниот данок (или данокот на добивка) на остварениот профит на корпорациите, и понатаму, откога ќе се изврши негова распределба во вид на дивиденда, или, пак, капитална добивка, истиот поприма форма на персонален данок на доход од капитал, кој се пресметува на ниво на поединечен акционер. Притоа, не се користат никакви даночни ослободувања, единствено, платената камата се смета како одбитна ставка на даночната основа на корпорациите. Ваквиот даночен третман создава дисторзии, односно преференции за поголемо користење на долгот во однос на сопствениот капитал, поради ефектот на даночната заштита, кој се јавува токму како резултат на изземањето на каматните расходи. Со воведување на *системот на целосен интегрален корпоративен данок (full integration corporate tax),* сите видови на добивки во корпорацијата – распределени дивиденди, задржани добивки и слично – се алоцираат само на ниво на акционер и се оданочуваат со персоналниот данок на доход. Притоа, корпоративниот данок на добивка се плаќа однапред на ниво на корпорација, но при пресметката на персоналниот данок, на акционерите им се дава т.н. даночен кредит во висина на платениот корпоративен данок. Ваквиот систем овозможува елиминација на дисторзијата на релација долг-сопствен

капитал. Како пример за интегрален корпоративен данок е познат т.н**. Dual income tax system – DIT.** Како други форми на интеграција се познати и *системот на даночна одбивка на корпорации за акционерски капитал или* **Allowance for corporate equity tax system – ACE,** како и *системот на даночна одбивка на акционери за акционерски капитал, или* **Allowance for shareholders equity tax system – ASE**.[55]

Comprehensive business income tax – CBIT[56] претставува систем на оданочување на корпоративниот доход кој нуди сосем друг пристап, за разлика од интегралниот систем. Наместо да се врши интеграција на корпоративниот и персоналниот данок заради изедначување на даночниот третман на изворите на капитал (каде што нееднаквоста потекнува токму од третманот на каматите како одбитна ставка на даночната основа), *со овој систем не се врши одбивка на каматите од основата*. Според тоа, на ефективен начин се елиминира и потребата за интеграција, но и на дисторзијата која потекнува од традиционалниот третман на каматите.

Реформа на персоналниот данок на доход. *Персоналните даноци на доход ја имаат централното значење во структурата на даночните приходи на развиените земји.* Приходите од персоналниот данок сочинуваат *преку 50% од вкупните приходи на развиените земји*, што значи дека претставуваат извори со *огромен фискален потенцијал за развиените земји*.

Генерално набљудувано, долгорочната еволуција на персоналните даноци се одвиваше во насока на *постепено зголемување на нивното процентуално учество во структурата на вкупните јавни приходи* на земјите од ОЕЦД. Поединечно гледано, учеството на *персоналниот данок на доход* бележеше благо опаѓање на долг рок, додека порастот на делот на *социјалните придонеси* беше пресуден за нагорниот тренд на вкупните персонални даноци. Како поконкретна илустрација на динамиката на овие даноци во структурата на вкупниот БДП на земјите од ОЕЦД во периодот од 1990 до 2005 година, може да се види табелата на линкот http://dx.doi.org/10.1787/202205716244.[57] Од податоците може да се утврди дека во тој период кај повеќе земји се воочува динамика на пораст, но со доста помал интензитет. Карактеристично е што од 2000-тата година па наваму, настапија одредени помали, но значајни промени, кои можеби, во поблиска иднина, ќе го детерминираат правецот на новите реформи. Оценката на посовремените реформи, од аспект на минимизирањето на даночната дисторзија, ќе се направи преку анализа на интензитетот на даночниот товар во периодот од 2000 – 2006 година.

Анализата на интензитетот на даночниот товар покажува дека во релевантниот период се случи **продолжување на трендот на намалување даночниот товар.** Намалувањето на даночниот товар се остваруваше преку *намалување на бројот на даночните марџини* според кои се одредува прогресијата на даночните стапки, или преку *намалување на законските даночни стапки,* што во крајна мера резултираше со ублажување на разликата помеѓу највисоката и

[55] „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, OECD, 2007, стр. 88
[56] Ibid., стр. 91
[57] Презентацијата на табелата во трудов е избегната поради потребата за рационализација на просторот за пишување.

најниската маргинална даночна стапка. Така, од 30 земји, само во Канада, Португалија и САД е забележано зголемување на бројот на даночните рангови (прагови), во Јапонија, Нов Зеланд, Полска, Шведска и Велика Британија тие остануваат непроменети, додека во останатите земји е забележано нивно редуцирање. Како посебен пример на редуцирање на даночниот товар се издвојуваат Исланд и Словачка, кои воведоа концепт на пропорционален данок (пропорционална даночна стапка за секоја категорија доход). Слична е динамиката на разликата помеѓу највисоката и најниската маргинална стапка, која покажува тенденција на компресија и намалување во повеќе земји. Односот или пропорцијата на земји со оданочување на индивидуална база наспрема оданочување на семејна база, останува непроменет.[58] Како илустрација на почетниот период од трендот на редукција на даночниот товар на персоналниот данок на доход, во прилогот е презентирана табела бр. 3 која покажува дека во периодот 1986-1990 во сите земји е забележано намалување на бројот на даночните прагови, освен во Данска, Франција, Ирска и Швајцарија, каде нивниот број останал непроменет. Оценката на даночниот товар на персоналниот данок на доход може да се направи и преку анализата на основниот индикатор на даночниот товар, *а тоа е коефициентот на даночното премостување (tax wedge idicator).* Тој ги изразува разликите помеѓу трошоците на работната сила на работодавецот и нето-доходот по оданочување на вработениот поединец. Бидејќи во пресметката ги инкорпорира персоналниот данок, придонесите од вработен, придонесите од работодавецот, вклучително и сите видови даночни бенефиции на системот на персоналните даноци, се работи за општ показател на даночниот товар.

Од расположливите податоци за коефициентот на даночното премостување за периодот 2000-2006, се забележува дека постои *стагнација на континуитетот на опаѓање на даночниот товар.* Според најновите податоци, просечниот коефициент останува практично непроменет за просекот на земјите од ОЕЦД, односно бележи мало опаѓање за 0,1 процентен поен (од 37,8% на 37,7%).[59] Интересно е што и покрај недостигот на позначајни поместувања на просечниот коефициент, кај повеќе земји е забележано извесно намалување на даночниот товар. Што се однесува на различните категории на доход, најголемо намалување на даночниот товар е забележано кај најниско платените работници (категоријата 33%-67% од просечната плата), и тоа за 0,9%. И кај другите категории на доходи е евидентирано намалување на даночниот товар, но со помал интензитет во однос на ниско платените работници. Дистрибуцијата на даночниот товар по одделни земји укажува дека најголемо намалување на даночниот товар кај персоналните даноци е направено во Данска, Финска, Ирска, Луксембург, Норвешка, Словачка и Шведска. Ако во овие земји намалувањето на даночниот товар се однесуваше општо за сите категории на доходи, тогаш во земјите како што се Белгија, Франција, Унгарија, Италија и Холандија, редукцијата на товарот беше таргетирана кон најниско платените лица. За разлика од нив, Германија и САД се издвојуваат како земји каде што извесна предност од намалувањето на

[58] Пошироко види: „Taxing Wages 2006-2006 - Special feature: Tax reforms and tax burdens“ OECD Tax studies, *2007.*

[59] Деталните податоци се расположливи на линкот http://dx.doi.org/10.1787/187510126687

даночниот товар уживаат лицата со повисоки примања. Од друга страна, Грција, Исланд, Мексико, Нов Зеланд и Шпанија ја сочинуваат групата на земји кај кои е забележан пораст на даночниот товар на персоналниот данок на доход, во Јапонија пораст кај социјалните придонеси, додека во Турција, Кореја и Британија зголемувањето се однесува за целокупната структура на персоналните даноци. Карактеристично за оваа група земји е тоа што и покрај порастот на даночниот товар, неговиот интензитет е сè уште под просекот на ОЕЦД, како и тоа што поголемиот дел од инкрементот е насочен кон групите со поголеми примања. Исто така, кај поголемиот дел од земјите ефектите од зголемувањето на даночниот товар беа компензирани со автоматските или дискреционите прилагодувања на фискалната политика. Исклучок претставуваат Турција, каде што постоеше недостаток од вакви приспособувања во услови на 200% инфлација, и Холандија, каде вкупниот пораст на товарот беше предизвикан од реформата на системот на придонесите за здравствено осигурување.[60]

Од претходнава презентација за реформата на персоналниот данок на доход може да се резимира следново: *постои долгорочен тренд на перманентно зголемување на процентуалното учество на приходите од персоналните даноци на доход во структурата на вкупните јавни приходи*. Иако, приходите од персоналните даноци покажуваат одреден пораст, *сепак, на долг рок се евидентира намалување на даночниот товар, а согласно на тоа, и на негативните ефекти од даночната дисторзија*. Редукцијата на даночниот товар се постигна претежно преку *намалување на „даночните прагови“ (доходни загради или ставки),* односно со намалување на бројот на категориите на доходи за оданочување, но и со *елиминирање на високите законски даночни стапки*.

Реформа на структурата на данокот на потрошувачка. Она што е за одбележување во врска со реформата на данокот на потрошувачка, *е промената на структурата на даноците на потрошувачка во насока на елиминирање на дисторзиите на економската ефикасност.* Имено, *постои јасен тренд на зголемување на уделот на даноците на општата потрошувачка за сметка на даноците на потрошувачка на специфични добра.* Најпознатата форма на данок на општа потрошувачка е данокот на додадена вредност (Value Added Tax – VAT), но исто така, и данокот на промет на производи и услуги (Goods and services Tax – GST). Данокот на додадена вредност најпрвин е воведен во Франција пред 50-тина години, и оттогаш е имплементиран во даночните системи на 130 земји (од кои 29 од ОЕЦД). Од земјите кои припаѓаат на ОЕЦД, само САД го задржаа данокот на промет на стоки и услуги (GST), кој за разлика на данокот на додадена вредност, се наплаќа само во финалната фаза на потрошувачката.

Предноста на даноците на општата потрошувачка е што потекнуваат изворно од нивните најелементарни карактеристики. Како едни од најбитните карактеристики на **даноците на**

[60] Пошироко види: „Taxing Wages 2006-2006 - Special feature: Tax reforms and tax burdens“ OECD Tax studies, 2007.

општата потрошувачка се издвојуваат следниве:[61] 1. Даноците на општата потрошувачка (VAT и GST) *паѓаат на товар на финалните, односно крајните потрошувачи*. Според тоа, даночното оптоварување не го сносат носителите на економската активност. Од тој аспект гледано, тие не вршат дисторзија на економската ефикасност, односно претставуваат алокативно неутрални даноци; 2. Овој тип на даноци се пресметуваат на *широка лепеза на производи и услуги,* за разлика од даноците на потрошувачка на посебни добра и услуги (поширока даночна база); и 3. Во надворешната трговија, при примената на данокот на додадена вредност, се користи *принципот на дестинација на крајната потрошувачка*. Ова значи дека се применуваат даночните стапки спрема јурисдикцијата на земјата во која настанува крајната потрошувачка на производите и услугите. Според тоа, приходите од овој основ ги остварува земјата на крајниот потрошувач, со што се постигнува неутралност во меѓународната трговија.

Во прилог на илустрирање на промената на учеството на даноците на општата потрошувачка, во прилогот се презентирани табела бр. 6 и табела бр. 8. *Табела бр.8 го дава просечното учество на даноците на општата потрошувачка како процент од БДП, а табела бр. 10, трендот на просечната стапка на ДДВ во земјите од групацијата на ОЕЦД.* Како што се гледа, просечното учество во БДП за сите ОЕЦД земји пораснало од 3,9% во 1965 година на 6,9% во 2003 година, а пораст бележат и процентуалните учества кај сите одделни земји. Имено, динамиката на пораст на стандардните стапки на ДДВ на долг рок придонесуваше за зголемување на учеството на даноците на општата потрошувачка, што, се разбира, оди во прилог на изнесената констатација (кај некои поединечни земји е забележано драстично зголемување на стапката на ДДВ, како на пример, во Велика Британија од 8,0% во 1976, на 17,5% во 2005, и во Данска од 15% во 1976, на 25% во 2005)[62]. Според тоа, се очекува сè поголемо потпирање врз даноците на потрошувачката во процесот на финансирање на јавните потреби, но и имплементирање на нивните принципи во структурата на даноците на доход.

„Зелените даноци" како дел од даночната реформа. Во економската литература, загадувањето отсекогаш се третирало како негативна екстерналија, а оттаму и како вид економска дисторзија. Без соодветна државна интервенција, загадувачот нема да има причина да ги вгради екстерните трошоци на загадувањето во цената на чинење на својот производ, и според тоа, тие паѓаат на товар на членовите на поширокото општество.[63]

Во повеќе земји, *контролата на загадувањето на непосредната околина се изведуваше на конвенционални начини.* На пример, државната регулација се изведуваше по принципот **контрола-наредба**, со кој по извршената непосредна контрола на терен или на одреден примерок од загадената околина, се издаваа *директни ограничувања* на употребата и користењето на

[61] „Consumption Tax Trends 2006 /VAT/GST and Excise Rates, Trends and Administration Issues" OECD tax policy studies, 2006. стр.11.

[62] Пошироко види: „Consumption Tax Trends 2006 /VAT/GST and Excise Rates, Trends and Administration Issues" OECD tax policy studies, 2006.

[63] Smith S.: „Green taxes-The scope for environmentaly friendly taxes" – Key issues in tax reform, Fiscal publications, Old coach house, Fersfield, 1993, стр. 222.

применетата технологија. Меѓутоа, во последно време, се врши повторно навраќање на идејата за имплементирање на т.н. **пазарно-ориентирани методи** за решавање на проблемите со загадувањето. Уште од времето на Пигу (Pigou, 1920), економистите се залагаат за воведување на одредени екстра давачки кои би ги рефлектирале вистинските реални екстерни трошоци на процесот на загадување и кои би пратиле коректни сигнали до економските субјекти да ги вкалкулираат во цената на чинење. Овие пазарно–ориентирани инструменти можат да имаат повеќе различни форми: директни парични надоместоци за загадување или *казни,* одредени *даночни стимулации* за редукција на загадувањето (забрзана амортизација за инсталирање на опрема за прочистување, одредени даночни ослободувања и слично), *можност за купување* на одредени нивоа на загадување (tradeable emission permits) и *оданочување на потрошувачката* на стоките и производите кои се поврзани со загадувањето преку системот на индиректните даноци и друго.

Може да се заклучи дека *постои цврста детерминираност на земјите за прифаќање и спроведување на агендата за еколошките даноци како дел од реформата на даночниот систем.* Имплементирањето на агендата се спроведува како дел од пазарно–ориентираните методи за редукција на негативните екстерналии, а тоа е наметнување на посебни даночни стапки на потрошувачката на одредени продукти поврзани со загадувањето на животната средина. Особена важност, од аспект на реформата, во оваа област претставува и *сè поголемата примена на одредени фискални и финансиски инструменти, т.н. стимулации, заради реализација на одредени еколошки цели.* Така на пример, според Европската еколошка агенција при ОЕЦД, покрај системот на еколошките даноци, сè помасовно се користат директните поддршки (subsides), механизмите за рефундирање (refund mechanisms), забрзаната амортизација, разните даночни ослободувања и слично.

Реформа на данокот на имот. Можностите за поголема примена на данокот на имот во ова подрачје произлегуваат од неговите карактеристики. Имено, кај данокот на имот даночната основа е ограничена, фиксна, односно таа не може да се проширува со текот на времето. Поради тоа, за да се обезбедат поголеми приходи, даночните власти се приморани повремено да ја зголемуваат даночната стапка. Ваквата *нееластичност* на данокот на имот овозможува секое зголемување на данокот да се рефлектира директно во пазарната цена на имотот кој е предмет на оданочување (фискална капитализација). Според тоа, во моментот на настанување на даночната обврска, целиот даночен товар го сноси сопственикот на имотот, без можност за префрлување на даночниот товар на друг. *Затоа, даночната инциденца и даночната дисторзија кај овој тип на данок се скоро минимални, што го прави поголема алтернатива за прибирање на приходи без поголеми нарушувања на ефикасноста на системот.* Соодветно на оваа негова одлика, во иднина, нормално е да се очекува проширување на можностите и алтернативите за негово пошироко користење.

3.2. Унапредување на меѓународната ефикасност

Претходната точка се однесуваше за ефикасноста на економиите, под претпоставка дека се од затворен тип, при што не се земаа предвид меѓународните текови на капиталот. Меѓутоа, на денешен степен на глобализација во светот, тековите на капиталот ги поминуваат границите на националните економии и добиваат меѓународни димензии. Во услови на отворена економија, кога инвеститорите можат да ги вложат своите слободни средства во домашни или странски мултинационални компании, поседувани од акционери од различни страни на светот, корпоративниот трошок на капиталот се утврдува на меѓународниот пазар на капитал. *Егзистенцијата на корпоративните даноци предизвикува зголемување на трошокот на сите извори на капитал, па според тоа, може сериозно да ја наруши ефикасноста на светските пазари на капитал.* Следствено, даночните системи претставуваат ограничувачки фактор на движењето на капиталот во светски рамки, и како што ќе видиме подоцна, колку што е поголем степенот на оданочување на капиталот, толку е поголема и загубата на светскиот национален доход.

Корпоративните даноци и дисторзиите на меѓународната ефикасност на капиталот. Да видиме подетално какви се *реперкусиите на корпоративните даноци врз меѓународната економска ефикасност.* Најпрвин, системот на корпоративните даноци го нарушува *изборот на изворите на меѓународен капитал* неопходни за финансирање на инвестиционите проекти. Слично како и во системот на затворена економија, корпоративниот данок на добивка создава преференции кон поголемо користење на позајмениот капитал во однос на сопствениот капитал. Со цел да се минимизира даночниот товар на капиталот на мултинационалната компанија, нејзината странска подружница може *да одлучи да се задолжи* и на тој начин да ги редуцира обврските по основ на корпоративниот данок. Доколку подружницата не е во состојба да се задолжи на пазарот на капитал во домицилната земја, таа, заедно со матичната корпорација, може да употреби *стратегија на екстензивно интеркорпорациско задолжување* како средство за префрлање на профитот од земјата со повисок, во земјата со понизок даночен товар.[64] За да се спречи оваа појава, домицилната земја може да имплементира одредени правила за капитализација. Со правилата за капитализација, всушност, се лимитира делот од инвестициите што може да се финансира со емисија на долг, односно се „плафонира“ максималниот износ на долг што може да го позајми подружницата од нерезидентните матични корпорации.

И покрај наметнатите правила за капитализација, корпорациите се во можност да го избегнат плаќањето на данокот преку *наметнување на енормно високи каматни стапки во рамки на интерниот систем на кредитирање*. Оваа стратегија на наметнување на нереално високи каматни стапки на позајмениот капитал на своите подружници, во рамки на поставениот режим на капитализација, изворно се нарекува „non arm’s length interest rate policy“. Резидентните земји,

[64] OECD: „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, 2007, стр. 70. Инаку ваквата стратегија за одбегнување на оданочувањето е позната под оригиналниот назив “earnings stripping”.

на ваквата политика на мултинационалните корпорации, најчесто одговараат со посебни правила, кои се состојат од налагање на корпорациите, во системот на меѓусебно кредитирање, да користат каматни стапки во висина не поголема од нормалната каматна стапка на светскиот пазар на капитал. Не само подружницата, туку и *матичната странска корпорација може да позајми пари од пазарот на капитал* и да ја искористи предноста од третманот на трошоците за камата. Доколку, пак, матичната корпорација позајмените пари ги трансферира кон подружницата во вид на долг, во тој случај доаѓа до т.н. *двојна даночна корист* (double dip tax gain), поради двојната одбивка на каматите од вкупната даночна основа.[65] Овие даночни дисторзии се особено опасни доколку подружницата се наоѓа во дестинација позната како даночен рај, па позајмениот капитал од матичната корпорација преку подружницата се пласира во други подружници од трети земји. Со цел да се минимизираат ваквите неефикасни трансфери на капиталот, поточно, со цел да се ограничи двојната корист од оданочувањето, резидентните земји имплементираат правила за алокација на каматите според дестинацијата на капиталот. Како што се гледа, *корпоративниот данок ја фаворизира стратегијата на задолжување како потрифатлива опција за максимизирање на добивката на меѓународните компании,* **меѓутоа, од аспект на меѓународната ефикасност, тоа значи дека капиталот како ресурс не се алоцира најрационално во точките на неговата најефикасна употреба.**

Освен трансферирањето на профитот преку каматните стапки во процесот на интерно задолжување, тоа може да се реализира и преку *трансферниот систем на интерни цени*. Така, како дел од внатрешната политика на цени, корпорацијата може да ги зголеми трансферните цени на производите и услугите кон својата подружница за да го префрли доходот во матичната земја, доколку таму има пониски даночни стапки. Слично, може да се префрлат трошоците на подружницата во матичната корпорација, за да се намали даночната база, доколку таму постојат повисоки даночни стапки. За таа цел, ќе илустрираме еден пример како интегрираните меѓународни компании ги прилагодуваат интерните трансферни цени за да го префрлат профитот во земјите со помал даночен товар.

Во примерот се претставени две компании, едната во Ирска, каде даночната стапка е 10%, а другата во Велика Британија, каде стапката изнесува 30%. Ирската компанија дистрибуира производи во Британија преку тамошната британска компанија. Притоа, се претпоставуваат две сценарија, едното каде двата економски субјекта се независни, а во другото тие се интегрирани. Во второто сценарио, поврзаноста на ентитетите дава можност преку зголемување на трансферните цени да се овозможи префрлување на доходот од земјата со повисока, во земјата со пониска даночна стапка и остварување на извесна даночна предност која резултира со поголем профит по оданочување на интегрирано ниво.

Сценарио 1

Случај на две независни фирми без примена на системот на трансферни цени

Ирска компанија (во фунти)	Британска компанија (во фунти)

[65] Пошироко види: OECD: „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, 2007.

Вкупна продажба	50.000	Вкупна продажба	100.000
Трошоци за материјали	(10.000)		
Трошоци на производство	(20.000)	Трошоци на продажба	(50.000)
Вкупен профит	20.000	Вкупен профит	50.000
		Трошоци за дистрибуција	(35.000)
Режиски трошоци	(5.000)	Режиски трошоци	(5.000)
Профит пред оданочув.	15.000	Профит пред оданочув.	10.000
Данок 10%	(1.500)	Данок 30%	(3.000)
Профит по оданочување	13.500	Профит по оданочување	7.000

Сценарио 2

Случај на две интегрирани фирми со примена на системот на трансферни цени

Ирска компанија (во фунти)		Британска компанија (во фунти)	
Вкупна продажба	58.000	Вкупна продажба	100.000
Трошоци за материјали	(10.000)		
Трошоци на производство	(20.000)	Трошоци на продажба	(58.000)
Вкупен профит	28.000	Вкупен профит	42.000
		Трошоци за дистрибуција	(35.000)
Режиски трошоци	(5.000)	Режиски трошоци	(5.000)
Профит пред оданочув.	23.000	Профит пред оданочув.	2.000
Данок 10%	(2.300)	Данок 30%	(600)
Профит по оданочување	20.700	Профит по оданочување	1.400

Интегрален ефект од двете сценарија

Збирно:	Сценарио 01	Сценарио 02
Вкупен профит пред оданочување	25.000	25.000
Вкупно платени даноци	4.500	2.900
Вкупен профит по оданочување	20.500	22.100

Извор: Weiner J.M: „Company tax reform in EU – Guidance from The US and Canada on implementing formulary apportionment in The EU", Springer 2006. стр. 23.

Од претходниве примери *јасно се гледа функционирањето на трансферните цени како начин за префрлување на профитот во дестинациите со пониски даночни стапки.* Преку трансферните цени, корпорацијата во целина остварува даночна стимулација во вредност од 1.600 фунти, како резултат на различниот даночен третман на добивката во двете земји. Во овој случај, за да се одбегнат овие појави, државите можат да имплементираат одредени правила при формирањето на интерните трансферни цени.

Покрај дисторзиите коишто се јавуваат на релација долг/капитал, како и во примената на системот на трансферни цени, тие можат да потекнуваат и *поради различниот даночен систем кој се применува во оданочувањето на корпорациите*. Во зависност од конкретниот систем на оданочување (на пример, дали се работи за системот на одземање на дивидендата „dividend-exemption tax system", чија интенција е, пред сè, да се одбегне двојното оданочување, или пак, се работи за системот на оданочување на добивката според потеклото на профитот „resident-base tax system"), *можат да се јават одредени преференции за инвестирање на капиталот во различни меѓународни дестинации*. И примената на *принципот на реализација или распределба на добивката* создава одредени дисторзии. Имено, оданочувањето на добивките што нема да се распределат во тековната година најчесто се одложува до моментот на нивната реализација. Овој

систем на оданочување, којшто се нарекува систем на даночно одложување на задржаните добивки (tax deferral system), создава *склоност кај инвеститорите да ги финансираат своите проекти во странство со реинвестирање на задржаните добивки*, наместо со другите извори на капитал.

Според тоа, разликите во даночните системи ширум светот можат сериозно да ја нарушат меѓународната ефикасност и мобилност на капиталот, и воедно да ја редуцираат динамиката на интернационалниот пазар на капитал.

3.2.1.Елиминирање на дисторзијата на меѓународното движење на капиталот

Пред да се даде осврт на реформите на корпоративниот данок од аспект на минимизирање на нарушувањата на меѓународното движење на капиталот, ќе се елаборираат причините поради кои експертите препорачуваат да се врши оданочување на профитот на мултинационалните компании: 1. Властите го оптоваруваат доходот на мултинационалните компании, и покрај постоењето на корпоративните даноци во резидентната земја, бидејќи со него се врши „зафаќање“, односно *оданочување на екстра-профитот или економската рента* поврзана со специфичната локација. Мултинационалните компании инвестираат во други земји поради одредени поволности кои генерираат екстра-профит или рента: изобилието на природни ресурси, поевтини фактори на производство, пониски транспортни трошоци, голема апсорпциона моќ на пазарот и слично. Корпоративниот данок на доход врши делумно елиминирање на екстра профитите на мултинационалните компании и изедначување на можностите за инвестирање во други земји; 2. Корпоративниот данок на доход влијае делумно позитивно и врз *финансиското* и *инвестиционото однесување* на мултинационалните компании во странските земји. Доколку остварувањето на профитот во странската земја не се оданочува, тогаш може да се случи целосно трансферирање на добивката во земјата каде е седиштето на мултинационалната компанија. Комбинацијата на корпоративните даноци и даночните кредити стваараат определени даночни стимулации за инвестирање на добивката во странските земји; и 3. Фактот што меѓународните пазари на капитал се сè уште *имперфектни*, оди во прилог на корпоративниот данок на доход. Имперфектноста на пазарот на капитал создава услови за нерамномерен трансфер на даночниот товар врз капиталот, трудот или крајните потрошувачи. Егзистенцијата на даночните стапки заедно со определени инструменти на даночната политика можат да ги заобиколат бариерите креирани од несовршеноста на пазарите на капитал и да создадат поправедни и поедначкви услови за привлекување на меѓународниот капитал. **Овие проаргументи претставуваат цврст доказ дека владите во иднина доста тешко ќе се откажат од оданочување на профитот на меѓународните компании.**[66]

[66] За причините кои го оправдуваат оданочувањето на профитот на мултинационалните компании пошироко види: OECD: „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, 2007 стр. 43-45.

Реформата на корпоративниот данок на доход во сферата на унапредувањето на меѓународната ефикасност на капиталот, претежно се состои од редуцирање на законските даночни стапки, како и од намалување на просечните ефективни даночни стапки. Законската даночна стапка претставува првиот индикатор за даночната атрактивност на некоја локација, ако се имаат предвид меѓународните инвестиции. Во изминатите три декади, висината на номиналната стапка на корпоративниот данок покажува значително опаѓање, што претставува потврда за манифестација на т.н. „даночна конкурентност“ или „даночна војна“ помеѓу земјите во светот. Оваа тенденција може да се илустрира преку графиконот бр. 3. *Графиконот бр. 3 јасно го потврдува трендот на опаѓањето на законските стапки на корпоративниот данок на доход.* Од компарацијата на стапките во 1982, 1994 и 2006 година се воочува значително намалување во сите претставени земји, освен во Шпанија. Во 1982 година, 11 од 17 земји забележаа редукција на стапките на корпоративниот данок во износ поголем од 50%, додека во 2006 година, намалувањето продолжи во однос на претходните години, но со многу помал интензитет. Ова значи дека трендот на намалување има континуелен карактер, така што просечната стапка на корпоративниот данок на доход во овие земји од 50,9% во 1982 година, се намали на 30,8% во 2006 година, што е нешто повеќе од просекот на сите земји членки на ОЕЦД, кој изнесува 28,4%.

Графикон бр. 3

Законските стапки на корпоративниот данок на доход од 1982-2006



Извор: „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, OECD, 2007.

Следниот индикатор за опаѓањето на даночниот товар на меѓународниот капитал се огледа во состојбата и динамиката на просечните ефективни даночни стапки (или скратено ПЕДС). Ако маргиналната ефективна даночна стапка (METR) го изразува ефектот на даноците врз нивото на домашната ефикасност на капиталот или домашното ниво на инвестиции, тогаш преку просечната ефективна даночна стапка (average effective tax rate-AETR) ќе се направи осврт врз меѓународната ефикасност на капиталот. Системот на корпоративните даноци може да влијае врз дискреционите одлуки на мултинационалните корпорации за локацијата или земјата во која би ги вложиле своите средства. Ефектот врз одлуката и изборот на локацијата зависат од добивката по оданочување во соодветната земја, која се мери токму со стапката AETR. Поголемо ниво на AETR означува помала добивка по оданочување и помала преференција за инвестирање во конкретната локација.

Графиконот бр. 4 покажува **намалување на просечните ефективни стапки** во повеќе земји во периодот 1982-2005. Најголемо намалување е забележано во Финска, Германија, Португалија и Шведска, додека само во Канада и Ирска не е регистрирано намалување на просечната ефективна стапка. Графиконот бр. 5, пак, ја илустрира еволуцијата на просечната ефективна стапка на корпоративниот данок, од кој јасно се воочува дека таа се намалила за околу 10% процентни поени, односно од 34,2% во 1982 на 24,4% во 2005. Најголемо намалување е забележано во периодите 1987-1993 и 1997-2001. Во периодот после 2000 година е забележано постабилно движење на AETR. Ако се направи компарација на динамиката на METR и AETR, може да се заклучи дека интензитетот на промената кај просечните стапки е поголема од интензитетот на промената кај маргиналните стапки (од 34,2% на 24,4%, наспроти од 27,9% на 20,3%), што се должи претежно на посилниот ефект од намалувањето на законските стапки, со оглед дека тие повеќе се поврзани со движењето на просечните ефективни даночни стапки.

Графикон бр. 4

Просечни ефективни стапки на корпоративниот данокот 1982-2005



Извор: „Fundamental corporate tax reform", A tax policy studies, OECD, 2007.

Графикон бр. 5

Просечна ефективна даночна стапка – просек 1982-2006

_____ проектирана стапка на инфлација од 3,5%

---------- фактичка стапка на инфлација



Извор: „Fundamental corporate tax reform", A tax policy studies, OECD, 2007.

Како значајна промена која наидува на сè поголемо одобрување од страна на економистите е *замената на системот на оданочување на приходите на акруална или тековна база со систем на оданочување на паричните текови* – **„Tax expenditure system"** или **„Cash flow corporate tax system",** кој преку оданочување на паричните текови го решава проблемот на префрлање на профитот со употребата на трансферните цени**.** Повеќе земји го применуваат

системот на оданочување на тековна основа, според кој даночната база се формира врз основа на приходите кои настануваат во текот на календарската година. Овој систем генерира одредени потешкотии во утврдувањето на основата за оданочување, поради можностите за одложување на одредени приходи, ризикот од евазија, а во исто време ги зголемува и административните трошоци. Алтернативниот систем, на кој му се придава големо значење со даночните реформи, нуди решение за елиминирање на овие појави, затоа што наместо приходите, ги регистрира трансакциите, или поточно, паричните трансфери. Главната предност се состои од неговата *даночна неутралност*, бидејќи овозможува оданочување само на економските ренти, но не и на нормалната стапка на принос. По карактеристика е сличен на даноците на потрошувачка кои од гледна точка на неутралноста, сè повеќе го заземаат местото на даноците на доход (со овој данок фактички се оданочува додадената вредност на капиталот како фактор на производство). *На меѓународниот пазар на капитал, овој систем на корпоративен данок обезбедува унапредување на мобилноста на капиталот и слично.* И кај овој тип на оданочување се развиени повеќе модалитети на оданочување, како на пример, концептот на рамен данок на Хал и Рабушка (Hall and Rabushka's flat tax), кој сè повеќе се применува кај помалите отворени економии во развој, сè со цел да се постигне елиминирање на дисторзијата, унапредување на неутралноста и мобилноста, како и намалување на комплексноста на даночните системи.

Останатите реформски потфати кои ги преземаат земјите со цел да се елиминираат пречките во прекуграничното движење на капиталот, се однесуваат на одредени реструктурирања на националните даночни системи, со кои се регулира можноста за трансфер на профитот во странски земји. Како што е веќе делумно спомнато, се работи за воведување на законските норми или *правилата за тенка капитализација*, како и *правилата за трансферните цени*. Првите ја регулираат можноста за задолжување помеѓу подружниците и матичните компании, а со тоа и можноста за признавање на каматните трошоци за одбитна ставка од даночната база. Со вторите правила, пак, се утврдува начинот и методологијата за формирање на интерните цени во рамки на мултинационалните компании, а оттаму и нивото до кое трансферните цени би се признале за целите на оданочувањето.

3.3. Подобрување на ефикасноста и едноставноста на даночните системи

Даночните системи во светот можат да се разликуваат по многу основи. Како што се диференцираат по однос на даночната структура, големината на даночните стапки, ширината на даночната база и слично, така можат да се разликуваат и по *степенот на нивната сложеност.* **Последните реформи предвидуваат поедноставување на сè посложените и поригидни структури на националните даночни системи.** Како интегрален дел на промените се јавува и **унапредувањето на ефикасноста на системите, во смисла на подобрување на перформансите на даночната администрација.** Накратко, следи приказ на мотивите кои ги инспирираа промените во сферата на ефикасноста и едноставноста на даночните системи.

Што претставува ефикасноста на даночните системи? Најпрвин е потребно да се направи дистинкција помеѓу **економската ефикасност на даноците,** која е поврзана главно со принципот на алокативната неутралност на даночните системи, и **ефикасноста на даночните системи,** која е поврзана со способноста на истите да генерираат повеќе приходи.

Оперативните трошоци претставуваат важен концепт во оценката на ефикасноста на даночниот систем како целина. Конкретно, под *оперативни трошоци на даночниот систем се подразбира збирот на административните трошоци (administrative costs) и т.н. придружни трошоци на даночната постапка (compliance costs).*[67] Токму оперативните трошоци играат улога на посредно мерило за изразување на степенот на ефикасност на даночните системи. *Така, ефикасен даночен систем е оној кој ќе успее да генерира потолем обем на јавни приходи по единица оперативни трошоци, или во обратна смисла, оној кој ќе продуцира помалку оперативни трошоци при собирањето на единица јавни приходи.*

Административните трошоци претставуваат највоочливиот дел од вкупните оперативни трошоци на даночниот систем. Всушност, трошоците кои ги прави даночната администрација (одделенијата за јавни приходи) во процесот на опслужување на одреден даночен систем или даночна структура, се нарекуваат административни трошоци (како на пример, платите и придонесите на вработените лица во администрацијата, трошоците за транспортните средства и превозот, трошоците за згради и одржување и слично). Како компаративно мерило на овие трошоци е прифатен *коефициентот административни трошоци/вкупни даночни приходи,* кој го изразува процентот на направените административни трошоци во однос на вкупно собраните јавни приходи.

Графикон бр. 6

Релација помеѓу вкупните приходи и административните трошоци



Извор: Sandford C.: „Why tax systems differ – A comparative study of the political economy of taxation" Fiscal Publications, Fersfield, 2000, стр. 124.

Како алтернативно мерило на ефикасноста на даночната администрација се спомнува т.н. *„даночен јаз"* или „јаз на даночната ефективност" (tax gap или tax effectiveness gap). За да се измери правилно моќта на системот да собира даноци, најпрвин се воведува категоријата

[67] Sandford C.: „Why tax systems differ – A comparative study of the political economy of taxation" Fiscal Publications, Fersfield, 2000, стр.126.

максимален приходен потенцијал (maximum potencial revenue – MPR), под што се подразбира *износот на даночни приходи што би се собрале од тековниот даночен систем, доколку секој даночен обврзник би го платил данокот кој легално го должи.*[68] Разликата помеѓу максималниот приходен потенцијал (MPR) и износот на фактички собраните даночни приходи се нарекува *даночен јаз или јаз на даночната ефикасност*. Суштината на овој феномен може да се прикаже на претходниот графикон, каде на апцисната оска се претставени административните трошоци, а на ординатната оска вкупно собраните приходи на тековниот даночен систем.

Според наклонот на кривата од хипотетичкиот графикон се гледа дека како што процентот на собрани приходи се зголемува и се доближува до MPR, секоја дополнително собрана парична единица данок е помала, во однос на дополнително направената единица на трошок. Ова значи дека со порастот на административните трошоци доаѓа до намалување на даночниот јаз, односно до намалување на разликата помеѓу MPR и фактичкиот износ на собрани приходи, но со многу помало темпо. Кога е во прашање ефикасноста на даночната администрација, *максимизирањето на вкупно собраните приходи, но по цена на енормното зголемување на трошоците, не претставува пожелна опција, па затоа потребно е да се направи компромис или „trade off" помеѓу овие параметри.* Со други зборови кажано, системот може да не е доволно ефикасен, иако има високи даночни стапки, и обратно, може да биде ефикасен и во случај да има ниски даночни стапки.[69]

Оценката на ефикасноста на даночните системи не би била целосна доколку истата се потпира само врз евалуацијата на административните трошоци. Тие не ги опфаќаат трошоците кои ги прават економските субјекти и државата во процесот на опслужување на барањата што ги наметнуваат даночните системи. Овие трошоци се нарекуваат **придружни** или **услужни трошоци на даночната постапка (compliance costs)**. Така на пример, за физичките лица обврзници, тоа се трошоците направени за комплетирање на податоците неопходни за пресметка на даноците, надоместокот на даночниот советник, трошоците за транспорт до консалтингот за даноци и сл. За фирмите обврзници, тие се однесуваат на трошоците за утврдување и пресметка на даноците, трошоците за собирање, евидентирање и плаќање на даноците. И централните влади се среќаваат со ваков тип на трошоци: трошоците за подготовка и изгласување на законската даночна легислатива, како и судските трошоци поврзани со предмети од даночната проблематика. Како извор на овој тип трошоци се јавуваат карактерот на сметководствениот систем (кое во основа се разликува од даночното сметководство), различниот даночен третман на долгот и сопствениот

[68] Sandford C.: „Why tax systems differ – A comparative study of the political economy of taxation" Fiscal Publications, Fersfield, 2000, стр.123. Математички MPR се добива кога даночната стапка/стапки ќе се помножат по даночната основа утврдена според законските прописи.

[69] Според некои стандарди на развиените земји, ефикасноста која се остварува на ниво на вкупно собрани приходи од 95% од максимално потенцијалните приходи се смета како преферирано ниво на административна ефикасност.

капитал, разликите во даночната структура, различниот третман на разните форми на даночни обврзници и слично.[70]

Според ова, *под придружни трошоци на даночната постапка се подразбираат трошоците направени над* **фактичките даночни плаќања** *на даночните обврзници, вклучително и кои било други дисторзивни трошоци, инхерентни на даночниот систем.*[71] Придружните трошоци имаат големо значење во компаративната анализа на ефикасноста, со оглед што нивниот износ во структурата на оперативните трошоци е многукратно повисок во однос на административните трошоци. Така на пример, во Канада во 1986 година, коефициентот административни трошоци/даночни приходи изнесувал 1,00, коефициентот придружни трошоци/даночни приходи 6,13, а коефициентот вкупни оперативни трошоци/даночни приходи 7,13 (1,00 + 6,13).[72] Компаративната анализа може да послужи како доста солидно аналитичко средство за ефикасноста на даночните системи, но секогаш треба да се има предвид релативноста на бројките на коефициентите која произлегува од разликата во методологијата, дефинициите, даночната структура, даночните стапки, како и разликата во администрирањето и преработката на податоците.

Како еден од најдобрите начини за унапредување на ефикасноста на системите, според најновите стандарди на даночната политика, е настојувањето за минимизирање на **даночната евазија**. *Под поимот даночна евазија се подразбира економската штета предизвикана од индивидуите или организациите поради избегнувањето да плаќаат данок во износ за којшто се законски обврзани, или/и штетата предизвикана од рефундирањето на средства, а за коешто немаат законско право.*[73] Евазијата ја сочинуваат два вида основни активности кои ги преземаат економските субјекти, и тоа:

1. потценување на даночната база (приход, профит или промет) која е предмет на оданочување; и
2. преценување на даночните изземања, ослободувања и кредити. Како форми на евазија се јавуваат и *одложувањето на плаќањето на даночната обврска* во услови на инфлација и *одбегнувањето за регистрација на обврзникот (сива економија),* што претставува еден вид екстремен начин за одбегнување на оданочувањето. Исто како евазијата, и **даночното одбегнување (tax avoidance)** *резултира со помалку платен данок, но за разлика од евазијата, тоа се постигнува во рамки на законскиот систем, преку примена на разни средства или активности на одложување на обврските пред рокот на нивното фактичко настапување.* На пример, ако во законот се предвидени одредени ослободувања на донациите или подароците за хуманитарни цели, тогаш, пред истекот на рокот се прават трансфери или подароци за такви

[70] Пошироко види: OECD: „Fundamental corporate tax reform“, „A tax policy studies“, 2007, стр. 78-82.
[71] Sandford C.: „Why tax systems differ – A comparative study of the political economy of taxation“ Fiscal Publications, Fersfield, 2000, стр.125.
[72] Извор: Sandford C.: „Why tax systems differ – A comparative study of the political economy of taxation„, Fiscal Publications, Fersfield, 2000, стр.126.
[73] Ibid., стр.142.

намени, со што се одбегнува обврската за данок. Одбегнувањата можат да бидат *намерни* или *ненамерни,* како и *непожелни* или *пожелни* (ако се во функција на определени општествено-развојни цели, како на пример, изземања или ослободувања при реинвестирање на задржаната добивка). Од ова произлегува дека, формално, евазијата и одбегнувањето можат да се идентификуваат со даночниот јаз, односно со разликата помеѓу потенцијалните и остварените приходи.

Решавањето на проблемот со евазијата може да се постигне на два начина: **екстензивен,** т.е. со *вложување на дополнителни ресурси и средства во даночната администрација* (поместување на кривата на вкупните приходи од графиконот на десно, што претставува доста поскап и понеекономичен начин), и **интензивен,** т.е. *со зголемување на ефикасноста на администрацијата* (поместување на кривата нагоре). Првата алтернатива, покрај тоа што чини поскапо, е проследена со низа практични, концептуални и апликативни проблеми, што ја прави несоодветна за даночната политика. Втората, за разлика од претходната, освен што е поевтина, не содржи слични недостатоци, и поради тоа претставува поповолна опција во борбата против евазијата.

Политиката на *елиминирање на евазијата, преку подигање на кривата на вкупните приходи,* може да инкорпорира повеќе можни решенија. Според Валчутски (Wallchutsky, 1998)[74], првиот чекор на политиката мора да се состои од *минимизирање на можностите за евазија,* кој предвидува елиминација на можностите за потценување на приходот, елиминација на можностите за преценување на одбивките и зголемување на можностите за прецизна идентификација на обврзниците. Вториот чекор се состои од *минимизирање на можностите за одбегнување на плаќањето на даноците.* Оваа политика како можни решенија ги содржи: елиминација на можностите за конвертирање на приходот во капитал, редукција на шансите за делење на приходот, намалување на можностите за користење на специфични даночни поволности, подобрување на моралните ставови на судството, професионалните сметководители и даночните консултанти, контролирање на странските корпорации, контрола на трансферните цени и сл. Третиот чекор содржи социо-психолошки карактеристики и се однесува на *минимизирање на ориентацијата, односно желбата за евазија и одбегнување.* Во таа насока потребно е да се преземат активности со кои ќе се увери јавноста во нивото на интегритетот на владата, од аспект на примената на елементарните принципи на ефикасност и еднаквост при оданочувањето, потоа, зголемување на моралната перцепција на индивидуите за почитување на законот, како и креирање на меѓузаемни односи и релации помеѓу даночните служби и даночните обврзници.

Покрај евазијата, даночните системи и администрацијата не се имуни на појавите на одредени искушенија на поединци за злоупотреба на службената должност, во насока на остварување на одредени приватни цели и приватни добивки. Станува збор за **корупцијата** како

[74] Wallchutsky I.: „Minimising evasion and avoidance – lessons from Australia“, Further key issues in tax reform, Old coach house, Fersfield, 1998.

едно од современите зла на денешницата. Според Боулс (Bowles, 1998), постојат повеќе причини за загриженост за појавата на корупција, која, слично како и евазијата, доведува до редукција на потенцијалните даночни приходи: го зголемува износот на изгубени приходи кои завршуваат во рацете на поединци од администрацијата, го зголемува износот на изгубени приходи кои остануваат во рацете на даночните обврзници, го нарушува кредибилитетот на владините институции, инволвира загуба на време и напори во процесот на договарање на митото помеѓу засегнатите страни и слично. Претставувајќи го во целост својот модел на корупција (во кој детално се опишани патеките и механизмот по кој се одвива корупционата одлука), се наведува дека истата се јавува во *4 основни типа,* и тоа: *бирократска, политичко-административна, политичко-легислативна* и *судска.*[75] Затоа, се заклучува дека минимизирањето на корупцијата на сите нивоа и институции, преку соодветна антикорупциска политика треба да биде во насока на унапредувањето на ефикасноста на даночните системи.

Елиминацијата на евазијата, која е битна од аспект на ефикасноста на даночните системи, е поврзана и со една друга карактеристика, а тоа е **едноставноста (simlicity).** Современите реформи **предвидуваат поедноставување на комплексните даночни системи преку воведување на поедноставени даночни структури и поголемо изедначување на даночните стапки, но и преку намалување на бројот на даночни ослободувања и одбивки.** Всушност, постигнувањето на целта за едноставност е комплементарна со целта за ефикасност на системите, затоа што стопирањето на активностите за одбегнување на плаќањето на даноците неминовно бара поедноставување на *даночната структура* и *даночното законодавство.* Така на пример, даночната реформа во Австралија предвидуваше, покрај другото, и поедноставување на даночното законодавство со примена на принципот „restructure, renumber, rewrite“, односно реструктурирај (намалување на структурата на законските акти на помалку нивоа), ренумерирај (имплементирање на помалку цифрен нумерички систем) и препиши (чистење и поедноставување на стилот на пишаниот збор).[76]

3.3.1. Индикатори на реформата во оваа област

Главната индикација која упатува на реформата за унапредување на ефикасноста во собирањето на даночните приходи е константниот пораст на коефициентот вкупни даночни приходи/БДП, за кој подетално е елаборирано на претходните страници. Имено, се укажа дека, во глобала, *постои константен и непроменлив тренд на пораст* на набљудуваниот коефициент во земјите од групацијата на ОЕЦД во минатите 30-ина години (види прилог табела бр. 1), што упатува на заклучокот дека е извршено унапредување на ефикасноста на даночните системи. Во

[75] Пошироко види: Bowles R.: „Minimising corruption in tax affairs“, Further key issues in tax reform, Old coach house, Fersfield, 1998.

[76] Пошироко види: Howe G.: „Tax law simplification in United Kingdom“, Further key issues in tax reform, Old coach house, Fersfield, 1998.

прикажаната табела бр. 2 од прилогот на трудот, пак, е претставен *трендот (динамиката) на структурата или уделот на поединечните даночни приходи во вкупните даночни приходи,* од каде можат да се издвојат следниве општи заклучоци во врска со ефикасноста во прибирањето на даночните приходи по различните категории на даноци:

Корпоративен данок на доход. Поради реалниот ризик од намалување на приходите од овој данок, а како резултат на приоритетните реформи за редуцирање на маргиналните даночни стапки, даночните власти во повеќе земји мораа да изнајдат соодветни решенија за компензација на евентуалните можности од таквата појава. Затоа, паралелно со намалувањето на даночните стапки, тие пристапија и кон **зголемување,** или поточно, **проширување на даночната основа** за пресметка на корпоративниот данок. Како доказ за проширувањето на даночната основа се зема анализата за состојбата со даночните ослободувања на амортизацијата на основните средства. Според анализата направена во 19 земји на ОЕЦД, кај 11 од нив е забележана редукција на стапките на амортизација на машините и опремата, кои претставуваат одбитни ставки при пресметката на корпоративниот данок. Само во Ирска и Велика Британија ослободувањата за амортизација опаднаа за 34 процентни поени, додека во Грција, Шпанија и Португалија е забележан обратен процес на подобрување на третманот на амортизацијата.[77] Слично, и бројот на **даночните стимулации и ослободувања забележаа значајно намалување со текот на времето**.

Уште еден аспект од даночните реформи на корпоративниот данок заслужува посебно внимание. Се работи за **зголемувањето на реализацијата на приходите од корпоративниот данок.** Имено, и покрај намалувањето на законските даночни стапки, приходите по овој основ не само што го одржаа темпото со динамиката на БДП и вкупните приходи, туку и го надминаа. Така, според расположливите податоци, учеството на приходите од корпоративниот данок како процент во вкупните даночни приходи кај малите земји порасна од 6,7% на 9,9%, кај средно големите земји од 7,6% на 12,1%, додека кај големите опадна од 9,3% на 8,1%, што резултираше со вкупен пораст кај сите земји на ОЕЦД од 7,5% на 9,9%.[78] На графиконот бр. 7, пак, е илустрирана динамиката на процентуалното учество на приходите од корпоративниот данок во вкупните даночни приходи, од каде што се гледа дека на долг рок постои тенденција на постепен пораст на учеството на овие приходи, и тоа во сите одделни групи на земји-членки на групацијата ОЕЦД.

Графикон бр. 7

Процентуалното учество на приходите од корпоративниот данок во вкупните даночни приходи од 1982-2004

_____ *ОЕЦД вкупно* ---------- *Големи ОЕЦД земји*
-.-.-.-.-.- *Средно големи ОЕЦД земји* ..... *Мали ОЕЦД земји*

[77] Пошироко види: „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, OECD, 2007.
[78] Пошироко види: „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, OECD, 2007.



Извор: „Fundamental corporate tax reform", A tax policy studies, OECD, 2007.

Оваа позитивна појава заслужува посебен коментар. И покрај тоа што најрелевантните причини за таквата тенденција на приходите од корпоративниот данок на доход сè уште не се доволно разјаснети, сепак, се нудат неколку можни одговори. Најпрвин, острата редукција на номиналните даночни стапки во голема мера *беше компензирана од експанзијата на даночната основа преку имплементација на понеповолни решенија за даночниот третман на амортизацијата, но и со елиминација на одредени одбивки и ослободувања од даночната основа.* Понатаму, од 90-тите години на минатиот век па наваму, се случува *повеќекратно зголемување на стапката на профитабилност* на корпорациите, што од своја страна врши зголемување на даночниот капацитет и моќта за подмирување на даночните обврски. Без разлика дали ова е резултат на циклични влијанија или одредени структурни промени, неоспорен е фактот што како промотор на овие промени се јавува и даночната реформа, поточно снижувањето на даночните стапки. *Можно е поради ниските даночни стапки да се случило зголемување на вкупните инвестициони вложувања во корпоративниот сектор.* Исто така, поволните стапки во овој сектор овозможуваат трансфер на капиталот од некорпоративните во корпоративните сектори (инкорпорација), што во крајна мера ги зголемува даночните обврски и приходи по тој основ. Влезот на странските директни инвестиции и трансферот на меѓународниот капитал во земјите со ниски даночни стапки, обезбедуваат дополнителна поткрепа на претходниот аргумент. Ако се резимира, даночната реформа на корпоративниот данок покажа значителни резултати, од аспект на постигнувањето на целите за унапредување на **даночната неутралност во синхронизација со даночната ефикасност,** без притоа да се наруши долгорочната одржливост и стабилност на буџетските приходи. Иако фундаменталната реформа во ова подрачје на даночната политика се состои од комплексни, и многу често, спротивставени прашања, сепак, владите на развиените земји ќе настојуваат да ги одржат приходите на постоечкото ниво, а во исто време ќе преземаат мерки за подобрување на инвестиционата клима.

Персонален данок на доход. Беше укажано дека *персоналните даноци на доход го имаат централното значење во структурата на даночните приходи на развиените земји.* Податоците покажуваат дека реформата на приходите на персоналниот данок се одвиваше во насока на *постепено зголемување на нивното процентуално учество во структурата на вкупните јавни приходи* во земјите на ОЕЦД (види прилог табела бр. 2). Пресуден за ваквата динамика беше растот на приходите од *социјалните придонеси.*

Заради подетална оценка на структурата на приходите од персоналниот данок на доход, како и нивната ефикасност за прибирање на приходи, ќе се направи осврт врз **композицијата на даночниот микс на персоналните даноци.** По методологијата прифатена во ОЕЦД, тој се состои од 3 компоненти, и тоа: *персоналниот данок на доход*, *социјалните придонеси од вработените* и *социјалните придонеси од работодавците, вклучително со т.н. „payroll taxes"*. **Еволуцијата на даночниот микс** е претставена во прилогот, во табелата бр. 4, и тоа како процентуално учество на соодветните компоненти во просечната бруто плата на индивидуалниот работник во временскиот интервал 2000-2006. Од податоците се гледа дека просечното процентуално учество на персоналниот данок на доход во просечната бруто-плата кај индивидуалниот работник бележи мало опаѓање, од 16,2% во 2000-тата година, на 15,9% во 2006 година. Категоријата придонеси од вработен бележи пораст од 10,4% во 2000-тата година на 10,7% во 2006, додека придонесите од работодавците манифестираат нешто позначително опаѓање од 19.6% на 19,0%, респективно. Иако, во целина, *никоја од овие компоненти не покажува поголеми промени*, сепак, споредувано според *поединечни земји, се забележуваат некои релевантни разлики*. Од една страна, Грција, Исланд, Мексико и Холандија ја претставуваат групата на земји кои извршија зголемување на стапките на персоналните даноци. Од друга страна, пак, Финска, Германија, Унгарија, Ирска и Шведска ја сочинуваат групата на земји со тренд на намалување на персоналните даноци. Со оглед дека првата група земји традиционално се познати како земји со потпросечно даночно зафаќање, а другите како земји со натпросечно зафаќање, може да се заклучи дека во набљудуваниот период динамиката на даночното зафаќање се **карактеризира со конвергенција кон просекот на ОЕЦД**.

Од аспект на реформата за унапредување на даночната ефикасност на системот на персоналните даноци на доход, главно може да се резимира дека, всушност, на долг рок и во целина, постои *скромно унапредување на капацитетот за прибирање на дополнителни приходи.* Гледано поединечно, т.е. според одделните компоненти, карактеристично е тоа што *кај персоналниот данок на доход се манифестира тенденција на опаѓање на способноста за прибирање на приходи*, додека кај *социјалните придонеси се случува обратна тенденција на перманентен пораст*. Ова укажува на реалната потреба за поголеми средства за долгорочно финансирање на пензиските системи и системите за здравствено осигурување, кои, исто така, се наоѓаат во фаза на одредени преструктурирања. *Од аспект на реформата за поедноставување на даночните системи, како што е веќе спомнато, во рамки на системот на персоналниот данок на доход се изврши редуцирање на бројот на ранговите, т.е. категориите на доход* (види прилог табела бр. 3). Инаку, ова промена, која е направена во согласност со принципот за поедноставување на структурата на даночниот систем, исто така е комплементарна и со принципот на ефикасноста во собирањето на даночните приходи.

Реформа на даноците на потрошувачка. Даноците на потрошувачка претставуваат еден од најважните извори на приходи во земјите ширум светот. Просечно околу 30% од вкупните приходи во земјите на ОЕЦД произлегуваат токму од овој извор, додека кај другите понеразвиени

земји овој процент е далеку поголем.[79] *Карактеристично за овој тип на данок е тоа што тој претставува еден од најсигурните и најстабилните извори на финансирање на јавните приходи во земјите од ОЕЦД.*

Преференциите за поголемо користење на даноците за општа потрошувачка произлегуваат од вградените позитивни карактеристики. Така на пример, данокот на додадена вредност се *наплаќа на трансакциите низ сите фази на производството и трговијата;* според тоа, претставува повеќефазен данок на потрошувачка. Оттука произлегува дека тој *има доста широка даночна основа и голема моќ за генерирање на даночни приходи, што оди во прилог на унапредување на даночната ефикасност*. Од друга страна, пак, и механизмите за наплата на данокот на додадена вредност *овозможуваат ефикасна контрола на даночните побарувања и обврски во сите фази на трговијата*. Тоа му дава одлика на данок со голем степен на издашност, кај кого постојат мали шанси за даночна евазија.

Во која насока би се движеле конкретните реформи на даноците на потрошувачка во иднина? Иако во годините од новиот милениум даноците на потрошувачка манифестираат постабилни движења, сепак, постои наклонетост кон нивна сè поголема примена во структурата на даночните системи. И теоретската и емпириската наука се согласни дека овие даноци претставуваат еден од најефикасните механизми за прибирање на даночните приходи. Ако се има предвид и општото прифаќање на мерките за штедење во услови на економска криза, во тој случај можно е да се очекува и **понатамошно зголемување на стандардните стапки на ДДВ, заради пополнување на тековните буџетски дупки.** Исто така, водењето на агресивна кампања за сузбивање на продажбата на т.н. штетни производи, може да доведе до зголемување на стапките и на акцизите на овие производи, но крајниот исход ќе зависи, пред сè, од реакцијата и преференциите на крајните потрошувачи кон овие промени.

„Зелените даноци“ како интегрален дел од оваа реформа. Овие даноци, кои според Европската еколошка агенција (European Environment Agency) се нарекуваат изворно „Environmentaly Related Taxes“, се дефинираат како *компулсорни наспропорционални плаќања кон државната каса на даночна основа, која е од особено значење за животната средина.*[80] Притоа, во дефиницијата за овие даноци, надоместоците, казните и другите видови давачки, не се вклучени. За да се направи увид во состојбата со приходите од зелените даноци, во прилогот е презентирана табела бр. 9, која ги дава приходите од еколошките даноци „per capita“, или „по глава на жител“. **Како што јасно се гледа, постои континуиран пораст на просечните приходи по глава на жител** во земјите од групацијата на ОЕЦД во периодот од 1994 до 2008 година, и тоа пораст на аритметичкиот просек од 410 на 643 долари „per capita“, како и пораст на пондерираниот просек од 469 на 953 „per capita“. Гледано по земји, дури кај 28 е потврдена оваа

79 „Consumption Tax Trends 2006 /VAT/GST and Excise Rates, Trends and Administration Issues“, OECD tax policy studies, 2006. стр. 7.

80 Види: www.oecd.org/env/policies/database

тенденција; намалување е регистрирано само во Јапонија и Мексико. Турција се издвојува како земја со најголем релативен пораст за дури преку 10-пати (од 32 долари во 1994 на 346 долари во 2008), додека во апсолутни бројки, најмногу зелени даноци плаќаат граѓаните на Данска (2639 долари во 2008) и Луксембург (2980 долари во 2008), што е за 4 до 5-пати повеќе од аритметичкиот просек во истата година.

Според Европската еколошка агенција при ОЕЦД, постојат повеќе области во кои се применува системот на еколошките даноци, и тоа: загадување на водата, загадување на воздухот, климатските промени, загадувањето на земјата и почвата, областа на менаџментот со отпадоци, областа на менаџментот со природни ресурси, областа на звукот и бучавата, заштитата на озонската обвивка, областа на енергетската ефикасност, транспортот и областа на менаџментот со земјиштето. Според расположливите податоци за 2008 година, во структурата на приходите од еколошките даноци, најмногу средства се собрани од продажбата на безоловниот бензин (137.000 милиони долари), потоа од дизел горивото (73.000 милиони долари), од продажбата на моторни возила (70.000 милиони долари), од бензинот со оловни компоненти (23.000 милиони долари), додека придонесот од другите приходи е значително помал.[81]

Во поблиска иднина, како што повеќе земји ќе се обврзат кон меѓународните договори за конзервација на еколошката средина (како што е, на пример, протоколот од Кјото), но и паралелно со созревањето на светската еколошка свест, *се очекува сè поголемо прифаќање на кампањите поврзани со екологијата.* Во таа насока, се очекува и сè поголема примена на принципите на оданочувањето како средство за постигнување на еколошките цели. Притоа, мора да се има предвид дека користењето на даночниот систем не е примарно имплементирано за генерирање на приходи, туку за постигнување на целите за заштита на животната средина. Меѓутоа, економските експерти предлагаат *компензаторно користење на еколошките даноци како средство за надополнување на приходите од компонентите на даночниот систем кои вршат одредени дисторзии,* и според нив, треба сè помалку да бидат застапени во структурата на јавните приходи. Затоа, можно е да се случи и проширување на даночната основа и листата на производи кои се оданочуваат со еколошки даноци.

Реформа на данокот на имот. Во врска со *даноците на имот, може да се каже дека тие претставуваат еден од најдобрите споредни или алтернативни извори на даночни приходи.* Притоа, во развиените земји, тие имаат поголемо значење во споредба со неразвиените, односно земјите во развој. Исто така, голем дел од приходите на локалните власти произлегуваат од наплата на даноците на имот. Според тоа, можноста за независно финансирање на локалните проекти, и воопшто, финансирањето на локалниот економски развој, е во директна врска со способноста на локалната самоуправа да воспостави ефективен систем на даноци на имот. Значењето на овие даноци, од аспект на финансирањето на локалната самоуправа, се огледа во фактот што во вкупните даночни приходи на субнационално ниво, даноците на имот во земјите од

[81] Види: Европска еколошка агенција (European Environment Agency).

групацијата на ОЕЦД во 2002 година го заземале второто место со 35,1% учество, после даноците на доход, кои имале просечно учество од 37,1%.[82]

Долгорочната тенденција, пак, на приходите од даноците од имот, укажува дека тие претставуваат **доста стабилна категорија на приходи.** Ако се навратиме на табела бр. 2, која се однесува на структурата на даночните приходи во земјите од ОЕЦД за периодот 1965-2007 година, јасно се гледа дека во периодот од 1965 -1985, процентуалното учество на даноците на имот се намалува од 8% на 5%, за да, во периодот што следи, се одржува константно на ниво од 6% од вкупните даночни приходи. *За да се направи поконкретен увид на поновите движења на приходите од даноците на имот, приложена е табела бр. 11,* која ги искажува како процент од вкупниот БДП во периодот од 2001-2008 година. И според оваа табела, може да се потврди **претходно констатираната перманентност** и **непроменливост** на уделот на даноците на имот. Имено, показателот на просечното учество на сите 30 земји, за сите набљудувани години, изнесува константно 1,9%. По одделни региони, показателот за американскиот регион манифестира опаѓање од 2,3% на 2,1%, за пацифичкиот регион пораст од 2,5% на 2,6%, а за европскиот е забележано зголемување од 1,7% на 1,8%. Инаку, Канада, Франција, Луксембург, Велика Британија и САД се издвојуваат како земји кои остваруваат најголеми приходи по оваа основа, а Мексико, Турција и Словачка како земји со најмали приходи.

Поради одликите и можноста за финансирање на локално ниво, за данокот на имот се смета дека поседува *реално неискористени можности за финансирање на локалните власти*. Затоа, **како дел од реформите на данокот на имот се предвидува подобрување на капацитетите за реализација на дополнителни приходи од данокот на имот**. Во таа насока, покрај унапредувањето на ефикасноста на администрацијата, можно е да се очекува и проширување на даночната основа и зголемување на даночните стапки. Потребата за **упростување на системот на даноци на имот** потекнува од фактот што за спроведување и реализација на обврските по оваа основа, се ангажира доста голема и ригидна администрација. Фокусот на вниманието е насочено кон *реформирањето на администрацијата* во смисла на техничко унапредување, обезбедување точност во проценката и зголемување на ефикасноста на собирањето на даноците. Проценката на вредноста на даночната основа, во голема мера е арбитрарна. Според тоа, неопходно се *јавува потребата за попрецизно определување на истата*. Во таа смисла, сè повеќе се случува *паушалниот систем* да се замени со *катастарски систем,* кој имотот на обврзниците го искажува реално и во пазарна вредност.

3.4. Подобрување на праведноста на даночните системи

Во спроведувањето на економската политика, државите се справуваат генерално со две контрадикторни цели. Од една страна, настојуваат да постигнат максимизирачки цели, од аспект

[82] Види: „Fiscal decentralisation in EU applicant states and selected EU member states – Report“, OECD 2002.

на алокацијата на ресурсите, а од друга страна се цели кон постигање на минимални општествено-социјални загуби. Станува збор за двете спротивно поставени цели на фискалната политика: ефикасноста и праведноста. Како што, впрочем, укажува и природата на овие цели, стремежот кон поголема ефикасност во политиката на државата неминовно води до конфликт во насока на реализацијата на принципот на праведноста. *Економската практика потврдила дека најчесто мерките за унапредување на економската ефикасност водат кон нееднаквост во оданочувањето, како што мерките за постигнување еднаквост во оданочувањето, често предизвикуваат дисторзии и нарушувања на економските активности.* **Имајќи го ова предвид, водењето оптимална фискална политика бара постигнување на компромис или „trade off" помеѓу целите на праведноста и ефикасноста**. Современите држави се соочуваат со предизвикот умешно да балансираат помеѓу спротивно поставените цели, и честопати, успешноста на преземените даночните реформи се огледа токму во способноста за постигнување на таквиот компромис.

Суштината на **праведноста**, односно **еднаквоста (i.a. equality)** е принцип на економската политика којшто го воведува нормативната економија, чијшто интерес на истражување е да открие какви треба да бидат појавите, за разлика од позитивната, којашто се занимава со откривање на фактичката состојба на појавите. Според теоријата, *овој принцип може да се мери низ призмата на критериумите* **праведност** и **завист**. Ако се претпостави дека две лица во процесот на дистрибуција на националното богатство добиваат одредени стоки или суми на пари, при што првото лице не ги преферира стоките на другото лице, па според тоа и не му завидува на другото лице, тогаш се вели дека дистрибуцијата во системот е праведна, и обратно.[83]

На пример, ако се претпостави дека функцијата $X=(x_1, x_2,...x_n)$ ја претставува дистрибуцијата на одредена количина добра или пари (m), помеѓу (n) лица, тогаш индивидуалната корисност на секое лице ќе зависи од дистрибуираните индивидуални количини стоки или пари. Ако помеѓу набљудуваните парови на луѓе {i, j}, индивидуалната корисност на лицето i од сопствените стоки е поголема или еднаква на индивидуалната корисност на лицето j од неговите стоки, или $ui(xi) \geq ui(xj)$, тогаш лицето i би ги преферирало сопствените како и стоките на лицето j. Според тоа, лицето i не му **завидува** на лицето j, а системот за дистрибуција е **праведен,** односно **фер** (envy free or equitable system).

Графикон бр. 8
Илустрација за праведна и еднаква дистрибуција во системот

[83] Џон Раулс (John Rawles) еднаквоста ја разгледува низ критериумот праведност. Имено, ако постојат две алтернативи А и Б, тогаш алтернативата А е поправедна од алтернативата Б, само тогаш ако најлошо рангираното лице од алтернативата А е во подобра позиција од најлошо рангираното лице од алтернативата Б.



Извор: Serrano R. Feldman A.M.: „Welfare economics and social choise theory 2-nd edition", Springer, 2006 стр. 218.

На графиконот, вдлабнатата крива (функцијата на корисност) ги поврзува стоките x и x_1, што укажува на индиферентноста во изборот помеѓу лицата i и j. Според тоа, станува збор за праведност во распределбата на стоките. Дури и ако претпоставиме реверзибилна алокација на стоките x^{-1}, при што стоките од лицето j ќе му се дадат на лицето i и стоките од лицето i ќе му се дадат на лицето j, индиферентноста останува и понатаму присутна, а системот праведен. Сликовито, тоа е претставено преку другата испакната крива која изгледа како имиџ во огледало на првата крива. Со оглед дека дистрибуциите на стоките во двата случаи не се *pareto* оптимални (што се гледа од разместеноста на точката с помеѓу двете криви), **следува заклучокот дека праведните и еднакви дистрибуции најчесто не се оптимални (ефикасни), и обратно, ефикасните алокации не се истовремено и праведни**.

Праведноста, односно еднаквоста во оданочувањето може да се интерпретира субјективно, меѓутоа, перцепциите за неа се истоветни. Така, даночната еднаквост може да се набљудува на две основни нивоа: 1. како *хоризонтална еднаквост,* која бара субјектите што се во иста економска состојба да плаќаат и ист износ на данок; и 2. како *вертикална еднаквост,* според која субјектите кои остваруваат повисоки износи на доход треба да плаќаат пропорционално поголем износ на данок.

Кога е во прашање **хоризонталната еднаквост,** треба да се има предвид дека изразот „иста економска состојба" поседува доста релативна димензија како споредбен еквивалент во одмерувањето на даночниот капацитет на обврзниците. На пример, во некои земји, бројот на децата претставува основа за разграничување на паровите или поединците во определувањето на висината на данокот, или пак, тоа може да биде случај и со брачната состојба. Честопати, при оданочувањето, едночлените семејства не се изедначени со двочлените или повеќечлените семејства, затоа што даночната база се пресметува на ниво на вкупен доход на семејство, како што е случај во повеќе развиени земји. Таквиот тип на оданочување создава предност кон лицата поединци, бидејќи нивната маргинална корисност по оданочувањето е поголема од онаа на повеќечлените семејства.[84] Генерално, иако во креирањето на даночната структура се настојува да

[84] Задоволувањето на принципот на хоризонтална еднаквост бара, при споредбата на две одделни семејства со иста корисност пред оданочувањето, да имаат и иста корисност по оданочувањето, со цел истите да се сметаат за еднакви по однос на даночниот третман.

се запази принципот на хоризонтална еднаквост, *сепак, во некои нејзини сегменти јасно се истакнуваат елементите на нееднаквоста помеѓу поединците со слично ниво на доход, пред сè, поради нееднаквиот третман на одредени структури или групи на даночни обврзници.*

Постигнувањето на *хоризонталната еднаквост не мора секогаш да биде во спротивност со ефикасноста на системот*. Имено, поголемата неутралност, која во насока на зголемување на ефикасноста се препорачува со најновите даночни реформи, вообичаено е конзистентна со принципот на хоризонтална еднаквост. На пример, оданочувањето на разните видови на штедење со пропорционална даночна стапка ги лимитира економските дисторзии, но и ја подобрува хоризонталната еднаквост. Слично, и трендот кон униформност во оданочувањето на капиталот на корпорациите и компаниите, како и намалувањето на даночните стапки на прометот на стоките и услугите, истовремено ги содржат елементите на еднаквост и ефикасност. Меѓутоа, во други случаи конфликтноста помеѓу принципите е реално присутна. Поконкретно, со најновите истражувања е потврдено дека оданочувањето на прометот на добра со низок степен на еластичност на побарувачката е сосема оправдано, кога е во прашање ефикасноста и можноста за дисторзија во процесот на економското одлучување. Но, од друга страна, тоа резултира со зголемување на даночниот товар на нискоимотните поединци, и диспропорционално, поголема редукција на нивното расположливо богатство.

Задоволувањето на принципот на **вертикална еднаквост,** пак, бара постоење на даночна структура со **изразена прогресивност,** паралелно со одреден систем на социјални трансфери, преку кој се врши редистрибуција на доходот од побогатите кон посиромашните поединци во општеството. Во врска со него, тесно поврзан е и *проблемот на редуцирање на* **нивото на сиромаштија**. Во системот на пазарните односи, пазарниот механизам дејствува секогаш во насока на максимизирање на добивката на пазарните субјекти. Во тој процес на сурова пазарна конкуренција, успешните поединци богато се наградуваат, додека неуспешните немилосрдно се казнуваат. Додека некои изобилуваат со големи материјални богатства, други се соочуваат со проблемот на основната материјална егзистенција, а тоа е сиромаштијата. **Во рамки на поновите даночни реформи, улогата на даночните системи како ефикасен начин за редистрибуција на доходот и намалување на сиромаштијата, е поставена на повисок приоритет.** Притоа, подигањето на значењето на редистрибутивната улога не се случува само заради постигнување на елементарните социјални цели, туку и заради реализирање на целите на економскиот развој. Како што покажуваат последните достигнувања на теоријата на економскиот развој, нееднаквоста во дистрибуцијата на доходот (како помеѓу поединците, така и помеѓу државите) претставува една од најголемите кочници на порастот на економиите.[85]

Пошироко види: Salanie B.: „The economics of taxation"" The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 149-152.

[85] Пошироко види: Barro R.J.: „Determinants of economic growth", Massachusetts Institute of technology", Forreword, 1998.

Со цел соодветно да се квантифицираат разликите во доходот помеѓу поединците, но и да се оцени ефикасноста на даночната политика од аспект на реализација на принципот на еднаквост, во економската теорија се воведени одредени *мерки на нееднаквоста* и *сиромаштијата*. *Мерките на нееднаквоста главно можат да бидат дефинирани како мерки на дискретни или континуелни дистрибуции на доходот.* Притоа, најголема примена имаат дискретните, односно статистичките мерки. Така, како пример за едноставна статистичка или дискретна мерка на нееднаквоста претставува отстапувањето на доходот во однос на просечниот доход или медијаната. Притоа, основна задача на мерките на нееднаквоста е да се определи одредено просечно ниво на доход, при одредена дистрибуција на индивидуални доходи M, на одреден број семејства H, преку кое ќе се изразува нееднаквоста на одделните доходи во дистрибуцијата и притоа ќе се овозможи споредба и рангирање со други алтернативни дистрибуции на доход ($M^1 \leq M^2 \leq M^3 \leq ..... \leq M^H$).

Економската теорија познава повеќе *видови на мерки на нееднаквоста*. Според една поделба, покрај статистичките мерки, се разликуваат и мерки на богатството и аксиоматски мерки на нееднаквоста.[86] Првиот вид мерки се оние кои ја детерминираат и изразуваат нееднаквоста *статистички*. Покрај отстапувањето во однос на медијаната, како статистички мерки се јавуваат и Лоренцовата крива (The Lorenz curve), коефициентот на Гини (The Gini koeficient), мерката за ентропија на Теил (Theil's entropy measure) и други.[87] Вториот вид на мерки се т.н. *мерки на богатството,* чија цел е да се изведат мерки на нееднаквоста од одредени специфични функции на богатството. Како познат пример за таков вид на мерка е индексот на Аткинсон и Колм (Atkinson-Kolm indeks). Третиот вид го претставуваат оние кои се обидуваат да ја изразат нееднаквоста со одредени средства изведени преку соодветни *аксиоматски претпоставки* (како на пример, аксиомите за симетричност, трансферабилност, апсолутност, релативност и интермедијарност).

Состојбата на сиромаштија не претставува ништо друго освен различен аспект на гледање на истиот феномен на нееднаквоста. Главната дистинкција помеѓу мерките на нееднаквоста и *мерките на сиромаштијата* е во тоа што со последниве се врши идентификација, односно разликување или одвојување на оние семејства кои според определени критериуми се сиромашни, за разлика од оние кои не се сиромашни. Како критериум за разграничување најчесто се зема одредено **ниво на доход, наречено линија на сиромаштија (poverty line)**, врз основа на која семејствата што реализираат доход под таа линија се сметаат за сиромашни. *Според тоа, под сиромаштија се подразбира состојба на недостаток на доволен доход, што резултира со*

[86] Barro R.J.: „Determinants of economic growth", Massachusetts Institute of technology", Forreword, 1998, стр. 72.

[87] Вреди да се спомне коефициентот на Гини кој многу често се користи како мерка за еднаквост на даночните системи во компаративните јавни финансии. Неговата вредност се искажува според формулата:

$$G = 1 + \frac{1}{H} - \frac{2}{H^2 \mu}\left[M^H + 2M^{H-1} + ... + [H-1]M^2 + HM^1\right].$$

намалено ниво на потрошувачка и богатство.[88] Состојбата на сиромаштија може да се разликува како апсолутна и релативна. Концептот на апсолутна сиромаштија претпоставува дека постои одредено фиксно минимално ниво на доход (потрошувачка) што ја дефинира сиромаштијата, независно од местото и времето на живеење. Најчесто, како такво минимално ниво на доход се зема она кое е доволно за задоволување на потребата за храна (диета) неопходна за одржување на здравјето, купување на облека и одржување на покуќнината. Релативната сиромаштија, пак, ги зема предвид стандардите и нормите за нормален живот, во зависност од видот на општеството и времето на живеење. Како што стандардите во определено општество растат, и повеќе материјални и духовни добра се неопходни за достоен живот, така и потребното минимално ниво на доход треба пропорционално да расте.

Квантифицирањето на сиромаштијата, генерално, се потпира врз концептот на линијата на сиромаштија. Ако е позната линијата на сиромаштија z како минимално потребно ниво на доход, тогаш, за едно типично семејство h, кое располага со доход M, изразот $(z - M^h)$ го претставува недостатокот на доход, кој искажува за колку соодветното семејство се наоѓа под линијата на сиромаштија. Ако во дадената низа или дистрибуција на доходи M, бројот на семејства кои се сиромашни е q = q (M, z), и притоа е познат вкупниот број на домаќинства H, *коефициентот на сиромаштија* може да се пресмета преку релацијата E=q / H. Главната предност на коефициентот на сиромаштија е што може едноставно да се пресмета, додека основна негативност е што не укажува на *интензитетот на сиромаштијата* на семејствата што се под референтната линија. Овој недостаток се отстранува со *агрегатната мерка на јазот на сиромаштија* (agregate poverty gap) и *агрегатната мерка на доходовниот јаз* (agregate income gap).[89] Впрочем, и двете мерки даваат претстава за колку набљудуваните семејства се под линијата на сиромаштија, како и за износот на недостатокот на доходот, па според тоа, можат да обезбедат информации и за количината на трошоците што треба да се направат за да се елиминира сиромаштијата. Слично како и кај мерките на нееднаквоста, постојат и други алтернативни мерки на сиромаштија кои се базираат врз одредени аксиоми, како што е мерката на Сен (Sen's measure).[90]

Давајќи им подеднакво значење и на ефикасноста и на еднаквоста, владите се исправени пред предизвикот да дизајнираат даночен систем кој ќе ги задоволи инверзно поставените критериуми. Потребата за задоволување на принципот на еднаквост доведе до **интензивирање на директните социјални трансфери,** но и до **воведување низа даночни и финансиски инструменти,** чија основна задача беше да се оствари поправедна редистрибуција на доходот и ублажување на материјалните разлики помеѓу луѓето. Главно, реформата за подобрување на

[88] Myles D.G.: „Public economics", Cambridge University Press, 2002, стр. 89.
[89] Пошироко види: Myles D.G.: „Public economics", Cambridge University Press, 2002.
[90] Ibid., стр. 89-96.

еднаквоста се спроведуваше во областа на персоналниот данок на доход и данокот на додадена вредност.

Персонален данок на доход. Сржта на реформата од аспект на промоцијата на принципот на праведност **се состои од одржување, па дури и зголемување на степенот на прогресивност на структурата на персоналниот данок на доход.** Според методологијата која ја применува групацијата ОЕЦД, степенот на прогресивност може да се оцени преку споредбата на даночниот товар на индивидуалното лице што заработува пет третини од просечната плата и даночниот товар на индивидуалното лице што заработува две третини од просечната плата. Компарацијата на степенот на прогресивност кој е прикажан во табела бр. 12 од прилогот, *укажува дека покрај настојувањата за редукција на општиот даночен товар, структурата на персоналните даноци успеа да ја одржи нивото на вградената прогресивност помеѓу различните категории на доход.* Како што покажуваат податоците, просечната прогресивност на персоналните даноци на земјите во групацијата ОЕЦД забележува минимален пораст од 16,09 % на 16,33% во набљудуваниот период. Од вкупно 30 земји, само во Луксембург и Шведска степенот на прогресивност останува непроменет, во 11 земји тој е намален, додека во 17 земји бележи пораст.

Притоа, *како добитници од реформата за унапредување на праведноста на системот, можат да се изводјат неколку групи на субјекти: семејствата со деца и лицата со ниски примања*. Како резултат на поголеми кратења на даночните стапки и постепеното зголемување на директните парични трансфери (бенефиции) кон семејствата или поединците со деца, всушност, им се овозможи на овие таргетни групи да располагаат со поголем износ на нето доход. Исто така, и за лицата со ниски примања се изврши редукција на даночните стапки, се воведоа поголеми парични надоместоци, но и се имплементираа инструментите како даночните кредити, со цел да се подобри даночниот третман кон овие обврзници.

Обележје на современите реформи на персоналниот данок е поголемото користење на одредени специфични инструменти, како што се **финансиските бенефиции или надоместоци** и **даночните кредити**. Наместо да се воведуваат големи маргинални даночни стапки, во насока на обезбедување на одредено ниво на прогресивност, имплементацијата на овие инструменти овозможува и во услови на порамна даночна структура да се задоволи принципот на вертикалната еднаквост. Исто така, а како надополнување на претходните инструменти, во развиените земји сè повеќе се развива дебатата за примена и на одредени **хибридни финансиско-даночни инструменти,** чија примарна цел претставува намалувањето на степенот на сиромаштија. Покрај ова, овие мерки можат да го зголемат и степенот на партиципација на одредени таргетни групи во структурата на работната сила, а со тоа и да се постигне извесна редукција на невработеноста. Во оваа смисла, како најпознати инструменти се јавуваат: даночниот кредит на остварен доход (Credit Income Tax – CIT), негативниот даночен кредит (Negative Income Tax – NIT), базичниот или минималниот гарантиран доход (Basic income Guarantee – BIG or Guaranteed Minimum Income – GMI), даночниот кредит на заработен доход (Earned Income Tax Credit – EITC), додатокот за

минимална плата (Wage Rate Subsidy – WRS) и додатокот за дополнително вработување (Marginal Employment Subsidy – MES), како и контроверзната мерка - минимална плата (Minimum Wage).

Реформа на данокот на додадена вредност. Со оглед на регресивниот карактер на даноците на потрошувачка, во минатиот период се преземаа разни мерки за редуцирање на даночниот товар на посиромашните потрошувачи. Во таа насока се воведоа **редуцираните стапки на ДДВ**, понатаму, **нултите стапки на ДДВ**, како и одредени **ослободувања од ДДВ**. Заради стимулирање на малите фирми, сè повеќе земји започнаа да ја применуваат практиката на **ослободување од регистрација на данокот на додадена вредност** за малите трговци до одреден износ на промет.

Главната причина за воведување на редуцираните, нултите стапки и ослободувањата од ДДВ претставува определбата на даночните власти за намалување на даночното оптоварување на посиромашните потрошувачи, имајќи го предвид изразениот регресивен карактер на даноците на потрошувачката. Скоро во сите земји кои се членки на групацијата на ОЕЦД, со исклучок на Словачка и Јапонија, покрај стандардните стапки на ДДВ, се применуваат и повластени и/или нулти стапки на ДДВ на прометот на одредени стоки или услуги.[91] Економистите препорачуваат споменативе мерки од системот на данокот на додадена вредност да се применуваат на следниве категории на добра: 1. есенцијални добра и услуги (медицински и болнички услуги, храна, вода и други егзистенцијални стоки); 2. одредени услуги кои традиционално се сметаат како општествени користи (јавен транспорт, поштенски услуги, јавна телевизија, јавно образование); и 3. одредени активности кои се сметаат како општествено пожелни активности (донации за добротворни цели, културни и спортски активности). Што се однесува до ослободувањата од ДДВ, и тие се применуваат во слични области, вклучително и во одредени сектори, кои, заради историски или практични причини, се ослободуваат од ДДВ (осигурување на имот и финансиски услуги). Тие се имплементирани од страна на сите земји членки, освен Нов Зеланд и Турција.[92] Инаку, под ослободување од ДДВ се подразбира ослободување од пресметка и плаќање на данок на продажба без да постои право на враќање на платениот данок на набавка. Тоа креира прекинување на низата во синџирот на данокот на додадена вредност, за разлика од повластените или нултите стапки на ДДВ, со што се нарушува принципот на неутралноста како негов клучен елемент и се продуцираат извесни дисторзии на даночниот систем.

Што се однесува до ослободувањата од регистрација на данокот на додадена вредност, и тие имаат широка употреба во рамки на споменатите земји.[93] Карактеристично во врска со нив е што тие се категоризирани во 3 основни групи, и тоа: 1. земји со високо ниво на промет до кое се

[91] Конкретни информации за висината на стандардните и повластените стапки на ДДВ во земјите членки на ОЕЦД може да се најдат во: „Consumption Tax Trends 2006 /VAT/GST and Excise Rates, Trends and Administration Issues“, OECD tax policy studies, 2006, стр. 30,31.

[92] Каде поточно се применуваат ослободувањата на ДДВ, види: „Consumption Tax Trends 2006 /VAT/GST and Excise Rates, Trends and Administration Issues“, OECD tax policy studies, 2006, стр. 34-38.

[93] Подетално види: „Consumption Tax Trends 2006 /VAT/GST and Excise Rates, Trends and Administration Issues“, OECD tax policy studies, 2006, стр.32.

врши ослободување од регистрација на ДДВ (над 20.000 долари), во кои спаѓаат 11 земји; 2. земји со ниско ниво на промет до кое се врши ослободување од регистрација на ДДВ (од 2.000 до 20.000 долари), во кои спаѓаат 8 земји; и 3. земји кои не вршат ослободување на малите фирми од регистрација на ДДВ, во кои спаѓаат дури 10 земји.

ГЛАВА 3

Даночните стимулации како инструмент на фискалната политика

„Much of the literature on incentives in development assistance focuses on conditionality – that is, how they can be used as a carrot and stick to modify recipient behavior".

„Поголемиот дел од литературата за стимулациите за поддршка на развојот се фокусира врз условеноста – а тоа е, како тие можат да се употребат во смисла на стапче и морков, со цел да го модифицираат однесувањето на корисникот".

(„Aid, Incentives, and Sustainability" – A main report from SIDA studies)

1. Дефинирање на поимот и карактерот на даночните стимулации

Современите трендови од областа на јавните финансии повторно ја актуализираат темата за даночните стимулации како инструмент на фискалната политика. Во досегашниот развој на литературата, може да се забележи дека постојат извесни контроверзии во врска со определени прашања поврзани со имплементацијата на овие инструменти. Иако некои автори укажуваат на извесни ограничувања на инструментариумот на даночните стимулации, од аспект на нивната ефикасност и економската оправданост, сепак, неоспорен е нивниот позитивен економски ефект во одредени специфични области на влијанија. Пред да се анализираат потенцијалните економски ефекти на даночните стимулации, се поставува прашањето за нивната природа, карактер и поим.

Зборот стимулација, којшто е одомаќинет во македонскиот јазик, се поврзува со англискиот збор **incentive**, кој во превод значи *поттикнувач*, т.е. се однесува на сè *она што поттикнува, односно на сè она што одразни*.[94] Според тоа, *етимолошкото значење* на терминот стимулација потекнува од англо-саксонското говорно подрачје, што во најширока смисла значи нешто да се *„стимулира“*, да се *„поттикне“,* или да се предизвика соодветна реакција или влијание. Според *Модерниот речник на Мекмилијан* (MacMillians Modern Dictionary), концептот на стимулација како мерка ги опфаќа заедно и *екстерниот стимулус* и *интерната мотивација*. Во *институционалната анализа*, пак, терминот се користи во смисла на *перципирани „награди“* или *перципирани „казнувања“* од страна на поединците, како резултат на нивните акциони дејствувања во однос на другите, и обратно, дејствувањата на другите во однос на нив.[95] Имено, наградите (парични средства во вид на грантови и трансфери) што субјектите ги добиваат, или казнувањата (плаќања за зголемени трошоци), понатаму, респектот што го стекнуваат, акумулацијата на нови знаења и вештини се, всушност, видови на екстерен стимулус, што во повратна спрега влијае и врз внатрешната мотивација. Ваквата корелација, во крајна мера, може да индуцира *дополнително зголемување на нивото на посакуваното продуктивно однесување на поединците,* коешто во институционалната анализа се нарекува *позитивна стимулација*. Во услови на добро структурирана пазарна економија, позитивните стимулации ги мотивираат субјектите да инвестираат во активности кои обезбедуваат *не само приватна корист за непосредните преземачи*, туку и *бенефит за пошироката општествена заедница.* За разлика од нив, *негативните или т.н. перверзни стимулации*, се оние кои ги водат индивидуите да не преземаат дејствија со општествено позитивен исход, туку напротив, да бидат инволвирани во активности кои се штетни за другите.

Во економска смисла на зборот, стимулацијата претставува инструмент на економската политика преку кој се постигаат одредени економски ефекти или влијанија, или поточно, инструмент чија цел е да предизвика реакција или однесување на економските субјекти во посакуваниот правец. *Во оваа смисла, стимулациите претставуваат инструмент чија цел е да*

[94] Црвенковски Д., Груиќ Б.: “Англиско – македонски речник”, Наша книга, Скопје, 1990.
[95] „Aid, Incentives, and Sustainability“ - An Institutional Analysis of Development Cooperation, SIDA Studies, стр. 6.

се влијае врз одредени макроекономски цели (ниво на инвестиции, раст на БДП, раст на вработеноста и сл.) преку соодветна позитивна модификација или промена во однесувањето на основните субјекти во економијата. Притоа, пожелната промена во економската активност може да се постигне преку употреба на индиректни стимулативни мерки, како што се, на пример, *даночните стимулации (*tax incentives), или пак, со користење на директни мерки, како што се *финансиските стимулации (*financial incentives). Вака сфатено, значењето на стимулациите може да се поистовети со кој било инструмент на економската политика, па според тоа, тие можат да се наречат и *економски* стимулации. Меѓутоа, покрај економските, во литературата се споменуваат и т.н. *неекономски* стимулации, или стимулации базирани на правила (rule-based incentives), кои претежно ги сочинуваат мерките со *регулаторна природа,* дизајнирани од страна на креаторите на политиката. Како такви се споменуваат одредени релаксирања во законската регулатива со кои се уредуваат одредени економски области (инвестиции, трансфер на капитал, трансфер на работна сила и човечки капитал и слично).

Даночните стимулации кои се примарно насочени да предизвикаат одредена реакција кај економските субјекти, претставуваат специфичен инструмент на економската, односно фискалната политика. Тие како мерка *мора да се разграничат* од финансиските стимулации кои се поистоветуваат со определени буџетски трансфери на средства (грантови, финансиска помош, одредени провизии), како и од регулаторните стимулации, кои се претежно од нормативно-правен карактер. Според тоа, *природата на даночните стимулации не е од финансиска природа* (не предизвикува директен трансфер или одлив на финансиски средства од буџетот), ниту, пак, е од *типично легислативна, односно регулаторна природа*. Во врска со регулаторните стимулации, мора да се истакне дека разликата помеѓу нив и даночните стимулации не е толку прецизна, бидејќи секоја промена на структурата на даночниот систем е поврзана и со одредена промена на законската регулатива. Меѓутоа, регулаторните стимулации се одвојуваат од даночните по својата нефискална, односно неданочна природа (еколошки стандарди, норми поврзани со работната сила, регулатива на финансискиот пазар, социјална регулатива и слично*). Според ова, под* **даночни стимулации** *се подразбираат определени мерки од даночна природа (мерки на даночниот систем), кои, преку дистрибуција на одредени даночни поволности и бенефиции кон економските субјекти (даночните обврзници), настојуваат да ги реализираат утврдените цели на макроекономската политика, пропишани од страна на властите.*

Даночните стимулации можат да се разликуваат како *општи,* т.е. генерални, или *таргетни,* т.е. целни. Под *општи (генерални) стимулации се подразбираат даночните одредби инкорпорирани во даночниот систем, кои се однесуваат на сите потенцијални корисници во стопанството на една држава.* Општите стимулации, според ова, не прават разлика помеѓу одредени сектори, инвестициони проекти, претпријатија, поединци и слично, кога е во прашање реализацијата на целите на даночната политика. Така на пример, имплементацијата на системот на забрзана амортизација на основните средства заради стимулирање и забрзување на акумулацијата на капиталот и инвестирањето во опрема и технологија, доколку се однесува за

сите инвеститори и за сите инвестициони проекти, претставува типичен пример за општа даночна стимулација. Дефинирањето, пак, на *таргетните стимулации, може да се изведе во законска, или, пак, ефективна смисла.*[96] Во законска смисла на зборот, под таргетна даночна стимулација се подразбира специјална, односно посебна даночна одредба наменета за одреден квалификуван економски корисник, што, во суштина, претставува законски пожелна девијација во однос на кореспондентните одредби, наменети општо за сите други корисници. Во *ефективна смисла на зборот,* пак, *специјална даночна стимулација е онаа одредба или пропис која се однесува на одреден квалификуван економски субјект, со којашто се реализира намалување на ефективниот даночен товар на субјектот, споредено со ефективниот даночен товар на останатите субјекти*. Од ова може да се заклучи дека таргетните стимулации, како што самиот поим укажува, се однесуваат на однапред дефинирани и определени конкретни економски корисници (фирми, поединци, сектори, инвестициони проекти и така натаму).

Освен *елементот за посебната определеност на крајниот корисник*, во процесот на разграничување на општите и целните даночни стимулации се внесува и елементот на *неутралноста,* односно во инверзна смисла на зборот, *ризикот од генерирање дисторзии во економијата*. Во основа, генералните стимулации по карактер се неутрални, т.е. не предизвикуваат определени „неправедни“ нарушувања на економските процеси. Таргетните стимулации, поради својот селективен карактер, не се неутрални, односно поседуваат потенцијал за даночна дисторзија. Меѓутоа, *она што е значајно е тоа што таквата девијација која произлегува од инструментот, не се смета како нус-ефект или негативна последица, туку како посакувана поволна состојба на системот.*

Врз основа на претходнава дискусија, можеме да направиме резиме и на тој начин да ги издвоиме најосновните карактерни црти со кои се одликува поимот на даночните стимулации. Тие се следниве:

- Даночните стимулации се мерки или инструменти дизајнирани да предизвикаат (индуцираат) одредена реакција кај економските субјекти. Со посредство на екстерниот стимулус, а во повратна спрега со внатрешниот мотив, економските субјекти самостојно и автономно ги извршуваат оние активности кои се општествено пожелни. По оваа карактеристика, даночните стимулации се изедначуваат со сите други видови на стимулации.

- Даночните стимулации се дизајнирани за остварување или реализација на одредени економски цели. Преку креирање на мотив и одредени влијанија во однесувањето на крајните реципиенти, индиректно се постигнува остварување на зацртаните цели на економската политика, на кои подетално ќе им се посвети внимание во наредните поглавја.

[96] Пошироко види: „Tax incentives and tax design considerations“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003.

- Даночните стимулации не претставуваат мерки од типично финансиска природа. По оваа одлика се одвојуваат од финансиските стимулации кои во основа се состојат од директни трансфери на буџетски средства кон крајните корисници.

- Овие инструменти се пропишуваат со определени правни одредби кои се составен дел на даночното законодавство. Поради легислативниот елемент, имаат заедничка карактеристика со регулаторните стимулации, меѓутоа, за разлика од нив, овие се од типично даночна природа, додека регулаторните во основа се однесуваат на други сегменти од општествено-економскиот систем.

- Даночните стимулации, во суштина, не претставуваат ништо друго, туку определени даночни олеснувања и ослободувања наменети за непосредните учесници во економскиот живот. Според тоа, иако не се дефинираат како директен одлив на финансиски средства, сепак тие претставуваат еден вид доброволно „изгубени“ финансиски приходи (финансиски потенцијал) на државата, кои би биле собрани во случај на нивно неприменување.

- Во основа, даночните стимулации можат да бидат општи и таргетни, ако се земе предвид елементот на посебната детерминираност на крајниот корисник, како и степенот на неутралност. Општите даночни стимулации се главно неутрални и се однесуваат на сите економски агенти, додека таргетните стимулации се селективни и дисторзивни.

- Даночните стимулации можат да егзистираат во повеќе различни форми. Во пошироката литература како најзастапени се среќаваат следниве форми на даночни стимулации: даночниот кредит, забрзана амортизација, даночни одмори, даночни ослободувања, даночни дедукции или изземања, општото или селективно намалување на даночните стапки и други слични даночни инструменти.

2. Класификација и видови на стимулации

Некои видови стимулации беа споменати со цел подобро да се укаже на поимот, природата и карактерот на даночните стимулации, во споредба со другите видови стимулации. Следува поширок и подетален приказ на инструментариумот на даночните стимулации.

2.1. Поделба на стимулациите според целите и начинот на обезбедување погодности

Поделбата на овие инструменти според овој критериум претставува појдовен и најширок пристап во анализата за видовите на стимулации. Како што е познато, гледано од аспект на природата на инструментариумот на стимулациите, се разликуваат финансиски, регулаторни и даночни стимулации. Иако целта на истражувањето на овој труд е да се проучат економските ефекти од даночните стимулации, сепак, заради подобро разбирање на проблематиката поврзана со овие инструменти, но и заради заедничките цели на економската политика, ќе се направи краток осврт и врз финансиските и регулаторните стимулации. Покрај примарните три групи на

стимулации, тука се обработуваат и одредени даночни мерки кои претставуваат вградени решенија на даночниот систем, како и инструментите кои се класифицирани во групата на други поволности.

2.1.1.Финансиски стимулации

Карактеристично за финансиските стимулации е тоа што главно се јавуваат на страната на буџетските расходи. Под финансиски стимулации (или стимулации во вид на буџетски расходи) најчесто се подразбираат *специфични мерки преку кои се остварува одредено позитивно влијание врз одлучувањето на економските субјекти, во насока на остварување на определени економски цели, кои содржат имплицитна можност за одлив на буџетските ресурси од донорот кон крајниот корисник.* Финансиските стимулации најчесто се поистоветуваат со директните трансфери на средства во вид на грантови, но во повеќе случаи тие се поврзуваат и со одредени издатоци за изградба на инфраструктура, техничка помош и обука на човечкиот капитал, особено во процесот на промовирање на домашните и привлекување на странските инвестиции. Постојат повеќе *причини или мотиви* кои ги водат владите кон преземање на чекори за воведување финансиски стимулации.[97] Прво, дестинацијата, односно земјата во која се настојува да се обезбеди понапреден економски развој се перципира од страна на потенцијалните инвеститори како помалку привлечна во однос на другите земји. Со цел да се пратат позитивни сигнали, владите преземаат одредени мерки кои се наменети за т.н. „израмнување на теренот за игра" („leveling the playing field", или „site equalization outlays"), со кои се овозможува изедначување на условите за инвестирање во однос на алтернативните дестинации. Оваа стратегија, во основа, ги содржи *финансиската помош за изградба на инфраструктура* (infrastructure subsides) и *финансиската помош за обука на работната сила* преку посебни јавни програми (job training subsides). Второ, владите можат да се уверат дека фирмите се воздржуваат од инвестирање и поради големите трошоци поврзани со водење бизнис во одредена земја, па затоа настојуваат да субвенционираат дел од трошоците за реалокација. Како конкретни инструменти се споменуваат *финансиската поддршка на трошоците за реалокација и експатријација* (relocation and expatriation support), *административната поддршка* (administrative assistance), и *привременото покривање на дел од трошоците на работната сила* (temporary wage subsides). Трето, државите можат да воведат, покрај општите и селективните финансиски стимулации, кои најчесто се јавуваат во вид на *грантови и кредити по поволни услови* (grants and credits), и мерки за *продажба на реален имот по пониска цена* (real estate), како и мерки за *партиципација во оперативните трошоци* (cost participation).

Според теоријата на јазот (the gap theory) која претставува основа на која се потпира меѓународната политика за финансиска помош, потребно е да е изврши трансфер на поголем обем

[97] Пошироко види: „Checklist for foreign direct investment incentive policies" , An OECD study, 2003, стр. 17-20.

на капитал, за да се стартува или иницира процесот на економскиот развој. Затоа, *примарна цел на меѓународната финансиска поддршка е да изврши инфузија на капитал, инфраструктура и техничка поддршка во земјите каде што тие недостасуваат.*[98] Реализацијата на оваа цел се остварува преку официјалните меѓународни текови на капиталот, од владите на развиените земји и мултилатералните донаторски организации кон крајните корисници. Како основни форми со кои се иницираат финансиските стимулации на меѓународната помош, чија крајна цел е обезбедување на одржлив развој, се грантовите, кредитите и гаранциите.

Грантови (grants). *Под грант се подразбира неповратен трансфер на финансиски средства, добра или услуги од определен донор до крајниот корисник.*[99] Во улога на донори можат да се јават меѓународните организации, поединечни странски влади, националните влади, а во улога на корисници најчесто се јавуваат неразвиените земји, или разни економски субјекти (претпријатија или индивидуи). Грантовите како форма на финансиска стимулација го претставуваат *најатрактивниот и најпосакуваниот инструмент,* поради фактот што не треба да се вратат од страна на корисникот. Според тоа, тие овозможуваат трансфер на пари, добра и услуги кон крајните корисници, а на сметка на донорите. *Како последица на ова, се јавува директен одлив на буџетските средства на донорот, без разлика на формата на трансферот.*[100]

Распределбата на грантовите секогаш е поврзана со постигнување на определени услови од страна на крајниот корисник, преку што се постигнува *врска со реализацијата на целта за којашто се наменети*. На тој начин, преку градење на подобра репутација, заради привлекување на нови фондови, субјектите се мотивираат да извршуваат активности со поголем општествен бенефит (истражување, инвестиции, иновации и слично). Меѓутоа, стимулирачкиот ефект на грантовите, честопати *испарува* во концептот на развојната кооперација. Се разликуваат *неколку сценарија* каде што ова претставува сериозен проблем: прво, честопати се јавува *проблем на трансмисија на буџетските средства,* од донорот, преку министерството за финансии, до крајниот корисник. Домашните влади честопати ги заменуваат, делумно, или во целост, сопствените контрибуции наменети за домашните проекти со оние кои потекнуваат од странство, со што не се постигнува ефектот за дополнителна мотивираност на носителите на проектите (fungibility issue problem). Второ, репутацијата претставува централен линк помеѓу одговорноста на примателот и интересот за реализација на грантот. Имено, средствата од грантовите се доделуваат со цел земјата прималец да може сопствените фондови или ресурси да ги пренасочи за други намени, различни од целта на грантот. Ако не се успее во тоа, односно се појави т.н. „самартанска дилема“, која, неминовно, продуцира зависност од финансиска помош, *се јавува ризик од губење на кредибилитетот на корисникот кај донорот* (кредибилитетот на домашното

[98] „Aid, Incentives, and Sustainability“ - An Institutional Analysis of Development Cooperation, SIDA Studies, стр. 90.

[99] „Aid, Incentives, and Sustainability“ - An Institutional Analysis of Development Cooperation, SIDA Studies, стр. 94.

[100] Според податоците на организацијата SIDA, преку 90% од меѓународната помош за одржлив развој е во вид на грантови.

министерство кај меѓународните организации). И трето, домашните влади дури и да настојуваат да го подигнат кредибилитетот пред донорите, *можно е тоа да не се случи поради разни дејствија на локалните власти,* преку кои, всушност, се воспоставува веригата на грантовите до крајните корисници. Затоа, *грантовите како финансиска стимулација можат да бидат* **доста неефикасни** *во процесот на реализација на целите за кои и се наменети.*

Инаку, **типологијата на грантовите** може да се разграничи на неколку видови. Од аспект на условеноста, грантовите можат да бидат **наменски (earmarked)** и **ненаменски (non-earmarked).** Наменските грантови се оние кои се даваат под услов да бидат искористени за определена специфична намена или цел, и поради тоа мора да бидат контролирани. Ненаменските грантови, за разлика од наменските, можат да бидат искористени исто како да се дел од сопствените ресурси на корисникот, односно без конкретна цел или намена, по желба и потреба на корисникот. Во областа на субнационалното финансирање, ненаменските грантови можат да се потрошат по дискреција на локалните власти на ист начин како да се работи за сопствени локални даночни приходи. Од аспект на фреквенцијата и редовноста, грантовите се разликуваат на **законски** и **дискрециони**. Законските грантови се оние кои се доделуваат почесто и на редовна основа, како дел од вообичаените законски обврски кон корисникот (на пример, на субнационално ниво, со законските грантови се извршува редовното владино финансирање на општините и локалната самоуправа). Како дискрециони грантови се подразбираат оние кои се доделуваат „*ad hoc"* и надвор од утврдените правила и законската регулатива. Тоа значи дека дискреционите грантови по природа се повремени и имаат специфична намена, на пример, за изградба на инфраструктура и слично. Во основа, и законските и дискреционите грантови можат да бидат наменски и ненаменски. Понатаму, наменските законски грантови можат да бидат поделени на **условни (matching)** и **неусловни (non-matching).** Условните грантови се условени од висината на фактичкото или нормативното трошење за јавните сервиси за кои истите се наменети, или се условени од износот на собраните локални приходи поврзани со јавните сервиси. Тие претставуваат комплемент на редовните трансфери на субнационално ниво, што значи, служат за нивно надополнување. Како основа за условување и утврдување на висината на грантовите, можат да се земат: нормативните трошоци по единица услуга, фактичките трошоци по единица услуга или наплатените приходи од единица услуга. Сите ненаменски законски грантови кои не се доделуваат комплементарно на субнационалните трансфери, се сметаат како неусловни. Што се однесува до ненаменските законски грантови, можат да се разграничат на **општи грантови (general purpose grants)** и **блок-грантови (block grants).** И двата имаат заедничка карактеристика што преку нив се овозможува зголемување на приходите на локално ниво, без да се изврши промена на релативните цени на јавните услуги. Разликата е во тоа што општите грантови се доделуваат без некоја конкретна цел, додека блок-грантовите имаат одредена цел. Бидејќи се ненаменски, не се предвидува строга контрола на трошењето на средствата. Основна цел на ненаменските законски грантови е да се унапреди ефикасноста на користењето на локално расположливите ресурси. И на крај, грантовите можат да бидат

реализирани во вид на **капитални издатоци** или во вид на **тековни издатоци.** Според основната типологија, капиталните грантови речиси секогаш се наменски, додека тековните попримаат форма на ненаменски.[101]

Кредити (credits or loans). *Кредитите претставуваат трансфери на средства од донорите кон корисниците, за кои е потребно враќање на истите после одреден период, зголемени со определен надомест – камата.* Постојат повеќе типови на кредити кои се разликуваат во однос на периодот на враќање, периодот на започнување на враќањето, како и во зависност од големината на каматата. Во процесите на меѓународната финансиска помош, кредитите најчесто имаат карактер на *концесионерски* (финансирани од повеќе извори, односно влади или организации) и *меки* (имаат подолг грејс-период и помала каматна стапка во однос на кредитите од комерцијалните банки).

Суштински, постојат неколку битни *разлики помеѓу грантовите и кредитите*. Имено, грантовите претставуваат неповратен трансфер на средства, со што фактички тие остануваат во сопственост на корисникот. За разлика од нив, кредитот претставува *должничко-доверителен однос помеѓу донорот и крајниот корисник*, така што обврската за враќање на средствата со камата останува на страната на корисникот. Поради ова, кредитот ги обврзува земјите примателе да имаат *поголема одговорност кон проектите финансирани со кредити,* затоа што инволвирањето во кредитниот однос претставува, воедно, и зголемување на долгот на земјата. Овој мотив се нарекува, со други зборови, *дисциплинирачки мотив (disciplinary motive)*. Бидејќи доста често кредитите имаат форма на концесионерски кредити кои се широко пазарно–финансирани од повеќе извори, тековите на капиталот кон корисниците се доста посилни и подиверзифицирани, за разлика од грантовите, што значи, постои т.н. *диверзифицирачки мотив (leverage motive)*. И конечно, кредитите даваат посилен и почист комерцијален сигнал кон крајниот корисник, така што вршат стимулација да го води бизнисот поефикасно, доколку сака навреме да го врати. Ова значи дека поседуваат и *сигнализирачки мотив (signalling motive*).

Вредноста на кредитот како вид на стимулација се огледа токму во карактерот на позајмените средства на релација донор–корисник. Всушност, овие средства кои се инвестирани во проектот на корисникот се во сопственост на донорот и на тој начин тој има *непосреден удел во сопственоста на проектот на кредитобарателот,* како и во успехот од неговата работа, овозможувајќи **контрола** на враќањето на кредитот. Оттука, поврзувањето на сопственоста и одговорноста во процесот на финансирање обезбедува *поголем степен на ефикасност на овој инструмент, во споредба со грантовите.* Меѓутоа, опасност постои ако се создаде ситуација на одвојување на сопственоста и одговорноста, како што тоа често се случува во системот на развојната меѓународна кооперација, и тоа во случај на финансирање на одделни развојни

[101] Пошироко за типологијата на грантовите види: Bergvall D., Charbit C., Kraan D.J., Mer O.: „Intergovermental Transfers and Decentralized Public Spending“, An OECD Journal on Budgeting, 2006, стр. 115-119.

проекти и одделни развојни програми.[102] Во таков случај, доколку развојните програми наидат на неуспех, повторно се воспоставува хронична зависност од финансиска помош, со што се постигнува негативен ефект на потиснување на приватните инвестиции, за сметка на донорските инвестиции (crowding out), а оттаму и уназадување на одржливиот развој.

Гаранции (guaranties). *Гаранциите претставуваат финансиски стимулации со кои се олеснува финансирањето на проектите кои користат приватни извори на капитал, преку гарантирање на враќањето на средствата со кои се финансираат истите.* Всушност, со гаранциите гарантот (во овој случај, потенцијалниот донор, бидејќи „*de facto*" сè уште не е извршен трансфер на средствата) *го презема ризикот од невраќање на средствата со кои е покриен инвестициониот проект.* Најчесто гаранциите се однесуваат за инфраструктурните проекти кои се финансираат од многубројни приватни ризични извори на капитал. Притоа, се разликуваат три различни видови гаранции кои покриваат три различни видови на ризик.[103] *Инвестиционите гаранции* ги покриваат политичките и инвестиционите ризици на меѓународните проекти, *кредитните гаранции* го сносат кредитниот ризик на земјите во развој, и *перформансните гаранции* ги обезбедуваат инвеститорите од ризикот од недостаток на регулатива и легислатива во земјите - дестинации на проектите.

Негативната страна на гаранциите како инструмент потекнува од нивниот претежно селективен карактер. Додека со нив се постигнува редукција на ризикот на поединечните фирми кои сакаат да инвестираат во одредени индивидуални проекти, со овие селективно одбрани проекти се праќаат негативни сигнали до крајните корисници. Имено, сè додека со нив се врши компензација на ризикот кај корисникот, тој нема да биде заинтересиран да го унапреди своето работење, што претставува дел од проблематиката на моралниот хазард. Во меѓународното финансирање, пак, зачестеното користење на гаранциите може да продуцира одложување на фундаменталните институционални реформи неопходни за елиминирање на ризикот и создавање на поволна инвестициона клима.

Финансиските стимулации кои можат да бидат дистрибуирани во форма на грантови, кредити и гаранции, најчесто се среќаваат во *повеќе различни модалитети.* Модалитетите рефлектираат конкретна конфигурација на правила, кои на корисникот му помагаат полесно да го разбере институционалниот концепт на стимулацијата во системот на развојната кооперација. Како најпознати се појавуваат следниве: финансиската помош за проекти (project aid), финансиската помош за програми (programme aid), секторската поддршка (sector programme support), хуманитарната поддршка (humanitarian assistance), поддршката за невладиниот сектор

[102] Пошироко види: „Aid, Incentives, and Sustainability" - An Institutional Analysis of Development Cooperation, SIDA Studies, стр. 96.
[103] Ibid., стр. 97.

(NGO support), техничката поддршка (technical cooperation) и поддршката за истражување и развој (research cooperation).[104]

Поддршката за проекти претставува модалитет на финансиска стимулација обезбедена од разни донори за специфични краткорочни и среднорочни активности кои ги презема корисникот. Всушност, со проектните фондови се покриваат трошоците и издатоците поврзани со одредени капитални инвестициони проекти, разни оперативни трошоци, трошоци за обука на работната сила и слично. Нивна примарна цел е да ги активираат оние основни фактори на производството, како што се физичкиот и човечкиот капитал, за коишто крајниот корисник нема волја, или пак, доволно фондови тоа да го стори.

Програмската поддршка, за разлика од проектната, е фокусирана кон реализација на општите генерални стратешки цели на корисникот (во случај ако се работи за поддршка во рамки на националната економија), или кон поддршка на примарните макроекономски цели на земјата корисник (ако се работи за меѓународна финансиска помош). Според тоа, крајната цел на програмската поддршка е многу поширока, а тоа е да ги убрза економските и институционалните реформи во земјата корисник.

Секторската поддршка претставува модалитет на финансиска помош, чија иницијатива е да се помести вниманието на поддршката од индивидуалните проекти кон поддршка на целокупниот сектор на дејноста. Најчесто, карактерот на финансирањето е долгорочно и се базира врз идејата дека обезбедувањето на средства само за индивидуалните проекти во секторите кои се соочуваат со тешкотии, е контрапродуктивно.

Со *хуманитарната поддршка* се настојува да се постигне превенирање или одговор (реакција) на одредени акутни ситуации во случај на природни или човечки катастрофи, а наменета е за оние коишто се директно погодени од нив. Значајно е тоа што со хуманитарната помош не се отстрануваат само непосредните последици од катастрофите, туку се настојува да се развие соодветен локален капацитет и механизам за менаџирање во кризни ситуации.

Финансиската помош за *невладиниот сектор* или за т.н. невладини организации се однесува за одредени верски, религиозни или црковни организации, солидарни групи, трговски унии, друштва за заштита на животните и еколошката средина, разни популарни движења, па дури и политички групи, кои се интегрален дел од заедничкото општество и политичката култура. На овие организации се гледа како на комплементарен дел на владиниот сектор, кои како одредени форуми овозможуваат граѓаните непосредно да партиципираат во процесот на колективната акција при решавањето на проблемите од заеднички општествен интерес.

Основната цел на *техничката поддршка* како модалитет на финансиска помош е да овозможи развој на човечкиот фактор во процесот на економскиот раст на некоја земја. Најчесто таа се реализира со испраќање на експерти и консултанти за одредени проекти кои ќе овозможат

[104] „Aid, Incentives, and Sustainability“ - An Institutional Analysis of Development Cooperation, SIDA Studies, стр. 102.

побрз трансфер на „know –how“ вештини и технологија, и на тој начин унапредување на акумулацијата на човечкиот капитал.

Со *поддршката за истражување* се индуцираат и промовираат разните научни истражувања и иновативноста како основни двигатели на техничко-технолошкиот процес.

2.1.2. Регулаторни стимулации

Најголемиот дел од содржината на регулаторните стимулации се наоѓа во доменот на привлекувањето на странските директни инвестиции и инвестиционото вложување. *Под регулаторни стимулации се подразбира збир на* **административни услови** *понудени од страна на националните влади кон странските фирми, со цел да инвестираат во домашната земја, а кои не се од даночна или финансиска природа.*[105] Според друга дефиниција, под *регулаторни стимулации се подразбира политика наменета за привлекување на странски меѓународни претпријатија со инструменти и мерки кои се состојат од дерогации или менување на националните или субнационалните регулативи и правила.*[106] Според тоа, политиката на регулаторните стимулации може да се сфати како еден вид остра конкурентска трка (во смисла на олабавување или затегнување на административните и законските прописи) помеѓу националните економии во светот, заради привлекување на странските инвеститори. Симболично ја нарекуваат „трка до дното“ или „race to the bottom“, во случај на олабавување, односно „трка до врвот“ или „race to the top“, во случај на затегнување на правилата. Притоа, ваквата конкурентска битка може да се набљудува од два аспекта: од една страна тоа е *обемот и квалитетот на инвестициите*, а од друга страна е прашањето за тоа дали овој процес *генерира ефект на загуба на богатството во конкретната земја – „welfare loss“*.

Според економската теорија, *јавните регулаторни интервенции се оправдани само во случај кога пазарните механизми се некомплетни или неефикасни.* Во таква ситуација, политиката на регулаторните стимулации најчесто е фокусирана врз три основни проблеми: 1. да ги обезбеди или заштити сопственичките права; 2. да ги коригира економските екстерналии; и 3. да се превенира злоупотребата на монополите. *Првиот критериум* се однесува за регулативата со која се обезбедува цврста заштита на сопственичките права, правата на потрошувачите и слободен влез на пазарот. *Вториот критериум* ги обезбедува минималните стандарди во доменот на пазарот на работната сила и заштитата на животната средина. Се настојува да се изврши интернализација на трошоците на производството на фирмите кои ја загадуваат средината. Исто така, потребно е да се обезбеди координација помеѓу мобилноста на капиталот (инвестициите) и мобилноста на квалификуваната работната сила. *Третиот критериум* се однесува за регулативата за заштита од монополските тенденции.

---

[105] Fitzgerald V.: „Regulatory investment incentives“, An OECD study, Finance and Trade Policy Research Centre, Oxford University, 2001, стр. 2.

[106] „Checklist for foreign direct investment incentive policies“ , An OECD study, 2003, стр. 17.

Регулаторните стимулации имаат влијание врз процесот на инвестиционото одлучување преку три основни механизми. Првиот механизам се состои од директниот ефект или влијание врз *оперативните трошоци* на странските фирми. Построгите стандарди на пазарот на работна сила и поцврстата регулатива за заштита на животната средина ги подигаат оперативните трошоци на производството на странските инвеститори, и обратно. Вториот механизам се однесува на *чувството на неизвесност од иднината* од страна на инвеститорите, а во врска со промената на регулативата. Имено, домашните земји, водени од социо-економскиот прогрес, можат да ги заострат стандардите во споменатите области, што неминовно продуцира поголем степен на неизвесност кај странските фирми, а со тоа и поголема барана стапка на поврат на своите инвестиции. Меѓутоа, за разлика од повеќето фирми, големите интернационални корпорации во водечките специфични сектори, како што се телекомуникациите, воздушниот сообраќај или банкарството, се во голема мера позитивно наклонети наспрема строгите правила, бидејќи ја зацврстуваат својата позиција на пазарот токму со помош на интелектуалните права: патенти, лиценци, трговски марки (брендови) и слично. Всушност, овие фирми, во построго регулирани услови на стопанисување, се чувствуваат посигурно и бараат помала стапка на принос. И третиот механизам, кој е последица на големината на бараната стапка на поврат, е *ефектот на намалување или зголемување на пазарната вредност на акциите и сопствениот капитал* на фирмите. Во случај на очекувана поголема барана стапка на принос, инвеститорите антиципираат помала вредност на сопствениот капитал, што во крајна мера ги одвраќа од инвестирање, и обратно.

Во основа, можат да се идентификуваат неколку конкретни подрачја на употреба на регулаторните стимулации во практиката на земјите, и тоа: регулатива за заштита на сопственоста и имотните права, односно регулатива за влез на пазарот, стандарди за заштита на животната околина, стандарди и регулатива за пазарот на работната сила, и подрачјето за меѓународна координација на регулативата.[107]

Цврстите стандарди за заштита на имотните права влијаат позитивно врз инвестиционите одлуки и на тој начин ги охрабруваат странските директни инвеститори да *влезат на пазарот* во домашната земја. Зголемените ризици од експропријација на основните средства, како и неразвиеноста на правните механизми за заштита на интелектуалната сопственост (патенти и лиценци), можат сериозно да го намалат квантитетот и квалитетот на странските ивестиции, особено во секторите кои бараат трансфер на современа и напредна технологија. Како друга битна димензија на регулативата со сопственичките права, се јавува степенот и интензитетот на приватизацијата на државните претпријатија. Современите трендови на приватизација што се случија во последниве 20-тина години, го забрза растот на странските директни инвестиции во светот преку сопственички преземања, спојувања и аквизиции во повеќе земји во светот, особено во секторите како што се телекомуникациите, енергетиката и

[107] Пошироко види: Fitzgerald V.: „Regulatory investment incentives“, An OECD study, Finance and Trade Policy Research Centre, Oxford University, 2001, стр. 4-14.

банкарството. Ваквиот процес на експанзија на мултинационалните корпорации се нарекува „хоризонтална интеграција“, што значи ширење на бизнисот со извршување на слични дејности и активности надвор од матичната земја. Спротивно на очекувањата, строгите и рестриктивни правила во доменот на имотните права, како и строгите бариери за влез, можат да се покажат контрапродуктивни само во одреден мал број на дејности, како што се, на пример, трговијата и малопродажбата.

На секторите кои се склони кон продуцирање на големи загадувања на околината, како што се рударството и експлоатацијата на природните богатства, нафтената индустрија, понатаму, хемиската, металопреработувачката, индустријата за производство на хартија, и слично, кај кои, впрочем, трошоците за заштита на животната средина претставуваат голем дел од производната цена на чинење, во принцип им одговара полабава **регулатива и правила за заштита на еколошката средина.** Меѓутоа, вложувањето во овие специфични сектори претежно се води во зависност од обилноста, квалитетот и достапноста на ресурсите, големината на пазарот и степенот на обученост на работната сила, така што доминантните инвеститори *се веќе позиционирани во познати географски локации,* без поголема можност за трансфер и мобилност на капиталот и опремата. Со оглед на големиот степен на ригидност кон еколошките правила, овие индустрии се потпираат многу повеќе врз политиката и практиката на *претходно преговарање* за условите за работа, пред да донесат одлука за влез во некоја странска земја, отколку да се раководат според веќе постоечките и фиксни регулативи. Од ова произлегува дека *еколошките стандарди имаат многу мала улога и значење* во трката за конкуренција и привлекување на странски директни инвестиции. Затоа, во светот скоро и да не постои место кое може да се квалификува како т.н. „рај за загадувачи“, односно, „pollution heavens“, кое би претставувало магнет за привлекување на индустриите кои ја загадуваат средината.

За разлика од претходниве области на регулаторните стимулации, **во доменот на работничките стандарди** *постојат и меѓународно утврдени и меѓународно прифатени правила.* Тие, главно, се состојат од разни меѓународни декларации за заштита на човечките и работничките права, како што се Универзалната декларација за човечките права при Организацијата на обединетите нации, и разните декларации донесени од страна на Меѓународната организација на трудот. Всушност, меѓународната регулатива го претставува јадрото или сржта на стандардите за работната сила, односно минимумот стандарди кои треба да ги исполнат земјите потписнички на декларациите и протоколите. Што се однесува до конкуренцијата за привлекување на странските директни инвестиции, може да се каже дека *меѓународниот капитал преферира поголем степен на флексибилност во оваа сфера на регулативата.* Поконкретно, во последните 20-тина години, помеѓу САД и ЕУ, кои се карактеризираат со далеку построги национални стандарди во споредба со меѓународните стандарди, постоеше тесна конкурентска битка за олабавување и поедноставување на правата на работниците, заради постигнување на гореспоменатата цел. Во тој процес, како сектори со најголем степен на флексибилност кон оваа регулатива се одвојуваат оние со изразито

трудоинтензивен карактер: електроника, индустрија за чевли, текстилна индустрија, односно оние каде што цената на трудот претставува најголема компонента на цената на чинење на крајниот производ. Сепак, овие сектори се воедно и најранливите, ако се земе предвид сè поголемиот притисок за олеснување на работничките стандарди, со ризик од нивно спуштање дури и под минималното ниво на меѓународните стандарди. Во таква ситуација, истражувањата потенцираат дека странските компании, освен во Кина, не преферираат да работат во услови кои се далеку под основното јадро на минималните работнички права.[108]

Нема сомнение дека нивото и спектарот на регулаторните стимулации во земјите ширум светот бележи проширување во текот на минатите години, што со себе ја повлекува потребата за **меѓународна координација и синхронизација** *на оваа проблематика.* Најголемата причина за покренување на процесот на меѓународно или регионално усогласување на националните регулативи претставува токму опасноста од енормното зголемување на економско-општествените трошоци, коишто би предизвикале ефект на општа или глобална загуба на богатството (global welfare loss), а којашто се јавува како споредeн производ од трката за олабавување на националните прописи. Во современиот свет, каде што дистрибуцијата на капиталот и технологијата е нееднакво распоредена помеѓу различните земји и меѓународни корпорации, конкуренцијата за регулаторни стимулации води кон сериозни пречки во општиот економски развој, од што корист ќе извлечат само малите и неразвиени земји со низок кредибилитет и ниска преговарачка моќ во процесот на привлекување на странските инвестиции. Во таа насока, ширум светската јавност постепено се раѓа висок степен на колективна свест за неопходноста од интернационална координација на регулаторните стандарди. Притоа, во табела бр. 1 се сумирани областите во одредени земји каде е потребно да се посвети поголемо внимание од аспект на синхронизацијата на регулативата.

Табела бр. 1

Нивоа на потенцијална заинтересираност за одделните регулаторни политики

ОБЛАСТ	ОЕЦД земји-членки		Земји кои не се членки на ОЕЦД	
	Индустријализ.	**Неиндустријализ.**	**Средно развиени**	**Неразвиени**
Имотни права	занемарлива	занемарлива	умерена	умерена
Работнички права	занемарлива	ниска	умерена	висока
Екологија	занемарлива	умерена	умерена	висока

Извор: Fitzgerald V.: „Regulatory investment incentives", An OECD study, Finance and Trade Policy Research Centre, Oxford University, 2001, стр.11.

2.1.3. Даночни стимулации

Во поширокаата литература на јавните финансии постојат повеќе видови на инструменти кои се карактеризираат како даночни стимулации. **Нивна општа карактеристика** *е дека тие претставуваат интегрален дел на даночниот систем на поединечните земји (имаат типично даночна природа) и претставуваат вид на даночна одредба. Тие се дизајнирани заради реализација на определена економска цел, преку промена на однесувањето на економските*

[108] Пошироко види: Fitzgerald V.: „Regulatory investment incentives", An OECD study, Finance and Trade Policy Research Centre, Oxford University, 2001, стр. 7-8.

субјекти. Преку нивна имплементација, всушност, дистрибуцијата на даночната поволност до крајниот обврзник се реализира врз основа на стандардните елементи на даночниот систем (даночен обврзник, даночна стапка, даночна основа, даночна обврска или износ на платен данок). Во таа смисла, мерките од оваа група на даночни стимулации можат да ги добијат следниве форми или облици, како што се: стимулации според висината на даночната стапка (општо или селективно намалување на даночните стапки), даночниот одмор или времените даночни ослободувања, даночниот кредит и даночните одбивки. Како популарна мерка за стимулирање на капиталните вложувања, тука се вбројува и забрзаната амортизација.

а. Даночни стимулации според висината на даночната стапка

Поголемиот број на студии укажуваат на влијанието на оданочувањето врз инвестициите и економскиот развој. *Во принцип, висината на даночните стапки (или висината на даночното оптоварување) е важна за секоја инвестициона одлука, затоа што од даночната стапка директно зависи профитабилноста на инвестициониот проект.* Секој поединечен инвеститор би одбрал проект со помала изложеност на даночниот товар, во споредба со друг со поголема изложеност, иако имаат идентични стапки на ризик и барана стапка на поврат. Затоа, повеќе земји предвидуваат одредени намалувања или редукции на даночните стапки, за да го зголемат нивото на домашните или странските инвестиции. Според тоа, даночните инструменти кои се состојат од намалување на даночните стапки, имаат за цел да создадат одредени стимулации кај економските субјекти за интензивирање на активностите, како што се, на пример, инвестициите, извозот, вработувањето и слично. Ако редукцијата на даночните стапки се однесува за сите сектори, без разлика на видот на инвестициониот проект, тогаш се работи за *општо намалување*; во спротивен случај, станува збор за *таргетно или селективно намалување* на даночните стапки. Во зависност, пак, од видот на даночната стапка која е предмет на намалување, во литературата најчесто се споменуваат *намалувањето на стапката на корпоративниот данок*, *редукцијата на персоналниот данок и социјалните придонеси* и *намалувањето на стапките на царините и увозните давачки*. *Намалувањата на стапката на даноците на потрошувачка* (стапката на ДДВ, општа или преференцијална) немаат голема улога во процесот на инвестиционото одлучување, затоа што преку механизмот на цените, даночното оптоварување се префрла од производителите, на товар на потрошувачите. Во таа смисла, поголем ефект нудат одредени даночни ослободувања кои преставуваат формално друг вид на даночни стимулации.

Редукција на стапката на корпоративниот данок. Корпоративниот данок на доход (данок на добивка или профит) добива најмногу внимание од аналитичарите кога станува збор за привлекување на странските инвестиции, затоа што од него најдиректно зависи *висината на профитот на корпорациите.* Имено, во повеќе студии е дојдено до значајни заклучоци за поврзаноста, односно негативната корелација помеѓу висината на ефективните стапки на корпоративниот данок и нивото на странски директни инвестиции. Според тоа, основно мерило за

ефикасноста на овој инструмент на даночните стимулации претставува ефективната даночна стапка, којашто се добива преку споредба на корпоративните приходи во странската земја со вистинскиот реален профит на корпорацијата во таа земја. Меѓутоа, проценката на реалниот профит претставува доста комплицирана работа, со оглед на егзистенцијата на разни мотиви за прикривање и префрлување на профитот преку системот на трансферните цени. И покрај *тешкотиите во проценката на реалниот или ефективниот даночен товар*, *сепак, висината на даночните стапки има одредено сигнализирачко значење во тековите на меѓународниот капитал и инвестиционото одлучување.* Така, според една студија, се укажува дека дури 57% од менаџерите на транснационалните компании во рамки на ЕУ секогаш ги земаат предвид законските стапки на корпоративниот данок како релевантен услов при одлучувањето во која земја ќе го насочат бизнисот.[109]

Постојат повеќе *модалитети на намалување на даночните стапки.* Покрај *селективното* и *општото* намалување, некои земји ги редуцираат стапките на корпоративниот данок за одредени економски активности, како на *перманентна,* така и на *привремена* основа. *Целосното ослободување* од корпоративниот данок (оданочување со нулта стапка на профитот на корпорациите) може да преставува случај кај даночните одмори. За разлика од нив, кај т.н. „офшор“ (offshore) дестинации (Маурициус, Сингапур, Кипар, Барбадос, Луксембург и други), каде што се сместени многу координативни центри и оперативните седишта на мултинационалните компании, најчесто се практикува оданочување на профитот по *многу мали даночни стапки, но само за странските корпорации и претпријатија*. Некои земји, пак, нудат намалени даночни стапки само за *одредени типови на инвестиции*, додека, пак, други, за *инвестиции во одредени специфични локации или региони (економски и други преференцијални зони).* Во процесот на намалување на стапките на корпоративниот данок, главните потешкотии произлегуваат од *нејасното дефинирање на критериумите за тоа кои делови од профитот да бидат квалификувани за оданочување по пониска стапка*. Затоа, корпорациите ќе настојуваат во својата интерна политика да имплементираат стратегија со која ќе ги преценат трошоците на оние активности кои се оданочуваат со поголема даночна стапка, а да ги потценат трошоците на оние со редуцираната стапка.

Намалување на стапката на персоналниот данок и социјалните придонеси. Во споредба со корпоративниот данок, овие даноци имаат помало влијание врз перцепцијата на инвеститорите, па според тоа и помал ефект во процесот на стимулирање на домашните и странските инвестиции. Сепак, *редукцијата на општите стапки* на персоналниот данок и стапките на социјалните придонеси може да ја надополни сликата за постоењето на поволна инвестициона клима во земјата. Овие инструменти можат да се покажат солидни единствено во оние сектори кои се карактеризираат со *високо ниво на трошоци за работна сила*. Емпириските истражувања потврдуваат дека секторите со голем степен на трудоинтензивност, како што е, на

[109] „Competition for FDI and the role of taxation“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003 стр. 32.

пример, текстилната индустрија, трагаат по дестинации кои имаат помали зафаќања на бруто-платата по основ на персонални даноци и социјални придонеси. Намалените стапки на овие даноци во комбинација со други специфични инструменти на даночните стимулации (даночниот кредит), можат да ја зголемат *стапката на општата или регионалната вработеност* во земјата, но и да придонесат за *зголемување на партиципацијата на одредени категории на работници во работната сила*. Заради унапредување на мобилноста на трудот, во меѓународни рамки е воспоставена практика да се одобруваат привилегирани даночни третмани на вработените менаџери и работници кои работат во афилијациите на странските компании во други земји. Притоа, повластените третмани можат да бидат во форма на *одредени даночни ослободувања (за акомодација, одвоен живот или образование на децата)*, но и во облик на *целосно ослободување од плаќањето на даночната обврска* до определен износ.

Намалување на увозните даноци и царинските давачки. *Ефектите на увозните давачки, во основа се двонасочни. Од една страна,* високите стапки на увозни и царински давачки играат улога на т.н. *тарифен ѕид*, кој обезбедува заштита од увозната конкуренција. Високите давачки, во овој случај, ги стимулираат мултинационалните корпорации да инвестираат во домашната економија (промовирање на пазарно-ориентираните инвестиции), наместо да вложуваат во извозно-ориентираните активности. *Од друга страна*, високите увозни давачки на опремата и машините ги *поскапуваат иницијалните инвестиции и трошоците на увозните репроматеријали,* што може да води до постепено дестимулирање на странските директни инвестиции. Од последново произлегува дека ослободувањата по овој основ, или воопшто, намалувањето на стапките, претставува *битен фактор во инвестиционото одлучување*, а според повеќето аналитичари, и едни од највредните и најкорисните видови инвестициони стимулации. Високата вредност на овој инструмент доаѓа од *неговата независност од профитот на корпорациите*. Имено, малите царини и увозни давачки можат да се интерпретираат како вид *авансна или однапред доделена корист*, односно почетна заштеда на инвеститорите, која ги намалува иницијалните трошоци на инвестицијата која сакаат да ја преземат.

Намалувањето на увозните давачки, според меѓународната практика, најчесто се применува на *целата увозна опрема*, а поретко само на *одредени специфични категории на опрема,* како што се, на пример, технолошки напредната технологија и машинерија. Ова правило важи и за *увозните компоненти на суровините и репроматеријалите* наменети за производство. Ослободувањата од цариниte и давачките само за селективните проекти и инвеститори, можат сериозно да ги нарушат конкурентските односи и да предизвикаат даночна дисторзија. Затоа, според принципите на меѓународната трговија, намалувањето на увозните даноци се препорачува да биде од *општ карактер*. Во практиката на странските земји, понекогаш се јавува *ризик од злоупотреба* на оваа даночна стимулација, во смисла што ослободеното увозно добро, наместо за производна потрошувачка, да биде наменето за продажба, односно за широка потрошувачка. За да се избегне оваа појава, некои од развиените земји како единствена категорија на опрема која е предмет на ослободување од царини и увозни давачки ја сметаат само т.н. „*чартер" опрема,* или

со други зборови, дополнителните вложувања во опрема од страна на транснационалните корпорации.

Редукција или ослободувања од данокот на имот. По однос на карактерот и ефикасноста, се изедначува со претходната даночна стимулација. И оваа фискална мерка најчесто се употребува за *стимулирање на инвестиционото вложување. Таа не зависи од стапката на профитабилноста* на проектот, и воедно, нуди *моментална* и *брза корист* на потенцијалниот инвеститор. Дури содржи и дополнителни предности, а тоа се *предвидливост* и *стабилност на мерката*. Доколку е предвидена како даночна стимулација, тогаш инвеститорот со сигурност и однапред ќе знае колкаво е намалувањето на трошоците на иницијалната инвестиција (на пример, во одредена недвижност). Ефектот од овој инструмент наликува *на примање на определен паричен грант* кој се распределува рамномерно на бројот на годините од животниот век на средството. Најчесто се применуваат како дел од *генералните* или *регионалните развојни политики*, а се реализираат во поголем обем од страна на *локалната,* отколку од *централната власт*.

б. Даночни одмори или времени даночни ослободувања (Tax holidays)

Времените даночни ослободувања (во продолжение, даночните одмори) претставуваат, можеби, најпопуларните и најкористените даночни стимулации од страна на развиените земји, кога станува збор за привлекување на нови странски инвеститори. Но, во исто време се и едни од најстарите. Имено, уште во 1160 година биле понудени даночни олеснувања за производителите на волна во градот Биела во регионот Пиедмонт, Северна Италија. Исто така, документирани се и извесни даночни ослободувања за производителите на текстил во округот Грин, Џорџија, САД, од 1899 година, со цел да ги префрлат своите капацитети од развиениот североисток кон посиромашниот југ.[110] Како што ќе видиме, нивната популарност не ги прави и најуспешни, така што во исто време се и едни од најкритикуваните и најконтроверзните.

Под даночен одмор се подразбира вид даночна стимулација која обезбедува целосно или делумно ослободување од корпоративниот данок (понекогаш и од други видови даноци), за потенцијалните нови инвеститори во земјата, на определен број години. Секој даночен одмор содржи неколку елементи: времетраење, датата од која почнува да важи ослободувањето или датата на отпочнување (date of commencement) и релацијата на мерката со другите елементи на номиналниот даночен систем, особено со правилата за амортизација и можноста за пренесување на загуби во иднина (rules on depreciation and loss carry-forward).[111]

[110] Wells L.T.: „Using Tax Incentives to Compete for Foreign Investment: Are They Worth the Costs? " Worl Bank Publications, 2001, стр. 51.

[111] „Tax incentives and tax design considerations", Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003, стр. 41.

Практиката на земјите покажува дека **времетраењето или периодот на даночните одмори** може да биде многу мал (од една до две години), но и доста долг (дури до 20 години). На пример, во Полска стандардниот пакет на времени даночни ослободувања се однесува за сите инвеститори во специјалните зони, кои можат да уживаат целосно ослободување од корпоративниот данок во период од 10 години, плус дополнително 50% ослободување во следните 10 години. Во одлучувањето за должината на даночниот одмор, даночните власти мораат да го споредат економскиот потенцијал што го нудат инвеститорите и големината на изгубените потенцијални буџетски приходи, кои, на некој начин, претставуваат и трошоци на даночниот одмор.

Датата на отпочнување на временото даночно ослободување е, всушност, моментот од кој започнува да тече периодот на важење на даночната мерка. Во зависност од овој елемент зависи и ефективноста на даночниот одмор како стимулативна мерка. Очигледно, колку што е подалеку датата на отпочнување, толку се поголеми и придобивките за инвеститорот, но во исто време, поголем е и износот на изгубени приходи на домашната земја. Во основа, постојат повеќе алтернативи за утврдување на датата на отпочнување: 1.од моментот на основање, односно регистрација на корпорацијата; 2. од моментот на отпочнување на производниот процес; 3. од моментот или годината на реализација на првичните приходи; 4. од моментот на реализација на првиот профит; 5. од моментот на реализација на почетниот нето-кумулативен профит, и слично.

Ако даночните власти одлучат да ја изберат наједноставната опција, тогаш ќе ја утврдат датата на отпочнување на даночниот одмор *од моментот на регистрација на бизнисот* на корпорациите. Оваа алтернатива не им нуди можности за поголеми придобивки на поголемиот дел од фирмите, освен за оние кои имаат можност за остварување на брз краткорочен профит, кои, пак, често не се преферирани од страна на домашните земји. Почнувањето од *моментот на производството или продажбата* претставува подобра алтернатива, но не за сите типови инвестиции, особено за оние со долг подготвителен период на производниот процес. Ако, пак, се отпочне од *годината на првичниот профит*, се јавува опасност од манипулации за поместување или одложување на овој момент во иднината. Дискутабилна е категоријата година на првичниот профит - дали е тоа годината кога за првпат се регистрира профитот како позитивна разлика помеѓу приходите и трошоците, или, пак, е тоа годината на првичниот чист нето-расположлив профит по оданочување?

Во табела бр. 2 се дадени три сценарија кои кореспондираат со три различни алтернативи на отпочнување на даночниот одмор, кој во примерот е предвиден да трае 2 години (почеток од првата година на производството, почеток од првата година на реализација на профитот и почеток од првата година на реализација на нето-кумулативниот чист профит). Примерите јасно укажуваат дека колку е подалеку почетниот момент на инструментот, толку е поголема придобивката за инвеститорите, а во исто време, толку поголема е и загубата за домашната земја. На овој заклучок упатува дисконтираната сегашна вредност на платените корпоративни даноци (последната колона од табела бр. 2), чија вредност опаѓа како што моментот на важење на

даночниот одмор сè повеќе се поместува (во првото сценарио изнесува 73 парични единици, во второто 59, а во третото дури 36).

Табела бр. 2

Илустрација на меѓузависноста помеѓу датата на отпочнување и нето-сегашната вредност на платените даноци

Инвестиција од 100 парични единици												
Година	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**9**	**10**	**Вк.**	**Сег. Вре.**
Приходи	15	25	30	40	50	50	50	50	50	50	410	
Иницијални трошоци	50	30	10	0	0	0	0	0	0	0	90	
Нето приходи	-35	-5	20	40	50	50	50	50	50	50	320	
Амортизација	10	10	10	10	10	10	10	10	10	10	100	
Профит	-45	-15	10	30	40	40	40	40	40	40	220	
Нето – кумул. профит	-45	-60	-50	-20	20	60	100	140	180	220	-	
Случај 1А – Даночниот одмор почнува од првата година на производството												
Профит за оданочув.	0	0	10	30	40	40	40	40	40	40	280	**73**
Случај 1Б – Даночниот одмор почнува од годината на првичниот профит												
Профит за оданочув.	0	0	0	0	40	40	40	40	40	40	240	**59**
Случај 1Ц – Даночниот одмор почнува од годината на првичниот нето-кумулатив. профит												
Профит за оданочув.	0	0	0	0	0	0	40	40	40	40	160	**36**
Примерот претпоставува даночен одмор од 2 години, 10 годишна пропорционална амортизација, без можност за пренесување на загубите												
Сегашната вредност се пресметува според дисконтна стапка од 10%, а стапката на корпоративниот данок е 50%.												

Извор: „Tax incentives and tax design considerations“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003

Релацијата на инструментот со другите елементи на номиналниот даночен систем, особено со правилата за **амортизација** и **можноста за пренесување на загуби во иднина** (rules on depreciation and loss carry-forward), претставува многу битен елемент со кој најдиректно е поврзана ефикасноста и успешноста на овој инструмент. Во нормални услови, помеѓу трошоците за амортизација и другите видови трошоци, мора да постои временско совпаѓање со приходите од коишто се одземаат при пресметката на крајниот финансиски резултат. Меѓутоа, во случајот со даночните одмори, често се врши притисок на даночните власти да дозволат одложување на овие одбивни трошоци од периодот на важење на мерката во временскиот период после него. Всушност, *преку вакаа практика на временско разграничување на трошоците и приходите, се постигнува ефект на преценување на трошоците во периодот после даночниот одмор.* На тој начин се овозможува префрлување на расположливиот профит за оданочување од периодот после инструментот, во периодот на важење на инструментот, што претставува извесна предност и поволност на инвеститорите. За да се илустрира ефектот од можноста за префрлување на загуби, претставена е табелата бр. 3.

Табела бр. 3

Илустрација за различни алтернативи за пренос на загубите

Инвестиција од 100 парични единици												
Година	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**9**	**10**	**Вк.**	**Сег. Вре.**
Нето приходи	-35	-5	20	40	50	50	50	50	50	50	320	
Амортизација	10	10	10	10	10	10	10	10	10	10	100	
Профит	-45	-15	10	30	40	40	40	40	40	40	220	
Случај 2А – Нема можност за пренос на загубата												

Профит за оданочув.	0	0	10	30	40	40	40	40	40	40	280	**73**
Случај 2Б – Можност за пренос на загубата до 2 години												
2 год. пред загубата	0	0	45	15	0	0	0	0	0	0	-	
1 год. пред загубата	0	45	15	0	0	0	0	0	0	0	-	
Година на загубата	0	0	10	15	0	0	0	0	0	0	25	
Профит за оданочув.	0	0	0	15	40	40	40	40	40	40	255	**65**
Случај 2Ц – Можност за пренос на загубата до 5 години												
5 год. пред загубата	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	-	
4 год. пред загубата	0	0	0	0	5	0	0	0	0	0	-	
3 год. пред загубата	0	0	0	35	15	0	0	0	0	0	-	
2 год. пред загубата	0	0	45	15	0	0	0	0	0	0	-	
1 год. пред загубата	0	45	15	0	0	0	0	0	0	0	-	
Година на загубата	0	0	10	30	20	0	0	0	0	0	60	
Профит за оданочув.	0	0	0	0	20	40	40	40	40	40	220	**53**
Примерот претпоставува 10-годишна пропорционална амортизација и не предвидува користење на даночен одмор												
Сегашната вредност се пресметува според дисконтна стапка од 10%, а стапката на корпоративниот данок е 50%.												

Извор: „Tax incentives and tax design considerations", Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003.

Ако властите не дозволат можност за префрлување на загубата, во тој случај користа од даночниот одмор може да биде многу редуцирана, па дури и да има негативен ефект врз инвеститорите. Всушност, можно е да се зголеми даночното оптоварување на корпорациите, особено за оние со големи иницијални трошоци кои се карактеристични во првите години од инвестицијата. *Во некои случаи, можноста за пренос на трошоците и загубата може да даде подобри ефекти и од самиот даночен одмор.* Како што се гледа од примерот од табелата бр. 3, во сценариото 2Б, каде не е предвиден инструментот даночен одмор, само од мерката можност за пренос на загубата од две години, фирмата генерира даночни поволности во поголем износ, во споредба со сценариото 1А од табелата бр. 2, каде е предвиден само инструментот даночен одмор во времетраење од 2 години. Имено, во првиот случај тоа платило данок во износ од 65 п.е. сегашна вредност, што е помалку од 73 п.е. сегашна вредност на платениот данок во вториот случај. Од табелата 3 може да се открие и корелацијата помеѓу даночната корист (даночната бенефиција) на фирмите и должината на периодот на одложување на загубите. *Како што се гледа, таа поврзаност е правопропорционална, односно колку е поголема можноста за одложување на загубите во иднината, толку е поголема и даночната корист за инвеститорот (помал е износот на платените даноци).*

Даночните одмори претставуваат една од најкористените, меѓутоа и една од најконтроверзните даночни стимулации. Но, и покрај критиките од страна на академските кругови, сепак, таа секогаш добива привилегирано место во националните политики за привлекување на странски инвестиции.

Даночните одмори се карактеризираат со извесни погодности, но со поголем број на неповолности. **Предноста** на даночните одмори произлегува од *нивната едноставност во примената,* како за *даночните власти*, така и *за потенцијалните инвеститори*. Овие мерки се од големо значење за домашните авторитети во раните транзициони фази на даночните реформи, кога даночната администрација сè уште не е формално обучена и истренирана. И за

инвеститорите ова претставува предност, бидејќи за време на траењето на даночниот одмор, не мора да се соочуваат со некомпетентна и корумпирана администрација. Даночните одмори нудат извонредни користи за фирмите кои *остваруваат брз краткорочен профит, уште на почетокот од своето основање*. Така, според литературата, *краткорочните даночни одмори имаат ограничена вредност* за инвестициите кои реализираат големи загуби уште од стартот на својата дејност, освен за оние кои се карактеризираат како *извозно-ориентирани* (на пр., инвестиции во текстилната индустрија). Поради нискиот степен на капиталинтензивност и високиот степен на мобилност, овие инвестиции се типични трагачи по брз профит. Искористувајќи ја можноста на даночните одмори во една земја, по истекот на периодот на даночниот инструмент, набрзина се селат во друга земја, без поголема интенција за долгорочен престој, што консеквентно води до девалвирање на вредноста на даночната стимулација за домашната земја. Затоа, се препорачуваат поголеми периоди на траење на даночните одмори, со оглед дека на поголемиот дел од инвестициите им е потребно повеќе време за реализација на профит. Бидејќи системот на даночните одмори не предвидува примена на даночни одбивки, *третманот на каматите како одбитна ставка на основата е од мало значење за даночните обврзници*. Поради оваа карактеристика, овој инструмент ја *неутрализира предноста на долгот како извор на финансирање* на инвестициите, и на тој начин *обезбедува поголем степен на неутралност* на даночниот систем.

Покрај малиот број ограничени предности, овие инструменти изобилуваат со мноштво **негативности**. Најпрвин, овој инструмент е водечки по однос на степенот на злоупотреба и манипулации од страна на субјектите. Притоа, постојат повеќе начини на изигрување на правилата на даночните одмори. Бидејќи инструментот се однесува само за новоотворените компании, даночни обврзници ќе настојуваат да го трансферираат капиталот од постоечките фирми во новоотворените, со цел да ги искористат поволностите што ги нудат даночните одмори *(тенденција на замена на новиот капитал со стар капитал)*. Со ова се дава погрешна слика дека влегле нови инвестиции во земјата. Всушност, наместо да се проширува основната дејност на фирмата, се формираат нови афилијации, со цел да се квалификуваат за привилегиите од даночните одмори. Друг ефикасен начин на манипулација претставува користењето на *финансиското преструктурирање на капиталот* за даночни цели. Иако е делумно неутрален од аспект на користењето на долгот, сепак, меѓународните компании ги користат новоотворените филијали кои се квалификувани за користење на даночните одмори за трансферирање на профитот преку меѓусебно интерно задолжување. И како трет начин на злоупотреба е употребата на *вештачките трансферни цени* помеѓу афилијациите со право на даночен одмор и матичните фирми. Преку имплементирање на интерен систем на трансакции се постигнува трансфер на профитот од неквалификуваните филијали кон квалификуваните, и обратно, префрлање на трошоците во обратна насока.

Понатаму, даночните одмори претставуваат едни од **најскапите даночни стимулации,** ако се земе предвид износот на изгубените потенцијални даночни приходи. Иако трошоците за

овие инструменти можат многу тешко прецизно да се измерат, сепак, властите мораат да бидат свесни за тоа колку добиваат во смисла на нови инвестиции и колку губат во смисла на пропуштени буџетски приходи. Така на пример, со R нека се обележи стапката, односно процентот на инвеститори кои би инвестирале и без да се воведе стимулацијата даночен одмор, со t стапката на корпоративниот данок, со Y просечната барана стапка на инвеститорите, со I износот на вкупни странски директни инвестиции и со N број на години на важење на даночниот одмор. Овој метод на проценка на ефикасноста, односно на економската оправданост на даночните одмори поаѓа од логиката на *споредба помеѓу понудените вкупни даночни поволности (користи) на инвеститорите* (R+I+Y+t+N) со *вкупните придобивки на државата во смисла на инкрементални инвестиции* (1-R)*I. Така, економската оправданост на даночните одмори се огледа од изразот:[112]

(R+I+Y+t+N) / (1-R)*I;

кој, всушност, покажува *колку изнесуваат дадените даночни поволности од даночниот одмор по единица инкрементална инвестиција*. Притоа, колку е помал коефициентот од изразот, толку е поголем ефектот од даночните одмори и обратно.

Од сето ова произлегува заклучокот дека даночните одмори претставуваат една од **најнеефикасните** мерки на даночната политика.

в. Даночен кредит (tax credit)

Даночниот кредит претставува инструмент на даночната политика со доста широка примена, како во областа на инвестиционото вложување и тековите на меѓународниот капитал, така и во областа на работната сила. Иако неговата улога како вид инвестициона стимулација е неоспорна и ненадмината, тој може доста успешно да се користи и како начин за зголемување на понудата на работната сила (зголемување на партиципацијата на одредени категории лица и намалување на невработеноста). Без разлика на целта за која се користи, неговата суштина останува иста. *Под даночен кредит се подразбира даночна мерка која се дели на одредени квалификувани даночни обврзници во вид на процентуален или еднократен износ на намалување на обврската за плаќање на одреден вид дан*ок. Всушност, даночниот кредит го преставува износот што се одзема од пресметаната обврска за плаќање на данок. Даночниот кредит најчесто се однесува на даноците на доход, како што се корпоративниот данок на доход и персоналниот данок на доход. Ако се претпостави примена на овој инструмент за стимулирање на инвестициите, државата може да одобри, на пример, даночен кредит во висина на 50% од стапката на корпоративниот данок, или, пак, кредит во висина од 50.000 п.е. (апсолутен износ), под услов фирмите да инвестираат во домашната економија. Во овој случај, даночниот кредит може да го поттикне или убрза процесот на формирање на капиталот, затоа што овозможува

[112] Wells L.T.: „Using Tax Incentives to Compete for Foreign Investment: Are They Worth the Costs? “ Worl Bank Publications, 2001, стр. 22.

намалување на трошокот на капиталот на сите потенцијални инвеститори во износ на *определен стандарден фактор на редукција* на даночната обврска. Или поинаку, даночниот кредит преку намалувањето на даночната обврска ја подига сегашната вредност на инвестиционите вложувања, правејќи ги прифатливи за поголемиот број потенцијални инвеститори.

Даночните кредити имаат слични ефекти како и даночните одбивки и можат да послужат како добра замена на даночните одмори. Честопати, се доделуваат во услови на нормална амортизација на основните средства, со што се овозможува побрзо ефективно отпишување на нивната вредност. Притоа, слично како и при примената на забрзаната амортизација, пожелно е паралелно да се одобри можност за ограничено или неограничено признавање на загубите во периодот кој следи, доколку е потребно да се максимизира ефектот од даночниот кредит. Даночните кредити можат да имаат форма на *општи* инструменти, т.е. да се применат за интензивирање на инвестициите во сите видови основни средства, но успешно се користат и за унапредување на вложувањата во *специфични области,* како што се напредната технологија или истражувањето и развојот. Слично, даночниот кредит може да се користи како средство за борба против невработеноста преку зголемување на учеството на одредени структури на лица во вкупната работна сила (жени, постари лица и други). Исто така, оваа мерка дава резултати и во процесот на намалување на сиромаштијата, доколку се применува селективно кај одредени лица со ниски примања.

Даночните кредити имаат **повеќе предности** кои ги прават преферирани во однос на другите, особено во однос на даночниот одмор. Најпрвин, даночниот кредит, за разлика од даночниот одмор, е *во директна врска со износот на инвестицијата*. Тоа значи дека овој инструмент генерира извесна даночна поволност, којашто е поврзана со инвестиција во конкретно инвестициско средство (поединечна одреденост), додека кај даночниот одмор, тоа не е прецизирано (општа одреденост). Понатаму, кај даночниот кредит, *трошокот на капиталот или просечната цена на капиталот може полесно да се детерминира* во однос на другите инструменти. По карактер, даночниот кредит како инвестициона стимулација претставува *мерка за промоција на капиталните инвестиции (акумулација на капиталот),* и од тој аспект е поблизок со мерките забрзана амортизација и инвестициони изземања, додека даночниот одмор претставува *форма на редукција на директниот даночен товар*. Поради оваа карактеристика, ефектите на даночниот кредит се мерат преку проценка на ефективниот трошок на капиталот (effective cost of capital), додека кај другите, преку оценка на ефективната даночна стапка (effective tax rate). Кредитот како даночна стимулација е многу *поевтин во однос на даночните одмори,* доколку се има предвид ризикот од загуба на потенцијалните приходи на државата, но, од друга страна, е *поскап во однос на забрзаната амортизација*. Во однос на даночниот одмор, намалени се и *можностите од евентуална злоупотреба и манипулација* од страна на даночните обврзници, иако одредени ризици сепак постојат. Поради овие предности, меѓународните организации, како што се Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, го препорачуваат како *ефикасна замена за непродуктивните даночните одмори.* Затоа, во периодот после 2000-та

година, започна тренд на сè поголема примена на овие инструменти ширум земјите во светот (Кенија, Латвија, Јужна Африка, Швајцарија, Турција и други).[113]

На даночниот кредит му се припишува уште една позитивна карактеристика во однос на даночниот одмор, а тоа е *поголемата моќ за таргетирање, односно селекција на целите за кои се применува*. Ако, на пример, се воведе инструментот даночен одмор, кој ќе има за цел да постигне вработување на одреден процент или број на хендикепирани работници, можно е да се постигне апсурдна ситуација на вработување на непотребен број на работници, кои значително ќе ги зголемат трошоците на оваа даночна стимулација. Така на пример, фирмите, со цел да се квалификуваат за правото на даночен одмор, односно со цел да обезбедат право на редукција на даночната стапка, ќе настојуваат да го постигнат предвидениот број или процент на вработени лица по секоја цена, без да имаат конкретна потреба од тоа. Заради постигнување на поголема објективност во формирањето на новите работни места, подобро би било да се користат други стимулативни механизми, како што се, на пример, даночните кредити, или, пак, одредени ослободувања од персонален данок и придонеси со кои ќе се *избегне потребата од воведување на „квоти" при вработувањето на инвалидизираните лица*. Истово може да се примени и во случај на промовирање на технолошки напредните инвестиции и истражувањето и развојот, каде што даночните кредити имаат уште поголема предност во однос на одморите. *Затоа, даночните кредити се многу поефикасни од гледна точка на „cost-benefit" анализата и постигнувањето на одредени таргети на даночната политика.*

Како и секој друг инструмент, така и овој поседува извесни **негативности**. Кај даночните кредити, обврската за ослободување на данокот останува за секој квалификуван економски субјект, за разлика од забрзаната амортизација. Ова значи дека *даночниот кредит е поскапа опција,* доколку приоритет претставува убрзувањето на процесот на акумулацијата на капиталот. Следна инхерентна слабост на даночниот кредит е можноста за дисторзија во изборот на капиталните средства, преку креирање на наклонетост кон краткорочните средства, заради можноста на дополнително користење на правото на кредит во случај на замена. Имено, краткорочните средства побрзо се амортизираат, со што се скратува периодот на нивна замена, а со тоа се стекнува ново право на даночен кредит. Евидентирани се и други појави на малверзации, како на пример: *преценување на вредноста на основните средства или препродавање,* со што се постигнува и преценување на вредноста на даночниот кредит. На крај, за разлика од методот на забрзана амортизација, кај даночниот кредит е потребна задолжителна посебна евиденција на вредноста на секое капитално средство без предвидена можност за рангирање и кумулирање.

г. Даночни одбивки или дедукции (Tax allowances)

[113] „Tax incentives and tax design considerations", Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, стр. 46.

Даночните одбивки, заедно со даночните кредити, претставуваат едни од најпопуларните мерки на политиката на даночни стимулации кои имаат широка примена. *Под даночна одбивка (редукција или изземање), во поширока смисла на зборот, се подразбира определен износ во чија висина се намалува расположливиот доход кој е предмет на оданочување.* За разлика од даночниот кредит, кој директно ја редуцира даночната обврска (или пресметаниот данок за плаќање), даночната одбивка го намалува доходот кој е предмет на оданочување, или поточно, ја **намалува даночната основа.** Во суштина, станува збор за речиси идентични мерки кои имаат различна форма на изразување на даночната поволност: едните во однос на даночната основа, другите во однос на пресметаниот данок.[114] Притоа, и кај двете мерки димензионирањето на даночната корист може да се искаже или како процент, или како апсолутен износ во однос на даночната основа или обврска.

Даночната одбивка (или изземање) може да се примени во повеќе различни варијанти, во зависност од целта за којашто се воведува. **Инвестиционите одбивки (investment allowances)** претставуваат вид инвестициона стимулација која обезбедува доста поволни и побрзи отпишувања на квалификуваните капитални трошоци. Слично како даночниот кредит и забрзаната амортизација, тие придонесуваат за редукција на просечната цена на капиталот на инвестиционите вложувања. Помалите трошоци на капиталот значат зголемување на дисконтираната сегашна вредност на инвестиционите приливи и поголема преференција за прифаќање на инвестицијата од страна на инвеститорите. Сличноста во карактеристиките со даночните кредити значи дека тие, речиси, ги делат истите поволности и ограничувања.

Иако различно се нарекуваат, сепак, **даночните одбивки (tax deductions or favourable deduction rules)** по однос на ефектот на даночната поволност, спаѓаат во категоријата на инвестиционите одбивки. *За даночна одбивка се смета намалувањето на даночната основа во висина на преземените капитални или други вид на трошоци при пресметката на корпоративниот данок на доход.* Според тоа, даночната бенефиција се врзува со реализацијата на одредени трошоци, како што се капиталните издатоци. Затоа, се вели дека овие инструменти имаат претежно карактер на инвестициони стимулации, иако честопати се применуваат и во доменот на работните односи и работната сила. Интересно е да се спомне дека дури и **забрзаната амортизација** се смета за вид даночна одбивка, односно вид инвестициона одбивка, иако повеќе автори ја систематизираат како посебна даночна стимулација.

Во некои земји се применува еден екстремен облик на даночна одбивка, кој се нарекува **двојна или повеќекратна одбивка (double or multiple tax deduction)**. Ако вообичаените

[114] Сличноста помеѓу даночниот кредит и даночната одбивка како инвестициони стимулации е толку голема што во дел од литературата се проучуваат како ист инструмент. Меѓутоа, оваа сличност се однесува за нивниот ефект како даночна бенефиција, но не и за начинот или формата на нејзиното изразување. На пример, ако корпоративниот данок изнесува 40%, инвестиционата одбивка во износ од 50% ќе даде ист ефект како и даночниот кредит од 20% на даночната стапка. Види: „Tax incentives and tax design considerations“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, стр. 46.

даночни одбивки ја намалуваат даночната основа за износот на квалификуваните капитални трошоци, тогаш двојната или повеќекратната овозможуваат редукција за најмалку двапати поголем износ од признатите трошоци, што, фактички, има ефект на примање на *своевиден финансиски грант добелен од страна на државата*. Ако, на пример, извесна фирма потроши 500.000 п.е. за инвестиции во човечки капитал (обука на нови вештини од доменот на новите технологии), на истата ќе ѝ се признае двојна одбивка од расположливиот профит (или од даночната основа) во висина од 1.000.000 п.е. При актуелна стапка на корпоративен данок на профит од 50%, и даночна основа од 1.000.000 п.е., владата, всушност, ѝ овозможува на фирмата дополнителна бенефиција од 250.000 п.е. Можно е, притоа, износот на одбивката, наместо двојно од износот на признатите капитални трошоци, да биде во висина од 150%, 250% или дури 300% од нивниот фактички износ, што примарно зависи од дискреционото право на даночните власти.

Друга варијанта на даночна одбивка, која, исто така, спаѓа во категоријата на инвестиционите стимулации, е **одбивката за реинвестирање на профитот (reinvestment allowances)**. Овие инструменти можат да се реализираат на два начина: 1. со редукција на даночната обврска на корпорацијата преку одбивка или намалување на профитот за оданочување во висина на реинвестираниот износ на профит; и 2. со одобрување на рефундација на платениот корпоративен данок во висина на износот на реинвестираниот профит.[115] Оваа даночна стимулација, која е дизајнирана со цел да се спречи репатријацијата на профитот во матичната земја, и покрај критиката упатена од страна на меѓународната јавност, сè уште масовно се употребува во источно-азиските земји, т.н. „азиски тигри“. Критичното мислење се однесува на неколку сегменти: прво, самите меѓународни даночни правила претставуваат вграден механизам за стимулација на реинвестирањето, односно задржувањето на профитот во земјите резиденти, преку општоприфатливата меѓународна практика за примена на систем на задржани даноци; второ, фирмите во меѓународното окружување, после реализацијата на иницијалната одлука за инвестирање, донесуваат одлуки за понатамошно реинвестирање на дел од остварениот профит врз основа на реалните деловни потреби и расположливоста на рентабилни инвестициони проекти; и трето, во услови на веќе применети ефикасни инструменти, кои имаат докажано позитивно влијание врз процесот на инвестиционото одлучување, како што се даночните кредити, забрзаната амортизација и инвестиционите изземања, воопшто нема реална потреба за одвоено третирање на реинвестираниот профит.

Даночните одбивки наоѓаат специфична примена и во областа на работните односи. Така на пример, тие попримаат облик на лични даночни одбивки (ослободувања) доколку имаат за цел да ја редуцираат даночната изложеност на одредени категории даночни обврзници по основ на персоналниот данок на доход и социјалните придонеси. *Всушност, под поимот лична даночна одбивка се подразбира ниво или плафон на износ на личен доход до кој даночниот обврзник е ослободен од плаќање на персонален данок на доход*. Или, интерпретирано во инверзна смисла,

[115] „Tax incentives and tax design considerations“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, стр. 52.

тоа е износ на доход за кој, доколку даночниот обврзник го натфрли преку личните примања, плаќа данок според одредена даночна стапка на разликата од личните примања и износот на даночната одбивка. Овде, за разлика од инвестиционите одбивки, даночната бенефиција зависи од висината на граничните износи или плафони кои се утврдуваат за секоја категорија на личен доход.

д. Забрзана амортизација (Accelerated depreciation or Depreciation allowances)

Генерално, под поимот забрзана амортизација (или депрецијација), како вид на даночна стимулација, се подразбира употреба на методи за отпишување на вредноста на основните средства за даночни цели, со динамика или стапка поголема од стапката на економската реална амортизација. Дозволеното користење на забрзаната амортизација, всушност, нуди извесни даночни бенефиции на економските субјекти, во смисла на помалку платен данок во почетните периоди на инвестиционите проекти. Кога се зборува за забрзаната амортизација, во суштина се мисли на два битни елементи: едниот е користењето на одреден тип на амортизација на средствата, така што, според пошироката литература, тоа е најчесто методот на амортизација со опаѓачка стапка (declining balance method of depreciation), и вториот елемент се однесува на ефектот од примената на забрзаната амортизација, а тоа е побрзото отпишување на капиталните трошоци, во споредба со другите вообичаени шеми на амортизација. Последниот елемент ѝ дава на забрзаната амортизација карактеристика на селективен инструмент, иако во практиката честопати се дава можност за индивидуален избор на методот на амортизација од страна на инвеститорите.

За сите земји кои применуваат *развиен систем на даноци на доход, третманот на амортизацијата на компонентите на физичкиот капитал претставува фактор од особено значење во определувањето на расположливиот доход за оданочување*. Всушност, од големината на стапката на амортизација зависи висината на економскиот профит (чистиот профит после оданочување), како мерка на богатството на даночниот обврзник. Во оние земји каде системите на амортизација се доста рестриктивни (што значи дека стапките со кои се отпишуваат средствата се мали), ефективната корпоративна даночна стапка на профитот на инвеститорите може значително да биде зголемена и да се претвори во кочница на тековите на странскиот капитал. *Најосновно, вредноста на оваа даночна стимулација во процесот на промовирање на инвестиционите активности зависи најдиректно од вредноста (или поточно, дисконтираната нето-сегашна вредност) на амортизационите отписи на основните средства, кои се признаваат како одбитна стапка при пресметката на корпоративниот данок.* Сегашната вредност, пак, на амортизационите отписи е во корелација со повеќе фактори: амортизационата основа, методот на

амортизација, периодот на амортизација, можноста за префрлање на загубите, сегашната и очекуваната стапка на инфлација и слично.[116]

Според општоприфатените меѓународни сметководствени стандарди, кои најчесто се имплементирани и во националните сметководствени законодавства, **амортизационата основа** се одредува според *набавната вредност на основните средства.* Покрај набавната вредност, се признаваат и дополнителните зависни трошоци направени за набавката на основното средство, како и трошоците за подготовка пред пуштање во употреба. Начинот на пресметка на амортизационата основа според набавната вредност, односно според историските трошоци, може да даде нереална слика за висината на реалните отписи во услови на изразени *инфлациони движења на општото ниво на цените*. Затоа, во такви случаи, системите на амортизација мора да вклучат механизми за приспособување на вредноста на средствата со стапката на инфлација (методи за индексација или ревалоризација на основните средства).

Еден од најбитните фактори од кои зависи големината на амортизациониот отпис (или стапката на амортизација) е **должината на периодот на амортизација.** Под период на амортизација (recovery period), се подразбира периодот изразен во број на години, според кој вредноста на средството што е предмет на амортизација се отпишува, според постоечкиот систем на амортизација. Помеѓу овој фактор и вредноста на амортизациониот отпис има *обратно-пропорционална зависност*: колку што е помал периодот на амортизација, толку е поголем отписот на средствата, односно стапката на амортизација. Во принцип, периодот на амортизација би требало да го рефлектира просечниот продуктивен живот на средството или на групата на средства во кои припаѓа.[117] Процедурата за одредување на периодот на амортизација на средствата се одвива во повеќе стапки. Најпрвин, за секое средство се врши проценка на неговиот продуктивен животен век. Понатаму, се врши негова систематизација во соодветниот релевантен ранг (на пример, ранговите се поделени според просечниот продуктивен живот на средствата: до 5 години; од 5-10 години; од 10-15 години; од 15-20 години, итн.). И на крај, на средството му се доделува периодот на амортизација од рангот на којшто припаѓа (ако, на пример, е сместено во рангот со просечен продуктивен живот од 5-10 години, за кој е предвидено период на амортизација од 7 години, тогаш и средството ќе се отпишува за истиот период). Во основа, колку е помал бројот на ранговите, толку системот на амортизација е *поедноставен* и *поевтин*, но од друга страна, толку е *поголем и степенот на несовпаѓање со вистинската економска амортизација*. Поради ова, меѓународните правила им препорачуваат на недоволно развиените мали земји да имплементираат систем кој содржи не повеќе од 5-6 рангови. Притоа, вообичаено е како средства со најдолг период да се рангираат зградите, за кои се препорачува и примена на пропорционалниот метод на амортизација. За разлика од нив, средствата како што се

[116] „Tax incentives and tax design considerations“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003, стр. 48-49.

[117] Пионери во класификацијата на основните средства според нивниот просечен продуктивен живот се Хултен и Вајков (Hulten and Wykoff, 1981), кои како детерминанти во категоризацијата ги земаат екстензијата на просечниот животен век и стапката на економската амортизација.

комерцијалните автомобили, камионите, мебелот и компјутерите, го сочинуваат другиот екстрем со најмал период на амортизација.

Централното место во оваа анализа го има токму факторот **метод на амортизација.** Економската наука, генерално, разликува три основни методи на амортизација на основните средства, и тоа: пропорционалниот метод на амортизација (straight-line method), методот на растечка амортизација (inclining-balance method) и методот на забрзана или опаѓачка амортизација (declining-balance method). Од трите основни методологии на пресметка на амортизацијата на основните средства, организацијата на ОЕЦД ги препорачува само пропорционалниот и методот на опаѓачка амортизација. Според првиот, годишниот отпис на име амортизација се добива со делење на историската набавна вредност на средството H со периодот или годините на амортизација L, односно H / L. Ако набавната вредност на едно средство изнесува 10.000 долари, а периодот на амортизација е 10 години, тогаш годишната амортизација изнесува 1.000 долари пропорционално за сите 10 години. Според вториот метод, годишниот отпис се добива со делење на неамортизираната, или поточно неотпишаната вредност на основното средство UD со периодот на амортизација L, или UD / L. Ако се надоврземе на примерот, според овој метод, годишната амортизација во првата година ќе биде 1.000 (10.000/10), во втората 900 (9.000/10), во третата 810 (8.100/10), во четвртата 729 (7.290/10), итн. *Аналитичката вредност на ваквиот метод на амортизација се состои во тоа што тој обезбедува поголеми износи на отписи на основните средства во почетните години од инвестиционите вложувања, што директно влијае врз намалувањето на даночната основа во истиот период.* Меѓутоа, и покрај оваа предност на методот (којашто се нарекува изворно front-end loaded effect), како што може да се види од примерот, геометриската низа на годишни амортизации не обезбедува задоволителна динамика на отпис на средствата. Имено, методата на опаѓачки отписи по стандардна 100% динамика, што е идентично со претходниот пример, обезбедува помала даночна бенефиција во однос на пропорционалниот метод, доколку се работи за еднаков период на амортизација. Затоа, доколку земјите утврдат дека овој тип на амортизација не кореспондира со економската амортизација, или пак, доколку за одредени средства е потребен привилегиран третман, тогаш, освен стандардниот 100% отпис, може да применат 150% или 200% отпис по опаѓачката метода (200% or double declining balance). Ако се примени 200% отпис по методот на забрзана амортизација на претходниот пример, годишните отписи би се добиле по изразот (UD / L)*2 и би изнесувале соодветно 2.000 за првата, 1.800 за втората, 1.620 за третата, 1.458 за четвртата година, итн. *Ова значи дека овој метод нуди можност за воведување на повисоки степени или скали на амортизација (depreciation scalars) што води кон постигнување на побрзи ефективни стапки на амортизација во однос на нормалната економска амортизација.*

Табела бр. 4

Илустрација на системот на пропорционална и забрзана амортизација со алтернативни можности за пренос на загубата

Година	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**9**	**10**	**Вк.**
Инвестиција од 100 парични единици											

Приходи	0	10	15	25	30	35	40	45	50	50	
Плати	5	5	5	5	5	5	5	5	5	5	
Иницијални трошоци	10	5	0	0	0	0	0	0	0	0	
Нето-приход или профит	-15	0	10	20	25	30	35	40	45	45	
Случај А-Економска амортизација (мандаторна по пропорционален метод) со 3-годишна можност за пренос на загубите											
Економска амортизација	10	10	10	10	10	10	10	10	10	10	**100**
Профит	-25	-10	0	10	15	20	25	30	35	35	
3 години пред загубата	0	0	0	25	10	0	0	0	0	0	
2 години пред загубата	0	0	25	10	0	0	0	0	0	0	
1 година пред загубата	0	25	10	0	0	0	0	0	0	0	
Година на загубата	0	0	0	10	10	0	0	0	0	0	
Профит за оданочување	0	0	0	0	5	20	25	30	35	35	
Корпорат. данок 30%	0,0	0,0	0,0	0,0	1,5	6,0	7,5	9,0	10,5	10,5	**45**
Сег. вред. на данокот	0,0	0,0	0,0	0,0	1,2	4,5	5,3	6,1	6,8	6,4	**30,3**
Случај Б-Забрзана амортизација (мандаторна по опаѓачки метод) со 3-годишна можност за пренос на загубите											
Забрзана амортизација	50	25	12,5	6,3	3,1	1,6	0,8	0,4	0,2	0,1	**99,9**
Профит	-65	-25	-2,5	13,8	21,9	28,4	34,2	39,6	44,8	44,9	
3 години пред загубата	0	0	0	65	25	2,5	0	0	0	0	
2 години пред загубата	0	0	65	25	2,5	0	0	0	0	0	
1 година пред загубата	0	65	25	2,5	0	0	0	0	0	0	
Година на загубата	0	0	0	13,8	21,9	2,5	0	0	0	0	
Профит за оданочување	0	0	0	0,0	0,0	25,9	34,2	39,6	44,8	44,9	
Корпорат. данок 30%	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	7,8	10,3	11,9	13,4	13,5	**56,8**
Сег. вред. на данокот	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	5,8	7,3	8,0	8,7	8,3	**38,1**
Случај В-Забрзана амортизација (мандаторна по опаѓачки метод) со 7-годишна можност за пренос на загубите											
Забрзана амортизација	50	25	12,5	6,3	3,1	1,6	0,8	0,4	0,2	0,1	**99,9**
Профит	-65	-25	-2,5	13,8	21,9	28,4	34,2	39,6	44,8	44,9	
7 години пред загубата	0	0	0	0	0	0	0,0	0	0	0	
6 години пред загубата	0	0	0	0	0	0	0,9	0	0	0	
5 години пред загубата	0	0	0	0	0	29,4	25,0	0	0	0	
4 години пред загубата	0	0	0	0	51,3	25,0	2,5	0	0	0	
3 години пред загубата	0	0	0	65	25	2,5	0	0	0	0	
2 години пред загубата	0	0	65	25	2,5	0	0	0	0	0	
1 година пред загубата	0	65	25	2,5	0	0	0	0	0	0	
Година пред загубата	0	0	0	13,8	21,9	28,4	28,4	0	0	0	
Профит за оданочување	0	0	0	0,0	0,0	0,0	5,8	39,6	44,8	44,9	
Корпорат. данок 30%	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	1,7	11,9	13,4	13,5	**40,5**
Сег. вред. на данокот	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0	1,2	8,0	8,7	8,3	**26,2**
Примерот претпоставува дисконтна стапка од 5%.											

Извор: „Tax incentives and tax design considerations“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003.

Во табелата бр. 4 се дадени примери од кои може илустративно да се види **поврзаноста помеѓу забрзаната амортизација на капиталните трошоци и можноста за пренос на загубите.** Во примерот се претпоставува вложување на еднократен износ на средства во износ од 100 парични единици (иницијални инвестиции во висина од 100 п.е.) кои се амортизираат, во првото сценарио, со пропорционална годишна стапка од 10% во текот на предвидените 10 години. Според примерот, фирмата започнува да остварува профит од 2-та година, профитот станува предмет на оданочување во 5-тата година и се плаќа вкупен данок во износ од 45 п.е., кои имаат сегашна вредност од 30,3 п.е., ако се дисконтираат со дисконтна стапка од 5%. Во сценариото Б, се применува забрзана амортизација на основните средства, комбинирано со можноста за пренос

на загубите во износ од 3 години. Комбинацијата на овие две мерки произведува состојба која е неповолна за самата фирма и на тој начин ги редуцира поволностите што ги носи системот на забрзаната амортизација. Имено, на крајот од 10-тата година, фирмата плаќа данок во вкупен износ од 56,8 п.е., кои имаат сегашна вредност од 38,1 п.е., што значи дека дошло до зголемување на даночниот товар на фирмата за цели 25%. Во третото сценарио В се применуваат многу полиберални правила за пренос на загубите, и тоа во период од 7 години. Овие промени значително го редуцираат даночниот товар, така што вкупниот платен данок изнесува 40,5 п.е., а сегашната вредност изнесува 26,2 п.е. *Овие примери јасно укажуваат на важноста на интеракциите помеѓу мерките на даночната политика, како и на потребата од внимателност при нивното дизајнирање.* Конкретно, ефикасноста од имплементацијата на системите на забрзана амортизација може да биде доведена во прашање доколку во исто време се применуваат други рестриктивни мерки на даночниот систем, како што се, на пример, строгите правила за пренос на загубите. Според меѓународните правила, се препорачува доделување на можност за пренос на загубите во временски интервал од 5-7 години. Инаку, во Германија, Шведска и Велка Британија тоа е неограничено, а во САД е дозволено до максимум 20 години.[118]

Забрзаната амортизација нуди повеќе **предности** како вид даночна стимулација. Најпрвин, таа претставува многу *поевтина алтернатива* за домашните земји, кога станува збор за промоција на инвестиционите активности. Всушност, во споредба со даночниот одмор и даночниот кредит, каде што се врши целосно ослободување од плаќање на данок, кај забрзаната амортизација, обврската за плаќање останува, само се овозможува *привилегиран тајминг* на фирмите за подмирување на истата. Според тоа, трошокот на оваа мерка, во смисла на изгубени приходи, е доста помал во однос на трошокот на даночните одмори и даночните кредити. Понатаму, за разлика од другите инструменти, како што се даночните кредити, забрзаната амортизација и неговите методи, немаат *потреба од држење на посебни одделни сметки заради пресметка и увид во неотпишаната вредност (остатокот на вредноста) на основните средства*. Другите системи за амортизација им наметнуваат обврска на даночните обврзници да водат посебни сметки за секое набавено основно средство, што генерира високи трошоци за администрирање, но и одзема дополнително време. Со самиот систем на опаѓачка амортизација, како што веќе спомнавме, средствата се групирани во помал број на групи за кои постои единствен период на амортизација. Покрај оваа предност, системот на опаѓачка амортизација обезбедува и можност за влечење или префрлување на неамортизираната вредност на основните средства (pooling features). Со оваа погодност, неотпишаната набавна вредност на секое средство се додава на неотпишаната вкупна вредност на категоријата на средства на која ѝ припаѓа, со што се елиминира потребата за одделна евиденција. Ваквата *вградена едноставност* во системот на опаѓачката амортизација обезбедува и *подобра ефикасност* во пресметката на капиталните добивки, капиталните загуби и остатокот на вредноста. Ако се резимира, овој вид на даночна

[118] „Tax incentives and tax design considerations“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003, стр. 49.

стимулација обезбедува доста *ефективен, ефикасен и евтин начин на амортизација на капиталните трошоци*, со стапка која е поголема или побрза од онаа на економската амортизација.

Дури и кога се зборува за **ограничувањата** на овој инструмент, мора да се внесе една релативна димензија во согледувањата, затоа што самиот систем поседува одредени решенија кои ја релативизираат нивната негативна вредност.

Веќе нагласивме дека еден од недостатоците е тоа што *големината на потенцијалната бенефиција е во директна корелација со можностите за покривање и префрлување на загубите*. Ако се има предвид ризикот од преценување на ефектот што го нуди инструментот поради овие причини, креаторите на политиката мораат секогаш да вршат координирација со користење на полиберални правила за пренос на загубите.

Методот на забрзана амортизација честопати е критикуван поради *ризикот од дисторзија во инвестиционото одлучување*, поради можноста за користење на различни коефициенти или скали (scalars) кои имаат својство да ја зголемат или намалат ефективната стапка на амортизација кај основните средства. Затоа, употребата на овие коефициенти мора да биде определена, така што нема да предизвикаат преференции на употреба на одредени средства во однос на други. *За да се постигне таа цел, потребно е да се запази константен релативниот сооднос на сегашните вредности на амортизационите отписи кај различните категории средства.* Така на пример, ако средството А има продуктивен живот од 5 години и му се додели 200% отпис на вредноста (или скала, односно коефициент 2), заради усогласување со неговата економска амортизација, неговата ефективна стапка на амортизација би изнесувала aA=2*(1/L)=20%. Ако, пак, средството В има продуктивен живот од 10 години со отпис од 150% (коефициент 1,5), ефективната стапка би била aB=1,5*(1/L)=15%. Ако властите одлучат да се доделат дополнителни коефициенти кои би ја убрзале, односно зголемиле ефективната стапка на амортизација, тогаш таквата операција треба да биде направена на начин што ќе го задржи односот на сегашната вредност на отписите помеѓу двете средства константен, со цел да не се предизвикаат дисторзии во одлучувањето. Така, ако со општиот израз aj/(R+aj) се означува општата сегашна вредност на амортизационите отписи, каде R е дисконтната стапка и aj е ефективната стапка на амортизација, тогаш изразот aA/(R+aA) е сегашната вредност на средството А, а изразот aB/(R+aB) сегашната вредност на средството В. Ако се зголеми ефективната стапка на амортизација на средството А за вредност или процент sA, тогаш новата ефективна стапка на амортизација би била соодветно aA=sA*aA. Во овој случај, за да се обезбеди неутралност во одлучувањето, мора соодветно пропорционално да се зголеми и ефективната стапка на амортизација на средството В. Имено, новата ефективна стапка на ова средство aB ќе се зголеми за стапка sB, со која би се одржувал константен однос помеѓу вредностите на амортизационите отписи на двете средства, односно би се задоволил условот (aA/(R+aA))/(aB/(R+aB))=c(konstanta). Со оваа техника на утврдување на коефициентите за амортизација се елиминира можноста за дисторзија и се обезбедува задоволителен степен на неутралност.

2.1.4. Даночни мерки во вид на вградени системски решенија

Мерките од оваа група, кои не претставуваат класични даночни стимулации, се дизајнирани како вградени системски решенија на даночниот систем. Како посебни облици на даночни мерки, во оваа група можат да се вбројат: даночното одложување и можноста за пренос на загубите и трошоците.

а. Даночно одложување (tax deferals)

Генерално, под даночно одложување се подразбира можноста за одложување на плаќањето на данокот (или даночната обврска) на неопределено време во иднината. Поради дејството на временската вредност на парите, сегашната вредност на платениот данок во некое претпоставено идно време, секогаш ќе биде помала од сегашната вредност на платениот данок во тековниот период. Затоа, секој рационален даночен обврзник преферира да го одложи плаќањето на данокот во иднината, поради што даночното одложување претставува вид поволна даночна бенефиција.

Даночната практика познава повеќе облици на даночно одложување. Така, на *корпорациите* може да им биде дозволено одложување на плаќањето на данокот на добивка сè до моментот на распределба на профитот во вид на дивиденди. Ваквиот тип на даночно одложување може да се сретне и под називот ослободување од данок на нераспределена добивка. Понатаму, доста често се употребува и одложувањето на даночната обврска по основ на *данокот на капитална добивка.* На пример, во меѓународната практика е прифатен принципот за одаочување на капиталната добивка во моментот на нејзината реализација. Тоа значи дека капиталната добивка ќе биде предмет на одаочување само доколку се случи продажба на хартиите од вредност и притоа се реализира позитивна разлика помеѓу продажната и набавната вредност. Освен во областа на корпоративното одаочување, даночните одложувања се познати и во областа на *персоналните даноци,* каде што на определени обврзници – индивидуални лица им се дозволува тековно заработениот доход да го *декларираат за одаочување подоцна, во иднината*. Всушност, некои од развиените земји предвидуваат намалување на приходот за одаочување во висина на износот на придонесите, доколку штедат во приватните пензиски шеми. И тука е позната практиката за одложување на одаочувањето на приходите од камати, дивиденди и капитални добивки на индивидуалните лица, сè до моментот на реализација на трансферот на паричните средства, односно сè до моментот на повлекување на средствата од капиталните сметки на поединците (point of withdrawal from retirement saving plans). Во принцип, поентата на сите овие примери се состои во поместување на плаќањето на данокот во иднината.

б. Можност за пренесување на загубата (loss relif или loss-cary forward)

Ова вградено системско решение на даночниот систем може да се сретне под изворните имиња во англо-саксонската терминологија (loss relif или loss-cary forward). *Суштината на оваа мерка се состои во можноста што ја предвидуваат даночните власти во рамки на даночниот систем, со која, всушност, се дозволува реализираната загуба во тековниот период да се пренесе, односно декларира во некој друг период.* Инаку, практиката во даночната регулатива разликува *капитални* и *оперативни* загуби.

Капиталната загуба настанува кога продажната или реализационата цена на хартиите од вредност е помала од нивната набавна вредност. Според одделните законодавства, капиталните загуби најчесто можат да се пребијат на товар на тековната даночна основа (или тековниот регуларен профит), но, честопати тоа е забрането, така што се овозможува нивно пребивање единствено на сметка на капиталните добивки. Тие можат да се пренесат во некој период од иднината, а евидентирани се и посебни случаи на нивно ретроактивно пренесување. **Оперативните загуби,** пак, се резултат на редовното оперативно работење на компаниите, и тие се манифестираат како состојба кога вкупните редовни расходи, кои се декларираат за даночни цели, всушност, се поголеми од вкупните редовни приходи. При утврдувањето на даночната основа, општо прифатена практика е примената на принципот на временското совпаѓање на остварените приходи и остварените расходи. Со ова правило, кое со други зборови се нарекува и *принцип на временска реализација на приходите и расходите,* всушност, се овозможува од вкупниот износ на остварени приходи во тековниот период, да се одземат или одбијат реализираните расходи (или трошоци) во истиот тековен период. Доколку при утврдувањето на тековната даночна основа се реализира загуба, честопати се предвидуваат решенија оваа загуба да се пренесе нанапред, односно да се искаже во идниот период, а во некои случаи и ретроактивно, односно наназад. Притоа е карактеристично што, за разлика од капиталните загуби, кај оперативните загуби пребивањето секогаш се врши на сметка на идните оперативни добивки (или поточно, добивките од редовното работење). Од исклучително значење за ефикасно имплементирање на ова системско решение претставува **временското врзување на даночната мерка.** Може да се каже дека определени позитивни ефекти се добиваат само доколку пренесувањето на загубата е јасно и прецизно дефинирано во строго определен временски период. Најчесто се препорачува временскиот интервал на важење на мерката да биде помеѓу 3 и 7 години, иако постојат земји кои воопшто не предвидуваат можност за пренос на загубите, но и земји каде таквата поволност е неограничена.

Како модалитет на можноста за пренесување на загубите се јавува и **можноста за пренесување на трошоците.** Се работи за примена на временски разграничувања на трошоците заради постигнување на одредени даночни цели. Со овие инструменти, во пресметката на даночната основа се дозволува пренос на реализираните трошоци од сегашноста во иднината. На овој начин се постигнува *прецењување на тековната даночната основа* и *потцењување на даночната основа* во идниот период. Ако се работи за проекти кои имаат висок износ на

иницијални инвестиции, ваквата поволност е добредојдена, бидејќи генерира бенефиција која се состои од плаќање на помал износ на данок во периодот со големи приливи на приходи, пред сè поради трансферот на трошоците од иницијалниот во идниот временски период. Затоа се вели дека со временското разграничување на трошоците, се постигнува и временско разграничување на даночната обврска, односно на платениот данок.

Можноста за пренесување на загубите претставува една од најповолните даночни мерки, кога се работи за создавање на поволна инвестициона клима, и покрај тоа што не претставува класична даночна стимулација. На големите меѓународни инвеститори им требаат повеќе години до моментот на реализација на првичниот профит, затоа што проектите во кои се инволвирани, се состојат од огромни суми на почетни вложувања. *Токму поради тоа, таа претставува фактор од непроценливо значење за мултинационалните компании во процесот на планирање на даночните обврски.*

2.1.5. Други поволности

Станува збор за група во која се опфатени останатите специфични даночни поволности, како што се преференцијалните даночни зони. Тука ќе биде разгледана и поделбата на даночните мерки според опсегот или широчината на дејството, според која тие можат да се разликуваат на општи или селективни (таргетни) даночни стимулации. На крајот е даден краток осврт и врз трендот на намалување на стапките на задржаните даноци, кои, како што е познато, претставуваат техника или начин за наплата на даночните обврски.

а. Преференцијални даночни зони (preferential tax zones)

Преференцијалните даночни зони претставуваат специфични инструменти кои се јавуваат во повеќе форми и служат за повеќе различни цели, но најмногу за привлекување на странски инвеститори. Тие можат да се сретнат под многу различни имиња: меѓународни трговски зони, слободни царински зони, слободни економски зони, зони за слободна трговија, зони за производство наменето за извоз и слично. Во светот постојат повеќе од 800 вакви зони, распространети во повеќе од 100 земји, кои вработуваат над 5 милиони работници, партиципирајќи во речиси сите аспекти на светската трговија.[119] Заедничка карактеристика на преференцијалните даночни зони, без разлика на формата или изразот под кои се јавуваат, е нивната **географска определеност**. *Всушност, тоа се географско одредени места – зони во*

[119] „Preferential tax zones“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003, стр. 59.

коишто квалификуваните компании (компаниите кои работат внатре во зоната) добиваат разни царински и даночни олеснувања и бенефиции. Компаниите во зоната имаат преференцијален, односно привилегиран статус во однос на оние надвор од зоната, затоа што фискалните поволности важат само на географски лимитираните парцели, кои честопати се и јасно одвоени, односно оградени.

Најосновно се разликуваат два вида на преференцијални даночни зони, а тоа се: *слободните царински зони (duty free zones)* и *специјалните економски зони (special economic zones)*. Практично, доста тешко е да се изврши чиста и јасна дистинкција помеѓу двата основни вида на зони, затоа што, честопати, една иста локација се среќава и во улога на царинска и на даночна зона, така што доаѓа до испреплетување на основните карактеристики. *Сепак, царинските зони најчесто обезбедуваат ослободување од царинските давачки и индиректните даноци на потрошувачката (ДДВ) при увозот и извозот на транзитните стоки, додека специјалните економски зони нудат ослободување од или намалување на даноците на доход (корпоративниот данок) во рамки на преференцијалните даночни зони.*

Слободни царински зони

Слободните царински зони треба да се разликуваат од терминалите или царинските зони на државите. Иако и двата поима се поистоветуваат со одредена географска територија, слободните царински зони не се сметаат како простор за извршување на царинските потреби на државата, како што е тоа случај со царинските терминали, туку се сметаат како зона *која е на територија на друга земја*. Така, внесувањето на стоките од некоја странска земја во зоната не се смета како увоз во земјата на чија територија се наоѓа зоната, туку како увоз се третира влезот на стоките од зоната на територијата на земјата-домаќин. И обратно, како извоз не се смета изнесувањето на стоките од зоната во некоја странска земја, туку влезот на стоките од земјата-домаќин во просторот на зоната. Според активностите кои се извршуваат во рамки на слободните царински зони, тие можат да се поделат на: *слободни трговски зони (free trade zones)* и *слободни производни зони (manufacturing or processing free zones).*

Слободни трговски зони. *Слободните трговски зони се наменети претежно за олеснување на меѓународната трговија и транзитот на стоки*. Станува збор за специјално оградени места или простори каде стоките кои се предмет на специјален царински надзор, слободно се претоваруваат, класифицираат, препакуваат, декларираат пред да бидат повторно транспортирани во некоја странска земја. Тие се едни од најстарите стимулативни трговски мерки кои датираат уште од античко време.[120] Стоките кои влегуваат во слободните трговски зони од странски земји, а се наменети за извоз кон други странски земји, се ослободени од царини и ДДВ, додека стоките кои ќе влезат во домашната земја од зоната, подлежат на вообичаениот царински

[120] Така на пример, пристаништето во Картагена служело како слободна трговска зона. Понатаму, италијанските пристанишни градови Џенова и Венеција биле познати медитерански слободни трговски зони од 14. век, додека Гибралтар прераснува во слободна зона уште од 1704 година.

и даночен третман.[121] Во случај стоките од трговската зона во целост да се предмет на меѓународна размена, тогаш се применуваат повластени царински и даночни административни процедури, но со засилен царински надзор, за да се спречи евентуалниот проток на стоките на домашниот пазар. Можат да се сретнат во повеќе варијанти, како *дистрибутивни центри* или како *регионални аеродромски центри (hubs)*. Дистрибутивните центри најчесто зафаќаат помала површина и служат како бесцарински магацини (стоваришта) на поголемите производители, од каде се врши дистрибуција на стоките на меѓународните или регионалните пазари. Во рамки на големите интернационални аеродроми, можат да бидат изградени слободни трговски зони, како регионални транзитни центри на големите карго аеро-превозници. Слободните трговски зони нудат неколку поволности, и тоа: едноставна администрација, зголемена ликвидност за субјектите (поради ослободувањето од царинските и даночните обврски на стоките кои се предмет на трговија, но и на користената опрема во зоната), и можност за дополнителни олеснувања, како што се даночните одмори и забрзаната амортизација.

Слободни производни зони. Кога ќе се спомне изразот „слободна производна зона“, најчесто се мисли на „зона за производство наменето за извоз“ (export-processing zone). Некои автори ја дефинираат последнава *како административно и географски дефинирана област или простор, која ужива специјален статус и во која е дозволен увоз на опрема и други материјали за производство наменето за извоз.*[122] Увезените основни и обртни средства во производната зона се ослободени од царини и ДДВ, со цел да се користат за склопување и производство на стоки кои понатаму ќе бидат предмет на извоз. Поради потребата од поголем простор за производниот процес, производните зони се обично поголеми од трговските зони.[123] Инаку, преминот од трговските кон производните зони претставува релативно нов феномен кој датира од 1960 година, кога е основана „Shannon Free Zone“ во Ирска, како прва слободна производна зона.[124]

Слично како и кај трговските зони, така и во овој случај, поволностите за субјектите инволвирани во зоната се однесуваат на остварување на права на ослободување од царински давачки и ДДВ, со таа разлика што тие имаат далеку поголема вредност за производителите, со оглед на поголемиот обрт на опремата и материјалите во мануфактурниот процес. Производните зони можат да бидат окупирани од повеќе производители или да бидат дадени на индивидуален производител (bonded factory).

Во повеќе земји е воспоставена *нормална практика која налага обврска за целосен извоз на вкупно произведените стоки*. Според тоа, строго се забранува продажба на домашниот пазар.

---

[121] Вообичаениот царински и даночен третман, во основа, се раководи според *принципот на одаточување на домашната потрошувачка.* Според него, царините и ДДВ се наплатуваат при увозот на стоките во домашната земја, додека извозот не е предмет на царинење и одаточување.

[122] Пошироко види: „Basile and Germides“, стр. 20.

[123] На пример, најголемите дитрибутивни центри зафаќаат простор од 200 хектари, додека најголемата производна зона кој се наоѓа во областа Шензен (Shenzhen), Кина, покрива површина од 3 км^2.

[124] :„Preferential tax zones“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003, стр. 60.

Други, пак, земји, дозволуваат полиберални правила кои се состојат од доделување на дозвола за реализација на мал дел од производите во домашната земја, но само доколку се оствари извоз на поголем дел од вкупното производство во странство. Начинот на кој земјите го регулираат пуштањето на стоки во домашниот промет претставува нивно дискрециono право.[125] Трети, пак, воопшто не пропишуваат никакви ограничувања за увоз на стоки од производните зони, туку едноставно, ги третираат како редовен увоз. Како специфичен пример треба да се издвои практиката во САД, на чија територија постојат производни зони кои можат да се наречат и како „увозни производни зони“ (import processing zones). Тие треба да се разликуваат од стандардните производни зони по тоа што претежно се користат за производство на стоки наменети за домашниот пазар *од увезени компоненти и материјали*. Логиката на овие зони се состои во можноста производителите да ги редуцираат царинските давачки на производите кои се увезуваат во САД. Имено, поради фактот што царините на увезените финални производи во САД обично се пониски од царините на увезените репроматеријали, основањето на производни погони во овие зони овозможува да се одбегнат високите царински давачки на репроматеријалите, а финалното производството да се пласира на домашниот пазар по пониски царински стапки. Освен оваа поволност, увозните зони овозможуваат одложување на плаќањето на царините, сè до моментот на реализација на производите на територијата на домашната земја.

Извозните производни зони, како што спомнавме, се карактеризираат по тоа што економските субјекти во преференцијалната зона се ослободени од плаќање на царини и други индиректни даноци (данок на промет или ДДВ). Но, во некои земји, во рамки на зоната, покрај ослободувањата од царини и ДДВ, се применува и ослободување од плаќање на корпоративниот данок на добивка. Некои одат уште подалеку, така што покрај овие привилегии, одобруваат и користење на даночни одмори. Во многу зони во светот се користат и нефискални стимулативни мерки, како што се субвенционирањето на инфраструктурата, ниски комуналии, ниски ренти, субвенционирање на трошоците (енергенсите и електричната струја) и слично. Меѓутоа, таквите бенефиции можат да ги нарушат правилата за фер игра и лојална конкуренција, поради што не се препорачуваат од страна меѓународните трговски организации.

Економска оправданост. Честопати се поставува прашањето за економската оправданост за слободните царински зони. Прашањето за оправданоста на царинските зони произлегува од фактот што за разлика од другите „нормални“ даночни стимулации, овие се пропратени со високи „реални“ трошоци. Ако кај другите мерки трошоците се изразуваа во смисла на изгубени потенцијални приходи, кај преференцијалните даночни зони се јавуваат вистински трошења, во смисла на буџетски издатоци. За да се оспособи една зона за употреба, потребно е да се додели земја, да се изгради потребната патна и електрична инфраструктура, да се овозможи нејзино

[125] На пример, Малезија пропишува целосна забрана на увоз, Куба дозволува увоз во износ од 25% од вкупното производство, додека на Фиџи се бара минимален извоз во висина од 80% од вкупното производство. Види:„Preferential tax zones“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003.

поврзување, итн., за што, се разбира, се потребни големи финансиски средства.[126] Затоа, со цел да се рационализираат дел од трошоците, властите често им дозволуваат на инвеститорите да партиципираат во градбата на зоните, одобрувајќи им компензација на направените трошоци од наплатата на рентите или нудејќи им дополнителни даночни олеснувања.

Во однос на економската оправданост на царинските зони, а особено на слободните трговски зони, постои извесна *предност* во споредба со останатите преференцијални зони, затоа што тие речиси редовно *генерираат инкрементални инвестиции.* Тешко може да се замисли дека некоја компанија ќе отвори дистрибутивен центар, производен погон, или, пак, на аеродромите ќе егзистираат воздухопловни карго-центри без да бидат понудени царински и даночни олеснувања. Иако реалните трошоци за оспособување на зоните не се за потценување, сепак, изгубените потенцијални приходи во случајот со царинските зони е минимален. Тоа е така бидејќи голем дел од направените трошоци се враќаат преку наплатата на закупнините и рентите од запоседнатите компании. Единствено под удар на економската критика се наоѓаат дополнителните даночни поволности кои се нудат во склоп на слободните царински зони. Земјите, пак, кои доследно ги употребуваат, ги правдаат таквите одлуки со потребата од компетиција на меѓународниот пазар.

Основно, *слободните трговски зони* се добредојдени за *секторите кои се занимаваат со транзитен транспорт*, додека *производните зони* се оправдани за секторите кои вршат *извоз на поголемиот дел на производство, како што се електрониката и текстилот.* Во секој случај, без дополнителна анализа за оправданоста, не треба по секоја цена да се избрзува со воспоставувањето на овие скапи инструменти на фискалната политика.

Слободни економски зони

Специјалните економски зони, кои со друго име се нарекуваат и *слободни економски зони,* се *одредени локации или региони во некоја земја каде се применуваат посебни даночни ослободувања или намалувања на корпоративниот данок на доход или на другите даноци на доход, за разлика од остатокот на територијата на истата земја.* Во некои земји се употребуваат и други изрази, како на пример, *индустриски паркови* или *индустриски зони*. Без разлика на терминот којшто се користи, за сите нив заедничка црта претставува фактот што инвеститорите кои инвестираат токму во овие зони, уживаат поволни даночни бенефиции по основ на даноците на доход. Во некои од нив, освен овие поволности, се нудат и други даночни и царински олеснувања, што води кон испреплетување на карактеристиките помеѓу економските и царинските зони. Начинот на кој се утврдуваат даночните бенефиции варира од земја до земја. Во Полска, на пример, странските компании кои се наоѓаат во индустриските паркови, целосно се ослободени од плаќање на корпоративниот данок на доход во период од 10 години. Во Британија, зонските претпријатија уживаат право на забрзана амортизација, но и ослободување од данокот на имот, а во Кина, пак, се применува редуцирана стапка на корпоративниот данок. Во поглед на

[126] Според некои истражувања, трошоците за оспособување на зоните понекогаш достигаат до 50 милиони долари по квадратен километар.

површината на која се простираат, слободните економски зони зафаќаат значително поголеми површини во споредба со слободните царински зони.[127]

Економска оправданост. Економската оправданост на слободните економски зони може да се набљудува од два аспекти: можност за привлекување на инвеститори во посебно одреден регион или локација и можност за создавање на атрактивно и сигурно опкружување на странските инвеститори. Во светот постојат земји со високо ниво на бирократија и корупција, имаат неразвиена пазарна економија без развиен систем за заштита на сопственичките права. Во такви услови, воспоставувањето на одредени слободни зони со потребната инфраструктура и развиен систем на менаџирање, кои ќе послужат *како сигурни заштитни енклави на инвеститорите*, претставува фактор од особено значење, во смисла на креирање на доверба во *инвестиционото опкружување на земјата*. Другиот елемент на оправданоста на економските зони е од аспект на *постигнувањето на рамномерен регионален економски развој*. Овие преференцијални зони можат да послужат како добар инструмент во забрзувањето и изедначувањето на развојот на оние региони кои заостануваат во однос на националниот просек (на пример, доколку постои голема невработеност или мал степен на индустријализираност во регионот). Во сите други случаи, многу тешко е да се најде добра причина за оправданост на економските зони, кои, за разлика од царинските зони, *генерираат уште поголеми буџетски трошоци* и *поголем ризик од загуба на потенцијални приходи*. Исто така, преференцијалните даночни зони се на удар на критиката и поради тоа што генерираат дискриминација, **односно нерамноправност на фирмите во зоната во однос на фирмите вон зоната**, со што се нарушува елементарниот принцип на слободна пазарна конкуренција.

б. Општи и таргетни даночни стимулации

Од гледна точка на економските субјекти кои бенефицираат од примената на даночните стимулации, не е воопшто важно дали одредена даночна поволност ќе се реализира во форма на специфична, селективна даночна стимулација, или, пак, ќе биде дел од општиот даночен систем. Меѓутоа, од аспект на институциите кои ја дизајнираат економската политика, меѓусебната дистинкција може да биде многу битна. Така на пример, во рамки на ЕУ, многу видови даночни стимулации се забранети, или, пак, бараат посебна дозвола од Европската комисија, поради опасноста од дисторзија и нарушување на лојалната конкуренција. Затоа е потребно јасно да се нагласи линијата која ги одделува таргетните даночни стимулации од општите даночни стимулации.

[127] Како впечатливо големи слободни економски зони се издвојуваат зоната во Находка (Nakhodka FEZ) со 4.579 км^2 и зоната во Калининград (Kaliningrad FEZ) која зафаќа цела енклава со површина од 15.000 км^{2,} и двете во Русија. Меѓутоа, своевиден рекорд држи кинеската слободна економска зона во Хаинан (Hainan SEZ), простирајќи се на цел остров со површина од 34.000 км^2 и популација од 7 милиони луѓе. Види: „Preferential tax zones“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003.

Кога се зборува за даночните стимулации, поради нивната примарна цел да генерираат реакција кај **одредени** економски субјекти, логично е да се заклучи дека нивната природа има **дискриминаторски** карактер**.** Меѓутоа, таквиот заклучок не може да се наметне по автоматизам *„a priori"*, бидејќи основно зависи од видот на стимулациите, или поточно, од **пристапот** во креирањето на политиката на даночни стимулации. Имајќи го ова предвид, земјите можат да применат два пристапа или две стратегии во конципирањето на мерките на даночните стимулации. Едниот пристап, кој се нарекува пристап на **општи правила (rule-based approach),** при подготвувањето на политиката на даночните стимулации врши дистинкција на крајните корисници врз основа на *поширок недетализирани критериуми и правила*. На пример, во намерата за привлекување на странски директни инвестиции, домашните власти му нудат разни даночни поволности на секој странски инвеститор кој претходно немал воспоставено деловни односи на територијата на домашната земја, без разлика на проектот или секторот во кој се инвестираат средствата. За разлика од него, **стратегијата на специфичен пристап (specific approach)** се состои од креирање на мерки кои се однесуваат стриктно на индивидуални странски инвеститори или на индивидуални инвестициони проекти. Аналогно, според овој концепт, мерките можат да се однесуваат и на компании кои имаат веќе воспоставено деловни односи со домашната земја, бидејќи критериумот за разграничување е конкретната инвестиција или проект, а не потеклото од странство. Меѓутоа, линијата за разграничување на овие пристапи на даночната политика е многу тенка, што води кон потешкотии во сегрегацијата на даночните стимулации.

Понекогаш, примената на политиката на даночни стимулации се поврзува и со **мотивот за конкуренција** помеѓу разни даночни јурисдикции.[128] Мотивот за конкуренција најчесто е присутен во политиката за промоција на странските директни инвестиции. Конкуренцијата може да се сфати како *опкружување во кое даночните власти се поттикнати да спроведуваат низа мерки на даночни стимулации, кои се поповолни во однос на мерките од другите конкурентни земји.* Според овој концепт, се разликува **таргетна конкуренција (targeted competition)** и **режимска конкуренција (regime competition)**. За таргетната конкуренција, се вели дека настанува кога властите настојуваат да реализираат одредени цели (привлекување на странски инвестиции) преку натфрлување на обемот и квалитетот на селективните мерки на даночните инструменти во однос на мерките на другите јурисдикции. Интересно е тоа што, во последните неколку декади, во овој домен е забележан тренд на остар натпревар помеѓу земјите во светот. Во некои екстремни случаи, натпреварувањето се претвора во вистинска војна, која не се оправдува од страна на економските експерти, поради превисоко платената цена за реализација на странските инвестиции. Појавите на економска војна најмногу се манифестираат во т.н. *трофејни проекти (trophy projects)* карактеристични за автомобилската, петрохемиската, електронската и информатичката индустрија. Режимската конкуренција, пак, подразбира подобрување на целокупниот режим на сетот на даночни стимулации во однос на другите земји. И оваа политика

[128] Види: „Checklist for foreign direct investment incentive policies" , An OECD study, 2003 стр. 12-15.

е широко распространета помеѓу даночните јурисдикции ширум светот, кои сметаат дека не е можно да се внесе задоволителен обем на инвестиции без поголемо олеснување на општите даночни правила. Меѓутоа, за разлика од претходната, борбата за даночна превласт не добива екстремни димензии, па затоа, и конкуренцијата не е остро нагласена.

Двата наведени концепти наметнуваат заклучок дека, и според критериумот на дискриминација, и според критериумот на даночната конкурентност, можат да се разликуваат два типа на даночни стимулации: **општи** и **таргетни** даночни стимулации. *Општите* даночни стимулации овозможуваат зголемување на степенот на даночната атрактивност на општото економско опкружување на домашната земја, во однос на конкурентните странски земји. Според насоката на дејствието на даночните инструменти, општите стимулации можат да бидат *проактивни* или *дефанзивни.* Проактивните имаат цел да креираат позитивна компаративна предност на општото домашно опкружување. За разлика од нив, дефанзивните настојуваат да ги прилагодат или одржат условите во домашната земја на ниво на условите што владеат во меѓународното опкружување.

Таргетните даночни стимулации, за разлика од општите, имаат лимитиран делокруг на дејствување, поради фактот што обезбедуваат олеснувања само за одредени економски субјекти, односно, нудат преференцијален даночен третман само на селективно одбрани даночни корисници. Главниот разум за имплементација на овие мерки се адресира, во прв ред, на ризикот од „пазарен неуспех", односно неможноста приватните фирми да остварат успех на ниво на општествено признатиот пазарен успех. Набљудувано од овој агол, таргетните стимулации се третираат како позитивни екстерналии кои генерираат прелевања на ефекти (spilover effects) со поголема општествена корист во однос на вкупната приватна корист. Така на пример, ако странските инвестиционi вложувања се набљудуваат во контекстот на позитивните екстерналии, тогаш насочувањето на даночните поволности кон странските инвеститори може да изврши неколку функции: 1. овозможува идентификување и поддршка на оние инвестиции кои за домашната земја носат најголем економски потенцијал (picking winners); и 2. овозможува рационализација на трошоците поврзани со обезбедување на даночната бенефиција, со што се редуцира бројот на потенцијалните корисници (eliminating free-riders).[129]

Определувањето на таргетите на даночните олеснувања може да се реализира преку повеќе критериуми или пристапи. На пример, кога се става акцент на промоцијата на инвестиционите вложувања, даночните стимулации може да се определат според следните критериуми: 1. според видот на инвеститорите (домашни или странски, постоечки или нови); 2. според големината на инвестициите (големи или мали); 3. според типот на деловната активност или секторот (мануфактурно производство или технолошки напредни сектори – R&D); 4. според факторот на производство (капитал, труд, енергија, репроматеријали); 5. според географската локација (неразвиени региони, одредени зони); 6. според видот на пазарот (домашен или

[129] Види:„Targeting tax incentives", Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, 2003, стр. 67-68.

странски, увоз или извоз) и др.[130] На сличен начин може да се поделат и критериумите за таргетирање на стимулациите во доменот на работната сила.

Без разлика дали приоритет претставува доменот на инвестициите или на работната сила, механизмите за пренос на ефектите на даночните стимулации остануваат исти. Постојат генерално два вида на механизми: *механизми кои делуваат преку трошокот на капиталот/работната сила* или **трошочно-базирани механизми (expenditure-based mechanisams)** и *механизми кои дејствуваат преку профитот или доходот на капиталот/работната сила* или **профитно-базирани механизми (profit/income-based mechanisams).** Како класични примери за даночни стимулации кои дејствуваат преку трошочниот механизам се сметаат забрзаната амортизација и даночните одбивки. За разлика од нив, редукцијата на даночните стапки, даночните кредити и даночните одмори дејствуваат, во поголема мера, преку остварениот расположлив доход. Стимулативното дејство на првиот механизам се состои од намалување на основата за оданочување, а на вториот од намалување на даночната обврска. Релевантни мерки за мерење на ефектите од двата типа даночни стимулации претставуваат ефективните даночни стапки кои го квантифицираат ефективниот даночен товар на капиталот, односно трудот.

в. Техниката на задржување на данокот како поволност (Withholding taxes)

Техниката на задржување на данокот, која се употребува во рамки на системот на корпоративниот и персоналниот данок на доход, иако по своите технички карактеристики не претставува ништо друго освен начин, или поточно, механизам за наплата на данокот, и во таа смисла не претставува конкретна даночна стимулација, според некои истражувања, нуди одлична можност за убрзување на меѓугранични трансфери на пари. *Можноста се состои од снижување на стапките на задржаните даноци, со што се постигнува своевидно олеснување на бариерите за трансфер и репатријација на профитот, што претставува поволност од особено значење за мултинационалните компании*. Како што е познато, локациите (земјите) чии фискални системи наметнуваат минимални трошоци на меѓународните трансфери на пари, стоки, услуги и човечка сила, се доста атрактивни за меѓународните компании.[131]

Под поимот задржан данок може да се сфати обврска кон одреден плаќач на доход да го задржи или да го одземе данокот од износот кој е предмет на плаќање или трансфер и да го плати на владата која го наметнала.[132] Честопати, задржаниот данок се наплаќа при *трансферот на пари*, односно на доходот од работен однос, каде обврската за задржување ја има работодавецот, а нормална практика широм светот е и редовното задржување на данокот *на приход од камати и дивиденди*. Во поново време, задржаниот данок се воведува и за

[130] Ibidem.
[131] „Checklist for foreign direct investment incentive policies“ , An OECD study, 2003 стр. 20.
[132] Види: wikipedia.

трансферите по основ на авторски права и приходи од интелектуална сопственост, па дури и *по основ на продажба на недвижен имот*. Владите го користат задржаниот данок како начин за борба против евазијата, па дури применуваат и дополнителни барања кога обврзниците се нередовни и недисциплинирани во исполнувањето на даночната обврска.

Од содржината и карактерот на задржаниот данок, може да се заклучи дека неговото евентуално намалување носи извесен потенцијал за забрзување на мобилноста на капиталот, работната сила и интелектуалната сопственост. Сепак, тежиштето на значењето на таквата политика се наоѓа во *инвестиционото вложување и привлекувањето на странскиот капитал*. Постои општ консензус дека високите стапки на задржан данок го дестимулираат протокот на странските директни инвестиции, но, сè уште се малубројни истражувањата кои се направени за ефектите кои произлегуваат од можностите за нивно редуцирање или целосно ослободување. И покрај недостатокот на цврсти докази, воопшто не изненадува фактот што многу земји веќе ја имплементираат ваквата стратегија како начин за промоција на инвестиционите активности. Така на пример, често се прават обиди за селективно унапредување на секторите со развиена напредна технологија, практика која е особено застапена во земјите од источна Азија, како што се Сингапур, Кина и Кореја. За да ја постигнат таа цел, тие воведуваат ослободувања, или, пак, намалувања на стапките на задржани даноци на меѓународните трансфери по основ на камата на заем, или, пак, на приходите од индустриска сопственост по основ на лиценца и техничка асистенција во случај на трансфер на нова технологија.

Но, и покрај ова, *дилемите за постигнување на саканите ефекти остануваат и понатаму присутни*. Всушност, токму обврската за задржување на данокот, која настанува само во случај на трансфер на средствата преку домашната граница, може да ги убеди странските инвеститори да го реинвестираат остварениот профит во домашната економија, што, секако, е добредојдено за земјата. Поради овие причини, доследната и редовна употреба на опишанава стратегија не наидува секогаш на позитивна критика од страна на стручната јавност.

3. Методологија за оценка на даночниот товар и ефектите од политиката на даночните стимулации

Водењето на активна даночна политика го наметнува прашањето за релевантна евалуација на даночниот товар. Во таа насока, даночните аналитичари препорачуваат користење на одредени базични и современи мерки за оценка на даночниот товар и на ефектите од даночната политика. Тие се следните:

- номинални даночни стапки (nominal tax rates);
- даночни коефициенти, односно коефициентите даноци/БДП (tax – to – GDP ratios);
- просечни ефективни даночни стапки (average effective tax rates); и
- маргинални ефективни даночни стапки (marginal effective tax rates).

Следува компаративна анализа на основните мерки за вреднување на даночниот товар, со цел да се види нивната подобност од аспект на мерењето на ефектите од даночните стимулации.

3.1. Номинални или законски даночни стапки (nominal tax rates)

Како најосновно и фундаментално мерило на даночниот товар се јавува номиналната даночна стапка. Тоа се, всушност, официјалните даночни стапки кои ги применуваат националните економии во структурата на домашните даночни системи. *Аналитичката вредност на номиналните даночни стапки се состои, пред сè, од нивната примарна сигнализирачка функција, од аспект на инвестиционото одлучување (одлучување за нови инвестиции) во меѓународното движење на капиталот.* Сепак, според многумина аналитичари, ова својство на номиналните даночни стапки е доста ограничено - бидејќи тие немаат моќ, го *изразуваат реалниот даночен товар* кој го сносат економските субјекти. Затоа, често се јавува разлика помеѓу номиналните и ефективните даночни стапки.

Причината поради која номиналните стапки не претставуваат релевантно мерило на даночниот товар е фактот што тие не ги инкорпорираат разните поволности и даночни ослободувања кои се пропишани со националните даночни законодавства. Така на пример, прифаќањето на каматите како одбитна ставка на даночната основа пред калкулацијата на сметководствената номинална даночна стапка, веќе претставува општоприфатена меѓународна практика. Понатаму, егзистенцијата на разните даночни кредити, даночните одбивки и изземања, и слично, при пресметката на корпоративниот или персоналниот данок на доход, често води кон тоа ефективните стапки да бидат помали од законските даночни стапки. Од друга страна, пак, примената на одредени рестрикции, или, пак, прикриени административни трошоци, може да го зголеми реалниот даночниот товар, и покрај ниските номинални даночни стапки. *Според тоа, номиналните стапки може да дадат лажна претстава за димензијата на даночното оптоварување, доколку не се реализира подетална и поинтегрална анализа на целокупната даночна стуктура.*

Како за илустрација на претходново, нека се претпостави дека стапката на корпоративниот данок на доход изнесува 35% на остварени 100 п.е. сметководствен профит, така што номиналната стапка на корпоративниот данок ќе изнесува 35%. Меѓутоа, ако некоја фирма во структурата на капиталот поседува долг на којшто плаќа 40 п.е. камата, под претпоставка дека не постојат други ослободувања, таа ќе плати данок во висина од 21 п.е. (100-40)*35%=21 п.е. данок. Ова јасно покажува дека ефективната даночна стапка е пониска и изнесува 21%, за разлика од номиналната од 35%. Можно е да се постигне и обратен ефект, така што ефективната даночна стапка би била поголема од номиналната даночна стапка. Илустративен е примерот со високите имплицитни даночни стапки на сиромашните лица во случај на вработување. Имено, невработениот самохран поединец со чинот на вработување може да добива многу ниска плата која му носи минимален приход, но, од друга страна, го губи правото на определен надомест во

случај на невработеност (unemployment benefit). Крајниот резултат е висока имплицитна (скриена) ефективна стапка на доход, која во некои земји достигнува и до 100%, бидејќи со губењето на надоместокот се неутрализира целокупниот дополнителен расположлив доход по оданочување.

Тука се поставува прашањето, во кој случај номиналните стапки претставуваат релевантен индикатор на даночниот товар на економските субјекти. Валидноста на ова мерило добива на значење во случај на активности на планирање на профитот, капитализацијата и трансферните цени во *процесите на меѓународните движења на капиталот, затоа што при овие активности, вредноста на даночните обивки и ослободувања претежно е детерминирана од големината на номиналната даночна стапка.* Така на пример, ако стапката на корпоративниот данок на доход е 20%, вредноста на даночната корист од 1 п.е. камата на даночната основица изнесува 0,20 п.е., додека во случај на стапка од 40%, вредноста на даночната бенефиција што ја генерира 1 п.е. камата на даночната основица би изнесувала 0,40 п.е. Според тоа, компарацијата на номиналните даночни стапки помеѓу земјите во меѓународното опкружување, во конкретниов случај, добива на важност.[133]

3.2. Даночни коефициенти или однос даноци/БДП (tax – to – GDP ratios)

Даночните коефициенти или коефициентите даноци/БДП (tax – to – GDP ratios) претставуваат едни од најкористените мерила, главно на макроекономски план, кои упатуваат на важноста на одредени типови на даноци, како и на целокупната даночна структура во одделни земји. Всушност, даночните коефициенти претставуваат *однос помеѓу вкупните или одделните даночни приходи и вредноста на БДП на одделни земји*, што значи дека по природа се релативни показатели на даночното зафаќање. Меѓутоа, и покрај големата популарност како редовни и задолжителни мерила во редовните даночни извештаи, како во меѓународната, така и во рамки на домашната даночна практика, тие содржат сериозни недостатоци кои ја ограничуваат нивната аналитичка вредност, па според тоа, треба да се користат и интерпретираат со извесна доза на внимателност. *Елементите кои можат да ја релативизираат важноста на даночните коефициенти се следниве*: 1. начинот на кој даночните власти обезбедуваат социјална и економска поддршка на субјектите во економијата (даночни отстапки или директна јавна потрошувачка - tax expenditures vs direct government spending); 2. даночниот третман на социјалните бенефити; 3. врската или корелацијата помеѓу даночната основа, БДП и економскиот циклус; 4. обемот на даночна евазија и обемот на сива економија; 5. временското разграничување (time lag) помеѓу даночните приходи (побарувања) и даночните трансфери; 6. методологијата на пресметка на БДП и слично.[134]

Даночни трошоци или директна јавна потрошувачка (tax expenditures vs direct government spending). Даночните власти можат да ја реализираат економската и социјалната

[133] Види: „Alternative tax burden measures“ – An OECD study, 2000
[134] Види: „Alternative tax burden measures“ – An OECD study, 2000

поддршка кон субјектите во економијата преку два начина: со директни јавни трошења, односно директни финансиски трансфери, или пак, со одредени даночни отстапки (tax concessions), што е синоним за стратегија на примена на поддршка преку одредени даночни ослободувања и поволности, што во жаргонот на јавните финансии се интерпретира како вид на даночен трошок или изгубен потенцијален приход. Токму од начинот на кој државите им пристапуваат на овие две елементарни стратегии за поддршка, зависи и реалната вредност на даночните коефициенти, како мерило на даночното зафаќање. *Имено, државите кои ја преферираат пристапот на даночните трошоци, односно отстапки, имаат значително помали реални вредности на даночните коефициенти, за разлика од оние кои се повеќе наклонети кон програмите со директни јавни трошења.* Ова може да се илустрира преку еден хипотетичен пример: нека се претпостави дека во некоја земја се зафаќа 50% од вкупниот БДП, а поддршката на инвестициите се постигнува со разни даночни ослободувања и отстапки во вредност од 20% од БДП. Со самата примена на оваа стратегија на поддршка на инвестициите, автоматски се постигнува намалување на коефициентот на вкупното даночно зафаќање од 50% на 30%, иако вредностите на вкупните даночни добивки што ги стекнуваат инвеститорите, остануваат исти.

Даночниот третман на социјалните бенефити. Всушност, се работи за даночниот третман на социјалните трансфери, кои, со други зборови, се нарекуваат трансфери за социјални бенефити, односно користи (social benefit transfers). Од начинот или видот на кој се реализира социјалниот трансфер, зависи и големината на релевантниот даночен коефициент. Најмали реперкусии врз висината на показателот покажуваат трансферите кои се *подложни на оданочување*, понатаму следат социјалните трансфери кои се реализираат во форма на *даночен кредит*, а најголема редукција на висината на коефициентот се постигнува во случај на реализација на социјалната поддршка преку *даночни ослободувања*. Како илустрација на ефектот на даночниот третман на социјалните трансфери може да послужи табелата бр. 5.

Табела бр. 5

Илустрација на ефектот на даночниот третман на трансферите врз даночниот коефициент вкупни даноци/БДП

Земја	**А (%)**	**Б (%)**
Јавни трошења во вид на социјални трансфери	25	20
Останати вкупни јавни трошења	25	25
Вкупни јавни трошења (коеф. вкупни даноци/БДП)	50	45
Даноци на социјалните трансфери	5	0
Корекција на коеф. вкупни даноци/БДП после пресметката на даноците на социјалните трансфери	45	45
Нето трошења за социјални трансфери после пресметката на даноците на социјалните трансфери	20	20

Извор: „Alternative tax burden measures" – An OECD study, 2000 стр. 29.

Од табелата бр.5 јасно може да се воочи дека, и покрај поголемото ниво на даночно зафаќање во земјата А во висина од 50% од БДП во однос на земјата Б која има зафаќање од 45% од БДП, различниот третман на социјалните трансфери предизвикува нето ефект на израмнување на коефициентот вкупни даноци/БДП кај двете земји, по пресметката на даноците на социјалните трансфери. *Очигледно, даночните коефициенти во земјите со практика на оданочување на*

трансферите се преценети и не го покажуваат реалниот даночен товар, доколку не се предвиди повратниот ефект од повторното оданочување. Во конкретниов случај, реалниот коефициент во земјата А е помал од номиналниот коефициент, додека реалниот даночен товар е поголем, поради дополнителното оданочување на трансферите за социјални бенефити.

Врската или корелацијата помеѓу даночната основа, БДП и економскиот циклус. Честопати, промената на даночните коефициенти секогаш не претставува одраз на промената на даночната политика на некоја земја со текот на времето. За да се сфати претходново, треба да се има предвид дека, всушност, агрегатниот коефициент на вкупното даночно зафаќање вкупни даноци/БДП се состои од повеќе различни компоненти кои го сочинуваат неговиот броител. Така, овој показател може да се разложи на повеќе делови, односно вкупни даноци/БДП = корпоративни даноци/БДП + персонални даноци на доход/БДП + останати даноци/БДП. Со анализа на компонентата или делот на корпоративниот данок, може да се покаже дека промената на показателот секогаш не рефлектира реална промена на правецот на даночната политика.

Имено, компонентата корпоративни даноци/БДП се состои од две поткомпонети, и тоа: (корпор. даноци/БДП = корпор. даноци/економски профит * економски профит/БДП).[135] Првата компонента (корпор. даноци/економски профит) може да се нарече и просечна ефективна даночна стапка на економскиот профит, и ја *одразува актуелната позиција на даночната политика по однос на оданочувањето на економскиот профит на корпорациите*. Притоа, секоја промена на мерките и даночните инструменти поврзани со оданочувањето на профитот на корпорациите има директна рефлексија врз овој показател, а индиректно и врз интегралниот показател корпор. даноци/БДП. Другата компонента (економски профит/БДП) се нарекува показател на економскиот профит и го мери учеството на економскиот профит во вкупниот БДП, односно контрибуцијата на капиталот во создавањето на БДП. *Од ова произлегува дека вредноста на анализираниот показател корпор. даноци/БДП зависи од промената на мерките на даночната политика, но истовремено и од промената на нивото на економскиот профит во структурата на БДП.* Најчесто, кога настапува промена на бизнис-циклусот, настапува и промена на контрибуцијата на капиталот во структурата на БДП, а со тоа се менува и интегралниот коефициент, без поконкретна промена на мерките и правецот на даночната политика. Слично, даночните коефициенти можат да ја замаскираат врската помеѓу различните даночни основи и вредноста на БДП, кога поради цикличните влијанија во економијата, настануваат поголеми или помали декларирања за одредени даночни ослободувања, како резултат на интензивирањето или забавувањето на инвестиционите активности. Според тоа, само подетална анализа на различните компоненти на даночните коефициенти може да резултира со адекватни оценки за преземените динамични промени и правци на даночната политика.

Останати елементи. Покрај претходниве, постојат и други фактори кои ја релативизираат вредноста и значењето на даночните коефициенти во процесот на евалуација на реалниот даночен

[135] „Alternative tax burden measures“ – An OECD study, 2000, стр. 30.

товар. Најпрвин, доколку во економијата постои голем степен на фискална недисциплина, односно *даночна евазија*, нивото на даночните приходи на државата би било помало отколку што се предвидува. Во тој случај, коефициентот вкупни приходи/БДП би бил потценет, и покрај декларативно големите даноци. Сличен ефект дава и *егзистенцијата на сивата економија,* која, исто така, може да го редуцира набљудуваниот коефициент. Поради фактот што во него не е вклучен вишокот на даночното оптоварување кое потекнува од однесувањето на субјектите како одговор на даночните мерки, показателот може во значителна мера да ги потцени вкупните даночни ефекти.[136] *Временското задоцнување помеѓу даночните приходи и фактичките трансфери,* како и *разликите во методолошкиот пристап во пресметката на БДП,* претставуваат проблеми од технички карактер при пресметката на даночните коефициенти. Доколку не постои стандардизација во дефинирањето и пресметката на вкупниот БДП, вкупните приходи и вкупните расходи помеѓу одделните земји, валидноста на компаративната анализа според прикажаните коефициенти може да биде сериозно нарушена. Резимирано кажано, примената на даночните коефициенти како методолошки пристап во оценката на ефектите од даночните мерки, може да биде сосема неоправдана, и доколку притоа не се користат други алтернативни мерила, резултатите мора да се интерпретираат со крајна доза на претпазливост.

3.3. Просечни ефективни даночни стапки (average effective tax rates - AETR)

Значењето на оданочувањето како фактор од кој непосредно зависат најбитните макроекономски варијабли, како што се штедењето, инвестициите и вработеноста, сè повеќе се зголемуваше во последните две декади, што резултираше со појава на конкретни иницијативи за развивање и дизајнирање на уште подобри методологии за оценка на ефектите кои произлегуваат од него. Карактеристична за последниве години е појавата на трендот на користење на мерки кои во себе ги инкорпорираат агрегатните податоци од собраните даночни приходи, со цел да се применат за пресметка на даночниот товар. Предложена од страна на пионерите на овој пристап во методологијата на јавните финансии Лукас (Lucas), Разин (Razin) и Садка (Sadka), а револуционирана од страна на Мендоза (Mendoza) во 1994 година, методологијата позната како просечни ефективни даночни стапки (ПЕДС), *преку корелирање на реализираните даночни приходи директно со релевантните макроекономски варијабли,* е посебно наменета за евалуација на ефектите од оданочувањето. Позната уште и како метода на „имплицитни“ или „скриени“ даночни стапки (Implicit Tax Rates), или како метода на „даночни коефициенти“ (Tax Ratios), таа го зема предвид целокупниот ефективен даночен товар од најважните видови на даноци, поради што е конзистентна со концептот на агрегатните даночни стапки. И покрај тоа што во конкретната методологија се приложени голем број на претпоставки и упростувања, сепак, таа

[136] Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“ OECD Studies, 1997, стр.92.

може добро да послужи и како средство за оценка на ефектите од даночните стимулации, се разбира, ако секогаш се имаат предвид инкорпорираните методолошки ограничувања.

Темелите на методологијата на просечните ефективни стапки, која се користи во рамки на организацијата ОЕЦД, во основа се состојат од методологијата која ја промовирал Мендоза, која понатаму е надградена и ревидирана, во обид да се отстранат некои од недостатоците. Затоа, во елаборацијата на оваа метода, ќе се почне токму од методологијата на Мендоза, за што е потребно најпрвин да се направи осврт врз претпоставките на коишто се базира.[137] Најпрвин, се претпоставува дека иницијалниот или *првичниот ефект од даноците се ефектуира кај субјектите во економијата како финална даночна инциденца*, така што не се поаѓа од можноста за префрлување на даночниот товар. Од оваа претпоставка произлегува дека пресметаниот даночен товар, според оваа метода, нема да кореспондира со товарот генериран од преземените даночни стимулации, ако во случајот постои даночно префрлање (tax shifting). Понатаму, постои *неконзистентност помеѓу податоците* за даночните приходи, кои се земаат од статистичките извештаи на организацијата на ОЕЦД, и податоците за даночните бази, кои се земаааат од националните сметки. Ова налага реална потреба за преземање одредени порамнување и упростувања, кои, во одредени случаи, можат да бидат доста рестриктивни. Следува претпоставката во врска со персоналните даноци (или даноците кои ги плаќаат домаќинствата). Имено, според методот, *не се врши разграничување на даноците платени од страна на домаќинствата* на даноци на доход од работен однос или труд (labour income) и на даноци на доход од капитал (capital income). Мендоза го решава овој проблем со претпоставката за изедначување на ефективните даночни стапки на трудот и на капиталот, односно претпоставува пропорционално учество на доходот од трудот и од капиталот во структурата на вкупниот доход на домаќинствата. Исто така, *употребата на податоците од националните сметки создава извесни потешкотии,* и тоа, почнувајќи од разликите во националните дефиниции за одредени макроекономски категории, преку некомпарабилноста на националните податоци, па сè до различниот степен на развој на стандардните ревизорско-сметководствени процедури. Во овој контекст вреди да се напомене и фактот дека податоците во рамки на ОЕЦД се изготвуваат врз *принципот на реализација на трансферните плаќања или паричните текови (cash basis principle),* а во националните сметки тие се изготвуваат врз основа на *принципот на реализација на приходот (accrual basis principal)*, што значи, не се зема предвид можноста за временско поклопување на податоците.

Даночниот коефициент, или поточно кажано, просечната ефективна даночна стапка, не претставува ништо друго, туку однос или количник помеѓу **агрегатниот** *износ на реализираните даночни приходи и* **агрегатниот** *износ на даночната база од која истите се наплаќаат.* Според методот на Мендоза, постојат неколку основни просечни ефективни даночни стапки (ПЕДС) или даночни коефициенти кои се дадени во продолжение. Заради подобро

[137] Види: Carey D., Tchilinguirian H.: „Average effective tax rates on capital, labour and consumption“, An OECD Study, 2002, стр. 6-7.

разбирање на изразите, подолу се наведени симболите и кратенките кои во нив се користат. Следува кратка презентација само на основните облици на ПЕДС, со цел подобро да се сфати од што се составени агрегатните даночни проходи и агрегатните даночни основи на имплицитните стапки.[138]

Симболи за даночните приходи според статистичкиот систем на ОЕЦД (OECD Revenue Statistics):
• **1100** Даноци на доход, профит и капитална добивка на поединците или домаќинствата.
• **1200** Даноци на доход, профит и капитална добивка на корпорациите.
• **2000** Вкупни социјални придонеси (**2100** платени од вработените; **2200** платени од работодавачите; **2300** платени од самовработените и од лица кои се надвор од работната сила; **2400** неалоцирани).
• **3000** Даноци од плата (Taxes on payroll and workforce).
• **4000** Даноци на имот.
• **4100** Повратни даноци на недвижен имот (Recurrent taxes in immovable property).
• **4120** Корпоративни даноци на недвижен имот.
• **4220** Даноци на нето богатство на корпорациите.
• **4400** Даноци на финансиски и капитални трансакции.
• **5110** Општи даноци на потрошувачка (**5111** ДДВ).
• **5120** Даноци на потрошувачка на специфични стоки и услуги (**5121** акцизи; **5122** профити од фискалните монополи; **5123** царини и увозни даноци; **5125** даноци на инвестициони добра; **5126** даноци на специфични услуги; **5128** други даноци).
• **5200** Даноци на користење на стоки и перформанси (Taxes on use of goods and performances); **5212** даноци на моторни возила платени од други (taxes on motor vehicles paid by others (*i.e.* other than households)].
• **6100** Други даноци платени од страна на бизнисите и претпријатијата.
Симболи за даночните основи според Националните сметки *(Variables from National Accounts)*:
• **CP** Приватна финална потрошувачка.
• **CG** Јавна финална потрошувачка.
• **CGW** Јавна потрошувачка за плати.
• **OS** Нето оперативен вишок на целокупната економија.
•**OSPUE** Нето доход на неинкорпорираните бизниси (вклучително и пресметаните ренти на домаќинствата) (Unincorporated business net income (including imputed rentals on owner-occupied housing))
• **PEI** Камати, дивиденди и инвестициони поврати (Interest, dividends and investment receipts).
• **W** Плати на вработените (бруто).
• **WSSS** Компензации на вработените (Compensation of employees (including private employers' contributions to social security and to pension funds).

ПЕДС на вкупниот приход на семејствата (AETR on total household income или Effective household tax ratio-τh). Според Мендоза, овој коефициент го има следниов израз:

$$\tau h = 1100/(OSPUE+PEI + W);$$

Со цел да се пресмета ПЕДС на трудот и капиталот одделно, потребно е да се процени ПЕДС на вкупниот доход на семејствата. Како што се гледа, овој израз се добива, всушност, со делење на вкупниот износ на персоналните даноци на доход (1100) со вкупниот доход на домаќинствата, кој, ако се анализира подетално, се гледа дека се состои од оперативниот вишок на неинкорпорираниот сектор (OSPUE), вкупниот доход од капитал на домаќинствата, кој може да биде во вид на камати, дивиденди и инвестициони поврати (PEI) и вкупните плати (W).

ПЕДС на доходот на трудот (AETR on labour или Effective labour tax ratio -τl). Основниот израз на оваа стапка, според Мендоза, гласи:

$$\tau l = (\tau h * W + 2000 + 3000)/(W + 2200);$$

што, всушност, претставува однос помеѓу даноците кои го товарат трудот и доходот (основата) кој што го остварува трудот. Изразот (τh * W) го претставува уделот на даноците на трудот во

[138] Подетална елаборација за имплицитните стапки види: Carey D., Tchilinguirian H.: „Average effective tax rates on capital, labour and consumption" , An OECD Study, 2002 и Carey D., Rabesona J.: "Tax Ratios on Labour and Capital Income and on Consumption", An OECD study 2002.

вкупните даноци што ги плаќаат домаќинствата, алоцирајќи ги пропорционално според уделот на доходот на трудот во структурата на вкупниот доход на домаќинствата. Во броителот, покрај него, се вклучени и сите социјални придонеси (2000) како и даноците од плата (payroll taxes) (3000), додека во именителот, како доход на трудот се сметаат платите на вработените (W) и социјалните придонеси платени од работодавците (2200). Поновиот ревидиран израз на Мендоза ,пак, го има обликот:

$$\tau l = (\tau h * W + 2100 + 2200 + \alpha * 2400 + 3000)/(WSSS + 3000);$$

каде во броителот од категоријата вкупни социјални придонеси (2000), целосно е исфрлена вредноста на категоријата придонеси од самовработените (2300), бидејќи тие се сметаат како производ на капиталот, а не на трудот. Исто така, од категоријата неалоцирани придонеси (2400), е вклучена само компонентата која е производ на трудот преку коефициентот α, кој, всушност, го претставува делот или учеството на приходите на трудот (платите) во вкупните приходи на домаќинствата со вредност $\alpha = W/(OSPUE + PEI + W)$, од каде, пак, следи дека учеството на приходите од капитал β во вкупните приходи на домаќинствата, изнесува $\beta = 1 - \alpha$. Во именителот, наместо вкупни плати (W), се зема вредноста на вкупните компензации на вработените (WSSS), бидејќи ја содржи и вредноста на придонесите во пензиските фондови кои ги плаќаат приватните работодавци.

ПЕДС на доходот на капиталот (AETR on capital или Effective capital tax ratio-τk). Според основната методологија на Мендоза, елементарниот облик на ПЕДС на капиталот е следниов:

$$\tau k = [\tau h *(OSPUE + PEI)+ 1200+ 4100 + 4400]/OS;$$

што значи дека, аналогно на претходниве изрази, и оваа просечна ефективна стапка претставува однос помеѓу вкупните даноци кои кореспондираат на производниот фактор капитал и вкупниот приход по основ на користење на факторот капитал. Во броителот, учеството на даноците на капиталот во вкупните даноци се утврдува преку соодветната стапка: $\tau h *(OSPUE + PEI)$, што значи дека зависи директно од уделот на вредноста на вкупниот приход од неинкорпорираниот сектор (OSPUE) и вредноста на вкупните камати, дивиденди и инвестициони поврати (PEI) во структурата на вкупниот приход на домаќинствата. Освен тоа, во броителот влегуваат и вредностите на корпоративните даноци (1200), повратните даноци на недвижен имот (4100), како и даноците на финансиските и капиталните трансакции (4400). Како делител се јавува вредноста на целиот нето-оперативен вишок во економијата (OS), што, всушност, е еквивалент на вкупниот приход на продуктивниот фактор капитал. Најновите анализи покажуваат дека основниот показател треба да се ревидира со додавање на вредноста на одредени други даноци кои ги плаќаат бизнисите, како што се даноците на имот (4000), даноците на инвестиционите добра (5125), давачките за моторни возила (5212), како и други даноци (6100). Од именителот, пак, вредноста на нето оперативниот вишок треба да се коригира за даноците од плати (3000). Според поновата методологија, изразот би требало да се трансформира во:

$$\tau k = [\tau h * (OSPUE + PEI) + 2300 + \beta*2400 + 1200 + 4000 + 5125 + 5212 + 6100]/(OS - 3000);$$

каде коефициентот β, како што спомнавме, го мери учеството на приходите на капиталот во вкупните приходи на домаќинствата и има вредност $\beta = 1 - \alpha$.

ПЕДС на потрошувачката (AETR on consumption или Effective tax ratio on consumption-τc). Основниот израз на ПЕДС на потрошувачката, според методологијата на Мендоза, гласи:

$$\tau c = (5110 + 5121)/(CP + CG - CGW - 5110 - 5121);$$

Тоа значи дека ефективната стапка на потрошувачката се добива како однос помеѓу збирот на даноците на општа потрошувачка (5110) и акцизите (5121), како ставки во броителот, и збирот на приватната потрошувачка (CP) и јавната потрошувачка (CG), намален за износот на јавната потрошувачка за плати (CGW), општите даноци на потрошувачката (5110) и акцизите (5121), како ставки во деноминаторот.

Меѓутоа, како даноци на потрошувачка егзистираат многу други видови на даноци, кои, според аналитичарите, би требало да бидат составен дел на броителот. Исто така, пожелно е даночната база да биде изразена на поширока основа, вклучувајќи ги индиректните даноци, за да се унапреди компарабилноста на податоците, но и да се олесни калкулацијата на комбинираната ПЕДС на трудот и потрошувачката. Ако се земат предвид овие препораки, ревидираната ПЕДС на потрошувачката би го добила следниов облик:

$$\tau c = (5110 + 5121 + 5122 + 5123 + 5126 + 5128 + 5200 - 5212)/(CP + CG - CGW);$$

од што може да се заклучи дека во броителот, како нови вредности, се јавуваат даноците на профит на фискалните монополи (5122), даноците на специфични услуги (5126), цариниte и увозните даноци (5123), другите даноци на специфични стоки и услуги (5128), даноците на користење на стоки и перформанси (5200), освен даноците на моторни возила платени од други (5212). Именителот, пак, добива поширока основа која се состои од приватната потрошувачка (CP), јавната потрошувачка (CG), минус јавната потрошувачка за плати (CGW). Поради потребата за компарабилност на податоците, некои студии препорачуваат поедноставен облик на овој коефициент, кој за именител го има целокупниот сектор на потрошувачката:

$$\tau c = (5110 + 5121)/(CP + CG);$$

Комбинирана ПЕДС на трудот и потрошувачката. Како дериват на ПЕДС на трудот и на ПЕДС на потрошувачката, може да се изведе и комбинираната ПЕДС на трудот и потрошувачката. Инаку, овој коефициент, кој не е спомнат во методологијата на Мендоза, го мери релевантниот даночен товар, односно балансот помеѓу одлуката за вклучување во работната сила и одлуката за неработење. Тој се пресметува кога на ПЕДС на трудот τl, ќе се додаде ПЕДС на потрошувачката, коригирана за делот на трудот кој е расположив за трошење (нето-приход на трудот), затоа што се поаѓа од синтагмата дека работниците не можат да го трошат она што е оданочено:

$$\tau LC = \tau l + (1 - \tau l) * \tau c;$$

ПЕДС на корпоративниот доход (AETR on corporate income или Effective corporate income tax ratio-τcor). Со овој коефициент, освен Мендоза, се занимавале и повеќе други автори

кои учествувале во студиите на меѓународните организации. Основниот облик на ПЕДС на корпоративниот доход, кој го предлагаат и Мендоза и Крамер, е следниов:

tcor = 1200/(OS – OSPUE);

според кој ПЕДС на корпоративниот доход претставува однос помеѓу корпоративните даноци и корпоративниот доход. Износот на корпоративниот доход се добива како разлика помеѓу целокупниот оперативен вишок во економијата и реализираниот доход на неинкорпорираните бизниси, вклучително и пресметаните ренти на домаќинствата или (OS – OSPUE). Како друг предлог кој доаѓа од страна на Европската комисија, е следниот:

tcor = (1200 + 4220)/(OS – OSPUE);

според кој во броителот, покрај вкупните платени корпоративни даноци (1200), би требало да се вклучат и даноците на нето-богатството на корпорациите (4220 – taxes on net wealth of corporations).

Како следен предлог за пресметка на даночниот товар на корпоративниот доход се јавува оној на организацијата на ОЕЦД, којшто е производ на една студија од доменот на оданочувањето и јавните финансии:[139]

tcor = (1200 + 4120 + 4220)/(OS – OSPUE – 3000);

Во изразот, како што може јасно да се забележи, во броителот, покрај елементите од претходниот израз, се јавува и вредноста на корпоративните даноци на недвижен имот (4120), додека во именителот, вредноста на вкупниот доход на корпоративниот сектор е редуциран за износот на даноците на плати (3000).

Постои и уште еден алтернативен предлог за пресметка на даночниот товар на корпоративниот доход развиен од страна на ОЕЦД, во кој се полемизира за широчината на именителот, односно даночната база [140] Во споменатата студија се поаѓа од фактот за преценетоста на даночната основа, и заради тоа, се предлагаат алтернативни решенија за мерење на даночниот товар на доходот на корпорациите. Според нив, ПЕДС на корпоративниот доход може да го има обликот:

tcor = 1200/ABY;

каде (ABY-adjusted book income) означува прилагодена сметководствена вредност на корпоративниот доход (OS-OSPUE), на тој начин што е редуцирана за вредноста на каматите, приходите од авторски права и правата од индустриска сопственост (royalties) и рентите платени на домаќинствата и нерезидентите.

Методологијата на ПЕДС, која ја образложивме, се базира врз користењето на официјалните агрегатни податоци за вкупните реализирани даночни приходи и вкупните даночни основи. Употребата на оваа методологија како начин за оценка на даночниот товар, но и како средство за евалуација на мерките на даночните стимулации, е по многу нешта супериорна во однос на другите мерки, како што се номиналните даночни стапки и коефициентите даноци/БДП.

[139] „Tax ratios – A critical survey“, An OECD tax policy studies, 2001, стр. 29.
[140] „Alternative tax burden measures“ – An OECD study, 2000 стр. 39.

Преку вклучување на фактички реално собраните даночни приходи во државната каса, кои, како што е познато, влегуваат во броителите на изразите, имплицитно, но директно, се земаат предвид комбинираните ефекти од промените на номиналните законски стапки, даночните одбивки, даночните кредити, како и од сите други познати стимулативни механизми. Од друга страна, пак, коефициентите на ПЕДС водат сметка и за сите видови на активности за планирање на даночните обврски, како и за даночните ослободувања, затоа што се рефлектираат во вредноста на изразите преку промените на даночните основи. На економските аналитичари, во земјите кои имаат воспоставено високи стандарди во обработката на финансиските податоци, како и висок степен на синхронизираност на податоците, им е овозможен релативно лесен пристап до релевантните информации, па според тоа, и полесна примена на методологијата на ПЕДС. Како предност во полза на мерките на имплицитните агрегатни ПЕДС, може да се наведе и големиот степен на флексибилност, од аспект на можностите за прилагодување и адаптација во конкретни случаи или конкретни земји. Сè на сè, произлегува дека овој пристап во оценката на импактот на правилата за оданочување врз економската активност, како и врз однесувањето на субјектите, *може да биде оправдана доколку се користат точни, релевантни и прецизно утврдени податоци.*

Меѓутоа, во врска со овие коефициенти, мора да се истакнат неколку факти. Најпрвин, оваа методологија се базира врз употребата на **историски агрегатни макро** податоци, што ја **намалува релативната важност во оценката на ефектите од даночните симулации.** Имено, кога се зборува за мерење на ефективното даночно оптоварување, многу е важна дистинкцијата на капиталот на стар и нов. Ретроспективниот даночниот товар кој е насочен кон назад, го мери даночниот товар на веќе ангажираниот стар, или на капиталот кој се наоѓа во тековна сегашна употреба. Во овој случај, употребата на оваа методологија, која уште се нарекува и методологија на историски или ретроспективни ПЕДС (Backward-looking - historic average tax rates), е сосем оправдана, бидејќи ги користи податоците за веќе платените даноци на употребата на стариот капитал или другите стари фактори на производството. Меѓутоа, за прашањата поврзани со ефикасноста на системот, кои делумно имаат допирна точка со даночната политика и нејзините стимулативни мерки, **потребни се средства за анализа од перспективен агол**. Оценката за разните стимулации, ослободувања, кои најчесто се однесуваат на дополнителните инвестиции, се однесуваат на даночниот товар на идниот нов капитал, каде ПЕДС не можат да дадат задоволителни резултати за оценката на реакцијата на економските субјекти за промената на мерките од даночната политика. Во овој случај, маргиналните ефективни даночни стапки кои го мерат даночниот товар на перспективните дополнителни единици на инвестиции, можат да послужат како подобро решение.[141]

ПЕДС со дисагрегатни микроподатоци. Во врска со методологијата на ПЕДС, пожелно е да се укаже на разликата помеѓу два пристапа во користењето и обработката на податоците. Според првиот пристап, кој веќе е образложен, во обработката во која се користат агрегатни

[141] Во продолжение ќе следи подетална компаративна анализа за соодветноста на разните мерки на даночниот товар од аспект на даночните стимулации.

макро податоци за вкупните даночни приходи собрани од сите даночни обврзници во дадена земја, се бара примена на одредени претпоставки и ограничувања, кои го лимитираат делокругот на анализата. Вториот пристап, кој е разработен, исто така, од организацијата на ОЕЦД, за разлика од претходниот пристап, се потпира врз поширока примена на дисагрегатни податоци на микро ниво, односно на ниво на поединечни економски субјекти, кој обезбедува подетална анализа на даночниот товар на индивидуалните даночни обврзници и даночни групи. Овој начин на пресметка на ПЕДС *добива на важност која е потребно да се оцени поединечниот ефект врз* **поединците со различно ниво и микс на приходи**, *или пак,* **врз фирмите со различно ниво на профит** *или* **големина на капиталот**, **различна сопственичка структура,** *или, пак,* **различна дејност**. Во таа насока, пристапот со микроподатоци може да биде од поголема помош во анализата на ефектите од примената на даночните стимулации врз вработеноста и инвестициите по одделни даночни групи и сегменти. Адекватно, овие мерила на даночниот товар можат да вродат со резултат и во случај на проценка на промената на однесувањето на субјектите (бихејвиористички промени), како одговор на дадена таргетна даночна дисторзија по одделните групи. *Најосновно, користењето на микроподатоци во оценката на даночниот товар може да даде попрецизни резултати, доколку постојат одделни податоци за вкупно платените даноци и даночните основи по групи или сегменти даночни обврзници.* Во случај на оценка на одредени стимулативни мерки, кои би требало да се однесуваат на одреден тип на даночни обврзници, точна претстава за потенцијалните ефекти може да даде само анализата со микроподатоци.

И покрај големите позитивни критики, методот на ПЕДС со микроподатоци поседува и некои **недостатоци**. Освен тоа што е *историски метод*, што е основна карактеристика на целокупната методологија на просечните даночни стапки, најголем хендикеп претставува **недостатокот на расположливи податоци на микрониво,** т.е. на ниво на поединечен економски субјект или група. Слично, и потребата од сепарирање на податоците дополнително ја усложнува и отежнува работата на аналитичарите. Консеквентно, неограничувајќи ги неговите аналитички можности, наведените методолошки лимитирања на пристапот со микроподатоци, не дозволуваат негова поширока употреба како релевантно средство за оценка на даночниот товар.

3.4. Маргинални ефективни даночни стапки (marginal effective tax rates – METR)

Маргиналните ефективни даночни стапки (МЕДС) претставуваат еден од *најпопуларните инструменти за проценка на ефектите од даночните стимулации*, *промените на даночната политика, и воопшто, вкупното даночно оптоварување кое го продуцира даночниот систем.* Овие мерила, всушност, се напред насочени индикатори, чија цел е да ги сумираат ефектите од разните поволности и одредби на даночните закони во единечна збирна мерка на даночниот товар, врз основа на даден хипотетичен пример. Главната идеја врз која се потпира методологијата на маргиналните стапки е *збирната статистика, која е позната под името концепт на трошок на капиталот (concept of the cost of the capital*), која се обидува да ги опфати

сите елементи на даночниот систем. Според овој концепт, кој е воведен од страна на неокласичарот Јоргенсон (Jorgenson, 1963), а надополнет од Ауербах (Auerbach, 1983) и Алворт (Alworth, 1988), всушност, се претпоставува дека секоја фирма ќе настојува да го *максимизира богатството преку вложувања во инвестициони проекти, сè до точката каде барањата стапка на принос од дополнителната или маргиналната единица на инвестиции не се изедначи со трошокот на капиталот.* Методологијата на МЕДС, пак, која, исто така, претставува централна тема во работата на Ауербах и Јоргенсон (Auerbach and Jorgenson, 1980), а за првпат е посериозно и подетално анализирана и претставена од страна на двоецот Кинг и Фулертон (King and Fullerton, 1984), не претставува ништо друго *освен природно и логично продолжение на пристапот на трошокот на капиталот.* Со маргиналните ефективни даночни стапки се занимавале и други автори, како што се Деверу (Devereux 2002) и Гордон (Gordon, 2003), сепак, придонесот за развој на основната методологија им припаѓа на авторите Кинг и Фулертон, врз која се темелат и надополнуваат многубројни студии од страна на организацијата на ОЕЦД.[142] Што, всушност, претставуваат маргиналните стапки?

Според методологијата на Ауербах и Јоргенсон, ефективната даночна стапка претставува одраз на комплексноста на даночниот систем и даночните бенефиции на даночното законодавство, во смисла на единствена *ad valorem* стапка.[143] Оваа даночна стапка во себе ги инкорпорира *општествената барана стапка на принос (social rate of return),* која се дефинира како вкупно богатство или доход по единица капитал, коригирана за стапката на инфлација и стапката на амортизација, и *приватната барана стапка на принос (private rate of return),* која е коригирана за износот на даночните обврски на економските субјекти. *Маргиналната ефективна даночна стапка се дефинира како однос помеѓу разликата на општествената барана стапка на принос и приватната барана стапка на принос, и општествената барана стапка на принос, коригирана за стапката на инфлација, или*:

$$e = (\delta_t - r_t)/(\delta_t - \pi_t);$$

каде (e) е маргиналната ефективна стапка, δ_t е општествената барана стапка на принос за времето t, r_t е приватната барана стапка на принос во времето t, и π_t е стапката на инфлација во периодот t. Изразот $(\delta_t - r_t)$ го означува даночното премостување (или поточно, даночното оптоварување), т.е. ефектот од примената на даноците и даночниот систем, кое во англиската терминологија се означува со изразот „tax wedge“. Всушност, според овој израз, *маргиналната стапка е однос помеѓу даночното премостување (нето-ефектот од даноците врз стапката на принос) и општествената барана стапка на принос за секоја единица дополнителни инвестиции*. Општиот

[142] Во овој дел нема подетално да се навлегува во концептот на трошокот на капиталот, ниту пак, детално да се елаборира методологијата на МЕДС, туку само начелно ќе се објаснат и дефинираат основните поими. Во делот за конкретните ефекти од даночните стимулации по одделните области ќе се изврши поконкретна анализа која често ќе ја користи оваа методологија.

[143] Jorgenson D.W., Kun-Young Yun: „Tax reform and The cost of the capital“, Oxford University, Clarendon Press, 1991, стр.110.

израз на маргиналната стапка во спомнатата студија може да се пресметува на три нивоа, и тоа на ниво на домаќинство, неинкорпорирана фирма и на ниво на корпорација.[144]

Идејата за маргиналните стапки ја продлабочуваат **авторите Кинг и Фулертон.** Во нивната анализа терминот „маргинален" или „маргинална" се користи со значење дека мерката на даночниот товар кои ја изведуваат, го мери износот на даноците наплатени од паричните приливи кои се создаваат од граничното (маргинално) зголемување на капиталните фондови на фирмите. Во таа насока, МЕДС ги квантифицира фактичките стимулации кои ги нуди даночниот систем за секоја дополнителна инвестиција која се презема од страна на претпријатијата. Притоа, се претпоставува дека процесот на инвестирање ќе продолжи сè додека *граничната корист од дополнителната инвестиција (или бараната стапка на принос) не се изедначи со граничниот трошок на инвестицијата. Основната логика на методот се темели врз даночното премостување (tax wedge)*. Даночното премостување или даночниот товар е дефиниран како **разлика помеѓу бараната стапка на принос на инвеститорот пред оданочување (p) и бараната стапка на принос на штедачот по оданочување (s) за секоја дополнителна, односно маргинална единица на инвестиции.** Ако износот на даночното премостување се стави во однос на бараната стапка на принос пред оданочување, се добива вредноста на маргиналната ефективна даночна стапка METR:[145]

METR = (p – s) / p;

Апстрахирајќи се од неизвесноста или ризикот во инвестиционото одлучување, според Фулертон, едно евро маргинална инвестиција, во случај кога постои оданочување, мора да донесе стапка на принос која е еднаква или поголема од трошокот на капиталот плус износот на даноците кои произлегуваат од реализацијата на маргиналната инвестиција. Овој ефект го претставува директното влијание на даноците (даночното премостување) врз бараната стапка на принос, инвестициите и инвестициското одлучување. Ако се направи аналогија со методологијата на Јоргенсон, може да се констатира голема сличност. Имено, всушност и двата изрази го мерат ефектот од имплементацијата на даночното законодавство врз процесот на инвестициското одлучување.

Всушност, изразот (p) во моделите на инвестиционата побарувачка не претставува ништо друго, туку минимална барана стапка на принос на инвестициониот проект (или просечен трошок на капиталот). Земајќи го предвид овој факт, тогаш, за маргиналната даночна стапка може да се каже дека ја дава процентуалната разлика помеѓу трошокот на капиталот и бараната стапка на принос по оданочување, и на тој начин го изразува делот од бараната стапка на маргиналната инвестиција, којшто е редуциран преку оданочувањето.[146] Според тоа, во овој случај, за да се

[144] Повеќе види: Jorgenson D.W., Kun-Young Yun: „Tax reform and The cost of the capital", Oxford University, Clarendon Press, 1991, стр.17-40.

[145] Ruiz F.M.M., Gérard M.: „Summary, Description, and Extensions of the Capital Income Effective Tax Rate Literature", International Taxation Handbook, Oxford 2007, стр. 17. Инаку, подетална елаборација на методот ќе се направи на следните страници, кога тоа ќе биде потребно.

[146] Overesch M. „The effective tax burden of companies in Europe", CESifo DICE Report 4/2005, стр. 56

задоволат минималните критериуми на инвеститорите, инвестиционите проекти мора да генерираат поголеми стапки на принос, со цел да се компензираат ефектите кои произлегуваат од даночниот систем. Прикажувањето на даночното оптоварување на маргиналните инвестиции преку методологијата на МЕДС, овозможува олеснување на неговата компарација со концептите на другите мерки, како што се просечните или законските даночни стапки.

Слично на пристапот на Фулертон, и **Организацијата на ОЕЦД** развива методологија која се базира врз истата логика.[147] Според нив, МЕДС се перспективни мерила на даночниот товар кои го евалуираат импактот од оданочувањето на ниво на маргина. Тоа значи дека се оценуваат ефектите од даноците на последната инвестирана единица на капитал, односно ефектите од оданочувањето врз последната единица на труд која е ангажирана. Фокусирајќи се претежно врз областа на корпоративното оданочување, тие ја претставуваат корпоративната МЕДС како средство наменето за оценка на влијанието на корпоративните даноци врз обемот на нови инвестиции. Тоа се овозможува преку мерење на магнитудата на даночното премостување помеѓу бараната корпоративна стапка на принос пред оданочување и бараната корпоративна стапка на принос по оданочување. Всушност, МЕДС на доходот од капитал е *мерка на дисторзијата предизвикана од даноците на доход врз маргиналната единица инвестиција*. Како таква, таа е дизајнирана да ги изрази сите специјални даночни стимулации кои ги нуди даночното законодавство како инструменти за поддршка на купувањето и инвестирањето на капитал од страна на економските субјекти. Според нив, маргиналните ефективни даночни стапки на доходот од продуктивната употреба на физичкиот капитал (опрема, градежни објекти, машини), се пресметуваат преку изразот:

$$METR = (R_g - R_n) / R_g;$$

каде R_g ја означува реалната барана стапка на принос пред пресметка на корпоративните даноци на маргиналната инвестиција, намалена за амортизацијата, а R_n е реалната барана стапка на принос после пресметувањето на корпоративните даноци на изворите на финансирање на инвестицијата. Слично, изразот $(R_g - R_n)$ го претставува маргиналното даночно премостување кое ја мери дивергенцијата, односно разликата помеѓу бараната стапка на принос пред, и бараната стапка на принос по пресметката на даноците.

Потребно е да се потенцира, дека во сите наведени случаи станува збор за маргинални стапки кои се употребуваат кога е потребно да се направи оценка на влијанието на даночните стимулации во домашната економија или во областа на домашното инвестиционо одлучување. Во ваков *случај на затворена економија*, кога обемот на домашното инвестирање се финансира само од изворите на домашното штедење, не е можно да се одвојат компонентите на маргиналните стапки кои го мерат посебно влијанието само од корпоративните даночни стапки или само од персоналните даночни стапки. Во *услови, пак, на мала отворена економија*, веќе е можно да се

[147] „Alternative tax burden measures“ – An OECD study, 2000 стр. 47-64.

одвојат споменатите компоненти преку разложување на вредноста на маргиналното даночно премостување (Marginal Tax Wedge – MTW) на следниве делови:

$$MTW = (R_g - R) + (R - R_n);$$

каде одделните ознаки ги имаат истите значења, а новата ознака R ја претставува светската глобална каматна стапка. Притоа, делот од изразот (R_g - R) го претставува *даночното премостување креирано од корпоративниот даночен систем,* мерејќи ги даночните инвестициони стимулации кои потекнуваат од домашниот даночен систем, додека другиот дел од изразот ($R - R_n$) е *даночното премостување предизвикано од персоналниот даночен систем*, кое ги оценува даночните стимулации за штедење, инкорпорирани, исто така, во домашниот даночен систем.

Слично, логиката на пресметката на даночното премостување во **областа на меѓународното движење на капиталот** е да се пресмета разликата помеѓу бараната стапка на принос пред оданочување (која е еднаква на меѓународната каматна стапка) и бараната стапка на принос по оданочување (која е еднаква на просечната цена на капиталот). *Доколку не постојат корпоративните даночни системи, тогаш дојде до изедначување на реалниот трошок на капиталот и реалната каматна стапка.* Меѓутоа, во услови на постоење на даночните системи, разните даночни провизии, инфлацијата и економската стапка на амортизација придонесуваат реалниот трошок на капиталот (или со други зборови, реалната просечна цена на капиталот) да се разликува од реалната каматна стапка. *Токму разликата помеѓу реалната каматна стапка и реалниот просечен трошок на капиталот го дава даночното премостување во меѓународни рамки.* Притоа, ако постојат големи разлики во структурата на даночните системи помеѓу разните земји во светот, тогаш ќе постојат и големи дисторзии во меѓународното движење на капиталот. Затоа, во компаративната литература, централно внимание се посветува токму на овој показател, како мерка на меѓународниот ефективен даночен товар на капиталот.

Освен маргиналните ефективни стапки на капиталот, постојат и **ефективни маргинални стапки на трудот.** На претходните страници, во делот за даночната дисторзија, спомнавме дека даночното премостување на пазарот на работна сила може да се пресмета како разлика помеѓу *трошоците на работната сила* и *потрошувачката плата* (LC - CW), каде LC (labour costs) е ознака за реалната плата на работодавците, како *реален трошок на работната сила,* и CW (consumption wage) е ознака за *потрошувачката плата* како дел од доходот на работникот, кој останува на негово располагање по плаќањето на индиректните даноци на потрошувачка. Имено, за даден маргинален износ на реална плата пред оданочување (w/p), што всушност, го претставува реалниот маргинален трошок на работодавецот, *даночното премостување се дефинира како разлика помеѓу реалната плата пред оданочување и реалната плата по оданочување, така што претставува основна детерминанта на одлуката на работниците да партицираат во работната сила.* Притоа, ако се има предвид дека реалната плата по оданочување е обликувана од износот на персоналниот данок на доход на работникот (t_l) и данокот на друг приход на работникот (t_y), како елементи на директното оданочување, и данокот на потрошувачка (t_c), како

елемент на индиректното оданочување, тогаш износот на вкупното даночно премостување (или вкупниот даночен товар на трудот) се пресметува преку изразот:[148]

$Wedge_L = (w/p) – (w/p)(1 - t_l)(1 - t_y)/(1 - t_c)$; или

$Wedge_L = (w/p) [1 – [(1 - t_l)(1 - t_y)]/(1 - t_c)]$;

каде изразот (w/p) го означува износот на реалната бруто-плата пред оданочување (реален трошок за работна сила на работодавецот), а изразот $(w/p)(1 - t_l)(1 - t_y)/(1 - t_c)$ го означува износот на реалната нето-плата по оданочување, која му останува на располагање на работникот. За да се добие *износот на маргиналната ефективна стапка на трудот,* останува уште да се подели целиот горен израз со (w/p), со цел да се добие релативен, односно споредлив показател на даночниот товар на трудот.

4. Оценка на подобноста на мерките на даночниот товар од аспект на политиката на даночни стимулации

Креаторите на економската политика одамна се свесни за можните влијанија на даноците и даночните системи врз инвестициите и вработеноста. Со текот на времето, од страна на даночните експерти беа создадени повеќе средства и методологии кои се користат во процесот на оценка на ефектите од оданочувањето врз основните макроекономски варијабли, а сè со цел да се креира најповолна даночна политика за поддршка на ефикасноста на системот и убрзување на економскиот развој. Во оваа точка ќе се направи една компаративна анализа на компатибилноста на расположливите мерки, од аспект на политиката на даночни стимулации.

Номиналните (законски) даночни стапки, како што веќе спомнавме, имаат доста ограничена аналитичка моќ за оценка на ефектите од даночните стимулации. Единствени подрачја каде што можат да пружат ориентациона рамка се подрачјето за одлучување за финансиската структура (долг vs сопствен капитал) и областа за префрлање на приходот со политиката на трансферни цени. Навистина, емпириските истражувања покажале дека корпорациите преферираат дестинации со помали законски даночни стапки. Во спротивно, доколку оперираат во јурисдикции со високи даночни стапки, корпорациите многу често настојуваат да извршат префрлање на приходот за оданочување со помош на стратегии на интерно задолжување и трансферни цени, во земјите со пониски даночни стапки. Дури и тогаш, оваа мерка мора да се користи претпазливо и паралелно со другите порелевантни мерки, заради зацврстување на веродостојноста во одлучувањето. Што се однесува до **мерката даноци/БДП**, поради многубројните недостатоци, речиси и да не се препорачува за извршување на подетални анализи во процесот на инвестициското одлучување.

Многу подобра аналитичка рамка нудат **просечните ефективни даночни стапки.** Поради методолошкото решение, преку кое во броителите и именителите на изразите за пресметка на

[148] Види: McKee M.J., Visser J.J.C., Saunders P.G.: „Marginal tax rates on the use of labour and capital in OECD countries“, An OECD tax policy study, 2002.

просечните стапки се опфаќаат сите промени во даночните политики (промени во законските даночни стапки, даночните бенефиции, кредити, ослободувања и слично), тие претставуваат поточно мерило на *ефектите од оданочувањето во глобални рамки на даночниот систем*. Оценката, пак, на *ефектите од таргетните даночни стимулации,* се постигнува со користење на податоци на ниво на микросубјекти. Честопати, методологијата на агрегатните просечни стапки е критикувана за нереално претставување на висината на даночниот товар поради *вклучување на одвишни елементи во структурата на изразите*. Конкретно, тоа се однесува на просечната стапка на корпоративниот доход, каде во категоријата (OS) која го означува оперативниот вишок се вклучени **каматите**, дивидендите и приходите од правата на индустриска сопственост. Имено, категоријата оперативен вишок, како што е изворно дадена во изразот, не претставува соодветен еквивалент на профитот, кој претставува основа за пресметка на корпоративниот данок, што, секако, може да доведе до искривување на сликата за ефектите од даночните стимулации. Во таков случај, **профитно ориентираните просечни стапки (profit-based ATR)** можат да бидат порелевантен показател за споредба на ефектите.[149] Следува илустрација за можноста од погрешна оценка на ефектите од стимулациите и мерките на даночната политика како резултат на користењето на просечните стапки.

Во табелата 6 се дадени две сценарија на две фирми кои имаат сосема иста структура на капиталот (400 п.е. долг и 600 п.е. сопствен капитал), но плаќаат различна каматна стапка (10% во првото сценарио и 15 % во второто). Според методологијата на просечните стапки, **каматата** влегува во структурата на категоријата оперативен вишок, кој преставува именител во пресметката на ПЕДС на корпоративниот доход. Резултатите од калкулацијата, според стандардната методологија, покажуваат дека фирмата која во второто сценарио плаќа поголем износ на камата, има помала имплицитна корпоративна даночна стапка (16% наспроти 24 %), па според тоа, ќе се заклучи дека таа ужива поголеми даночни бенефиции во споредба со фирмата од првото сценарио. Меѓутоа, со пресметка на профитно-ориентираната просечна стапка преку која се редуцира вредноста на каматите од даночната основа, ќе се овозможи пореална претстава за ефектите на даночната политика. Имено, преку нејзината калкулација ќе се утврди дека, всушност, ПЕДС на корпоративниот данок е иста во двата случаи (40% наспроти 40%), што води до заклучок дека, всушност, немало никаква промена во даночната политика. Дури, пресметаната стапка на принос на сопствениот капитал (ROE – return on equity) укажува дека во второто сценарио, поголемата камата придонела до појава на негативни економски ефекти, во смисла на намалување на профитабилноста на фирмата (4% наспроти 6%).

Табела бр. 6

Просечни аргентински стапки vs профитно базирани просечни стапки

	Сценарио 1	Сценарио 2
Структура на средствата	1.000	1.000

[149] Профитно-базирана ПЕДС на корпоративниот данок е онаа која е прилагодена за вредностите кои се вишок во основниот израз. Во делот за ПЕДС се спомнати повеќе прилагодувања на оваа стапка.

Долг	400	400
Сопствен капитал	600	600
Вкупни приходи	200	200
Вкупни трошоци (расходи)	(100)	(100)
Оперативен вишок	100	100
Камати	(40) (400*10%)	(60) (400*15%)
Профит за оданочување (даночна основа)	60	40
Корпоративен данок 40%	(24) (60*40%)	(16) (40*40%)
Нето профит по оданочување	36	24
Стапка на принос на сопствениот капитал (ROE)	6% (36/600)	4% (24/600)
Имплицитна, т.е. агрегатна ПЕДС на корпоративниот доход	24% (24/100)	16% (16/100)
Профитно базирана ПЕДС на корпоративниот доход	40% (24/60)	40% (24/60)

Прилагодено според: „Alternative tax burden measures" – An OECD study, 2000 стр. 88.

Критичката оцена за соодветноста на просечните даночни стапки може да се набљудува и од друг агол. Се работи за поделбата на просечните стапки на *историски, ретроспективни просечни стапки (backward-looking - historic ATRs),* кои го мерат даночниот товар на стариот, односно на капиталот кој е во тековна употреба, и *перспективни просечни стапки (prospective forward-looking ATRs),* кои имаат за цел да извршат мерење на ефикасноста на новиот капитал. Од оваа гледна точка, историските просечни даночни стапки, мерени како процент на платени даночни обврски во однос на реализираниот економски профит во минатото, ќе се разликуваат од ефективните просечни стапки на дополнително ангажираниот (маргинален) капитал во периодот кој следи. Нагласеноста на разликата помеѓу овие мерила потекнува, во основа, од две причини. Прво, тоа е *различниот микс на средства* кои се предмет на различни даночни третмани и правила; и второ, перспективните инвестициони одлуки кои се однесуваат на набавениот нов капитал, се базираат врз *концептот на очекуваната сегашна вредност на идните приливи и трошоци на капиталот.* **Оттука може да се заклучи дека само перспективните ПЕДС имаат реален потенцијал за оценка на ефикасноста на даночните стимулации како составен дел на даночната политика.**[150]

Иако за некои контроверзно, сепак, според повеќе аналитичари, концептот на **маргиналните ефективни даночни стапки** претставува најсоодветно мерило на ефектите од даночните стимулации. Методологијата на маргиналните даночни стапки, која во себе го инкорпорира *концептот на трошокот на капиталот*, мерејќи го *влијанието на оданочувањето врз дополнително ангажираната единица капитал* (или кој било друг фактор на производство), во потполност ги задоволува критериумите неопходни за оценка на ефектите од даночната политика. Базирајќи се *концептуално врз промените на новиот капитал и останатите производни фактори*, таа прерасна во основен методолошки пристап за анализа на ефикасноста на даночната политика и нејзината моќ да генерира правилна алокација на ресурсите. Маргиналната даночна анализа претставува корисна рамка со која лесно може да се *идентификуваат можните канали на влијание на оданочувањето врз инвестициското*

[150]Инаку, овие даночни стапки, кои беа популаризирани од страна на авторите Деверу и Грифит (Devereux and Griffith (1998)), најмногу соодветствуваат за проценка не ефективниот даночен товар во меѓународни рамки.

одлучување: од пресметката на стапката на принос на инвестициите по оданочување, преку мерење на ефектите од амортизацијата, даночните кредити и одбивки врз набавката и акумулацијата на капиталот, па сè до влијанието на даноците врз структурата на капиталот. *Адаптибилноста* на концептот на МЕДС овозможува солиден пристап за генерализирање на интеракцијата на клучните даночни параметри, релевантни во оданочувањето на приходите од капитал, но, во исто време обезбедува и можност за компарација на прописите за оданочување на различните инвестициски активности, проекти, индустриски гранки, земји и слично. *Вградената едноставност* и *флексибилност* го претворија методот на МЕДС во еден од најатрактивните меѓу академците, приватните аналитичари и креаторите на политики за оценка на ефектите од оданочувањето. На овој начин се изгради потребната интелектуална основа која ги поттикна и поддржа многубројните даночни реформи во изминатите 20-тина години, со единствена цел: унапредување на ефикасноста и економскиот развој.

Меѓутоа, и покрај широката популарност на методологијата на маргиналните ефективни стапки, сепак, некои *автори изразуваат голема доза на скептичност* во однос на нивната способност за правилна евалуација. Покрај *поедноставените претпоставки* кои ја ограничуваат аналитичката моќ на МЕДС, можат да се идентификуваат и следните ограничувања кои се однесуваат токму од аспект на соодветноста кон политиката на даночни стимулации:[151]

Прво, маргиналната анализа не покажува ништо за износот на промената на инвестиционите трошоци како резултат на одговор на даночните стимулации. Всушност, *методологијата на МЕДС не дава објаснување за еластичноста, односно интензитетот на промената на инвестиционата побарувачка предизвикана од промените на трошокот на капиталот*. Иако е неоспорна способноста за оценка на даночниот товар, односно за т.н. даночно премостување (tax wedge), сепак, маргиналните даночни стапки малку кажуваат за магнитудата на промената на нивото и обемот на инвестициите. Така на пример, според методот, пониските корпоративни даночни стапки, повисоките даночни одбивки и даночни кредити го намалуваат даночниот товар, и според тоа претставуваат позитивни даночни стимулации кои го поттикнуваат инвестирањето; меѓутоа, за колку ќе се зголеми обемот на инвестирање, воопшто не се дава одговор. Според тоа, овој недостаток, кој е од фундаментално значење, значително ја редуцира аналитичката моќ на маргиналната анализа за крајната акумулација на капиталот, влијанието врз агрегатната побарувачка и економскиот развој.

Второ, во сферата на позитивните екстерналии (иновации, истражување и развој и слично), каде што се применуваат даночните стимулации како начин за поттикнување и засилување на позитивните прелевачки ефекти, методологијата на МЕДС не дава решение за квантумот на стимулации кои треба да се применат. Ова значи дека *маргиналните стапки не задираат во прашањето за одмерувањето, односно оптималноста во примената на инструментите на даночните стимулации* во рамки на даночната политика. Во вакви околности,

[151] Пошироко види: „Policy Relevance of Alternative Tax Burden Measures“, Alternative tax burden measures – An OECD study, 2000 стр. 65-73.

националните даночни власти немаат утврдено конкретни „бенчмаркови“ за утврдување на обемот на даночните стимулации според кои би се ориентирале во процесот на дизајнирање на домашните политики, освен да ги пренесуваат од искуствата на другите земји. Според повеќе експерти, ваквиот пристап кон даночната политика е многу плиток и површен, во смисла што интензитетот на даночната поддршка би можел да биде премногу голем во однос на оптимумот, што, секако, би значело беспотребно губење на даночни приходи.

Трето, на сметка на методолошката рамка на маргиналните ефективни даночни стапки, се припишуваат и други забелешки. Така, честопати таа се критикува дека *не е во состојба веродостојно да ги поврзе и прикаже ефектите од оданочувањето врз цените,* или пак, *врз побарувачката за другите фактори на производството,* како што е на пример, трудот. Слично, се забележува и целосно отсуство на способност за поврзување на мерилата на маргиналниот даночен товар и даночните приходи, и во таа насока *можноста за мерење на буџетските импликации на политиката на даночни стимулации*. Понатаму, доста ревносно се критикува претпоставката *за апстракција од ризикот при инвестицискоото одлучување*, односно отсуството на параметрите за ризикот при пресметката на маргиналните стапки. Накратко, произлегува дека повеќе елементи, од кои директно зависи успехот на дизајнот и реализацијата на даночната политика, остануваат недопрени и надвор од концептуалната рамка на маргиналните стапки.

Затоа се поставува прашањето: зошто МЕДС предизвикуваат толку голем интерес меѓу аналитичарите и даночните експерти? *Еден од можните одговори е дека големиот интерес произлегува од* **релативната едноставност** *на методот да ја инкорпорира интеракцијата на даночните поволности преку влијанието врз инвестицискоото однесување, и на тој начин да се опфати* **нето-ефектот од даночните мерки преку единствена збирна статистика.**[152] Меѓутоа, доменот на инвестицискоото одлучување претставува многу комплексна проблематика која тешко може да биде целосно и експлицитно елаборирана преку едноставни статистички модели. Затоа, останува *потенцирано предупредувањето* објавено во Извештајот за корисноста на МЕДС анализата за целите на даночната политика од страна на Комитетот за фискални работи при Работната група за даночна политика на ОЕЦД, за *внимателност и претпазливост при користењето на овој метод, особено во случаите кога претставува водич во дизајнирањето на даночната политика*.[153]

Според тоа, и покрај атрактивноста на маргиналните стапки, останува фактот дека *само во случај на нивна интегрална употреба со другите методологии на даночниот товар, земајќи ги предвид сите ограничувања и претпоставки кои ги содржат, тие можат да послужат како релевантно средство за оценка на ефектите од даночните стимулации.* Впрочем, според некои автори, постои мала тенка линија помеѓу мерилата на даночниот товар, која се огледа токму во

[152] „Policy Relevance of Alternative Tax Burden Measures“, Alternative tax burden measures – An OECD study, 2000 стр. 73.

[153] „Statement of the usefulness of the METR analysis for tax policy purposes“, Statement of the Working Party on Tax Policy Analysis and Tax Statistics of the Committee on Fiscal Affairs at the 58th Meeting, May, 1999.

претпоставките врз кои се базираат. Ако ги елеминирате, тие стануваат идентични. Така на пример, авторите Деверу (Devereux, 1998) и Соренсен (Sorensen, 2004) докажаа дека, во услови на непостоење на персонални даноци и во услови на изедначеност на расположливиот доход со вистинскиот економски профит, просечните ефективни стапки се идентични со маргиналните ефективни стапки и номиналните законски стапки. Слично, Соренсен (Sorensen, 2004), докажува дека кога во економијата, стапката на акумулација на капиталот е еднаква на реалната каматна стапка, а трошењето на капиталните фондови еднакво на економската амортизација, всушност, не постои разлика помеѓу ретроспективните просечни стапки, перспективните просечни стапки и маргиналните даночни стапки.[154]

ГЛАВА 4

Ефекти на даночните стимулации врз инвестициите и вработеноста

Како што е спомнато, се издвојуваат две големи области на примена на даночните стимулации, и тоа:

- област на **инвестициите и инвестициското одлучување**; и
- област на **работната сила и вработеноста**.

1. Даночните стимулации, инвестициите и економскиот раст

Можеби еден од најпознатите економски изрази, кој многупати се употребува во економската терминологија, е токму инвестицијата. Без разлика дали се работи за теоретско истражување, или, пак, се работи за обична јавна дебата, речиси секогаш проблематиката на економскиот развој се поврзува со феноменот на инвестициите. **Основен механизам преку кој се изведува прирастот или акумулацијата на ресурсите е токму инвестицијата, поради што претставува една од најважните компоненти на развојната политика.** Фокусот на дискусијата во оваа глава се задржува токму врз начините на влијание и пренос на мерките на фискалната политика (или поточно, мерките на даночните стимулации како нивен интегрален дел) врз процесот на донесување на одлуката за инвестирање.

1.1. Влијанието на даноците врз инвестиционата активност

[154] Повеќе види: Ruiz F.M.M., Gérard M.: „Summary, Description, and Extensions of the Capital Income Effective Tax Rate Literature“, International Taxation Handbook, Oxford 2007, стр. 15-41.

Напоменуваме дека, најпрвин, во овој дел се елаборира за влијанието на оданочувањето врз инвестициите во домашната економија. За таа цел, пред анализата на ефектите од даночните стимулации, се задржуваме на прашањето за формирањето на инвестиционата одлука во систем на затворена економија, и тоа, најпрвин, во услови во кои не егзистираат даноците и оданочувањето, а потоа и во услови при постоење на даноци.

1.1.1. Инвестиционата одлука во услови на отсуство на даноците

Елементарната методологија врз основа на која се базира формирањето на инвестиционата одлука, претставува **концептот на трошокот на капиталот,** односно **концептот на просечната цена на капиталот**. Врз оваа методологија се надоврзува концептот на маргиналните стапки, како основен инструмент за анализа на влијанието на оданочувањето и ефектите од даночните стимулации.

Според *теоретската рамка на концептот на трошокот на капиталот,* одреден *инвестиционен проект, за да биде реализиран, мора да оствари* **минимална барана стапка на принос,** *која е доволна да ги покрие* **амортизацијата** *и* **даноците** *кои произлегуваат од проектот, како и да обезбеди соодветен* **надомест (поврат) на изворите на капиталот,** *најмалку во* **висина на реалната каматна стапка**. Оваа барана стапка на принос во речникот на економската терминологија е позната како **трошок на капиталот (просечна цена на капиталот)** и претставува доста препознатлив израз кој се користи во повеќе макроекономски модели на инвестиционата побарувачка. Од ова следи дека и **даночното законодавство се наметнува како еден од основните фактори** од кои зависи инвестиционата одлука. Имено, од начинот на кој се третираат различните проекти, средства и извори на средства во националните даночни системи, најдиректно зависи и композицијата на инвестициите во конкретни проекти или конкретни индустриски гранки. А сега, без поголеми теоретски обопштувања, со еден интуитивен пристап, ќе се обидеме да ги објасниме елементите од кои зависи инвестиционата одлука во услови на отсуство на даноците.

Најосновното прашање кое треба да си го постави секој рационален инвеститор е: кое е она минимално ниво на принос кое треба да го оствари проектот, со цел истиот да се прифати, наместо ресурсите да се вложат на пазарот на капитал? Одговорот на ова прашање е **дека минималната стапка на принос на проектот треба да биде најмалку еднаква на реалната каматна стапка.** Всушност, каматната стапка која најчесто се бележи со r, ја дава врската помеѓу одлуката за инвестирање и одлуката за штедење. Само во случај на изедначеност на бараната стапка на принос на проектот и реалната каматна стапка, одлуката на компаниите би била апсолутно индиферентна во поглед на изборот на алтернативата за вложување на расположливите средства (реална инвестиција или финансиски пласман). Според тоа, во услови на потполна апстракција на даноците, амортизацијата и инфлацијата, може да се каже дека очекуваната барана

стапка на принос на инвестициониот проект (или просечната цена/трошок на капиталот), мора да е еднаква на реалната каматна стапка:

$C = r$;

Значи, во отсуство на даноци, **побарувачката на капитал претставува функција на реалната каматна стапка.** Со цел да го максимизира своето богатство, фирмата би инвестирала сè додека бараната стапка на принос од секоја дополнителна инвестиција не се изедначи со реалната каматна стапка. Ако се претпостави дека стапката на повратот на заштедите, исто така, е еднаква на реалната камата, тогаш, горното правило укажува **на индиферентноста во изборот помеѓу алтернативата за штедење и алтернативата за инвестирање.**

Меѓутоа, мошне тешко е да се најде економско опкружување во коешто не егзистира феноменот на инфлацијата, така што наместо реалната каматна стапка, во анализата се употребува номиналната каматна стапка i. Таа во себе ја инкорпорира *реалната каматна стапка r* и *стапката на инфлација π,* така што трошокот на капиталот го добива следниот израз:

$C = i = r + \pi$; односно $C = r + \pi$;

Ова значи дека стапката на инфлација предизвикува *бараната стапка на принос да порасне, со цел да се компензира ризикот од порастот на општото ниво на цени во националната економија.*

Покрај инфлацијата, *како ограничувачки фактор на инвестиционата одлука се јавува и стапката на амортизација δ.* Инвестициониот проект мора да произведе парични приливи кои треба да ја покријат иницијалната инвестиција и да остварат дополнителна добивка; според тоа, бараната стапка на принос мора да биде поголема од стапката на амортизација со која се отпишува проектот. Во зависност од релацијата или односот помеѓу *пропишаната* и *економската амортизација*, зависи и преференцијата кон одредени инвестициски добра. *Колку е поголем степенот на совпаѓање помеѓу овие категории, толку повеќе амортизацијата дава неутрален ефект во процесот на инвестицискоото одлучување*. Ако се има предвид и стапката на амортизација, тогаш во трошокот на капиталот мора да се инкорпорира и нејзината вредност:

$C = r + \pi + \delta$;

Како што може да се види од претставените изрази на интуитивната анализа, во услови на апстракција на даночните стапки, трошокот на капиталот на проектот е детерминиран од повеќе фактори, како што се **реалната каматна стапка, стапката на инфлација** и **стапката на амортизација.** Во тој контекст, за да се прифати одреден инвестиционен проект, тој треба да реализира стапка на принос која е најмалку еднаква на трошокот на капиталот со кој истиот се финансира, без разлика на видот на изворите на финансирање. Таква е ситуацијата во идеалниот свет без даноци. Меѓутоа, претпоставката со која се воведуваат даноците и другите елементи на даночниот систем дава поинаква слика на проблемот за оптимизација на одлуката за инвестирање.

1.1.2. Инвестиционата одлука при постоење на даноците

Реалниот свет во поголема мера одговара на претпоставката во која даноците имаат улога во формирањето на одлуката за инвестирање. Во оваа секција ќе се увериме дека покрај реалната каматна стапка, амортизацијата и стапката на инфлација, и **структурата на даночниот систем има големо влијание во процесот на инвестирање.** Всушност, улогата на даноците се состои во тоа што тие ја **дисторзираат, искривуваат, или поточно, ја ограничуваат инвестиционата одлука.**

Основната методологија која се користи за оценка на влијанието на даноците врз инвестициите е концептот на трошокот на капиталот, според авторите Кинг и Фулертон, како и нивната изведена методологија за маргиналните ефективни стапки.[155] Покрај оваа, понекогаш се истакнува и методологијата на ОЕЦД, но и други, коишто се проширени, надополнети и надградени над основната на Кинг и Фулертон. Централна претпоставка на која се базира концептот на маргиналните стапки е дека *маргиналната корист од инвестицијата тежнее да се изедначи со нејзиниот маргинален трошок; според тоа, инвестициониот проект не генерира екстра профит или економска рента која е поголема од каматната стапка.* Како што веќе се спомна, авторите ја дефинираат маргиналната стапка како:

$$METR = (p - s) / p; \quad (1)$$

каде p ја означува **бараната стапка на принос на инвеститорот пред оданочување**, додека s е ознака за **бараната стапка на принос на штедачот по оданочување**. Притоа, суштинското значење на мерката се огледа во коефициентот на даночното премостување (даночен товар, или буквално преведено „даночен клин“ - tax wedge), кој се дефинира како разлика помеѓу p и s.

Според авторите, инвестиционата одлука зависи од релацијата помеѓу трошокот на капиталот и каматната стапка, што се гледа од изразот:

$$p = c (r); \quad (2)$$

Симболот p ја претставува таа релација, и со други зборови, може да се рече дека, всушност, истиот ја претставува стапката на принос на проектот пред оданочување. **Се претпоставува** хипотетичен проект во кој инвестициите можат да земат облик на вложувања во *машини, згради и залихи* (machinery, buildings and inventories) во секторите на *мануфактурата, трговијата и други сектори* (manufacturing, commerce and other industry). Исто така, се претпоставува *потполно отсуство на инвестициониот ризик*. Другиот израз c (r) ја претставува функцијата на трошокот на капиталот, и таа, покрај каматната стапка, во голема мера е **детерминирана од даночниот систем (i.a. tax code).** Значењето на овој израз се огледа во две насоки: првото се однесува на тоа што истиот може да се сфати како израз на пазарната рамнотежа на пазарот на капитал, каде акумулацијата на капиталот се одвива сè до *моментот на*

[155] Делото со кое авторите Мервин Кинг (Mervin A. King) и Дон Фулертон (Don Fulerton) ја развија револуционерната методологија се вика: „The taxation of income from capital: A comparative study of the United States, the United Kingdom, Sweden and Germany“, National Bureau of economic Research, University of Chicago Press, 1984.

изедначување на бараната стапка на принос со трошокот на капиталот; и второто се огледа во тоа што изразот ја претставува *максималната каматна стапка,* до чие ниво економските агенти се индиферентни помеѓу прифаќањето на реалниот инвестиционен проект и прифаќањето на алтернативата за штедење.

Релацијата, пак, помеѓу пазарната каматна стапка и повратот на штедачот е во директна корелација со даночниот третман на приходите од капитал во рамки на персоналниот данок на доход. Притоа, како даночна база не се зема реалниот доход, туку остварениот номинален доход од капитал. Опишанава релација се огледа во изразот s, која може да се нарече и барана стапка на принос на штедачот по одаочување, која има вредност:

$$s = (1 - m)(r + \pi) - \pi - w_p; (3)$$

при што m ја претставува маргиналната стапка на персоналниот данок на доход од капитал (камата), w_p е маргиналната стапка на данокот на богатство на индивидуалниот штедач, π е стапката на инфлација и r е каматната стапка. Доколку не постои персоналниот данок на доход (или доколку стапките на персоналниот и корпоративниот данок на доход се изедначени), тогаш доаѓа и до изедначување на бараната стапка на принос на инвеститорот пред одаочување, бараната стапка на принос на штедачот по одаочување и каматната стапка, односно $p = s = r$. *Во вакви услови на индиферентност, всушност, штедачите на капиталот остваруваат стапка на принос еднаква на стапката на принос на компаниите, на нивните инвестициски проекти.* Разликите во даночниот систем ја нарушуваат ваквата неутралност, и во зависност од разликите во даночната структура, предизвикуваат дисторзии, односно **преференции за штедење или преференции за инвестирање**.

Ако во економијата се претпостави **дополнителна (маргинална) инвестиција** во износ од една парична единица (долар, евро, денар), тогаш стапката на принос пред одаочување p, се добива како разлика помеѓу маргиналната стапка на поврат на инкременталната инвестиција MRR и стапката на амортизација δ:

$$p = MRR - \delta; (4)$$

Притоа, се прави јасна дистинкција помеѓу економската амортизација на основните средства и амортизацијата за даночни цели, која може да се разликува од првата. Ако стапката на корпоративниот данок на доход се означи со t, тогаш дисконтираната сегашна вредност на профитите од инвестициониот проект DPV, која се добива преку интегрирање, изнесува:

$$DPV = (1-t)\, MRR / (p + \delta - \pi); (5)$$

каде p **(накосено p)** е дисконтната стапка, δ е стапката на економската амортизација која има експоненцијален карактер, додека π е стапката на инфлација. Ако се признаваат одредени даночни поволности од страна на државата (даночни кредити, даночни ослободувања) кои ќе ги означиме со A, тогаш трошокот на капиталот C на преземениот проект изнесува:

$$C = 1 - A; (6)$$

Задоволувајќи ја претпоставката за максимизација на профитот, според која фирмата инвестира до моментот на изедначување на дисконтираната сегашна вредност на профитите DPV со трошокот на капиталот C, може да се напише дека:

$$DPV = C = (1\text{-}t)\ MRR / (p + \delta - \pi); \quad (7)$$

Заменувајќи го C од изразот (6), се добива:

$$(1 - A) = (1\text{-}t)\ MRR / (p + \delta - \pi); \quad (8)$$

Додека, решавајќи го MRR од овој израз, се добива:

$$MRR = (1 - A)\ (p + \delta - \pi) / (1 - t); \quad (9)$$

Ако, пак, вредноста на MRR се инкорпорира во изразот (4) заради добивање на вредноста на p, следи дека:

$$p = [(1 - A)\ (p + \delta - \pi) / (1 - t)] - \delta; \quad (10)$$

Овој **фундаментален израз ја дава вредноста на p, односно на бараната стапка на принос пред оданочување на маргиналниот проект,** без да се земат предвид даноците на богатство кои ги плаќаат корпорациите. Доколку и тие се претпостават, тогаш акумулацијата на капиталот која е генерирана од инвестиционият проект резултира со зголемување на нето-богатството на корпорацијата, кое понатаму е предмет на оданочување со стапка w_c, така што доаѓа до редукција на вредноста на MRR на MRR - w_c. Со повторување на постапката на чекорите од (5) до (10), се добива дека бараната стапка на принос при постоење на данокот на богатство изнесува:

$$p = [(1 - A)\ (p + \delta - \pi) + (1 - Dt)\ w_c] / (1 - t) - \delta; \quad (11)$$

каде симболите ги имаат истите значења: w_c е ознака за корпоративниот данок на богатство, додека D е коефициентот на изземање на корпоративниот данок на богатство кој има две можни вредности, и тоа, вредност 1, доколку истите се одземаат од даночната база, и вредност 0, во случај тие да не се одземаат од даночната база.

Големо внимание во методологијата на Кинг и Фулертон се посветува на изразот A (i.a. allowances), кој претставува симбол за вредноста на **даночните стимулации инкорпорирани во даночниот систем.** Како основни форми на даночни стимулации се земаат: 1. стандардните ослободувања за амортизација (i.a. standard depreciation allowances); 2. еднократниот амортизационен отпис (i.a. immediate expensing or free depreciation); и 3. даночните кредити (i.a. cahs grants wich are equivalent to tax credits). Ако пропорцијата на трошоците на проектот кои се предмет на стандардните ослободувања за амортизација се обележи со f_1, сегашната вредност на даночните поволности од стандардните ослободувања за амортизација со A_d, пропорцијата на трошокот на проектот кој е предмет на еднократен амортизационен отпис со f_2, корпоративната стапка со t, пропорцијата на трошокот на проектот кој отпаѓа на даночните кредити со f_3, и стапката на даночни кредити се обележи со g, тогаш вредноста на вкупните даночни стимулации може да се пресмета преку изразот:

$$A = f_1A_d+f_2t+f_3g; \quad (12)$$

Преку даденово равенство се овозможува **подетален опис на структурата на инструментите на даночните стимулации кои се преземаат заради поддршка на инвестиционите вложувања.** Единствено останува да се утврди вредноста на стандардните ослободувања за амортизација A_d, во зависност од **методот на амортизација** кој се применува за даночни цели. Во светската практика како најпознати се јавуваат методот на забрзана амортизација, односно методот со опаѓачка стапка (declining balance method) и праволинискиот или пропорционалниот метод на амортизација (straight line method). Ако со (a) се обележи експоненцијалната стапка на амортизација за даночни цели (што значи дека се претпоставува континуелен бесконечен отпис на средствата од проектот со текот на времето по таа стапка), со (*p)* (накосено p) се означи дисконтната стапка, а вредноста на средствата се изразат по набавна историска вредност, тогаш сегашната вредност на стандардните ослободувања за амортизација, во случај на примена на **методот на опаѓачка амортизација,** изнесува:

$A_d = ta / (a + p)$; (13)

додека сегашната вредност на стандардните ослободувања за амортизација, доколку се применува **методот на праволиниска амортизација** за време на пропишаниот животен век L на средството, се пресметува според изразот:

$A_d = t (1 – e^{-p L}) / (pL)$; (14)

Останува уште да се дефинира **врската помеѓу дисконтната стапка *p* и пазарната каматна стапка i.** Оваа релација, во услови на совршена и перфектна економија, се огледа во нивната изедначеност; меѓутоа, постоењето на даноците дејствува во насока на нарушување на таквиот меѓусебен однос. Имено, дисторзивното влијание на даноците, под претпоставка дека не постои перфектна економија, резултира со *диференцирање на дисконтната и номиналната каматна стапка,* а интензитетот на меѓусебната разлика претежно зависи од изворот на финансирање. Притоа, како најрелевантни извори на финансирање на инвестиционите проекти се сметаат: **долгот (debt)** (било во вид на обврзници или банкарски кредити), **емисијата на нов акционерски капитал (new share issues)** и **задржаната добивка (retained earnings)**. Така на пример, ако се земе предвид **финансирањето на проектот преку задолжување или со долг**, со оглед на утврдената практика на одземање на вредноста на каматите од даночната основа, дисконтната стапка со која се дисконтираат паричните приливи по оданочување е еднаква на номиналната каматна стапка, редуцирана за вредноста на законската стапка на данокот на добивка, или:

$p = i (1 – t)$; (15)

Овој израз покажува дека висината на дисконтната стапка, во случај на финансирање со долг, е во директна релација со стапката на корпоративниот данок на доход. Притоа, колку е *поголема оваа даночна стапка, толку е помала и дисконтната стапка,* која во процесот на дисконтирање би генерирала поголема сегашна вредност на приливите од проектот. Ваквата интеррелација помеѓу *p* и t оди во насока на тезата за што поголемо користење на долгот како

извор на финансирање на проектите, доколку во економијата егзистираат високи стапки на корпоративниот данок на доход.

Во случај на користење на останатите два вида на извори на капитал (емисија на нови акции или задржана добивка), како фактори од кои зависи висината на дисконтната стапка се јавуваат и други елементи, освен стапката на данокот на добивка t. Така на пример, се воведува варијаблата θ која го мери степенот на даночна дискриминираност помеѓу задржаните добивки и дистрибуциите на добивката во вид на дивиденди. *Степеноѓ на даночната дискриминираност θ, всушност, е вредноста на дивидендиѓе кои ја добивааѓ, односно која останува на располаїање на акционериѓе од секоја дополнително дисѓрибуирана единица добивка на корпорацијаѓа.* Од прикажанава дефиниција на θ, следува дека доколку се изврши распределба на единица добивка, а вредноста на дивидендите што ја добиваат акционерите изнесува точно θ, тогаш апсолутната вредност на данокот кој ќе остане изнесува (1 – θ). За да се добие релативна димензија на собраниот данок, се пресметува стапката на данокот на единица бруто-дивиденда, која има вредност (1 – θ) / θ. Според тоа, вкупните корпоративни даночни обврски по основ на реализираниот профит T, изнесуваат:

$$T = tY + [(1 - \theta) / \theta]G; \quad (16)$$

каде што повторуваните симболи го имаат истото значење, додека Y е вкупниот приход на компанијата кој е предмет на оданочување, а G е ознака за вкупните бруто-дивиденди исплатени од компанијата. Во современата даночна практика, изразот θ може да поприма повеќе вредности. На пример, во *класичниоѓ сисѓем на корпоративно оданочување* кој се применува во САД, не се пресметува дополнителен корпоративен данок после исплатата на дивидендите, така што вредноста на θ изнесува 1. Во *сисѓемоѓ на инѓеїрација или имѓуѓација (imputation corporate tax system,)* кој, на пример, се применува во Велика Британија, дел од корпоративната даночна обврска на компанијата се импутира (префрла) на сметка на акционерите на кои потоа им се признава даночен кредит на обврската за плаќање на данокот на дивиденди, со што вредноста на исплатените дивиденди θ надминува 1. Така, ако стапката на импутација изнесува c, тогаш акционерите при распределбата ги добиваат дивидендите зголемени за износот на даночниот кредит по единица дивиденда со износ c (1 – c), од каде произлегува дека коефициентот θ добива вредност 1/(1 – c), кој има толку поголема вредност од 1, колку што е поголема стапката на даночниот кредит. Во системите, пак, на *целосна инѓеїрација*, исплатените дивиденди во нивниот целосен износ претставуваат одбитна стапка на профитот на компаниите, така што изразот θ поприма вредност 1/(1 – t).

Дефинирањето на параметарот θ од претходните редови ни овозможува полесно утврдување на дисконтната стапка во услови на **финансирање на инвестициите со емисија на нов акционерски капитал**. Кога компанијата се соочува со можност да ги финансира инвестициите со нова емисија на акционерски капитал, тогаш потенцијалните инвеститори бараат минималната стапка на повраѓ на нивните средства да биде најмалку еднаква на номиналната пазарна каматна стапка i намалена за стапката на персоналниот данок на доход од камата m или

i(1 – m), која го претставува, всушност, опортунитетниот трошок на алтернативното финансирање. Ако компанијата оствари стапка на поврат на проектот во висина на p, тогаш бараната стапка на поврат по одаочување на дивидендите (1 – m) θp, според правилото за инвестирање, мора да биде најмалку еднаква на опортунитетниот трошок i(1 – m), или:

$(1 – m)\ \theta p = i(1 – m)$;

од каде следува дека после средувањето на равенството, вредноста на p да изнесува:

$p = i / \theta$; (17)

Оваа релација укажува дека, во случај на финансирање на проектот со емисија на акционерски капитал, помеѓу дисконтната стапка p и степенот на интеграција θ постои обратнопропорционална зависност. Тоа воедно значи дека *примената на системот на интеграција во корпоративното одаочување, за разлика од класичниот систем на корпоративно одаочување, генерира помала дисконтна стапка и поголема сегашна вредност на приливите од преземените проекти*, што, секако, претставува поволност од аспект на поддршката на процесот на инвестирање. Релацијата, пак, помеѓу p и i е правопропорционална.

Останува уште да се анализира ситуацијата во која проектот се **финансира исклучиво преку инвестирање на задржаната (капитална) добивка.** Задржаната добивка претставува дел од добивката на компанијата која не е распределена на акционерите во вид на дивиденда. Нејзина основна карактеристика, во поглед на даночниот третман, е тоа што таа не е предмет на одаочување сè *до моментот на нејзината реализација*, така што нуди предност за одложување на даночната обврска, споредено со другите извори на капитал. Притоа, стапката која се применува за одаочување е стапката на данокот на капитална добивка, која вообичаено е пониска од општата стапка на персоналниот данок на доход. Дури и во услови на изедначеност на законската даночна стапка на капиталната добивка со другите законски стапки, можноста за одложување на плаќањето на данокот претставува поволна даночна бенефиција, затоа што, во таков случај, нејзините ефективни даночни стапки се обично помали од алтернативните ефективни даночни стапки, се разбира, поради дејството на временската вредност на парите. Ако некој проект генерира стапка на принос p и истиот се финансира со задржана добивка, која се одаочува со ефективна даночна стапка z, тогаш бараната стапка на инвеститорот $p(1 – z)$ мора барем да биде еднаква на опортунитетниот трошок i(1 – m), односно:

$p(1 – z) = i(1 – m)$;

а доколку се преуреди равенката, следува дека дисконтната стапка изнесува:

$p = i[(1 – m) / (1 – z)]$; (18)

Мора да се има предвид дека симболот z ја претставува ефективната даночна стапка на капитална добивка, која е различна од законската даночна стапка на капитална добивка z_s. Ако со λ се обележи стапката на реализација на акумулираната задржана добивка, која се претпоставува дека е константна, а со p_p се обележи номиналната дисконтна стапка на инвеститорот, тогаш ефективната стапка може да се добие преку изразот:

$z = \lambda z_s / (\lambda + p_p)$; (19)

Релацијата од изразот (18) ја поврзува дисконтната стапка на приливите од проектот со стапката на персоналниот данок на доход од каматата m и ефективната даночна стапка на капитална добивка z. Инаку, заемната поврзаност помеѓу z и дисконтната стапка е правопропорционална. Помалата z генерира помала *p,* така што позитивно делува врз обемот на инвестициите.

Сите овие елементи кои претставуваат составен дел на современите даночни системи, како што се гледа, добиваат свој агрегатен израз во методологијата на маргиналните стапки. Кратката елаборација на концептот на маргиналните стапки и трошокот на капиталот, според методологијата на авторите Кинг и Фулертон, упатува на сознанието дека во светот на **имперфектноста**, како фактори од кои најдиректно зависи одлуката за инвестирање во реални физички добра, покрај висината на каматната стапка, стапката на инфлација и стапката на реалната економска амортизација, се јавуваат и **структурата на даночниот систем,** како и **структурата на капиталот**. Според тоа, почнувајќи од елементите на **системот на корпоративниот данок на доход,** елементите на **системот на персоналниот данок на доход**, карактерот, односно, **степенот на интеграција** на даночниот систем, **методот на амортизација** кој се признава за даночни цели, **различните извори на финансирање**, како и **системот на даночните стимулации**, имаат свој одраз врз инвестиционата одлука.

1.2. Анализа на стимулативните ефекти на факторите од кои зависи инвестиционата одлука (сензитивна анализа)

Во оваа точка се посветува посебно внимание врз насоките и механизмите на стимулативните ефекти кои потекнуваат од промената на елементарните фактори од кои зависи инвестиционата одлука. Како што е истакнато, инвестирањето претставува комплексен процес врз кој влијаат повеќе фактори, меѓу кои и даноците и даночниот систем (во чии рамки е и системот на даночните стимулации), кои, во зависност од карактерот и начинот на кој се дизајнирани, можат или да го ограничат, или пак, да го забрзаат. За таа цел е направена анализа за тоа како се формира инвестиционата одлука врз основа на еден интуитивен и поедноставен модел на инвестиционата побарувачка.

Најпрвин, треба да се одговори на прашањето за тоа на кој начин даночниот систем и неговата структура влијаат позитивно, или пак, негативно врз инвестициите во домашната економија, или пак, едноставно, тие се неутрални. Одговорот на ова прашање лежи во МЕДС (маргиналната ефективна даночна стапка) и нејзините составни елементи. За таа цел е презентирана табелата бр. 1 која ја дава врската помеѓу вредноста на МЕДС и ефектот врз инвестициите:

Табела бр. 1
Вредност на МЕДС и ефектот врз инвестициите

Вредност на МЕДС	Ефект врз инвестициите
МЕДС < 0	Стимулативни

МЕДС = 0	Неутрални (без ефект)
МЕДС > 0	Нестимулативни

Извор:„Alternative tax burden measures“ – An OECD study, 2000 стр. 49.

Генерално, секогаш кога вредноста на показателот на МЕДС е над 0 (што значи има позитивна вредност), тогаш даночниот систем има **нарушувачко, дисторзивно или ограничувачко влијание** врз обемот на инвестициите. Притоа, колку што вредноста на показателот е поголема над нулата, толку повеќе даночниот систем ги обесхрабрува инвеститорите. Ако вредноста на МЕДС е еднаква на 0, теоретски, структурата на даночниот систем не влијае врз инвестициите. Во тој случај се вели дека системот е **алокативно неутрален** кон инвеститорите. И, доколку вредноста на МЕДС е помала од 0, тогаш системот **влијае поволно, односно стимулативно** врз обемот на инвестиционите вложувања. Ова сценарио се случува само кога даночниот систем нуди одредени даночни стимулации (даночни ослободувања, изземања, даночни кредити) чија сегашна вредност ја надминува набавната или иницијалната вредноста на инвестициониот проект.

Коефициентот МЕДС со неговиот основен облик (p – s) / p, претставува, всушност, релативен показател кој е дизајниран да го квантифицира обемот на даночното оптоварување на хипотетичкиот маргинален проект (p – s), и потоа да го релативизира, ставајќи го во однос на количникот p, со цел да се овозможи полесно споредување. Централното значење на коефициентот се состои токму во изразот (p – s), кој се нарекува даночно премостување (tax wedge), и преку неговата големина се изразува **преференцијата на даночниот систем кон инвеститорите или штедачите.** Имено, од презентираната методологија се виде дека изразот p претставува агрегатен израз на бараната стапка на принос на инвеститорите пред оданочување, која е во корелација со структурата и карактерот на даночниот систем. Од друга страна, пак, изразот s е израз на бараната стапка на принос на штедачите по оданочување, чија висина, исто така, зависи од даночниот систем. Според тоа, од разликата помеѓу p и s зависи „наклонетоста“ на даночниот систем кон инвеститорите, или пак, кон штедачите. Притоа, колку е разликата поголема во корист на p, толку е поголем ефективниот даночен товар на инвеститорите и толку е помала даночната поддршка за инвестирање, и обратно.

Заради полесно разбирање на стимулативните ефекти, некои автори го набљудуваат изразот на вкупното даночно премостување како збир од две посебни поткомпоненти, и тоа: **инвестиционо даночно премостување** или даночен товар на инвестициите (investment tax wedge) и **даночно премостување за штедење** или даночен товар на штедењето (savings tax wedge).[156] Тие го дефинираат инвестиционото даночно премостување како разлика помеѓу бараната стапка на принос на инвеститорот пред оданочување и реалната каматна стапка (p – r). *Поголемата разлика помеѓу p и r упатува на лош даночен третман на инвестициите, што е лошо од развоен аспект; изедначеноста значи неутралност и отсуство на дисторзивни*

[156] Пошироко види: Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“ OECD Studies, 1997, стр. 95, 96, 97.

нарушувања и негативната разлика укажува на постоење на стимулативни даночни бенефиции за инвестирање. Даночното премостување за штедење, пак, се дефинира како разлика помеѓу реалната каматна стапка и бараната стапка на принос на штедачите по оданочување (r – s). *Притоа, ако разликата е позитивна, тогаш даночниот систем не го поддржува штедењето; ако разликата е 0, системот е неутрален, и доколку разликата е негативна, тогаш штедењето добива поволен даночен третман од страна на даночниот систем.* Во табелата бр. 2 сумарно се дадени релациите помеѓу вредноста на изразите и ефектите врз инвестициите и штедењето.

Табела бр. 2

Релација помеѓу изразите на даночното премостување и ефектите врз инвестициите и штедењето

Израз	Вредност > 0	Вредност = 0	Вредност < 0
(p – s)-вкупно даночно премост.	Инвестиции (-)	Инвестиции (н)	Инвестиции (+)
(p – r)-инвестиционо даночно премост.	Инвестиции (-)	Инвестиции (н)	Инвестиции (+)
(r – s)-даночно премост. за штедење	Штедење (-)	Штедење (н)	Штедење (+)

Извор: Сопствени сумирања врз основа на литературата.

1.2.1. Анализа на ефектите од промената на неданочните параметри

Сега, кога веќе се расчистени значењата кои ги имаат маргиналните стапки и елементите од кои се состојат, останува да се види на кој начин факторите на инвестиционата одлука влијаат врз нејзиното формирање. За таа цел, се претпоставува еден поедноставен модел на инвестициона побарувачка на физички капитал (опрема, машини, згради, залихи) кој се однесува на мала затворена економија. Исто така, се претпоставува дека стопанството функционира во услови на перфектна економија, во која не постојат даноците и оданочувањето. Во такви совршени услови на стопанисување, фирмата која настојува да го максимизира своето богатство, ќе инвестира во одреден инвестиционен проект, сè додека маргиналните приходи кои произлегуваат од проектот не се изедначат со маргиналните трошоци на проектот. Оваа точка се нарекува **праг на рентабилност на инвестициониот проект (break even point),** или точка на инвестиционата рамнотежа (еквилибриум):

$MR = MC$; (1)

Од ова произлегува дека основен критериум за постигнување на рамнотежа во процесот на акумулација на капиталот претставува маргиналниот трошок на капиталот, односно трошокот на капиталот на маргиналната инвестиција. Притоа, маргиналниот трошок на капиталот на проектот MC мора да биде доволен ги надомести: 1. трошокот на изворите на финансирање на проектот p (или, подобро познато од методологијата на маргиналните стапки како дисконтна стапка); и 2. трошокот за амортизацијата на средствата δ која настанала во текот на производниот процес:

$MC = p + \delta$; (2)

Во услови на економија без даноци, трошокот на изворите на финансирање на проектот (дисконтната стапка) мора да биде најмалку еднаков на бараната стапка на принос на

алтернативната можност за пласирање на финансиските средства во банка или во обврзница. Оттука следува дека тој мора да биде еднаков на номиналната каматна стапка $p = i$, којашто, пак, е еднаква на реалната каматна стапка и стапката на инфлација $p = i = r + \pi$. Доколку се врши редовна индексација на цените во државата, или пак, воопшто не постои инфлација, тогаш бараната стапка е еднаква на реалната каматна стапка:

$p = i - \pi = r$;

Ако ова се замени во (2), следува дека трошокот на капиталот изнесува, како што веќе спомнавме:

$MC = i - \pi + \delta$; (4), односно,

$MC = r + \delta$; (5)

Оттука произлегува заклучокот дека во перфектна економија без даноци, оптималното ниво на инвестиции во физички капитал се наоѓа во точката каде маргиналните приходи од секоја дополнителна единица инвестиција MR ќе се изедначат со маргиналните трошоци на капиталот MC кој има вредност $(r + \delta)$. Маргиналниот трошок (или само трошокот на капиталот заради поедноставување), всушност, се состои од два дела: реалната каматна стапка r, како трошок на средствата кои фирмата мора да ги подигне за да ги плати физичките капитални добра, и трошокот за капитална потрошувачка δ, која е резултат на загубата на вредноста на капиталните средства во текот на процесот на нивното производствено трошење - амортизацијата.

Ако се има предвид дефиницијата за бараната стапка на принос на инвеститорите од методологијата на маргиналните стапки, според која таа е еднаква на трошокот на капиталот, намален за стапката на економската амортизација, тогаш, може да се напише дека за секоја маргинална инвестиција:

$p = MC - \delta$; (6)

при што, ако за MC се земе вредноста од изразот (5), ќе се добие:

$p = r + \delta - \delta$; односно

$p = r$; (7)

Ако ја пресметаме МЕДС според презентираната методологија, која се однесува на економија без даноци, и во услови без инфлација каде $s = r$, земајќи го условот од изразот (7), се добива дека нејзината вредност изнесува:

$МЕДС = (p - s) / p = (r - r) / r = 0 / r = 0$;

Вредноста на МЕДС укажува на сознанието дека **доколку во една економија не постојат даноците и даночниот систем, ефективниот даночен товар на капиталот изнесува 0, и во такви услови не постојат дисторзии на процесот на инвестиционото одлучување.** Имено, постои апсолутна индиферентност помеѓу одлуката за инвестирање и одлуката за штедење, бидејќи бараната стапка на принос на инвеститорите е еднаква на бараната стапка на принос на штедачите, која пак, е еднаква на реалната каматна стапка ($p = s = r$). Исто така, ова значи дека

инвестиционият еквилибриум се одвива во точката на изедначување на маргиналните приходи со реалната каматна стапка.

Да ги разгледаме накратко останатите два фактори кои се споменуваат во анализата, со претпоставката за апстракција на даноците, а тоа се: стапката на инфлација π и стапката на амортизација δ. Во врска со првиот, може да се каже дека во светот без даноци, можностите за штедење или инвестирање се одвиваат независно од стапката на инфлација. Бидејќи претходната констатација е оригинално изведена од Ирвинг Фишер (Irving Fisher), оваа состојба без даноци е и оригинално наречена Фишеров строг закон (strict Fisher's law). Оддржувањето на ваквата состојба е можно само доколку номиналната каматна стапка секогаш ја антиципира и вградува инфлационата премија. За таа цел, Самерс (Summers, 1981), со помош на емпириско истражување, докажува дека во најголем број случаи, номиналната стапка расте паралелно со порасот на стапката на инфлација, односно $i = r + \pi$.[157] Утврденава релација овозможува да се оствари неутрален ефект во однос на алокацијата на капиталот во економијата. Имено, доколку општото ниво на цени манифестира пораст, тогаш, заради компензација на инфлационата премија (или инфлациониот ризик), инвеститорите бараат стапка на принос која е еднаква на номиналната каматна стапка ($p = i$). Бидејќи во нормални услови штедачите вообичаено реализираат принос во висина на номиналната камата, логично е да се заклучи дека и ($s = i$). Под претпоставка дека постои редовна индексација на инфлацијата, отсуство на даноци, и ако стапката на амортизација се совпаѓа со економската амортизација, тогаш за МЕДС може да се напише дека:

$$МЕДС = (i - i) / i = 0;$$

што значи дека ефектот од инфлацијата врз инвестициите е неутрален, доколку важат претпоставките за отсуство на даноците.

За разлика од промената на општото ниво на цени, **амортизацијата** претставува одлучувачки фактор во изборот на инвестиционият проект, или пак, секторот во кој се вложуваат средствата. Имено, сѐ зависи од степенот на поклопување на стапката на фактичката амортизација на основните средства со стапката на вистинската (реалната) или економската амортизација во конкретниот индустриски сектор. Ако постои апсолутно совпаѓање на овие две категории на отписи на основните средства, тогаш МЕДС изнесува 0, и во тој случај не постои нарушување на процесот на инвестирање. Ако во некој сектор стапката на фактичката амортизација на средствата е помала од стапката на економската амортизација, тогаш доаѓа до зголемување на бараната стапка на принос на инвеститорите ($r+\Delta\delta$) и бегање на инвестициите од тој сектор (МЕДС>0). Обратно, ќе постојат поголеми преференции за вложување во тој сектор, ако стапката на фактичката амортизација е поголема од онаа на економската амортизација, затоа што таквата состојба ја намалува бараната стапка на принос ($r-\Delta\delta$) и со тоа се зголемува атрактивноста за инвестирање во секторот (МЕДС < 0). Во табелата бр. 3 се сумирани збирните ефекти од

[157] Ова правило или принцип е вградено и во методологијата на маргиналните стапки.

промените на факторите на инвестиционата одлука во услови на апстракција на даночниот систем.

Табела бр. 3
Сумирани ефекти од промените на факторите во услови на апстракција на даноците и редовна индексација на цените и каматите

Параметар	Промена на параметар	Ефект врз МЕДС	Ефект врз инвестициите
Реална каматна стапка	зголемување	неутрален	неутрален
	намалување	неутрален	неутрален
Стапка на инфлација	зголемување	неутрален	неутрален
	намалување	неутрален	неутрален
Фактичка/економска амортизација	зголемување	намалување	зголемување
	намалување	зголемување	намалување

Извор: Сопствени сумирања.

1.2.2. Анализа на ефектите од промената на даночните параметри

Откога се утврдија потенцијалните ефекти од промената на неданочните фактори, следува дискусија за потенцијалното влијание од промената на факторите од даночна природа (стапките на корпоративниот и персоналниот данок на доход). За таа цел, врз основа на истиот поедноставен модел на инвестиционата потрошувачка, се анализира начинот на кој се постигнува инвестиционио еквилибриум, но со претпоставка за постоење на даноци.

Појдовна основа на анализата претставува состојбата на еквилибриум на инвестиционата побарувачка во услови на перфектна економија. На претходните страници заклучивме дека во такви услови, во точката на изедначување на маргиналните приходи со маргиналните трошоци на инвестиционио проект, бараната стапка на принос на инвеститорот е идентична со реалната каматна стапка (p = r), а трошокот на капиталот на маргиналната инвестиција изнесува (p + δ). Сега, нека се претпостави дека е воведен **корпоративниот данок на доход (или данокот на добивка)** со стапка t. Притоа, се претпоставува, исто така, дека капиталните трошоци се отпишуваат со стапка на амортизација, која е еднаква на економската амортизација, и дека во економијата се врши редовна индексација на стапката на инфлација, со што се исклучува нивното влијание за потребите на анализата. Во состојба без даноци, како што е спомнато, за да ја афирмира одлуката да инвестира, инвеститорот мора да оствари стапка на принос p која е еднаква на дисконтната стапка p, односно на реалната каматна стапка r:

p = p = r; (1)

Меѓутоа, даночниот систем му наметнува обврска да плати данок на добивка во висина на t за секоја дополнителна единица доход, така што доаѓа до зголемување на трошокот на капиталот од MC на MC/(1 - t). Ако MC се дефинираше како MC = p + δ (2), тогаш, со изедначување на овие изрази се добива дека:

$MC = (p + \delta) / (1 - t)$; (3)

Согласно методологијата на маргиналните стапки, според која бараната стапка на принос на инвеститорот е еднаква на трошокот на капиталот намален за стапката на амортизација, или $p = MC - \delta$, произлегува дека таа, во случај на воведување на корпоративен данок на доход *ceteris paribus,* изнесува:

$p = (p + \delta) / (1 - t) - \delta$; (4)

Следува дека бараната стапка на принос на инвеститорот пред оданочување **претставува растечка функција на стапката на корпоративниот данок на доход t**. Притоа, колку е таа поголема, толку е поголема и стапката на принос p, редуцирајќи ја сегашната вредност на приливите на инвестицониот проект. Ваквата динамика на приливите укажува дека поголемите стапки на t, *ceteris paribus* резултираат со **позитивни и поголеми маргинални стапки**, кои дејствуваат во насока на ограничување на процесот на инвестирање. Само во услови на апстракција на корпоративниот данок на доход или во случај неговата стапка да има вредност нула, со замена на вредностите во изразот (4), автоматски се добива дека $p = r$, а со тоа и МЕДС = 0. Ова значи, исто така, дека во услови на постоење на корпоративен данок, и **маргиналната ефективна стапка претставува негова растечка функција,** идентично како бараната стапка на принос.

Битно е да се има предвид дека промената на параметарот t дејствува врз МЕДС посредно преку бараната стапка на принос на инвеститорот (компонентата p од коефициентот МЕДС) на тој начин што го зголемува обемот на даночниот товар или даночното премостување. Притоа, сите други даночни параметри, кои според презентираната методологија претставуваат елементи на бараната стапка на принос p, дејствуваат во иста насока. Така на пример, според Фулертон, воведувањето на данокот на богатство на корпорацијата w_c, ја редуцира маргиналната стапка на повраг MRR на MRR - w_c,[158] што значи го зголемува трошокот на капиталот од MC на MC + w_c. Ако MC имаше вредност $p + \delta$, автоматски се добива дека:

$MC = p + \delta + w_c$; (5)

Имајќи ја предвид познатата релација $p = MC - \delta$, следи дека:

$p = p + \delta + w_c - \delta$, а по средувањето следи дека: $p = p + w_c$; (6)

Од изведените релации може лесно да се заклучи дека и овој параметар влијае во насока на **зголемување на бараната стапка на поврат на инвеститорот**, а преку неа посредно и врз зголемување на маргиналните стапки и даночниот товар, под претпоставка останатите фактори да останат непроменети. Се разбира, оваа констатација не оди во прилог на унапредување на вкупните инвестициони вложувања во домашната економија.

Ако воведувањето на корпоративниот данок имаше ефект на зголемување на МЕДС преку зголемување на вредноста на барната стапка на принос p *ceteris paribus*, тогаш, воведувањето на

[158] King M.A., Fulerton D.: „The taxation of income from capital: A comparative study of the United States, the United Kingdom, Sweden and Germany“, National Bureau of economic Research, University of Chicago Press, 1984, стр. 20.

персоналниот данок дејствува врз даночниот товар преку другиот елемент на коефициентот на МЕДС, а тоа е бараната стапка на принос на штедачот по одаочување s. Под претпоставка дека корпоративниот данок не постои, инфлацијата има нулта стапка (што значи дека s = r и p = r соодветно), тогаш, воведувањето на персоналниот данок на доход од камата m, влијае во **насока на намалување на стапката на принос на штедачот по одаочување во висина на стапката на персоналниот данок на доход од камата,** или:

$s = r (1 - m)$; (7)

Вметнувајќи ја вредноста за s во пресметката на маргиналната стапка, се добива дека:

$МЕДС = (p – s) / s = [r - r (1 - m)] / r$, односно следи дека $МЕДС = m$; (8)

Иако **вредноста на МЕДС укажува на фактот дека таа претставува растечка функција на стапката на персоналниот данок на доход,** сепак, **тоа не мора да значи дека постои нарушување на процесот на инвестирање**. За таа цел потребно е да се изврши декомпозиција или разграничување на МЕДС на нејзините две поткомпоненти. Првата компонента, која е директно поврзана со одлуката за инвестирање е т.н. инвестиционо даночно премостување, која има вредност 0 ($p – r = r – r = 0$). Нејзината вредност претставува потврда дека во услови на постоење на персонален данок на доход, а под апстракција на корпоративниот данок на доход, не се врши нарушување на одлуката за инвестирање. Другата, пак, која е во релација со одлуката за штедење, покажува вредност rm ($r – s = r – r(1 – m) = rm$), чија вредност означува позитивен даночен товар за штедачите и дестимулирање на штедењето. Од анализата на двете компоненти на маргиналниот товар, може да се заклучи дека зголемувањето на стапката на персоналниот данок на доход ги товари единствено штедачите, под претпоставка останатите даночни фактори да останат непроменети. На страната на штедачите, методологијата на Кинг и Фулертон калкулира уште со еден ограничувачки фактор, а тоа е данокот на богатство (или имот) на индивидуалниот штедач w_p. Со воведување на овој параметар во анализата, стапката на поврат на штедачите s се редуцира на $r - w_p$ *ceteris paribus*, а во услови на постоење и на персонален данок на доход, таа се редуцира дури на $r(1 – m) - w_p$. Неговото дејство врз обемот на штедење, исто така, е **лимитирачко**, а тоа може да се види доколку овој параметар се вметне во изразот на даночното премостување за штедење, при што се добива вредност од $rm + w_p$.[159]

Всушност, сите овие параметри имаат свое влијание врз МЕДС, инвестициите и штедењето на опишаниот начин, но набљудувани под претпоставка на непроменетост на останатите фактори на инвестиционата одлука. Меѓутоа, даночните системи претставуваат комплексна содржина со многу сложено комбинирано дејство, при што негативните ефекти можат да бидат компензирани со позитивните на останатите елементи на системот. Заради тоа, се препорачува маргиналниот даночен товар да се евалуира преку интегрална анализа на сите релевантни компоненти на методологијата на МЕДС.

[159] $r – s = r – [r(1 – m) - w_p] = rm + w_p$.

Останува уште да се продискутира за влијанието на **инфлацијата** врз маргиналните стапки во услови на постоење на даноците и одаочувањето. Како што Фишеровиот закон покажува, инфлацијата не делува врз одлуката на инвеститорите и штедачите, затоа што со индексирањето се вградува во номиналната каматна стапка, и на тој начин се нивелира дејството врз компонентите на маргиналниот даночен товар. Меѓутоа, доколку во државата не се врши редовно индексирање, емпириските студии покажуваат дека високата инфлација главно врши *дисперзија на ефективните даночни стапки,* бидејќи агентите не плаќаат данок само на реалната каматна стапка, туку и на инфлационата премија. На овој начин, преку одаочување на номиналната каматна стапка, **бараната стапка на штедачот s се претвора во опаѓачка функција на стапката на инфлација.**[160] На пример, кога постои индексирање $\pi = 0$ и i = r, при што, ако се заменат во изразот $s = i (1 – m) - \pi$, тогаш тој добива вредност од $r(1 – m)$. Доколку пак, нема индексација, тогаш стапката на инфлација има позитивна вредност, односно $\pi > 0$ и i > r, при што вредноста на бараната стапка го задржува обликот $s = i (1 – m) - \pi$, што значи дека претставува опаѓачка функција на стапката π. Што се однесува, пак, до бараната стапка на инвеститорот p, аналогно може да се заклучи дека во услови на инфлација, **таа станува растечка функција на инфлационата премија.** Од ова може да се заклучи дека интегралниот ефект на инфлацијата врз параметрите p и s придонесува за **дисперзија на разликата помеѓу нив**, а со тоа и до зголемување на ефективниот даночен товар.

Целата оваа дискусија може да се резимира во следнава табела на вредности и изрази на даночните параметри.

Табела бр. 4

Вредности и сумарни ефекти од промената на даночните параметри

Воведување на параметар во анализата ceteris paribus	Стапка на принос на инвест. **(p)**	Стапка на принос на штедачот **(s)**	Вредност на **МЕДС**	Ефект врз штедењето **(r – s)**	Ефект врз инвестициите **(p – r)**
Стапка на корпоративен данок на доход (t)	$p = (p + \delta) / (1 - t) – \delta$	r	МЕДС > 0 дисторзирачко	(r – s) = 0 неутрално	(p – r) > 0 намалување
Данок на богатство на корпорации (w_c)	$p = p + w_c$	r	МЕДС > 0 дисторзирачко	(r – s) = 0 неутрално	(p – r) > 0 намалување
Стапка на персонален данок на доход од камата (m)	r	r (1 - m)	МЕДС > 0 дисторзирачко	(r – s) > 0 намалување	(p – r) = 0 неутрално
Данок на богатство на индивидуал. штедач (w_p)	r	$r - w_c$	МЕДС > 0 дисторзирачко	(r – s) > 0 намалување	(p – r) = 0 неутрално

Извор: сопствени сумирања.

1.2.3. Ефектот на структурата на капиталот врз инвестиционата одлука

Освен со претходниве параметри, одлуката за инвестирање е тесно поврзана и со структурата на капиталот или со начинот на кој се финансираат проектите. Постојат повеќе видови на извори на капитал, меѓутоа, најпознати се долгот (банкарски заем или емисија на обврзници), емисијата на нов акционерски капитал и финансирањето со задржана (капитална)

[160] King M.A., Fulerton D.: „The taxation of income from capital: A comparative study of the United States, the United Kingdom, Sweden and Germany“, National Bureau of economic Research, University of Chicago Press, 1984, стр. 25.

добивка. Во теоријата, но исто така и во емпириската литература, можат да се сретнат повеќе критики дека современите даночни системи фаворизираат само одредени извори на средства (како што е, на пример, случајот со долгот) и дека на тој начин се врши нарушување на тековите на капиталот. Во таа насока, методологијата на маргиналните стапки може да биде од голема помош во разоткривањето на поврзаноста помеѓу структурата на капиталот и ефективниот даночен товар, а со тоа и во одгатнувањето на правилата на однесување на инвеститорот.

Како што е спомнато, бараната стапка на принос на инвеститорот p, зависи од повеќе фактори, како што се даночниот систем (корпоративниот данок, персоналниот данок, инструментите на даночните стимулации), економската амортизација, стапката на инфлација и дисконтната стапка. Притоа, дисконтната стапка p[161] претставува трошок на изворите на финансирање или просечна цена на капиталот со кој се покрива проектот. Токму вредноста на дисконтната стапка е најдиректно поврзана со начинот на финансирање, односно со изворите на капиталот на инвестицијата.

Да претпоставиме сега сценарио во кое проектот се финансира само со **долг**, што значи или со издавање обврзница, или со банкарски заем. Според методот на МЕДС, бидејќи номиналната камата е одбитна ставка на даночната основа, а данокот се наплаќа на номиналната, а не на реалната камата, тогаш дисконтната стапка во случај на финансирање со долг, изнесува $p = i(1 - t)$. Ако се претпостави апстракција на инфлацијата $\pi = 0$, и притоа даночниот систем не содржи даночни стимулации A = 0, а стапката на амортизација е еднаква на економската амортизација $\delta = 0$, тогаш дисконтната стапка се редуцира на $p = r (1 - t)$ (1), а бараната стапка на принос на инвеститорот од $p = (p + \delta) / (1 - t) - \delta$, станува $p = p / (1 - t)$ (2). Ако вредноста на дисконтната стапка од изразот (1), ја замениме во изразот (2), следи дека:

$$p = r (1 - t) / (1 - t) = r; \quad (3)$$

Пресметувајќи го инвестиционото даночно премостување, се открива дека $p - r = r - r = 0$, што значи дека доколку амортизацијата за даночни цели коинцидира со реалната економска амортизација, овој коефициент изнесува 0, така што корпоративниот данок на доход **не предизвикува дисторзирачки ефекти врз инвестициите.**[162] Меѓутоа, постои честа практика на забрзано отпишување на инвестиционите средства за даночни цели, што резултира со негативна вредност на даночното премостување и остварување на позитивни сигнали за инвестирање. Ваквата констатација оди во прилог на тезата дека постоењето на корпоративниот данок го поддржува процесот на задолжување на фирмите како погоден начин на финансирање на проекти кои се карактеризираат со поголема стапка на фактичка амортизација во однос на нормалната економска амортизација.

---

[161] Накосеното *p,* кое ја претставува дисконтната стапка, треба да се разликува од нормалното p, кое се однесува на бараната стапка на принос на инвеститорот.

[162] Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“ OECD Studies, 1997, стр. 96.

Да го разгледаме сега случајот со финансирање исклучиво со издавање на **нов акционерски капитал**. Во вакви околности, за да прифатат акционерите да инвестираат дополнителна единица акционерски капитал, треба да биде исполнет арбитражниот услов нето-дивидендите по плаќањето на корпоративниот и персоналниот данок на доход, да бидат најмалку еднакви со каматата која се добива при вложување во инструменти на пазарот на капитал. Тоа значи дека одлуката на инвеститорот во овој случај зависи како од корпоративниот, така и од персоналниот данок на доход. Како што е спомнато, со цел да се квантифицира степенот на меѓусебната интеграција помеѓу овие даноци, Кинг и Фулертон го воведуваат коефициентот θ. Големината на неговата вредност, всушност, зависи од карактерот и степенот на поврзаност на персоналниот и корпоративниот данок. Така, ако θ = 1, тогаш се работи за класичен даночен систем без каква било интеграција. Во класичниот даночен систем, профитот се оданочува на ниво на корпорација, а дивидендите на ниво на акционер. Ако пак, се работи за даночен систем на интеграција (или импутација), тогаш θ = 1/(1 – c), каде c е стапката на импутираниот даночен кредит; според тоа, степенот на интеграција е поголем од еден: θ > 1. И во системот на целосна интеграција, целиот износ на исплатените дивиденди претставува одбитна стапка на корпоративниот профит, така што θ = 1/(1 – t). Притоа, дисконтната стапка се пресметува преку општиот израз p = i / θ (4).

Да го проследиме процесот на арбитража кај **класичниот даночен систем** како екстрем со најнизок степен на интеграција во корпоративното оданочување. Ако ги поедноставиме претпоставките (се апстрахира стапката на инфлација, стапката на амортизација е идентична со економската амортизација, системот не содржи други даночни олеснувања), тогаш коефициентот θ = 1, а дисконтната стапка од изразот (4) се редуцира на p = r. Вметнувајќи ја оваа вредност на дисконтната стапка во изразот (2), се добива дека бараната стапка на принос на инвеститорот изнесува:

p = r / (1 - t), а на инвестиционото даночно премостување:

p – r = rt / (1 – t); (5).

Ова значи дека **повисоките стапки на данокот на добивка во рамки на класичниот систем на корпоративно оданочување го зголемуваат даночниот товар и продуцираат негативно влијание врз обемот на инвестициите**.

Да направиме споредба со другиот екстрем, а тоа е **системот на целосна интеграција.** Под претпоставка на непроменливост на горенаведените услови, коефициентот θ има вредност θ = 1/(1 – t), додека дисконтната стапка изнесува p = r / [1 / (1 – t)], односно r(1 – t). Ако оваа вредност на дисконтната стапка ја примениме во изразот (2), за бараната стапка на принос на инвеститорот се добива дека:

p = r(1 – t) / (1 – t) = r;

Пресметано со ваква вредност за p, инвестиционото даночно премостување, кое изнесува p - r = r – r = 0, укажува дека целосниот систем на интеграција во корпоративното оданочување (што значи ослободување од оданочување на профитот на ниво на корпорација и негово

оданочување само на ниво на акционер), **има неутрален ефект врз инвестициите во домашната економија.** Ако се резимира, од овие две работи се доаѓа до заклучок дека колку е помал степенот на интеграција на даночниот систем (или коефициентот θ), толку е поголемо нарушувачкото и ограничувачкото дејство врз процесот на инвестирање, и обратно, поголемата интеграција (поголемо θ), обезбедува подобри услови за инвестирање.

Ова може да се изрази и со симболи. Имено, ако коефициентот θ е поголем од 1, тогаш вредноста на дисконтната стапка останува $p = r / \theta$. Ако оваа вредност ја вградиме во формулата за бараната стапка на принос на инвеститорот, се добива дека $p = (r / \theta) / (1 - t)$. Ако оттука се пресмета инвестиционото даночно премостување, следи дека:

$p - r = (r / \theta) / (1 - t) - r$, а по средувањето се добива:

$p - r = r[1 - \theta(1 - t)] / \theta(1 - t)$;

Токму во подизразот $\theta(1 - t)$ се огледа обратнопропорционалната зависност помеѓу степенот на интеграција и даночниот товар.

Останува уште да се проанализира состојбата на вложување на **задржаната (капитална) добивка.** Во ваква ситуација, даночниот товар зависи од стапката на корпоративниот данок на доход и стапката на персоналниот данок на доход од капитална добивка. Арбитражната состојба се постигнува во точката на изедначување на ваквата вкупна комбинирана даночна обврска со даночната обврска по основ на приходот од камата. Според методологијата на маргиналните стапки, дисконтната стапка на оваа алтернатива на финансирање изнесува: $p = i[(1 - m) / (1 - z)]$ (6), каде z ја претставува ефективната даночна стапка на приходот од капитална добивка. Ако се има предвид непроменливоста на горните претпоставки, заменувајќи ја вредноста од изразот (6) во изразот (2) за бараната стапка на принос на инвеститорот, и потоа пресметувајќи го коефициентот на инвестиционото даночно премостување, следи дека тоа изнесува:

$p - r = r[t + z(1 - t) - m] / (1 - z)(1 - t)$;

Од овој израз, подизразот $t + z(1 - t)$ е вредноста на **вкупната комбинирана обврска** од корпоративниот данок и данокот на капитална добивка, која, како што се гледа, доколку ја надмине вредноста на даночната обврска m, даночниот товар станува позитивен, а инвестициите дестимулирани.[163]

Со помош на емпириски истражувања е утврдено дека, генерално, даночниот товар на финансирањето со емисија на акции е поголем во однос на даночниот товар на финансирањето со задржана добивка. Поради ова, економистите упатуваат критика на современите даночни системи дека на овој начин ги фаворизираат големите корпорации, кои својата стратегија за развој ја базираат врз основа на реинвестирање на задржаната добивка, во споредба со малите претприемачки компании, кои поради недостаток на капитал, се принудени својата експанзија да ја финансираат преку емисија на нови акции. Заради балансирање на правилата на игра, некои

[163] Поконкретно види: Leibfritz W., Thornton J., Bibbie A.: „Taxation and economic performance“ OECD Studies, 1997, стр. 98.

држави, кои веќе имплементирале класичен систем на корпоративно оданочување, често воведуваат т.н. **општа стапка на персоналниот данок на доход (i.a. comprehensive personal income tax),** со која, всушност, се изедначуваат ефективната стапка на данокот на капитална добивка z и стапката на данокот на приход од капитал (камата) - m. За да се види каков ефект има ваквиот систем врз инвестициите, овие услови соодветно ги применуваме во пресметката на маргиналниот даночен товар. Така, ако претпоставките останат непроменети, и ако z = m, тогаш изразот за дисконтната стапка од (6) добива вредност:

$p = r[(1 – z) / (1 – z)] = r;$

Ако се пресмета бараната стапка на принос на инвеститорот со оваа вредност на дисконтната стапка, преку замена во (2) се добива дека:

$p = r / (1 - t)$, а на инвестиционото даночно премостување :

$p – r = rt / (1 – t);$

со што оваа вредност е потполно идентична со вредноста од изразот (5).

Ова значи дека примената на општа стапка на персоналниот данок на доход во услови на класичен даночен систем овозможува **неутралност** во поглед на изборот помеѓу алтернативата на финансирање со акционерски капитал и алтернативата со задржана добивка. **Со помош на ваквиот даночен систем, всушност, се зголемува рамноправноста помеѓу големите стари и помалите нови компании на пазарот на капитал.**

Честопати е утврдено дека во повеќе земји, **ефективната даночна стапка на капитална добивка изнесува 0.** Се разбира, ваквите околности имаат свои реперкусии и врз преференциите за инвестирање. Ако се има предвид дека z = 0, тогаш дисконтната стапка изнесува $p = r(1 – m) / (1 – 0)$, односно, $p = r(1 – m)$. За да се пресмета бараната стапка на принос на инвеститорот, оваа вредност треба да се замени во (2), со што се добива дека:

$p = r(1 – m) / (1 – t)$; а инвестиционото премостување со средување:

$p – r = r(t – m) / (1 – t);$ (7)

Компонентата $(t – m)$ од изразот (7) покажува дека примената на нулта стапка на капиталната добивка продуцира даночен товар кој зависи примарно од **односот на висината на стапките на корпоративниот и персоналниот данок на доход**. Притоа, ако стапката на корпоративниот данок е поголема од стапката на персоналниот данок, даночниот товар е позитивен, и тоа води кон ограничување на инвестициите. Обратно, ако стапката на персоналниот данок е поголема од стапката на корпоративниот данок, тогаш изразот добива негативна вредност, креирајќи позитивни стимулации за инвестирање. И специјален случај претставува состојбата на **изедначеност на t и m (рамен данок),** каде вредноста на даночниот товар изнесува нула, што имплицира на **неутралност во инвестиционата одлука.**

За крај, треба да се има предвид дека во сите алтернативи на финансирање, се подразбира користење само на еден извор на капитал. Но, понекогаш компаниите креираат сопствена оптимална финансиска структура, користејќи истовремено повеќе различни извори на капитал. Во таков случај, дисконтната стапка претставува пондерирана просечна големина од учеството

или структурата на поединечните видови на капитал и нивните дисконтни стапки (или поединечни цени). Ако, на пример, со D, S, R се означат процентуалните учества на долгот, акционерскиот капитал и задржаната добивка респективно, а со p_d, p_s, p_r дисконтните стапки на долгот, акционерскиот капитал и задржаната добивка соодветно, тогаш, просечната цена на структурата на капиталот p може да се пресмета преку изразот:

$$p = Dp_d + Sp_s + Rp_r;$$

Во табелата бр. 5 се дадени збирните сумирања и заклучоци од анализата за структурата на капиталот.

Табела бр. 5

Сумирања на ефектите од структурата на капиталот врз инвестициите

Вид на финансирање	Вредност на p - r	Ефект врз инвестициите
Долг		
Долг	0	неутрален
Емисија на нови акции		
Класичен систем θ = 1	rt / (1 – t)	дестимулирачки
Систем на интеграција θ > 1	r[1 – θ(1 – t)] / θ(1 – t)	помалку дестимулирачки
Систем на целосна интеграција θ = 1/(1 – t)	0	неутрален
Задржана добивка		
Класичен систем z различно од m	r[t + z(1 – t) – m] / (1 – z)(1 – t)	зависи од релацијата меѓу t + z(1 – t) и m
Класичен систем со општа стапка z = m	rt / (1 – t)	неутрален во изборот меѓу акц. капитал и зад. добивка
Систем на нулта стапка z = 0	r(t – m) / (1 – t)	зависи од реалцијата меѓу t и m
Систем на нулта стапка z = 0 и рамен данок t = m	0	неутрален

Извор: Сопствени сумирања.

1.2.4. Ефектот од даночните ослободувања врз инвестиционата одлука

Како што се гледа, сите претходни елементи имаат свое непосредно влијание врз висината на даночниот товар, а оттаму и врз обемот на инвестициите. Останува уште да се дефинира директната улога на инструментите на даночните стимулации како мерки на даночната политика. Имено, кој е механизмот на делување и како тие можат да ја обликуваат инвестиционата одлука? За таа цел вниманието на следнава дискусија е насочено кон параметарот A од методологијата на маргиналните стапки, кој претставува симбол на дисконтираната сегашна вредност на даночните стимулации кои ги генерира даночниот систем. Притоа, како релевантни видови на даночни ослободувања се земаат стандардните ослободувања за амортизација (i.a. standard depreciation allowances), еднократниот амортизационен отпис (i.a. immediate expensing or free depreciation) и даночните кредити (i.a. cahs grants wich are equivalent to tax credits).[164]

Во точка 1.1.2. од оваа глава, од изразот (11) може да се заклучи дека бараната стапка на принос на инвеститорот p претставува функција на повеќе елементи. Ако заради олеснување на

[164] За подетален опис на значењата на симболите види точка 2.2. од оваа глава.

анализата се претпостави апстракција на инфлацијата π и на корпоративниот данок на богатство w_c, тогаш, за бараната стапка на принос, може да се напише дека:

$$p = (1 - A)(\rho + \delta) / (1 - t) - \delta; (1)$$

Оваа формулација јасно укажува дека покрај дисконтната стапка *ρ*, корпоративната стапка t, и стапката на амортизација δ, бараната стапка на принос на инвеститорот зависи и од **вредноста на даночните ослободувања A,** инкорпорирани во структурата на даночниот систем.

Според Кинг и Фулертон, **директното непосредно дејство на даночните стимулации се огледа во тоа што тие вршат намалување, односно редуцирање на трошокот на капиталот**, што се гледа од формулацијата: C = 1 - A. Ова значи дека ако еден инвестиционен проект генерира иницијални трошоци од една парична единица, тогаш ослободувањата кои ги пропишува даночното законодавство дејствуваат во насока на намалување на иницијалните трошоци во висина на сегашната вредност на даночните ослободувања. *Всушност, даночниот систем ги поддржува инвестициите само ако сегашната вредност на даночните бенефиции (ослободувања, кредити и слично), кои произлегуваат од инвестиционите проекти, ја надминуваат вредноста на иницијалните издатоци.*[165] Се разбира, редукцијата на трошокот на капиталот има своја реперкусија и врз намалувањето на бараната стапка на принос на инвеститорот p. Оваа релација произлегува од фактот што во случај на позитивна сегашна вредност на даночните стимулации, како компензација на намалениот трошок на капиталот, инвеститорите бараат соодветно и помала стапка на принос. Да видиме сега како сето ова се манифестира низ призмата на маргиналната стапка и нејзините аналитички компоненти.

Најпрвин, треба да се има предвид дека различните инструменти имаат различни механизми на дејствување; според тоа, имаат и различна специфика на стимулативните ефекти. За таа цел, во анализата се разгледува изолираното дејство на поединечните мерки на даночните стимулации. Да претпоставиме дека системот ги дозволува **само стандардните ослободувања за амортизација** за даночни цели, така што вредноста на вкупните ослободувања од изразот (12) од точката 1.1.2. од оваа глава, ќе се сведе на $A = f_1 A_d$, каде што f_1 има вредност единица. Доколку е така, тогаш висината на даночните бенефиции е во директна корелација со *односот помеѓу стапката на даночната амортизација и стапката на економската амортизација.* Така на пример, ако стандардните ослободувања за амортизација се признаваат по методот на опаѓачка амортизација, тогаш нивната вредност изнесува $A_d = ta / (a + \rho)$, каде a ја претставува експоненцијалната стапка на амортизација за даночни цели. Доколку a е идентична со стапката на економската амортизација δ, вредноста на A_d ќе се промени во $A_d = t\delta / (\delta + \rho)$. Заменувајќи ја оваа вредност на A_d во изразот за бараната стапка (1), со средување на равенката се добива дека таа изнесува:

$$p = \rho / (1 - t); (2)$$

[165] "Alternative tax burden measures" – An OECD study, 2000 стр. 49.

Ова значи дека во услови на користење на оваа мерка на даночна стимулација, најрелевантни фактори на инвестиционата одлука претставуваат токму **дисконтната стапка p** (структурата на изворите на капиталот и карактерот на даночниот систем), но и **стапката на корпоративниот данок на доход t.** Според тоа, сето она што е кажано во претходната точка за влијанието на структурата на капиталот, важи и во овој случај на изедначеност на a и δ. Ако пак, стапката на даночната амортизација a е поголема од стапката на економската амортизација δ, во тој случај **вредноста на даночните стимулации A добива позитивна вредност,** генерирајќи негативен даночен товар на инвестиционите вложувања.

Сличен ефект создава и **признавањето на даночен кредит (или доделувањето на финансиски грант),** под претпоставка дека не постојат други даночни мерки. Во тој случај, вкупната вредност на A се редуцира на $A = f_3 g$, при што $f_3 = 1$, а g е сегашната вредност на грантот или кредитот. Во вакви околности, вредноста на A повторно добива **позитивна вредност со поволни импликации врз инвестиционото одлучување.** Од ова следи дека овие два вида даночни мерки креираат, по својата суштина, **идентични економски ефекти**, гледано од аспект на инвеститорот. Меѓутоа, од аспект на буџетските последици, истите се сосема различни.

Доста интересни ефекти произлегуваат и од третиот вид даночни мерки, а тоа е **еднократниот амортизационен отпис.** Ако пропорцијата на трошокот на еднократниот амортизационен отпис f_2 се помножи со корпоративната даночна стапка t, се добива вредноста на оваа даночна мерка, или $A = f_2 t$. Доколку даночниот систем ја предвидува само оваа стимулативна мерка, тогаш следи дека $f_2 = 1$ и $A = t$, по што бараната стапка автоматски се трансформира во $p = (1 - t)(p + \delta) / (1 - t) - \delta$, а по средувањето само во:

$$p = p; \quad (3)$$

со значење дека бараната стапка зависи **директно и единствено од дисконтната стапка, или поточно, од структурата на изворите на финансирање**. Овие генерални насочувачи ќе ни овозможат да навлеземе подетално во природата на даночните стимулации во секој конкретен случај на финансирање.

Ефекти од даночниот кредит и забрзаната амортизација. За почеток, да претпоставиме даночен систем кој признава или **даночен кредит,** или **забрзана амортизација** по методот на опаѓачки приноси. Притоа, општата вредност на ефектот од имплементацијата на овие мерки, како што е кажано, се пресметува според изразот (1). Ако за поедноставување претпоставиме дека амортизационите отписи се извршуваат со стапка која е идентична со стапката на економската амортизација ($\delta = 0$), тогаш за изразот (1) може да се напише дека изнесува:

$$p = p\,(1 - A) / (1 - t); \quad (4)$$

Да претпоставиме дека даночниот систем признава, на пример, одреден даночен кредит во висина на A и дека проектот се **финансира исклучиво со заем**. Заменувајќи ја дисконтната стапка *p* која во услови на финансирање со долг има вредност $r(1 - t)$, во изразот (4) следи дека:

$$p = r(1 - t)(1 - A) / (1 - t), \text{ односно } p = r - rA;$$

а вредноста на инвестиционото даночно премостување:

p – r = (r – rA) - r = – rA;

Негативниот предзнак укажува дека *даночниот кредит на проекти кои се финансираат со долг делува позитивно врз инвестициите, правопропорционално со висината на сегашната вредност на одобрениот даночен кредит A и каматната стапка r.* Ако пак, вредноста на A изнесува 0, во тој случај ефектот врз инвестициите е неутрален.

Да разгледаме сега проект кој е поддржан со **емисија на нов акционерски капитал, во услови на класичен систем на корпоративно оданочување** (θ = 1). Заменувајќи ја вредноста на дисконтата стапка *p,* чија вредност во овој случај изнесува r, може да се добие дека:

p = r(1 - A) / (1 – t), додека вредноста на инвестициониот даночен товар:

p – r = r(t - A) / (1 – t);

Ако наместо t од броителот на изразот, кој како даночна стапка има релативен карактер, се запише T со значење за апсолутна вредност на обврските по однос на корпоративниот данок, може да се напише и дека:

p – r = r(T - A) / (1 – t);

Од изразот (T – A) се гледа дека во услови на класичен даночен систем, даночниот товар поврзан со инвестициите *зависи директно од висината на сегашната вредност на даночните обврски за корпоративниот данок T и сегашната вредност на даночниот кредит A.* Притоа, само ако вредноста на даночните обврски е помала од вредноста на даночниот кредит (T < A), даночниот товар добива негативна вредност, стимулирајќи ги инвестициите. Доколку е запазен условот (T = A), изразот добива вредност 0, со неутрален ефект врз процесот на инвестирање.

Следува **системот на интеграција** или импутација, каде дисконтната стапка се пресметува по вредноста $p = r / \theta$, која, ако ја замениме во изразот (4), се добива дека бараната стапка на принос на инвеститорот изнесува:

p = r / θ(1 – A) / (1 – t), односно p = r(1 – A) / θ(1 – t);

што укажува дека висината на даночните поволности, *зависи од коефициентот на интеграција на даночниот систем θ, како и од висината на даночниот кредит A*. Притоа, колку што θ е поголемо од 1, току е поголем и позитивниот ефект.

Кај **системот на целосна интеграција**, пак, коефициентот θ имаше вредност 1 / (1 – t), од каде произлегува дека дисконтната стапка се трансформира во r (1 – t). Ваквата трансформација на дисконтната стапка дава *ефект кој е потполно идентичен со верзијата на финансирање со долг,* каде вредноста на p изнесуваше r – rA, а вредноста на инвестиционото даночно премостување – rA.

Кај состојбата на **финансирање со задржана добивка,** заклучивме дека даночниот товар зависи од стапката на корпоративниот данок на доход и стапката на персоналниот данок на доход од капитална добивка, но, во овој случај, и од висината на даночните стимулации (даночниот кредит). Арбитражната состојба се постигнува во точката на изедначување на ваквата вкупна комбинирана даночна обврска со даночната обврска по основ на приходот од камата.

Постојат неколку специфични случаи кај опцијата на финансирање со задржана добивка. Така на пример, кај **системот со општа стапка на персоналниот данок на доход (i.a. comprehensive personal income tax)**, даночната стапка на приходот од капитална добивка е еднаква на даночната стапка на приходот од камата (z = m). Ваквите услови диктираат дисконтната стапка да го поприма обликот $p = r[(1 - m) / (1 - m)]$, или преку средување, $p = r$. Овие околности резултираат со *потполна идентичност на вредноста на бараната стапка на принос, како во опцијата на финансирање со акционерски капитал во услови на класичен систем на корпоративно оданочување.* Ова упатува на индиферентност во изборот помеѓу алтернативните извори на капитал, но и на еднаквост на ефектите од даночниот кредит.

Кај системот, пак, каде што **ефективната стапка на данокот на капитална добивка има вредност нула (z = 0)**, даночниот товар *зависи примарно од односот на висината меѓу стапките на корпоративниот данок и персоналниот данок на доход од камата*, *но и од висината на даночниот кредит,* кој во овој случај, влијае во насока на негово намалување. Доколку овој систем, воедно, **предвидува и изедначени или пропорционални даночни стапки (t = m)**, тогаш, дисконтната стапка добива облик r(1 – t), а коефициентите p и p – r ги продуцираат истите *ефекти како во опцијата на финансирање со долг*.

Ефекти од еднократниот амортизационен отпис. Во претходните редови се напомна дека ефектите од даночните стимулации во вид на **еднократен амортизационен отпис**, генерално се разликуваат од ефектите на даночниот кредит по својата примарна специфика бараната стапка на принос да е идентична со дисконтната стапка *ceteris paribus*, што јасно се гледа од изразот (3). Притоа, како што се гледа, стапката на корпоративниот данок на доход примарно не влијае врз вредноста на p, освен индиректно, преку дисконтната стапка на изворот на финансирање. Овие одредби, се разбира, имаат свои импликации и врз конкретните стимулативни ефекти кај секоја алтернатива на финансирање.

Најпрвин да го разгледаме случајот на финансирање на проектот со **долг (или со задолжување).** Ако во оваа алтернатива дисконтната стапка изнесува r(1 – t), толку изнесува и бараната стапка на принос. Одовде следи дека инвестиционото даночно премостување има вредност:

$$p - r = r(1 - t) - r = - rt;$$

што значи дека *стимулативниот ефект врз инвестициите, кој произлегува од негативниот предзнак на коефициентот, е во директна релација со висината на реалната каматна стапка r и стапката на корпоративниот данок t.*

Алтернативата со **емисија на нов акционерски капитал кај класичниот систем на корпоративно оданочување,** каде $\theta = 1$, имплицира дисконтна и барана стапка на принос во висина на r и нулта вредност на даночниот товар на инвестициите. Ова претставува интересен факт дека, всушност, *еднократниот амортизационен отпис кај даночниот систем со вакви карактеристики влијае неутрално, односно без дополнителни позитивни или негативни ефекти врз процесот на инвестирање*.

Системот на интеграција, каде коефициентот θ има вредност поголема од 1, резултира со дисконтна стапка во вредност од r / θ. Според тоа, коефициентот p – r изнесува:

p – r = r / θ – r, односно r(1 – θ) / θ;

Тоа значи дека во случај θ > 1, *коефициентот на даночниот товар добива негативна вредност,* која е толку поголема колку што е поголема вредноста на θ, односно степенот на интеграција на даночниот систем.

Во **системот на целосна интеграција,** вредноста на коефициентот θ придонесува и дисконтната стапка да поприма облик r(1 – t), и на тој начин *потполно се поистоветуваат ефектите како во алтернативата на финансирање со заем.*

Интересни заклучоци може да се изведат и за стимулативните ефекти на еднократниот амортизационен отпис во **опцијата на финансирање на проекти со задржана добивка.** Во нормален случај, кога обично стапките z и m се различни, дисконтната стапка, а во овој случај и бараната стапка, изнесува r[(1 – m) / (1 – z)]. Ако се пресмета коефициентот на даночниот товар, се добива:

p – r = r[(1 – m) / (1 – z)] – r, а со средување: p – r = r(z – m) / (1 – z);

Компонентата (z – m) покажува дека големината на стимулативните ефекти зависи директно од релацијата помеѓу ефективната стапка на персоналниот данок на приход од капитална добивка и стапката на персоналниот данок на приход од камата. Притоа, само ако (z < m), даночниот товар се стекнува со негативен предзнак и тогаш позитивно влијание врз инвестициите; во спротивно, доколку (z > m), даночниот товар добива позитивна вредност. Ако, пак, (z = m), што е случај на **даночен систем со општа стапка на персонален данок на доход,** тогаш *даночниот товар има нулта вредност, и аналогно на тоа, неутрално влијание врз одлуката за инвестирање*, за разлика од **системот со нулта стапка** на z, кој резултира со *вредност на коефициентот од – rm.* И за крај, **системот кој се одликува со изедначеност** на стапките на корпоративниот и персоналниот данок на доход (t = m), како и со нулта стапка z, генерира негативно даночно оптоварување во висина од – rt, што, се разбира, е *идентично со опцијата на финансирање со долг, но и со системот на целосна интеграција при финансирање со емисија на акционерски капитал.*

Табела бр. 6

Сумирања на ефектите од даночните стимулации врз инвестициите

Ефекти од даночниот кредит, финансискиот грант и забрзаната амортизација каде општиот ефект изнесува p = *p* (1 - A) / (1 - t), со запазување на споменатите претпоставки		
Вид на финансирање	**Вредност на p - r**	**Ефект врз инвестициите**
Долг		
Долг	– rA	позитивен
Емисија на нови акции		
Класичен систем θ = 1	r(T - A) / (1 – t)	позитивен доколку (T < A)
Систем на интеграција θ > 1	r(1 – A) / θ(1 – t)	позитивен доколку A има висока позит. вредност
Систем на целосна интеграција θ = 1/(1 – t)	– rA	позитивен
Задржана добивка		
Класичен систем	зависи од t, z, A и m	позитивен доколку A има

z различно од m		висока позит. вредност
Класичен систем со општа стапка z = m	r(T - A) / (1 – t)	позитивен доколку (T < A)
Систем на нулта стапка z = 0	зависи од t, A и m	позитивен доколку A има висока позит. вредност
Систем на нулта стапка z = 0 и рамен данок t = m	– rA	позитивен

Извор: Сопствени сумирања.

Табела бр. 7

Сумирања на ефектите од даночните стимулации врз инвестициите

Ефекти од еднократниот амортизационен отпис каде општиот ефект изнесува p = *p*, со запазување на споменатите претпоставки		
Вид на финансирање	**Вредност на p - r**	**Ефект врз инвестициите**
Долг		
Долг	– rt	позитивен
Емисија на нови акции		
Класичен систем θ = 1	0	неутрален
Систем на интеграција θ > 1	r(1 – θ) / θ	позитивен доколку θ > 1
Систем на целосна интеграција θ = 1/(1 – t)	– rt	позитивен
Задржана добивка		
Класичен систем z различно од m	r(z – m) / (1 – z)	позитивен доколку z < m
Класичен систем со општа стапка z = m	0	неутрален
Систем на нулта стапка z = 0	– rm	позитивен
Систем на нулта стапка z = 0 и рамен данок t = m	– rt	позитивен

Извор: Сопствени сумирања.

1.3. Даночните системи и меѓународната алокацијата на капиталот

Процесот на глобализација и либерализација на меѓународните финансиски пазари, во голема мера придонесе за непречено одвивање на светските текови на капиталот, карактеризирајќи се со тенденција кон израмнување или конвергенција на националните каматни стапки кон светската глобална каматна стапка. Ваквата динамика на алокацијата на меѓународниот капитал претставува цврст доказ дека во услови на потполно интегрирани финансиски пазари, основниот фактор кој ја детерминира акумулацијата на капиталот, е токму реалната глобална каматна стапка. Меѓутоа, постојат повеќе пречки кои можат да ги искриват совршените текови на капиталот, меѓу кои се наоѓа и оданочувањето наметнато од страна на националните даночни системи.

Во литературата постојат повеќе гледишта кои ги потенцираат даноците како фактор на алокацијата на капиталот. На пример, т.н. традиционална теорија на даночна конкуренција (i.e. the traditional theory of tax competition), зазема став дека во отворените економии кои се карактеризираат со висок степен на мобилност на капиталот, обемот на оданочувањето на капиталот постепено конвергира кон нула, бидејќи доминира оданочувањето на имобилните

фактори, кои, по правило, не можат да го одбегнат преку реалокација.[166] Со цел да ги задржат странските инвеститори, државите влегуваат во меѓусебна конкурентска битка за намалување на даночните бариери, што на долг рок би довело до елиминација на корпоративните даночни стапки. Слично, т.н. модел на гравитација (i.a. gravity model), кој ја објаснува меѓународната трговска размена помеѓу две земји, тврди дека локацијата која реализира екстра-профит или рента, може да претставува круцијална детерминанта на одлуката за инвестирање во странство, во зависност од висината на даночните стапки. Покрај овие две, литературата изобилува со многу други концепции, кои неоспорно го нагласуваат значењето на даноците за меѓународната ефикасност на капиталот.

Во анализата на ефектите од даноците во процесот на меѓународната алокација на капиталот, најрелевантна аналитичка рамка нуди, повторно, концепцијата на трошокот на капиталот. За дадена нормална маргинална продуктивност на капиталот, постои минимална барана стапка на принос на инвестициониот проект, која мора да биде најмалку еднаква на реалната каматна стапка (трошокот на капиталот), која се формира на меѓународниот финансиски пазар. Ако маргиналниот проект реализира поголема барана стапка на принос од трошокот на капиталот, проектот е прифатлив за инвеститорот, бидејќи остварува профит. Во спротивно, доколку стапката на принос (интерната стапка на рентабилност) е помала од реалната камата, инвестицијата ќе биде откажана, бидејќи не го покрива минималниот трошок на изворот на финансирање. Всушност, во перфектно интегрирани меѓународни финансиски пазари, без да постојат корпоративните даноци, реалниот трошок на капиталот е еднаков на реалната каматна стапка.

Но, во реалноста, условите за стопанисување се далеку од совршени. Имено, даночните системи и нивните составни елементи, даночните ослободувања, инфлацијата, стапката на амортизација и слично, ја поместуваат точката на оптимална алокација на капиталот, односно генерираат разлика помеѓу трошокот на капиталот и реалната каматна стапка. Оваа разлика помеѓу трошокот на капиталот и светската камата, се нарекува, исто така, даночно премостување, односно, даночно оптоварување (tax wedge). Ако се појде од претпоставката за конвергенција, во тој случај, *висината на разликата во каматните стапки, на национално ниво, станува од особена важност за мултинационалните компании, бидејќи од неа зависат преференциите за инвестирање во конкретната земја.* Така на пример, доколку трошокот на капиталот во некоја земја е повисок од светската каматна стапка, се вели дека постои позитивен даночен товар кој делува ограничувачки врз меѓународните деловни активности во таа земја. Од друга страна, ако трошокот на капиталот е понизок од глобалната каматна стапка, постои состојба на негативен даночен товар, кој ги стимулира меѓународните инвестиции во домицилната земја. Ако се има предвид фактот дека државите обично остваруваат позитивни нето-даночни приходи по основ на

[166] Quéré A.B., Fontagné L., Lahrèche-Révil A.: „How Does FDI React to Corporate Taxation“, An OECD Study, 2003, стр. 3.

трансферот на меѓународниот капитал, тоа значи дека преовладуваат позитивни вредности на коефициентот на даночниот товар.

1.3.1. Мерење на ефективниот даночен товар во рамки на меѓународното движење на капиталот

Како најсоодветни мерки за проценка на ефективниот даночен товар, во контекст на меѓународното движење на капиталот, се сметаат перспективните просечни ефективни даночни стапки (forward looking Average Effective Tax Rates). Овие даночни стапки, кои беа популаризирани од страна на Деверу и Грифит (Devereux and Griffith, 1998), се базираат на претпоставката дека фирмите кои имаат вложено во инвестициони проекти, очекуваат да генерираат економски ренти или профити кои се повисоки од трошоците на капиталот. Земајќи го ова предвид, под претпоставка дека во економијата егзистираат даноци, нето-сегашната вредност на проектот би била еднаква на разликата од нето-сегашната вредност на проектот пред оданочување и нето-сегашната вредност на даноците кои произлегуваат од него, или (NPV = NPV* - NPVT). Имајќи предвид дека секој дискретен инвестиционен проект генерира приходи кои се поголеми од иницијалните трошоци, тоа значи дека од него се реализира економска рента. Имплементирајќи ја конкретно оваа претпоставка, авторите Деверу и Грифит ја конструираат просечната ефективна даночна стапка според изразот:[167]

$$EATR = (R^{*} - R) / (p/(1 + r));$$

каде R^{*} е вредноста на економската рента пред оданочувањето и таа е еднаква на разликата помеѓу сегашната вредност на готовинските приливи Y^{*} и фиксните иницијални трошоци на проектот F, односно: $R^{*}=Y^{*}-F$; понатаму, R ја претставува вредноста на економската рента по оданочувањето, која има вредност $R=(1–t)Y^{*}-(1–A)$, што значи дека покрај веќе презентираните ознаки, како дополнителни фактори на вредноста на R се јавуваат законската даночна стапка (t), и нето-сегашната вредност на даночните ослободувања A. Со делење на разликата помеѓу R^{*} и R со изразот (p/(1 + r)), се добива вредноста на просечните ефективни стапки. Бидејќи именителот не претставува ништо друго, туку сегашна вредност на приливите пред оданочување (или со други зборови, одреден степен на профитабилност на проектот), тогаш, за просечните стапки може да се каже дека тие, всушност, се израз на дистрибуцијата на даночните стапки по различните рангови на профитабилноста на проектот.

Со други зборови, просечната ефективна стапка може да се опише како просечна пондерирана средина на маргиналната стапка, од една страна, и законската стапка, од друга страна, што укажува на фактот дека маргиналните стапки и просечните стапки се

[167] Devereux M.P., Griffith R.: „The taxation of discrete investment choices“, The institute of fiscal studies, Warwick University, 1999, стр. 20.

меѓусебно поврзани. Конкретно, нивната поврзаност и заемна интеррелација, јасно се гледаат од изразот:[168]

$$EATR = (\tilde{p} / p)*EMTR + ((p - \tilde{p}) / p)*t;$$

Ова значи дека големината на просечните стапки, во основа, претставува збир на производот од пропорцијата на трошокот на капиталот со стапката на принос пред оданочување ($\tilde{p}$ / p од изразот), и маргиналната стапка и производот од пропорцијата на разликата помеѓу стапката на принос пред оданочување и трошокот на капиталот со стапката на принос пред оданочување ((p -$\tilde{p}$) / p од изразот), и законската номинална стапка. Овој израз укажува на сознанието дека просечната ефективна стапка би била еднаква на маргиналната ефективна стапка, само ако стапката на принос на дополнителната инвестиција е еднаква на трошокот на капиталот. *Од ова може да се констатира дека за непрофитабилните инвестиции, т.е. инвестициите кои не остваруваат екстра-профит или рента, основна детерминанта на даночниот товар претставува* **маргиналната даночна стапка.** Како што се зголемува разликата помеѓу стапката на принос и трошокот на капиталот (што значи поголема рента и поголем степен на профитабилност), така и просечната ефективна стапка во поголема мера конвергира кон законската даночна стапка, која, следствено на тоа, добива на поголема важност. *Во целина,* **законската даночна стапка** *станува доминантен фактор во детерминирањето на ефективниот даночен товар за високопрофитабилните инвестициони проекти.*[169] Затоа, мултинационалните корпорации, кои претставуваат типични трагачи по екстра-профит, се раководат претежно според висината на просечната ефективна, односно според законската корпоративна стапка, при изборот на земјата во која ќе ги вложат своите средства. На овој начин, всушност, методологијата на просечните стапки на Деверу и Грифит ја надополнува методологијата на маргиналните стапки на Кинг и Фулертон во оценката на ефективниот даночен товар.

Генерално, разликите во оданочувањето на корпоративниот профит помеѓу националните компании можат да влијаат врз **одлуката за локацијата на инвестициониот проект,** но и врз **одлуката за местото или земјата во која ќе се декларира профитот** за даночни цели. Во однос на првото прашање, а тоа е изборот на локацијата за вложување на инвестиционите средства, може да се каже дека претставува една од најважните одлуки што директно ги засега мултинационалните компании. Со оглед дека просечната стапка е потенцијална мерка на даночниот товар на профитабилните проекти кои генерираат екстра-профит или рента, тогаш, може да се заклучи дека можниот избор на конечната дестинација ќе зависи токму од нејзината висина. Всушност, според оваа методологија, просечната стапка го рефлектира просечното намалување на нето-сегашната вредност на инфрамаргиналната инвестиција, кое е резултат на

[168] Ruiz F.M.M., Gérard M.: „Summary, Description, and Extensions of the Capital Income Effective Tax Rate Literature“, International Taxation Handbook, Oxford 2007, стр. 24.

[169] Overesch M. “The effective tax burden of companies in Europe”, CESifo DICE Report 4/2005, стр. 57.

оданочувањето.[170] Инфрамаргинална инвестиција е профитабилна инвестиција која носи стапка на принос поголема од трошокот на капиталот. Кога инвеститорите се исправени пред избор на две меѓусебно исклучиви инвестициони алтернативи, тие ќе ја одберат онаа со најголема сегашна вредност по оданочување. Изборот на локацијата или дестинацијата за отворање на филијали од страна на мултинационалните компании, претставува типичен пример за ваков избор. Од друга страна, пак, висината на маргиналните стапки ја детерминира оптималната големина на инвестиционите вложувања (односно, колку и во кој проект да се вложи).

Во прилог на тезата за законските корпоративни стапки како основна детерминанта на ефективниот даночен товар на меѓународниот капитал, може да послужи табелата бр. 81 од прилогот на трудот. Имено, во неа се наведени законските стапки, маргиналните ефективни стапки и просечните ефективни стапки во повеќе европски земји за 2005 година. Од истата јасно може да се види дека во сите земји, просечната ефективна стапка, во поголема мера, **гравитира** кон законската корпоративна стапка, поткрепувајќи ја тезата за примарноста на нејзиното влијание во рангирањето на просечната стапка. *Како заклучок се наметнува сознанието дека* **редукцијата на законските корпоративни стапки** *може да се покаже како ефикасен начин за намалување на просечните стапки и даночниот товар на мултинационалните компании, а со тоа и како поволна стратегија за привлекување на високопрофитабилни странски инвестиции.* Ваквиот пристап во политиката за унапредување на меѓународното инвестиционо окружување, може да се нарече и **меѓународна даночна конкурентност.**

Што се однесува до второто прашање, а тоа е стратегијата на планирање на трансфер на профитот за даночни цели, емпириските студии го нагласуваат *потенцијалното влијание на оданочувањето и врз одлуката за избор на локацијата во која ќе се декларира профитот.* Имено, ако матичната компанија гледа извонредни компаративни предности за инвестирање во некоја трета земја, но истата наметнува големи стапки на данок на добивка, мултинационалната компанија ќе биде силно стимулирана да го префрли профитот во друга земја со пониски стапки, преку деловната политика на трансферни цени и интерно задолжување. Затоа се вели дека и иницијативата за спроведување на една ваква стратегија од страна на мултинационалните компании е во директна корелација со разликата во висината на националните законски стапки. И во овој случај, како релевантна мерка за елиминирање на тенденциите за трансферирање на профитот, се препорачува намалување на стапките на данокот на добивка.

1.4. Приоритетни цели и области каде се применуваат даночните стимулации за зголемување на инвестициите

Генерално, од поширокатa литература можат да се идентификуваат следниве области на употреба на даночните стимулации за зголемување на инвестициите, и тоа: привлекување на

[170] Ibidem.

странски директни инвестиции; унапредување на приоритетните индустриски сектори и локалниот развој; зголемување на квалитетот на образованието и инвестициите во човечки капитал; и поддршка на инвестициите во интелектуална сопственост и истражување и развој.

1.4.1. Привлекување на странски директни инвестиции

Главни промотори на странските директни инвестиции се мултинационалните компании. Странските директни инвестиции може да се сфатат како форма на меѓународно движење на капиталот, со кое мултинационалните корпорации го откупуваат контролниот пакет на акции на некое постоечко претпријатие, отвораат нова филијала, или пак, основаат сосема ново претпријатие во друга земја. Официјалната дефиниција за странска директна инвестиција, според Центарот за транснационални корпорации при Обединетите нации (United Nations Centre on Transnational Corporations-UNCTC), е дека претставува инвестиција со која се обезбедува траен интерес во претпријатие кое оперира во економско опкружување различно од она на инвеститорот, со цел истиот да се здобие со ефективен глас во менаџментот на претпријатието.[171]

Постојат повеќе начини или методи со кои се реализираат странските директни инвестиции: преку трансфер на средства во други земји (кредитирање или задолжување), преку реинвестирање на профитот во други земји, преку купување на средства (капитал) во компании од други земји, и слично. Доколку станува збор за купување на акции, странските директни инвестиции се разграничуваат од портфолио-инвестициите по тоа што количината на откупениот број на акции мора да биде доволна да обезбеди контрола и партиципација во одлучувањето во компанијата, а како референтна основа се зема учеството од најмалку 10% од вкупниот број на акции. Слично, кредитирањето на филијалите и подружниците се смета за странска директна инвестиција, за разлика од купувањето на обврзници или позајмувањето на средства на неповрзана компанија. Странските директни инвестиции можат да се појават во повеќе облици и форми. Така, според една студија на организацијата на ОЕЦД, се разликуваат следниве форми на странски инвестиции:[172] 1. аквизиција (преземање) или спојување со постоечко приватно или јавно претпријатие во друга земја; 2. заедничко вложување (joint venture) со постоечко претпријатие во друга земја; 3. воспоставување на сосема ново претпријатие во друга земја (greenfield investment); 4. дополнително инвестирање или реинвестирање во постоечки проект на странската компанија; и 5. отворање на филијала или подружница на странската компанија во другата земја.

Прашањето за странските директни инвестиции се надоврзува на поимот на **меѓународната конкурентност**. Под меѓународна конкурентност може да се подразбере

---

[171] *„...investment made to acquire a lasting interest in an enterprise operating in an economic environment other than that of the investor, the investor's purpose being to have an effective voice in the management of the enterprise". UNCTC (1992).*

[172] „Competition for FDI and the role of taxation", Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, стр. 25.

ситуација во која властите се поттикнати да создаваат нови стимулативни мерки, или пак, да ги модифицираат постоечките мерки за привлекување на странски директни инвестиции, како резултат на стимулативните стратегии преземени од друго место.[173] Основната цел од која е инспирирана меѓународната конкуренција и трката за странски инвеститори се состои во простиот факт што присуството на странските компании овозможува реализација на долгорочна економска корист за домашната земја. Афирмацијата на концептот на меѓународната конкурентност резултираше со нагорен тренд во динамиката на странските директни инвестиции на светско ниво. Така на пример, според меѓународните статистички податоци, само во 2000-тата година е регистриран пораст на тековите на странски директни инвестиции за 250%, во однос на 1996, за 500% во однос на 1990, и дури за 2000% во споредба со 1982 година, што значи пораст на нивниот вкупен глобален тек за цели 20-пати во последните 20 години од минатиот век. Во глобални рамки, околу 63.000 транснационални компании со вкупно 800.000 странски филијали оперираат ширум светот, сочинувајќи две третини од вкупната меѓународна трговија.[174] Овие впечатливи податоци со право укажуваат на растечката популарност, како и на сè поголемата значајност на странските директни инвестиции во меѓународни рамки.

Од аспект на изборот на локацијата, главно се разликуваат **два вида на странски директни инвестиции,** и тоа: **пазарно-ориентирани инвестиции (market-oriented investment)** и **извозно-ориентирани инвестиции (export-oriented investment).**

Пазарно-ориентирани инвестиции *се оние кои се преземаат од страна на транснационалните компании заради остварување на екстра-профит, преку лоцирање на производството директно во пазарот на кој се реализираат сопствените производи, наместо да ги произведуваат во својата или друга земја, па потоа да ги извезуваат.* Тоа значи дека со овие инвестиции, матичните фирми обезбедуваат директен влез или пробив на нивните крајни производи на потенцијалните пазари. Причините заради кои се преземаат пазарно-ориентираните инвестиции можат да бидат различни. На пример, избегнување на царински бариери, намалување на трошоците за транспорт на производите, намалување на ризикот од кршење при транспортот, воспоставување на понепосредна релација со клиентите од пазарниот сегмент, подобро формирање на имиџот и профилот на производната фирма, зголемување на побарувачката на сопствените производи и друго. Повеќе емпириски истражувања потврдиле дека влегувањето на пазарот бил примарен мотив и причина за реализација на поголемиот дел од странските директни инвестиции во регионот. Така, анкетираните инвеститори во Централна и Источна Европа потврдиле дека освојувањето на пазарот бил одлучувачки мотив во преземањето на конкретната инвестиција дури во 80% од случаите.[175] Инаку, во однос на степенот на сензибилност на даночниот товар, општопознат е фактот дека пазарно-ориентираните инвестиции се **помалку**

[173] „Checklist for foreign direct investment incentive policies“, An OECD study, 2003 стр. 12.
[174] Ibidem.
[175] „Competition for FDI and the role of taxation“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр. 29.

осетливи на висината на даночната стапка, бидејќи истите не зависат многу од трошоците на производството, туку од локацијата во која се реализира профитот (location-specific profit investment).

За разлика од пазарно-ориентираните инвестиции, чија цел е да обезбедат ефикасен влез на пазарот на финални готови производи, *со* **извозно-ориентирани инвестиции** *им се овозможува ефикасен влез на пазарот на факторите на производство (производни ресурси, евтина работна сила, човечки капитал)*. За извозно-ориентираните инвестиции, како фактори од најголемо значење се јавуваат *достапноста на ресурсите и трошоците за експлоатација* на ресурсите. Врските со одредена земја не се толку нагласени кај овие инвестиции, поради што се значително помобилни и имаат краткорочен карактер. Во вакви услови, **трошоците на производството** *можат да станат порелевантни во определувањето на конечната дестинација за инвестирање.* **Даноците,** кои имаат директно влијание врз **трошоците на производството** и кои се рефлектираат во крајната цена на извозните производи и услуги, ја зголемуваат сензибилноста на нивната побарувачка, па дури можат да го ограничат нивниот извоз.

На изборот на локацијата можат да влијаат повеќе **значајни фактори**. По правило, *политичката и економската стабилност* како фактор е порелевантна за пазарно-ориентираните инвестиции, како и во какви било вложувања кои се карактеризираат со поголем степен на капиталинтензивност. Слично, *гаранцијата на сопственичките права и можноста за слободна репатријација на профитот* е од особена важност за инвестициите чија цел е освојување на пазарот. *Отстранувањето на бирократските пречки* е значајно за кој било странски инвеститор, исто како и *градењето на законска, физичка и деловна инфраструктура*. Без задоволително ниво *на расположливост на квалификувана работна сила,* не може да се привлечат инвестиции во трудоинтензивните сектори, а *развиените комуникациски мрежи* претставуваат основен предуслов за развој на современиот бизнис. Се нагласува и *степенот на ризик* како еден од факторите кои влијаат во изборот на локацијата. Имено, очекуваните стапки на профит се коригираат за одредена премија на ризик, зголемувајќи ја дисконтната стапка на очекуваните приливи од инвестицијата. Најчесто, големината на премијата на ризик се поврзува со т.н. суверен ризик (sovereign risk), кој е одраз на големината на суверениот долг на земјата домаќин, а покрај овој елемент, содржи и низа други. Инаку, процесот на селекција на локацијата започнува со определување на листа на повеќе земји кандидати, изготвена врз критериуми на макро-ниво, па сочинување на листа на потесни кандидати врз критериуми на мезо-ниво и на крај, елиминација и избор на соодветна локација врз основа на критериуми кои се специфични за конкретниот проект или критериуми на микро-ниво.[176]

[176] Пошироко за факторите за избор на локацијата види: „Competition for FDI and the role of taxation“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр. 30,31,32.

Покрај претходниве, и **даночните детерминанти имаат соодветна улога во процесот на привлекување на странски инвестиции.** Емпириските истражувања спроведени за откривање на причините за меѓународните текови на капиталот, укажуваат на мала корелација помеѓу перформансите на земјите, од аспект на промоцијата на странски директни инвестиции и вкупниот ефективен даночен товар, изразен преку коефициентот вкупни даноци/БДП (tax to GDP ratio). На пример, Јапонија, по традиција има релативно ниско ниво на вкупно даночно зафаќање, но истовремено, привлекува релативно скромен обем на странски директни инвестиции. Белгија и Шведска се карактеризираат како земји со висок степен на зафаќање на БДП, а се едни од најатрактивните дестинации за странските инвеститори во Европа. Италија и Франција имаат слично ниво на вкупно даночно зафаќање, но остваруваат различно ниво на странски директни инвестиции. Очигледно, поволната даночна клима, сама по себе не претставува најрелевантен фактор при изборот на дестинацијата од страна на инвеститорите, во однос на другите неданочни фактори. Сепак, поновите истражувања укажуваат на *сè поголемото и растечко значење на даночните детерминанти.* Теоријата од областа на јавните финансии покажува дека даноците влијаат врз степенот на профитабилност по оданочување, така што, од два независни дискретни инвестициони проекти, ќе се преферира оној кој постигнува поголема стапка на принос по оданочување. Од аспект на даночните фактори, можеби најголем импакт врз странските текови на капиталот имаат токму **даночниот микс** и **даночниот дизајн.** Тие, главно, се однесуваат на видот на даночниот систем, висината на законската даночна стапка, дефинирањето на даночната основа и мерките за заштита на даночната основа, имплементирани во даночното законодавство на конкретната земја. Следува подетална презентација на сите овие елементи.

Секоја земја мора да настојува нејзиниот **даночен систем**, особено корпоративниот даночен систем да не претставува пречка во процесот на меѓународните текови на капиталот. Сè додека националните даночни системи не се разликуваат драстично во поглед на воспоставените меѓународни норми и практики, по сè изгледа дека на странските инвеститори не им е важно дали корпоративниот систем се карактеризира како класичен, или систем со делумна или целосна интеграција. Сепак, по ова прашање можат да се набројат неколку особености и карактеристики. По правило, класичниот корпоративен систем се оценува како понеповолна опција од аспект на странските инвестиции, бидејќи ефективниот даночен товар на профитот на корпорациите, во случај на негова примена, главно е поголем во споредба со даночниот товар кој го генерира интегралниот корпоративен систем. Имено, со класичниот систем, по оданочувањето на профитот на корпорациите, при дистрибуцијата на профитот на акционерите, се врши аконтација на персоналниот данок на приход од дивиденда од страна на корпорацијата, со примена на техниката на задржување. Со интегралниот или системот на импутација, при пресметката на данокот на дивиденди, се употребуваат одредени даночни ослободувања во вид на даночни кредити или одбивки, со цел да се редуцира даночното оптоварување на акционерите. Ова значи дека системот на интеграција е дизајниран да обезбеди редуцирање на вкупниот корпоративен даночен товар,

гледано во целина. Секако, ваквата карактеристика е добредојдена за акционерите, кои како инвеститори и сопственици на корпорациите, ја уживаат таквата даночна поволност.

Од аспект на компатибилноста на дизајнот на даночниот систем, се истакнуваат неколку понови решенија кои би можеле да дадат резултат на полето на привлекување странски инвестиции. Се работи за систем на даночно ослободување на доходот, или поточно, *систем на даночна одбивка на корпорации за акционерски капитал* (Allowance for corporate equity tax system – ACE), кој беше промовиран од неговите протагонисти, согласно изработените студии при организацијата од ОЕЦД. Со овој систем на корпоративно оданочување, кој доследно беше применет во Хрватска и со кој се остварија завидни резултати во овој домен, всушност, се корегира разликата во даночниот третман на долгот и сопствениот капитал преку обезбедување на даночна одбивка на профитната основа, во висина на определен процент од износот на акционерскиот капитал.[177] На овој начин се врши ефективно снижување на корпоративниот даночен товар, но и ефективно елиминирање на даночната дисторзија на релација долг-сопствен капитал. Како што може да се види, тековите на странскиот капитал *преферираат системи кои имплементираат пониско даночно оптоварување на корпоративниот профит*; во спротивно, истите се перципираат како пречка во слободната циркулација на капиталот. Теоретичарите одат дури и дотаму што се преиспитува оправданоста и потребата за оданочување на корпоративниот профит. Во таа насока најмногу отишла Естонија, која претставува екстремен пример на земја која изврши укинување на данокот на добивка, поради што се регистрирани силни стимулативни ефекти за реинвестирање на профитот.

Законската или номиналната корпоративна даночна стапка претставува еден од најважните даночни компоненти кои имаат суштинско влијание во одлучувањето за локацијата на странските инвестиции, особено за оние кои се карактеризираат како гринфилд-инвестиции. Последните истражувања за ефективниот даночен товар во меѓународни рамки покажаа дека инвеститорите се раководат според висината на просечните ефективни стапки, а како што е покажано, нивната висина е во директна корелација со номиналните корпоративни даночни стапки. Но, и покрај ова, ниските формални стапки нема да го дадат очекуваниот ефект ако инвеститорите заклучат дека даночната основа не е конзистентна со меѓународните норми и стандарди, па според тоа, истите сами по себе не се доволни да го привлечат вниманието на инвеститорите. Сепак, теоретичарите се едногласни во констатацијата дека *премногу високи корпоративни стапки можат да ги искриват или нарушат тековите на капиталот*. Соодветен доказ се и последните трендови на намалување на стапките кои во земјите од Југоисточна Европа се спуштија помеѓу 10% и 25%. Спроведените студии не ја негираат оправданоста на овие појави, но исто така, не препорачуваат понатамошно намалување на даночните стапки. Наместо тоа, се даваат препораки за унапредување на другите аспекти на даночните системи, како што се

[177] „Fundamental corporate tax reform“, A tax policy studies, OECD, 2007, стр. 88.

хармонизирањето на даночната основа, подобрувањето на стабилноста, транспарентноста и предвидливоста на даночните регулативи и правила и слично.

Посебно внимание се посветува и на **дефинирањето на даночната основа (база),** како и **на мерките за заштита на даночната база**. Кога станува збор за спроведување на стратегијата за привлекување на странски инвестиции, како поволна опција се споменува *комбинацијата на дефинирање на* **широка даночна основа** *со паралелно користење на* **општи, нетаргетни даночни ослободувања.** Ваквиот приод би можел да вклучува редуцирање на номиналната даночна стапка која би се применувала на широкодефинирана корпоративна даночна основа (со цел да се избегне можноста од поголема загуба на даночните приходи), наместо алтернативната стратегија на стеснување на основата и примена на таргетни даночни стимулации.[178] Што се однесува до третманот на *инклузивните и ексклузивните ставки* на даночната основа, се советува примена *на принципот на конзистентност со меѓународната практика.* Даночните одбивки, како што е амортизацијата, би требало да се пресметуваат на општа основа, а можностите за пренос на трошоците и загубата да бидат помалку рестриктивни и помалку комплицирани. И третманот на трошоците, во смисла на одбитни ставки на основата, треба да бидат хармонизирани, со цел да се одбегнат несакани реакции од страна на странските инвеститори. Приходните ставки, пак, кои го сочинуваат приходот за оданочување, треба да се комплементарни со сметководствените приходи од финансиските извештаи кои се утврдуваат според домашните сметководствени стандарди. Оваа деловна практика има предност, бидејќи овозможува полесна и пореална *проценка за она што претставува апсолутна вкупна даночна основа,* или *вкупно-оданочлив профит во домашни рамки.* Меѓутоа, практикувањето на овој пристап за утврдување на основата може да се покаже како проблематично и да продуцира значајна ерозија, пазарни дисторзии и слично, доколку сметководствените мерки на профитот не претставуваат точен израз на приходите и трошоците на деловните субјекти.[179] Таква ситуација може да се појави ако, на пример, домашните сметководствени правила се неконзистентни и слаби, а нивното администрирање е предмет на злоупотреба и корупција.

Мерките за заштита на даночната база, во суштина, претставуваат истите оние мерки со кои се *настојува да се спречат активностите на меѓународните корпорации за планирање на корпоративниот данок и префрлање на профитот (tax planing activities and profit shifting).* Овие стратешки активности на транснационалните компании се инспирирани претежно од висината на корпоративната даночна стапка на земјата во која се организира бизнисот. Бидејќи конкретниот избор на локацијата за пазарно-ориентираните инвестиции најчесто се поврзува со можноста за остварување на натпросечни стапки на принос (што значи, приоритет се дава на неданочните фактори), висината на законската стапка во избраната земја нема да ги одврати инвеститорите од

[178] „Tax policy“ A policy framework for investment, A review of good practices, An OECD study, стр. 120.
[179] „Main findings and policy options“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE, стр. 190.

нивните намери. Во таков случај, се применува деловната стратегија на префрлање на оданочливиот профит преку механизмите на трансферни цени и интерно задолжување во сопствените „офшор“ подружници и филијали, одбегнувајќи го оданочувањето во земјата домаќин. Во таа насока, се препорачува да се изгради стратегија со која домицилните земји ќе успеат да оданочат и задржат дел од високите ренти кои ги остваруваат компаниите на нивната територија, без притоа да го зголемат ефективниот товар и да ги ограничат инвестициите. Како **соодветни мерки** за заштита на даночната основа се набројуваат *правилата за тенка капитализација*, *мерките за заштита од прекумерна употреба на долг*, *третманот на каматите* и слично. Во таа насока е можно да се спроведе и редизајнирање на даночниот систем кој би имал за цел да ги минимизира овие непожелни дејства на корпорациите. Така на пример, со воведување на т.н. *Comprehensive business income tax – CBIT,* не се врши одбивање на каматите од основата и на тој начин се елиминира можноста за интерно префрлање на профитот преку задолжување. Од друга страна, пак, преку воведување на *систем на оданочување врз основа на паричните текови (ax expenditure system или Cash flow corporate tax system)*, наместо системот на оданочување на акруална или тековна база, преку оданочување на паричните текови, се решава проблемот на префрлање на профитот со употребата на трансферните цени. Исто така, во своите плански активности, корпорациите секогаш ги анализираат **транспарентноста** на правилата за заштита на даночната основа, како и **ефикасноста на администрацијата,** и доколку ги перципираат како слаби, тие ќе ја спроведат планираната стратегија, и покрај постоењето на ниски даночни стапки. Затоа земјите се охрабруваат да ги намалат високите даночни стапки, но и да воведат јасни или да ги ревидираат постоечките правила за заштита на даночната основа, како пожелни опции за минимизирање и елиминирање на активностите за даночно планирање.

1.4.2. Приоритетни индустриски сектори и локален развој

Постојат две причини за заедничка презентација на мерките за поддршка на индустриските сектори и мерките за унапредување на локалниот развој. Првата причина за интервенција на државата произлегува од феноменот на пазарниот неуспех. Како што е познато, таргетните даночни стимулации се оправдани само како коректив на недостатоците на пазарот. Втората е поради сличноста на програмите за поддршка и комплементарноста на ефектите. Како и во сите хоризонтални програми, многу е ретко, па дури и неверојатно, мерките за промоција на регионалниот развој да не произведат какви било резултати на полето на секторската поддршка. Инаку, овде е карактеристично тоа што финансиските стимулации имаат поголемо значење во однос на даночните стимулации, па затоа би било себично да не се даде еден поширок осврт врз користењето и спецификата на сите расположливи мерки.

Приоритетни индустриски сектори. Анализата на стандардната теорија на богатството, преку функцијата на богатството, укажува дека, по правило, кога пазарите се ефикасни, кривата на пазарната понуда треба да ги опфати сите општествени трошоци на производството, а кривата

на пазарната побарувачка, сите општествени користи, така што се постигнува правилна и праведна дистрибуција на општественото богатство помеѓу производителите и крајните консументи. Кога доаѓа до нарушување на пазарната функција и до појава на пазарни имперфектности, во тој случај пазарните криви на понудата и побарувачката не ги опфаќаат во целост општествените трошоци и користи, со што се продуцира неправилна дистрибуција или премостување (wedge) на богатството помеѓу пазарните учесници. За таа цел, се препорачува да се имплементира стратегија на државна интервенција, со која државните власти треба да ги елиминираат пазарните недостатоци, и да го подигнат нивото на општественото богатство.

Основно, се издвојуваат 3 вида пазарни имперфектности кои можат да испровоцираат државна интервенција, или поточно, државна поддршка во одредени индустриски сектори: екстерналии, информациона асиметричност и растечки стапки на принос:[180]

Екстерналиите претставуваат појава која го оневозможува производителот да располага со вкупните користи од производната дејност во секторот, така што го одвраќа од намерата да продолжи да произведува (перверзна, негативна стимулација). Екстерналиите настануваат кога производителот не може да го реализира вкупниот износ на стапката на принос, или, пак, не може да ги наплати вкупно направените производни трошоци. Класичен пример претставуваат новите технолошко-пропулзивни индустрии кои својот развој го базираат врз истражување и иновации, кои доколку не бидат заштитени или поддржани од државата, инвеститорите нема да имаат интерес за понатамошно вложување.

Асиметричните информации се јавуваат најчесто во финансискиот сектор помеѓу осигурителите и осигурениците, или пак, помеѓу кредитобарателите и кредитодавачите. Моделот на асиметрични пазари, всушност, претпоставува дека, на пример, фирмите или граѓаните точно знаат за ризичноста на своите проекти за кои бараат кредит, додека банките, од друга страна, воопшто не знаат. Оваа асиметрија во информираноста помеѓу странките резултира со појава на проблемот на „адверзна селекција“, што продуцира наметнување на камати кои се премногу високи од општествена гледна точка.[181] Во овој случај, државната интервенција би попримила форма на директно субвенционирање на каматните стапки, или пак, одаточување на каматите, кои, по теорија, би требало да ја надоместат загубата на општественото богатство.

Појавата на растечки стапки на повратe е следната пазарна имперфекција која одигра клучна улога во дебатата за поддршка на високо-технолошките и новите индустриски гранки. За да се објасни истата, потребно е да се направи разлика помеѓу статичките и динамичките стапки на повратe. Статичките или непроменливите стапки на повратe се поврзуваат со приносите од

[180] Ford R., Suyker W.: „Industrial subsides in the OECD economies“, An OECD Economic studies, 1990, стр. 56.

[181] Ford R., Suyker W.: „Industrial subsides in the OECD economies“, An OECD Economic studies, 1990, стр. 57. Инаку, слична ситуација се случувала, а можеби и се случува во моментот во банкарскиот сектор на РМ. Големиот степен на несигурност на банкарските пласмани резултира со енормно високи каматни стапки, со цел да се компензира ризикот од невраќање на банкарските кредити.

инвестирање во фиксни капитални издатоци (иницијални трошоци, инвестиции во истражување и развој, вложување во маркетинг и слично) кои не се менуваат во текот на животниот век на проектот. Динамичките стапки на поврат се јавуваат кога фирмите се способни да ги снижат трошоците со текот на времето, преку употреба на нови поефикасни техники на производство, стекнати со искуството во самиот производствен процес (learning by doing – учење преку работа). Затоа, за новоформираните технолошки фирми, кои немаат акумулирано доволно производно искуство, се оправдува доделување на финансиска помош како начин за поддршка на нивниот раст, сè додека не стекнат доволно производни вештини за самостојно настапување на пазарот.

Практичните искуства говорат дека **поддршката на индустриските сектори главно е насочена кон следниве области:** поддршка на новите индустрии, поддршка на опаѓачките индустрии, поддршка на приоритетните индустриски сектори и слично.

Искуствата од поддршката на **новите индустриски фирми** сугерира дека државната интервенција, без разлика во која форма се изведува, навистина може да им помогне на новите фирми да влезат на пазарите кои се одликуваат со големи стапки на поврат. Меѓутоа, практиката упатува на негативен економски ефект од овие мерки, со оглед дека општествените трошоци ги надминуваат општествените користи. Многу малку студии потврдиле позитивни ефекти во земјите кои ги поддржуваат своите индустрии. Според една,[182] која ги анализира ефектите од меѓусебната конкуренција помеѓу водечките производители на авиони Боинг (Boeing) и Аирбас (Airbus), утврдено е дека порастот на светскиот потрошувачки вишок е, всушност, многу помал од опаѓањето на американскиот производствен вишок, за разлика од времето кога Боинг беше монопол во секторот за производство на авиони. Финансирањето на Аирбас од страна на Франција и Германија навистина го потпомогна неговиот влез во авионската индустрија, но истовремено го намали пазарното учество на Боинг од 100 на 66 проценти, со што се постигна ефект на поголем пораст на вкупните општествени трошоци, за сметка на вкупните општествените користи. Затоа, останува отворено прашањето за економската оправданост и вреднувањето на секундарните ефекти од преземените мерки, бидејќи не е доволно само да се тврди и нагласува нивната важност, туку е потребно да се изврши и соодветна квантитативна евалуација.

Искуствата со **опаѓачките индустрии** покажуваат дека тие уживаат најголема поддршка од државата, барем во земјите членки на организацијата на ОЕЦД. За нив е карактеристично што државната поддршка зависи, пред сè, од причината за пропаѓањето на индустријата. Ако причината е привремена, тогаш на фирмите кои навистина можат да опстојат на долг рок треба да им се даде шанса да ги пребродат тешките времиња.[183] Привремениот застој најчесто е предизвикан од неструктурни пореметувања во производството, како што се, на пример,

[182] Повеќе за студиите за оваа проблематика види: Ford R., Suyker W.: „ndustrial subsides in the OECD economies“, An OECD Economic studies, 1990, стр. 58, 59, 60.

[183] Ford R., Suyker W.: „Industrial subsides in the OECD economies“, An OECD Economic studies, 1990, стр. 60.

цикличната рецесија и привремениот недостаток на побарувачка, неповолната позиција на курсот на домашната валута, застарувањето на технологијата и сл. Од друга страна, структурните пореметува можат да предизвикаат постепен долгорочен застој на производниот процес, и во таков случај поддршката, освен што нема да ги даде очекуваните резултати, ќе предизвика и дополнителни трошења на ресурси за спас на, и така веќе мртвите индустрии. Од оваа гледна точка, секој напор за интервенција би бил исклучително неефикасен. Но, наспроти препораките, студиите регистрираат поголема поддршка на опаѓачките индустрии кои трпат долгорочни структурни промени, наместо оние со краткорочни тешкотии, чија конкурентност би можела реално да се одржи.[184] Сепак, во практиката е доста тешко да се изврши точна идентификација на причините за пропаѓањето на индустриските сектори.

Даночните стимулации за **поддршка на приоритетните сектори** по својата природа претставуваат таргетни даночни стимулации кои настојуваат да ги идентификуваат и поддржат инвестициите во определени значајни и стратешки важни индустриски гранки. Таргетирањето функционира на начин што преку одмерени даночни мерки и ослободувања се редуцира трошокот на инвестициите во посакуваните сектори. Доделувањето на преференцијален даночен третман на одделни сектори во стопанството претставува општопозната практика уште од времето на првите даночни системи, кога земјите со посебно одредени ослободувања, го подржуваа земјоделството како најважна гранка, во периодот на националниот подем на државите. Со појавата на индустрискиот развој, доаѓа до експанзија на мануфактурниот сектор, а со тоа почнува и даночната поддршка на мануфактурното производство. Дури и во денешно време, овој сектор е на приоритетната листа во повеќе земји, можеби поради неговиот потенцијал за зголемување на вработеноста.

Освен поддршката на традиционалните сектори, како што се земјоделството или мануфактурното индустриско производство, во последно време зачестува и поддршката кон **одредени специфични сектори**. Секторското таргетирање на специјалните дејности овозможува остварување на две цели. Првата е одбирањето на оние сектори кои за земјата се сметаат како стратешки или најзначајни. Втората е оптимализирачка и се однесува за изборот на индустриите кои најмногу би реагирале на даночните стимулации. На пример, Кина и Кореја воведоа даночни поволности за индустриите за производство на електронски материјали и чипови, филмската индустрија се поддржува во Австралија, Канада и Ирска, изградбата на инфраструктура во Египет и Индија, туризмот во Малезија и Венецуела, а финансискиот сектор во Кипар и Тајван.[185] Како што се гледа, едно од најексплоатираните подрачја претставува употребата на даночните стимулации за поддршка на трансферот на технологија. Земјите во развој бараат ефикасни начини за привлекување на технолошки напредни компании и пристап до нивното огромно технолошко

[184] Види: Ford R., Suyker W.: „Industrial subsides in the OECD economies“, An OECD Economic studies, 1990, стр. 60 и OECD 1987.

[185] Пошироко види:„Targeting tax incentives“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр.71.

наследство. Притоа, во доменот на даночната политика, на располагање им стојат следниве алтернативи: 1. обезбедување на даночни стимулации за преземање и аквизиција на технолошки напредна опрема; 2. примена на даночни стимулации за изведување на истражувачко-развојни активности и 3. таргетирање на технолошки напредните сектори.[186] Конкретно, се оправдува само поддршката за истражување и развој, бидејќи спаѓа во областа на пазарниот неуспех.

За разлика од конзервативниот пристап на таргетирање на поединечен сектор, некои земји применуваат еден пософистициран пристап во кој даночните стимулации се насочени кон една поширока листа на набројани **„пионерски" претпријатија** од повеќе сектори. Пионерската фирма, за да се квалификува како таква, мора да произведува производи кои ги нема во понудата на домашниот пазар, или да биде ангажирана во активности кои се од посебна важност за домашната земја и кои не се изведувани од страна на другите фирми. Пионерскиот систем на даночни стимулации кој се користи во земјите како што се Малезија и Сингапур, обично ги комбинира елементите на автоматскиот и дискреционистот систем на квалификација.[187] Така, ако компанијата задоволи одредени пропишани објективни критериуми, може автоматски да влезе во листата на пионерските компании, но истовремено мора да биде и сертифицирана дека е од национален интерес со дискрециона одлука од надлежниот орган. Како што се гледа од практиката на овие земји, тие успеваат на еден оригинален и инвентивен начин да ја реализираат програмата за поддршка на успешните фирми.

Локален економски развој

Основната цел на политиката на локалниот економски развој е да се унапреди ефикасноста на користењето на расположливите локални ресурси и да се изврши оспособување на локалните капацитети за создавање на задоволително ниво на богатство, расположливо за локалните резиденти. Економското мислење за спроведување на една ваква политика повторно се наоѓа во потребата за елиминација на пазарниот неуспех и немоќта на приватните пазари да постигнат ефикасна алокација на ограничените ресурси. Постојат неколку општи фактори кои не дозволуваат оптимално економисување на локалните економии: 1. недостаток на капитал; 2. недоволно ниво на инвестиции во образованието и тренингот; 3. недоволно ниво на инвестиции во истражувањето и развојот; 4. неразвиена инфраструктура; 5.недоволна информираност за начините и техниките за унапредување на продуктивноста на производството; и 6. ригидна бизнис и даночна регулатива. Како специфични фактори кои го ограничуваат потенцијалот на регионите се спомнуваат и ограничените можности за наобразување, едукација и вработување на локалното население и недостатокот на социјална инклузија помеѓу руралните и урбаните

[186] Пошироко види:„Targeting tax incentives", Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр.71 и 72.

[187] „Targeting tax incentives", Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр. 71.

делови.[188] Притоа, *основна* **задача** *на програмите на локалниот развој* е да се *идентификуваат основните детерминанти* кои се причина за економската заостанатост на регионалните економии, како и *да се предложат и преземат конкретни мерки за надминување на таквата состојба.*

Програмите за локален развој се потпираат врз определени **принципи** кои се применуваат во моделирањето на конкретните мерки и инструменти. Така на пример, поаѓањето од принципите: критериум, концентрација на ресурси, дополнителност на ресурси и партнерство, може да претставува солиден пристап во процесот на конкретизација на мерките. Најпрвин, потребно е да се развијат **критериуми** врз основа на кои ќе се утврдат неразвиените региони. На тој начин се создава *конкретна мерка или репер за она што би требало да претставува економски депресирана област.* Понатаму, откога ќе се изврши идентификација на неразвиените подрачја, ограничените расположливи национални ресурси треба да се насочат и концентрираат во депресивните области. **Концентрацијата** би требало да се изведе врз основа на *рангирање на областите по национален приоритет.* **Дополнителноста на ресурсите** се однесува на *одмереност* во дистрибуцијата на финансиските, односно буџетските средства од централната кон локалната власт. Имено, регионалните власти треба да престанат да ја *перципираат централната власт како непресушен извор на ресурси*. Тие треба да изградат самостојни капацитети за генерирање сопствени приходи, а владините трансфери треба само да ги надополнуваат. И **принципот на партнерство** се однесува на релациите помеѓу централната влада и локалните органи. Локалниот развој е поинтензивен доколку овие странки изградат *однос на меѓусебно партнерство и соработка*.

Инструментите за поддршка на индустриите и економскиот развој. Со оглед на специфичноста на целите, главно се разликуваат даночни инструменти, финансиски инструменти и други видови на инструменти.

Мерки на даночни стимулации. Некои ги нарекуваат даночни концесии, што значи отстапки во даночното законодавство кои создаваат преференции или фаворизација на одредени сектори, економски активности, или, пак, географски региони, постигнувајќи на тој начин одреден алокативен ефект. Основна карактеристика на инструментариумот на даночните мерки во оваа сфера е неговата дискриминирачка природа и фактот што неговите мерки во основа се таргетни. *Целта на политиката на даночните стимулации е да се овозможат даночни поволности на одредени селективно одбрани инвестициони проекти, преку кои ќе се изврши унапредување на одредени индустриски гранки, или ќе се реализира забрзување на регионалниот развој*. Даночните поволности за индустриските сектори и локалните претпријатија можат да се дистрибуираат преку два елементарни механизми. Првиот е преку *редукција на даночната основа* со употреба на разни даночни инструменти, како што се даночните изземања, даночните одбивки,

[188] Види: Eberts R.: „Financing local economic development: Experiences in Europe and The United States"“,An International Conference of Financing Local Development in Central, East and South-East Europe, An OECD Seminar.

реинвестирањето на добивката, забрзаната амортизација и слично. Другиот механизам овозможува *намалување на обврската за плаќање на данок* преку користење на даночни ослободувања, намалувања на стапките и сл. Така, еден од најупотребуваните инструменти претставува **времето ослободување од данокот на добивка (даночен одмор).** Кај одредени стратешки сектори, или, пак, за стопанските субјекти во неразвиените депресирани подрачја, властите можат да пропишат времено ослободување од данокот на добивка, или, пак, времено редуцирање на стапката на данок на добивка. **Даночните одбивки (дедукции)** се инструмент од исклучително значење за локалната развојна политика. Имено, признавањето на капиталните трошоци на фирмите што инвестираат во економски заостанатите подрачја, можат значително да ја намалат даночната основа и да продуцираат стимул за дополнително вложување. Како комплементарна мерка на даночните одбивки може да се примени и **мерката за забрзан отпис,** односно забрзаната амортизација на основните средства во неразвиените подрачја или стратешките сектори, како и **правото на пренос на загубите**. **Преференцијалните даночни зони** можат многу да придонесат за заживување на локалната економија, како и за зголемување на вработеноста на локалното население, ако се изврши нивно правилно лоцирање, засновано врз реални економски анализи и показатели.

Ако претходно набројаните мерки се *дел од програмите на централната власт,* тогаш *локалната власт може да воведе* абатмани на данокот на имот (property tax abatement) и зголемување на одаточувањето заради финансирање (tax increment financing - TIF).[189] **Абатманите на данокот на имот,** во суштина, не претставуваат ништо друго, туку *намалување на данокот на имот преку намалување на даночната основа, или целосно укинување на данокот на имот од страна на локалната самоуправа на територијата на неразвиениот регион.* По суштина, даночниот абатман е сличен на даночниот одмор, со таа разлика што наместо намалување на данокот на добивка, кој претставува приход на централната власт, се врши редукција на данокот на имот како приход на локалната власт, за што го нарекуваат и локален даночен одмор. **Зголемување на одаточувањето заради финансирање**, е метод на јавно финансирање кој се користи како мерка за обновување на локалниот развој, односно мерка за унапредување на општинските проекти, користена во повеќе земји, вклучувајќи ги и САД во последните 50 години.[190] *Суштински гледано, ова е метод чија задача е да овозможи финансирање на тековните локални проекти и подобрувања преку планирање на идно зголемување на износот на собрани даноци.* Имено, со реализацијата на некој локален развоен проект (на пример, изградба на автопат или железница), доаѓа до зголемување на вредноста на реалниот имот кој се наоѓа во неговото непосредно опкружување, но и до зачеток на нови инвестициони вложувања. Со ова се создаваат услови за остварување на инкрементални приходи,

[189] Види: Eberts R.: „Financing local economic development: Experiences in Europe and The United States“, An International Conference of Financing Local Development in Central, East and South-East Europe, An OECD Seminar.
[190] Види: wikipedia.

кои генерираат инкрементални даноци. Инкременталната маса на даночни приходи, понатаму се користи за отплаќање на долгот со кој се финансираат локалните проекти. Според тоа, опишаниот метод се користи за финансирање на јавни проекти кои локалната власт не е во можност да си ги дозволи, освен со јавно задолжување кое во иднина се отплаќа од зголемената маса на даноците на имот.

Финансиски мерки. Програмите за поддршка на локалниот економски развој и индустриските сектори имаат една специфика што, покрај даночните мерки, во голема мера користат и *финансиски мерки*. Како најексплоатирани финансиски инструменти се јавуваат грантовите и заемите. **Грантовите** претставуваат значаен инструмент на финансирање на локалната самоуправа. Зголеменото користење на овој инструмент е поврзано со современите трендови на *фискалниот децентрализам* и *фискалната автономија*. Имено, глобалните тенденции во светот покажуваат зголемување на значењето на децентрализираното управување и потребата од фискална децентрализација, која се манифестира како *пораст на учеството на субнационалните трошења во структурата на вкупните владини издатоци.* Од друга страна, пак, степенот на фискалната автономија, сфатена како *учество на сопствените приходи на локалната власт во нејзините вкупни приходи*, забележува континуирано опаѓање. *Вакватa неконзистентност* помеѓу децентрализмот и автономијата на локалните јурисдикции произлегува од неволноста на централната власт за зголемување на субнационалната даночна база, доведувајќи до диспаритет во финансиските потреби, што претставува и причина за ангажираноста на грантовите како начин за пополнување на јазот во финансирањето.

Централните влади имаат, *најчесто, три цели за исполнување,* кога станува збор за финансирање на субнационалните јурисдикции преку грантови, и тоа: финансирање на субнационалните услуги и инвестирање (financing sub-national servicess and investment), поддршка на позитивните ефекти (subsidization) и изедначување на фискалниот и услужниот капацитет на локалните влади (equalization).[191] Со користење на грантовите како средство за **финансирање на субнационалните услуги**, всушност, централните влади ги обезбедуваат локалните влади со *дополнителен извор на приходи, чија цел е да се надополни субнационалната даночна база,* при што се постигнува контрола на јавното трошење на локално ниво. Со оваа стратегија, државите го одбегнуваат ризикот од проширување на субнационалната даночна база, процес кој честопати носи несакани дисторзирачки ефекти и високи административни трошоци. Покрај оваа намена, финансирачките грантови се неопходни доколку централната влада сака да *реализира нови јавни програми,* или *да ја прошири минималниот стандарден пакет на локалните јавни услуги*. Во овој домен, како најефикасни инструменти за финансирање на субнационалните услуги се јавуваат *ненаменските општи* и *ненаменските блок-грантови*. За разлика од нив, *наменските дискрециони грантови* се одлични инструменти за кофинансирање на привремените проекти и програми кои се во процес на реализација на локално ниво. И во случајот на воведување на нови

[191] Пошироко види: Bergvall D., Charbit C., Kraan D.J., Mer O.: „Intergovermental Transfers and Decentralized Public Spending“, An OECD Journal on Budgeting, 2006, стр.126-146.

програми, или пак, *имплементација на нови минимални стандарди,* се препорачува користењето на *наменските неусловни грантови*, барем во нивната иницијална фаза. Како успешни примери може да се спомнат случаите во Данска, која во 2001 користеше блок-грантови за финансирање на програмата за подобрување на згрижувањето на постари лица, Холандија, која во 2004 го применуваше истиот инструмент за финансирање на програмата за социјална помош, и Австрија, која од 2000 година, со помош на наменски неусловни грантови за плати на наставниците, ја финансираше програмата за унапредување на образованието.[192] Остварувањето на целта **за поддршка на позитивните ефекти** се постигнува со примена на поддржувачките грантови (subsidising grants). Тие, всушност, *го компензираат јазот помеѓу цените (даноците) кои ги плаќаат граѓаните за добиените услуги и директните користи кои ги уживаат со користењето на услугите*. Како најексплоатирана форма на грантови, во овој случај, се јавуваат *наменските условни грантови* кои се најефикасни од аспект на можноста за коригирање на релативната цена на јавната услуга на субнационално ниво, а оттаму и на можноста за интернализација на позитивните прелевачки ефекти. Иако и условните и неусловните наменски грантови можат ефикасно да го зголемат јавното трошење преку зголемување на приходот на локалните влади, сепак, централните влади се определуваат за условните наменски грантови, поради нивниот двоен ефект. Имено, за разлика од неусловните грантови, овие, како што се гледа, *постигнуваат како ценовен, така и доходовен ефект.* Според тоа, наменските условни грантови претставуваат ефикасен инструмент, доколку владата сака да го зголеми користењето на локалните услуги, поради реализацијата на позитивните општествени користи. Овие инструменти, исто така, претставуваат одличен механизам за воспоставување на *локална и регионална кооперација*, но и за поддршка на привремените програми за *унапредување на институционалната иновација*. Типичен пример за примена на овие инструменти претставува програмата на ЕУ која носи назив Лидер (LEADER), чија цел е да се постигне интегрална поддршка на руралниот развој. Реализирајќи се во Франција, со истата се предвидуваше да се даде поддршка на јавно-приватното партнерство, кооперацијата помеѓу централната и локалната власт, како и на приватната иницијатива, преку финансирање и реализација на иновативни проекти во повеќе различни сектори на одредено географско подрачје. Програмата за интегрален локален рурален развој на ЕУ се извршуваше во три фази: првата во 1991, втората од 1994-1999 и третата од 2000-2006, притоа бележејќи значителни позитивни резултати.[193] И на крај, потребата од изедначување на фискалниот и услужниот капацитет на локалните влади води кон употреба на т.н. **грантови, или поточно, дотации за израмнување (equalisation grants).** Целта на овие инструменти е *да им*

[192] Види: Bergvall D., Charbit C., Kraan D.J., Mer O.: „Intergovermental Transfers and Decentralized Public Spending“, An OECD Journal on Budgeting, 2006 стр.131, 132, 133.
[193] Види: Bergvall D., Charbit C., Kraan D.J., Mer O.: „Intergovermental Transfers and Decentralized Public Spending“, An OECD Journal on Budgeting, 2006 стр.140.

овозможат на локалните или регионалните власти реализација на просечниот пакет на јавни услуги, без да го загрозуваат нивото на локалното даночно напрегање. Потребата за еквализација се јавува секогаш кога даночната база или даночниот капацитет на јурисдикциите е многу мал, додека релативните трошоци на нивните услуги, во исто време, се многу високи. Затоа, со помош на *хоризонтални грантови,* се овозможува интерјурисдикциона компензација помеѓу регионите со голема даночна база и ниски трошоци и регионите со тесна даночна база и високи трошоци на јавните услуги. Освен со хоризонтални грантови, честопати се користат и *вертикални грантови* на релација централна-локална власт, доколку не постојат реални услови за еквализација помеѓу регионите. Битно е да се одбележи дека треба да се одбегнува потполна еквализација на даночните капацитети на локалните влади, бидејќи на тој начин се ограничува стимулот и напорите за проширување на локалната даночна база преку создавање на нови економски активности. За таа цел, потребно е да се *изврши оптимализирање на целта за изедначување и целта за стимулирање на нови активности* со примена на стратегија на парцијална, наместо потполна компензација на фискалните капацитети на регионалните јурисдикции.

Заемите претставуваат друга финансиска мерка која екстензивно се користи за поддршка на локалниот развој или индустриските сектори. Како најчесто користена форма на заеми се јавуваат т.н. *меки заеми (soft loans)*, кои не претставуваат ништо друго, туку кредити доделени од централната влада кон локалните власти, или кон приватниот сектор, под многу поволни услови, за разлика од кредитите кои можат да се добијат под нормални комерцијални услови на финансискиот пазар. Меките заеми вообичаено имаат значително помали каматни стапки, рокот на враќање обично е подолг, а исто така, содржат и можност за одложено отпочнување на враќањето на кредитот, односно имаат долг грејс-период. Владите можат да обезбедат и **гаранции** по кредитите земени од приватните кредитодавачи, што значи да се обврзат да го вратат кредитот наместо локалните влади или секторските фирми кои ги поддржуваат. Меѓутоа, споредбено гледано, кредитите и гаранциите се помалку значајни во однос на грантовите како инструменти за поддршка на локалниот развој и индустриските гранки.

Други видови инструменти. Станува збор за инструменти кои не се ниту од чиста даночна, ниту, пак, од финансиска природа, но сепак, заслужуваат да бидат барем спомнати. Тука претежно би ги вбројале **јавно-приватните партнерства (private-public partnership)** и **заедничките вложувања помеѓу приватниот и јавниот сектор (private-public joint ventures)**. Во сите развиени земји постои тренд на екстензивно користење на формите на партнерства помеѓу приватниот и јавниот сектор како начин за остварување на економско-развојните цели на локално ниво, но и во рамки на поединечните сектори. Јавно-приватното партнерство во себе може да инкорпорира повеќе видови на активности. Така, меѓусебната соработка која се состои од колективни, а не од индивидуални дејствија може да вклучува интеграција на услугите, мрежно деловно поврзување, заедничко решавање на бизнис проблемите, заедничка идентификација на предностите и слабостите, заеднички и здружен настап во рамки на бизнис заедницата, заедничко тренирање на вработените, заедничко надминување на бариерите и тесните грла во сопствениот

сектор и слично. На јавно-приватните партнерства на располагање им стојат истите мерки и вештини како и на владините агенции, но и мерките кои се достапни само на приватниот сектор, а кои не можат да ги употребуваат агенциите поради одредени законски ограничувања. На овој начин се создава еден навистина флексибилен и ефективен начин за надминување на проблемите и за постигнување на целта за која истите се формираат. За разлика од партнерствата кои *подразбираат заедничка деловна соработка помеѓу приватниот и јавниот сектор*, јавно-приватните заеднички вложувања подразбираат *формирање на претпријатија со мешан јавен и приватен капитал,* што значи формирања на претпријатија со мешана јавно-приватна сопственост. Оваа форма на мерка е релативно нова и добива на значење во последните неколку години како доста ефикасен метод за привлекување на капитал во ризичните стратешки сектори каде нема доволно заинтересирани приватни инвеститори. Како варијанта на заедничките вложувања се јавува и **мерката за државната партиципација во капиталот (equity participation)**. Разликата е во тоа што заедништвото помеѓу приватниот и државниот капитал *не егзистира од почетокот на формирањето на претпријатијата, туку во целосно приватни претпријатија државата врши инфузија на капитал преку купување на дел од акциите на компанијата*. Ако во одредени стратешки сектори или компании се случи опаѓање на бараната стапка на принос под перципираното ниво коешто го проектирала владата во однос на приватните пазари на капитал, тогаш таа може да интервенира преку вложување на државен капитал, со цел да се спаси загрозената позиција на фирмата. Меркава може да се употреби, исто така, и за покривање на тековните загуби на одделни значајни компании, иако тоа не е во согласност со основните економски принципи. Овие мерки, според својата важност се на приближно исто рамниште со кредитите во рамки на финансискиот инструментариум.[194]

1.4.3. Зголемување на квалитетот на образованието и инвестиции во човечки капитал

Постојат главно *два пристапи* со кои се објаснува позитивниот ефект од образованието врз расположливиот доход на поединците. Првиот, кој се однесува на човечкиот капитал, го нагласува *значењето на образованието како механизам за акумулирање на знаењето и вештините на луѓето*, со што се формира индивидуалното ниво на човечки капитал. Поединците кои имаат акумулирано поголем обем на производни вештини и знаења, имаат поголеми шанси да остварат поголеми плати, но и минимални шанси да останат невработени. Вториот пристап, кој се нарекува *сигнализирачки пристап, се фокусира врз вродената, односно вродената способност*

[194] За овие мерки пошироко види: Eberts R.: „Financing local economic development: Experiences in Europe and The United States“, An International Conference of Financing Local Development in Central, East and South-East Europe, An OECD Seminar и Ford R., Suyker W.: „Industrial subsides in the OECD economies“, An OECD Economic studies, 1990.

на луѓето, која, всушност, се истакнува со процесот на образование. Во таа смисла, поради фактот што личните способности не можат да бидат директно забележани, завршениот степен на образование има улога на „информатор“ за вградените вештини на поединците, со што, донекаде, се стеснува информацииот јаз на пазарот на труд. Заради тоа, на образованието се гледа како на **исплатлива инвестиција,** без разлика дали преку него ќе се случи реално зголемување на личната продуктивност или пак не.

Како основни аргументи за владината интервенција во доменот на образованието и формирањето на човечкиот капитал, повторно се спомнуваат *пазарните имперфектности* и *потребата за редистрибуција на доходот*. Како ефекти или последици на **пазарниот неуспех** во полето на образованието, а особено на високото терцијарно образование, се јавуваат: екстерналиите или прелевачките ефекти на вложувањата во човечки капитал, бариерите на пазарот на капитал, потенцијалниот ризик од инвестицијата во образование и ризикот од имперфектни информации, односно проблемот на транспарентноста.[195] 1. Луѓето кои студираат не ги искористуваат во целост користите од својата образовна инвестиција, затоа што во општествениот систем на интеракција, тие можат да се прелеат и на други *(прелевачки ефекти на човечкиот капитал)*. Како резултат на *екстерналиите*, вкупната општествена корист од инвестициите во образовната дејност може да биде многу поголема од вкупната приватна корист на поединците. 2. Индивидуите кои сакаат да студираат имаат потреба од средства за финансирање на своите студии, кои можат да ги обезбедат преку кредити од приватниот финансиски пазар кај комерцијалните банки. Но, банките многу ретко се одлучуваат да ги финансираат, со што се создаваат *бариери на пазарот на капитал*. Причините за ваквото однесување на банките е поради тоа што човечкиот капитал нема реална форма и не може да послужи како колатерал за надомест од евентуалното невраќање на кредитот. 3. Исто така, банките имаат потешкотии и од аспект на проценката на индивидуалните карактеристики на поединците од коишто најдиректно зависи и *процентот на повраќ на образовната инвестиција*, што во целина го оневозможува тековниот мониторинг и контролата на кредитот. 4. Вложувањето во високо образование не нуди сигурност и предвидливост на очекуваните ефекти, па заради тоа се смета како *ризична активност, од гледна точка на поединецот.* Инвестирањето во терцијарното образование главно содржи два вида ризици. **Првиот ризик** се поврзува со неможноста за остварување на ефектите од образовниот процес поради *неквалитетот на образовните услуги* или поради *недостаток на лични способности на поединецот.* **Другиот ризик** ја нагласува *несигурноста дека стекнатиот човечки капитал ќе им овозможи идно вработување и високи лични примања на индивидуалните лица. 5.* Имперфектноста на информацијата во образовниот процес е поврзана со проблемот на транспарентноста.

[195] Пошироко види: Canton E., Venniker R.: „Economics of higher education“, Higher education reform: Getting the incentives right, CPB Netherlands Bureau for Economic Policy Analysis, University of Twente, 2000, стр. 38-42.

Нетранспарентноста на образованието може да се набљудува на *два начина*: како *недостаток од релевантни информации за дипломираниот студент на пазарот на работна сила* и како *информациона инсуфициенција за оценка на квалитетот на образовниот процес*. Иако конкурсниот механизам го редуцира информациониот ризик на трудовиот пазар, сепак, работодавците не се во состојба точно да го проценат квалитетот на понудата на човечкиот капитал. Слично, и квалитетот на образовните програми тешко може да се предвиди однапред од страна на поединецот, освен во текот на студирањето или после дипломирањето, и во таа смисла образованието претставува еден вид „искуствена" стока. Рангирањето, според рејтингот на институцијата, донекаде го ублажува овој феномен, но сепак, недостатокот на информации е реално присутен. Поддршката на високото образование може да послужи како ефикасно средство за поправедна **дистрибуција на расположливиот доход** во општеството, и соодветно, *изедначување на социјалните разлики меѓу луѓето*. Продукцијата на високообразовани кадри ја зголемува понудата на човечки капитал на пазарот на работна сила, а како последица се јавува снижување на релативните плати на високо платените поединци. Од друга страна, опаѓањето на понудата на ниско квалификуваните лица ќе предизвика спротивен ефект на зголемување на нивните просечни плати. И последната причина за државна интервенција во образованието е поради потребата за **корекција на дисторзиите предизвикани од системот на даноците на доход**. Како што е познато, прогресивните даноци можат сериозно да влијаат врз одлуката на приватните инвеститори, но можат да влијаат и врз одлуката за едукација во високото образование. За таа цел, со помош на одредени мерки, државата настојува да ги коригира дисторзиите индуцирани од даночниот систем.

Генерално, постојат *финансиски* и *нефинансики (даночни)* инструменти за финансирање и поддршка на терцијарното образование и инвестициите во човечки капитал. Финансиските инструменти претставуваат дел од системот на јавните издатоци и најчесто се состојат од разни трансфери на буџетски средства, додека даночните инструменти се интегрален дел на даночниот систем и се сочинети од разни даночни ослободувања и поволности, чија цел е да се поттикнат партиципацијата на поединците во образовниот процес и инвестициите на претпријатијата во човечки капитал. Пред да се навлезе во суштината на даночните инструменти, ќе се даде краток осврт врз начинот на финансирање на високообразовните институции во развиените земји.

Финансисирање на високообразовните институции во развиените земји Секторот на високото образование во развиените земји се финансира преку **три основни столба**.[196] **Првиот основен (core) столб** е наменет за финансирање на *елементарниот процес на наставата*, но и на *примарните истражувачки активности на универзитетите*. Како извори на финансирање на овој столб се јавуваат директните редовни трансфери од буџетот на државата и приходите од

[196] Пошироко види: Canton E., Venniker R.: „Economics of higher education", Higher education reform: Getting the incentives right, CPB Netherlands Bureau for Economic Policy Analysis, University of Twente, 2000, стр. 17-19.

приватната партиципација, односно школарината. Притоа, директните трансфери служат за финансирање на редовните наставни активности, а во случај на финансирање на истражувачките активности, се користат повремените трансфери на средства во вид на блок-грантови. Висината на средствата од првиот столб се утврдува комбинирано: со предвремена дискрециона одлука на владата, но и со врзување на средства со реализацијата на одредени перформанси. Износот на средствата за наставата најчесто зависи од бројот на студентите (бројот на студенти кои се запишуваат во прва година) и од одредени наставно-образовни перформанси или учиноци (бројот на дипломирани студенти). Средствата за истражувачки активности, пак, почесто варираат и во голема мера се детерминирани од профилот и рејтингот на универзитетот, реалните научно-истражувачки потреби, но и од квалитетот на истражувањето. Како критериум или репер според кој се распоредуваат средствата, може да се земе бројот на одбранетите докторски дисертации. Покрај јавните издатоци, високообразовните институции екстензивно ги користат и **школарините** *како начин за ефикасна оптимализација помеѓу финансиските потреби и квалитетот на образовниот процес.* Како мерка преку која се квантифицира нивната висина се користи коефициентот кој го дава односот помеѓу бруто-партиципациите и вкупните образовни трошоци (износ на партиципација по единица образовен трошок). **Вториот фондовски столб** за поддршка на високото образование се состои од финансирање на истражувачки проекти реализирани од страна на тимски или индивидуални истражувачи. Дистрибуцијата на предвидените средства се изведува посредно (интермедијарно) преку образовните или научните државни агенции на компетативна основа, што значи преку тендери или конкурси, а инструментите преку кои се распределуваат средствата, најчесто се во вид на блок-грантови. **И третиот столб** е во врска со финансирањето на дополнителни договорни активности. Универзитетите можат да склучат договори за обука, настава или истражување со приватни компании, невладини организации и здруженија, па и со самата влада, кои можат да послужат како дополнителен извор на приходи за финансирање на својата примарна образовна дејност. Инаку, приходите по основ на договори претставуваат самостоен приход за факултетите и универзитетите, и тие имаат потполно дискрециono право околу начинот на распределбата и трошењето на стекнатите средства.

Природата и ефектите од даночните инструменти. На владите им стојат на располагање повеќе даночни инструменти кои можат да генерираат поттик на поединците да партиципираат во образовниот процес. За да се направи увид во механизмот на ефектите, но и за да се оцени ефикасноста на даночните стимулации за човечки капитал, економистите ги пресметуваат *ефективните даночни стапки на човечки капитал*. Концептуалната рамка се состои од *компарација на бараната стапка на принос пред оданочување и бараната стапка на принос по оданочување на инвестицијата во одредена образовна програма*, без разлика дали се работи за виша школа, факултет, магистерски студии или пак докторски студии. Сепак, претпоставките во поголемиот број на калкулации се однесуваат на програмите за додипломски студии.

Слично на моделот на маргиналните стапки на Кинг и Фулертон[197], ефективните даночни стапки на инвестициите во човечки капитал се дефинираат како разлика помеѓу приватната стапка на принос пред оданочување r_g и приватната стапка на принос по оданочување r_n на целокупната образовна програма за стекнување на универзитетска диплома на кој било поединец, или:[198]

$ETR = (r_g - r_n) / r_g$; или $ETR = 1 - r_n / r_g$;

Треба да се има предвид дека основни детерминанти на ефективните стапки на инвестициите во човечки капитал се елементите на *персоналниот даночен систем*, за разлика од маргиналните даночни стапки кои претежно зависат од елементите на корпоративниот даночен систем. Меѓутоа, и студирањето може да се сфати како еден вид инвестиција во стекнување на вештини и знаења, па затоа ги обработуваме во овој дел.

Освен приватната стапка на принос, се разликува и јавна или општествена стапка на принос r_p, која, пак, има улога во пресметката на *ефективната субвенционирачка стапка на човечкиот капитал (effective subsidy rate)*:

$ESR = (r_g – r_p) / r_g$;

Комбинираното дејство на даночниот систем и системот на јавни издатоци за стимулирање на инвестициите во човечки капитал, може да се пресмета преку *нето-ефективната даночна стапка на човечки капитал,* која се пресметува како разлика помеѓу ETR и ESR.

Вредноста на приватната стапка на принос пред оданочување r_g елементарно зависи од три варијабли: *инкременталните приходи* поради дипломата од високо образование (earnings increment-EI), *пропуштените приходи* за време на студирањето (foregone earnings-FE) и *директните приватни трошоци или школарината* (direct private costs or tuition-C). Притоа, инкременталните приходи влијаат правопропорционално на висината на приватната стапка на принос, додека пропуштените приходи и директните приватни трошоци обратнопропорционално:

$r_g = EI / (FE + C)$;

За да се пресмета *приватната стапка на принос по оданочување,* потребно е да се воведат даночните варијабли t_s и t_w. Ако со t_s се означи делот од пропуштените приходи FE кој се издвојува во вид на данок, а со t_w се означи делот од инкременталните приходи EI, кој, исто така, се издвојува во вид на данок, тогаш приватната стапка на принос по оданочување го добива обликот:

$r_n = (1 - t_w)EI / [(1 - t_s)FE + C]$;

---

[197] Практичната апликација на моделот на Кинг и Фулертон во областа на човечкиот капитал може да се најде во: Gordon K., Tchilinguirian H.: „Marginal Effective Tax Rates on Physical, Human and R&D capital“, An OECD study, 1998.

[198] Детално за ефективните даночни стапки за човечки капитал види: Collins K.A., Davies J.B.: „Measuring Effective Tax Rates on Human Capital: The Canadian Case“, The University of Western Ontario, Canada, 2002.

Ако претпоставиме дека C има вредност 0, односно не постојат приватни директни трошоци на студирањето, тогаш вредностите r_g и r_n ги добиваат следните вредности:

$r_g = EI / FE$; и $r_n = (1 - t_w)EI / (1 - t_s)FE$;

Ако овие вредности ги замениме во изразот за ефективната даночна стапка (ETR), ќе се добие дека:

$ETR = (r_g - r_n) / r_g = (t_w - t_s)/(1 - t_s)$;

Ова значи дека во отсуство на директните приватни трошоци (школарината), ефективната даночна стапка на инвестициите во човечки капитал е во *директна корелација со разликата помеѓу* $t_w - t_s$. Бидејќи е многу веројатно дека дипломираните студенти ќе остварат поголем износ на инкрементални приходи во однос на износот на загубените приходи за време на студирањето, логично е да се претпостави дека вредноста на разликата помеѓу t_w и t_s ќе биде позитивна, што ќе резултира со *позитивна ETR*. Токму ова е причината зошто добивањето на универзитетска диплома е од особено значење за поединците, бидејќи реализацијата на оваа цел им овозможува да остварат поголеми инкрементални приходи. Притоа, *колку е поголем степенот на образование (магистратура, докторат), толку е поголема и ефективната даночна стапка, а со тоа и опортунитетниот трошок на студирањето.* Обратно, некомплетното високо образование, виша школа или слично, имаат пониски ефекти врз инкременталните приходи, па според тоа, во просек и помали ефективни даночни стапки. Од ова може да се заклучи дека големината на ефективната даночна стапка зависи правопропорционално од степенот на високото образование на поединецот.

Изразот $(t_w - t_s)/(1 - t_s)$ може да има и други импликации, освен за степенот на образование. Тој може да ни понуди одговор и за тоа дали даночниот систем го поддржува, или пак не, *процесот на формирање на човечкиот капитал*. Иако, ова прашање е доста сложено, сепак, преку изразот можат се утврдат одредени начелни правила во врска со даночниот систем. Ако се претпостави отсуство на директните трошоци C и ако се претпостави постоење на *прогресивни персонални даноци*, тогаш е веројатно дека дипломираните студенти кои остваруваат поголем износ на инкрементални приходи, ќе плаќаат и поголеми маргинални даноци. Ова упатува на заклучокот дека прогресивниот даночен систем ќе продуцира позитивна разлика помеѓу параметрите t_w и t_s и позитивна вредност на коефициентот на ефективните даночни стапки. Ако, пак, се претпостави егзистенција на *пропорционални даночни стапки*, во тој случај доаѓа до изедначување на даночните стапки во горниот коефициент, а вредноста на коефициентот ETR изнесува 0. Од ова произлегува дека даночниот систем со пропорционални даночни стапки, во услови на непостоење на приватните директни трошоци за студирање е неутрален во поглед на поддршката на инвестициите во човечки капитал.

Да ги разгледаме сега ефектите од другите елементи од кои зависи висината на даночните стапки. Ќе започнеме со воведување на *приватните директни трошоци-школарината*. Ако се воведе школарина, или пак, се зголеми износот на плаќање на школарината, *тогаш ќе се случи зголемување на ефективните даночни стапки на инвестициите во човечки капитал, односно ќе*

се зголемат трошоците на студирањето. Ова ќе вроди со ефект на стагнација, или, во краен случај, депримирање на партиципацијата на студентите во високообразовниот процес. Со зголемувањето на школарината од страна на универзитетите, фактички, се доаѓа до намалување на стапката на субвенционирање на едукацијата во рамки на образовниот систем. Од друга страна, порастот на приватната партиципација може да резултира и со намалување на стапката на јавно финансирање на универзитетите од страна на државата и до редукција на ефективната стапка на субвенционирање на човечкиот капитал ESR. И во двата случаи ќе дојде до вкупно зголемување на нето-ефективната даночна стапка и до соодветно продлабочување на разликата помеѓу ETR и ESR. Ако во изразот за ETR се воведе параметарот приватни директни трошоци C, тогаш тој ќе го добие следниот израз:

$$ETR = 1-[(1-t_w)EI] [FE+C] / [(1- t_s)FE+C]EI;$$

Ова укажува на потребата од интервенција во доменот на образованието од страна на владите. Доколку во државата е регистрирана тенденција на постојан пораст на школарините во универзитетите, отсуството на примена на одредени компензаторни даночни мерки може да предизвика дисторзија на пазарот на човечки капитал. Како доста добри алтернативни мерки за редукција на даночниот товар се сметаат **даночните кредити за школарина** или **одбивките на школарината од даночната основа**. Да претпоставиме сега дека се имплементира соодветна програма за даночни кредити со вредност A. Даночниот кредит значи дека студентите ќе добијат еден вид намалување на даночната обврска по основ на остварените тековни приходи, што, практично, има ист ефект како да примаат одреден грант или стипендија, со што се редуцира износот на приватните директни трошоци (или параметарот C). Тоа може да се види од изразот (C – A) во коефициентот за ефективните даночни стапки, во делот кој ја изразува приватната стапка на принос по одаточување на пропуштените приходи:

$$ETR = 1-[(1-t_w)EI] [FE+C] / [(1- t_s)FE+(C-A)]EI;$$

Друга алтернативна мерка која им стои на располагање претставува доделувањето на **студентски кредити**. Оваа мерка има делумно и финансиски карактеристики, но елементите кои ја придружуваат, имаат и типично даночни карактеристики. Кога се реализира широка програма за доделување на студентски кредити, тогаш, како релевантни параметри, освен вредноста на самиот кредит L, можат да се јават и каматата на студентскиот кредит i, ратите или ануитетите за враќање на студентскиот кредит iL и даночниот кредит или стапката на одземање на каматата на кредитот d. Првин, самиот чин на добивање на **студентски кредит** има директен ефект врз висината на ETR. Неговото дејство врз висината на ефективната стапка произлегува преку параметарот r_g. Имено, добивањето на кредит го има истиот ефект како и даночниот кредит A, што значи дека го редуцира износот на приватните трошоци за студирање, со таа разлика што истиот треба да се врати. Освен намалувањето на ETR, студентските кредити можат да да ја зголемат и ESR, односно ефективната стапка на субвенционирање на човечкиот капитал, бидејќи параметарот r_g претставува составен дел и на тој коефициент. Интегрално гледано, подигањето на

нивото на студентското кредитирање ја намалува нето-ефективната даночна стапка ETR – ESR, стимулирајќи го процесот на студирање.

Другите елементи на кредитирањето го имаат следниот ефект врз ETR. **Ануитетите за враќање на студентските кредити,** како што се гледа, се состојат од дел од кредитот што треба да се врати и дел од вкупната камата на кредитот или во вкупен износ iL. Тие секогаш се враќаат од идните примања по завршувањето на студиите, или поточно, од инкременталните приходи. Според тоа, нивниот примарен ефект се гледа во намалувањето на расположливите приходи во иднината, или поточно, во намалувањето на параметарот EI, што значи дека отплаќањето на кредитот ја зголемува вредноста на ефективната даночна стапка. Бидејќи кредитот, по суштина, мора да се врати, *државата може да интервенира со одредени мерки на страната на каматната стапка, ако има за цел да ја ублажи даночниот товар на студирањето*. Како најповолни инструменти се сметаат **одбивките на каматната стапка** или **даночниот кредит на каматната стапка**. Имено, на студентите кои дипломирале им се пресметува намалување на обврската за плаќање данок (даночен кредит) по основ на идните приходи во периодот на враќање на студентскиот кредит, или пак, им се признава намалување на даночната основа на идните приходи во висина на целосен или делумен износ на каматата на кредитот (даночна одбивка). Висината на оваа даночна бенефиција има вредност од i(1 – d)L. Ако ги инкорпорираме сите овие елементи во изразот за ETR, ќе се добие следната вредност:

$$ETR = 1-[(1-t_w)EI - i(1 – d)L] [FE+C-L] / [(1- t_s)FE+(C-L-A)] [EI – iL];$$

Како што може да се види од изразот, вредноста на кредитот L самостојно се јавува секогаш покрај параметарот C, бидејќи го редуцира неговиот износ или директниот трошок за студирање. Вредноста на сумата што треба да се врати iL секогаш е поврзана со параметарот EI, што значи се враќа во периодот по студирањето, додека даночните мерки се јавуваат во делот кој ја претставува приватната стапка на принос по оданочување, затоа што нивниот ефект е мерлив само по чинот на оданочувањето. Следува рекапитулација на даночните инструменти кои се користат во оваа област.

Видови даночни инструменти. Како едни од најефикасните инструменти, чија цел е да обезбедат даночно субвенционирање на инвестициите во човечки капитал, се јавуваат следните:

Даночни кредити по основ на платена школарина. Даночниот кредит, во овој случај, претставува ослободување од плаќање на даночната обврска на тековните приходи на студентот за време на студирањето, што резултира со намалување на директните студентски трошоци. Иако како стандард за висината на даночниот кредит се зема износот на партиципацијата, често се случува даночниот кредит да се признае дури и во висина на вкупните трошоци за едукација. Инаку, оваа мерка може да се пропише како целосно, или пак, делумно намалување на даночната обврска. Всушност, доделувањето на даночниот кредит, во суштина, има ист ефект како и давањето на стипендијата како финансиска мерка, со таа разлика што во однос на неа не се случува директен трансфер на финансиски средства.

Даночни одбивки по основ на платена школарина. Даночниот товар на студентите кои платиле школарина може да се редуцира и со овозможување на даночни одбивки или изземања на даночната основа. Тие не претставуваат ништо друго, туку признавање на дел или на целиот износ на платената партиципација во смисла на одбитна ставка на даночната основа на студентот за време или после периодот на студирањето. Во однос на даночниот кредит, ефектите од намалувањето на даночната основа врз даночното оптоварување имаат релативно послаб интензитет, но сепак, можат добро да послужат за целта за која се применуваат.

Даночни кредити и даночни одбивки по основ на камата на студентски заем. Како што е кажано, имплементацијата на програма за студентско кредитирање претставуваше финансиска мерка која е директно насочена за покривање на приватните трошоци на студентите.[199] Студентите можат да партиципираат во овие програми доколку нивните тековни приходи се под нивото на просекот или медијаната од сите приходни категории. Оваа програма често е придружена со одделни даночни ослободувања на плаќањето на каматата, која, често е фиксна, и пониска од нормалната комерцијална каматна стапка. Така на пример, на дипломираните студенти кои вршат отплата на кредитот им се пропишува ослободување од плаќање данок на тековните приходи во висина на целиот износ или на дел на износот од каматата на студентскиот кредит. Алтернативно, даночната бенефиција може да се реализира и низ форма на одбивка или намалување на даночната основа во висина на каматната стапка. Доколку поединецот остварува екстремно ниски приходи, можно е да се примени и мерката за отпишување на долгот од кредитот, односно ослободување од обврската за враќање на долгот.

Поддршка на образовниот процес може да понудат и **Регистрираните пензиски програми за штедење (Retirement Registered Saving Plans – RRSP)**.[200] Всушност, се работи за мерка во системот на приватното пензиско осигурување. Преку оваа програма на осигурениците им се овозможува, после одреден временски период, да повлекуваат одреден лимит на средства од сопствените приватни сметки за пензиско осигурување за потребите за сопствена професионална надградба или за потребите за едукација и студирање на сопствените деца. На пример, во Канада е дозволено повлекување во висина од 7.000 долари за таа намена после само 2 години од отворањето на приватната сметка. Иако при плаќањето на придонесите за оваа намена не се наплатува данок, повлекувањето на средствата не е ослободено од оданочување, бидејќи се претпоставува дека родителите се во зенитот на својата кариера и располагаат со најмногу приходи, токму во периодот кога ги праќаат децата на студирање.

---

[199] Програмата за стипендирање има сличен ефект, но за разлика од кредитот, оваа финансика мерка се врзува со постигнување на високи резултати на студентите, како што се навремено завршување на студиската година или висок просек на оценки. На овој начин, преку овој селективен механизам се постигнува и дополнителен стимулативен ефект во образовниот процес.

[200] Таков систем на штедење постои, на пример, во Канада и САД. Види: Collins K.A., Davies J.B.: „Measuring Effective Tax Rates on Human Capital: The Canadian Case“, The University of Western Ontario, Canada, 2002.

Сличен инструмент претставуваат **Регистрираните штедни програми за едукација (Registered Education Saving Plans – RESP),** кои, исто така, се користат во Канада. За разлика од претходно опишаната програма, оваа претставува посебна програма во која осигурениците можат да издвојуваат придонеси на посебна сметка во рамки на системот на осигурување, со намера да ги искористат за финансирање на студирањето на своите деца. Во споредба со претходниот инструмент, придонесите не се ослободени од оданочување, а сумата која е искористена за покривање на трошоците за едукација, се признава како одбитна ставка на првичниот самостоен приход на дипломираните деца. Исто така, за почетните придонеси до 2.000 долари се дава посебен грант во висина од 20% од овој износ по дете. Поради овие поволности и поради даночните ослободувања на остварениот приход од оваа сметка, неговата стапка на принос обично е повисока во однос на RRSP.

Со цел да им се помогне на младите родители кои студираат, можна е реализација на конкретни даночни мерки, кои на индиректен начин би им го зголемиле расположливиот доход, и на тој начин би ги оттргнале од намерата да се откажат од студирање заради родителство. Или пак, на повозрасните луѓе со деца кои имале желба да студираат и кои поради тоа се откажале да студираат, овие мерки им даваат стимул да ја остварат неостварената идеја за студирање. Таква мерка е **одбивката на трошоците за грижа на деца (Child Care Expence Deduction – CCED).** Во Канада, на пример, на студентите кои се родители со деца до 7 години, им се признава намалување на годишната даночна основа во висина на 7.000 долари по дете од направените трошоци за нивна грижа. За родителите со деца од 7 до 16 години, износот кој се признава на основата изнесува 4.000 долари по дете.

Горната анализа за ефектите на даночните стимулации се однесува на програмите за едукација на студенти во високото терцијарно образование, чија примарна цел е да се зголеми индивидуалната партиципација во образовниот процес. Формално, треба да се прави разлика помеѓу нив и **програмите за тренинг и едукација на работа (on the job training),** чија цел е да се промовираат инвестициите во човечки капитал од страна на самите претпријатија (firm-specific human capital investment). И покрај формалната дистинкција, палетата на инструменти со кои се остварува поддршката на вложувањата за перменентна надградба на работниците, во основа е иста. Развиените земји предвидуваат примена на екстензивни даночни ослободувања и намалувања на основата за фирмите кои инвестираат во програми за тренинг на своите вработени, со таа разлика што тие се дел од корпоративниот, наместо системот на персоналните даноци. Инаку, економското мислење за вложувања во тренинг на вработените произлегува од можната двојна придобивка, како за работникот, така и за фирмата. Самата инвестиција креира економска рента, која не може да се ефектуира доколку не продолжи заедничката соработка помеѓу двете странки, со што доаѓа до поделба на приносот и придобивките од рентата. Со процесот на стекнување на специфични вештини неопходни за развој на фирмата, работниците стекнуваат и определени општи знаења и техники кои можат да се применат и во други фирми. Затоа, со цел да се одбегне ризикот од доброволно напуштање и трансфер на работната сила, работодавците се

волни да ја зголемат платата на работниците со повисока квалификација; во спротивно, загубата би била уште повисока.[201] И за крај, неколку компаративни забелешки. Генерално, инвестициите во човечки капитал имаат подобар даночен третман во однос на инвестициите во физички капитал. Уште поконкретно, даночниот товар на индивидуите и домаќинствата за инвестициите во терцијарното образование е значително помал во споредба со товарот на претпријатијата за инвестициите во тренинг на работната сила.[202]

1.4.4. Инвестиции во истражување и развој и во други облици на интелектуална сопственост

Веќе е познато дека причината поради која владите интервенираат во приватниот сектор е токму пазарниот неуспех. Овој феномен, кој со други зборови може да се нарече и пазарна имперфектност или пазарна несовршеност, се јавува секогаш кога општествените јавни користи не се во рамнотежа со општествените трошоци. Истражувањето и развојот претставуваат поле со исклучителна важност, каде оваа појава е особено нагласена. Претпријатијата нема да инвестираат во создавање на нови производни вештини и технолошки знаења ако не полагаат исклучиво и целосно право на плодовите од иновативната активност. Поради можноста од трансфер на информациите поврзани со знаењата, се јавува реална потреба од интервенција на државата; во спротивно, со губењето на ексклузивитетот на придобивките од технологијата, ќе се наруши целокупниот процес на иновација. Токму иновацијата како начин на креирање на нови знаења претставува основната причина за преземање на фискалните мерки во оваа сфера. Имено, поголемо ниво на истражување и развој води кон иновација, а таа, пак, кон пораст на нивото на општествената продуктивност. Со цел подобро да се разбере процесот на иновација, го презентираме **моделот на технолошкиот развој** според Лејден и Линк.

Како што се гледа од сликата, **моделот на технолошкиот развој** содржи неколку клучни технолошки елементи: сопственичка технологија (proprietary technology), генеричка технологија (generic technology) инфраструктурна технологија (infrastructure technology) и научна база (science base).[203]

Графикон бр. 1
Моделот на технолошкиот развој според Лејден и Линк (Leyden and Link, 1992)

[201] Пошироко за програмите за тренинг на работа види: Bassanini A., Ok W.: „How do firms and individuals incentive to invest in human capital vary across groups“, An OECD study, 2003.
[202] За резултатите од емпириските истражување на оваа тема види: Gordon K., Tchilinguirian H.: „Marginal Effective Tax Rates on Physical, Human and R&D capital“, An OECD study, 1998, стр. 11,12,13.
[203] Види: Link A.: „Fiscal measures to promote R&D and innovation – Trends and issues“ – Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996, стр. 28, 29.



Извор: Link A.: „Fiscal measures to promote R&D and innovation – Trends and issues" – Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996, стр. 27.

Сопственичката технологија претставува технологија креирана од приватниот сектор како резултат на самостојно финансираните активности за истражување и развој на приватните фирми, која може да се јави во облик на разни права на интелектуална сопственост. Фискалните мерки за поддршка на овој облик на технологија произведуваат непосредни ефекти кои се карактеризираат со намалување на трошоците за истражување и развој, што за фирмите претставува вид на стимул за зголемување на нивото на истражувачко-иновативните активности. *Генеричката технологија* ѝ претходи на сопственичката технологија, набљудувана како фаза на моделот на технолошкиот развој. Креирана претежно во лабораториски услови, таа претставува почетен стадиум или зародиш на истражувачкиот процес, па според тоа, и основен инпут на сопственичката технологија. Овој вид на технологија се одликува со голем степен на ризик од неуспех, но и со можност за остварување на големи стапки на поврат на средствата. Меѓутоа, поради големата ризичност, многу е веројатно дека приватниот сектор нема да вложи значителни напори за поголеми вложувања во генеричка технологија. Токму поради овој факт, владите избегнуваат да дадат обемна фискална поддршка на генеричката фаза на технолошкиот развој во приватниот сектор, што, се разбира, е и оправдано, освен во случај на потполна отсутност на сите техолошко-развојни елементи. *Инфраструктурната технологија*, или кратко, инфратехнологијата, ги создава неопходните услови за извршување на активностите за истражување и развој, како од аспект на сопственичката, така и од аспект на генеричката технологија. Под инфратехнологија можат да се подразберат многу елементи: објектите во кои се извршуваат истражувањата, мерните инструменти и методите за тестирање, разните технички процедури, лабораториските опитни станици и слично. Овој елемент спаѓа во доменот на јавниот сектор, затоа инвестициите во инфраструктурната технологија, во поголем дел се финансираат со јавни средства. И со *научната база* се обезбедува научниот фундамент или научната основа за сите нови технологии. Таа се формира преку фундаменталните истражувања во рамки на постоечките универзитети и институти, кои, исто така, се финансираат со јавни средства. Инаку, под *фундаментално истражување* се подразбира истражување насочено кон откривање на елементарните научни принципи и законитости, без разлика на нивниот потенцијал за практична апликативност во производниот процес. Ако се направи резиме, ќе се заклучи дека економска оправданост за доследна примена на даночните стимулации има **само во процесот на**

формирање на сопственичката технологија, односно правата на индустриска и интелектуална сопственост, и тоа преку поддршка на активностите за истражување и развој.

Видови облици на интелектуална сопственост. Како витални компоненти на иновативниот процес се јавуваат нематеријалните облици на интелектуална сопственост. Инаку, во оваа група на средства *влегуваат неколку основни категории на нематеријални средства,* и тоа: истражување и развој (R&D), тренинг и обука на работниците, патенти и патентни права, софтвер и вложувања во основање и организациона промена.[204]

Патенти и патентни права. Патентот му овозможува на патентниот иноватор (patentee or patent holder) право на ексклузивитет во користењето на патентната иновација. Суштината на користењето на патентните механизми е да се исклучат, или поточно, елиминираат останатите субјекти од употребата на иновацијата содржана во патентот. Даночниот третман, а оттаму и примената на инструментите на даночни стимулации, ќе зависи од начинот на кој патентите се набавени и користени. Најпрвин, патентниот иноватор може да се одлучи да го експлоатира патентното право преку користење на патентираниот производствен процес или патентираниот производ за сопствени потреби, или поточно, да го задржи за себе патентното право. Понатаму, патентниот иноватор може да одлучи да го продаде или пренесе правото на користење на патентната иновација на трето лице, кое има намера да ја експлоатира истата. И како трета опција, патентниот корисник може да го лиценцира патентното право на трето лице, дозволувајќи му да го произведува патентниот производ, или да ја користи патентираната технологија, а за возврат да наплаќа одреден надоместок. Од ова произлегува дека постојат **три основни вида на инвестиции во патентни права,** и тоа: инвестиции во самостојно развиени патенти (self-developed patents), инвестиции во набавка на патенти (acquired patents) и инвестиции за лиценцирање на патентните права (licencing of patent rights).

Начелно гледано, *начинот на амортизацијата* преставува клучниот елемент на даночната поддршка на патентите и патентните права. Бидејќи патентите се сметаат за форма на основни средства (што значи капитални средства), а не како форма на тековни трошоци, во тој случај начинот и интензитетот на амортизациониот отпис претставува основна детерминанта на даночната стимулација. Амортизацијата на патентите може да се разликува во зависност од тоа дали се работи за *набавка на патенти,* или, пак, за *самостојно развиени патенти.*[205] Вложувањата во купени или набавени патенти секогаш и секаде се сметаат за инвестиции во фиксни основни средства, па според тоа, мора да бидат и соодветно амортизирани. Самостојно развиените патенти, пак, имаат слични карактеристики со купените патенти во сите елементи, освен во начинот на пресметка на нивната вредност за потребите на амортизацијата за даночни цели. Ако вредноста на набавените патенти се определуваше врз основа на *пазарната*

[204] Види: Warda J.: „Tax treatment of business investments in intellectual assets: An international comparison“, An OCED study, 2006, стр. 10,11.
[205] Види: Warda J.: „Tax treatment of business investments in intellectual assets: An international comparison“, An OCED study, 2006, стр. 21, 22.

комерцијална вредност, тогаш вредноста на самостојно развиените патенти се одредува врз основа на направените *трошоци за аплицирање, запишување и заштита на патентот. Лиценците и лиценцните права* претставуваат посебен модалитет на патентни права. Приходите по основ на лиценца претставуваат надоместок за користењето на правото на лиценца, и, по правило, треба да се сметаат за дел од редовните приходи на компаниите. Имено, од аспект на компанијата која користи лиценца, сите расходи кои се плаќаат за правото за користење на лиценцата се третираат како тековен трошок, и во таа смисла, претставуваат одбитна ставка на профитната основа. На овој начин тие се охрабруваат за пообемно користење на лиценцираните права кои ги нудат водечките компании во секторот. Од друга страна, даночните системи можат да понудат и други решенија за компаниите кои инвестираат во разни права од индустриска сопственост. Најчесто, тие се состојат од *ослободувања од данокот на добивка* (што претставува вид на даночен одмор), или *ослободувања од данокот на капитална добивка*. На пример, делумно ослободување од данокот на добивка во висина од 50% применува Швајцарија, Унгарија и Кореја, целосно ослободување од данок или нулта стапка на данок на добивка има во Ирска, додека во Франција постои редукција на данокот на капитална добивка.[206] Сепак, овие даночни мерки претставуваат попрво исклучок, отколку правило во даночната политика.

Тренинг и обука на работниците. Постојат две страни на инвестицијата во тренинг и едукација на работниците: едната се однесува на инвестициите реализирани од страна на индивидуите во рамки на општествениот систем на знаења, а другата се однесува на корпоративните вложувања за професионален тренинг на вработените како дел од системот на истражувачко-развојните активности. Тука ќе се направи увид на даночната политика само за третманот на трошоците за тренинг и едукација од страна на компаниите. Притоа, како трошоци за тренинг и едукација на вработените во корпорацијата редовно се сметаат: плаќањата за надворешни инструктори, трошоците за материјали за обука и тренинг, надоместокот или провизијата за посетуваниот курс, трошоците за закупнина и престој на вработените и трошоците за опрема користена за тренинг.

Инаку, постојат главно три вида на даночни мерки кои се користат во овој домен, и тоа: даночните одбивки на тековна основа, амортизацијата за даночни цели и даночниот кредит за тренинг и едукација. Во целина гледано, корпоративните трошоци за тренинг и едукација се наоѓаат на второто место по атрактивност на политиката на даночни стимулации, веднаш зад издатоците за истражување и развој. Бидејќи трошоците за тренинг најчесто се третираат како тековни трошења, затоа најчесто се признаваат како *даночна одбивка* на сметка на даночната основа во тековната година, и тоа секогаш во висина од 100% од нивниот износ. Понекогаш им се придава карактер на долгорочни трошоци, заради што стануваат предмет на капитализација. За разлика од патентите и патентните права, постои доста поширок опсег на користење на

[206] Пошироко за третманот на приходите од права на индустриска сопственост види: Warda J.: „Tax treatment of business investments in intellectual assets: An international comparison“, An OCED study, 2006, стр. 24.

даночните кредити во доменот на трошоците за тренинг и едукација, што претставува и еден вид *нивна специфична карактеристика*. Друга карактеристика на даночните кредити за тренинг е тоа што, доколку земјите одлучиле да ги користат во рамки на даночниот систем, тие нема да се употребуваат како замена, туку ќе се употребуваат паралелно со системот на даночни одбивки. Инаку, даночните кредити за тренинг претежно се користат како таргетно средство за унапредување на капацитетите за тренинг и едукација на малите фирми; според тоа, тие се главно селективни даночни инструменти.[207]

Софтвер. Во литературата се спомнуваат *неколку форми* на дистрибуција на софтверот[208]: 1. купен или набавен стандарден софтверски пакет; 2. купен или набавен софтвер во пакет со одредена хардверска опрема; 3 .самостојно развиен внатрешен софтвер; 4. специјално набавен софтвер по нарачка за купувачи со специфични карактеристики; и 5. софтвер на лизинг. Поради многубројните облици низ кои се јавува софтверот, невозможно е да се направи една поцелосна анализа на инструментите на даночните стимулации, освен за точките еден и три. Во сите случаи на *купување или набавка на софтверски пакет*, карактеристично е тоа што трошоците кои се поврзани со овој чин, или ќе се капитализираат, или пак, еднократно отпишат на товар на тековната профитна основа. Стапката и начинот на отпис на трошоците на набавениот софтвер ќе зависат основно од проценката на корисниот век на софтверскиот пакет. Ако проценките покажат дека корисниот век е помал од една година, во тој случај трошоците на набавката целосно се отпишуваат од тековната основа. Доколку проценетиот користен век е подолг во тој случај, софтверот ќе се амортизира во повеќе периоди. Во таа смисла, забрзаната амортизација претставува доминантна метода на дистрибуција на даночната корист кон компаниите. Во Британија, на пример, се нуди 100% отпис на вредноста на купените софтверски пакети кои имаат користен век во должина од 2 години, уште во годината на нивната набавка. Од друга страна, пак, Ирска се истакнува по тоа што наметнува многу долг период за отпис во должина од дури 8 години, и тоа според праволиниската метода. Некои земји, покрај пократкиот период за амортизација, нудат и можност за употреба на методот на опаѓачки приноси, кој нуди одредени предности во споредба со другите методи (на пример, Швајцарија со стапка од 40%, Канада со стапка од 45% и слично). Значајно е и тоа што во овој домен *не е регистрирана примена* на даночните кредити и даночните одбивки, освен во Јапонија во 2006 година, која нудеше 10% даночен кредит за инвестиции во компјутерска технологија, меѓу кои спаѓа и купувањето на софтвер. Што се однесува за *внатрешно развиениот софтвер*, не постојат различни правила околу даночниот третман и употребата на даночните стимулации. Трошоците околу развивањето или ќе се отпишат веднаш, или ќе се амортизираат во подолг период (од 3 години во Австралија, до 15 години во САД). Битно е да се напомне дека и тука, како во случајот со самостојно

[207] Пошироко види: Види: Warda J.: „Tax treatment of business investments in intellectual assets: An international comparison“, An OCED study, 2006, стр. 31,32.

[208] Пошироко види: Warda J.: „Tax treatment of business investments in intellectual assets: An international comparison“, An OCED study, 2006, стр. 37.

развиените патенти, нормална практика е трошоците за развој на сопствена софтверска програма да се сметаат како конститутивен дел од трошоците за истражување и развој. Инаку, во целина гледано, даночниот товар на инвестициите во софтвер е далеку поголем во однос на даночното оптоварување на другите облици на интелектуална сопственост.

Вложувања во организација и основање на фирми (organization and start-up expencess). Слично како за софтверот, и трошоците за организација и основање претставуваат поле во кое егзистираат реални потешкотии за подетална анализа и оценка на даночната политика. Потешкотиите произлегуваат, пред сè, од нееднаквата категоризација на трошоците, но и од мешањето на поединечните трошочни елементи кои веќе се спомнати во секциите за другите облици на интелектуална сопственост (во некои земји, на пример, под организациони трошоци се вклучуваат и трошоците за тренинг, за набавка на софтвер, па дури и за набавка на патентни права). Во некои случаи, трошоците за основање и организација се сметаат како дел од генеричката технологија во рамки на технолошко-развојниот процес, па затоа не даваат голема важност и значење на фискалните инструменти во овој домен.

Најелементарно, во сметководствена смисла на зборот, под организациони трошоци на корпорациите се подразбираат разните категории на трошоци кои се јавуваат при основањето на правниот субјект, или, пак, кои се јавуваат при неговото купување. Затоа, тие можат да се идентификуваат како два основни вида на трошоци, и тоа: трошоци за основање на компанија и организациони трошоци.[209] *Трошоците за основање* се директно поврзани со процесот на основање на компаниите. Поконкретно, во нивниот состав влегуваат: трошоците за подготвување на потребната документација, трошоците за обезбедување на легалните административни документи и дозволи, согласно локалната и националната регулатива, трошоците за легалните правни застапници во текот на основањето (привремените директори и адвокати), трошоците за основачките седници, надоместокот за основање и дозвола за работа и слично. *Организационите трошоци* се оние трошоци кои се неопходни од аспект на отпочнување на бизнисот и дејноста на компанијата, и најчесто, следат по одлуката за влез во дејноста преку купување или основање на компанија. Тие најчесто се прават со цел да се создаде поволна и проактивна бизнис-клима, пред да се започне со конкретните бизнис-активности во рамки на фирмата, и во таа смисла претставуваат подготвителни трошоци. Во оваа група на трошоци се вклучуваат и трошоците за реорганизација и реструктуирање на компанијата. Како конкретни видови на организациони трошоци можат да се јават: трошоците за тренинг и подготовка на работниците, трошоците за консултантски професионални услуги, трошоците за маркетинг и истражување на пазарот, трошоците за изнаоѓање на потенцијални дистрибутери, снабдувачи и потрошувачи, трошоците за обезбедување на логистичка поддршка на производството и продажбата и слично. Инаку, нормална практика на даночната политика, од аспект на овие трошоци, е нивниот третман како

[209] Пошироко види: Warda J.: „Tax treatment of business investments in intellectual assets: An international comparison“, An OCED study, 2006, стр. 43.

даночна одбивка на профитната основа. Најинтересно е тоа што во овој домен *не се применува никаква примена на дополнителни даночни стимулации* во вид на даночни кредити или дополнителни даночни одбивки (во поголем износ од 100%). Сето тоа резултира со појава на неутрален даночен товар на вложувањата во основање и организирање на компанија во најголем број на случаи (вредност на B-индексот во износ од 0).

Специфични карактеристики на даночните стимулации во оваа област. Како **најчесто користени даночни стимулативни мерки** за зголемување на инвестициите во истражување и развој, и другите облици на интелектуална сопственост, се јавуваат амортизацијата за даночни цели, даночниот кредит и даночните одбивки. Притоа, како дополнително системско решение на основните стимулативни мерки, особено на даночните кредити и одбивки, се користат и механизмите за пренос на трошоците и загубите. Следува детална елаборација на нивните специфични карактеристики во оваа област.

Амортизацијата за даночни цели (R&D depreciation for tax purposes). Како што е кажано во повеќе наврати, големината на ефектите од оваа мерка се во директна корелација од односот помеѓу стапката на амортизацијата за даночни цели и стапката на економската амортизација, или поконкретно, од односот помеѓу должината на животниот век на средствата, кој се признава за даночни цели, и реалниот економски век. Општо прифатено е инвестициите во истражување и развој, како и вложувањата во другите облици на интелектуална сопственост, да се третираат како вложувања во основни средства, или поточно, вложувања во нематеријални средства (intangible assets). Основно се разликуваат два вида на отписи кои се разграничуваат според обликот на средството.[210] Првиот се однесува на *отписот или амортизацијата на некапиталните трошоци за истражување и развој (R&D depreciation rate)*. Во најчест случај, сите некапитални трошоци за оваа намена се отпишуваат уште во првата година на нивното појавување во висина од 100% на нивниот износ. Оваа мерка, која со други зборови може да се нарече и мерка на брз моментален отпис, овозможува да се изврши ефективно намалување на даночната основа (или профитот за оданочување) во висина на целиот износ на овие трошоци. За да се зголеми стимулот за дополнително трошење, некои земји дозволуваат дури и поголемо признавање на овие издатоци, на пример, во висина од 150, па дури и 200 проценти од направените некапитални трошоци за истражување и развој. Другиот отпис се однесува на *капиталните средства за истражување и развој (R&D capital depreciation rate)*. Всушност, станува збор за начинот на амортизација на капиталните средства, како што се зградите или опремата за даночни цели. Некои земји применуваат изедначен третман на овие средства, но најчесто ефективниот даночен товар на капиталните средства за истражување и развој е понизок во споредба со другите категории основни средства. Со ова прашање е поврзан и методот на амортизација што се користи за даночни цели (праволиниски или метод на опаѓачка стапка), како и можноста за користење на правото на забрзана амортизација.

[210] Види: Summary: Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996, стр. 4.

Даночни кредити (R&D tax credits). Тие претставуваат инструмент со најширока и најобемна употреба во даночната политика во оваа сфера. Постојат два елементарни начина на изразување на даночните кредити за истражување и развој.[211] Со првиот начин, даночниот кредит се изразува *во пропорција со волуменот или износот на инвестиционите трошоци во истражување и развој*. На пример, даночниот кредит во износ од 40%, нуди можност за намалување на даночната обврска на фирмата во висина од 40 парични единици на секои направени 100 парични единици трошоци за истражување и развој. Овој систем на изразување на даночниот кредит, кој се нарекува и **волуменозен** или **базичен** систем, ги врзува даночните бенефиции од даночниот кредит со износот или големината на извршените издатоци за истражување и развој. Другиот систем, кој во принцип е покомплициран и построг од аспект на големината на даночната корист, наместо со износот на направените директни издатоци, се врзува со *направените инкрементални или дополнителни издатоци над веќе еднаш остварените од претходниот период.* **Инкременталниот** систем на даночен кредит во висина од 50% ѝ овозможува, на пример, на фирма која остварила 300 п.е. трошоци за истражување во претходната година, и 500 п.е. трошоци за истражување во тековната година, да реализира корист во висина од 100 п.е. во овој случај (500 – 300)*50%=100. На овој начин, големината на дополнителните маргинални издатоци, наместо апсолутниот износ на направените издатоци, претставува основна детерминанта на висината на директната корист од даночниот кредит, стимулирајќи поголемо дополнително вложување од страна на фирмите. И двата система имаат, отприлика, еднакво учество во даночните системи во светот, со забележителни променливи периодични преференции или кон едниот или кон другиот систем.

Од аспект на нивната употреба, детектирани се неколку **потенцијални проблеми** кои можат да имаат непосредно влијание врз политиката на даночните стимулации.[212] Првиот од нив се однесува на проблемот на *еднаквоста*. Двата системи нудат два различни погледи врз еднаквоста од аспект на напорите за вложување во истражување и развој. Имено, кога станува збор за постигнување на целите на еднаквоста, подобро решение нуди базичниот систем, наместо инкременталниот систем. Така, инкременталниот систем на даночен кредит не нуди можност за целосно вреднување на напорите за истражување, и покрај тоа што стекнатиот квантум на знаење останува расположлив за нацијата како форма на општествено богатство. На пример, ако фирмата секоја година прави по 100 п.е. трошоци за истражувања, во услови на инкрементален систем нема да оствари ниту една п.е. даночен кредит, и покрај тоа што резултатите од истражувањето остануваат во придобивка на општеството. Слично, ако две различни компании остварат инкрементален износ на инвестиции од 100 п.е., во тој случај и двете фирми ќе добијат ист износ на даночен кредит, без разлика што едната реализирала, на пример, 100 п.е. трошоци за

[211] Види: Lhuillery S.: „Problems involved in designing and implementing R&D tax incentive schemes“, Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996.
[212] Ibid., стр. 39, 40.

истражување во претходниот период, а другата 1.000. Вториот проблем се јавува во врска со појавата на *корпоративниот опортунизам*. Оваа појава е повеќе присутна при примената на базичниот систем, односно со употребата на даночните кредити врз основа на волумен. Корпоративниот опортунизам може да се протолкува како појава на истиснување или crowding out на волуменот на потребните истражувања во општеството. Ако некоја компанија треба да реализира 100 п.е. трошоци за истражување (што би претставувало еден вид посакувано ниво на трошење), во услови на базичен систем на даночни кредити од 25%, истата треба да реализира трошоци само во износ од 80 п.е., за да ја исполни целта од 100 п.е. инвестиции. Имено, покрај 80 п.е. вложувања, фирмата ќе ги искористи средствата од даночниот кредит во висина од 20 п.е. (80п.е.*25%=20 п.е.) за истата цел, со што, фактички, доаѓа до намалување на реалните издатоци за истражувања. Според тоа, ако целта на даночните инструменти е да обезбедат одржување или зголемување на општествено посакуваното ниво на истражувања во економијата, подобро решение нуди инкременталниот систем на даночни кредити. Понатаму, како проблем може да се јави и *неутралноста*. Иако стимулациите за истражување често имаат карактер на таргетни и дискриминирачки механизми, сепак, можат да понудат реално решение и на проблемот за неутралноста. Бидејќи се одликуваат со одредени пропорционални карактеристики, во поглед на изразувањето на даночната корист, можноста за дисторзија е помала кај базичните (волуменозни) системи за даночен кредит. И на крај, проблемот за *буџетската одржливост* и *предвидливост,* како и *компатибилноста* со вкупниот даночен систем. Во врска со овие прашања, постојат малку истражувања и дискусии, и во таа насока не може да се даде општа оценка за потенцијалот на даночните кредити, од аспект на решавањето на овие проблеми.

Системот на даночни кредити нуди одредени решенија и од **аспект на спречувањето на прекумерно губење на буџетските средства.**[213] Како можни решенија со кои се регулира ова прашање се јавуваат: плафонските даночни кредити, порамнувачките даночни кредити и негативните даночни кредити. Со цел да се лимитира и ограничи прекумерна загуба на потенцијалните приходи на буџетската сметка, владите можат да воведат лимити или *плафони* на износот на даночните кредити. *Плафоните (seilings)* можат да земат облик во две основни форми: во вид на фиксен апсолутен износ и во вид на релативен процентуален износ на даночниот кредит. *Со апсолутниот плафон,* на пример, во висина на 50.000 п.е. даночен кредит, на компаниите им се нуди можност да ја намалат даночната обврска по основ на истражување и развој во висина на 50.000 п.е. Ако направиле поголеми издатоци за истражувања, тие нема да имаат право на даночен кредит во поголем износ од дадениот плафон. *Процентуалниот плафон,* пак, за разлика од апсолутниот, ограничувањето го изразува преку процентуално фиксирање на даночната корист. На пример, плафонот од 20% значи дека компаниите можат да искористат даночен кредит за истражување и развој не поголем од 20% од вкупно пресметаниот данок на

[213] Види: Lhuillery S.: „Problems involved in designing and implementing R&D tax incentive schemes“, Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996, стр. 40, 41.

добивка во тековната година. *Порамнувачките даночни кредити* се пресметуваат врз основа на просечниот базичен пораст на трошоците за истражување и развој во текот на еден период од повеќе години. На пример, во Франција, Кореја и Тајван, овој период изнесува 2-4 години. Играта на просечните големини ги елиминира, всушност, големите флуктуации на обврската за даночен кредит, што резултира со порамнување на износот на даночните кредити (smoothing). Ваквите порамнувања овозможуваат да се задоволи критериумот на предвидливост на буџетските приходи. Порамнувањето на даночните кредити и одмерените казни претставуваат и одличен инструмент за дисциплинирање на даночните обврзници, во поглед на трошењето на средствата за истражување и развој. Како познат казнен механизам се јавува т.н. *негативен кредит,* преку кој државата им наметнува обврска на компаниите кои го немаат реализирано бараното ниво на издатоци за истражувања во тековната година, да го вратат износот на даночниот кредит од претходната година. И негативните кредити можат да се јават во неколку форми. Така, *стриктните (строги или рестриктивни) системи* на негативни кредити бараат да се врши плаќање на пеналите на редовна годишна основа, што значи секоја година, додека *системите кои овозможуваат пренос на негативни кредити* се поблаги во однос на претходните, и нудат можност за пренос на плаќањата во некој друг период.

Јасно е дека располагањето на бенефициите од даночниот кредит е строго врзано, и според тоа, зависно од нивото на извршените издатоци за истражување и развој. Но, за да се реализира даночниот кредит, потребно е компанијата да работи профитабилно, односно да *реализира даночни обврски*. Токму поради ова, малите новоотворени фирми кои се на почетокот од своето основање, можат да бидат дискриминирани, па дури и пенализирани поради фактот што не реализираат обврски за плаќање данок. Со цел да се *заштитат малите фирми, но и да се поддржи процесот на нивното основање*, државите применуваат соодветни решенија во системот на даночни кредити. Така, покрај веќе објаснетите механизми за пренос, тие ги користат и рефундирањата на даночниот кредит и врзувањата на даночниот кредит. *Рефундирањето* на средствата од даночниот кредит значи дека доколку компанијата која извршила вложувања во истражување и развој нема даночни обврски, тогаш ѝ се овозможува рефундирање или плаќање на средствата од буџетот во висина на даночниот кредит. Во некои земји рефундирањето се извршува во потполн износ на даночниот кредит, додека во други земји се ограничува во апсолутен или процентуален износ. Механизмот на рефундирање претставува и ефикасен механизам за автоматска контрола на буџетскиот циклус, кој, генерално, зависи од реалниот бизнис-циклус. *Врзување на даночниот кредит,* наместо со даночната обврска, може да се изврши и со друга алтернативна основа, за да се избегне проблемот на фирмите кои работат со загуба. Така на пример, во Холандија е адаптиран нов пристап во системот на даночни кредити, каде тие се изразуваат врз основа на трошоците на работната сила, направени за целите на истражувањето и развојот. Слично, во Тајван постои систем кој ги дистрибуира даночните

кредити во висина на 0,5% од годишниот обрт, во случај на извршена почетна инвестиција во истражување и развој.[214]

Даночни одбивки или намалувања на даночната основа (R&D tax deductions or tax allowances). Покрај даночните кредити, земјите располагаат и со други механизми за поддршка на активностите околку истражувањето и развојот. Специфичните даночни одбивки претставуваат солидно комплементарно средство со кое може успешно да се надополни, или пак, замени инструментариумот на даночните кредити. Дефинирани како посебни *намалувања на даночната основа, нивна примарна цел е да извршат поттик за зголемено трошење на тековните и/или капиталните средства за истражување и развој, и на тој начин да го убрзаат технолошко-иновативниот процес*. Всушност, со овој инструмент се реализира забрзан отпис на трошоците за истражување и развој преку ефективно редуцирање на даночната основа, и од тој аспект гледано, голема сличност покажува со методот на забрзана амортизација. На пример, тековните издатоци за истражување и развој најчесто се признаваат во висина од 100%, и во тој износ се дозволува намалување на даночната основа во годината на нивното појавување. Таков систем на одбивање или изземање на трошоците за истражување и развој се применуваше во Британија и во повеќе европски земји кон крајот на 90-тите години, но во Австралија, на пример, тоа е дозволено во висина на 150%, а во некои азиски земји и до 200%. Одбивката на капиталните трошоци, пак, се одвива најчесто со преференцијални амортизациони стапки кои се движат, на пример, од 23% во Кореја, до 100% во Британија, а за зградите често се дозволува и забрзана амортизација, која во Австралија изнесува околу 33%.[215]

Во однос на даночните кредити, даночните одбивки можат да се користат паралелно со даночните кредити, и на тој начин да ги надополнат или засилат примарните ефекти кои произлегуваат од нив, или пак, да бидат самостојно користени како нивна алтернатива. Според карактеристиките, *посебните даночни одбивки даваат ефект којшто е сличен на волуменозните даночни кредити*. И во системот на даночните одбивки може успешно да се имплементираат одредени механизми за контрола на буџетските средства, или за контрола на даночните обврзници, како и за спроведување на одредена селективност и таргетирање на целите. Сепак, постои тренд на напуштање на употребата на овој инструмент, за сметка на даночните кредити. Од аспект на ова прашање, можат да се понудат повеќе *веројатни, но неверифицирани причини*. На пример, се смета дека со инструментот даночен кредит се дава *сигнал* дека даночната поддршка е јасно дефинирана, идентификувана, разбрана и користена, за разлика од одбивката, која внесува поголема конфузија во идентификацијата на целите за кои се применува. Следната причина се однесува на *можноста за незаконска рекласификација на трошоците*. Имено, системот на даночните одбивки по сè изгледа е помалку ефикасен во спроведувањето на детално

[214] Види: Lhuillery S.: „Problems involved in designing and implementing R&D tax incentive schemes“, Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996, стр. 41, 42.
[215] Види: Lhuillery S.: „Problems involved in designing and implementing R&D tax incentive schemes“, Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996, стр. 51.

сметководствено дефинирање и класифицирање на трошоците за истражување и развој, за разлика од системот на даночни кредити. Понатаму, ограничувањето на пообемната употребата на даночните одбивки произлегува и од примената на *принципот на неизлишноста во даночната политика* (non-redundancy). Ако владите не сакаат да понудат дополнителна екстра поддршка за истражувањето и развојот, и на тој начин да го спречат непотребното и излишно губење на потенцијални приходи, тогаш тие немаат потреба од удвојување на употребата на даночните инструменти. И, крајното прашање се однесува за *меѓузависноста и интеррелацијата на даночните инструменти* во рамки на даночниот систем. Имено, даночните одбивки и кредити не постојат само за инвестициите во истражување, туку и за другите форми на инвестиции. Затоа, широката и општа употреба на овие инструменти во рамки на корпоративниот систем, може да ја лимитира нивната потесна примена за оваа специфична намена.

Механизмите или можностите за пренос (carryforward mecanisams). Се работи за системско решение кое може да го надополни или засили ефектот од основните даночни инструменти, како што се даночниот кредит или даночната одбивка, и воедно, ја дава потребната флексибилност од аспект на можноста за еднаква реализација на придобивките од приложените мерки. Имено, се разликуваат два основни облици од оваа мерка, и тоа: можноста за пренос на трошоците и можноста за пренос на даночниот кредит. Првата мерка е *комплементарна на системот на даночни одбивки* и се нарекува *можност за пренос на трошоците (caryforward expenditures)*.[216] Со даночните одбивки се овозможува потенцијалните фирми да извршат намалување на даночната основа во висина на извршените издатоци за истражување и развој. Доколку се работи за новоотворена фирма или фирма која работи со загуба, тогаш тие залудно би го изгубиле правото да ја намалат основицата, бидејќи и така остваруваат загуба од тековното работење. Затоа, како дополнителна мерка се воведува можноста за пренос на трошоците за истражување и развој кои биле направени во претходните години, со цел да се искористат во годините во кои се остварува профит. Бројот на годините за колку се дозволува преносот на трошоците најчесто е варијабилен, и се движи во распон од 3 до 10 години. Другата мерка, пак, која се нарекува можност за *пренос на даночен кредит (carryforward tax credit benefits),* е поврзана *со системот на даночни кредити* и преку неа се овозможува фирмите со загуба да го остварат правото на даночен кредит во некои подобри времиња, кога би располагале со подобра стапка на рентабилност во своето работење. Како што е познато, даночниот кредит е мерка со која се овозможува намалување на даночната обврска на фирмите, и во случај на загуба, може да остане неискористена, доколку не се понуди можноста за пренос.

Методологија за пресметка на даночниот товар на инвестициите во правата од интелектуална сопственост (B – индекс). Всушност, се работи за познатиот компаративен показател кој се нарекува B-индекс.[217] *Со овој показател се мери минималната сегашна вредност*

[216] Види: Summary: Fiscal measures to promote R&D innovation, An OECD study, 1996, стр. 4.

[217] За овој показател детално види: Guellec D., Van Pottelsberghe B.: „The impact of public and R&D expenditure on business R&D“, an OECD study, 2000, стр. 19, 20; Warda J.: “Tax treatment of business

на профитот пред оданочување, која компанијата треба да ја оствари, со цел да ги покрие сите трошоци на инвестицијата во права од индустриска сопственост (истражување и развој, софтвер, тренинг, патенти и слично), и притоа да ги плати сите корпоративни даноци кои произлегуваат од инвестициониот проект. Конструиран од Варда (Warda, 1996), тој претставува синтетички показател за даночните поволности што ги креираат националните системи по однос на вложувањата во истражување и развој. Освен само за конкретните трошоци за истражување, тој успешно може да се примени и за останатите елементи на правата од индустриска и интелектуална сопственост. Основната формула за пресметка на B-индексот гласи:

B-index = (1-A)/(1-t);

каде A ја дава дисконтираната нето-сегашна вредност на инструментите на даночните стимулации, (1-A) е трошокот на инвестицијата во права од интелектуална сопственост, и t ја претставува номиналната корпоративна даночна стапка. Како што се гледа, концептот на показателот е сличен, односно се потпира на добро познатиот концепт на маргиналните стапки на Кинг и Фулертон.

Инаку, формите на даночните мерки, како што спомнавме, можат да заземат повеќе облици, и тоа: одбивка на тековната основа, амортизација, дополнителни одбивки на основата и даночен кредит. Всушност, вкупната вредност на параметарот A ќе зависи од индивидуалните вредности на поединечните даночни мерки кои ги набројавме.

Одбивка на тековната основа. Доколку за инвестирање во облиците на интелектуална сопственост се предвидува брз моментален отпис на трошоците на товар на тековната основа, во тој случај изразот A има вредност xt, каде x е пропорцијата на трошоците кои се предмет на тековен отпис (процентуалното учество на тековните трошоци), а t е стапката на данок на добивка. Оттука следува дека B-индексот ја добива вредноста:

B=(1-xt)/(1-t);

Во ваков случај, доколку сите трошоци за истражување се предмет на тековен отпис во целосен износ или 100%, тоа значи дека x добива вредност еден, откаде произлегува дека и B-индексот има вредност еден, укажувајќи на неутралност во даночната политика.

Амортизација на даночни цели. Доколку трошоците за истражување и развој се предмет на капитализација, во тој случај амортизацијата за даночни цели е најрелевантната мерка на даночната политика. Ако со y се обележи пропорцијата на трошоците за истражување и развој кои се предмет на амортизација (процентуалното учество на капиталните трошоци), со z се обележи сегашната вредност на амортизацијата, а со t стапката на данок на добивка, тогаш вредноста на даночната стимулација има вредност A= yzt. Следува дека B-индексот го добива обликот:

B=(1-yzt)/(1-t);

---

investments in intellectual assets: An international comparison“, An OCED study, 2006, стр. 48-51; и Gordon K., Tchilinguirian H.: „Marginal Effective Tax Rates on Physical, Human and R&D capital“, An OECD study, 1998, стр. 21-23.

а во случај на заедничко користење на претходниве две мерки, како во случајот со Германија:

B=(1-xt-yzt)/(1-t);

Неколку напомени околу вредноста на параметарот z. Вредноста на параметарот z зависи од користениот метод на амортизација. Во случај на користење на праволиниската метода, тој има вредност:

$z = (1 - e^{-pL}) / (pL)$; или $z = [1 - [1 / (1 + p)^{L}] / (pL)$;

каде L е ознака за годините или периодот на амортизација на средството, а p е дисконтната стапка која стандардно се зема да изнесува 10%. Доколку се применува опаѓачката метода, тогаш сегашната вредност на денар-амортизација изнесува:

$z = a / (a + p)$;

каде а е експоненцијалната стапка на амортизација, додека p е дисконтната стапка.

Дополнителни инвестициони одбивки. Понекогаш законодавецот овозможува, покрај моменталните отписи на тековните трошоци, да се извршат дополнителни одбивки на тековната основа во висина на инвестираните капитални трошоци, и покрај тоа што имаат карактер на основни средства (aditional deductions or investment allowancess). Ако се претпостави како самостојна мерка, и со w се обележи пропорцијата од трошоците за истражување кои се предмет на изземање, и со t се обележи стапката на данок на добивка, тогаш А добива вредност A= wt, а B-индексот вредност:

B=(1-wt)/(1-t);

Бидејќи оваа мерка не постои во изолирана форма, ја претставуваме нејзината вредност во случај на паралелно користење на амортизацијата, каде:

B = (1-yzt-wt)/(1-t);

Понатаму, во сценариото каде еден дел од вкупните трошоци за истражување се поделени на тековни и на капитални, и се предмет на отпис во првата година:

B=(1-xwt)/(1-t);

И во случај, што е и сосема нормално, кога покрај моменталниот отпис на дел од тековните x и на дел од капиталните трошоци w се врши амортизирање на останатиот дел од капиталните трошоци y, како во Велика Британија:

B=(1-xwt-yzt)/(1-t);

Даночни кредити. Даночните кредити претставуваат една од најексплоатираните и најмоќните стимулации во овој домен. Ако се претпостави самостојна употреба на овој инструмент, што, се разбира, е малку веројатно, тогаш параметарот А изнесува A=uc, при што u е пропорцијата на трошоците за истражување кои се квалификуваат за даночен кредит, а c е нето-сегашната вредност на даночниот кредит. Од ова следи дека B-индексот ќе биде:

B=(1-uc)/(1-t);

За даночниот кредит е каректеристично што, за разлика од другите мерки на даночната политика, може да биде предемет на дополнително оданочување. Во тој случај, даночната корист од овој инструмент мора да се коригира за влијанието на даноците t, па така, изразот го добива обликот:

B=(1-uc(1-t))/(1-t);

Доколку државата понуди со системот на амортизација и паралелно користење на даночен кредит, тогаш коефициентот се пресметува според изразот:

B=(1-yzt-uc)/(1-t);

а во сценарио на оданочување на даночниот кредит:

B=(1-yzt-uc(1-t))/(1-t);

Доколку системот предвидува отпис на тековните трошоци x во првата година и амортизација на капиталните трошоци y со паралелно користење на даночен кредит по основ на реализираните u трошоци, тогаш се добива дека B-индексот изнесува:

B=(1 - xt - yzt - uc)/(1-t);

И во случај на оданочување на даночниот кредит, што е конкретен случај во Холандија, каде пропорцијата на даночниот кредит u се врзува со трошоците за работната сила (платите и придонесите) за истражување и развој:

B=(1 - xt - yzt - uc(1-t))/(1-t);

Ако направиме еден синтетички израз на B-индексот, под претпоставка дека постои моментален отпис на тековните трошоци x, моментален отпис на дел од капиталните трошоци w, амортизација на останатиот дел од капиталните трошоци y и даночен кредит на трошоците со пропорција u, тогаш, следи дека истиот изнесува:

B=(1 - xwt - yzt - uc)/(1-t);

и во случај на оданочување на даночниот кредит:

B=(1 - xwt - yzt – uc(1-t))/(1-t);

Останува уште да се утврди вредноста на c, а тоа е нето-сегашната вредност на даночниот кредит. Имено, даночниот кредит може да биде доделен врз база на трошоците за истражување и развој од претходната година (базичен или волуменозен) и врз база на прирастот на трошоците во однос на претходната година (инкрементален кредит). Доколку се работи за даночен кредит по волумен, тогаш вредноста на параметарот c е еднаква на стапката на даночниот кредит по волумен t^c. Доколку, пак, се работи за инкрементален кредит, тогаш вредноста на c може да се пресмета според изразот:[218]

$c= t^c[1-1/k(\sum(1+p)^{-k})]$;

при што p е дисконтната стапка, k е бројот на години во кој трошоците се земаат како просек за да се дефинира базата, и t^c е стапката на инкременталниот даночен кредит. Притоа, доколку базата за

[218] Guellec D., Van Pottelsberghe B.: „The impact of public and R&D expenditure on business R&D“, an OECD study, 2000, стр.19.

инкременталниот кредит се определува врз реализираните трошоци од претходната година, или пак, врз реализираните трошоци од некоја фиксно утврдена базична година, тогаш, вредноста на c, според горниот израз, е еднаква на стапката на инкременталниот кредит t^c. Формулата добива на вредност само во случај кога како база се зема просечниот износ на трошоци во одреден период, на пример 1, 2, 3, 4 и повеќе години.

Инаку, основното аналитичко правило на B-индекост е следново: колку што B-индексот има помала вредност од 1, толку е поголем степенот на даночната поддршка на инвестициите во интелектуална сопственост; ако B-индексот = 1, тогаш даночната политика е неутрална во овој домен; и колку што B-индексот е поголем од 1, толку е поголем даночниот товар на конкретните инвестиции. Со цел да се димензионира **интензитетот на даночната поддршка/даночниот товар**, претставен е и следниот коефициент:

Даночна поддршка/товар (tax subsidy/burden) = 1 – B-index;

Ако, на пример, B-индексот изнесува 0.90, тогаш државата ги субвенционира инвестициите преку мерките на даночниот систем во износ од 10 дени на 1 денар инвестиција. И обратно, ако B-индексот има вредност од 1,15, тогаш државата наплаќа 15 дени данок на 1 денар инвестиција во истражување и развој. Следствено, ако коефициентот даночна поддршка/товар > 0, односно е позитивен, тогаш даночниот систем ги поддржува инвестициите, ако коефициентот = 0, тогаш системот е неутрален, и ако коефициентот < 0, односно е негативен, тогаш даночниот систем влијае ограничувачки врз инвестициите.

2. Даноците и работната сила

2.1. Даночните стимулации, вработеноста и поддршката на лица со низок доход

Се работи за посебна област на примена на политиката на даночните стимулации, чија цел е да се зголеми степенот на вработеноста на работната сила, а во исто време да се даде финансиска поддршка на сиромашните луѓе. Преку мерките на даночната политика, всушност, властите настојуваат да го редуцираат даночниот товар на одредени сегменти (или категории) на работната сила, со што би се поттикнал поголем степен на работно учество во рамки на трудовите структури. Паралелно, со зголемувањето на понудата на работната сила, се овозможува и одредена поддршка на лицата со низок доход. Значи, заложбата на даночната политика е да се постигне баланс помеѓу двете спротивни цели на економската политика, а тоа се еднаквоста и ефикасноста.

2.1.1. Импактот врз нископлатените работници, неактивите и невработените лица

Нивото на расположливиот доход на нископлатените работници не зависи само од даночниот систем, туку зависи пошироко и од присутноста и обемот на бенефитните трансфери, стапките на социјалните придонеси и слично. *Општо правило на даночната политика за поддршка на лицата со низок доход се состои во принципот на финансирање на даночните ослободувања на овие таргетни лица преку зголемување на степенот на даночното оптоварување на лицата со повисок доход.* Всушност, суштината на овој принцип се содржи во **степенот на прогресивност на даночниот систем**, а начинот на реализација на оваа политика се изведува преку примена на познатите мерки на политиката на даночните стимулации (даночен кредит, даночни одбивки, негативен даночен кредит и слично).

Графикон бр. 2

Илустрација на механизмот на даночните стимулации (даночниот кредит)



Извор: Bassanini A., Rasmussen J.H., Scarpetta S.: „The economic effects of employment-conditional income support schemes for the low-paid: An illustration from a CGE model to four OECD countries", An OECD study, стр. 7.

За разлика од директните трансфери, *системот на даночни мерки не троши голем обем на буџетски средства, и во однос на нив, е доста поекономичен*. Имено, како што се гледа од графиконот, отсечката ОН ја претставува **влезната фаза (phase-in)** на лицата кои се квалификуваат за примање даночен кредит доколку остариле низок доход. Притоа, даночниот кредит се врзува со висината на бруто-доходот, и како што расте истиот, толку се зголемува и износот на даночниот кредит. Во точката Н, се доделува максималниот износ на кредит кој е врзан за определен износ на бруто-доход А. Со понатамошниот раст на бруто-доходот, всушност, лицата влегуваат во **излезната фаза (phase-out)** од линијата на даночниот кредит, која е еквивалентна на отсечката НВ, која пак, се протега до износот на бруто-доходот со кој се губи правото на даночен кредит. *Всушност, лицата кои примаат бруто-доход во износ на точката А, добиваат даночен кредит, кој се финансира од лицата со бруто-доход во износ поголем од А, кои, делумно или целосно, го губат правото на даночен кредит.* Во зависност од состојбата на пазарот на работна сила, даночниот систем во комбинација со мерките на даночните стимулации, во содејство со разните бенефитни трансфери, може да влијае врз обемот на работните стимулации на неколку начини:[219]

Замка на низок доход (the low-wage trap or poverty trap). Замката на низок доход или замката на сиромаштија е поврзана со *транзицијата на работните луѓе од состојба на повисок*

[219] Види: Carone G., Immervoll H., Paturot D., Salomaki A.: „Indicators of unemployment and low-wage traps (Marginal Effective Tax Rates on Emloyment Income)", An OECD study, 2004, стр. 9.

доход кон состојба на понизок доход. Имено, терминот замка се користи во констелација на потенцирање на *безуспешноста* на напорите вложени во дополнителни часови на работа, да се ефектуираат во зголемување на расположливиот нето-доход. Комбинацијата од зголемени даноци и редуцирани бенефитни мерки, честопати резултираат со зголемување на даночниот товар на дополнителните часови работа, што придонесува значаен дел од дополнителните приходи да се одлеат низ каналите на даночниот систем. Како последица на ова може да се јави *обесхрабрување и дестимулирање на напорите за дополнителна работа на нископлатените луѓе*, што, се разбира, би имало негативни консеквенции од аспект на нивната материјална состојба.

Според организацијата на ОЕЦД, основен индикатор со кој може да се квантифицира обемот за кој даночните и бенефитните инструменти ја редуцираат финансиската корист од дополнителните часови работа, е *коефициентот на маргиналните ефективни даночни стапки, или скратено, METR*. Овој показател ни покажува, всушност, колкав дел од дополнителната заработка се одлева како резултат на **комбинираното дејство на зголемените даноци и намалените трансферни бенефити,** или поточно, колкав е ефективниот даночен товар на дополнителната работа. Неговата вредност може да се изрази како:[220]

$$METR = 1 - \Delta Y_{net} / \Delta Y_{gross};$$

при што ΔY_{gross} се дополнителните заработки, ΔY_{net} е промената на нето-доходот после плаќањето на даноците и примањето на бенефитните трансфери. Инаку, промената на бруто-заработките може да се пресмета како разлика помеѓу нивото на бруто-доход B (како резултат на дополнителни часови на работа) и претходното ниво на бруто-доход A:

$$\Delta Y_{gross} = Y_{gross\ B} - Y_{gross\ A};$$

додека промената на нето-доходот, како разлика помеѓу нето расположливиот доход при ниво на бруто-доход B, и нето расположливиот доход при ниво на бруто-доход A:

$$\Delta Y_{net} = Y_{net\ B} - Y_{net\ A} = (Y_{gross\ B} - t_B + b_B) - (Y_{gross\ A} - t_A + b_A);$$

каде t е вкупниот износ на платени даноци, додека b е вкупниот износ на примени трансферни бенефити. Обично маргиналните стапки се пресметуваат како резултат на мала маргинална промена на бруто-заработките или на дополнителните часови работа, и тоа за лицата кои се веќе вработени. Како релевантна промена на доходот од дополнителна работа се зема транзицијата од половина работно време до полно работно време, од 1/3 работно време до 2/3 работно време, и од 2/3 работно време до полно работно време. Од друга страна, пак, промените на нето-доходот се изразуваат на ниво на домаќинство, бидејќи, на пример, намалувањето на нето-доходот на едниот член на семејството може да биде компензиран со зголемувањето на доходот на останатите членови. Инаку, стандардна процедура е да се мерат маргиналните стапки на следниве категории семејства: едночлено семејство, со или без деца, брачна двојка со еден вработен, со или без деца, и брачна двојка со двајца вработени, со или без деца.

[220] "Benefits and wages-An OECD indicators", 2007, стр. 194.

Замка на невработеност (the unemployment trap). Замката на невработеност претставува термин кој се користи за да се укаже на ризикот од *транзиција од состојба на вработеност кон состојба на невработеност*. Даночниот систем и системот на надоместоци може да резултираат со продуцирање на даночно оптоварување, кое би ги натерало луѓето да се откажат од работа. Затоа, со замката на невработеност честопати е поврзано прашањето за „оправданоста“ на работните напори, и во контекст на одлуката за останување на работа, клучна улога може да одигра токму *даночниот систем и мерките на даночните стимулации*. Системот на трансферни бенефити за невработеност (the unemployment benefit system), пак, може да биде од голема корист во насока на одржување на *минималната ликвидност на луѓето кои се тековно невработени*, па според тоа, претставува одличен инструмент за обезбедување на поправедна дистрибуција на доходот. Меѓутоа, високиот износ на овие надоместоци, може сериозно да ја наруши состојбата на пазарот на работна сила, преку дестимулирање на напорите за барање на работа, па дури и да генерираат состојба на безработица и безделништво. Затоа, некои теоретичари со право ги сметаат трансферите за невработеност како еден од факторите на имперфектноста на пазарот на работна сила.

Основниот индикатор кој ги мери промените во релативниот доход како резултат на транзицијата од состојба на невработеност кон состојба на вработеност, според ОЕЦД, повторно се базира на концептот на маргиналните стапки. Со цел да се одржи степенот на конзистентност со останатите индикатори кои ги применува организацијата, овој е наречен *просечни ефективни даночни стапки (Average Effective Tax Rates – AETR)*, наместо METR, затоа што, во суштина, истиот е повеќе поврзан со промената на доходот од нула (состојба на невработеност), кон одредено позитивно ниво на доход (состојба на вработеност), наместо да е поврзан со определена маргинална промена на доходот. Неговата вредност, како што кажавме, се пресметува врз концептот на маргиналните стапки и истиот има вредност:

$$AETR = 1 - \Delta Y_{net} / \Delta Y_{gross};$$

Меѓутоа, промената се мери помеѓу состојбата на вработеност (in-work, IW) кон состојбата на невработеност (out-of-work, OW), па според тоа, може да се напише дека поконкретно изнесува:

$$AETR = 1 - (Y_{net\ IW} - Y_{net\ OW}) / (Y_{gross\ IW} - Y_{gross\ OW});$$

каде $Y_{net\ IW}$ и $Y_{net\ OW}$ се нето-доходите на домаќинството во состојба на вработеност и невработеност респективно, додека $Y_{gross\ IW}$ и $Y_{gross\ OW}$ се бруто-доходите на домаќинството во состојба на вработеност и невработеност соодветно. Инаку, *вредноста на бруто-доходите е еднаква на вкупните плати на членовите на семејството, пред да се одземе вредноста на даноците и социјалните придонеси.* Вредноста на нето-доходите, пак, е *еднаква на вредноста на бруто-доходите, намалена за вредноста на даноците на доход и социјалните придонеси, зголемена за вредноста на примените трансферни бенефити.* Стандардна процедура е повторно да се мерат просечните стапки на следниве категории семејства: едночлено семејство со или без деца, брачна двојка со еден вработен, со или без деца, и брачна двојка со двајца вработени, со или без деца. Единствена разлика во споредба со маргиналните стапки е тоа што како релевантна

промена на доходот се зема транзицијата од 0 до 1/3 работно време, од 0 до 1/2 работно време, од 0 до 2/3 работно време и од 0 до полно работно време.

Замка на неактивност (the inactivity trap). Замката на неактивност е многу слична со замката на невработеност, со таа разлика што се однесува на луѓето што не примаат никакви надоместоци за невработеност, како и на оние кои не се сметаат за дел од работната сила, односно се дел од неактивното население. Доколку овие луѓе решат да се вработат, односно излезат вон рамките на неактивното население, тогаш можат да изгубат дел од минималниот загарантиран приход кој се доделува преку трансферите на социјалната помош. Затоа, замката на неактивност се однесува на транзицијата од *состојба на неактивност кон состојба на вработеност*. И во овој контекст, комбинацијата на даноци и бенефити (социјална помош) може да биде одлучувачка на одлуката за активирање на населението во рамки на работната сила. Имено, *преголемите даноци и високиот износ на социјални трансфери кон загрозените лица може да резултираат со лежерност*; од друга страна, пак, *примената на одредени даночни мерки може да влијае во обратна насока*. Стимулациите за вработување од состојба на неактивност се мерат потполно идентично како и стимулациите за вработување, од состојба на привремена невработеност, преку показателот на просечните даночни стапки, односно преку AETR. Меѓутоа, со цел да се измери обемот на финансиската поддршка во случај на останување без работа (или нивото на доходната адекватност на невработените луѓе – income adequacy of unemployed), се користи сосема нов компаративен показател, кој се нарекува *нето-стапка на замена, или изворно, net replacement rates – NRR*. Нето-стапките на замена, заедно со должината на дурацијата (или времетраењето) на бенефитните инструменти, претставуваат важни показатели на **одмереноста** и **адекватноста на поддршката на невработените луѓе**. Со цел да се опфатат интензитетот и должината на инструментите, NRR се пресметува како за иницијалниот период од состојбата на невработеност, така и за подоцнежните периоди на невработеноста. Вредноста на овој показател се изразува едноставно како:

$$NRR = Y_{net\ OW} / Y_{net\ IW};$$

каде $Y_{net\ OW}$ е ознака за нето-доходот на домаќинството во состојба на невработеност, а $Y_{net\ IW}$ е ознака за нето-доходот на домаќинството во случај на вработување на еден негов член, со што, всушност, се означува транзицијата од невработеност кон вработеност. И во овој случај, NRR се пресметуваат за следниве 6 категории семејства: едночлено семејство, со или без деца, брачна двојка со еден вработен, со или без деца, и брачна двојка со двајца вработени, со или без деца, додека, во однос на доходот, тие се пресметуваат стандардно за 67%, 100% и 150% од просечната плата.

2.1.2. Декомпозиција на компонентите на маргиналните стапки

Укажавме дека висината на стимулативните ефекти за работа, кои изворно се нарекуваат work incentives, се во директна корелација со висината на маргиналните ефективни стапки. Со цел

да се види кои *елементи на фискалниот систем влијаат врз нивната висина*, да се објасни накратко *стандардната методологија за пресметка во рамки на ОЕЦД*, како и да се направи *увид во конкретниот инструментариум на даночните стимулации*, потребно е да се направи расчленување или декомпонирање на елементите на маргиналните стапки.

Маргиналните стапки наједноставно може да се интерпретираат како однос помеѓу промената на нето-доходот и промената на бруто-доходот на индивидуалното лице, или ΔY_{net} / $\Delta Y_{gross.}$ Меѓутоа, на висината на нето-доходот ΔY_{net} кој го прима лицето, може да влијаат повеќе чинители. Доколку извршиме декомпозиција на овој параметар, ќе се види дека големината на доходот кој му останува на располагање на поединецот, зависи од промената на повеќе други даночни и финансиски инструменти. Така, за METR може да се напише дека изнесува:[221]

$$METR = (\Delta IT + \Delta SSC - \Delta HB - \Delta FB - \Delta SA) / \Delta У_{gross};$$

од каде следува дека промената на нето-доходот од горниот израз е еднаква на збирот од промената на *персоналниот данок на доход ΔIT* и *промената на социјалните придонеси кои ги плаќа лицето ΔSSC*, намален за износот на *промената на бенефитите за домување ΔHB*, *промената на семејните бенефити ΔFB* и *промената на бенефитите за невработеност и социјална помош ΔSA*. Притоа, посебниот придонес кон висината на маргиналната стапка од секој одделен инструмент (на пример, на елементот персонални даноци), може да се квантифицира преку изразот:

$$\Delta IT / \Delta У_{gross} = (\Delta IT / IT) (IT / У_{gross}) (У_{gross} / \Delta У_{gross});$$

Според тоа, како што се гледа од горниот израз, но и според стандардната методологија на ОЕЦД, како фактори од кои зависи висината на напорите за работа се јавуваат следниве:[222]

Бруто-заработки или бруто-плати (gross earnings). Бруто-заработките од работа се пресметуваат како процент од заработките на просечниот работник (average worker – AW). Пред да се воведе категоријата просечен работник, бруто-платите се пресметуваа врз основа на заработките на просечниот производствен работник (average production worker – AWR). Притоа, се признаваат само паричните заработки. Од бруто-заработките се изведува нето-доходот (net income) на индивидуалните лица. Нето-доходот е еднаков на *бруто-заработките, намалени за паричните бенефити, намалени за платените даноци на доход и социјалните придонеси кои ги плаќаат работниците или самите индивидуални лица.* Даноците кои ги плаќаат работодавците (payroll taxes), како и придонесите кои ги плаќаат, исто така, работодавците, не се вклучуваат во пресметката, бидејќи не паѓаат на товар на заработувачот на платата.

Парични трансфери или бенефити (cash benefits). Сите видови на трансферни бенефити не се вклучуваат во пресметката, туку само т.н. парични бенефити. Во оваа категорија стандардно се сметаат следниве видови на бенефити, и тоа: осигурувањето од невработеност **(unemployment**

[221] Carone G., Immervoll H., Paturot D., Salomaki A.: „Indicators of unemployment and low-wage traps (Marginal Effective Tax Rates on Emloyment Income)“, An OECD study, 2004, стр.15.

[222] Комплетната методологија за пресметка на овие показатели е прикажана во: „Benefits and wages-An OECD indicators“, 2007. стр. 183-199.

insurance), надоместокот за невработеност **(umemployment assistance)**, социјалната помош **(social assistance)**, додатокот за домување **(housing benefits)**, додатокот за деца и семејство **(family benefits)**, додатокот за детска нега **(childcare benefits)**, додатокот за самохрани родители **(lone parents benefits)** и додатокот за вработување **(employment conditional benefits).** Износот на сите овие парични трансфери се додава на вредноста на бруто-заработките. Во однос на показателот на маргиналните стапки, нивното влијание се состои во тоа што го намалуваат даночниот товар на индивидуалните лица, поради што можат да се искористат како начин за подобрување на нивната финансиска состојба.

Платени придонеси за социјално осигурување (social security contributions). Веќе се спомна дека во пресметката на маргиналните стапки се вклучуваат само социјалните придонеси кои ги *плаќаат самите работници (employee contributions)*. Меѓутоа, постојат придонеси кои ги плаќаат и работодавците за сметка на вработените лица (employer contributions). Последново отвора дебата за тоа дали треба и овие да бидат вклучени во пресметката на стимулациите за работа. Во поглед на прашањево, постојат два одделни ставови. Според првиот, *социјалните придонеси платени од работодавците треба да бидат вклучени само доколку генерираат инциденца на товар на вработените лица, во спротивно не треба да се земаат предвид.* И втората, која е застапена од ОЕЦД, придонесите кои ги плаќаат работодавците, вклучувајќи ги оние кои паѓаат на товар на работниците, *не треба воопшто да се вкалкулираат.* Тоа е така бидејќи зголемениот износ на придонеси кои претставуваат трошок на работодавецот, во услови не нееластична крива на понудата на работната сила, ќе резултира со снижување на нето-платата на работникот, а паралелно со тоа, и на просечната плата. Во крајна смисла, поради снижување на референтната основа за споредба (плата на просечниот работник), ќе дојде до компензирање на зголемениот даночен товар, така што нема да настанат големи промени во показателот. Инаку, платените социјални придонеси од страна на вработените ја снижуваат вредноста на расположливиот нето-доход.

Персонален данок на доход. Персоналниот данок на доход влегува во пресметката на маргиналните стапки, на тој начин што ја зголемува нивната вредност. Меѓутоа, системот на персоналниот данок на доход се состои и од многу други елементи, како што се разните *даночни ослободувања кои имаат спротивен ефект врз маргиналните даночни стапки на примателите на доход.* Инаку, методот за пресметка на обврските по основ на персоналниот данок кој се применува во земјите на ОЕЦД, е стандардизиран. Најпрвин, се утврдуваат категориите на доход кои влегуваат во пресметката, од кои потоа се одземаат даночните одбивки (tax allowances) предвидени за одредена категорија на доход; потоа се пресметува износот на персоналниот данок, со примена на стапките утврдени за секоја категорија на доход, за да, на крајот, од овој износ се одземат даночните кредити (tax credits), предвидени, исто така, за секоја одделна категорија на доход. Инаку, даночните ослободувања на персоналниот данок на доход, кои изворно се нарекуваат tax reliefs, и кои можат да попримаат најразлична форма (на пример, даночни одбивки, даночни кредити и сл.), се разликуваат како стандардни даночни ослободувања (standard tax

reliefs) и нестандардни даночни ослободувања (non-standard tax reliefs). Според основната методологија, само стандардните даночни ослободувања влегуваат во пресметката на маргиналните стапки. Да видиме накратко какви даночни ослободувања се применуваат во развиените земји.

Стандардни даночни ослободувања (standard tax reliefs). Стандардните даночни ослободувања *не се поврзани со фактичките трошоци на даночниот обврзник* и *се достапни за секој обврзник кој ги задоволува квалификационите критериуми, пропишани со даночната легислатива*. Најчесто тие се утврдуваат или како фиксни износи, или пак, како процентуални стапки, и од нив најмногу зависи конкретниот износ на обврската за плаќање данок. Во сите земји од оваа групација, овие даночни ослободувања стандардно се класифицирани во 5 основни групи:

- основно или лично даночно ослободување (basic standard relief), кое се изразува во фиксен износ, најчесто како даночна одбивка на основата, и е достапно за сите даночни обврзници од сите категории на доход, без разлика на нивниот брачен или семеен статус;

- даночно ослободување врз основа на брачен статус (marital status standard relief). Ова ослободување се доделува само на обврзниците кои стапиле во брак. Може да заземе форма на одбивка или даночен кредит;

- даночно ослободување за деца (standard child relief), кое најчесто им се доделува на семејствата со две или повеќе деца и може да земе форма, исто така, како даночна одбивка или даночен кредит;

- даночно ослободување по основ на придонесите за социјално осигурување (standard relief for social security contributions). Се доделува на сите приматели на плата и е поврзано со задолжителните плаќања на придонеси кон централната влада. По овој основ, а бидејќи е поврзано со одредени плаќања или трошоци на даночните обврзници, се разликува од дефиницијата за стандардни даночни ослободувања. Меѓутоа, поради тоа што се однесува за сите обврзници, се класифицира токму во оваа група. Најчесто зема форма на даночна одбивка, а поретко форма на даночен кредит; и

- даночно ослободување за работни трошоци (standard tax reliefs in respect of work expenses), кое има, повторно, карактеристики на нестандардно даночно ослободување, но сепак, се доделува општо на сите обврзници, било во фиксен или процентуален износ, во форма на одбивка на даночната основа, или, пак, во форма на кредит на даночната обврска.

Нестандардни даночни ослободувања (non-standard tax reliefs). Нестандардни даночни ослободувања се оние кои во целост *се детерминирани, односно поврзани со тековните трошоци на даночните обврзници. Тие не се однесуваат подеднакво и безусловно на сите обврзници, не се изразуваат во фиксен или процентуален износ и не влегуваат во пресметката на даночната позиција на обврзникот.* Исклучок од ова правило има во случај кога нестандардното даночно ослободување содржи клаузула за минимален бенефит („minimum benefit“ clause), односно кога предвидениот бенефит е поврзан со износот на конкретните фактички трошоци, при што во обзир

се зема фиксниот износ на пресметаниот бенефит. Инаку, овие ослободувања можат да се најдат во повеќе различни видови, како на пример: *даночни ослободувања за камати на квалификувани заеми (relief for interst on qualifying loans),* кои најчесто се доделуваат при купување на куќа или стан, *ослободување за приватно животно осигурување (relief for private insurance premiums), ослободување за приватно пензиско осигурување (relief for contributions to private pension schemes)*, *ослободување за добротворни донации (relief for charitable donations), ослободување за здравствено осигурување (relief for purchase of medical insurance)* и друго.

Модели за пресметка кои се достапни на интернет. Моделите за пресметка на даночно-бенефитната позиција на даночните обврзници кои ги користи ОЕЦД, се напишани во компјутерската програма STATA®, која, всушност, претставува статистичко-аналитичка програма. Читачите на публикациите на оваа организација можат да ја користат програмата за пресметка за свои цели и потреби, но податоците кои се внесуваат, мораат да бидат стандардизирани според класификацијата на ОЕЦД. Програмата е достапна на интернет на домеинот www.oecd.org/els/social/workincentives. Напомнуваме дека за користење на оваа програма потребно е да се помине солидна обука, како во врска со оперирањето на самата програма, така и во врска со совладувањето на конкретната методологија која се применува во оваа организација. Исто така, мора да се изврши и посебна постапка за инсталација на програмата STATA® со минимална верзија од 9 па нагоре, со цел да се овозможи правилно користење на даночно-бенефитните модели. Други земји, пак, кои се дел од ЕУ, ја применуваат програмата EUROMOD на Европскиот институт за економски и социјални истражувања, кој е достапен на домеинот http://www.iser.essex.ac.uk/euromod.

2.1.3. Стратегии и мерки за намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста

Во оваа точка ќе ги разгледаме можните стратегии и конкретните мерки (инструменти) кои развиените земји ги користеле, или пак, ги користат заради обезбедување на минимална финансиска поддршка на сиромашните луѓе. Конкретните инструменти имаат **хибридни даночно-финансиски карактеристики,** но сепак, претставуваат составен дел на даночниот систем.

Развиените земји, кои со право се нарекуваат земји на богатство (welfare states), во текот на својата историја применувале многу различни програми чија цел била да се ублажат социјално-материјалните разлики на луѓето преку доделување на минимална финансиска помош. Стратегиите кои биле применувани до почетокот на деведесеттите години на минатиот век ги имале, накратко, следните карактеристики: 1. *голем степен на употреба на програмите за невработеност,* чија цел е да се компензираат загубите на расположливиот доход како резултат на принудна невработеност. Преку овие програми биле покривани дури 30 до 80 проценти од потенцијалните загуби на отпуштените работници во земјите од ОЕЦД, а истите биле

реализирани во доста долг временски период, кој често бил подолг од една или повеќе години. Учеството во една ваква програма претставувало олеснителна околност за автоматско учество во некоја друга програма, како што се, на пример, програмите за инвалидност; 2. *големата употреба на програмите за инвалидност,* чија намена е да се обезбедат средства за луѓето кои останале хендикепирани во текот или вон работниот однос. И овие траат доста долго време (можно е и на трајно време), а во исто време покриваат доста голем дел од можните загубени приходи; 3. *примена на стимулации или мерки за предвремено пензионирање,* преку кои најчесто се остварува линкот помеѓу шемите за невработеност и инвалидност и правото на пензија. И во овој домен се остваруваат големи стапки на замена на доходот на невработените лица. 4. *пропишување на ригидни и строги правила за вработување,* преку кои се ограничува, или дури, поинаку кажано, се забранува можноста за отпуштање на работниците во случај на намалување на работата на работодавците. Со тоа вишокот на работна сила неоправдано ги зголемува производните трошоци, создавајќи неодржлива состојба на долг рок; 5. *масовно имплементирање на правилата за минимална плата,* со кои се бара исплата на минимална месечна или неделна плата од страна на работодавецот, и тоа без разлика на степенот на образование, стекнати вештини или продуктивност на ангажираниот работник. Со спроведување на политиката на минимална плата на широка основа, врз основа на закон, или, пак, колективен договор, всушност, се постигнува вештачко подигање на цената на трудот, што неминовно резултира со имперфекции на пазарот на работна сила.

Се разбира, опишаниот стратешки пристап ја остварува целта за којашто претежно е дизајниран, а тоа е креирање на оддржлива мрежа на социјалниот мир. Во тој контекст, овие програми, секако, овозможуваат намалување на социјалните разлики помеѓу богатите и сиромашните граѓани, како и редуцирање на стапката на сиромаштија. Преку нив буквално се гарантира правото на вработување, како и сите права кои произлегуваат од работниот однос; понатаму, правото на социјална заштита и минимален доход во случај на невработеност, болест, професионално заболување или инвалидитет, и сл. Меѓутоа, покрај позитивните одлики, доста бројни се и негативните особености на овие т.н. великодушни социјални шеми. Меѓу нив се спомнуваат следниве:[223] ја намалуваат волјата за работа и иницијативата за барање на работа кај невработените лица; ја намалуваат побарувачката на работна сила, особено на лицата со ниски плати, или со ниско ниво на вештини, со што се охрабрува супституцијата на перманентните работници со привремени работници; ги зголемуваат трошоците на работодавците, со што дополнително се намалува побарувачката за работна сила; се создаваат имперфектности или ригидност на пазарот на работна сила преку подигање на рамнотежното ниво на платите; ги снижува стимулациите на вработените лица за залагање и дополнителен напор на работното место, поради ригидните правила за вработување со кои се ограничува можноста за отпуштање од

[223] Heveman R.: „Reducing poverty while increasing employment: A primer on alternative strategies. And a blueprint“, An OECD study, стр.10,11.

работа; се намалува степенот на партиципација во работната сила, а со тоа и понудата на работна сила; се намалува продуктивноста на работната сила; доаѓа до стагнација на степенот на вработеноста, па дури се генерира и одредена невработеност на работната сила; се создаваат замките на невработеност, низок доход, неактивност, па дури и замката на сиромаштија; се трошат многу јавни средства заради финансирање на преземените програми, што ги прави истите значително скапи, и сл. Сите овие ограничувања на социјалните програми укажуваат на единствениот и неоспорен факт дека тие се **економски и административно неисплатливи**, а во исто време и **неефикасни поради високиот ризик од појава на работни дестимулации (work disinsentives)**. Затоа, последните реформи во доменот на оваа политика предвидуваат постепено напуштање на социјалните програми и воведување на **стратегии за поддршка на доходот (income support),** во чија срж лежи употребата на одредени специфични фискални инструменти. Притоа, нивната цел е двојна: обезбедување на минимален доход на сиромашните луѓе, но и задржување на стимулациите за работа. Тие инструменти се даночниот кредит на остварен доход (Credit Income Tax – CIT), негативниот даночен кредит (Negative Income Tax – NIT), базичниот или минималниот гарантиран доход (Basic income Guarantee – BIG or Guaranteed Minimum Income – GMI), даночниот кредит на заработен доход (Earned Income Tax Credit – EITC), додатокот за минимална плата (Wage Rate Subsidy – WRS) и додатокот за дополнително вработување (Marginal Employment Subsidy – MES). Иако оспорувана, сепак, многу користена мерка е и минималната плата (Minimum Wage). Следи краток опис на карактеристиките на набројаните мерки, а потоа и на предлог-стратегијата за поддршка на доходот во борбата против сиромаштијата.

Даночен кредит на остварен доход (Credit Income Tax – CIT). Овој инструмент се доделува на тој *начин што на секое поединечно лице му се одделува грант, или, алтернативно, повратен, односно рефундабилен даночен кредит, кој се врзува со определено минимално ниво на остварен доход*. Потоа, оствареният доход на лицата се оданочува според структурата на маргиналните стапки на даночниот систем, при што лицата кои остваруваат *даночни обврски над висината на кредитот, плаќаат данок во износ на позитивната разлика*, додека на оние со *обврски под висината на кредитот, им се рефундираат средства во износ на негативната разлика*. Доколку лицето не остварува никакви приходи, социјалниот минимум е гарантиран со рефундирањето на средствата во рамки на персоналниот даночен систем, кој, во овој случај, е еднаков на висината на утврдениот даночен кредит. Лицата со поголем приход плаќаат данок според прогресивни маргинални стапки кои се утврдени така што ќе реализираат доволно приходи за финансирање на рефундираните средства. Точката на покривање, или изворно, break-even point, која го дава нивото на остварен доход на кој поединецот не плаќа данок, ниту пак добива рефундирани средства, може да се добие со делење на износот на грантот/даночниот кредит со маргиналната даночна стапка. Мерката може да се користи како за поединци, така и за семејства, а бидејќи претставува дел од даночниот систем, нема потреба од одделно администрирање надвор од рамките на даночните служби. Од начинот на кој се применува CIT,

се гледа дека истиот е целосно интегриран и универзален инструмент кој содржи, истовремено, и даночни и финансиски карактеристики.

Негови **предности** се: *едноставност* (едноставно се применува како дел од системот на персоналните даноци и едноставно и лесно се администрира); *еднаквост и праведност (*еднакво и униформно ги распределува средствата на сите оние кои имаат потреба од средства за живот на едно општествено прифатливо ниво); *унифицираност* (универзалните карактеристики на инструментот не дозволуваат креирање на нето-добитници и нето-губитници на средства, со што се постигнува подобра социјална кохезија); *ефективност* (ефективно ја редуцира сиромаштијата под самата линија на сиромаштија); *ефикасност (*ефикасно ги зголемува стимулациите и заложбите за работа на лицата и семејствата со низок доход и висока стапка на невработеност). Како **негативности** се истакнуваат: *фундаментална реформа (*постои потреба од фундаментално реструктурирање на даночниот систем, за што постои отпор од страна на институциите на државата); *временски дисконтинуитет (*овој инструмент не обезбедува автоматска поддршка на обврзниците, дефинирана врз временска основа. На пример, доколку лицата останат без работа, меркава не нуди краткорочна поддршка на изгубениот доход); *таргетна неефикасност (*бидејќи е општа мерка, односно се доделува на општа база, истава не може да креира задоволителен степен на селективност кон лицата со најнизок доход); *скромност (*овој инструмент може да задоволи едно скромно ниво на животен стандард и во оваа смисла се разликува од „дарежливите“ социјални програми).

Негативен данок на доход (Negative Income Tax – NIT). Негативниот данок на доход, или скратено NIT, има многу слични карактеристики како и даночниот кредит на остварен доход. Со примената на NIT, всушност, се овозможува *секое домаќинство, или, пак, секој поединец, да оствари еден вид основна финансиска помош, којашто е врзана за големината на просечниот доход потребен за нормална живеачка*. На овој начин, *обврзниците кои остваруваат помал доход од референтната основа, би добивале поголеми суми на средства преку системот на социјални трансфери,* кои се дотолку поголеми, колку што е помал и доходот во однос на основата. Обратно, *обврзниците со поголем доход од утврдената основа, би добивале помали износи на средства во однос на базичната финансиска помош*. Од ова може да се заклучи дека лицата со доход кој е помал од основниот, остваруваат **негативен данок на доход,** и според тоа, имаат карактеристики на *нето-примачи на финансиски средства*, додека оние со поголем доход, реализираат **позитивни стапки на данок на доход** со карактер на *нето-плаќачи на данок*. Всушност, овој инструмент е конструиран на тој начин што стапката на покривање (break-even point) е поставена така што лицата со поголем доход од референтниот, по автоматизам стануваат плаќачи на данок, со цел да се финансираат социјалните трансфери на лицата со помал доход.

Мерката негативен данок на доход може да се реализира низ два основни плана, и тоа: план на *низок гарантиран доход (low-guarantee plan)* и *план на висок гарантиран доход (high guarantee plan)*. Преку првиот план, всушност, се утврдува едно минимално ниво на егзистенцијален доход, кое државата им го гарантира на даночните обврзници. Врз основа на ова

ниво на доход, се планираат и надоврзуваат останатите програми на системот на социјални трансфери (на пр., како што се програмите за инвалидност, невработеност, итн.). Како резултат на тоа, маргиналните стапки на сиромашните луѓе, како и на оние со повисок доход, ќе бидат релативно ниски, што значи дека, општо, стимулациите за работа на сите категории на обврзници, нема да се нарушат. Спротивно на можностите за зголемување на работните стимулации, овие програми, односно планови, не нудат задоволително ниво на финансиска помош, што значи дека имаат далеку помала моќ од аспект на редукцијата на јазот на сиромаштија. Планот на висок гарантиран доход, пак, обезбедува доста поголем обем на средства, во однос на планот на низок доход. Имено, овој план гарантира минимален износ на средства во висина на 2/3 до 3/4 од линијата на сиромаштија, за разлика од планот на низок гарантиран доход, кој го обезбедува само неопходното минимално ниво на доход. Меѓутоа, високата помош генерира високи маргинални стапки на луѓето со низок доход, со што се елиминираат дополнителните залагања за барање на работа. Сепак, во однос на намалувањето на стапката на сиромаштија, имаат неспоредливо поголем потенцијал.

Поради големата сличност со даночниот кредит на остварен доход-CIT, негативниот даночен кредит ги има, речиси, **истите позитивни и негативни карактеристики.** За разлика од CIT, оваа мерка е нешто помалку успешна во однос на елиминацијата и искоренувањето на сиромаштијата, а сериозни критики се упатуваат и од аспект на ограничувањето на работните стимулации. Бидејќи се реализира комплементарно со системот на социјалните трансфери, таа има нагласени хибридни карактеристики, па според тоа, како последица се јавува потребата *од воспоставување на одделна администрација,* која би функционирала паралелно и во координација со даночната администрација. Сепак, не бара посебни реструктурирања во рамки на постоечката даночна администрација.

Инаку, многу современи економисти, меѓу кои конзервативецот Милтон Фридман и кејнзијанецот Џејмс Тобин, ја бранеле тезата за негативниот данок на доход. Според нив, негативниот данок на доход се дефинира како **комбинација или систем од униформен трансфер на средства (G) и оданочување на остварениот доход.** Ако суштината или механизмот на негативниот данок се изрази како:[224]

$$T(Y) = - G + tY;$$

тогаш лицата, или семејствата чиј вкупен доход е помал од G/t, плаќаат негативен данок на доход, и обратно. Но, и покрај заложбата на неговите промотори, според кои овој инструмент ги обезбедува основните средства за живот и не врши силни нарушувања на волјата за работа, ниту една развиена земја го нема имплементирано во рамки на сопствениот финансиски систем, освен САД, кои имаат спроведено само ограничени потези за негово воведување.

[224] Види: Salanie B..: „The economics of taxation“, The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 168.

Даночен кредит на заработен доход (Earned Income Tax Credit – EITC). Даночниот кредит на заработен доход (што е различно од остварен доход), во суштина е сличен на негативниот данок на доход, како и на даночниот кредит на остварен доход, *со таа разлика што, кај овој инструмент не постои гаранција дека лицата или семејствата ќе добијат минимален износ на финансиска помош, доколку не заработуваат, или реализираат, воопшто, никаков доход*. Ова значи дека меркава ги принудува, или, поблаго речено, ги стимулира работниците, или, пак, оние што воопшто не работат, *да почнат да остваруваат дополнителни заработки, или, пак, да се вработат, со цел да се квалификуваат за добивање на дополнителна финансиска помош*. Всушност, во ова се гледа и суштинската разлика во однос на CIT и NIT, бидејќи овие инструменти ги дистрибуираат поволностите на сите лица безусловно, без разлика на нивниот работен статус. Инструментот е дизајниран на тој начин што на обврзниците кои имаат понизок доход од референтната граница, им се доделуваат дополнителни средства, со што нивните маргинални стапки се снижуваат, резултирајќи со преференции за дополнителна работа и зголемено учество во работната сила. Бидејќи не е пожелно, ниту, пак, можно да се доделува EITC на сите вработени, вклучувајќи ги и оние со висок доход, оваа мерка предвидува после остварувањето на одредено референтно максимално ниво на доход, вредноста на стимулацијата да почне да опаѓа паралелно со порастот на оствареният доход, и тоа сè до точката на нејзиното целосно укинување. Механизмот на EITC јасно е илустриран на графиконот бр. 3, каде вредноста на исплатените средства во рамки на програмата, е еднаква на просторот помеѓу полната и испрекинатата линија. Инаку, за првпат оваа мерка е воведена во 1975 во САД, под името „Earned Income Tax Credit – EITC“, потоа во Британија, под името „Working Families Tax Credit-WFTC“, па во Франција, под името „prime pour l'emploi“.

Графикон бр. 3
Илустрација на EITC



Извор: Salanie B..: „The economics of taxation“, The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 169.

Како ***предности*** на даночниот кредит на заработен доход се издвојуваат:[225] 1. *обезбедува силни стимулации за работа*: оваа мерка е една од најефикасните во поглед на зголемувањето на стимулациите и напорите за работа на работниците со низок или екстремно низок доход. И на работниците со доход над точката на максималниот износ на кредит им се доделуваат кредити, но за нив се применуваат поголеми маргинални даночни стапки. Зголемените маргинални стапки на оваа група на работници носат ризик од намалување на стимулациите за работа, доколку кривата на дистрибуцијата на нивните заработки има таков облик кој придонесува да преовладува ефектот на супституција над ефектот на доходот; 2. *интегралност:* овие мерки претставуваат интегрален дел на постоечкиот даночен систем, па затоа можат да се користат комплементарно со другите мерки на даночниот систем; 3. *едноставност*: бидејќи претставува дел на даночниот систем, таа може многу лесно да се реализира од страна на постоечката даночна служба, без потреба од инволвирање на друга администрација. Како **негативности,** пак, се истакнуваат следниве: 1. *неуниверзалност*: кај системот на даночен кредит на заработен доход е ограничена можноста за негова поширока и универзална примена кај сите сегменти на даночни обврзници. Ограниченоста на употребата посебно е изразена кај категориите: работник - глава на семејство или семејство со повеќе деца; 2. *дискриминација кон невработените лица*: ги дискриминира невработените лица од аспект на можноста за добивање на финансиска поддршка. Гледано од социјален, или воопшто, од алтруистички поглед, ова претставува негативност на системот на EITC, меѓутоа, од аспект на економската ефикасност, оваа негова одлика е многу значајна, бидејќи го забрзува трансферот на неактивните лица во структурата на работната сила; 3. *не гарантира остварување на минимален доход на широка основа*: бидејќи системот на EITC не им гарантира добивање на основен минимален доход подеднакво на сите лица, особено на оние кои не се вработени, истиот мора да се надополни со паралелно користење на другите мерки за социјална помош.

Гарантиран базичен доход (Basic Income Guarantie – BIG). Со програмите за гарантиран базичен доход, или, според други автори, гарантиран минимален доход (Guarantied Minimum Income – GMI), *секое лице, или пак семејство, добива средства во вид на финансиска помош, или пак во вид на даночен кредит, и тоа независно од примањето или остварувањето на друг доход.* Според ова, гарантираниот минимален доход не врши разликување на даночните обврзници на вработени и невработени, односно не прави разлика во однос на нивниот работен статус. Пожелно е, со примената на конкретниов инструмент, *да се изврши бришење на сите дополнителни програми,* како што се програмите за даночни одбивки, програмите за невработеност и инвалидност, програмите за NIT, понатаму, програмите за CIT, и слично, или, пак,

[225] Види: Haveman R.: „Reducing poverty while increasing employment: A primer on alternative strategies. And a blueprint“ An OECD study, 1996.

доколку властите се решат за паралелна употреба, тогаш потребно е да се направи *редукција на интензитетот на алтернативните мерки* за финансиска помош. Инаку, приходите кои ги добиваат лицата и семејствата преку шемите за гарантиран минимален доход, можат да бидат предмет на оданочување (во кој случај дел од дадените средства ќе бидат повторно вратени во буџетот – „clawed back revenues"), или, пак, воопшто да не бидат предмет на оданочување. Програмите се дизајнирани исклучително флексибилно, овозможувајќи дистрибуција на бенефициите низ поширок спектар на корисници, како што се поединечните лица, лицата глави на семејство, поединечните семејства или домаќинства, децата, старателите на деца, итн.

Механизмот на дејствување на овој инструмент е конструиран на следниот начин: *на сите лица или семејства кои се наоѓаат на линијата на сиромаштија, или, пак, немаат никаков доход, износот на социјално прифатливиот минимален доход им се гарантира преку доделување на базичниот финансиски грант, или преку базичниот даночен кредит.* Понатаму, оствареният доход на овие субјекти се оданочува преку системот на маргиналните законски стапки, кои треба да бидат поставени така, за да се остварат доволно приходи со кои ќе се покрие волуменот на јавните трансфери (нула нето-буџетски трошоци). Притоа, точката на покривање се наоѓа на *границата на социјалниот минимален доход*, при што вредноста на бенефицијата *претставува функција на оствареният бруто-доход.* Меѓутоа, овој систем има **инхерентен недостаток,** со оглед дека **индуцира 100% стапка на оданочување** на лицата кои остваруваат вкупен доход помал од износот на базичниот гарантиран доход, што може да резултира со виски дестимулации за работа и сериозни ограничувања на понудата за работна сила. Во исто време, високите маргинални стапки на лицата со низок доход, можат да ги охрабрат да работат на црно, или, пак, да не го пријавуваат целиот заработен доход, што, се разбира, претставува сериозен недостаток на овој систем. Инаку, гледано историски, меркава за првпат е воведена во Англија, уште во далечната 1795, па сè до 1834 година, а била позната под името „Speenhamland system". Во поново време добива своја реинкарнација во САД при крајот на дваесеттиот век, па сè до 1996 година, под називот „Aid for Families with Dependent Children – AFDC", како и во Франција, каде сè уште е во употреба и го носи името „Revenu Minimum d'Insertion".[226]

Како **позитивни страни** на системот на гарантиран минимален доход можат да се издвојат: - *ефикасност од аспект на редукцијата на сиромаштијата*: базичниот гарантиран доход е, по многу нешта, сличен со даночниот кредит на остварен доход-CIT и негативниот данок на доход-NIT, па според тоа, дава солидни резултати од аспект на постигнувањето на социјалните цели на економската политика. Преку обезбедување на финансиски грант или даночен кредит, се овозможува примање на општествено минимално ниво на доход, со што успешно се ублажуваат последиците од

[226] Види: Salanie B.: „The economics of taxation", The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 167,168.

сиромаштијата; - *недискриминација врз основа на работен статус*: овој систем нема потреба од разделување на субјектите врз основа на состојбата на вработеност; – *едноставност*: нема потреба од двојна и сложена администрација; - *адекватност:* во однос на CIT и NIT обезбедува поголем степен на адекватност на финансиска помош. Како **негативности** можат да се идентификуваат: - *високиот обем на буџетски трошоци*: реализацијата на оваа мерка изнудува доста поголеми трошења на јавни средства од буџетските сметки на државите; - *висок ризик од работни дестимулации*: екстремно високите маргинални стапки носат реален ризик од намалување на степенот на работното залагање на лицата со низок доход, и други.

Додаток на плата (Wage Rate Subsidy – WRS). Слично како и даночниот кредит на заработен доход EITC, и мерката позната под името додаток на плата, или WRS, е врзана со остварување на плата од работен однос. Инструментот е дизајниран на тој начин што се *утврдува едно таргетно ниво на остварен личен доход (или поточно, саатнина), кое се смета како општествена референтна основа за делегирање на финансискиот додаток.* Имено, за секое вработено лице кое остварува плата, односно саатнина помала од референтната основа, му се исплатува посебен додаток на плата, кој се пресметува, најчесто, како процент на разликата помеѓу фактичката саатнина и утврдената основна саатнина. На пример, ако додатокот на плата се утврди на 0,5, односно 50%, референтата саатнина изнесува 300 денари, а фактичката саатнина која ја заработува работникот е 200 денари, истиот ќе добие додаток на плата во износ од 50 денари по саат [50 = (300 – 200) * 50%]. Според тоа, вкупната саатнина на работникот би изнесувала точно 250 денари. Како што се гледа, исто како и EITC, додатокот на плата служи како мерка за поддршка на доходот *само на вработените лица*, но не и за невработените лица, поради што мора да се исклучи можноста за негова изолирана употреба надвор од рамките на останатите социјални програми.

Додатокот на плата, кој по своите карактеристики не претставува типична даночна мерка, ги има следниве **три основни предности**: - *намалување на сиромаштијата*: преку субвенционирање на вработените со низок доход, се постигнува успешно намалување на материјалните разлики на вработените лица; - *ограничување на можноста за појава на „замка на сиромаштија“*: паралелно со намалувањето на сиромаштијата, не се врши целосно ограничување на стимулациите за работа, со што се овозможува перманентно обновување и зголемување на понудата на работна сила; и – *ублажување на негативните ефекти по однос на прашањето за невработеноста*: во земја која има имплементирано систем на минимална плата, примената на додатокот на плата може да ги компензира или ублажи негативните ефекти, од аспект на невработеноста. Меѓутоа, на оваа мерка се припишуваат и повеќе **негативни карактеристики**: - *ерозија на просечната плата на нископлатените работници*: бидејќи генерира зголемување на понудата на работна сила, со тоа придонесува за

снижување на просечната плата на оваа категорија на работници. Токму во ова се огледа и суштината на ефектот од намалување на стапката на невработеност, бидејќи пониските плати значат и пониски трошоци за работодавците, со што нискоквалификуваните работници стануваат поатрактивни за ангажирање за работа; – *стимулира работа на црно*: работниците често ги потценуваат заработките, бројот на часови на работа, па дури се волни да работат на црно, или, пак, во нерегистрирани дејности; - *опасност од колизија*: постои ризик од потајно здружување на вработените и работодавците во намерата за прикривање на висината на исплатената плата; - *потреба од посебно администрирање*: начинот на пресметка на додатокот наложува воспоставување на различен начин на администрирање, кој не е компатибилен со вообичаената практика на даночните служби. Имено, даночните закони налагаат даночната основа за персоналниот данок да се пресметува врз основа на годишните заработки, односно годишниот остварен доход (earnings or income), додека пресметката на додатокот на плата бара изразување на заработките преку износот на саатнината и бројот на одработените часови; - *ниска таргетна ефикасност*: за разлика од негативниот данок на доход NIT, и даночниот кредит на остварен доход CIT, има помала ефикасност од аспект на можноста за таргетирање на различните групи на даночни обврзници. Тоа е така бидејќи со додатокот на плата се опфаќаат само поединечните лица кои се вработени, за разлика од другите мерки кои опфаќаат поголем спектар на лица и семејства, и тоа без разлика на работниот статус.[227]

Додаток за дополнително вработување (Marginal Employment Subsidy – MES). Идентично како и додатокот за плата, и додатокот за дополнително вработување има за цел да ја зголеми стапката на вработеност, како и да обезбеди економска поддршка на индивидуалните работници и нивните семејства. Меѓутоа, за разлика од додатокот за плата WRS, кој ја зголемува понудата на нискоквалификуваните работници, и според тоа претставува инструмент на страната на понудата на работна сила, *додатокот за дополнително вработување MES, е насочен на страната на побарувачката на работна сила.* Имено, негова примарна задача е да влијае *на одлуката на работодавците за дополнително ангажирање на работна сила во рамки на производниот процес*, од што произлегува дека истиот мора да биде дизајниран како маргинален инструмент (Employer-based Marginal Employment Subsidy). На пример, како можна форма на оваа мерка е онаа со која се предвидува даночен кредит или финансиска помош/грант во висина од 50% на исплатените првични 20.000 долари плата по вработен, и тоа на секое претпријатие коешто ќе вработи 20 дополнителни нововработени лица во однос на бројот на вработени лица од претходната година. Конструирана на ваков начин, мерката ги опфаќа претежно неквалификуваните

[227] Види: Haveman R.: „Reducing poverty while increasing employment: A primer on alternative strategies. And a blueprint“ An OECD study, 1996.

работници, и на тој начин настојува да ја редуцира сиромаштијата и стапката на невработеност преку измена на структурата на пазарот на работна сила (преку зголемување на побарувачката или атрактивноста на оваа категорија работници).

Значи, механизмот на дејствување на додатокот за дополнително вработување не делува директно, туку индиректно преку зголемување на побарувачката на нискоквалификувани работници. Како резултат на зголемената побарувачка, *основните плати имаат тенденција на нагорен пораст*, со што се овозможува повеќе работници да прифатат работа и да влезат во структурата на работната сила, со што се постигнуваат основните цели за поддршка на доходот и зголемување на вработеноста. Слично како и кај додатокот за плата, се *компензираат и негативните ефекти* кои ги носи политиката на минимална плата, а воедно се редуцира и ризикот од создавање на „замка на сиромаштија“. Конкретен пример за оваа мерка е Програмата за даночни кредити за нови работни места (New Jobs Tax Credit Programme), имплементирана во САД во доцните седумдесетти години. Емпириските истражување во врска со ефектите од оваа програма укажуваат дека истата ги оправдала очекувањата од аспект на ефикасноста во креирањето на нови работни места, и тоа по релативно ниски трошоци.

Покрај опишаните *позитивни страни* на додатокот за плата, мора да се имаат предвид **неколку забелешки**. Имено, со цел да се оствари *таргетната ефикасност* на овој инструмент, мора добро да се внимава истиот да биде дизајниран да побуди стимулации за ангажирања на нискоквалификувани работници, а не на какви било работници (да се обрне внимание на структурата, а не на бројноста на работната сила). Понатаму, треба добро да се осмисли начинот на кој би се постигнале дополнителните вработувања, што значи *потреба од запазување и вградување на суштинските елементи* на инструментот, а тоа се маргиналните механизми. Исто така, постои потреба од елиминација на *тенденциите за создавање и одржување на вештачка состојба на ниска вработеност од страна на работодавците*, а со цел да обезбедат поголеми бенефиции во наредниот период (рециклирање на стапката на вработеност). И за крај, и оваа мерка се однесува само на вработените лица, поради што не е *универзална од аспект на опфатот на своето дејство*. Последново наметнува потреба од паралелна употреба на останатите мерки за поддршка на сиромашните луѓе.[228]

Минимална плата (Minimum Wage – MW). Минималната плата не припаѓа *стриктно на категоријата на даночните инструменти*. Сепак, ќе ѝпосветиме одделно внимание, бидејќи претставува една од најшироко користените мерки во социјалната политика. Минималната плата како инструмент, главно, има две основни значења: **прво** - *се користи како начин за елиминирање на сиромаштијата*; и **второ** - *го редуцира*

[228] Види: Haveman R.: „Reducing poverty while increasing employment: A primer on alternative strategies. And a blueprint“, An OECD study, 1996.

бројот на вработени лица со низок степен на квалификација. Да го илустрираме накратко дејството на овој инструмент.

Графикон бр. 4
Монопсонот и минималната плата



Извор: Salanie B.: „The economics of taxation“, The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр.180.

Ако се претпостави егзистенција на компетитивна економија во која нема интервенции од страна на државата, тогаш еквилибриумот на пазарот на работна сила би бил воспоставен во точката C. Меѓутоа, доколку на пазарот владее состојба на монопсон, бидејќи е единствен вработувач на пазарот на работна сила, тој би имал моќ да влијае врз цената на работната сила на тој начин што преку намалување на побарувачката за работната сила, ќе изврши и редуцирање на просечната цена на трудот, односно, на просечната плата. Според тоа, во услови на состојба на монопсон, рамнотежата би се постигнала во точката M, во која и просечната плата и стапката на вработеност се пониски во однос на состојбата на компетитивната економија, со што се генерира загуба на општественото богатство еднакво на триаголникот CMD. Ако се претпостави воведување на мерката минимална плата од страна на владата (хоризонталната линија w_{min}), во тој случај повторната рамнотежа се воспоставува во точката m. Како што се гледа, во оваа точка просечната плата и стапката на вработеност се поголеми во спредба со состојбата на монопсон, но сепак, помали во однос на состојбата на компетитивна економија (со што доаѓа до редукција на општествената загуба). Очигледно, *оптималната политика на секоја влада е да ја воспостави минималната плата на ниво на просечната плата која се воспоставува во услови на компетитивна пазарна економија, доколку има за цел да го ограничи дејството на монопсонските влијанија, а со тоа и да ја зголеми вработеноста.* Од друга страна, поставувањето на минималната плата на уште повисоко ниво, би било сосема неоправдано.

Ефектите од минималната плата добро можат да се видат од моделот на Неш (Nash).[229] Ако се претпостави ситуација на спогодување помеѓу работодавецот и работникот со продуктивност p, кој би прифатил да работи по најниска плата r (reservation wage r), во тој случај работодавецот ќе го ангажира конкретниот работник само доколку степенот на неговата продуктивност е поголем од неговата најниско прифатлива плата, односно само доколку се исполни условот p > r. Вредноста на платата w што истиот би ја добил, ќе зависи од неговата продуктивност p, најниско прифатливата плата r, како и од отстапувањето на неговата продуктивност во однос на најниската плата α, и истата може да се пресмета како:

$w = \alpha p + (1 - \alpha)r;$

Ако се претпостави воведување на минимална плата m на ниво кое е повисоко од r и ако p > r, тогаш, би се разликувале следниве ситуации: 1.Ако *продуктивноста на работникот p е помала од минималната плата m (p < m)*, тогаш истиот **нема да биде ангажиран**. Ова значи дека работниците со ниски квалификации воопшто нема да бидат предмет на интерес на работодавците, па затоа се вели дека, всушност, минималната плата ја намалува вработеноста на овие работници. 2. Ако *вредноста на платата w е помала од минималната плата m и ако минималната плата е помала од продуктивноста на работникот p (w < m < p)*, тогаш **работникот ќе биде ангажиран, но не по неговата реална плата w, туку по минималната плата m.** Токму во ова се огледа и вистинската вредност на минималната плата како мерка за зголемување на платите и доходот на средно квалификуваните работници кои имаат потценето ниво на просечна продуктивност на трудот; и 3. Ако *вредноста на платата на работникот w е поголема од минималната плата m и ако неговата продуктивност p е поголема од минималната плата (w > m < p)*, тогаш **тој ќе биде ангажиран по реалната плата w**. Во оваа варијанта минималната плата не дава воопшто никаков ефект, односно не влијае врз зголемувањето на доходот на високо продуктивните работници. Од оваа анализа се потврдуваат горните тези дека политиката на минимална плата може да придонесе за унапредување на финансиската состојба на лицата со понизок доход, а оттаму, да се употребува како мерка за намалување на сиромаштијата. Меѓутоа, истата претставува „нож со две острици“, бидејќи може сериозно да го редуцира степенот на ангажираност на неквалификуваните работници.

Предлог-стратегија за поддршка на доходот и зголемување на вработеноста. Според една студија на ОЕЦД, се предлага избор на неколку мерки во рамки на стратегијата за елиминација на сиромаштијата и зголемување на стапката на вработеност. Јадрото на предлог-стратегијата се состои во следново: - *редуцирање на степенот на „великодушност“ на пензиските шеми* и *зголемување на стандардните*

[229] Salanie B.: „The economics of taxation“, The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 180,181.

години за заминување во пензија. Со овие мерки, освен што се елиминираат стимулациите за предвремено одење во пензија, се ослободуваат буџетските средства за покривање на алтернативните програми. Исто така, оваа мерка влијае позитивно врз обемот на приватното штедење; – се предлага *елиминација на програмите за невработеност како и на програмите за инвалидност*, или, како алтернатива се предлга намалување на износот на трансфери во рамки на овие програми. Минималното ниво на јавни трансфери треба да се користи како дополнување на останатите мерки од програмите за поддршка на доходот; – *воведување на мерката даночен кредит на остварен доход (Credit Income Tax – CIT)*. Со оваа мерка, даночниот кредит ќе им се доделува подеднакво на сите лица во државата, без разлика на работниот статус. Притоа се преферира имплементирање на ниско гарантните планови од програмата за даночниот кредит (low-guarantee plan), преку кои ќе се елиминира т.н. „hard-core“ сиромаштија, бидејќи со нив се опфаќаат категориите на обврзници со екстремно низок доход под линијата на дистрибуцијата на доходот (откинување на опашката на сиромаштијата). Пожелно е програмата на даночниот кредит на остварен доход да се користи паралелно со останатите програми за поддршка на доходот, а не изолирано; – *воведување на двојно насочени мерки за поддршка на вработувањето на нискоквалификувани работници*. Во секое општество постојат лица кои, поради одредени причини, се оневозможени да се натпреваруваат на пазарот на работна сила: поради национална, етничка, расна припадност, младите лица, самохраните мајки, инвалидни лица, необразованите лица, итн. Затоа е потребно да се воведат мерки кои, од една страна, ќе ги стимулираат самите работници да бараат работа, а од друга страна, ќе ги стимулираат работодавците да ангажираат поголем број на лица од ова структура на работници. Затоа, изборот на мерките мора да вроди со двоен ефект (two pronged effect): да ги редуцира трошоците за вработување на овие лица, со што се зголемува атрактивноста и побарувачката за нив; и да овозможи задоволителна финансиска поддршка, како и зголемување на понудата на работната сила. Како конкретно решение за постигнување на првата цел се предлага *имплементирање на мерката додаток за дополнително вработување (Marginal Employment Subsidy – MES)*, а за постигнување на втората цел, се предлага *воведување на мерката додаток на плата (Wage Rate Subsidy – WRS)*.

ГЛАВА 5

Компаративна анализа на даночните системи и на политиките на даночни стимулации

1. Општи согледувања

Во оваа глава е направена компаративна анализа на основните елементи на **корпоративниот данок на доход**, **персоналниот данок на доход,** и во тој контекст, на **политиките (мерките) на даночните стимулации** во неколку земји. Најпрвин, се согледуваат разликите во структурата на даночните системи на определен број земји членки на организацијата на ОЕЦД, како претставници на групата на најразвиените економии во светот. Потоа, се разгледуваат карактеристиките на даночните системи на одреден број земји од регионот на Југоисточна Европа, некои членки на ЕУ, а некои кандидати за членство. Структурата на

компаративната анализа е сочинета на начин што овозможува полесно и поилустративно согледување на разликите и решенијата кои биле актуелни во 2010 година.[230]

2. Даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји членки на ОЕЦД

Групацијата на организацијата на ОЕЦД со години наназад се наметнува како водечки лидер и реформатор во сите домени на економската сфера, вклучувајќи ја и даночната. Во продолжение ги презентираме даночните системи на Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство и Германија.

2.1. Соединетите Американски Држави (USA)

Корпоративен данок на доход (Corporate Income Tax).

Карактеристика на корпоративниот данок на доход (данокот на добивка) во САД е тоа што неговите стапки не се пропорционални, туку напротив, степенесто прогресивни. Имено, по најниската стапка од 15% која ја пресметуваат корпорациите со профит до 50.000 долари, стапките на корпоративниот данок се зголемуваат со прогресивна градација, така што на корпорациите со профит над 18.333.333 долари, се врши оданочување со пропорционална стапка од 35% на даночната основа. Деталниот приказ на ранговите на профитот за оданочување и стапките на корпоративниот данок се прикажани во следнава табела:

Табела бр. 1

Стапките на корпоративниот данок на доход во САД во 2010 година

Профит за оданочување (US$)	Данок во US$ + даночна стапка % на вишокот
$0-$50,000	15%
$50,000 - $75,000	$7,500 + 25% за износот над $50,000
$75,000 - $100,000	$13,750 + 34% за износот над $75,000
$100,000 - $335,000	$22,250 + 39% за износот над $100,000
$335,000 - $10,000,000	$113,900 + 34% за износот над $335,000
$10,000,000 - $15,000,000	$3,400,000 + 35% за износот над $10,000,000
$15,000,000 - $18,333,333	$5,150,000 + 38% за износот над $15,000,000
Над $18,333,333	пропорционално со стапка од 35%

Извор: Сумирано од наведената литература.

Корпорациите кои се инкорпорирани на територијата на САД се предмет на оданочување по основ на профитот кој го остваруваат на светско ниво (приходот од земјата и приходот од странство). Генерално, американската компанија нема да биде оданочена од страна на САД по основ на приходот од нејзините филијали во странство, сè додека филијалите не го распределат и

[230] Во врска со податоците за националните даночни системи користени се следниве извори:
„The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010;
„The PKF Worldwide Tax Guide“, PKF International, April, 2010;
„The E&Y 2010 Worldwide VAT, GST and Sales Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010;
http://www.taxrates.cc/html.

дистрибуираат профитот во вид на дивиденди, или сè до моментот на нивната продажба или ликвидација. За разлика од нив, странските корпорации се предмет на оданочување само по основ на приходот кој го остваруваат на територијата на САД. Долгот по основ на корпоративниот данок, корпорациите мора да го исплатат на сметка на федерацијата на 4 одделни рати. Плаќањата и рефундациите по основ на овој данок мора да се реализираат до 15-тиот ден од секој трет месец по завршувањето на фискалната година, а даночните пријави мора да се предадат најдоцна до 15-ти март од следната година.

Профитот кој го остваруваат компаниите во САД е предмет на оданочување како на корпоративно, така и на персонално ниво. Поради ова, комбинираниот ефективен даночен товар на корпорациите може да достигне дури и над 45%. Затоа, во последно време, се случува процес на деинкорпоризација на бизнисот во САД. Имено, сè повеќе фирми се регистрираат во некоја друга форма која нуди одредени поволности и одредено редуцирање на даночното оптоварување во однос на регуларните корпорации. Инаку, во САД постојат повеќе облици на трговски друштва, како што се традиционалните партнерства (traditional partnerships) и компаниите со ограничена одговорност (limited liability companies-LLC). Покрај нив, познати се и друштвата, односно компаниите со слободен избор на даночната форма (certain tax-election corporations-S corporations). Ова укажува дека во САД постојат повеќе форми на организација на бизнисот, и во таа смисла, постои определена флексибилност со која се овозможува даночните обврзници да го изберат саканиот статус на својата фирма.

Алтернативен минимален данок (Alternative Minimum Tax-AMT). Овој данок е наменет за корпорациите кои остваруваат големи профити, а сè со цел да се изврши превенција од преголемо користење и злоупотреба на преференцијалните одбивки и ослободувања по основ на регуларниот корпоративен данок. За да се реализира оваа цел, АМТ е структуриран посебно од корпоративниот данок на доход, со сопствени даночни ослободувања и кредити, а неговата стапка е пропорционална и е утврдена на 20%. Се нарекува алтернативен бидејќи претставува „алтернатива“ на регуларниот корпоративен данок. Ако се утврди дека пресметаниот алтернативниот данок на алтернативната даночна основа е поголем од регуларниот данок, тогаш корпорациите се стекнуваат со право на минимален даночен кредит, со што се овозможува компензација на разликата во даночната обврска. Наменет е само за поголемите компании кои остваруваат просечно над 7.5 милиони долари бруто-обрт, и тоа во последните 3 години.

Данок на профит на филијали (Branch Profits Tax). Стапките на корпоративниот данок на профитот што го остваруваат американските подружници и филијали на странските корпорации е иста со стапките на регуларниот корпоративен данок на доход. Единствена разлика е што се пресметуваат дополнителни 30% данок на профитот по оданочување (или по пресметката на корпоративниот данок), доколку американската филијала не ја реинвестирала добивката во дејноста во којашто работи до крајот на фискалната година, или, пак, извршила нејзина репатријација во матичната фирма во текот на годината. Слично на данокот на профит на филијали, САД им наплаќаат и 30% данок на камата на американските филијали кои се во

сопственост на странски корпорации, доколку каматата е исплатена на странски субјект кој не ја врши истата дејност.

Данок на акумулирана добивка (Accumulated Earnings Tax). Основа за пресметка претставува акумулираниот доход за оданочување (accumulated taxable income), која се формира од акумулираниот износ на добивката над минимално дозволениот износ на акумулирана добивка од 250.000 долари, а стапката на овој данок изнесува 15%.

Данок на холдинг компанија (Personal Holding Company Tax). Блиските компании кои се наоѓаат во сопственост на главните корпорации и кои остваруваат приход од вршење на одредени пасивни активности, и притоа не го дистрибуираат профитот на акционерите, се предмет на оданочување по основ на овој данок. Имено, после плаќањето на регуларниот корпоративен данок, се пресметуваат дополнителни 15% данок на нераспределениот профит по оваа основа.

Утврдување на даночната основа. Утврдувањето на профитот кој е предмет на оданочување на корпоративниот данок во САД, генерално, се пресметува според националните општоприфатени сметководствени принципи (Generally Accepted Accounting Principles), кој понатаму се модифицира во висина на одобрените законски даночни одбивки и ослободувања. Според ова, даночните биланси на корпорациите во САД се разликуваат од крајните финансиски извештаи кои се доставуваат на годишно ниво. Бенефициите и одбитните ставки се категоризирани како обични и како специјални. Корпорациите и филијалите се оданочуваат на ниво на правен субјект, и притоа не постои разлика во начинот и принципите на оданочувањето помеѓу обичните корпорации и останатите форми на организации кои погоре ги спомнавме.

Амортизација. Системот на амортизација на САД овозможува забрзан отпис на категориите на основни средства, како што се зградите и опремата (освен земјиштето), според т.н. законски трошочен систем на амортизација (Statutory Cost Recovery System) од 1980 година. Од 1987 година па наваму, дозволени се уште поповолни услови за амортизација на основните средства, кога е воведен модифицираниот забрзан трошочен систем на амортизација (Modified Accelerated Cost Recovery System-MACRS). Според овој систем, основните средства се категоризирани во 6 основни класи на личен имот, и во 2 основни класи на реален имот. За секоја класа се утврдува посебен метод на амортизација и посебен период на амортизација. Во следнава табела е опишан начинот на амортизација на некои основни средства:

Табела бр. 2

Амортизација на некои од основните средства во САД

Вид на основно средство	**Метод на амортизација**	**Период (год.)**
Комерцијални и индустриски згради	Праволиниски	39
Канцелариска опрема	Праволиниски и опаѓачки	7 – 12
Моторни возила и компјутерска опрема	Праволиниски и опаѓачки	5 - 12
Опрема и машини	Праволиниски и опаѓачки	7 – 12
Ресторанти	Праволиниски	15
Нематеријални средства (гудвил,		

патенти, лиценци)	Праволиниски и опаѓачки	Над 15

Извор: Сумирано од наведената литература.

За помалите корпорации е предвидено, доколку сакаат, одредена вредност од набавените основни средства да се евидентира како тековен трошок, наместо како капитален, и со тоа да се изврши брз моментален отпис на тековната даночна основа. Висината на дозволената вредност е од 134.000 долари, а крајниот лимит 250.000 долари, додека квалификацијата за оваа поволност настанува доколку корпорацијата изврши купување на основни средства со вредност која надминува 530.000 долари.

Карактеристичен е и системот за амортизација на основните средства во рударско-екстрактната индустрија, кој оригинално се нарекува **деплација (depletion)**. Овој систем на амортизација кој конкретно се користи при производството на руда, нафта и дрвена граѓа, се состои од определено и предвидено постепено зголемување на отписот на средствата, кој треба да им ја надомести или компензира загубата на концесионерите од постепеното опаѓање на депозитите или резервите на ограничените природни богатства. Инаку, се користат два методи за деплација, и тоа **методот на трошочна деплација** и **методот на процентуална деплација**. Вредноста на одбивката, според трошочната метода на деплација, се базира врз вредноста на имотот, проценката на количината на депозитот на суровините и количината која се вади на годишно ниво. Според процентуалната метода, вредноста на дополнителната даночна одбивка се утврдува како процент на бруто-приходот во текот на годината, кој во САД е утврден на 50%.

Залихи. Вредноста на залихите за даночни цели во САД се утврдува или според нивната набавна вредност, за чија цел се користи методот ЛИФО (LIFO – last in first out), или, пак, според пониската пазарна вредност, за што е предвиден методот ФИФО (FIFO – first in first out). Еднаш одбраниот метод мора континуирано да се користи.

Дивиденди. Карактеристика на даночниот систем на САД е наклонетоста кон домашните корпорации во поглед на одаточувањето на приходот по основ на дивиденди. Имено, на американските корпорации кои добиваат дивиденда од други домашни корпорации, во кои имаат сопственост од најмалку 20%, им се дава посебна даночна одбивка во висина на 70% од вредноста на дивидендите кои ги примаат. Доколку сопственоста на капиталот се зголеми над 20%, па сè до 80%, тогаш висината на одбивката се зголемува до 80% од вредноста на исплатените дивиденди. И доколку сопственоста изнесува над 80% од капиталот на корпорацијата, одбивката изнесува 100% од вредноста на дивидендите. За разлика од домашните корпорации, дивидендите кои се исплаќаат помеѓу странските корпорации се предмет на одаточување со целиот свој износ.

Третманот на каматите. Како што е познато, каматата за даночниот обврзник претставува призната ставка на даночната основа при пресметката на корпоративниот данок на доход. Притоа, каматата се признава само доколку потекнува од долг кој припаѓа на самата корпорација и произлегува од вистински и оригинален кредитен однос. Во спротивно, владата на САД применува одредени правила за капитализација (thin capitalization rules), со кои прекумерниот долг може да се смета како капитал, а каматната стапка како составен дел на

даночната основа. На пример, како стандард за „нормална“ задолженост на корпорациите се смета вредноста на коефициентот долг/сопствен капитал (debt-to-equity ratio) од 1:3. Ако пак, вредноста на овој коефициент опадне на 1:1,5, што значи дошло до значително зголемување на степенот на задолженост на корпорацијата, тогаш одбивката на вредноста на каматите може воопшто да не се признае, или, пак, да се одложи за некое идно време. Исто така, одбивањето на каматите не се признава и за корпорациите кои засновуваат кредитен однос помеѓу блиски (поврзани) странски правни лица, чијшто приход не е предмет на оданочување од страна на американскиот даночен систем.

Капитални добивки и капитални загуби. Чистата нето-капитална добивка (како разлика помеѓу капиталната добивка и капиталната загуба) се оданочува според истите стапки како и обичниот профит, со максимална стапка од 35%. Карактеристично е тоа што капиталните загуби можат да се пребијат исклучиво само од капиталните добивки, а не и од регуларниот профит за оданочување. Инаку, остварената нето-загуба (сфатена како разлика или вишок на капитална загуба над капиталната добивка), корпорациите имаат право да ја пренесат 3 години наназад (ретроактивно) и 5 години нанапред, со цел да извршат пребивање на капиталните добивки кои се реализирани во други години.

Нето-оперативни загуби (Net Oparating Losses). Треба да се прави разлика помеѓу оперативните загуби и капиталните загуби. Нето-оперативните загуби произлегуваат од редовното или оперативното работење на корпорацијата во нејзината основна дејност. Под оперативна загуба се подразбира состојба кога вкупните редовни расходи, кои се признаваат за даночни цели, ги надминуваат вкупните редовни приходи. Според американското законодавство, оперативните загуби можат да се трансферираат 2 години наназад и 20 години нанапред. Гледано посебно по дејности: во земјоделството можат да бидат пренесени наназад до 5 години, а во банкарството признати наназад 10 години и нанапред 5 години.

Трансферни цени. Сите трансакции помеѓу блиски и поврзани правни субјекти кои се договорени според методот на конкурентни цени (arm’s length method), се третираат како трансакции помеѓу неповрзани субјекти. Доколку не се применуваат конкурентни или пазарно прифатливи цени при трансакциите помеѓу поврзаните правни субјекти, истите можат да бидат предмет на ригорозни казни кои достигнуваат и до 40% од пресметаната даночна обврска.

Задржани даноци или даноци по одбивка (Withholding taxes). САД наметнуваат обврска за задржување на даноците на плаќањата по основ на камати, ренти, дивиденди, авторски и индустриски права на физичките лица кои не се нивни резиденти. Стапката на задржаниот данок изнесува 30%, но постојат одредени исклучоци и ослободувања по тој основ. Така, оваа стапка може да се редуцира доколку примачот на средства е од земја која склучила билатерален договор со САД за регулирање на двојното оданочување; ако приходот кој се трансферира произлегува од извршување на бизнис или трговски активности на територијата на САД и ако приходот кој се пренесува е од камата на депозит во американска банка или од портфолио на обврзници. Спротивно, посебна стапка на задржан данок од 35% им се применува на странските

партнери во американските партнерства, или компаниите со ограничена одговорност. И при продажба на американски реален имот на странци, се применува задржан данок на промет на недвижности во висина од 10% на продажната цена. Инаку, билатералните даночни договори помеѓу САД и другите земји овозможуваат и редуцирање на стапките на овие даноци.[231]

Контрола на трансферот на пари и девизи. Во САД не постои некоја строга контрола на трансферот на пари и девизи. Единствено потребно е да се пријави секоја трансакција поголема од 10.000 долари кај внатрешната служба за јавни приходи (Internal Revenue Service –IRA). Слично, и прекуграничниот пренос на пари или парични инструменти над 10.000 долари, треба да се пријави кај царинскиот орган.

Бенефиции по основ на изворите на странски приход. Корпорациите во САД се оданочуваат врз база на остварениот светски приход; според тоа, за да се одбегне двојното оданочување, се доделуваат даночни кредити или одбивки на изворите на странски приход. Ако американската компанија држи во своја сопственост повеќе од 50% од капиталот на некоја странска компанија, приходот кој доаѓа од странската компанија може да добие дури и еквивалентен третман на оданочување, како да се работи за приход од домашна компанија. Слично, американска или странска компанија ангажирана во бизнис активности на територијата на САД, може да побара даночен кредит или одбивка за платените даноци на доход во друга земја, ако приходите од странски извори се предмет на повторно оданочување во САД. Неискористениот кредит може да се пренесе наназад во претходната година, или, пак, нанапред за период од 10 години.

Пренос на загуба помеѓу поврзани афилијации. На поврзаните афилијации (подружници и филијали) на американските корпорации со учество на капиталот од над 80%, дозволено им е да ја префрлуваат загубата од една афилијација на друга со пополнување на консолидираните федерални даночни биланси. По однос на ова прашање, правилата на државните и локалните законодавства се многубројни и различни, со што, донекаде, се оневозможува извршувањето на оваа даночна мерка (колизија на федералните и државните законодавства).

Даночни стимулации на корпоративниот данок на доход

Инвестиционен даночен кредит (Investment Tax Credit). Инвестициониот даночен кредит се однесува на 4 компоненти: кредит за инвестиции во рехабилитација, кредит за инвестиции во енергетика, кредит за инвестиции во производство и копање на јаглен, и кредит за инвестиции во гасификација. Висината на даночниот кредит изнесува 10% од висината на квалификуваните инвестициони трошоци. Доколку инвестицијата е покриена со сомнително задолжување од блиски партнери, тогаш корпорацијата не може да се квалификува за добивање на даночниот кредит.

[231] За стапките на задржан данок на приходите од дивиденда, камата, ројалитет и капитална добивка, согласно договорите помеѓу САД и другите земји, види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 1159-1164.

Други даночни бенефиции. Од другите даночни поволности ги издвојуваме следните: донациите за добротворни цели се признаваат како даночна одбивка во износ од максимум 10% на даночната основа; трошоците за репрезентација се признаваат во висина од 50% од нивната вредност на товар на даночната основа; трошоците за организација и основање на фирми во висина од 5.000 долари се признаваат како тековен трошок на даночната основа, а остатокот се капитализира и мора да се отпише во период од 180 месеци (15 години); премиите за осигурување, во одредени случаи, се сметаат за одбитни ставки на основата; постојат и одредени даночни кредити и одредени даночни одбивки за квалификуваните трошоци за истражување и развој; стимулации за поддршка на извозот од САД; разни провизии за одредени мануфактурни и производни активности.

Персонален данок на доход

Персонален данок на доход (Individual Income Tax). Персоналниот данок на доход во САД се наплаќа на вкупниот годишен доход, во кој се вклучуваат доходот од работни услуги (employment services), доходот од самовработување (income from selfemployment), доходот од капитални добивки (capital gains), доходот од дивиденди и камати (dividends and interests), доходот од авторски и индустриски права (rents and royalties) и друго. Како регуларни одбивки кои се признаваат на вкупниот годишен доход се сметаат: направените медицински трошоци, каматите на хипотеки за домување, каматите на кредити за инвестирање, платените државни и локални даноци, претрпената штета на имотот, донациите во добротворни цели и разни други деловни и инвестициски трошоци. Данокот на граѓаните на САД се пресметува на доходот остварен во земјата и странство (или врз основа на вкупниот светски доход), кој е редуциран за признатите одбивки и ослободувања, додека нерезидентите плаќаат персонален данок на доходот што го остваруваат на територијата на САД. Стапката на данокот е прогресивна и до крајот на 2010 година изнесуваше максимални 35%, а по 2010 се предвидуваше највисоката стапка да изнесува 39,6%. Следува презентација на даночните стапки:

Табела бр. 3

Стапките на персоналниот данок на доход во САД

Даночна основа (годишен вкупен доход) во долари $			Даночна стапка во %
Самец	**брачна двојка со заедничка годишна даночна пријава**	**Глава на семејство**	
0 до 7.825	0 до 15.650	0 до 11.200	10
7.825 до 31.850	15.650 до 63.700	11.200 до 42.650	15
31.850 до 77.100	63.700 до 128.500	42.650 до 110.100	25
77.100 до 160.850	128.500 до 195.850	110.100 до 178.350	28
160.850 до 349.700	195.850 до 349.700	178.350 до 349.700	33
над 349.700	над 349.700	над 349.700	35

Извор:[232] *„Taxing Wages 2006/2007“, An OECD study, 2008, стр. 442.*

Инаку, нејзината висина се утврдува врз основа на висината на остварениот доход и врз основа на даночниот статус на обврзникот, кој може да биде еден од следниве 5 категории: самец

[232] Податоците се однесуваат за 2007 година.

(single); брачна двојка со заедничка годишна даночна пријава (married filing a joint return); брачна двојка со посебна годишна даночна пријава (married filing separate return); глава на семејство (head of a household); и вдовец/вдовица со издржувано дете (qualifying widow(er) with dependent child).

Наплатата на данокот се извршува на тој начин што работодавците мора да ги пресметаат и задржат персоналниот данок, придонесите за пензиско и социјално осигурување, како и придонесите за здравствено осигурување или т.н. „Medicare contributions“ од платата на вработените и да извршат трансакција или плаќање на периодична основа. Самовработените лица мора да го платат данокот и останатите давачки во износ од 90% од проценетата даночна обврска во текот на 4-те квартали, додека лицата со поголем доход мора истото да го сторат, но во висина од 100% од тековната даночна обврска, или 110% од даночната обврска од претходната година.

Посебни даночни стапки се наплаќаат на приходите од капитална добивка и дивиденда, кои претежно зависат од должината и времето на држење на средствата, како и од типот на средствата кои се држат во портфолиото. Карактеристично за приходите од дивиденда е тоа што резидентните лица на САД добиваат преференцијален третман во однос на нерезидентните лица, во смисла на поволни стимулативни мерки, за разлика од нерезидентните лица, кои немаат воопшто никакви даночни привилегии. Што се однесува до приходот од капитална добивка, долгорочната капитална добивка која произлегува од држење на инвестиционо портфолио над 12 месеци, се оданочува со максимална стапка од 15%. Притоа, актуелното законодавство предвидува поголеми стапки за капиталните добивки кои ќе се остварат после 2010 година.

Придонеси за социјално осигурување. Придонесите за социјално осигурување ги плаќаат и работодавците и вработените. На персонално ниво, работодавците ги пресметуваат следниве давачки за сметка на вработените: федералниот данок или придонес за невработеност (Federal Unemployment Tax) во висина од 6,2% за првите 7.000 долари плата; данокот или придонесот за социјално (пензиско и инвалидско) осигурување (Social Security Tax) во износ од 6,2% од основата за плати во висина од 106.800 долари годишно; данокот или придонесот за здравствено осигурување (Medicare Tax) во висина од 1,45% од вкупниот годишен износ на плати; и државниот данок за невработеност (State Unemployment Tax), кој е различен од држава во држава. И работниците плаќаат одредени придонеси: 6,2% за пензиско и инвалидско осигурување и 1,45% за здравствено осигурување. Придонес за невработеност плаќаат само работодавците. Исто така, САД применуваат повеќе форми на придонеси за осигурување при повреда на работното место, кои паѓаат на товар на работодавците.

Даночни мерки и поволности

Федералната влада на САД доделува стандардни ослободувања на персоналниот данок на доход, во зависност од категоријата или статусот на даночниот обврзник. Така, како најпознати стандардни даночни ослободувања се спомнуваат следниве: **основно даночно олеснување (basic relief)** – на брачните двојки со заедничка годишна пријава им се дава стандардно даночно олеснување во форма на даночна одбивка во висина од 10.700 долари. За категоријата глава на семејство, таа изнесува 7.850 долари, а за самците или индивидуалните лица, 5.350 долари; **лично**

даночно ослободување (personal exemption) – на основното даночно олеснување се надоврзува и личното олеснување на секој даночен обврзник, без разлика на неговиот статус, во висина од 3.400 долари; **стандардно ослободување за брачни двојки (standard marital status reliefs)** – ова олеснување за брачните двојки е во вид на пониски даночни стапки во однос на другите категории обврзници; **даночно олеснување за деца (relief for children)** – за секое малолетно дете на даночниот обврзник му се дава даночно ослободување во висина од 3.400 долари на основата. На лицата со ниски примања, олеснувањето е во форма на даночен кредит во висина од 34% на даночната обврска, доколку остваруваат доход до 8.290 долари, а за даночните обврзници со две и повеќе деца, истиот изнесува 40%, доколку остваруваат доход до 11.790 долари; **даночен кредит за деца (tax credit for children)** – покрај претходното стандардно ослободување, од 1998 година, секој даночен обврзник со дете има право на даночен кредит за секое дете под 17 години, во максимален износ од 1.000 долари, кој опаѓа во зависност од расположливиот доход на родителите; **даночно олеснување за лицата со низок доход без деца (relief for low income workers without children)** – на овие лица им се дава олеснување во форма на даночен кредит во висина на 7,65% на обврската, доколку примаат доход помал од 5.590 долари, и доколку имаат најмалку 25 години, а најмногу 65 години. Инаку, во САД не постојат директни трансфери на парични средства (финансиски грантови), ниту по основа на брачниот статус, ниту за деца, освен за самохраните мајки со низок доход.[233]

Даночната инциденца во САД

Општо за даночната инциденца. Теоријата на даночната инциденца се занимава со проучувањето на ефектот од промената на даночните стапки врз економската рамнотежа или еквилибриум.[234] Суштината на даночната инциденца се состои во тоа што таа укажува на вистинскиот носител на даночниот товар.[235] Постојат многу примери кои укажуваат дека даночниот товар може да се префрли или пренесе (spil over) врз друг субјект, иако тој не претставува законски даночен обврзник. Таа претставува појава поврзана со секундарните ефекти кои произлегуваат од однесувањето (реакцијата) на економските субјекти на оданочувањето. Оваа теорија, којашто ја постави Харбергер (Harberger, 1968), всушност, се занимава со комплексното прашање на постигнување на економска рамнотежа во услови на постоење на даноци и даночен систем, и тоа како резултат на менувањето на даночните стапки.

Синтетизирано, ефектите од даночната инциденца може да се јават во услови на парцијален[236] и општ[237] еквилибриум, и тоа: на *пазарот на работна сила, на пазарот на капитал,*

---

[233] Овие податоци се однесуваат за 2007 година. Види: „Taxing Wages 2006/2007“, An OECD study, 2008, стр. 440, 441.

[234] Salanie B.: „The economics of taxation“, The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 16.

[235] Кој го плаќа даночниот товар? Првичниот одговор гласи дека е тоа лицето кое, всушност, го потпишува чекот, цитирано според Бернард Салани, алудирајќи на т.н. „flypaper theory of incidence“, според која даноците остануваат таму од каде и доаѓаат.

[236] Во услови на парцијален пазар на факторите на производство, како што е, на пример, пазарот на работна сила, дали даночниот товар во поголема мера ќе падне врз работникот или работодавецот, зависи, пред сè, од *степенот на еластичност на кривите на понудата и*

на пазарот на стоки и услуги и *на меѓународниот пазар на капитал*, но како најрелевантни за нашата анализа се сметаат ефектите кои се манифестираат на првите два пазарни сегменти. Суштината на даночната инциденца на пазарот на работна сила се огледа во ефектот што го имаат даноците (персоналниот данок на доход и придонесите за социјално осигурување) врз понудата и побарувачката на работна сила. Имено, ако даночното оптоварување во поголем дел го сносат работодавците, тогаш побарувачката на работна сила ќе биде помала од понудата на работна сила, и обратно, ако ефективниот даночен товар во поголема мера го сносат работниците, тогаш понудата ќе биде помала од побарувачката на работна сила. Даночната инциденца е потполно идентична со ефектот на „даночниот клин", односно ефектот на даночното премостување (tax wedge). Даночното премостување, или даночниот товар на трудот, едноставно може да се сфати како разлика помеѓу *трошоците за бруто-плата на работодавецот* (плата пред оданочување) и *потрошувачката нето-плата* на работникот (плата по оданочување).[238] Аналогно, даночната инциденца на пазарот на капитал го дава ефектот од оданочувањето (корпоративниот данок и персоналниот данок) врз побарувачката и понудата на капитал. Побарувачката на капитал е претставена од страна на фирмите и компаниите, додека понудата на капитал од страна на штедачите. Доколку вишокот на даночниот товар го сносат главно компаниите, по правило, треба да дојде до намалување на побарувачката на капитал, а со тоа и до контракција на процесот на формирање на капиталот во економијата. Од друга страна, пак, вишокот на даночното оптоварување кое го сносат штедачите, би требало да ја редуцира стапката на поврат на заштедите, но и обемот на штедење (или понудата на капитал). Слично, ефектот на „даночниот клин" на пазарот на капитал е претставен преку индикаторот на даночното премостување на капиталот, кој е идентичен на *разликата помеѓу стапката на принос од инвестиции кои ги остваруваат компаниите, и стапката на принос на заштедите со кои се финансираат тие инвестиции (или, со други зборови, p – s).*[239] Сепак, треба да се има предвид дека и кај двата пазарни сегмента, даноците немаат секогаш пресудно влијание врз состојбата со понудата и

побарувачката на работна сила. Притоа: 1. колку е поголем степенот на еластичност на двете криви, толку е поголем и ударот на даноците врз понудата и побарувачката на работна сила, односно врз вкупната вработеност; 2. доколку степенот на еластичност на побарувачката е поголем од степенот на еластичност на понудата на работна сила, поголем дел од даночниот товар го сноси работникот; и, ако степенот на еластичност на побарувачката е помал од степенот на еластичност на понудата на работна сила, тогаш даночниот товар паѓа на товар на работодавецот. Види: Salanie B.: „The economics of taxation", The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 18.

[237] За теоријата на даночна инциденца во општ еквилибриум на Харбергер, како и за ефектите и факторите од кои таа зависи, види: Salanie B.: „The economics of taxation", The MIT Press Cambridge, Massachusetts, 2000, стр. 23-32 и OECD: „Fundamental corporate tax reform", A tax policy studies, 2007, стр. 72.

[238] Види глава 3, точка 3.4.

[239] Види глава 3, точка 3.4. и глава 4, точка 1.1.2.

побарувачката на труд и капитал, и во крајна линија, тие се детерминирани од степенот на еластичност на нивните криви.

Даночната инциденца на пазарот на труд. И покрај тоа што обврските по основ на персоналниот данок на доход и социјалните придонеси подеднакво ги плаќаат и работниците и работодавците, во САД е регистриран позитивен даночен товар на просечната плата на индивидуалниот работник. Тоа го потврдува коефициентот на даночното премостување пресметан на просечната плата на индивидуалниот работник, кој во САД во 2006 година изнесувал 29,9%, со што од набљудуваните 30 земји на ОЕЦД, САД се позиционираат на 22-то место, гледано според големината на даночниот товар на индивидуалната просечна плата (на 1-во место, со убедливо најголем коефициент од 55,5%, е Белгија, а на последно место, со убедливо најмал коефициент од 15%, е Мексико). Ова значи дека САД припаѓаат на групата земји со пониско просечно зафаќање на просечната бруто-плата од оваа групација, кое изнесува 37,7%. Слична констатација може да се направи и за одделните категории на доход. Така, на доходот во категоријата од 33-67% од просечната плата, износот на даночното зафаќање изнесува 25,4%, на доходот во категоријата од 67-100%, тоа изнесува 28,9%, на доходот во износ од 100-150% има висина од 32,4%, и на доходот од последната категорија која опфаќа 150-200% од просечната бруто-плата, интензитетот на даночното оптоварување изнесува 35,6%. Прикажаните податоци покажуваат дека во 2006 година системот на персоналниот данок на доход на САД ја обезбедувал потребната прогресивност која е неопходна за задоволување на принципот на даночната праведност. Меѓутоа, анализата на еволуцијата на коефициентот на даночното премостување укажува на нешто сосема спротивно. Имено, и покрај тоа што коефициентот на даночното зафаќање на просечната плата во периодот од 2000 до 2006 година се намалил за 0,5%, дистрибуцијата на намалувањата на вишокот на даночниот товар по одделните категории на доход во последователниот период е извршена неправедно. Податоците укажуваат дека поголемо редуцирање на даночниот товар е направено кај категориите со повисок износ на доход (намалување од 0,9% и 1,6% соодветно за двете највисоки категории на доход), додека намалување во помал обем е регистрирано кај најниските категории на доход, и тоа во износ кој е еднаков на просекот од 0,5%. Последните факти се доказ дека вишокот на даночното оптоварување во САД започнува да се префрла од побогатите кон посиромашните индивидуални лица, што, секако, претставува тренд на оддалечување од општоприфатливите принципи на даночната политика.[240]

Даночната инциденца на пазарот на капитал. Недостатокот на податоци во врска со даночното премостување, или поточно, ефектот на „даночниот клин“ на пазарот на капитал во САД, ќе го компензираме преку анализа на ефективните даночни стапки на компаниите за инвестирање во опрема и градежни објекти. Како што е познато, методологијата на маргиналните ефективни стапки во себе го инкорпорира коефициентот на даночното премостување, кој е клучен

[240] Деталните податоци се земени од: „Taxing Wages 2006-2007 - Special feature: Tax reforms and tax burdens“, OECD Tax studies, 2007, како и од линкот: http://dx.doi.org/10.1787/187510126687.

показател за ефектот на даночната инциденца. Ако ефективните стапки имаат негативна вредност, таа произлегува од негативната вредност на даночното преместување и индицира на фактот дека вишокот на даночното оптоварување го сносат штедачите, и обратно. Конкретно, ефективната стапка на компаниите од САД при инвестирање во опрема со сопствен капитал изнесувала 24% во 2005 година, додека при инвестирање преку емисија на заем (задолжување), таа изнесувала -46%. Позитивниот предзнак на коефициентот значи дека во првиот случај вишокот на даночното оптоварување го сносат сопствениците на компаниите, додека, пак, негативниот предзнак во вториот случај, може да се протолкува дека, всушност, штедачите се оние кои во поголем обем го поднесуваат даночниот товар. Трендот на коефициентот на даночното зафаќање за инвестиција во опрема финансирана со долг, покажува дека со текот на годините се случувало постепено преместување, односно намалување на вишокот на даночниот товар на штедачите (-94% во 1980 и -46% во 2005). За разлика од инвестирањето во опрема, при инвестирање во градежни објекти, вишокот на даночниот товар во целина го сноси капиталот, или, поточно, сопствениците на капиталот (ефективна стапка од 43% во 1979 и 41% во 2005). Ако резимираме во врска со инциденцата на пазарот на капитал во САД, може да се заклучи дека вишокот на даночниот товар претежно паѓа врз американските компании.[241]

2.2. Германија

Системот на корпоративни даноци (Körperschaftssteuer).

Системот на корпоративните даноци во Германија елементарно се состои од основниот корпоративен данок на доход и дополнителниот трговски данок (surtax) кој се наплаќа после оданочувањето на профитот на компаниите и оди на сметка на општините.

Корпоративен данок на доход (Körperschaftssteuer). Германскиот корпоративен данок е пропорционален данок со стапка во висина од 15% на даночната основа. Како даночни обврзници на овој данок се домашните резидентни компании кои остваруваат профит или добивка во земјата и странство (предмет на оданочување е доходот или добивката на светско ниво). Како резидентни компании се сметаат оние кои се основани (инкорпорирани) и имаат седиште во Германија; според тоа, го извршуваат менаџментот и контролата на компанијата од територијата на Германија. Нерезидентните компании кои оперираат на германско тло плаќаат корпоративен данок на доход само на добивката која ја реализираат во Германија, односно на добивката од домашни извори. Фискалната година за корпоративниот данок е еквивалентна на календарската година. Плаќањата се реализираат квартално на секои три месеци, врз основа на доходот од претходната година, а годишните даночни биланси мора да се достават најдоцна до 31-ви март во текот на следната година.

[241] The Institute of Fiscal Studies.

Трговски данок (Gewerbesteuer). Иако наречен трговски данок (Trade Tax – Gewerbesteuer), овој данок претставува дел од системот на корпоративните даноци. Претставува следбеник на поранешниот трговски данок на капитал (Trade Capital Tax), кој е укинат во 1998 година и на негово место е воведен овој данок. Се наплаќа како дополнителен данок после пресметката на регуларниот корпоративен данок, и тоа на доходот кој го остваруваат сите претпријатија кои остваруваат бизнис на територијата на Германија. Карактеристично е тоа што него го наплатуваат општините, а ефективната даночна стапка се движи помеѓу 7 и 17,5 проценти. За компаниите не се предвидени одредени даночни ослободувања по основ на овој данок, додека за некои индивидуални лица се предвидени одредени даночни кредити на сметка на персоналниот данок на доход.

Данок на профит на филијали (Branch Profit Tax). За разлика од САД, во Германија не постои посебен данок на профит на филијали. Добивката и капиталните добивки на германските филијали се оданочуваат на истоветен начин како и на германските резидентни компании.

Данок на додатоци и придонеси (Fringe Benefits Tax). За некои одредени услуги кои се поврзани со работата на компанијата (интерна кантина или бифе за храна во компанијата, транспорт на вработени, осигурување од повреди при работа, придонесите за пензиските фондови и сл.), постои опција самата компанија да ги подмири даноците и останатите давачки за сметка на вработените. Во таков случај, овие давачки стануваат дел од системот на корпоративните даноци. Стапката на данокот е пропорционална и варира во зависност од конкретната услуга во висина од 15% до 25% на даночната основа.

Други даноци. Други видови даноци кои ги плаќаат компаниите се данокот на трансфер на реален имот (Real Estate Transfer Tax - RETT), со стапка од 3,5% до 4,5%, и данокот на осигурување (Insurance Tax), во кој не спаѓа животното осигурување и здравственото осигурување, и истиот се пресметува со стапка од 19%. Постојат одредени ослободувања по основ на данокот на трансфер на реален имот кои се однесуваат за интра-групните реструктурирања на реалниот имот на компаниите. Инаку, во Германија не постои данок на нето-богатство на компании.

Даночна основа. Даночната основа се утврдува на сличен начин како и во останатите даночни јурисдикции, преку собирање на приходите кои влегуваат во компанијата и одземање на расходите (одбивките) кои се признаваат на основата. Даночната основа се утврдува врз база на годишните финансиски извештаи подготвени според германските општоприфатени сметководствени принципи (GAAP), кои потоа се коригирани со предвидените одбивки за даночни цели. Обично, сите трошења кои се поврзани со основниот бизнис се сметаат за одбитни ставки на даночната основа, иако постојат и некои исклучоци во однос на ова правило (на пример, трошоците за забава и репрезентација се признаваат само во висина од 70% од нивниот износ). Инаку, со последните промени се предвидуваат поголеми рестрикции, ограничувања и намалувања на бројот на одбитните ставките на даночната основа.

Откога ќе се утврди добивката според финансиските извештаи, одредени претходно одземени ставки повторно се додаваат, со цел да се пресмета добивката или основата за целите на оданочувањето. Прилагодувањето на основата, според германското законодавство, ги вклучува повторните додавања на следните ставки (adding-back items): пресметаните даноци на доход (корпоративниот данок, трговскиот данок), трошоците за камата, 30% од направените трошоци за забава и репрезентација, вклучувајќи го и платениот ДДВ, подароците за невработените лица со вредност над 35 евра во текот на годината, 50% од надоместокот на членовите на управните и надзорните одбори и слично.

Амортизација. Материјалните основни средства, освен земјиштето, се амортизираат според проценетиот животен век на конкретното средство кој се пропишува со закон (за градежните објекти), или според прописите на федералното Министерство за финансии (за останатите подвижни материјални средства). За материјалните фиксни средства кои се набавени после 31-ви декември 2007 година, задолжителен метод претставува праволинискиот метод. Методот со опаѓачка стапка се однесува само на подвижните средства кои се во употреба пред спомнатата дата, како и за новонабавените средства во транзициониот период најдоцна до 1-ви јануари 2011. Според ова, праволинискиот метод претставува основен депрециионен метод кој се користи во Германија. Не се признава регуларен забрзан отпис на основните средства, иако одредена девијација од пропишаните прописи е можна, но доколку се претстават цврсти докази и аргументи од страна на даночните обврзници. Во случај на појава на долгорочно обезвреднување на одделни средства, без разлика на причината поради која таа настанува, се предвидуваат други методи на амортизација. Ако, пак, вредноста на средствата повторно се ревалоризира, се врши навраќање на претходниот метод на амортизација. Од 2010 година, поединечните средства со набавна вредност од 150 до 1.000 евра не се водат во посебни категории, туку нивната вредност се кумулира во поединечна категорија на средства (pooling). Се предвидува нивната капитализација да се врши во период од 5 години со примена на праволинискиот метод. Како алтернатива се дава можноста за избор на моментален тековен отпис на средствата кои имаат вредност до 410 евра. Следуваат стапките на амортизација на поважните основи средства:

Табела бр. 4

Амортизациони стапки во Германија

Вид на средство	Стапка (%)
Канцелариска опрема	6 до 14
Моторни возила	16,6
Опрема и машини	6 до 12,5
Авиони	5
Персонални компјутери и слична опрема	33,3
Згради (деловни простории и фабрики)	2,5 до 4

Извор: Сумирано од наведената литература.

Што се однесува до нематеријалните средства, гудвилот мора да се капитализира во должина од 15 години, додека за другите индивидуални нематеријални средства, се предвидува даночна амортизација во зависност од корисниот животен век, кој во Германија се проценува од 5 до 10 години. Интересно е тоа што трошоците за истражување и развој и трошоците за основање

и организација на фирма не се капитализираат, туку се предмет на отпис на тековната даночна основа.

Залихи. Како залихи се сметаат следниве ставки, и тоа: суровини и материјали, недовршеното производство и готовите финални производи. Сите видови на залихи се вреднуваат по набавна вредност, или доколку самостојно се произведуваат, по нивната производствена вредност. Отписот на залихите се изведува само со помош на методот ЛИФО – прв влезен, последен излезен (Last – in First – out), и со методот на просечни трошоци (average cost method).

Капитална добивка и загуба. За разлика од САД, во Германија не постои одделно оданочување на капиталната добивка, туку истата е предмет на оданочување со регуларните стапки на корпоративниот данок на доход. Ако капиталната добивка е реализирана од продажба на земјиште или згради, во случај на нејзино реинвестирање, не се наплатува конкретниот данок. За капиталните добивки од купопродажба на хартии од вредност, или поточно, акции, се врши нивно разграничување на три вида. Така, ако капиталните добивки ги остварува корпорација во својство на акционер (без разлика дали е германска или странска), тогаш нивната реализирана вредност не е предмет на оданочување, односно капиталните добивки се ослободени од оданочување. Единствено, само 5% од вредноста на капиталната добивка влегува во основата на корпоративниот данок, бидејќи законот предвидува одземање на 95% од капиталната добивка од пресметаната даночна основа. Доколку, пак, во својство на акционер се јавуваат партнерства, капиталната добивка од продажбата на акциите е предмет на оданочување, но само во висина од 60% од остварената разлика во цени. Реинвестирањето на капиталната добивка во акции од страна на партнерствата се ослободува од оданочување во текот на двегодишен период. Што се однесува до индивидуалните акционери, капиталните добивки од извршените приватни пласмани по 31-ви декември 2008, се предмет на задржан данок на капитална добивка со пропорционална стапка од 25% плус дополнителни 5,5% дополнителен данок на капитална добивка, но само ако индивидуалното учество на лицето во вкупниот капитал е помало од 1%. Доколку учеството е над 1%, тогаш на сила стапуваат даночните правила, како во случај да се работи за бизнис организација, а не за индивидуално лице.

Третманот на каматите. Германската влада ги признава каматите само доколку се плаќаат на кредити кои се земени за финансирање на редовните деловни активности на компаниите, односно доколку кредитите се ставени во функција на остварување на редовен приход. Секогаш кога кредитирањето се користи за финансирање на партиципација или учество во друга компанија, тогаш се јавува ризик од трансфер на профитот преку каматниот механизам. За да се спречи прекумерната злоупотреба на заемот за такви слични цели, се предвидува поставување на т.н. „каматна бариера“, со која се ограничува можноста за одземање на каматите од профитната основа. Имено, вообичаено се смета дека трошоците за камата треба да се одбиваат од основата, сè додека не ги надминуваат приходите од каматата во тековниот период. Доколку се случи трошоците за камата да ги надминат приходите за камата, според новите правила, вишокот на каматни трошоци над каматни приходи се признава како одбитна ставка на

основата само во висина на 30% од добивката пред каматите, даноците и амортизацијата (EBITDA – Earning Before Interest Taxes Depretiation and Amortization). Вишокот на каматни трошоци над каматните приходи кој е повисок од дадениот лимит, може да се пренесе нанапред во текот на наредните 5 години со ретроактивен ефект од 1-ви јануари 2007. Инаку, ова правило нема да се примени доколку корпорацијата нема направено нето-каматни трошоци поголеми од 3.000.000 евра (што значи дека, пред да се примени горното правило, негативната разлика на каматните трошоци над каматните приходи во висина до 3.000.000 евра, се признава за даночни цели, па потоа се применува лимитот). Исто така, како услов се бара компанијата да биде член на консолидирана групација на компании според меѓународните финансиски стандарди (International Financial Reporting Standards – IFRS) и да оствари вредност на коефициентот сопствен капитал/вкупни средства (equity-to-asset ratio) не помал од 2% од просечниот коефициент на групацијата.

Дивиденди. Оданочувањето на дивидендите е сосема идентично како и оданочувањето на капиталните добивки. Имено, висината на даночната стапка зависи од видот на даночниот обврзник. Ако даночниот обврзник е корпорација, тогаш дивидендите исплатени на германските корпорации и германските филијали на нерезидентните корпорации од страна на германските и странските корпорации и филијали, се ослободени од оданочување. Слично, само 5% од вредноста на исплатените дивиденди влегува во основата, што доведува до 95% ефективно ослободување од плаќањето на данокот. Не постои минимален удел во акции, како и минимален период за држење на акции, кој би претставувал услов за квалификација на ослободувањето во рамки на системот на корпоративниот данок. Но, во системот на трговскиот данок, се бара минимална партиципација од 15% на почетокот на секоја календарска година. Кога се работи за партнерство, само 60% од дивидендата влегува во даночната основа, а за останатите 40% не се пресметува данокот. За индивидуалните лица, на приходот од дивиденди се пресметува стапка на задржан данок од 25% плус 5,5% дополнителен данок.

Задржани даноци или даноци по одбивка (Withholding taxes). Според германското законодавство, задржувањето на данокот се применува на приходите од дивиденда, камата, авторски права, права од индустриска сопственост и капитална добивка. Голем дел од начините на оданочување на овие приходи беа објаснети во горните секции, но сепак, пак ќе го спомнеме најбитното. Приходите од дивиденди исплатени од корпорациите на домашни резидентни и нерезидентни физички лица се предмет на оданочување по основ на данокот на дивиденди, кој се задржува во висина од 25% плус 5,5% дополнителен данок. Стапката на задржаниот данок на дивиденда се редуцира на 0%, доколку акционерот ги задоволува условите на Европската директива за регулирање на односите помеѓу матичните компании и филијали (EU Parent/Subsidiary Directive). Според условите на Директивата, индивидуалните акционери мора да бидат резиденти на ЕУ и да имаат учество од најмалку 10% од капиталот на компанијата која ги дистрибуира дивидендите. И приходите од каматата се предмет на задржан данок на камата, со стапка која е иста со онаа на приходите од дивиденда. Единствена разлика е тоа што овој данок се

применува само на приходот од камата кој го примаат резидентните лица, додека нерезидентните лица се ослободени. Приходите од права од интелектуална сопственост се предмет на оданочување на задржан данок, со стапка од 15% плус 5,5% дополнителен данок, но, за споредба со другите задржани даноци, него го плаќаат нерезидентните лица. Приходот од капитална добивка се оданочува со исти стапки како и приходите од дивиденда. Билатералните даночни договори помеѓу Германија и другите земји овозможуваат и редуцирање на стапките на овие даноци.[242]

Третманот на загубите. Според германското законодавство, загубите кои настануваат во тековната година можат да бидат одземени без никакви ограничувања на товар на тековната даночна основа. Остатокот од загубите по основа на корпоративниот данок на доход и трговскиот данок, може да биде пренесуван неограничено во идниот период, но само во висина од 1.000.000 евра плус 60% од вредноста на останатиот профит, што резултира со ефективно оданочување на останатиот (или резидуалниот) профит во висина на 40% од неговиот износ. Загубите само по основ на корпоративниот данок на доход, можат да се пренесат наназад во претходната година, но во износ од 511.500 евра.

Оданочување на доходот од странски приходи. Изворите на странски доход на германските компании, во основа, се предмет на оданочување, бидејќи германската влада води посебен режим, наречен контролиран режим на странски компании (controlled foreign company - CFC regime). Целта на овој посебен режим на оданочување е да се спречи одлив на профитот на германските контролирани компании во ниско даночните странски јурисдикции, каде профитот се оданочува со стапка помала од 25%. Ако домашните резиденти поседуваат повеќе од 50% од акциите и гласачките права на некоја посредничка корпорација со пасивен (недистрибуиран) профит, се верува дека тој ќе биде распределен на домашните акционери, и покрај тоа што корпорацијата потекнува од ниско даночна земја. Но, ако партиципацијата е помала од лимитот што гарантира оданочување според домашните стапки, тогаш партиципацијата од само 1% е доволна да се спроведе контролираниот режим на странски компании. Инаку, ова се однесува само за компаниите со т.н. пасивен профит кој е нераспределен, додека компаниите со активен профит кој се дистрибуира кон домашните акционери во вид на капитална добивка и дивиденди, не потпаѓа под режимот на посебното оданочување, односно се оданочува на начин како што е погоре опишан.

Ослободување за платен странски данок (Foreign Tax Relief). Износот на платениот данок во странска земја од страна на германски резидент може да се компензира со даночен кредит на неговата даночна обврска, без да постои меѓународен даночен договор помеѓу двете земји. Даночниот кредит не смее да биде повисок од износот на домашниот данок кој би бил

[242] За стапките на задржан данок на приходите од дивиденда, камата, роjалитет и капитална добивка, согласно договорите помеѓу Германија и другите земји, види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 356-360.

платен на истиот доход. Ако се сака поинаку, платениот данок во странство, наместо како кредит, може да се смета како одбивка на даночната основа на германскиот резидент.

Пренос на профит и загуба во рамки на корпоративната група. Федералните закони дозволуваат да се врши пренос (pooling) на профитот и загубите за даночни цели помеѓу афилијациите во рамки на корпоративната групација. Меѓутоа, за да се оствари ова право, мора да бидат задоволени условите што ги наметнуваат законските правила за уредување на здружувањето на германските групации, кои изворно се нарекуваат „Organschaft“. Покрај другото, со нив се бара матичната холдинг компанија да го поседува контролниот пакет на акции на контролираната компанија, и помеѓу нив да биде склучен договор за пренос и трансфер на профитот и загубите.

Трансферни цени помеѓу поврзани субјекти. Трансакциите помеѓу субјектите во рамки на корпорацијата мора да се реализираат само со употреба на методот на конкурентни цени (arm's length method). Доколку трансакциите се извршуваат со посредство на други нерелевантни методи, тогаш профитот на корпорацијата мора да подлежи на одредени приспособувања и прилагодувања за даночни цели. Кога се користат трансферните цени помеѓу блиску поврзаните индивидуи или субјекти, во посебна документација, даночниот обврзник мора да ги наведе природата, карактерот и содржината на деловната релација, како и економската и легалната основа за користењето на трансферните цени. Инаку, во рамки на ЕУ се дава можност за вршење на арбитражни процедури поврзани со оваа проблематика.

Контрола на трансферот на пари и девизи. Во Германија не постојат значителни ограничувања при трансферот на пари и девизи; според тоа, законските прописи во таа област се либерални.

Инвестициони стимулации (Investment incentives/allowance). Германската влада предвидува одредени даночни стимулации, кои најчесто се реализираат во вид на даночни одбивки, во висина на квалификуваните инвестициони трошоци. Овој инструмент наидува на поголемо прифаќање од страна на локалните даночни власти, особено во регионите каде е потребно да се изврши подобрување на локалната економска инфраструктура. Покрај даночните одбивки, во рамки на новите федерални држави, често се доделуваат и инвестициони грантови во случај на изградба или купување на нови згради, или при набавка на нови подвижни капитални средства.

Персонален данок на доход

Персонален данок на доход (Einkommenssteuer). Персоналниот данок на доход кој го плаќаат резидентните индивидуални лица во Германија се однесува на доходот кој го остваруваат во земјата и странство (доход на светско ниво). За разлика од нив, нерезидентните лица плаќаат персонален данок само на доходот од германски извори, односно на доходот кој го остваруваат во Германија. Притоа, како резидентни лица се сметаат лицата кои имаат постојано живеалиште, или, пак, привремено престојуваат во земјата (како услов за привремен престој во Германија се смета периодот од најмалку 180 консеквентни дена во релевантната година). Инаку, стапките на

персоналниот данок на доход во Германија имаат расчленета, или поточно, степенеста прогресија. Тие се движат од 0% за категоријата на вкупен годишен доход до 8.004 евра, па сè до 45%, која претставува максимална стапка и се пресметува на категоријата на вкупен годишен доход над 250.000 евра (500.000 евра за брачна двојка или семејство). Подетално за стапките на овој данок, дадено е во следната табела.

Табела бр. 5

Стапките на персоналниот данок на доход во Германија

Даночна основа (вкупен год. приход)	**Даночни стапки**
помалку од 8.004 евра	0%
8.005 до 52.881 евро	прогресивни од 15% до 42%
52.882 до 250.000 евра	42%
над 250.000 евра	45%

Извор: Сумирано од наведената литература.

Како даночна основа се смета разликата помеѓу остварениот приход и дозволените одбивки. Како приходи се сметаат приходот од бизнис активности, приходот од земјоделство и шумарство, приходот од самовработување, приходот од работни односи, приходот од инвестиции во капитал (дивиденда и камата), приходите од закуп и права од индустриска сопственост и приходот од капитална добивка. Како расходи, или поточно одбивки (дедукции) кои се признаваат на основата, се сметаат: професионалните и деловните трошоци, платените придонеси на определени осигурителни тела и личните ослободувања од даночната основа. На лицата кои засноваат работен однос, работодавците имаат обврска да им го задржат данокот при пресметката на платите, додека самовработените лица и лицата кои остваруваат повремен доход кој не е во вид на плата, го плаќаат данокот во 4 квартални рати, кој се пресметува врз основа на остварениот доход од претходната година.

Остварениот доход од деловни или трговски активности, како и од самовработување, се оданочува по повластена редуцирана стапка од 28,25%. Приходите од дивиденди и камати се оданочуваат по стапка од 25% плус 5,5% дополнителен данок. Направените реални трошоци во врска со наплатата на инвестицискиот приход не се признаваат; наместо тоа, се дозволува признавање на паушални трошоци во вредност од 801 евро. Доколку даночниот обврзник е во брак, тогаш неговиот доход се комбинира со доходот на неговиот брачен другар, што резултира со удвојување на данокот на комбинираниот доход. Покрај персоналниот данок на доход, во таков случај се врши и дополнително оданочување на доходот од 5,5%.

Придонеси за социјално осигурување. Придонесите за социјално осигурување се наплаќаат на тој начин што се врши нивно задржување од платите на вработените лица. Сите лица со годишен приход под 4.800 евра се ослободуваат од плаќање на придонеси за социјално осигурување, додека за другите категории на доход, се врши пропорционално зголемување на стапките на придонесите, со примена на плафони како горна максимална граница на платените придонеси. Генерално, даночниот товар по основ на платените придонеси, паѓа подеднакво и на вработените и на работодавците. Така, придонесот за пензиско осигурување, кој изнесува 19,9%, половина од него го плаќаат вработените, во висина од 9,95%, а другата половина, во ист процент

го подмируваат работодавците. Не може да се плати поголем вкупен годишен износ на пензиски придонеси над пропишаниот максимум од 63.000 евра по лице. Придонесот за здравствено осигурување го плаќаат работодавците со стапка од 6,65%, и вработените со стапка од 7,55%, а максималниот плафон изнесува 42.750 евра. Од 2010 година се предвидени одредени реформи на придонесот за здравствено осигурување во корист на вработените. Придонесот за невработеност во висина од 4,5% го плаќаат по половина и работодавците и вработените, по еднаква стапка од 2,25%, а горната максимална граница изнесува 63.000 евра. Во Германија е познат и придонесот за долготрајна нега (long-term care insurance) со вкупна стапка од 1,7%, кој отпаѓа по половина на вработените и работодавците, со максимален плафон од 42.750 евра. И на крај, придонесот за осигурување при повреда на работно место го плаќаат само работодавците, а стапките можат да бидат различни и варијабилни.[243]

Даночни мерки и поволности

За разлика од САД, во Германија не постојат **основни стандардни олеснувања (Basic reliefs)** по однос на различните категории на доход. Во случај на заедничко оданочување на брачните другари, се пресметуваат **стандардните ослободувања по основ на брачен статус (Standard marital status reliefs)** – во таков случај специфичните одбивки се удвојуваат, пресметката на даночната обврска по основ на персоналниот данок на доход се реализира со помош на методот на раздвојување на доходот (income splitting method). **Даночни ослободувања за деца (reliefs for children)** – за едно, две и три деца се дава даночен кредит од 1.848 евра, а за четврто и повеќе деца, даночен кредит од 2.148 евра. **Даночно олеснување за самохрани родители (reliefs for lone parents)** – даночните обврзници кои имаат најмалку едно дете и живеат сами, покрај даночните олеснувања за деца, можат да се квалификуваат и за дополнително олеснување во форма на даночна одбивка во висина од 1.308 евра. **Даночни олеснувања за придонесите за социјално осигурување и премиите за животно осигурување (Reliefs for social security contributions and life insurance contributions)** – одреден процентуален износ од вкупните придонеси за социјално осигурување и придонесите за обезбедување во иднината (животно осигурување), се признаваат на товар на основата. **Ослободувања за трошоци поврзани со работа (Work related expenses)** – одбивка во висина на паушален износ од 920 евра се признава на основата на секое вработено лице. **Ослободување за специјални трошоци (special expenses)** – паушален износ на дополнителна одбивка од 36 евра по лице или 72 евра за двојка по основ на направени разни специјални трошоци (платен црковен данок), се признава на даночната основа. Во Германија не се користат финансиски стимулации во вид на директни трансфери на парични средства (финансиски грантови) за брачните двојки, ниту пак, за родителите со деца.

Даночната инциденца во Германија

[243] Овие податоци се однесуваат за 2007 година. Види: „Taxing Wages 2006/2007“, An OECD study, 2008, стр. 230, 231.

Даночната инциденца на пазарот на труд. Анализата на даночната инциденца на пазарот на труд во Германија, покажува дека постои висок и позитивен даночен товар на платата на индивидуалниот работник, без разлика што и таму давачките по основ на персоналниот данок на доход и социјалните придонеси ги плаќаат двете странки на работниот однос. Доказ за тоа е коефициентот на даночното премостување пресметан на просечната плата на индивидуалниот работник, кој во Германија во 2006 година изнесувал 53,2%, со што во групацијата на ОЕЦД, таа се позиционира на високото 2-ро место, веднаш зад Белгија, гледано според големината на даночниот товар на индивидуалната просечна плата. Тоа значи дека Германија припаѓа на групата земји со натпросечно зафаќање на просечната бруто-плата. Ист заклучок може да се направи и за одделните категории на доход. Така, на доходот во категоријата од 33-67% од просечната плата, износот на даночното зафаќање изнесува 44,0%, на доходот во категоријата од 67-100%, тоа изнесува 50,9%, на доходот во износ од 100-150%, има висина од 54,2%, и на доходот од последната категорија која опфаќа 150-200% од просечната бруто-плата, интензитетот на даночното оптоварување изнесува 54,0%. Овие податоци даваат индикации дека даночните стапки на персоналниот данок на доход во Германија, гледано во целина, биле прогресивни во конкретната 2006 година. Сепак, временската анализа покажува дека, и покрај тоа што коефициентот на даночното зафаќање на просечната плата во периодот од 2000 до 2006 година се намалил за 0,8%, распределбата на намалувањата на вишокот на даночниот товар по одделните категории на доход, и во случајот со Германија, не е извршена праведно. Податоците укажуваат дека зголемување на даночниот товар е регистрирано само кај најниската категорија на доход (од 0,3%), додека кај останатите категории е евидентирано намалување, кое е најголемо кај повисоките категории на доход (намалување од 0,6% за втората, 1,4% за третата и дури 2,0% за четвртата категорија на доход!).Ова значи дека вишокот на даночното оптоварување се преместува од имотните кон помалку имотните даночни обврзници, што, во крајна мера, резултира и со редуцирање на степенот на прогресивност на даночната структура на персоналниот данок на доход од 7,0% во 2000, на 5,1% во 2006.[244]

Даночната инциденца на пазарот на капитал. Спомнавме дека оценката во врска со даночното премостување, или поточно, ефектот на даночната инциденца на пазарот на капитал, ќе ја извршиме индиректно преку анализа на ефективните даночни стапки. Од расположливите податоци за ефективните даночни стапки на компаниите во Германија, достапни се токму оние кои се најбитни од аспект на проценката на вкупната состојба на даночната инциденца на пазарот на капитал, а тоа се ефективните стапки на вкупните инвестиции. Веднаш може да се оцени дека во Германија вишокот на даночното оптоварување го сносат германските корпорации и компании. Имено, ефективната даночна стапка на вкупните инвестиции во Германија во 2005 година е измерена во висина од 30,0%, која од претставените земји, повторно се рангира на високото 2-ро место според висината на даночниот товар, веднаш зад прворангираната Франција,

[244] Деталните податоци се земени од: „Taxing Wages 2006-2006 - Special feature: Tax reforms and tax burdens“, OECD Tax studies, 2007, како и од линкот: http://dx.doi.org/10.1787/187510126687.

која има ефективна стапка од 34,7%. Високата и позитивна стапка на претставениот коефициент, јасно укажува дека даночната инциденца на пазарот на капитал во Германија паѓа на страната на сопствениците на компаниите, резултирајќи со позитивно оданочување на економскиот профит.[245]

2.3. Обединетото Кралство (GB/UK)

Системот на корпоративниот данок на доход

Корпоративен данок на доход (Corporate Income Tax or Company Tax). Резидентните компании во Обединетото Кралство (скратено ОК) имаат обврска да плаќаат корпоративен данок на доход на сите извори на приходи, како и на капиталната добивка, без разлика на местото каде ги остваруваат. Како резидентна компанија се смета онаа која е инкорпорирана (основана) во ОК, и чијшто централен менаџмент и управувачка контрола се лоцирани, исто така, во ОК. Како даночни обврзници на корпоративниот данок се сметаат и нерезидентните компании кои извршуваат редовни деловни активности на територијата на ОК, за вкупниот приход и капиталните добивки кои се реализираат преку нивните перманентни претставништва. Фискалната година трае од 1-ви април, па сè до 31-ви март, и според тоа, таа не се совпаѓа со календарската година. Главната стапка на корпоративниот данок на доход изнесува 28%, и таа се однесува на големите компании кои остваруваат добивка над 1.500.000 фунти. За малите компании со добивка до 300.000 фунти, се применува редуцирана стапка од 21%. За компаниите со профит од 300.000 до 1.500.000 фунти, постојат одредени ослободувања кои ја редуцираат максималната маргинална даночна стапка. За ОК е карактеристично тоа што постои посебен даночен режим на компаниите од нафтената, петролеумската и екстрактната индустрија, кои остваруваат екстра-профит и кои изворно се нарекуваат „ring fence companies“, за кои стапката на корпоративниот данок изнесува 30%. Притоа, за нив не важат даночните ослободувања и можноста за пренос на загубите, а покрај редовната корпоративна стапка, дополнително се оданочуваат и со посебен данок на приходи од петролеум (Petroleum Revenue Tax – PRT) во висина од 10%.[246] За малите компании од оваа индустрија, корпоративниот данок изнесува 19%. Следи приказ на даночните стапки:

Табела бр. 6
Стапките на корпоративниот данок на доход во ОК

Износ на добивка (во фунти)	Даночна стапка (%)
0 – 300.000	21
300.000 – 1.500.000	21 - 28
над 1.500.000	28
„ring fence companies“	30
„ring fence companies“ со мал профит	19

[245] Види: табела бр. 81 од прилогот на трудот.

[246] Види: Wikipedia – Petroleum Revenue Tax (PRT).

Извор: Сумирано од наведената литература.

Големите компании мора да го плаќаат данокот аконтативно во 4 квартални рати, а првата рата мора да се плати најдоцна по истекот на 6 месеци и 14 дена од завршувањето на сметководствениот период. Компаниите за кои не постои задолжително квартално плаќање на данокот, мора да ја подмират обврската најдоцна по истекот на 9 месеци и еден ден од завршувањето на сметководствениот период.

Данок на профит на филијали (Branch Profit tax*).* Во ОК не постои одделно оданочување на профитот што го остваруваат филијалите на нерезидентните компании. Имено, профитот на странските филијали подлежи на оданочување на ист начин како и профитот на домашните компании.

Данок на додатоци и придонеси (Fringe Benefit Tax). За разлика од Германија, овие давачки паѓаат речиси во целост на товар на вработените лица, а не врз работодавците. Единствено, само данокот за национално осигурување, кој се плаќа при исплатата на осигурителната премија, се подмирува од страна на работодавецот.

Локални даноци. Компаниите кои поседуваат комерцијален имот на територијата на ОК, плаќаат локални даноци кои се утврдуваат врз основа на вредноста на недвижниот имот, по стапки кои ги утврдува централата влада.

Административна такса (Stamp Duty). Сите компании, без разлика дали се резидентни или нерезидентни, мораат да ја платат административната такса при купопродажбата на акции од британските корпорации во висина од 0.5%. Административната такса за купопродажба на имот беше заменета во 2003 година со административниот данок на земја (Stamp Duty Land Tax – SDTL), кој се наплаќа при купопродажбата на земјиште и згради, со даночна стапка помеѓу 1 и 4 проценти. Во случај на лизинг, предвидени се одредени поволности.

Даночна основа. Даночната основа се утврдува според финансиските извештаи подготвени во согласност со британските општоприфатени сметководствени принципи (Generally Accepted Accounting Principles – GAAP), кои се модифицираат со прилагодувањата и одбивките за даночни цели. Трошоците кои се признаваат на основата, мора да бидат направени исклучиво за целите на бизнисот и дејноста. Трошоците за репрезентација и забава не се признаваат, освен доколку се направени за потребите на вработените, и тоа само во специфични случаи.

Амортизација за даночни цели (Tax depreciation or capital allowances). Владата на ОК нуди доста поволни можности за амортизација на некои категории средства, додека за други применува **неверојатно строги правила**. Главниот метод на амортизација е методот со опаѓачки приноси, ако поинаку не е спомнато. За средствата од категоријата опрема и машини, вклучувајќи и некои автомобили купени после 1-ви април 2009, стапката на амортизација изнесува 20% (период на амортизација од 5 години), со примена на методот на опаѓачки приноси. Средствата од оваа категорија со економски век подолг од 25 години се амортизираат со стапка од 10%, исто така, со примена на методот на опаѓачки приноси. Притоа, на сите економски субјекти, без разлика на формата или големината, им се дава право на годишна инвестициона одбивка (Annual

Investment Allowancess - AIA), или поинаку, право на тековен отпис во висина од 50.000 фунти од набавеното средство во годината на неговата набавка. Опремата која се смета како додатен елемент на зградите (integral features to a buildings), се амортизира со стапка од 10%. Со новите промени од 1-ви април 2009 година, се предвидува привремено да се воведе уште една мерка во вид на инвестициона одбивка, т.н. „First Year Allowances – FYA", во висина од 40% од вредноста на секоја опрема или машина набавена во текот на првите 12 месеци (или првата година) од наведената дата. FYA не се применува само за додатната опрема за згради, опремата со долг кориснички век, автомобилите и средствата на лизинг. Интересно е тоа што за возилата кои не емитуваат штетни гасови, оваа мерка останува да важи.[247] Посебен даночен режим се применува за средствата со ниска потрошувачка на енергија. Така, покрај автомобилите кои емитуваат ниско ниво на штетни гасови, за инфраструктурата со обновлива енергија, технологијата за вода, и технологијата со ниска потрошувачка на енергија, се предвидува стапка на амортизација во висина од 100%! Исто така, за капиталните издатоци направени за реновирање на деловните имоти во неразвиените подрачја, се дава иницијална инвестициона одбивка во висина од 100%, што значи целосен отпис уште во првата година. Трошоците за истражување и развој кои имаат карактеристика на капитално средство, исто така, се предмет на амортизација во висина на 100% од нивната вредност. Што се однесува до амортизацијата на зградите во ОК, правилата се дијаметрално спротивни, во споредба со опремата и машините. Како општо правило е тоа што амортизацијата најчесто се применува на земјоделските згради, хотелите и инфраструктурата наменета за екстракција на минерали, но законските правила се многу рестриктивни, дури и неповолни. Кај индустриските згради постои тренд на постепено напуштање на капиталното отпишување. Имено, новите правила налагаат стапката на амортизација од 3% во 2008 година, да се редуцира на 2% во 2009, па на 1% во 2010, за да, по 1-ви април 2011, се изврши целосно укинување на стапката на амортизација на индустриските згради (што значи нема да постои амортизација за овие основни средства!). Комерцијалните згради, пак, се предмет на амортизација само доколку се лоцирани во индустриските зони, во спротивно и за нив се укинува правото на амортизација.

Третманот на основните средства под лизинг (Leased Assets). Ако основните средства (опрема и машини) се набавени со договор за долгорочен лизинг, тогаш се применува специфичен даночен третман. На субјектот кој ги дава средствата на лизинг (the lessor), како приход му се смета само финансирачкиот елемент од ануитетот (само износот на наплатената камата, или поточно, рентата, односно закупот, но не и ратата за отплата). Од друга страна, на примачот или корисникот на средствата на лизинг, бидејќи не е сопственик на користеното средство, како расход му се признава, исто така, финансирачкиот елемент, т.е. платената камата од ануитетот. Кога средството ќе премине во сопственост на корисникот, му се доделува право да го капитализира и да биде предмет на амортизација. Овој режим се однесува на финансискиот лизинг, како и на

[247] Пошироко види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide", Earnst&Young, April, 2010, стр. 1111.

некои форми на оперативниот лизинг. Во оваа категорија не се вклучуваат договорите за лизинг кои траат помалку од 5 години.

Залихи (Inventories). Залихите се вреднуваат според нето-реализираната вредност, за која цел се користи методот ФИФО, или прв влезен, прв излезен (FIFO – first – in – first – out). Во ОК не е дозволено да се користи методот на просечни цени, како и ЛИФО-методот, согласно националните сметководствени стандарди.

Капитални добивки. Не постои одделно оданочување на капиталните добивки во ОК, така што се применуваат истите стапки на корпоративниот данок на доход. Капиталната добивка за даночни цели се дефинира како разлика помеѓу продажната вредност и оригиналните историски трошоци на средството, вклучително и дополнителните капитални трошоци во врска со средството кое е предмет на продажба. Капиталната добивка од продажба на акции остварена од нерезидентни компании, не е предмет на оданочување. Нерезидентните компании се оданочуваат само за капиталните добивки добиени од продажба на средства кои се користат за целите на бизнисот кој се води преку воспоставените претставништва лоцирани во ОК. Законодавството признава повеќе видови бенефиции кои се однесуваат како на резидентните, така и на нерезидентните компании. Најпрвин, се признава специјална даночна одбивка во висина на инфлационата премија, која се пресметува врз основа на ценовниот индекс. Инфлационата одбивка може единствено да се употреби за намалување на износот на капиталната добивка, но не и за генерирање на капитална загуба. Капиталните загуби се признаваат на тековната даночна основа и можат да се пренесуваат нанапред неограничено, додека пренесувањето наназад за даночни цели е забрането. Капиталната загуба може единствено да се искористи за редуцирање на капиталната добивка, но не и за намалување на профитната основа. И при реинвестирањето на разликата во цени од продажбата на деловните средствата, се предвидуваат одредени поволности, како што е, на пример, можноста за одложување на даночната обврска (tax defferal). После 1-ви април 2002 година, во ОК е воведена една стимулативна мерка наречена „Substantial Shareholding Exemption – SSE“, која предвидува ослободување од данок на капитална добивка при продажба на акции. Како услов се бара компаниите да имаат сопственички удел над 10% од вкупниот капитал на трговските компании и групациите и уделот да биде држан најмалку во период од 12 месеци.

Дивиденди. Генерално, дивидендите кои ги примаат домашните и странските компании во ОК се изземени од оданочување. Со новите правила од 1-ви јули 2009 година, за исплатите на дивиденди и друг вид на капитален приход е предвидено ослободување од корпоративниот данок на доход; според тоа, компаниите немаат обврска да го задржат данокот при нивната исплата. Се разбира, постојат одредени услови кои треба да се исполнат, со цел компаниите да се квалификуваат за даночното ослободување.[248] За разлика од компаниите, резидентните индивидуални акционери имаат обврска да платат данок на приход од дивиденда, но, исто така, имаат и право на даночен кредит во висина од 10/90 од износот на нето-дивидендата.

[248] Види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр.1109.

Камати. Општо земено, платените камати претставуваат одбитна ставка на даночната основа во тековниот период. Како исклучок, за обврските по камата кон поврзани субјекти, кои остануваат неподмирени повеќе од 12 месеци од крајот на сметководствениот период, предвидена е можност за одложување на одбивката, под услов кредитодавачот да подлежи на оданочување според британскиот даночен систем, и да ги има евидентирано каматните побарувања во сметководствената евиденција. Плаќањата за камата на краткорочни заеми до 1 година (или 364 дена), како и за сите други каматни плаќања меѓу британските резидентни компании за кои се смета дека се предмет на оданочување според британскиот даночен систем, може слободно да се извршат без да се изврши задржување на данокот. За да се спречат прекумерните манипулации со каматните стапки, владата на ОК воведе рестриктивни мерки кои се однесуваат на финансиските трансакции помеѓу големите групации. Конкретно, преку овие правила кои изворно се нарекуваат „Worlwide Debt Cap – WDC“, и кои се воведоа во 2009 година и имаат правно дејство од 2010 година, се настојува да се ограничи употребата на одбивките на каматните трошоци на вкупниот износ на екстерните финансиски трансакции кои ги извршуваат големите групации во целина. Како голема групација се смета: компанија која вработува најмалку 250 лица или остварува обрт поголем од 50 милиони евра и поседува вкупен имот поголем од 43 милиони евра. Правилата се доста комплицирани, меѓутоа, елементарно, каматите нема да се одземаат од основата, ако се оцени дека каматните плаќања немало да се извршат доколку компаниите не биле неповрзани. Не се пропишуваат лимити на степенот на задолженост, иако се смета дека износот на коефициентот долг/сопствен капитал (debt – to – equity ratio) од 1:1 до 3:1 укажува на поголема задолженост на компанијата.

Трансакции помеѓу поврзани групи (трансферни цени). Релевантен критериум и во ОК претставува т.н. метод на конкурентни цени (arm's length method). Од компаниите и партнерствата се бара да ги документираат сите деловни релации со странските субјекти, како и да извршат калкулации на трансферните цени помеѓу поврзаните групи според овој ценовен метод. Сето ова е во насока да се спречи злоупотреба на префрлувањето на профитот преку нереални и неосновани интеркорпорациски трансакции. Од април 2004 година овие правила се употребуваат и на трансакциите помеѓу домашните британски компании. Инаку, се однесуваат само за големите компании, додека малите и средните компании се изземени од дејството на правилата за трансферни цени.

Задржани даноци или даноци по одбивка (Withholding Taxes). Спомнато е дека данокот не се задржува при исплатата на дивидендите од страна на британските резидентни компании. Даноците мора да се задржат единствено на исплатата на каматите и приходите од права на индустриска сопственост, а стапките по кои се задржуваат се одредуваат согласно меѓународните даночни договори.

Контрола на трансферот на пари и девизи. Во ОК не постојат значителни ограничувања на трансферот на пари и девизи, според тоа, и таму законските прописи се либерални.

Третманот на загубите во рамки на корпоративната група. Во ОК е дозволена компензација на даночните загуби (неискористени оперативни загуби и неискористени амортизациони отписи) во рамки на корпоративната група. Доколку британска компанија презеде 75% од капиталот на друга британска компанија, неискористените оперативни загуби и неискористените амортизациони отписи можат да се трансферираат на сметка на компанијата купувач, со што се постигнува ефективна консолидација на загубите на сметка на идниот профит. Компаниите имаат бенефиции и од консолидација на загубите при конзорциумско преземање. Како услов се бара да се преземе 75% од компанијата со минимален поединечен удел на членките на конзорциумот во висина од 5%. Реализацијата на капитална добивка при трансферот на средствата не се оданочува со данок на капитална добивка. Данок на капитална добивка се пресметува ако компанијата ја напушти групата во текот на следните 6 години од трансферот, врз основа на пазарната вредност на средствата постигнати во моментот на продажбата. За компанија со капитална загуба, можно е да примени еден вид „групно олеснување“, во случај на нејзино откупување.

Третман на приходите од странски извори. ОК применува посебен даночен режим на приходите со потекло од ниско даночни земји. Законските правила кои изворно се наречени „controlled foreign company (CFC) legislation“, се однесуваат за холдинг компаниите кои реализираат профит од супсидијарни компании лоцирани на дестинации кои имаат ниска стапка на даночно оптоварување (за такви се сметаат оние земји со даночни стапки помали од ¾ од кореспондентните стапки во ОК). Ако резидентната компанија поседува учество во висина од над 25% од капиталот на странската компанија, и истата се наоѓа во земја со ниски даноци, тогаш домашната компанија може да потпадне под гореопишаниот режим на даночна контрола. Инаку, овие правила се доста комплицирани со многу услови, ограничувања и исклучоци, па затоа нивното правилно толкување може да биде многу отежнато.[249]

Олеснување за платен странски данок (Foreign Tax Relief). Британските даночни правила предвидуваат доделување на даночен кредит на резидентните компании во износ на платениот данок по основ на профитот што го остваруваат во странство. Висината на даночниот кредит не може да го надмине износот на британскиот данок што би требало да биде платен на истата профитна основа. Инаку, ова правило се однесува само за корпоративниот данок на доход. Што се однесува за приходите од дивиденда, со новите правила од 1-ви јули 2009 се предвидува ослободување од плаќање на данок на дивиденда на домашните компании, без разлика на потеклото на приходот.

Мерки на даночни стимулации

Инвестициони стимулации. Постојат повеќе форми на даночна асистенција на бизнисот во ОК. Најпрепознатливи форми на поддршка претставуваат стимулациите за вложувања во

[249] За посебниот даночен третман на приходите од странски извори, пошироко види:„The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 1115, 1116.

истражување и развој. Конкретно, направените трошоци во истражување и развој кои имаат карактер на тековни издатоци, се признаваат во висина од 175% на сметка на основата, доколку инвеститорот припаѓа во категоријата на малите и средните претпријатија. За големите претпријатија, трошоците се отпишуваат во висина од 130%. Во економските зони, комерцијалните згради се предмет на амортизација во висина од 100% од иницијалните инвестициони трошоци, за разлика од комерцијалните згради кои се наоѓаат надвор од зоните за кои е предвидено укинување на правото на амортизација.

Персонален данок на доход

Правилата за оданочување во ОК предвидуваат високи прогресивни стапки на персоналниот данок на доход. За приходите од работен однос, плата, самовработување и инвестирање (освен приходот од дивиденди), се предвидуваат следните даночни стапки:

Табела бр. 7

Стапките на персоналниот данок на доход во ОК на сила од 5-ти април 2011-та

Годишен доход (во фунти)	**Маргинални даночни стапки во %**
0 до 37.400	20%
од 37.400 до 150.000	40%
над 150.000 фунти	50%

Извор: Сумирано од наведената литература.

Од табелата јасно се гледа дека највисоката маргинална стапка изнесува 50%, додека средната маргинална стапка на приходот од овие извори е околу 40%. За приходот под 37.400 фунти, стапката е 20%. За приходите од штедење (штеден влог), стапката изнесува 10% со лимит до 2.440 фунти во 2011 година. Приходите од дивиденди во 2010 година се оданочуваа со базична стапка од 10%, со право на кредит кој ја редуцира ефективната стапка на 0% и повисока стапка од 32.5%, со даночен кредит кој ја редуцира ефективната стапка на 25%. По 6-ти април 2010, оние обврзници со вкупен годишен приход над 150.000 фунти имаат обврска да плаќаат данок на приход од дивиденда со законска стапка од 42,5% (или со ефективна стапка од 36,11%, ако се земе предвид даночниот кредит).

Даночни обврзници на персоналниот данок на доход се сите резиденти на ОК кои плаќаат данок на вкупниот остварен доход во земјата и странство (вкупен светски доход), како и нерезидентите кои се оданочуваат врз основа на остварениот доход на територијата на ОК. Резидентите плаќаат и данок на капитална добивка, за разлика од нерезидентите кои се ослободени од таа обврска. Како услов за резидентство, според британските закони, се смета физичкото присуство во ОК од најмалку 183 последователни дена во текот на една фискална година, или ако лицето правело повремени визити во текот на 4 последователни години, со просечен непрекинат престој од најмалку 91 ден.[250] Брачните другари се оданочуваат одвоено, при што и обата имаат право на лично ослободување во висина од 6.475 фунти за периодот до 5-ти април 2010 година. И приходот на малолетните деца претставува предмет на оданочување, освен во случај да потекнува од фондовите на родителите. Карактеристично е тоа што и

[250] Во ОК постојат и категориите обичен резидент и домицилен граѓанин. Пошироко види: http://www.taxrates.cc/html/uk-tax-rates.html.

донациите се оданочуваат, и тоа на специфичен начин. На пример, ако се доделат 80 фунти во добротворни цели, организацијата ќе добие средства во висина од 100 фунти (што значи се изразуваат во износ кој не ја содржи основната даночна стапка).

Резидентите кои имаат помалку од 75 години, можат да плаќаат придонеси во доброволните пензиски шеми, за што се предвидени одредени даночни олеснувања. Вкупниот износ на платени придонеси е детерминиран од висината на годишните ослободувања за време на просечниот животен век на обврзникот (или 1.750.000 фунти вкупен лимит за 2010, и 1.800.000 фунти за 2011 година). Инаку, на приходите од редовен работен однос се наплаќаат придонеси од шемите за задолжително пензиско осигурување. Како индивидуи со висок доход се сметаат оние со вкупен годишен доход од 150.000 фунти, заедно со платените придонеси за пензиско осигурување од страна на работодавецот, или оние со вкупен годишен доход од 130.000 фунти, без да се вклучат придонесите за пензиско осигурување.

За платените камати на кредити земени заради финансирање на самостојни деловни активности, предвидени се посебни даночни ослободувања. Во оваа категорија на камати спаѓаат и: каматите од кредити земени заради купување на акции од блиски компании; каматите од кредити земени за купување на акции од компании кои се контролирани од вработените; и каматите за кредити наменети за купување на удел во партнерство, како и за набавка на машини и опрема, за употреба во партнерства или за самовработување.

Индивидуалните лица имаат, исто така, право на даночен кредит во висина од 20% од вредноста која е инвестирана во акции од програмата/шемата за инвестирање во претприемачки претпријатија (Enterprise Investment Scheme – EIS), до максимален износ од 500.000 фунти на годишно ниво. Слично, се доделува даночен кредит и на лицата кои инвестираат во трустовите на компании со иновативен капитал (Venture Capital Trusts (VCT) Companies), во висина од 30% од вложените средства, со максимален лимит од 200.000 фунти на годишно ниво. Дивидендите примени од VCT компании се ослободени од данок, а за данокот на капитална добивка од продажба на акции од EIS компании, постои можност за негово одложување на неограничен број на години. Од април 2010 година физичките лица можат да инвестираат и во програмите за индивидуални штедни сметки (Individual Savings Accounts – ISA) во максимален износ до 10.200 фунти, од кои половина во кеш, а останатиот дел во акции. Приходот од овие доброволни шеми за штедење е ослободен од оданочување. Капиталните добивки, пак, заработени од страна на индивидуални лица се предмет на данокот на капитална добивка со стапка од 18%, со право на годишно ослободување во висина од 10.100 фунти.

Придонеси за социјално осигурување. Придонеси за социјално осигурување на работниците плаќаат и самите вработени и работодавците. Придонеси кои ги плаќаат вработените - сите вработени со неделен приход поголем од 100 фунти плаќаат придонеси за социјално осигурување, додека лицата со помал приход се ослободени од таа обврска. За лицата со неделен доход од 100 до 670 фунти, стапката на придонеси изнесува 11% плус 1% за лицата со поголем доход од 670 фунти. Во придонесите за социјално осигурување се вклучени придонесите за

пензиско и инвалидско, за здравствено, за невработеност и за повреда при работа. Придонеси кои ги плаќаат работодавците – работодавците не плаќаат придонеси за вработените со неделен доход помал од 100 фунти. Просечната стапка на придонеси кои ја плаќаат работодавците изнесува 12,8% за вработените со неделен доход над 100 фунти.[251]

Даночни мерки и поволности

Во ОК се регистрирани следниве мерки во системот на персоналниот данок на доход: **основно даночно олеснување (basic reliefs)** – лично индивидуално ослободување до 5.225 фунти (во 2010 година 6.475 фунти); **стандардно олеснување врз основа на брачниот статус (standard marital status reliefs)** – не постои такво олеснување; **даночен кредит за работа (working tax credit - WTC)** – се доделува даночен кредит на семејствата со низок доход, без разлика дали имаат деца или пак не. Конкретно го добиваат: семејствата со деца каде едниот родител работи најмалку 16 часа неделно; лицата со хендикеп кои работат најмалку 16 часа неделно; и семејствата без деца, каде едниот брачен другар работи најмалку 30 часа неделно. Висината на кредитот зависи од многу услови, како што се возраста на децата, одработените неделни часови работа, трошоците за детска грижа и годишниот приход; **даночни олеснувања на платените придонеси за социјално осигурување и други даноци (relief for social security contributions and other taxes)** – нема такви олеснувања; **даночен кредит за деца (child tax credit – CTC)** – за нискоимотните семејства со деца, се предвидува даночен кредит за деца чија цел е финансиски да се поддржи родителството на децата до наполнување на 16 години старост и до 19 години старост за децата кои продолжуваат со образование. Износот на кредитот зависи претежно од годишниот приход на родителите, работниот статус на родителите и возраста на децата. Во Британија, покрај даночните стимулации, се исплаќаат и **парични средства за поддршка на семејствата со малолетни деца (child benefit for dependent children).** Тоа се финансиски стимулации со кои се предвидени трансфери на парични средства во износ од 18,10 фунти неделно за првото дете и 12,10 фунти неделно за секое следно дете, сè додека не наполнат 16 години. Други видови трансфери на средства, како што е, на пример, **трансферот на средства врз основа на брачната состојба (transfer related to marital status),** не се регистрирани. Инаку, од даночната основа, како редовни одбитни ставки се сметаат трошоците кои се поврзани со дејноста или работата, придонесите за социјално осигурување, како и премиите за животно осигурување.[252]

Даночната инциденца во ОК

Даночната инциденца на пазарот на труд. И за ОК важи констатацијата дека вишокот на даночното оптоварување на пазарот на труд во поголем обем го сносат работниците, без разлика што некои од придонесите за социјално осигурување ги подмируваат работодавците. Коефициентот на даночното премостување пресметан на просечната плата на индивидуалниот

[251] Овие податоци се однесуваат за 2007 година. Види: „Taxing Wages 2006/2007“, An OECD study, 2008, стр. 433,434.

[252] Овие податоци се однесуваат за 2007 година. Види: „Taxing Wages 2006/2007“, An OECD study, 2008, стр. 432, 433.

работник во ОК во 2006 година изнесувал 34,0%. Тоа го сместува ОК на почетокот на групата земји со средна висина на даночното зафаќање на просечната бруто-плата, односно на 20-то место, гледано според висината на коефициентот. Што се однесува до одделните категории на доход, на доходот во категоријата од 33-67% од просечната плата, износот на даночното зафаќање изнесува 26,9%, на доходот во категоријата од 67-100% тоа изнесува 32,6%, на доходот во износ од 100-150% има висина од 35,0%, и на доходот од последната категорија која опфаќа 150-200% од просечната бруто-плата, интензитетот на даночното оптоварување изнесува 38,3%. Овие податоци укажуваат дека во 2006 година, структурата на персоналниот данок на доход во ОК била прогресивна. Меѓутоа, еволуцијата на коефициентот на даночното премостување во периодот од 2000 до 2006 година покажува дека, за разлика од САД и Германија, дошло до зголемување на коефициентот на даночното премостување (или на вкупното даночно зафаќање) на просечната плата за 1,5%. Притоа, дистрибуцијата на порастот на даночниот товар по одделните категории на доход се извршила скоро пропорционално за првите три категории доход, додека четвртата и највисока категорија добила најголемо процентуално зголемување на даночниот товар. Сето тоа резултирало и со позначајно зголемување на степенот на прогресивност на даночната структура на персоналниот данок на доход во ОК од 15,9% на дури 20,8% во истиот временски период. Овие аргументи потврдуваат дека вишокот на даночното оптоварување се премостува кон побогатите граѓани, односно дека даночниот систем во ОК успеал да ја зачува вградената прогресивност на својата структура.[253]

Даночната инциденца на пазарот на капитал. Оценката во врска со ефектот на даночната инциденца на пазарот на капитал во ОК ќе ја извршиме повторно преку анализа на ефективните даночни стапки. Податоците со кои располагаме, а се однесуваат за ефективните даночни стапки на вкупните инвестиции во ОК, покажуваат дека вишокот на даночното оптоварување го сносат британските корпорации и компании. Имено, соодветната стапка на вкупните инвестиции во ОК во 2005 година изнесувала 26,7%, со што се рангира на високото 5-то место од претставените земји, набљудувано според висината на даночниот товар (повисоки стапки имаат само Франција 34,7%, Германија 30,0%, Малта 28,8% и Шпанија со 29,2%). И во оваа европска земја, високата и позитивна ефективна стапка претставува јасна потврда дека вишокот на даночното оптоварување на пазарот на капитал повеќе ги погодува сопствениците на капиталот, што во крајна мера резултира со позитивно оданочување на профитот на компаниите.[254]

3. Даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји од Југоисточна Европа

[253] Деталните податоци се земени од: „Taxing Wages 2006-2006 - Special feature: Tax reforms and tax burdens“, OECD Tax studies, 2007, како и од линкот: http://dx.doi.org/10.1787/187510126687.

[254] Види: табела бр. 81 од прилогот на трудот.

Во овој дел ќе бидат обработени даночните системи на некои земји од регионот во Југоисточна Европа, во кој спаѓа и Македонија. Како релевантни земји ќе бидат анализирани Словенија, како земја членка на ЕУ, која по големината и карактеристиките одговара на РМ, Хрватска, како земја која штотуку стана членка на ЕУ, и Србија, како земја потписник на договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ.

3.1. Словенија

Корпоративен данок на доход

Корпоративен данок на доход. Како што е вообичаено, сите резидентни компании во Словенија плаќаат корпоративен данок на доход на вкупниот профит што го остваруваат во земјата и странство (вкупниот светски профит). Притоа, за резидентна компанија се смета онаа која има седиште и ефективен менаџмент на територијата на Словенија. Нерезидентните компании, пак, се обврзани по основ на овој данок само за профитот кој потекнува од Словенија. Конкретно, тоа е профитот на „перманентните претставништва“ (permanent establishments) на странските компании. Дефиницијата на овој поим е компатибилна со дефиницијата на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД).

Системот на корпоративниот данок на Р. Словенија се карактеризира со пропорционална стапка, која изнесува 20% (стандардна стапка). Постои и нулта стапка 0%, која се применува на добивката на инвестиционите фондови, пензиските фондови, и на профитот од уделите на осигурителните компании во пензиските фондови. Привилегиран третман имаат и компаниите со претприемачки и иновативен капитал (venture capital companies), кои се основани според словенечкиот Закон за компании со претприемачки и иновативен капитал (Venture Capital Companies Act), за кои, исто така, се применува 0% на данок, и кои треба да пополнуваат различни даночни пријави, за разлика од другите фирми. Во Словенија постои и ограничен број на правни субјекти кои се ослободени од данокот на доход (или данокот на добивка), кои, во основа, имаат карактер на непрофитни организации, како што се: институтите, општествените организации и здруженијата на граѓани, фондациите, религиозните заедници, политичките партии, стопанските комори и трговските унии. Покрај нив, и Централната банка на Словенија е ослободена од обврската за плаќање на данок на доход.

Фискалната година по основ на овој данок се совпаѓа со календарската година, иако е дозволено истата да се совпаѓа со деловната година, по избор на деловниот субјект, која може да се разликува од календарската година. Направениот избор од страна на субјектот не смее да се менува во период од 3 години. Плаќањето на данокот е аконтативно на квартална база, доколку износот на платениот данок е под 400 евра, и на месечна база, доколку износот е поголем од 400 евра. Даночните пријави/биланси од претходната година се поднесуваат до 31-ви март во текот на следната година, ако фискалната и календарската година се совпаѓаат. Во спротивно, истите мора да се достават во рок од најмногу три месеци од крајот на деловната година.

Тонажен даночен режим (tonnage tax regime). Како алтернатива на нормалниот даночен режим, за бродските компании кои остваруваат профит од вршење пловни операции во рамки на меѓународниот бродски сообраќај, постои посебен даночен режим кој се воведе на 1-ви јануари 2008 година. Според овој режим, кој се нарекува тонажен даночен режим, даночната база во текот на даночниот период се пресметува со множење на дневната даночна база со бројот на оперативни (или пловни) денови кои ги поминува бродот на отворено море. Инаку, овој специфичен начин на пресметка на данокот е во согласност со карактеристиките на бродскиот сообраќај, па затоа се нуди како алтернатива на нормалниот режим на пресметка.

Обложувачки даноци и концесионерски лиценци (gambling tax and concesion fee). Освен конвенционални, во Словенија се разликуваат и специјални или посебни игри на среќа. Имено, при организацијата на казино игри, машини и автомати, игри на маса, рулет, карти и слично, кои најчесто ги организираат казината и обложувачките салони, се плаќаат обложувачки даноци и концесионерски лиценци (gambling tax and concesion fee). Операторите на конвенционални игри на среќа ги плаќаат следниве давачки: 5% данок на бруто-уплатите од игри на среќа и концесионерска лиценца во висина од 25% до 45% од бруто-уплатите, во зависност од видот на играта. Операторите на посебни игри на среќа ги плаќаат следниве: 18% данок на бруто-уплатите од игрите на среќа и концесионерска лиценца во висина од 5% до 20% од бруто-уплатите, во зависност од висината на уплатата.

Данок на осигурителни услуги. Посебен данок се наплаќа на премиите на осигурителните компании кои го пресметуваат со стапка од 6,5%.

Даночна основа. Даночната основа се пресметува врз основа на профитот од годишните финансиски извештаи, подготвени според меѓународните стандарди за финансиско известување (International Financial Reporting Standards – IFRS), или според словенечките сметководствени стандарди. Притоа, од вака утврдената добивка, се вршат одредени прилагодувања согласно Законот за корпоративниот данок на доход (Corporate Income Tax Act). Генерално, само оние трошоци или расходи кои се прават во насока на генерирање на профитот, се признаваат како одбитни ставки на основата. Според тоа, законот ги утврдува специфичните ставки кои не можат да се одземат од основата и врз основа на кои се врши прилагодувањето на профитот од финансиските извештаи за даночни цели. Меѓу нив експлицитно се набројани следниве: плаќањата за дистрибуција на скриениот профит (кои по карактеристика се слични на дивидендите), трошоците за покривање на загуби од претходни години, трошоците за приватен живот, трошоците за извршување, односно присилно наплаќање на даноците, казните и другите давачки, затезните камати од задоцнето плаќање на даноци, трошоците за камата по заеми од лица резиденти на земји кои се надвор од ЕУ, платените донации, издатоците за потплаќање и мито, и слично. Само 50% од трошоците за репрезентација и 50% од надоместоците на членовите на управните одбори се признаваат за даночни цели. Платените камати на заемите од поврзани странки се сметаат како расход, доколку се во висина на „признатата каматна стапка“

(acknowledged interst rate), која ја утврдува Министерството за финансии за секој пресметковен период.

Амортизација. Амортизацијата за потребите на даночните биланси се пресметува според праволинискиот метод на амортизација, и тоа не повеќе од максималните годишни стапки на амортизација кои ги пропишуваат даночните закони. Следува презентација на стапките на амортизација на некои основни средства кои се применуваат во Словенија.

Табела бр. 8

Амортизационите стапки во Словенија

Амортизациона категорија	**Максимална стапка (%)**
Згради, инвестиционен имот	3
Делови од згради, делови од инвестиционен имот	6
Опрема, возила и машини	20
Делови од опрема и опрема за истражување	33,3
Компјутери и компјутерска опрема	50
Долгогодишни насади и плантажи	10
Основно стадо	20
Други инвестициони средства	10

Извор: Сумирано од наведената литература.

Залихи. Залихите можат да се искажуваат според кој било метод што го дозволуваат националните сметководствени стандарди. Во нив се вклучуваат ФИФО (first – in – first – out – FIFO) и методот на просечни трошоци. Единствено не е дозволен методот ЛИФО (last – in – first – out – LIFO). Даночниот обврзник, по желба, може да го смени методот на евиденција и отпис на залихите. Загубата или зголемените трошоци кои произлегуваат од промената на методот се признаваат во висина на 20% од вредноста на гудвилот на компанијата.

Загуби. Загубите, според словенечкиот Закон за корпоративен данок на доход, се дефинирани како вишок на трошоци над приходи. Загубите кои произлегуваат од редовното работење од претходниот период, можат да се компензираат со добивките од тековната година, но најмногу во висина на даночната основа. Нереализираната загуба може да се пренесе нанапред во неограничен временски период, освен ако во меѓувреме не настанала промена на сопственоста на компанијата поголема од 50%. Префрлувањето на добивката наназад е забрането.

Пренос на загуби во рамки на групацијата. Словенечките закони забрануваат формирање на групи или групации во насока на остварување на разни даночни цели и бенефиции. Според ова, не е предвидено, ниту пак, дозволено, групациите на компаниите да се сметаат како единствен правен субјект, исто како што не се дозволува и интеркорпорациското пренесување на загубите и профитот.

Плаќања и дистрибуции на скриен профит (hidden profit distributions). Овие трансакции не се признаваат на основата; според тоа, претставуваат нејзини вклучителни ставки. Доколку настанат, се сметаат за дивиденди и се оданочуваат според стапките на данокот на дивиденди, кој притоа мора да се задржи. Следниве ставки се сметаат како трансакции на скриен профит, ако се исплаќаат на акционер кој поседува најмалку 25% од капиталот на компанијата: плаќањата за набавка на средства и услуги, вклучително и отплатата на долг, доколку цената на

трансферот е пониска од споредбената пазарна цена; плаќањата за продажба на средства или услуги по цени кои се поголеми во споредба со кореспондентните пазарни цени; сите плаќања за средства кои не се пренесени и плаќањата за услуги кои не се реализирани; плаќањата за камата по стапка која е различна од признаената каматна стапка (acknowledged interest rate); и плаќања за камата по стапка која го надминува правилото за тенка капитализација.

Трансферни цени. Трансферните цени се утврдуваат врз основа на кореспондентните пазарни (или конкурентни) цени на истите или сличните средства и услуги кои се наплаќаат при прометот помеѓу неповрзани субјекти. Компаративните цени кои се користат можат да се детерминираат според едниот од признаените пет официјални методи, препорачани според организацијата на ОЕЦД. Словенечкото законодавство утврдува посебни критериуми според кои се утврдуваат поврзаните субјекти.[255] Даночните обврзници мораат континуирано да ја сочинуваат и чуваат формалната документација за трансферни цени, и тоа согласно барањата на мастерфил концептот (masterfile concept). Според истиот, кој е препорачан од страна на Европскиот совет и Заедничкиот форум за трансферни цени на ЕУ (The EU Joint Transfer Pricing Forum), формалната документација мора да се состои од општ дел и од специфичен дел, кои се однесуваат на конкретната земја. При поднесувањето на даночната пријава/биланс, заедно мора да биде доставен и апстракт од документацијата за трансферни цени. Податоците мора да се чуваат документирано во период од 10 години по истекот на годината за која се однесуваат. Освен за странските субјекти, правилата за трансферни цени може да се употребуваат и за поврзаните домашни субјекти.

Правила за тенка капитализација. Трошоците за камата на земените заеми од поврзани субјекти можат да се одземаат од основата за даночни цели, под услов компанијата која ја прима каматата да има удел помал од 25% од капиталот на компанијата која ја плаќа каматата. Компаниите со удел поголем од гореутврдениот, за да го остварат правото на одбивка на каматите, треба да ги задоволат правилата за тенка капитализација, односно со земениот заем да не ја надминуваат пропишаната вредност на коефициентот долг/сопствен капитал (debt – to – equity ratio), која во 2010 беше поставена на 6:1, во 2011 на 5:1 и во 2012 и понатаму на 4:1.

Контрола на трансферот на девизи. Сите правни субјекти кои се регистрирани во словенечкиот Судски регистар (Court Registry in Slovenia), имаат право да држат девизни сметки или девизни депозити кај овластените банки во Словенија. Домашните и странските претпријатија, како и нивните филијали, можат да извршуваат едностран трансфер на имот и средства кон и од Словенија, а профитот изразен во странска валута може слободно да се префрлува во странство. Резидентните компании можат во свое име и на своја сметка да позајмуваат средства од нерезидентни субјекти, но некои форми на трансакции на заем мора да бидат пријавени кај Централната банка (како што се, на пример, кредит со залог на реален имот и откупот на побарувања). Инаку, еврото е официјална парична единица.

[255] За овие услови пошироко види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 950.

Капитална добивка. Во Словенија 50% од капиталната добивка се оданочува со корпоративниот данок на доход, и тоа како регуларен профит, додека останатите 50% од реализираната капитална добивка се ослободени од оданочување. Истиот принцип се користи за капиталните загуби, според кој само 50% од капиталните загуби се признава како одбивка на основата за даночни цели. Компаниите со иновативен капитал можат да се квалификуваат за целосно ослободување од оданочување на капиталната добивка од продажба на акции, доколку го задоволат соодветниот услов за партиципација во уделот на сопственоста (full participation exemption). Од друга страна, овие компании немаат право да вршат компензација на капиталната загуба на сметка на даночната основа.

Дивиденди. Генерално, на исплатените дивиденди на резидентни и нерезидентни субјекти се наплаќа задржан данок на дивиденди со стапка од 15%. Според мерките на Директивата за матични компании и филијали на ЕУ, кои, исто така, се имплементирани во Словенија, дистрибуциите на дивиденди се ослободени од данок ако ги исполнуваат следниве услови: ако примачот на дивиденди поседува најмалку 10% од капиталот на плаќачот на дивиденди; ако примачот на дивиденди го задржи уделот во период од 2 години; ако примачот на дивиденди е компанија која има форма согласно признаените легални форми, и притоа е членка на ЕУ. Дивидендите платени на субјекти од Европската економска област (European Economic Area – EEA) се изземени од пресметка на задржан данок на дивиденди, ако притоа не е предвиден даночен кредит во резидентната земја на примачот на дивиденди. Претходново правило на потполно ист начин се однесува и за пензиските фондови, инвестиционите фондови и осигурителните друштва со удели во пензиски фондови кои примаат дивиденди. И на крај, дивидендите примени од страна на индивидуалните акционери се предмет на целосно ослободување, ако го задоволат условот за партиципација во сопственоста на капиталот (full participation exemption).

Камати и приходи од индустриска сопственост. Каматите се предмет на задржан данок со стапка од 15%, освен каматите на јавните заеми и државните обврзници издадени од страна на владата на Р. Словенија, како и каматите платени од страна на банките. Задржан данок на камати не се плаќа и на каматите од должнички хартии од вредност издадени од страна на компанија основана според регулативата која се применува во Република Словенија, ако: не содржат опција за трансформација во сопственичка хартија од вредност; се тргувани на регуларниот домашен пазар или во рамки на пазарот на земјите членки на ЕУ и на организацијата на ОЕЦД; и не претставуваат хартии од вредност поврзани со денационализацијата. И на приходите од индустриска сопственост (royalties) се наплаќа задржан данок во висина од 15%. Инаку, проблематиката околу двојното оданочување и неговото избегнување помеѓу земјите се регулира со меѓународни договори.[256]

[256] За стапките на задржани даноци помеѓу Словенија и останатите земји види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 951-954.

Мерки на даночни стимулации

Стимулации за инвестирање во истражување и развој. Во Словенија постојат стимулации за инвестирање во истражување и развој кои се реализираат во форма на даночна одбивка од основата во висина од 40% од износот кој е инвестиран во интерни истражувачки активности на компанијата, како и во висина од 40% од издатоците платени за истражувачки услуги. Притоа, висината на оваа одбивка не смее да ја надмине вредноста на даночната основа. На оваа основна мерка може да се додели и дополнителна одбивка во висина од 20% од инвестиционите издатоци, доколку бидат направени во регионите со низок степен на развиеност. Неискористената одбивка може да се пренесува напред во период од вкупно 5 години.

Инвестициони стимулации. Постои и друга стимулација која се реализира пак во форма на одбивка и која се однесува за инвестициите во опрема и нематеријални средства. Имено, до 30% од вредноста на направените инвестициони издатоци (но не повеќе од 30.000 евра), се признаваат на тековната даночна основа; меѓутоа, не повеќе од вредноста на даночната основа. Од ова се исклучени набавките на мебел, канцелариска опрема и возила, освен возилата на електричен и хибриден погон, како и камионите со ЕУРО 5 и ЕУРО 6 мотори, вклучително и автобусите со ЕУРО 4 моторен погон.

Стимулации за вработување (Tax relief for employment). Посебни стимулации за вработување се доделуваат на даночните обврзници кои ќе вработат лица помлади од 26 години или лица постари од 55 години, регистрирани во Службата за вработување на Р. Словенија (Employment Service of the Republic of Slovenia) повеќе од 6 месеци, и притоа не биле вработени кај истиот даночен обврзник повеќе од 24 месеци. Обврзникот кој ги задоволува овие услови може да добие стимулација во форма на даночна одбивка во висина од 45% од платата на вработеното лице, но не повеќе од износот на даночната основа.

Стимулации за вработување на инвалидни лица. Постојат дополнителни привилегии за компаниите кои вработуваат вакви лица. Фирмите кои ќе вработат хендикепирани лица, според критериумите на словенечките акти (конкретно - the Act regulating the vocational rehabilitation and employment of disabled persons), ќе добијат редукција на даночната основа во висина на 50% од платите на тие вработени лица, но не повеќе од даночната основа. Компаниите кои ќе вработат инвалидни лица со 100% физичка хендикепираност, како и глуви лица, ќе добијат редукција на основата во висина од 70% од платите на тие лица, но не повеќе од основата. И обврзникот кој ќе вработи лица со поголем степен на инвалидитет од веќе опишаниот, повторно ќе добие редукција на даночната основа во вредност од 70% од платите на инвалидните лица, но не повеќе од износот на даночната основа.

Стимулации за вработување на ученици и студенти. Ако даночните обврзници вработат ученици или студенти заради извршување на практични работи или професионална едукација, можат да се квалификуваат за соодветно намалување на даночната основа (даночна одбивка или даночно изземање) во вредност на платите на вработените лица, пресметано за секој месец во годината, но не повеќе од 20% од просечната месечна плата во Словенија.

Даночно олеснување за донации (Tax relief for donations). Даночните обврзници кои плаќаат донации во разни хуманитарни, добротворни, научни, образовни, организации за хендикепирани лица, медицински, спортски, културни, еколошки, и црковно-религиозни организации, имаат право да ја намалат даночната основа на корпоративниот данок на доход во износ не поголем од 0,3% од вкупните оданочливи приходи во тековната година. Се признаваат и донациите дадени за политички цели на политичките партии во износ еднаков на 3 месечни просечни плати по вработен во текот на годината, при што кумулативниот износ на даночната одбивка не смее да ја надмине даночната база. Дополнително намалување на основата со лимит до 0,2% на вкупните оданочливи приходи се доделуваат и на обврзници кои донираат за културни цели, како и за добротворни организации основани за заштита и превенција од природни и други катастрофи, а притоа се резиденти на Словенија или на ЕУ.

Даночни олеснувања во економските зони. Во економските зони во Словенија се нудат многу даночни и други видови поволности.

Персонален данок на доход

Персонален данок на доход. Персонален данок на доход плаќаат резидентите на Словенија на нивниот светски доход (доходот кој го заработуваат во земјата и странство). Нерезидентите плаќаат персонален данок само на доходот кој го остваруваат во Словенија. Како резидент на Словенија се смета онаа индивидуа, без разлика на неговата/нејзината национална припадност, која има формална резидентна врска со Р. Словенија (има перманентно престојувалиште во земјата, извршува јавна функција за словенечката држава во странство или е словенечки резидент кој привремено работи во институциите на ЕУ). Странско лице кое континуирано престојува повеќе од 183 дена во државата во текот на една фискална година, се смета, исто така, како резидент. Секоја индивидуа претставува посебен даночен обврзник и изразувањето на доходот на семејна или брачна основа (заеднички доход) не е дозволено. Даночната година во Р. Словенија се совпаѓа со календарската година.

Персоналниот данок на доход се наплаќа на следниве категории доход: доходот од вработување или работен однос, доход од вршење самостојна бизнис или деловна активност, доход од земјоделство и шумарство, доход од рента и права од интелектуална и индустриска сопственост, доход од капитал (камати, дивиденди и капитална добивка) и доход од други извори. Стапките на персоналниот данок на доход во Словенија се изразени во вид на расчленета прогресија со максимална маргинална стапка во износ од 41%. Следуваат стапките на персоналниот данок на доход во Словенија.

Табела бр. 9

Стапките на персоналниот данок на доход во Словенија

Вкупен годишен доход (евра)	Данок на пониската категорија доход	Даночна стапка на вишокот на доход
0 до 7.528,99	0	16%
7.529 до 15.057,96	1.204,64	27%
над 15.057,97	3.237,46	41%

Извор: Сумирано од наведената литература.

Данокот на доход од капитал (камати, дивиденди и капитални добивки) се плаќа со пропорционална стапка. Платениот износ на данок се смета како конечен износ на платен данок, како за резидентите, така и за нерезидентите (што значи, не се плаќа аконтативно, туку со решение). Обврската за плаќање ја сноси исплаќачот на приходите од капитал со задржување на износот на данокот според предвидената стапка. Инаку, даночните стапки изнесуваат: за камата 20%; за дивиденда 20%; за капитална добивка од краткорочни хартии од вредност 40%, 20% за хартии држани во период од 5 години, 10% за хартии држани во период од 10 до 15 години, 5% доколку се држани во период од 15 до 20 години и 0% ако се држани во период поголем од 20 години. Данокот на другите категории доход се плаќа на аконтативна основа во текот на фискалната година во форма на предвремени даночни аконтации или плаќања. Ваквите плаќања за нерезидентите се конечни, за разлика од резидентите, кои, доколку ја натплатиле обврската, им следува право на поврат на натплатената разлика. Правилата за начинот на пресметка на аконтациите е регулиран со словенечкиот Закон за персонален данок на доход.[257]

Сите регистрирани индивидуални лица кои извршуваат самостојни деловни активности и притоа вработуваат други лица со договор на определено работно време (или договор за привремена работа), плаќаат персонален данок на доход од договорна работа (contractual work tax). Данокот се пресметува на бруто-износот/исплатата на надоместокот за привремена работа по стапка од 25%. Постојат повеќе ослободувања од данокот на доход од договорна работа. Така на пример, од овој данок се ослободени овие исплати: исплатите за привремени услуги од студенти или ученици; исплатите за одредени услуги кои се извршуваат периодично, односно сезонски во земјоделството; исплатите за услуги за помош и нега на инвалидни и хендикепирани лица; исплатите за користење на авторски права според договорите за авторски права и друго.

Табела бр. 10

Стапките на социјалните придонеси во Словенија

Вид на придонес	**Вработен (%)**	**Работодавач (%)**
Пензиско и инвалидско	15,50	8,85
Здравствено	6,36	7,09
Невработеност	0,14	0,06
Породилно отсуство	0,10	0,10
Вкупно	22,10	16,10

Извор: Сумирано од наведената литература.

Придонеси за социјално осигурување. Придонесите за социјално осигурување во Словенија ги плаќаат и работодавците и вработените. Работодавците ги задржуваат придонесите од бруто-платите на работниците и ги плаќаат месечно како дел од пресметката за плати. Самовработените лица имаат обврска самостојно да ги плаќаат социјалните придонеси. Главно се разликуваат 4 вида на придонеси: придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување, придонес за невработеност, и придонес за породилно отсуство.

[257] Подетално околу даночните пријави за персоналниот данок во Словенија види: „The PKF Worldwide Tax Guide“, PKF Internationall, April, 2010, стр. 424, 425.

Даночна основа претставува износот на бруто-платата. Стапките на социјалните придонеси во Словенија се дадени во табелата бр. 10.

Даночни мерки и поволности

Во 2010 година се регистрирани следниве даночни олеснувања на персоналниот данок на доход: **општи стандардни ослободувања (general allowance)** – ослободување во форма на даночна одбивка, или, поточно, намалување на основата за оданочување, и тоа: 6.120 евра за резиденти со активен доход до 10.200 евра; 4.147,67 евра за резиденти со активен доход од 10.200 евра до 11.800 евра; и 3.100,17 евра за резиденти со активен приход поголем од 11.800 евра; **лични даночни ослободување (personal allowances)**: 1. ослободување за хендикепираност (disabled person's allowance), одбивка во висина на дури 16.575,94 евра ако резидентот е хендикепирано лице; 2 .ослободување за старост (seniority allowance), односно одбивка од 1.334,18 евра ако резидентот е лице постаро од 65 години, 3. ослободување за независни уметници, новинари и спортисти (independent artist, journalist and sportsmen allowance), посебна одбивка во висина на 15% од остварените приходи, но не повеќе од 25.000 евра, и 4. даночно ослободување за студенти (student allowance), во висина на 3.100,17 евра од приходот за привремена работа, заработен од страна на студенти или ученици; **фамилијарни или семејни даночни ослободувања (family allowancess)**: се доделуваат на резиденти кои даваат издршка на членовите на сопственото семејство во форма на даночни одбивки: 2.287,48 евра за прво дете, а за секое последователно, износот на даночното изземање се зголемува; 8.288,52 евра за малолетно дете кое има потреба од посебна нега и грижа; и 2.287,48 евра за секој друг малолетен член на семејството; **посебна одбивка за платените придонеси во доброволните приватни пензиски фондови:** во Словенија постои даночно олеснување во висина на 24% од платените придонеси во доброволните пензиски фондови по вработен, со максимален износ на ослободувањето од 2,390 евра, сметано на годишно ниво; **даночен кредит за пензионери и инвалиди (tax credit for pensioners and working disabled persons)**: на овие лица-резиденти, им се дава даночен кредит во висина на 13,5% од пензиите и инвалиднините исплатени од фондовите за пензиско и инвалидско осигурување; во Словенија се применуваат и **дополнителни даночни стимулации за самовработени лица,** и тоа: одбивки за инвестиции, одбивки за вработување на инвалидни лица, одбивки за инвестиции во истражување и развој и одбивки за платени донации.

Даночната инциденца во Словенија. Релевантните податоци кои се на располагање, овозможуваат да се направи оценка само за даночната инциденца на пазарот на капитал, со оглед на недостатокот на информации во врска со пазарот на работна сила. Имено, висината на даночните стапки, структурата на даночниот систем во содејство со имплементираните мерки во Словенија, продуцираат ефект на пренесување на вишокот на даночниот товар врз словенечките корпорации и компании. Така, од податоците се гледа дека ефективната даночна стапка на вкупните инвестиции во Словенија во 2005 година изнесувала 13,2%. Меѓутоа, ако се спореди оваа стапка со законската стапка на корпоративниот данок од 25%, може да се заклучи дека преземените даночни мерки успешно го преполовиле ефективниот даночен товар на домашните

компании, и покрај тоа што постои позитивно оданочување на економскиот профит. Поради тоа, Словенија се рангира во групата на европски земји со релативно низок, но позитивен даночен товар, меѓу кои спаѓаат Кипар, Латвија, Литванија, Полска и Словачка. Може да се резимира дека вишокот на даночното оптоварување на пазарот на капитал во Словенија, во поголем обем го сносат сопствениците на капиталот, што во крајна мера резултира со умерено, но сепак, позитивно оданочување на добивката на компаниите.[258]

3.2. Србија

Корпоративен данок на доход

Корпоративен данок на доход. Резидентните компании во Србија плаќаат корпоративен данок на вкупниот светски доход (на доходот што го остваруваат во земјата и странство). Нерезидентните компании плаќаат корпоративен данок само на доходот или профитот генериран на територијата на Србија. За резидентни компании се сметаат оние кои се инкорпорирани, т.е. основани во Србија, или оние компании кои се менаџирани и контролирани од Србија. Даночната основа се утврдува според завршните финансиски извештаи, прилагодени според ставките кои дополнително се признаваат или одбиваат за даночни цели. Инаку, во даночната основа се опфатени заедно и оперативната добивка (добивката од извршување на редовната дејност), како и капиталната добивка. Фискалната година е идентична со календарската година, но може да биде и пократка за компаниите кои почнуваат со работа во текот на календарската година. Плаќањето на данокот е аконтативно во текот на годината на 12 месечни рати, а даночната пријава (или даночниот биланс) се доставува најдоцна до 10 дена од крајниот рок за поднесување на финансиските извештаи. Инаку, корпоративниот данок на доход во Србија се наплаќа со пропорционална даночна стапка во висина од 10%.

Даночна основа. Спомнавме дека даночната основа се базира врз финансиските извештаи кои ги изработуваат даночните обврзници. Тие во Србија се подготвени согласно меѓународните сметководствени стандарди (International Accounting Standards), како и според националните сметководствени регулативи. Како добивка пред оданочување се смета позитивната разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи. За даночни цели како вкупни приходи се сметаат: приходите од продажба на производи, стоки и услуги, финансискиот приход, капиталните добивки и приходот кој резултира од прилагодувањата на трансферните цени. Од друга страна, само трошоците кои се направени заради изведување на деловните активности се признаваат како расходи за даночни цели, и во таа насока, мора да бидат строго документирани. Некои трошочни ставки, како што се амортизацијата и донациите, се предмет на изземање до определен лимит. Намалувањето на вредноста на средствата, освен во случај на штети предизвикани од виша сила, не се признаваат на основата.

[258] Види: табела бр. 81 од прилогот на трудот.

Амортизација. Нематеријалните и фиксните средства се поделени во 5 основни групи, со стапки на амортизација кои се однапред одредени за секоја група. За првата група е предвидена употребата на праволинискиот метод на амортизација, додека за останатите четири групи е предвидена методата со опаѓачки приноси. Инаку, првата група се однесува на реалниот имот, или поточно, на зградите. Следат стапките и методите на амортизација по одделните категории средства во Србија.

Табела бр. 11

Системот на амортизација во Србија

Категорија на средства	Метод на амортизација	Стапка на амортизација
Прва	Праволиниски	2,5%
Втора	Опаѓачки приноси	10%
Трета	Опаѓачки приноси	15%
Четврта	Опаѓачки приноси	20%
Петта	Опаѓачки приноси	30%

Извор: Сопствени сумирања врз основа на наведената литература.

Залихи. Официјални методи за вреднување на залихите во Србија се методот на просечни цени (average cost method) и методот ФИФО (first – in – first – out – FIFO).

Пренос на загуби. Оперативните загуби можат да се пренесуваат напред во период од 10 години. Исто така, и капиталните загуби можат да се пренесуваат напред во период од 10 години, со цел да се компензираат со капиталните добивки, кои, евентуално, би се остварile во наредниот период. Ретроактивното пренесување и на оперативните и на капиталните загуби е строго забрането.

Дивиденди. Дивидендите дистрибуирани од српска резидентна компанија на сметка на друга српска резидентна компанија се ослободени од оданочување (не постои задржан данок на дивиденди). За данокот на дивиденди платен од страна на српска резидентна компанија која во едногодишен период држи најмалку 25% од акционерскиот капитал на нерезидентната компанија што ја дистрибуира дивидендата, се дава право на даночен кредит на платениот странски данок, најмногу во висина на даночните стапки кои се применуваат во Србија. За неискористениот износ на платен странски данок се нуди можност да се изврши пренос и компензација на сметка на профитот во наредните 10 години. За исплатените дивиденди на нерезидентни компании се применува стапка од 20% задржан данок. Согласно договорите за одбегнување на двојното оданочување, можно е да се примени и пониска стапка, доколку компанијата го докаже својот резидентски статус во странската земја и доколку покаже дека е вистинскиот бенефицијарен корисник на приходот од дивиденди.

Капитални добивки. Капиталните добивки кои произлегуваат од продажба на реален имот, индустриски права, удели во капитал, акции и други хартии од вредност (освен од обврзници издадени од владата на Србија, како и од Централната банка), се вклучуваат во регуларната основа на корпоративниот данок на доход и се оданочуваат со стапка од 10%. За нерезидентните компании кои остваруваат капитална добивка во Србија се применува задржан данок на капитална добивка со стапка од 20%. Капиталните загуби од тековната година може да

се компензираат со капиталните добивки од тековната година, а нето-капиталните загуби може да се пренесуваат напред во следните 10 години.

Камати и приходи од права од индустриска и интелектуална сопственост. Каматите се признаваат на основата како одбитна ставка. Инаку, приходот од камата влегува во основата на корпоративниот данок на доход, бидејќи претставува финансиски приход, и според тоа, се оданочува со редовната стапка од 10%. Каматите исплатени на нерезидентни компании се предмет на оданочување со задржан данок на камата со стапка од 20%. Слично, и приходите од права на индустриска и интелектуална сопственост (royalties) кои се плаќаат на нерезидентни компании, се оданочуваат со задржан данок со стапка од 20%. И во двата случаи, како и во случај на исплата на капитална добивка на нерезиденти, може да се примени и пониска стапка, согласно меѓународните даночни договори.[259]

Ослободување за платен странски данок (Foreign Tax Relief). Компаниите резиденти на Србија кои извршуваат редовни деловни активности во странство преку основање на перманентни претставништва во странство, можат да се квалификуваат за даночен кредит по основ на платениот корпоративен данок во странство. Даночниот кредит е во висина на понискиот износ помеѓу странскиот данок или српскиот данок кој се плаќа на приходите од странски извори.

Трансферни цени. Согласно домашните закони, трансакциите помеѓу поврзани компании се признаваат доколку се реализирани според методот на конкурентни (или пазарни) цени (arm's length method). Разликата помеѓу цените детерминирани според овој принцип и трансферните цени кои ги утврдил даночниот обврзник, се сметаат како составен дел од основата на корпоративниот данок на доход. Конкретни барања за утврдување и чување на посебна документација не постојат. Инаку, за поврзани компании се сметаат оние од кои едната компанија има способност да го контролира бизнисот и да влијае врз деловните одлуки на другата компанија, или, ако едната компанија држи најмалку 50% од акциите, или 50% од гласачките права во управните тела на другата компанија.

Правила за тенка капитализација (Thin capitalization rules). И во Србија каматите претставуваат ставка која се признава на даночната основа. Меѓутоа, постојат и одредени правила за тенка капитализација со кои се врши ограничување на одбивките по основ на трошоци за камата. Ако се работи за компанија, каматните трошоци не се одбиваат од основата, и соодветно на тоа, претставуваат нејзин составен дел, доколку нивната висина не надмине 4-пати од висината на сопствениот капитал на компанијата. Ако се работи за банка, трошоците за камата не смеат да го надминат износот кој е за 10-пати поголем од сопствениот капитал на банката. Исто така, и трансакциите по основ на камати мора да се изведат според правилото за трансферни цени, во спротивно треба да се направат одредени прилагодувања пропишани од страна на српската даночна регулатива.

[259] За стапките на задржани даноци помеѓу Србија и останатите земји види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide", Earnst&Young, April, 2010, стр. 917,918.

Третман на приходите од странски извори (Controlled foreign companies CFC). Во Србија не постои одделен даночен режим на приходите од странски извори, односно не постои посебна контрола на приходот од странските компании.

Консолидирани даночни биланси (Consolidated Tax Returns). Резидентните компании во рамки на групацијата, наместо поединечни даночни биланси, имаат право да се определат за сочинување на консолидирани даночни биланси. Компаниите во рамки на холдингот се сметаат за групација доколку една (матичната) компанија поседува најмалку 75% од акциите на другите компании. Ако е исполнет условот, матичната компанија може да поднесе консолидиран даночен биланс во кој е дозволено да се врши пренос и компензација на остварените профити и загуби помеѓу компаниите во рамки на групацијата. Доколку компаниите се одлучат за овој потег, во тој случај мора да го применуваат овој принцип во наредните 5 фискални години.

Контрола на трансферот на девизи. Сите плаќања и трансфери во Србија мора да бидат ефектуирани во националната платежна единица – динарот; сепак, според т.н. валутна клаузула (currency clause), можно е да се изврши конверзија на конвертибилните валути на датата на плаќање. Резидентните и нерезидентните компании можат да отворат девизни сметки во домашни или странски банки кои се овластени да вршат банкарски работи во Србија. На тие сметки може слободно да се држат странски валути и девизи и да се користат за плаќања во странство, како што се, на пример, плаќањата за увоз или плаќањата за дивиденди и камати, како и за овластени плаќања во странска валута во рамки на домашната економија.[260]

Данок на реален имот (Real property tax). Компаниите плаќаат данок на реален недвижен имот лоциран на територијата на Р. Србија со стапка од 0,4% на книговодствената вредност на имотот, како што е заклучено на 31-ви декември од претходната година.

Административна такса (Stump duty). Административна такса се наплаќа при издавањето на документи, врз основа на тарифа, во зависност од вредноста на документот. Ако во документот не е изрично искажана вредноста, во тој случај се применува пропорционална стапка.

Данок на трансфер на имот (Transfer tax). Согласно Законот за данок на имот, при секој трансфер на реален недвижен имот, права од интелектуална сопственост и слично, се применува даночна стапка од 2,5%.

Мерки на даночни стимулации

Даночен кредит за инвестиции (Tax credit). На сите компании кои инвестираат во фиксни основни средства (освен за патнички возила, мебел, уметнички дела и декоративни предмети), и притоа се наменети за извршување на основната дејност на компанијата, им се дава даночен кредит (или намалување на даночната обврска) во висина на 20% од вредноста на инвестицијата, но не повеќе од 50% од пресметаниот данок во годината на реализација на инвестицијата. За малите претпријатија, даночниот кредит е утврден во износ од 40% од даночната обврска, но не повеќе од 70% од пресметаниот данок. Даночниот кредит за компаниите

[260] Кои трансакци можат да се изведуваат во странска валута, подетално види: „The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 916, 917.

во некои специфични сектори е утврден до максимален износ од дури 80% од даночната обврска, но не повеќе од вредноста на пресметаниот данок од годината на инвестицијата. Како специфични сектори за кои важи последнава мерка, таксативно се набројани следниве: земјоделство, рибарство, текстилната и кожарската индустрија, металната и металопреработувачката индустрија, индустријата за производство на канцелариски машини, електронската индустрија, индустријата за производство на радио, телевизиска и комуникациска опрема, индустријата за медицински инструменти, моторната и автомобилската индустрија, индустријата за рециклирање и филмската и кинематографската индустрија. Доколку дојде до надминување на максималниот износ на кредитот за која било мерка, неискористениот дел од даночниот кредит може да се пренесе напред во период од 10 години.

Даночен одмор за големи инвеститори (Tax holiday for large investors). Големите компании кои ќе инвестираат во фиксни основни средства во износ поголем од 600.000.000 динари (или приближно 6.500.000 евра) и притоа ќе вработат најмалку 100 нови лица, автоматски се квалификуваат за ослободување од плаќање на корпоративен данок на доход во период од 10 години, сметано од моментот или годината на реализација на првичниот профит.

Даночен одмор за инвестиции во неразвиени подрачја (Tax holiday for concessions). Компаниите кои ќе инвестираат во регион од исклучителна важност (или поточно, неразвиено подрачје на државата кое сè уште не е прецизно дефинирано), во износ поголем од 6.000.000 динари (или приближно 65.000 евра), и притоа ќе вработат најмалку 5 нови лица, автоматски се ослободуваат од обврската за плаќање на корпоративен данок во период од 5 години. Постои уште една верзија на **даночен кредит кој се однесува за отворање на нов бизнис во неразвиени подрачја.**[261]

Стимулации за вработување на нови работници (Incentives for employing new workers). На компаниите кои ќе вработат нови работници им се нуди стимулација за вработување на нови работници во форма на двегодишна даночна одбивка во висина на 100% од вкупните бруто-плати и социјални придонеси на нововработените лица, под услов да не се отпуштаат во истиот период од две години.

Даночни ослободувања за вработување работници со специфични одлики. Согласно српските закони, компаниите се ослободуваат од плаќање на персоналниот данок на плата и социјалните придонеси, доколку за првпат ги вработуваат следниве лица: инвалидни и хендикепирани лица, индивидуи над 45 години и практиканти и невработени лица кои имаат помалку од 30 години.

Можност за пренос на загуба (Carrying Forward of Losses). Загубите кои ќе се декларират во рамки на даночните биланси на компаниите во Србија, можат да бидат предмет на

[261] Подетално види:„The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 912, 913.

пренесување во идниот период, со цел да се стекнат со можност за компензација на товар на идните потенцијални добивки во временски рок од 10 години.

Забрзана амортизација. Српската регулатива дозволува да се примени забрзана амортизација со стапка која е за 25% повисока од нормалната стапка на амортизација, и тоа на: компјутерската опрема, фиксните средства наменети за специфични еколошки цели, понатаму, капиталните трошоци за истражување и развој, како и трошоците за едукација и тренинг за вработени.

Персонален данок на доход

Персонален данок на доход. Висината на стапките на персоналниот данок на доход во Србија главно зависат од видот на приходот кој е предмет на оданочување. Така на пример, се применуваат следните стапки на следниве приходи:

Табела бр. 12

Стапките на персоналниот данок во Србија според видот на приходот

Вид на приход:	Стапка (%)
На резиденти од вработување (плата)	12
Од самостојна деловна/бизнис активност	10
Од права на интелектуална сопственост и ренти	20
Од капитал	10
Од самовработување и приход на нерезиденти	15

Извор: Сумирано од наведената литература.

Физичките лица резиденти имаат обврска да го оданочуваат приходот кој го заработуваат во земјата и странство (вкупен светски доход), додека нерезидентите плаќаат персонален данок на доход само на доходот кој го заработуваат во Србија. Како резидентни се сметаат оние физички лица кои имаат постојано живеалиште во Србија, имаат деловни и други витални интереси во Србија, како и лицата кои престојуваат континуирано најмалку 183 дена во текот на фискалната година на територијата на Србија. Даночните обврзници на персоналниот данок во Србија се оданочуваат индивидуално, односно одвоено, без можност за пресметување на данокот врз основа на заедничкиот семеен доход. Персоналниот данок од вработување или плата го плаќаат работодавците со задржување на износот на даночната обврска при пресметката на месечните плати, додека данокот на другите извори на приходи се пресметува при исплатата на приходот, најчесто со задржување, или пак, по принцип на сопствена проценка. Даночните пријави се доставуваат по истекот на фискалната година, која се совпаѓа со календарската година.

Даночната основа на персоналниот данок на доход главно се состои од приходите кои се наведени во горната табела, и тоа: приход од вработување и плата, приход од деловна активност, приход од права на интелектуална и индустриска сопственост и ренти, приход од капитал (камата, дивиденда и капитална добивка) и приход од самовработување. Резидентите кои остваруваат вкупен годишен доход поголем од 3 просечни годишни плати, се оданочуваат според горните стапки, во зависност од видот на доходот. Резидентите кои остваруваат вкупен годишен доход поголем од определен максимален износ се предмет на оданочување со даночна стапка која варира од 10% до 15%, во зависност на видот на приходот. Така на пример, регуларната

даночната стапка на самовработените лица изнесува 10%, додека за самовработените лица кои остваруваат приход што го надминува износот од 6 просечни годишни плати, се наплаќа данок со специјална стапка од 15%. Годишниот доход од самовработување и од плата во висина до 3 просечни годишни плати, се предмет на одредени даночни ослободувања по основ на персоналниот данок. За лицата кои финансиски издржуваат малолетни или зависни лица, предвидени се дополнителни даночни олеснувања. Сето ова укажува дека некои видови приходи се карактеризираат со прогресивно оданочување (степенеста прогресија).

Што се однесува до граѓаните на Србија кои имаат статус на нерезиденти, годишниот доход кој го остваруваат е предмет на оданочување доколку надминува износ над 5 просечни годишни плати, при што се наплаќа данок со стапка од 10%. Доколку годишниот доход надмине 8 просечни годишни плати, стапката се зголемува на 15%. Нерезидентите имаат право на лично даночно ослободување во форма на даночна одбивка во висина на 40% од просечната годишна плата во Србија, и дополнителна одбивка во висина на 15% од просечната годишна плата за секој зависен и малолетен член на семејството. Вкупниот износ на одбивки на овие лица не може да го надмине лимитот во висина на 50% од даночната основа.

Приходите од капитал на индивидуалните лица, во кои спаѓаат приходите од камата, приходите од дивиденда и приходите од капитална добивка, според новите правила, се предмет на оданочување со стапка од 10%. Рентите и приходите од индустриска и интелектуална сопственост имаат стапка од 20%.

Придонеси за социјално осигурување. Придонесите за социјално осигурување во Србија ги плаќаат и работодавците и вработените, и тоа по една половина од вкупните стапки на придонесите. Генерално, се разликуваат придонесот за пензиско и инвалидско осигурување чија вкупна стапка изнесува 22%, придонесот за здравствено осигурување со стапка од 12,3%, и придонесот за невработеност со стапка од 1,5%. Според ова, и работодавците и вработените плаќаат по половина од вкупните стапки кои изнесуваат респективно 11% за пензиско, 6,15% за здравствено и 0,75% за невработеност. За невработените лица, стапките на придонесите се еднакви на вкупните стапки на придонесите, што значи тие самостојно го подмируваат целиот износ на придонесите. Минималната основа за пресметка на придонесите изнесува 40% од просечната месечна плата, додека максималната основа е еднаква на 5 просечни месечни плати.

Даночната инциденца во Србија. За Србија не располагаме со доволно податоци во врска со даночната инциденца, ниту за пазарот на работна сила, ниту пак за пазарот на капитал.

3.3. Хрватска

Корпоративен данок на доход

Корпоративен данок на доход. Корпоративниот данок во Хрватска има пропорционална стапка со висина од 20%. Основните деловни субјекти кои се оданочуваат со корпоративниот данок на доход (или данокот на добивка) се оние кои се основани да реализираат добивка од

своето примарно работење. Најчесто, тоа се оние правни лица или трговски друштва кои имаат карактер на компании или друштва на капитал. Како трговски друштва кои се оданочуваат со корпоративниот данок се сметаат акционерските друштва (stock companies), друштвата со ограничена одговорност (limited liability companies), филијалите на странските корпорации (branch of a foreign corporation) и репрезентативните канцеларии или претставништва (representative office).[262] Предмет на оданочување на резидентните компании е доходот/добивката остварена на светско ниво (добивката во земјата и странство), а на нерезидентните компании е добивката остварена само во Хрватска. За добивката од странски извори која ја реализираат хрватските резиденти, не се применува посебен режим, туку врз истата се применуваат истите правила како за добивката од хрватски извори, што значи дека не постои режим на контролирани странски компании. За резидентни компании се сметаат оние кои се основани и регистрирани во Хрватска, или оние кои се менаџирани и контролирани од Хрватска. Во оваа категорија се вклучуваат и компаниите кои имаат карактер на перманентни претставништва (permanent establishments). Фискалната година е идентична со календарската година, или кој било друг период по желба и барање на даночниот обврзник, а одобрен од страна на даночните служби. Корпоративниот данок се плаќа аконтативно на 12 месечни рати, а даночниот биланс мора да се поднесе во рок од 4 месеци од крајот на финансиската година. За задоцнето подмирување на даночната обврска се пресметува казнена камата со годишна стапка од 17%, а казните варираат од 1.000 до 200.000 куни, во зависност од прекршокот и големината на компанијата.

Даночна основа. Даночната основа е детерминирана согласно националните сметководствени регулативи, или поточно, според Хрватските стандарди за финансиско известување (Croatian Financial Reporting Standards – CFRS) или според Меѓународните стандарди за финансиско известување (International Financial Reporting Standards – IFRS). Општо гледано, даночната основа се дефинира како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи на компанијата, прилагодена со одредени ставки кои се признаваат или одбиваат за даночни цели. Според хрватската регулатива, следниве ставки дополнително ја зголемуваат вредноста на даночната основа: пресметаната амортизација над максимално дозволените суми, платените казни и затезни камати, платените камати над лимитот за тенка капитализација на капиталот, трошоците за присилно наплаќање на даноци, приватните трошоци направени од страна на акционерите на компанијата, 70% од трошоците за забава и репрезентација, казните наметнати од компетентните тела, 30% од трошоците и амортизацијата на приватните возила, доколку се користат за целите на деловната активност, донациите над 2% од вкупните приходи од претходната година, трансакциите за трансфер на скриен профит и другите трошоци кои не се направени во насока на основните деловни цели. Следните ставки, пак, дополнително ја намалуваат даночната основа: трошоците за отпремнина на отпуштените работници, трошоците

[262] Подетално за субјектите кои плаќаат корпоративен данок во Хрватска види: „The PKF Worldwide Tax Guide“, PKF Internationall, April, 2010, стр. 78, 79.

за обнова на природните ресурси, трошоците направени во текот на гарантни периоди, судските трошоци поврзани со судски спорови покренати против даночниот обврзник, трошоците за осигурување од потенцијални загуби во банки (до лимитот кој го определува Централната банка), трошоците за осигурување на компаниите (до лимит кој го утврдува регулативата за осигурување), одредени загуби од ревалоризацијата на побарувањата и залихите и друго.

Амортизација. Амортизацијата за даночни цели во Хрватска е иста со амортизацијата за сметководствени цели; според тоа, доколку постои повеќе пресметана даночна амортизација, разликата не смее да се отпишува во тековниот, туку во следните фискални периоди. Амортизацијата за личните автомобили и другите возила наменети за личен транспорт, не може да ја надмине вредноста од 400.000 куни од возило. Основните средства со вредност до 2.000 куни не се капитализираат, туку се отпишуваат целосно на тековната даночна основа. Инаку, сите основни средства се амортизираат со праволинискиот метод, додека употребата на алтернативните методи не е дозволена. Следуваат стапките на амортизација на поважните основни средства во Хрватска.

Табела бр. 13

Амортизационите стапки во Хрватска

Основно средство	Стапка на аморт. (%)
Згради	5/10
Бродови со носивост над 1.000 тони	10
Основно стадо	40
Лични автомобили	40
Нематеријални средства	25/50
Опрема и машини	5/20/25/50
Компјутери, софтвер, мобилни телефони	100
Останати средства	20

Извор: Сумирано од наведената литература.

Залихи. Залихите се вреднуваат согласно Хрватските стандарди за финансиско известување (Croatian Financial Reporting Standards – CFRS) или според Меѓународните стандарди за финансиско известување (International Financial Reporting Standards – IFRS). Како трошоци за залихи, покрај набавната вредност на залихите, се сметаат и трошоците за конверзија на залихите од еден во друг вид, како и зависните трошоци (трошоци за транспорт, складиштење, осигурување и слично). Официјално признати методи за вреднување на отписот на залихите се методот ФИФО (FIFO method – first – in – first – out) и методот на пондерирани просечни цени (weighted average cost method). Загубите од ревалоризацијата на залихите се признаваат како одбитни ставки на основата во моментот на отпишување на залихите (продажба, пуштање во производство и сл.). Посебни правила се употребуваат при отпишувањето на кусокот на залихи.

Третманот на загубите. Во Хрватска се разликуваат два вида на загуби, и тоа оперативни и капитални. Оперативните загуби (или поточно загубите кои се искажуваат во даночниот биланс, па поради тоа со друго име ги нарекуваат даночни загуби) може да се пренесуваат во идниот период до 5 години, додека пренесувањето назад е недозволиво. Капиталните загуби кои произлегуваат од продажбата на хартии од вредност, можат да се компензираат на сметка на

регуларниот профит во тековната година. Во хрватското законодавство нема детални правила со кои се регулира преносот на капиталната загуба.

Капитална добивка. Капиталната добивка во Хрватска се смета како дел од регуларниот профит, па според тоа, претставува дел од даночната основа и се оданочува со регуларната стапка на корпоративниот данок на доход од 20%. Капиталната загуба, како што укажавме, е одбитна ставка на тековната основа.

Дивиденди. Дивидендите се ослободени од оданочување, согласно хрватската легислатива. Имено, дистрибуциите на дивиденди кои ги примаат хрватските резидентни компании од другите домашни компании, или, пак, од странски компании, се ослободени од оданочување (не се задржува данокот на дивиденди при исплатата на дивидендите).

Камати. На исплатата на камати на нерезидентни компании, се наметнува задржан данок на камата со стапка од 15%, освен ако поинаку не е регулирано, согласно билатералните даночни договори. Износот на платената камата се одзема од даночната основа според правилата за тенка капитализација.

Задржани даноци или даноци по одбивка (Withholding taxes). Иако по нешто е кажано за стапките на задржаните даноци, сепак, во оваа секција е направено едно кратко резиме. Така, капиталната добивка не е предмет на одделно оданочување во Хрватска, туку таа претставува дел од регуларниот профит. Согласно нејзиниот третман, капиталната добивка не е предмет на посебно оданочување, и во таа насока, не постојат задржани даноци на приходот од капитална добивка. Дивидендите, од друга страна, пак, имаат привилегиран даночен третман во хрватската држава и се ослободени од оданочување. На исплатата на камата кон нерезидентни компании, се наплаќа задржан данок на приход од камата со стапка од 15%. Слично, и на трансферот на приходи од авторски и индустриски права, кон странските компании се пресметува задржан данок во висина од 15%, освен ако не е поинаку утврдено според меѓународните даночни договори.

Даночен кредит за платен странски данок (Foreign Tax Credit). Домашните компании кои платиле корпоративен данок на профитот остварен во странство, имаат можност да добијат даночно олеснување во форма на даночен кредит на сметка на домашната даночна обврска. Износот на даночниот кредит кој се доделува, не може да биде повисок од износот на данокот кој би се платил во Хрватска за истото ниво на реализиран профит.

Пренос на профит и загуба во рамки на групацијата (Groups of companies). Во Хрватска не се признава меѓусебно групирање на компаниите во насока на остварување на разни финансиски и даночни цели. Не се дозволува сочинување, издавање и прикажување на консолидирани даночни биланси, па согласно на тоа, оданочувањето на профитот во рамки на групацијата или холдингот се изведува посебно за секоја компанија.

Контрола на трансферот на странски девизи и валути. Генерално, не постојат големи рестрикции во оваа сфера. Единствено се забранети трансакциите кои немаат законска или легална позадина. Согласно хрватската регулатива, сите трансфери на капитал, дивиденди,

профит, камати, провизии, плаќања за трансфер на технологија и „know – how“ и сл., се дозволени и слободно можат да се извршуваат. Националната платежна единица е хрватската куна, а најголема институционална одговорност за надзор и контрола на странските плаќања сноси Хрватската народна банка.

Трансферни цени. Во Хрватска се применуваат правила за трансферни цени според препораките, насоките и методите кои се утврдени од страна на организацијата на ОЕЦД. Согласно правилата, трансферните цени помеѓу поврзани странки се признаваат за релевантни само доколку се формирани според методот на конкурентни, односно пазарни цени (arm's length method). Доколку се појави разлика помеѓу трансферните цени во финансиските извештаи и оние утврдени според методите на гореспоменатиот ценовен принцип, тогаш евидентираната разлика се додава на даночната основа. Пред почетокот на секоја фискална година, Министерството за финансии ја утврдува пазарната каматна стапка по која може да се изведува интеркорпорациското задолжување. Доколку оваа каматна стапка не е навреме, или пак, воопшто објавена, како релевантна каматна стапка се смета дисконтната стапка на Централната банка. Корпорациите мораат да ги документираат трансферните цени во финансиските извештаи преку изведување анализи и студии, или, пак, преку определување на соодветни репери.

Правила за тенка капитализација (thin capitalization rules). Износот на платените камати се признава на товар на даночната основа, но до определен износ кој се утврдува според хрватските правила за тенка капитализација. Според нив, платените камати на заеми дадени од страна на акционер кој има најмалку 25% од акциите или гласачките права на компанијата даночен обврзник, не може да се одземаат од даночната основа, ако вредноста на дадениот кредит е поголем од вредноста на сопствениот капитал на обврзникот за цели 4-пати (debt – to – equity ratio 4:1). Вакви правила не се применуваат за банките и останатите финансиски институции.

Мерки на даночни стимулации

Ослободување од плаќање на корпоративен данок на доход за мали претпријатија (Profit tax exemption for small entrepreneurs). Сите мали претпријатија кои имаат вкупен приход помал од 2.000.000 куни, или остваруваат вкупен профит помал од 400.000 куни, или имаат вкупна вредност на долгорочните основни средства помала од 2.000.000 куни, или, пак, имаат помалку од 15 вработени лица, не се обврзани да плаќаат корпоративен данок на доход.

Ослободување од плаќање на корпоративен данок на инвестициони фондови. Сите инвестициони фондови кои имаат карактер на отворени, и кои се, воедно, основани и оперираат согласно законската регулатива, се ослободени од обврската да плаќаат корпоративен данок на доход.

Инвестициони стимулации (Investment tax incentives). Овие мерки се предвидени согласно хрватскиот Закон за промоција на инвестициите (Investment Promotion Law). Според законот, за да се квалификуваат компаниите за добивање на предвидените даночни бенефиции, мора да инвестираат средства во следниве проекти: проекти од областа на мануфактурата и производството, проекти за технолошки развој и основање на иновативни центри и проекти за

развој на стратегиски бизнис и логистичка поддршка. Даночните бенефиции се реализираат во форма на делумно или целосно ослободување од корпоративниот данок во одреден временски период (даночен одмор), во зависност од висината на инвестираната сума или бројот на креирани нови работни места. Следува презентација на даночните олеснувања врз основа на Законот за промоција на инвестициите:

Табела бр. 14

Инвестиционите стимулации согласно Законот за промоција на инвестициите

Висина на инвест. (евра)	Нови раб. места	Дан.стап. (%)	Период
Од 0,3 до 1,5 милиони	10	10%	10 години
Од 1,5 до 4 милиони	30	7%	10 години
Од 4 до 8 милиони	50	3%	10 години
Над 8 милиони	75	0%	10 години

Извор: Сумирано врз основа на наведената литература.

Слободни даночни зони (Tax free zones). Во Хрватска, исто така, постојат слободни економски зони. Така на пример, како доста позната зона се истакнува вуковарската економска зона, во чии рамки активните компании се целосно ослободени од плаќање на корпоративен данок за периодот од 2005 до крајот на 2014 година. За разлика од оваа зона, во која се применува посебен даночен режим, поради локацијата во воено разурнатиот регион на Вуковар, компаниите во останатите зони уживаат ослободување од корпоративниот данок во висина од 50% (примена на преполовени даночни стапки). Слично, на сите инвеститори во градежни објекти кои инвестираат најмалку 1 милион куни во рамки на слободните зони низ Хрватска, целосно се ослободуваат од корпоративен данок, почнувајќи од годината на инвестицијата, па и во текот на следните 5 години. Притоа, вкупното даночно ослободување за предвидениот период не смее да го надмине износот на инвестираната сума.

Даночни стимулации за истражување и развој. Во Хрватска се применуваат и голем број на даночни стимулации чија цел е да се поддржат истражувачко-развојните процеси. Стимулативните мерки се дизајнирани во форма на даночни одбивки на трошоците за истражување и развој (tax deductions). Почнувајќи од 2008 година, се воведени следниве даночни одбивки: даночна одбивка на трошоците за развојни истражувања (developmenet research cost), кои се признаваат во висина на 100%; даночна одбивка на трошоците за апликативни истражувања (applied research cost), кои се признаваат во висина на 125%; и даночна одбивка на трошоците за фундаментални истражувања (fundamental research cost), кои се признаваат во висина на 150%. Во некои случаи, одбивките можат да достигнат висина двојно поголема од износот на квалификуваните трошоци.

Други стимулации. Даночни одбивки кои ја намалуваат основата се даваат и по основ на преземените трошоци за едукација и тренинг на вработени лица. Доколку трошоците за едукација, тренинг, професионална обука и преквалификација се преземаат во насока на креирање на нови работни места, тогаш даночните обврзници се стекнуваат и со право на дополнителни средства во вид на финансиски грантови.

Останати специфични даноци кои ги плаќаат компаниите и граѓаните

Данок на реален имот (Real property tax). Ако продажбата на реален имот не е предмет на оданочување по основ на ДДВ, во тој случај, при продажбата или трансферот на недвижниот имот, се наплаќа данок на промет на недвижен имот со стапка од 5% од продажната цена на имотот кој е предмет на купопродажба. Секој последователен трансфер на реален имот кој го заобиколува оданочувањето преку системот на ДДВ, потпаѓа под режим на системот на даноците на промет на недвижен имот. И продажбата на земјиште редовно се оданочува со овој данок.

Данок на трговска марка (Trade name tax). Овој данок се плаќа од страна на физичките или правните лица кои се обврзници по основ на персоналниот данок на доход и корпоративниот данок на доход, и кои се регистрирани за извршување на деловна активност (по одликите, овој данок е сличен на фирмарината според нашиот даночен систем). Оваа давачка ја собираат општините, а износот на платениот данок може да достигне и до 2.000 куни.

Данок за користење на јавно земјиште (Tax on the use of public land). Даночни обврзници се физичките и правните лица кои користат јавно или државно земјиште. Висината на данокот се утврдува индивидуално од страна на градот или општината.

Данок на потрошувачка (Cosumption tax). Го плаќаат лицата кои вршат кетеринг услуги, а се пресметува на продажните цени на пијалаците кои се продаваат во објектите за кетеринг. И неговата висина ја утврдуваат градовите или општините, со максимална стапка до 3%.

Данок на објекти наменети за одмор (Tax on holiday homes). Даночни обврзници се сите сопственици на објекти за одмор (вили, викендици и сл.). Висината на данокот се утврдува врз основа на квадратурата на користениот простор на имотот (најчесто од 5 до 15 куни по квадратен метар).

Други даноци. Во Хрватска можат да се сретнат и други давачки, како што се данокот на шуми, туристичките даноци, даноците за културни споменици и друго.

Персонален данок на доход

Персонален данок на доход. Персонален данок на доход плаќаат физичките лица кои имаат статус на резиденти на Р. Хрватска, како и физичките лица нерезиденти на доходот кој го заработуваат во Хрватска. Ако повеќе лица остварат заеднички приход, во тој случај секое лице ќе биде посебно оданочено врз основа на индивидуалниот удел во вкупниот заеднички приход. Фискалната година за пресметка на персоналниот доход започнува на 1-ви јануари и завршува на 31-ви декември секоја година. Даночните пријави мора да се достават најдоцна до 28-ми февруари следната година, а плаќањето на даночната обврска најчесто е со задржување (во случај на приход од плата) или во редовни еднакви аконтации (во случај на приход од самостојна дејност). Секој дополнително пресметан данок врз основа на даночната пријава, мора да се плати најдоцна во период од 15 дена од издавањето на решението од страна на даночните служби.

Според хрватската регулатива, персонален данок на доход се плаќа на следниве видови приходи: приход од вработување или плата, приход од вршење на самостојна дејност (или приход од самовработување), приход од имот и имотни права, приход од капитал, приход од осигурување

(income from insurance) и друг вид на приход. Инаку, стапките на персоналниот данок на доход во Хрватска се прогресивни со стапка од 12% до 40%. Во 2010 година се изврши редуцирање на максималната маргинална стапка од 45% на 40%. Следи приказ на стапките на персоналниот данок во Хрватска:

Табела бр. 15

Стапките на персоналниот данок во Хрватска

Вкупен годишен доход (во куни)	Даночна стапка
Од 0 до 43.200	12%
Од 43.200 до 129.600	25%
Над 129.600	40%

Извор: Сумирано од наведената литература.

Даночна база. Даночната база на физичките лица резиденти е составена од вкупниот годишен доход кој го заработуваат во земјата и странство, намален за личните даночни ослободувања. Даночната база на физичките лица нерезиденти, пак, се состои од вкупниот годишен доход кој е остварен само на територијата на Р. Хрватска, исто така намален за вредноста на личните даночни ослободувања.

Придонеси за социјално осигурување. Придонесите за социјално осигурување во Хрватска се состојат главно од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за здравствено осигурување и придонесот за невработеност. Даночниот товар од придонесот за пензиско осигурување го сноси вработеното лице, т.е. работникот, кој се пресметува по стапка од 20%. Платениот максимален износ на придонесот за пензиско осигурување не може да го надмине лимитот од 537.120 куни. Од друга страна, пак, даночниот товар и плаќањето на придонесите за здравствено осигурување и невработеност го сносат работодавците, по вкупна стапка од 17,2% на бруто-платата. Инаку, платените придонеси за социјално осигурување претставуваат одбитни ставки на основата на персоналниот данок на доход.

Даночни олеснувања на персоналниот данок на доход

Лично даночно олеснување. Сите физички лица кои се даночни обврзници на персоналниот данок на доход имаат право на лично даночно олеснување кое се дава во форма на даночна одбивка во висина на 1.800 круни месечно (или вкупно 21.600 на годишно ниво). Дополнителни даночни олеснувања се доделуваат и на обврзниците кои издржуваат малолетни лица или други зависни членови на семејството, како и на пензионерите кои живеат во одредени региони.

Даночната основа на приходот од **самостојна деловна активност (приходот од самовработување)** се добива кога од вкупниот годишен износ на овој приход, ќе се одземат следните ставки: износот на пресметаните плати на вработените лица, како и износот на надоместокот на студентите и учениците кои извршуваат практична работа; износот на направените трошоци за професионална едукација и надградба; износот на направените трошоци за истражување и развој и остварената загуба од работењето во Хрватска или странство.

Прикажаниот терк за утврдување на даночната основа се однесува како за резидентите, така и за нерезидентите, со таа разлика што во последната ставка, наместо износот на загубата во земјата или странство, релевантен износ претставува само реализираната загуба на територијата на Хрватска.

Приходите од дивиденди се ослободени од оданочување, иако дистрибуцијата на дивиденди од профитот кој е генериран во периодот од 1-ви јануари 2001 и 31-ви декември 2004 година, се предмет на задржан данок во висина од 15%. Капиталните добивки од продажба на подвижен имот, како и од продажба на хартии од вредност, не се предмет на оданочување. Капиталните добивки од продажба на недвижен имот се предмет на оданочување, освен ако недвижниот имот не се препродавал во период од 3 години пред продажбата, бил користен од страна на трговецот и неговите блиски за живеалиште, или пак, неговата продажба е поврзана со развод или наследување.

Даночната инциденца во Хрватска. Податоците за ефективниот даночен товар во Хрватска, овозможуваат да се направи оценка само за состојбата со даночната инциденца на пазарот на капитал, но не и за пазарот на работна сила, исто како во случајот со Словенија. Може да се каже дека во тој поглед Хрватска значително се разликува од сите веќе анализирани земји во овој труд. Имено, структурата на даночниот систем, како и имплементираните мерки во оваа земја произведуваат инциденца која паѓа на страната на штедачите, наместо на страната на компаниите. Така, од податоците се гледа дека ефективната даночна стапка на вкупните инвестиции во Хрватска во 2005 година изнесувала -9,5%, што значи дека вишокот на даночното оптоварување преминува на страната на хрватските штедачи. Ова значи дека во Хрватска даночниот систем ги „субвенционира“ домашните корпорации, креирајќи негативен даночен товар при оданочувањето на економскиот профит. За истакнување е и фактот што од сите претставени земји, Хрватска се наметнува како лидер кога е во прашање ниското зафаќање на профитот на компаниите. Инаку, од групата на европските земји, уште само Р. Македонија има негативна ефективна стапка во висина од -5,4% во 2005 година, за разлика од сите останати земји кои остваруваат позитивни стапки.[263]

[263] Види: табела бр. 81 од прилогот на трудот.

ГЛАВА 6

Економските ефекти на даночните стимулации во Република Македонија

Во оваа глава ќе се направи посебен осврт врз состојбата на политиката на даночни стимулации и ефективниот даночен товар во Република Македонија. За таа цел ќе биде искористен методолошкиот пристап на Кинг и Фулертон за маргиналните ефективни даночни стапки, со чија помош ќе се направи обид за евалуација на ефективниот даночен товар во Република Македонија. Пред да се пристапи кон презентирање на резултатите од истражувањето и пресметките, ќе се направи осврт врз актуелниот систем на директни даноци, како и врз мерките на даночни и други видови стимулации на РМ, а потоа и кратка илустрација на влијанието на фискалниот фактор врз инвестиционата политика во РМ.

1. Системот на даноци и политиката на даночни стимулации[264]

Корпоративен данок на доход

Данок на добивка (Corporate Tax). Кога се зборува за корпоративниот данок на доход во РМ, всушност, се мисли на данокот на добивка. Инаку, општа карактеристика на даночниот систем на РМ е примената на пропорционалните даночни стапки, како во системот на корпоративниот данок на доход, така и во системот на персоналниот данок на доход. Затоа, се вели дека РМ има имплементирано систем на пропорционални даноци, или како што фигуративно се нарекува, „систем на рамен данок". Како обврзник на данокот на добивка се смета секое правно лице кое е резидент на РМ и кое остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство (значи, предмет на оданочување е вкупниот светски доход кој го остваруваат компаниите). Притоа, за резидент во смисла на законот за данок на добивка се смета субјектот, односно правното лице кое е основано или има седиште на територијата на РМ. Обврзник на данокот на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република Македонија. Даночниот период за кој се утврдува данокот на добивка е една календарска година. Доколку даночниот обврзник работел за период пократок од една календарска година, за даночен период ќе се смета периодот од годината за која работел. Даночниот обврзник е должен утврдувањето и плаќањето на данокот на добивка да го врши врз основа на образецот ДБ – даночен биланс за оданочување на непризнаени расходи, што се доставува до Управата за јавни приходи во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка, односно, најдоцна до 28-ми февруари по истекот на календарската година. Инаку, данокот на добивка се плаќа аконтативно на 12 месечни рати, а месечната аконтација мора да се плати најдоцна за 15 дена по истекот на календарскиот месец. Месечните аконтации на данокот на добивка се утврдуваат во износ од една дванаесеттина (1/12) од утврдениот данок во даночниот биланс за претходната година. Разликата меѓу уплатената аконтација и вистинската обврска на пресметаниот данок, обврзникот е должен да ја уплати во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за предавање на годишната сметка. Ако обврзникот на данокот во вид на аконтација платил поголем износ на данок од износот што бил должен да го плати, може од органот за јавни приходи да бара рефундирање на повеќе платениот износ.

Даночна основа (Tax Base). Според најновата регулатива од април 2011 година, како основа за пресметување на данокот за соодветниот даночен период претставува износот на **непризнаените расходи** и **помалку искажаните приходи.** Даночната основа утврдена од непризнаените расходи за даночни цели, се состои од: 1. **оданочливи** расходи и помалку

[264] За потребите на оваа точка, покрај веќе споменатите, се користени и следниве извори на литература: актуелниот Закон за данок на добивка на РМ, актуелниот Закон за персоналниот данок на доход на РМ, актуелниот Закон за задолжително социјално осигурување на РМ, актуелниот Закон за ДДВ на РМ, актуелниот Закон за даноците на имот на РМ, актуелниот Закон за социјалната заштита на РМ и други.

искажани приходи, и 2. расходи и помалку искажани приходи од **поврзани субјекти**. Како одаочливи расходи се сметаат сите ставки кои таксативно и детално се набројани во актуелниот Закон за данок на добивка.[265] Даночната основа утврдена од **помалку искажани приходи**, пак, се однесува на трансакциите од **поврзани лица** во која се сметаат: 1. разликата меѓу трансферната и пазарната цена остварена меѓу поврзани лица; 2. износот на делот од камати по заемите кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица; 3. износот на затезните камати меѓу поврзани лица и 4. износот на каматите на заемите добиени од содружниците или акционерите – нерезиденти со најмалку 25% учество во капиталот на друштвото, кои за повеќе од трипати го надминуваат износот на уделот на тој содружник или акционер. Откога ќе се пресмета и плати данокот, според гореутврдената основа, истиот се одзема од сметководствената бруто-добивка, која се утврдува согласно прописите за сметководство и воспоставените деловни политики и практики. *Сметководствената бруто-добивка за одреден даночен период, намалена за даночот платен на основата, подлежи на одаочување само во случај на нејзина распределба во вид на исплати за дивиденди и други исплати од добивката*.

Даночна стапка (Tax Rate). Даночната стапка која се пресметува во РМ е пропорционална и изнесува 10%.

Годишен данок на вкупен приход (Tax on Gross Revenues). Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва, и кои според природата и обемот на дејноста се сметаат за трговци, можат да плаќаат годишен данок на вкупен приход. Притоа се разликуваат два вида на трговски друштва, и тоа: 1. трговски друштва кои се ослободени од плаќање на годишен данок на вкупен приход; и 2. трговски друштва кои може да се определат да плаќаат годишен данок на вкупен приход. **Трговските друштва кои се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход** се сите оние кај кои вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор, не го надминува износот од 3.000.000 денари на годишно ниво. **Трговските друштва кои може да се определат да плаќаат годишен данок на вкупен приход** се сите оние кои ги исполнуваат следниве услови: 1) да извршуваат стопанска дејност, освен банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри и 2) вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да изнесува од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво. Притоа, одбраниот модел на одаочување не може да го менуваат во наредните три години, вклучувајќи ја и годината за која се плаќа данок на вкупен приход, доколку во наредните три години остваруваат вкупен приход од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво. Стапката на данокот на вкупен приход изнесува 1% од износот на остварениот вкупен приход искажан во Билансот на успех во Годишната сметка за годината за

[265] Види член 11 и член 12 од актуелниот Закон за данок на добивка.

која се утврдува данокот. Даночната основа го претставува вкупно остварениот приход за годината по сите основи. Малите фирми годишниот данок на вкупен приход го утврдуваат на образецот ДБ-ВП – годишен данок на вкупен приход, кој се доставува до Управата за јавни приходи до 31-ви мај во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето, а плаќањето на данокот се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

Инаку, до неодамна, со оглед на тоа што обврската за плаќање на данок на вкупен приход беше безусловна и не постоеше опцијата за избор на моделот на оданочувањето, овој данок беше критикуван поради тоа што ги **дискриминираше малите фирми**, за разлика од големите компании, што, се разбира, не е во согласност со воспоставената практика во светот. Иако предности постојат, од аспект на **едноставноста на пресметката** на данокот на вкупен приход, сепак, тој не прави разлика дали малите фирми остариле позитивен или негативен финансиски резултат, туку данокот се изразува како процент во однос на реализираните вкупни приходи, при што не се води сметка за висината на настанатите расходи. Тоа може да резултира со плаќање на данок и од страна на фирмите кои работат со загуба, што е спротивно на принципите и на логиката на корпоративните даноци. Сепак, со последниве измени, покрај ослободувањето на најмалите фирми, на останатите им се нуди можност за избор, што, се разбира, претставува напредок во таа област.

Амортизација (Depreciation). Интересно е што со новата верзија на Законот за данок на добивка, воопшто не е регулирано прашањето за начинот и методите за амортизација на основните средства. Тоа е направено поради потребата од прилагодување кон новиот концепт за изразување на даночната основа. Како што е објаснето, со новата регулатива даночната основа е еднаква на износот на непризнаените (оданочливи) расходи и помалку искажаните приходи, додека досегашната практика ја дефинираше основата за даночни цели како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи. Амортизацијата, која според претходниот концепт се третираше како расходна (одбитна) ставка на основата, според новиот концепт добива карактер на **неоданочлива расходна** ставка која воопшто не влегува во нејзиниот состав, бидејќи претставува дел од расходите кои потекнуваат од вршење на основната дејност. Инаку, во законот е јасно спомнато дека за оданочливи расходи се сметаат само расходите кои не се поврзани со вршење на дејноста на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност.[266]

Залихи (Inventories). Констатацијата која се однесуваше за системот на амортизација потполно важи и за системот на евиденција на залихите за даночни цели. Инаку, според досегашната практика, вредноста на залихите на недовршеното производство, полупроизводите и готовите производи за даночни цели, се проценуваа најмногу по полната цена на чинење, во согласност со прописите за сметководство и сметководствените стандарди. Притоа, вредноста на залихите не може да биде поголема од продажната вредност на денот на утврдување на основата

[266] Во врска со постоечката регулатива за системот, методите и стапките на амортизација, опишано е детално на следните страници, во главата со која се анализира даночниот товар на инвестициите во РМ.

за оданочување. Пресметката на трошоците на материјалите и набавната вредност на продадената трговска стока се врши со примена *на методот на просечни цени*.

Пренос на загуба (Tax treatment of loses). Претпоследната верзија на Законот за данок на добивка не признаваше никаква можност за пренос на оперативната загуба. Новата верзија на Законот воведува таква можност. Имено, доколку во постапката за утврдување на даночната основа, се утврди дека износот на формираната даночна основа за даночниот период е помал од износот на намалувањето[267] на истата за истиот даночен период, тогаш даночниот обврзник искажува даночна загуба. Даночната загуба се пренесува на товар на даночната основа во наредните даночни периоди, но не подолго од 5 (пет) години, започнувајќи по годината во која даночната загуба е искажана. Намалувањето се врши последователно, почнувајќи од износот на најрано настанатите даночни загуби. Намалувањето на даночната основа за износот на пренесените даночни загуби се извршува по намалувањето на непризнаените расходи од годината на оданочувањето, со износот на намалувањата на даночната основа за тековниот даночен период.

Дивиденда (Dividends). Износот на дивидендата и другите распределби од добивката, се утврдува од сметководствената добивка остварена за деловната година по **намалување на износот на данокот,** пресметан на непризнаените расходи во истата година, и по претходното покривање на непокриените загуби од минатите години. Износот на дивидендата се утврдува и од пренесените нераспределени добивки од минатите години, и од резервите коишто можат да се распределуваат во согласност со закон, намалени за евентуалните непокриени загуби од минатите години. Основа за пресметување на данокот претставува износот кој се распределува, односно исплатува во вид на дивиденди и други распределби од добивката. Данокот се пресметува со задршка, а даночната стапка изнесува 10% во случај на распределба на дивидендите кон акционерите на компанијата.

Капитална добивка (Captial gains). Приходите од капитална добивка не се третираат одделно според постоечката регулатива, туку тие се сметаат како дел од вкупните приходи, или поточно, како **дел од бруто-сметководствената добивка.** Со оглед дека данокот на добивка се плаќа на непризнаените приходи, може да се каже дека остварената капитална добивка е ослободена од оданочување, сè до моментот на нејзината распределба. Исто како и кај дивидендите, доколку се изврши дистрибуција на добивката кон акционерите на компанијата, разликата помеѓу сметководствената бруто-добивка и платениот данок на непризнаените приходи, е предмет на дополнително оданочување со стапка на данок од 10% .

Камати (Interests). И приходот од камата се смета како дел од бруто-сметководствената добивка. Во случај на исплаќање на приходите од камата кон индивидуалните лица, се пресметува стапка на задржан данок од 10%.

Задржан данок на приход (Withholding Tax). Во суштина, данокот на добивка во РМ се наплаќа само на непризнаените расходи, и во случај на исплата на некои видови приходи, се

[267] Инаку, намалувањето на основата зависи од износот на ненаплатените побарувања – види: член 17 и член 12 од Законот за данок на добивка.

применува системот на задржан данок на доход. Трансферот на доходот во сите негови форми од домашни правни лица кон други домашни правни лица не е предмет на оданочување, и истиот не се задржува при трансферот. Домашните правни лица имаат обврска да го задржат данокот само при трансферот на доходот кон домашните и странските **физички лица**, како и кон **странските правни лица**. Конкретно, следниве лица го задржуваат данокот на приход платен на странско лице, и тоа: а) домашно правно лице; б) домашно физичко лице - регистрирано за вршење на дејност, и в) странско правно лице или физичко лице-нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија. Задржувањето на данокот се применува на повеќе приходи, меѓу кои како најважни би ги спомнале приходот од дивиденда, приходот од камата, приходот од индустриски права, приходот од авторски хонорар, приходот од осигурителни премии и слично. Данокот што ќе се задржи се пресметува на бруто-приходите по стапка од 10%. Лицето кое има обврска да го задржи данокот, поднесува еднаш годишно извештај за уплатениот данок по одбивка до органот за јавни приходи до 15-ти февруари наредната година, по годината во која постоела обврска за задржување на данокот. Доколку примателот на приход врз кој се применува задржување на данок е резидент на странска држава која има договор со Република Македонија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноците на доход и капитал, тогаш даночната стапка која е утврдена за тој приход, не смее да ја надмине даночната стапка која се применува за приходот, одредена во договорот.[268]

Избегнување на двојното оданочување (Foreign Tax Reliefs). На обврзникот - резидент на Републиката кој на добивката што е остварена со работа во странство платил данок во друга држава, му се намалува пресметаниот данок во земјата за износот на данокот на добивка платен во странство, а најмногу до износот на данокот што би се добил со примена на актуелната даночна стапка од 10%. Ова, всушност, претставува даночен кредит по основа на платен странски данок.

Трансферни цени (transfer pricing rules). РМ има правила за регулација на трансферот на профитот помеѓу поврзани субјекти преку користење на системот на трансферни цени. Согласно Законот за данок на добивка, разликата меѓу трансферната и пазарната цена остварена меѓу поврзани лица се смета за помалку искажан приход и влегува во даночната основа. Под трансферна цена се смета цената настаната во врска со извршената трансакција на средствата или создавање обврски меѓу поврзани лица. При утврдување на разликата меѓу пазарната и трансферната цена, се користат **споредливи цени** што би се остварile на домашниот пазар или компаративниот странски пазар, кога не би се работело за однос на поврзани лица **(метод на конкурентни цени)**, а кога тоа не е можно, се користи цената утврдена според методот на чинење, зголемена за вообичаената заработувачка (разлика во цени, провизија).

Правила за тенка капитализација (Thin capitalization rules). Според регулативата, направените трошоци за камати кои се однесуваат за кредити или заеми, во насока на покривање

[268] За стапките на задржаниот данок, утврдени според договорите помеѓу РМ и другите земји види:„The E&Y 2010 Worldwide Corporate Tax Guide“, Earnst&Young, April, 2010, стр. 622.

на потребите за финансирање на редовното работење (или редовната основна дејност) на компаниите, се сметаат како неоданочливи расходи и не влегуваат во основата на данокот на добивка. Како камати кои се сметаат за оданочливи, и според тоа влегуваат во основата, се сметаат: 1. износот на делот од камати по заемите кои се добиени од поврзано лице, кое не е банка или друга овластена кредитна институција, кој го надминува износот што би се остварил доколку се работи за неповрзани лица. Во овој случај се признава само пресметаната камата најмногу до висината на каматната стапка која би се остварила меѓу неповрзани лица, во моментот на одобрувањето на заемот, а тоа е, всушност, стапката остварена на **финансискиот пазар во земјата** или на **меѓународниот финансиски пазар**; 2. износот на затезните камати меѓу поврзани лица; и 3. износот на каматите на заемите добиени од содружниците или акционерите – нерезиденти со најмалку 25% учество во капиталот на друштвото, кои за повеќе од трипати го надминуваат износот на уделот на тој содружник или акционер **(debt-to-equity ratio 3:1 – коефициент долг/сопствен капитал 3:1).** Износот на уделот на содружникот или акционерот во капиталот на корисникот на заемот се определува за даночниот период како просек од уплатениот капитал, нераспределената добивка и резервите, намалени за евентуалните непокриени загуби.

Даночни ослободувања и олеснувања (Даночни стимулации – Tax Incentives)

Како расположливи мерки кои ги нуди **законската регулатива за данокот на добивка**, понудени се следниве:

Технолошки индустриски развојни зони (Technological Industrial Development Zones). Обврзникот кој е корисник на технолошка индустриска развојна зона, се ослободува од плаќање на данокот на добивка за период од 10 (десет) години од започнувањето на вршењето на дејност во зоната, под услови и постапка утврдени со Законот за технолошки индустриски развојни зони. Инаку, оваа мерка ја карактеризира нагласената дискриминираност на домашните компании во однос на странските компании, кои во поголема мера можат да ги задоволат пропишаните услови на Законот за технолошки индустриски развојни зони, па според тоа и полесно да влезат во рамки на зоната.

Ако на Законот за данок на добивка се надоврзе **Законот за технолошките индустриски развојни зони (ТИРЗ)**, за нив може да се каже следново: имено, ТИРЗ се формирани од Владата на Република Македонија по концептот на меѓународните светски трендови, со намера да се обезбедат совршени услови за развој на деловните (бизнис) активности, нудејќи подготвени индустриски локалитети, поволен долготраен закуп на градежно земјиште, даночни, царински и други дополнителни стимулации. Поимот „технолошка индустриска развојна зона“ се дефинира како дел од територијата на Република Македонија, односно како дел од царинско подрачје, одвоен од останатиот дел од царинското подрачје, посебно ограден и означен простор што претставува функционална целина во која се вршат дејности под услови пропишани со овој и друг закон, и во кој важат царинските и даночните погодности утврдени со овој и друг закон. Технолошката индустриска развојна зона се формира заради развој на високо пропулзивни и современи технологии, со воведување на економски профитабилно производство и ефикасна

употреба на ресурсите, со примена на највисоки еколошки стандарди. Технолошката индустриска развојна зона е слободна зона од аспект на царинскиот и даночните закони. Така на пример, даночниот обврзник, корисник на зоната, подлежи на даночни ослободувања и олеснувања по основ **на данокот на добивка**, согласно одредбите од Законот за данокот на добивка на кои укажавме погоре; **персоналниот данок на доход**, согласно одредбите на Законот за персоналниот данок на доход; **ДДВ**, согласно одредбите на Законот за ДДВ; **акцизи**, согласно одредбите на Законот за акцизите и **данокот на имот**, согласно одредбите на Законот за данок на имот. Во следната табела е направена компарација на даночните ослободувања во зоната со висината на даночните стапки надвор од зоната:

Табела бр. 1

Даночни олеснувања во ТИРЗ

Даночни олеснувања			
Данок	**Стапка**	**Во зоната**	**Надвор од зоната**
ДДВ	18%	0%	18%
Акцизи	5% - 62%	0%	5% - 62%
Персонален данок по основ на плата	10%	0% за 10 години	10%
Данок на добивка	10%	0% за 10 години	10%
Данок на имот	0,1% - 0,2%	0% за 10 години	0,1% - 0,2%

Извор: „Технолошки индустриски развојни зони“, Дирекција за ТИРЗ.

Технолошките индустриски зони нудат и одредени **царински ослободувања и олеснувања** на даночните обврзници во рамки на зоната, согласно Царинскиот законик. Во следната табела е направена слична илустрација на царинските олеснувања во технолошките зони:

Табела бр. 2

Царински олеснувања во ТИРЗ

Царински олеснувања			
Производ	**Стапка**	**Во зоната**	**Надвор од зоната**
Суровини	0% - 15%	0%	0% - 15%
Опрема	5% - 20%	0%	5% - 20%
Потрошувачки добра	15 – 30%	0%	15% - 30%
Земј. и прех. производи	25% - 60%	0%	25% - 60%

Извор: „Технолошки индустриски развојни зони“, Дирекција за ТИРЗ.

Корисникот на зоната, претходно наведените ослободувања и олеснувања **може да ги остварува единствено за вршење на**: 1. производни дејности; 2. дејности од областа на информатичката технологија (изработка на софтвери, склопување хардвер, дигитални записи, компјутерски чипови и слично); 3. научно - истражувачка дејност и производство засновано на нови технологии со високи еколошки стандарди; и 4. услуги кои се директно поврзани со увоз на добра кои се внесуваат во зоната, под услов добрата да не се наменети за крајна потрошувачка.[269]

Освен царински и даночни ослободувања и олеснувања, корисникот на зоната **може да располага и со други погодности**: 1. корисниците на зоната се ослободени од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, по исклучок на одредбите на Законот за

[269] Види: член 7 од Законот за технолошки индустриски развојни зони, Сл.весник 14/2007.

градежно земјиште; 2. надоместокот за уредување на градежното земјиште, за кој се ослободени корисниците на зоната, го надоместува Владата на РМ, во корист на единиците на локалната самоуправа; 3. земјиштето за основање на зоната се дава под закуп на основачот на зоната за период до 99 години; 4. земјиштето во зоната се дава под закуп од основачот на зоната на корисниците за период до 99 години; 5. периодот на закуп на земјиштето и висината на закупнината на земјиштето за основачите, како и за корисниците, ги определува Владата на РМ за секој поединечен случај, кога таа е основач; 6. Владата на РМ може да учествува во трошоците за изградба на градежен објект за корисник во зоната во висина од 100%, но не повеќе од 500.000 евра во денарска противвредност. Вака изградениот објект е во сопственост на РМ во процентот во кој Владата учествувала во изградбата на истиот, а корисниците на зоната само го користат додека го користат земјиштето, односно додека работат; 7. други слични поволности. [270]

За да се оствари *правото на користење на даночните и царинските ослободувања и олеснувања, како и на другите поволности*, корисникот на зоната *мора да задоволи и* **други определени услови,** *и тоа*: 1. најмалку 80% од продажбата на годишно ниво да е остварена во извоз надвор од РМ; 2. да врши нова дејност, а не ја пренесува дејноста од друго подрачје на РМ во зоната; 3. да нема неподмирени пристигнати даночни или царински обврски и 4. против него да не е отворена стечајна постапка**.**

Организациона поставеност. Околу менаџирањето и организационата поставеност на технолошките индустриски развојни зони, задолжена е **Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони**. Оваа агенција е одговорна за промоција на развојот и основањето на технолошките индустриски развојни зони, како и за набљудување и регулирање на активностите на корисниците. Исто така, Дирекцијата е одговорна за планирање, управување и реализација на оперативните активности во зоните, како и за издавање на дозволи за основање, промоција и завршни активности на корисниците. Таа е задолжена и за регулирање на наемнините, царините и таксите што основачите можат да ги наплаќаат на корисниците, ги набљудува договорните перформанси на основачите, а истовремено ги евидентира и регистрира сите договори за закуп и потзакуп помеѓу основачите и корисниците. На оваа институција ѝ е делегирана и задачата за извршување и регулирање на јавната безбедност во ТИР зоните.

Инаку, во Република Македонија **постојат 11 технолошки индустриски развојни зони,** и тоа во: Скопје (2 зони), Тетово, Гостивар, Кичево, Битола, Прилеп, Велес, Струмица, Штип и Куманово. На почетокот оперираа само две компании во скопската индустриска зона – Бунарџик, и тоа: Џонсон Мети и Џонсон Контрол, но се најавуваат и нови инвестиции. Во иднина Владата на РМ најавува делегирање на надлежностите околу индустриските зони на приватни субјекти по пат на концесионирање. Поради просторната лимитираност на даночните олеснувања, оваа даночна мерка има значење само во рамки на технолошко-индустриските развојни зони.

[270] Види: член 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони, Сл.весник 14/2007.

Даночен кредит за набавка на фискални апарати (Tax credit for purchasing cashing machines). На обврзникот кој е должен да воведе и да користи одобрен систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, му се намалува пресметаниот данок за набавени до 10 (десет) фискални апарати, во висина на нивната вредност. Како што се гледа, оваа стимулација по својот интензитет има многу скромно дејство.

Ослободување од плаќање на данок на нераспределена добивка (Tax exemption on undistributed profit). Даночниот обврзник се ослободува од обврската за плаќање данок на нераспределена добивка остварена за тековната година. Под нераспределена добивка се подразбира разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени со сметководствените прописи и сметководствените стандарди (бруто-сметководствена добивка), **намалени за платениот данок утврден во даночниот биланс** (или данокот на непризнаени расходи, кој е универзална обврска за сите компании). Износот којшто се распределува во вид на дивиденди и други распределби од добивката, било да е во паричен или непаричен облик, се оданочува во моментот на нивната исплата (по принципот на задржување), освен дивидендите коишто даночниот обврзник ги исплатува на правни лица - резиденти на Република Македонија.

Ако добро се проанализира опишанава мерка, оваа стимулација не нуди никаков дополнителен стимуланс за компаниите, одошто самиот концепт на оданочување на добивката според актуелниот Закон, а притоа се води, и е набројана како посебна мерка. Имено, оваа мерка не ги ослободува компаниите во РМ од плаќање на данокот на добивка, или поточно, данокот на **оданочливите расходи**, туку само од данокот на дивиденда или на друг вид распределба на добивката, чие плаќање (задржување) се одложува сè до моментот на распределбата.

Третманот на одредени видови трошоци, односно расходи (Tax allowancess or expenditure tax incentives). Општо правило е како неоданочливи расходи да се сметаат сите расходи и трошоци кои се направени во функција на финансирање на основната дејност на компанијата, како што се, на пример, исплатените плати и придонеси на работниците, амортизацијата на основните средства, вредноста на залихите на суровини, материјали и готови производи и слично. За оданочливи расходи, пак, се сметаат расходите кои не се поврзани со вршење на основната дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност, и не се последица од вршењето на таа дејност. Следните видови специфични ставки не влегуваат во основата на данокот на добивка како непризнаени расходи. Тоа значи дека дел од тие трошоци (односно дел од оданочливите расходи) се ослободуваат од оданочување од данокот на добивка. Меѓу нив, како позначајни се набројани следниве: најнискиот износ на исплатена отпремнина која се дава при заминување во пензија, утврден со Општиот колективен договор; износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто-плата по работник во РМ; износот на исплатениот надоместок заради непрекинато боледување подолго од шест месеци, предизвикано со повреда на работа или професионално заболување, во висина на просечната месечна плата по работник во РМ; трошоците поврзани со користењето на

сопствени патнички моторни возила во висина од 30% (70% влегува во основата); трошоците по основ на месечните надоместоци на членовите на органите на управување над 50% од просечната месечна бруто-плата (50% влегува во основата); трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд до износот од 4 (четири) просечни месечни бруто-плати; трошоците направени за репрезентација во висина од 10% (90% од истите влегуваат во основата); трошоците за донации до 5% од вкупниот приход остварен во годината (износот над 5% од вкупниот приход влегува во основата); трошоците за спонзорства до 3% од вкупниот приход остварен во годината (износот над 3% од вкупниот приход влегува во основата); каматите, доколку се направени за кредити за финансирање на основната дејност; осигурителните премии кои ги плаќа работодавачот за лично колективно осигурување на работниците, заради повреди на работа (но не и осигурителните премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членовите на органите на управување, како и на вработените, доколку истите не се одбиваат од плата); стипендиите доделени на начин и под услови утврдени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и слично (но не и сите видови стипендии) и друго.

Третманот на трошоците за истражување и развој. Направените трошоци за истражување и развој, како и трошоците за специјализација и обука на вработените, се сметаат како дел од основните трошоци направени во функција на дејноста на компаниите. Според тоа, износот на тековните трошоци за истражување и развој се *сметаат за неоданочливи расходи и не влегуваат во основата на данокот на добивка*. Трошоците за истражување и развој кои *имаат карактеристика на капитални трошоци се предмет на амортизација, согласно системот на амортизација на РМ*. Конкретно, според Уредбата за амортизација, долгорочните нематеријални средства имаат стапка на амортизација од 20% годишно на нивната вредност (период на амортизација од 5 години), а за категоријата останати долгорочни средства, предвидена е годишна стапка од 10% (период на амортизација од 10 години).

Посебни мерки за вработување на инвалидни лица

Овие мерки, кои имаат карактер на даночни и финансиски стимулации, се регулирани со посебна законска регулатива, поточно со **Законот за вработување на инвалидни лица.**[271]

Мерки за вработување на инвалидни лица. Според законските норми, мерките за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица се состојат од: 1. ослободување од даноци и обезбедување на средства за придонеси; 2. обезбедување финансиска поддршка во работењето; и 3. доделување неповратни средства за вработување на неопределено време на невработено инвалидно лице, адаптација на работното место, како и за набавка на опрема.

[271] Види: Закон за вработување на инвалидни лица (пречистен текст) на страната на Министерството за труд и социјална работа.

Секое вработено инвалидно лице кај кое е утврдена инвалидност, согласно критериумите на Законот за вработување на инвалидни лица,[272] се **ослободува од плаќање на персонален данок на доход**. Работодавецот има обврска на вработеното инвалидно лице да му исплаќа единствено плата, согласно со закон, колективен договор и договор за вработување, и тоа преку активна трансакциска сметка. **Средствата за придонес** за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување и за вработување, се **обезбедуваат од Буџетот на РМ.** Притоа, Буџетот на РМ за конкретниве намени, средствата ги обезбедува најмногу во висина на придонесите на основица од две нето просечни плати исплатени во РМ во претходниот месец. За разликата од нето-платата која го надминува утврдениот износ, плаќањето на придонесите паѓа на товар на работодавецот.

Како **финансиска поддршка** во работењето, во смисла на конкретниот закон, се сметаат погодностите што ги добива **инвалидното лице кое самостојно врши дејност како трговец-поединец**, односно **заштитното друштво** при користењето на средства од посебниот фонд.

Заради остварување на целите на вработување на инвалидни лица, со Законот се предвидува можност за основање на посебни трговски друштва, т.н. заштитни друштва. Како заштитно друштво се смета она кое вработува најмалку 10 лица на неопределено време, од кои најмалку 40% од вкупниот број на вработени се инвалидни лица, од кои, најмалку половината се лица со утврдена инвалидност, во смисла на критериумите кои ги предвидува конкретниот закон. Покрај вработените инвалидни лица, и вработените во заштитното друштво кои не се инвалидни лица, ниту, пак, инвалиди на трудот, се ослободуваат од плаќањето на персонален данок на доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на РМ. Исто така, сите заштитни друштва се ослободуваат од плаќање на данок на добивка, како и сите други давачки од добивката.

За постигнување на целите за **доделување на неповратни средства** за вработување на инвалидно лице, адаптација на работното место на инвалидното лице, како и набавка на опрема, во Агенцијата за вработување на РМ е отворена посебна потсметка која се нарекува **посебен фонд,** во која се слеваат 10% од вкупно остварените средства од постојните придонеси за вработување. Освен од придонесот за вработување, средствата во посебниот фонд се обезбедуваат и од: данокот на додадена вредност и цариниte уплатени од заштитните друштва во Буџетот на РМ, подароци и легати, и други извори.

Сите правни лица кои не се заштитни друштва, заштитните друштва, како и инвалидните лица кои самостојно вршат дејност, можат да поднесат **барање за доделување средства** од посебниот фонд до Управниот одбор на Агенцијата за вработување на РМ. Спомнатите лица можат да поднесат барање за доделување неповратни средства врз различна основа. Така, на

[272] Инвалидно лице, во смисла на овој закон, е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток и лице со комбинирани пречки, кое, поради степенот на инвалидност, има специфични потреби во работењето. Како инвалидно лице се смета и инвалид на трудот со намалена работна способност, и ако притоа се води во Агенцијата за вработување на РМ како невработено лице.

правно лице кое не е регистрирано како заштитно друштво, може да му се доделат средства од посебниот фонд само за вработување на невработено инвалидно лице на неопределено работно време, како и за адаптација на работно место на коешто ќе работи инвалидното лице. На заштитно друштво, пак, може да му се доделат средства од посебниот фонд за нововработено инвалидно лице на неопределено време, адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидното лице, но и по основ за набавка на опрема. И на инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец-поединец може да му се доделат средства од посебниот фонд за негово вработување на неопределено време, адаптација на работното место на кое ќе работи, вклучително и за набавка на опрема.

Во рамки на расположливите средства од посебниот фонд, законот предвидува **можност за доделување неповратни средства за:** 1. вработување на инвалидно лице на неопределено време во висина од 20 просечни нето-плати исплатени во РМ за претходната година пред вработувањето, односно 40 просечни нето-плати за претходната година пред вработувањето, за вработување на слепо лице со оштетеност на видот од 90 до 100%, и телесно инвалидно лице на кое, заради движење, му е потребна количка; 2. адаптација на работно место во висина до 100.000 денари и истите можат повторно да се користат ако тоа го налагаат промените на техничко-технолошкиот процес или видот и степенот на инвалидноста на инвалидното лице; и 3. набавка на опрема во висина до 200 просечни нето-плати исплатени во РМ во претходната година, при што барателот во пресметковната вредност треба да учествува со сопствено учество од 20%, а износот на доделените средства може да биде најмногу до висината на имотот на трајниот капитал заведен во книгите на барателот на средствата. Како основен критериум за утврдување на висината на доделените неповратни средства за опрема е бројот на вработените инвалидни лица, и тоа на следниот начин: до 20 просечни нето-плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е до 2; до 40 просечни нето-плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е од 3 до 5; до 60 просечни нето-плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е од 6 до 8 ; до 80 просечни нето-плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е од 9 до 12; до 100 просечни нето-плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е од 13 до 20; до 130 просечни нето-плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е од 21 до 35; до 160 просечни нето-плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е од 36 до 50; и до 200 просечни нето плати ако вкупниот број на вработени лица кај работодавачот е над 51. Притоа, не се предвидува можност за повторно користење на неповратни средства од посебниот фонд пред истекот на три години од претходно одобрените средства, и во случај барателот да го намалил бројот на инвалидните лица за чие вработување се користени средства од фондот.

Оперативен план за активни програми и мерки за вработување

Активни програми и мерки за вработување. Врз основа на законските одредби со кои се регулира проблемот за вработување на невработените лица, Владата на РМ имплементира конкретен оперативен план за користење на активни програми и мерки за вработување во одреден

временски период. Така на пример, без да навлегуваме подетално во содржината, за периодот 2012 – 2013 година се предвидени следните програми и мерки кои се насочени за намалување на степенот на невработеност, а кои се реализираат преку Агенцијата за вработување на РМ:[273] програма за самовработување (која се состои од доделување на неповратни средства и кредити за отворање на сопствен бизнис); програма за доквалификација и преквалификација (се состои од давање парична помош за вработување на невработено лице и негова доквалификација, како и партиципација во трошоците за преквалификација); финансиска поддршка за правни субјекти (мали и средни претпријатија и занаетчии) за отворање на нови места (се состои, исто така, од доделување на неповратни средства); програма за субвенционирање на вработување (се состои од: 1. субвенционирање на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот; и 2. субвенционирање на инвалидни лица); пилот-програма за плодоуживатели на државно земјоделско земјиште; програми за практикантство; и програма за подготовка за вработување (која се состои од обука кај познат работодавач, обука за напредни IT вештини и едукација за започнување бизнис).

Персонален данок на доход

Персонален данок на доход (Personal Income Tax). Согласно актуелната регулатива во овој домен, персоналниот данок на доход се плаќа годишно на збирот на нето-приходите од сите извори, освен на приходите што се изземени од оданочување. Обврзник на данокот на доход е секое физичко лице - резидент на Република Македонија, за доходот што го остварува во земјата и во странство. Резидент во смисла на овој закон е физичко лице кое на територијата на Републиката има постојано живеалиште и престојувалиште. Резидентот има престојувалиште ако на територијата на Републиката престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена, во кој било 12-месечен период. Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на Републиката, за доходот што е остварен на територијата на Републиката. Обврзникот на данокот на доход е должен да поднесе годишна даночна пријава (образец ПДД-ГДП) за остварениот доход по истекот на годината за која се утврдува данокот, најдоцна до 15-ти март наредната година. Обврзникот кој во текот на годината остварува само приход од плата и пензија, односно само приход од земјоделска дејност или само приходи од самостојна дејност, не е должен да поднесува годишна даночна пријава. Даночен период за кој се утврдува данокот на доход е календарската година.

Даночна стапка. Карактеристика на системот на персоналните даноци на РМ е што не постојат прогресивни даночни стапки, туку се применува пропорционална даночна стапка. Висината на даночната стапка е утврдена на 10%.

Даночна основа (Tax base). Во даночната основа на персоналниот данок на доход влегуваат следниве видови приходи, остварени во земјата и во странство: 1) **лични примања**; 2)

[273] Подетално види: „Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2012 – 2013 година“, Агенција за вработување на РМ, 2011 година.

приходи од самостојна дејност; 3) **приходи од имот и имотни права;** 4) **приходи од авторски права и права од индустриска сопственост;** 5) **приходи од капитал;** 6) **капитални добивки;** 7) **добивки од игри на среќа и други наградни игри;** и 8) **други приходи.** На оданочување подлежат сите претходно набројани приходи, без разлика дали се остварени во пари, хартии од вредност, во натура, или во некој друг вид. На сите останати видови приходи, не се наплатува персонален данок.[274] Инаку, при годишното пресметување на данокот, од даночната основа се одбиваат следниве видови намалувања, односно се признаваат следниве видови одбивки: 1) **придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и вработување**, освен за придонесите од земјоделска дејност што ги плаќаат земјоделците на катастарскиот приход; 2) **придонесите за доброволно пензиско и инвалидско осигурување,** платени од обврзникот; 3) **личното ослободување во износ од 84.000 денари**, при годишно пресметување на данокот на доход; и 4) **таксите и другите јавни давачки** платени од приходите на обврзникот. Овие ставки единствено не се признаваат при пресметување на данокот на доход остварен од нерезидентни лица на територијата на Републиката.

Постојат два начини на пресметување и наплата (аконтација) на данокот на доход, и тоа: аконтација по одбивка (задршка на данокот) и аконтација со решение. Утврдување и наплата на **аконтација на данокот на доход по одбивка** се врши за следните видови приходи:1) личните примања; 2) приходите од авторски права и права од индустриска сопственост; 3) приходите од капитал; 4) приходите од имот и имотни права, ако исплатувачот на приходите води деловни книги; 5) добивките од игра на среќа и други наградни игри и 6) другите приходи за кои данокот на доход не се утврдува со решение на органот за јавни приходи. Исплатувачот на данокот (работодавецот) е должен на обврзникот, при секоја исплата, да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот што го задржал и наплатените придонеси и збирен податок по истекот на годината, најдоцна до 15-ти февруари наредната година. Исто така, исплатувачот е должен на органот за јавни приходи да му доставува годишен извештај за бруто остварените приходи на обврзникот, за пресметаниот и платениот данок и придонес по одбивка и вкупно исплатените нето-приходи, најдоцна до 15-ти февруари наредната година. Од друга страна, **аконтација на данокот на доход, според решение** на органот за јавни приходи, се плаќа за следните приходи: 1) приходите од самостојна дејност; 2) капиталните добивки; и 3) други приходи на кои аконтацијата на данокот не се плаќа по одбивка.

Лични примања. Лични примања претставуваат сите приходи што ќе ги оствари обврзникот по основ на работен однос, вклучувајќи ги и приходите по договор за повремено или привремено вршење услуги на органите на државната управа, домашните и странските правни лица, како и на домашните и странските физички лица. Како лични примања се сметаат повеќе

[274] Приходите и примањата на кои не се наплаќа данок на доход се таксативно набројани во член 6 од актуелниот Закон за прсоналниот данок на доход.

видови приходи кои ги остваруваат физичките лица, меѓу кои најпознати се платите, пензиите, надоместоците на органите на управување на трговските друштва и слично.[275]

Приходи од самостојна дејност (самовработување). Во РМ како приходи од самостојна дејност се сметаат приходите остварени од стопанска дејност, од давање професионални и други интелектуални услуги и приходите од земјоделска дејност. Под **приходи од стопанска дејност** се подразбираат приходите од производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејност. Како **приходи од професионални услуги** и други видови интелектуални услуги се подразбираат приходите од здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, ревизорска, инженерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност. Интересно е што со новата регулатива приходите од земјоделска дејност не се сметаат како посебен вид на приходи, туку како дел од приходите од самостојна дејност. Инаку, како **приходи од земјоделска дејност** обично се сметаат приходите од земјоделската и сточарската дејност. Како обврзници на данокот на доход за приходите од самостојна дејност се сметаат трговците поединци, како и физичките лица кои остваруваат приходи од вршење на самостојна дејност. Основа на данокот на доход за приходите од самостојна дејност е нето-приходот, кој се утврдува во даночниот биланс. Нето-приходот претставува разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник. Остварените вкупни приходи и вкупните расходи се утврдуваат во согласност со постоечките прописи за сметководство. Инаку, на обврзникот кој, поради определени околности, не е во состојба да ги води деловните книги, или на кого нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста, законот предвидува можност, данокот на доход за приходите од вршење на дејност да го плаќа според **паушално утврден нето-приход.**

Како посебен вид на приход од групата на приходите од самостојна дејност се издвојуваат **приходите од земјоделска дејност**. Покрај регистрираните земјоделци, како обврзници на приходи од земјоделска дејност се сметаат и лицата кои земјоделската дејност ја вршат и како дополнително занимање. Основа за пресметување на данокот претставува разликата помеѓу **остварениот вкупен приход** (во кој не влегуваат субвенциите) и признатите **нормирани трошоци,** и тоа за: приход до 300.000 денари, нормираните трошоци се признаваат на основата до 100% од нивната вредност; за приход од 300.000 до 1.300.000 денари истите се признаваат до 80% од нивната вредност. За лицата коишто земјоделската дејност ја вршат како дополнително занимање, нормираните трошоци се определуваат во висина од 80% од остварениот приход. Постои и алтернативна можност обврзникот на приходи од земјоделска дејност, чиј вкупен приход не го надминува износот од 1.300.000 денари, да се оданочува според **паушално** утврден приход.

Приходи од имот и имотни права. Под приходи од имот и имотни права се подразбираат приходите што обврзникот ги остварува од издавање под закуп или потзакуп на земјиште,

[275] Кои приходи конкретно се сметаат како лични примања, види: член 14-а од Законот за персоналниот данок на доход.

станбени или деловни простории, гаражи, простории за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и други видови имот. Како обврзник на данокот на доход за приходи од имот и имотни права се смета физичкото лице кое остварува приходи од имот и имотни права. Основа за пресметување на данокот претставува нето-приходот што се добива кога едногодишниот износ на остварениот приход ќе се намали за трошоците на одржување и управување, за едногодишната амортизација и за другите трошоци што биле нужни за остварување на приходот. Максималната висина до која се признаваат овие трошоци изнесува 25%. На барање на обврзникот, наместо нормираните трошоци, ќе му се признаат реалните трошоци што ги направил за остварување на приходот, ако тоа документирано го докаже.

Приходи од авторски права и права од индустриска сопственост. Под приход од авторски права и права од индустриска сопственост се подразбира надоместокот што обврзникот го остварува од авторски права и права од индустриска сопственост. Обврзник на данокот на доход за приходите од авторски права и права од индустриска сопственост е физичко лице кое остварува надоместок од авторски права и права од индустриска сопственост. Обврзник на данокот на доход за приходи од авторски права и права од индустриска сопственост е и физичко лице наследник или носител на авторски права и права од индустриска сопственост. Основа за пресметување на данокот на доход е нето-приходот што се добива кога од остварениот приход ќе се одбијат трошоците што биле потребни за негово остварување.[276]

Приходи од капитал. Според македонската регулатива, како приходи од капитал се подразбираат следните видови приходи: 1) дивидендите; 2) каматите по заеми дадени на физички и правни лица; 3) каматите по обврзници или други хартии од вредност; и 4) каматите на орочени штедни и други депозити. Како обврзник на данокот на доход за приходите од капитал се смета секое физичко лице кое остварува некој од гореспоменатите приходи. Даночна основа за приходите од дивиденда е остварената бруто-дивиденда, додека за останатите приходи е износот на пресметаната камата.

Приходи од капитална добивка. Под капитална добивка се подразбира приходот што обврзникот го остварува од продажба на хартии од вредност, учество во капиталот и недвижен имот. Капиталната добивка претставува разлика меѓу **продажната цена на хартиите од вредност**, учеството во капиталот и недвижниот имот и **куповната, односно набавната цена.** Ако притоа се јави негативна разлика помеѓу продажната и набавната цена, тогаш се остварува капитална загуба. Обврзник на данокот на доход од капитални добивки е физичко лице кое остварува добивка, како што е погоре дефинирана. Основа на данокот на доход за капитални добивки претставува разликата меѓу продажната цена на хартиите од вредност, учеството во капиталот и недвижниот имот и куповната (набавната) цена. Притоа, карактеристично е што нашето законодавство нуди привилегиран даночен третман на приходите од капитални добивки, во однос на приходите од дивиденда. Имено, капиталната добивка по сите основи, се внесува во

[276] Подетално за трошоците кои се признаваат за данокот на доход од приходи од индустриска сопственост види член 41 и 43 од актуелниот Закон за персоналниот данок на доход.

даночната основа во висина од 70% од разликата (даночен кредит во висина од 30%), за разлика од приходите од дивиденди, кои целосно влегуваат во даночната основа. Исто така, согласно регулативата, се признаваат можности за пребивање на капиталните загуби. Имено, ако се појави капитална загуба остварена со продажба на хартии од вредност, истата може да се пребива со капиталните добивки. Ако и по извршеното пребивање се појави капитална загуба, вишокот се пренесува на идните капитални добивки во наредните 3 (три) години.

Приходи од игри на среќа и други наградни игри. Под приход од игри на среќа се подразбира секоја поединечна добивка која се исплаќа на физичките лица од учество во организирани игри на среќа и други наградни игри (лото, бинго, спортска обложувалница и слично). Обврзник на данокот на доход за добивките од игри на среќа и други наградни игри е физичкото лице кое остварило добивка од тие игри. Основа за пресметување на данокот претставува секоја поединечна добивка остварена од игри на среќа и други наградни игри. Ако добивката од игри на среќа и други наградни игри се состои од предмети, основа на данокот претставува пазарната вредност на предметите во моментот на остварувањето на добивката. Данокот на доход за добивките од игри на среќа и други наградни игри не се плаќа ако поединечната добивка не го надминува износот од 10.000 денари.

Придонеси за задолжително социјално осигурување. Во РМ придонесите од задолжителното социјално осигурување претставуваат давачки на централната влада. Согласно законската регулатива, предвидени се овие придонеси за задолжително социјално осигурување: 1) пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековната исплата; 2) задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; 3) стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење (бенефициран стаж); 4) здравствено осигурување; и 5) осигурување во случај на невработеност. Најчесто како обврзници по основ на придонеси за задолжително социјално осигурување се јавуваат лицата кои стапуваат во редовен работен однос (вработените лица по секој основ).[277] Инаку, во РМ пресметката и уплатата на придонесите паѓа на товар само врз работодавците, за своите вработени лица,[278] а како основица за пресметка на придонесите се смета платата на лицата во работен однос.[279] Минималната основица за пресметка на придонеси не може да биде пониска од 50% од просечната плата по работник во РМ, додека максималната основа за пресметување и уплата на придонесите е еднаква на износот од 4 (четири) просечни плати. Како што е спомнато, придонесите ги пресметува, задржува и уплатува работодавецот, кој, во овој случај, е обврзник за пресметка и уплата на придонесите. Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој осигуреник, врз основа на утврдените основици. Стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите кои важат од јануари 2011 година, се претставени во табелата бр. 3.

[277] За подеталното дефинирање на обврзниците за плаќање на придонеси, види член 7, 8, 9, 10, 11, и 12 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.
[278] Подетално види член 13 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.
[279] Подетално види член 14 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Табела бр. 3

Стапки на придонесите за задолжително социјално осигурување во РМ

Вид на придонес	Стапка на придонесот
Задолжително пензиско и инвалидско осигурување: -на тековна (солидарна) основа -на капитално приватно осигурување	18% 11,7% (65% од вк. стапка) 6,3% (35% од вк. стапка)
Задолжително здравствено осигурување	7,3%
Придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест	4%
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување	0,5%
Задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност	1,2%

Извор: член 30 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Даночни ослободувања на персоналниот данок на доход

И во рамки на системот на персоналниот данок на доход, постојат мерки кои ефективно го снижуваат даночниот товар на обврзниците. Инаку, општа определба на Владата на РМ е намалување на прогресивноста и висината на законските даночни стапки на персоналниот данок на доход. Како резултат на таквата промена, се изврши проширување на даночната основа, како и скратување на бројот и интензитетот на даночните ослободувања и олеснувања. Актуелната даночна регулатива ги нуди следниве ослободувања на персоналниот данок на доход:

Стандардни одбивки на даночната основа

Стандардните мерки на персоналниот данок на доход во РМ се дизајнирани претежно во форма на намалувања на даночната основа (даночни одбивки), па затоа ги нарековме стандардни одбивки на даночната основа. Како стандардни намалувања на годишната даночна основа се предвидени следниве:

Стандардното лично ослободување. На секој даночен обврзник, на данокот на доход му се признава личното ослободување, или поточно, намалувањето на даночната основа (даночна одбивка) при годишно пресметување на данокот во износ од 84.000 денари. На даночните обврзници по основа на личните примања од плата од работен однос и пензија, личното ослободување се пресметува аконтативно, во месечен износ од 1/12 (една дванаесеттина) од гореспомнатиот износ. Притоа, износот на личното ослободување пред почетокот на секоја година се валоризира со планираниот пораст на платите на вработените во Републиката за годината, кој детално се утврдува со макроекономската политика на Владата на РМ.[280]

Намалување на основата за износот на платените придонеси за задолжително социјално осигурување. На основата на даночните обврзници се признаваат платените придонеси за задолжително социјално осигурување, или поточно, платените придонеси за

[280] Така на пример, вредноста на личното ослободување за 2011 година е утврдена во износ од 87.511 денари.

пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и вработување, освен придонесите од земјоделска дејност што ги плаќаат земјоделците на катастарскиот приход.

Освен овие, во РМ не се регистрирани други алтернативни стандардни даночни олеснувања, како што се, на пример, *даночното ослободување врз основа на брачен статус, даночното ослободување за деца и даночното ослободување за работни трошоци.*

Нестандардни даночни олеснувања

Нестандардните даночни олеснувања, покрај формата на даночни одбивки, можат да бидат и во форма на даночни кредити. Меѓу нив се вбројуваат следниве:

Намалување на основата за износот на платените придонеси за доброволно пензиско и инвалидско осигурување. Со цел да се поттикне приватното пензиско штедење, се предвидува даночна одбивка во износ на платените придонеси за доброволно пензиско и инвалидско осигурување.

Намалување на основата за износот на платените такси и други јавни давачки. Прописите предвидуваат можност да се редуцира даночната основа за износот на платените такси, даноци и други јавни давачки кои се платени од приходите на обврзникот.

Даночен кредит за донации на финансиски средства на правни лица. Физичко лице кое донира финансиски средства на правно лице, според одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, има право на намалување на персоналниот данок на доход, утврден врз основа на неговата годишна даночна пријава, во висина од 20% од годишниот даночен долг на давателот на донацијата, но не повеќе од 24000 денари.

Нестандардните даночни ослободувања, како што се *даночните ослободувања за камати на квалификувани заеми, ослободувањето за приватно животно осигурување, како и ослободувањето за купување приватна полиса за здравствено осигурување, не се познати.*

Стимулации на данокот на приходи од самостојна дејност

Овие стимулации се насочени кон стимулирање на инвестиционата активност на малите индивидуални претприемачи.

Намалување на даночната основа за вложувања во материјални и нематеријални средства (investment allowancess). Со регулативата е предвидено да се овозможи намалување на даночната основа за извршените вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема), и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти), за целите на проширувањето на својата дејност, и тоа во висина од 30% од извршените вложувања, со тоа што извршеното намалување не може да биде поголемо од 50% од утврдената даночна основа за истиот даночен период. Како услов за остварување на правото на оваа даночна мерка, потребно е обврзникот да не ги отуѓува средствата во период од три години, почнувајќи од годината во која е извршено вложувањето.

Даночен кредит за набавка на фискални каси. Даночниот обврзник кој, согласно законските прописи, мора да воведе и да користи одобрен систем за регистрирање на готовинските плаќања, му се намалува пресметаниот данок за набавени до десет фискални

апарати, во висина на нивната вредност. Притоа, даночното ослободување може да го користи од првиот наредeн месец од тековната година од воведувањето во употреба на одобрениот систем за регистрирање на готовинските плаќања, до крајот на годината, сразмерно на износот на вложените средства.

Третманот на одредени трошоци. Амортизацијата и трошоците за истражување и развој се признаваат на вообичаениот начин како и кај компаниите. Имено, истите се признаваат на товар на основата, согласно важечките сметководствени прописи.

Мерки на данокот на приходи од капитална добивка

Со овие мерки се дава извесна даночна преференција на изворот на капитал во вид на задржана добивка, во споредба со алтернативните извори на капитал, како што е, на пример, акционерскиот капитал. Стимулациите, главно, се состојат од две мерки:

Намалување на даночната основа на приходот од капитална добивка. Прописите предвидуваат капиталната добивка, по сите основи, да се внесува во даночната основа во висина од 70% од разликата на цените од продажната и набавната цена на хартиите од вредност. Резултатот од оваа стимулација е директно намалување на **ефективната даночна стапка на данокот на приход од капитална добивка** од 10% на 7% (што е идентично со мерката даночен кредит во висина од 30%).

Пребивање и пренесување на капиталните загуби. Исто така, согласно регулативата, се признаваат и можностите за пребивање и пренос на капиталните загуби. Имено, ако се појави капитална загуба остварена со продажба на хартии од вредност, истата може да се пребива со капиталните добивки. Ако и по извршеното пребивање се појави капитална загуба, вишокот се пренесува на идните капитални добивки во наредните 3 (три) години.

Други даночни мерки

Даночен кредит на приходи од странски извори (избегнување на двојното оданочување). Со цел да се избегне двојното оданочување на приходите од странство, предвидена е можност на обврзникот да му се намали пресметаниот данок на доход за износот на платениот данок на доход во друга држава, но најмногу до износот што би се добил со примена на важечките домашни даночни стапки. Конкретно, заради остварување на таа цел, на обврзникот му се доделува можност за даночен кредит кој не може да биде повисок од износот на данокот што би се пресметал со примена на домашната даночна стапка од 10%.

Ослободување од плаќање на данок на камата од штеден влог во банка. За да се зголеми степенот на доверба во финансиските институции, како и да се зголеми обемот на штедење во рамки на постоечкиот банкарски систем, прописите не предвидуваат да се плаќа данок по оваа основа. Имено, овој тип на приходи не е класифициран како дел од приходите кои влегуваат во даночната основа на персоналниот данок на доход, па според тоа, ослободени се од оданочување.

Парични трансфери или бенефити (cash benefits)

Ова се мерките на директната финансиска помош која се доделува со цел да се унапреди финансиско-материјалната состојба на луѓето. Во РМ се среќаваат поголемиот дел од стандардните мерки (бенефити) кои ги практикуваат развиените земји. Меѓутоа, за разлика од нив, паричните трансфери во РМ имаат многу мал износ, од што може да се заклучи дека линијата на сиромаштија, или т.н. минимален општествен доход, е поставен на многу ниско ниво. Слично, и условите за квалификација на мерките за финансиска помош се доста строги и рестриктивни. Следува нивна презентација.[281]

Социјална парична помош (social assistance). Право на социјална парична помош има лице способно за работа и домаќинство, кое е материјално необезбедено и кое, според други прописи, не може да обезбеди средства за егзистенција. За **материјално необезбедено** се смета лице и домаќинство кое остварува приходи, по сите основи **пониски од износот на утврдената социјална парична помош**, и кое **не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.** Висината на социјалната парична помош (основица) за носителот на правото изнесува 2.140 денари, а за секој следен член на домаќинството, основицата се зголемува за коефициент 0,37, но најмногу до пет члена. Правото на социјална парична помош се исплатува како **разлика** помеѓу утврдениот износ на социјалната парична помош и вкупните приходи по сите основи на сите членови на домаќинството. Доколку износот на социјалната парична помош е понизок од 100 денари, истата не се исплатува. Висината на социјалната парична помош се утврдува во зависност од периодот на користење на правото, и тоа: во првите три години, во цел износ како што е спомнато (2.140 ден.), и по истекот на третата година, во висина од 50% од утврдената висина. Инаку, правото на социјалната парична помош трае во период од најмногу 5 години (60 месеци).

Постојана парична помош (permanent cash assistance). И оваа мерка е дел од стандардните мерки за социјална помош, со таа разлика што се доделува на лицата кои се неспособни за работа на перманентна основа. Според прописите, право на постојана парична помош има **лице неспособно за работа и материјално необезбедено**, кое не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи.[282] За да се сметаат за материјално необезбедени лица, истите мора да немаат приходи, или нивните приходи, по сите основи, по член на семејство да се помали од 5.000 денари, како и да не поседуваат имот и имотни права од кои можат да се издржуваат. Висината на постојаната парична помош изнесува: за носителот на правото, утврдената основица (2.140 ден.) се зголемува за коефициент 1,5; за еден соживател, висината на правото за носителот се зголемува за коефициент 0,40; и за два и повеќе соживатели, висината на правото за носителот се зголемува за коефициент 1,0.

[281] Изворите кои се користени при презентацијата на мерките на паричните трансфери произлегуваат од Законот за социјалната заштита, Законот за осигурување и вработување во случај на невработеност и Законот за заштита на децата.

[282] Кои лица конкретно се сметаат за неспособни за работа, види детално во Законот за социјалната заштита.

Парична помош на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа. Право на парична помош на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, има лице кое нема приходи и имот од кој може да се издржува, до наполнување на 26-годишна возраст. Висината на паричната помош на квалификуваното лице изнесува 4.000 денари, додека висината на паричната помош на квалификуваното лице кое се наоѓа на редовно школување, изнесува 5.600 денари.

Парична помош за студирање на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа. Лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, кое е запишано по првпат на студиска година од прв и втор циклус на студии како редовен или вонреден студент на јавните високообразовни установи, има право на парична помош за студирање во висина од 9.000 денари месечно, ако користи социјален стан под закуп, односно 18.000 денари месечно, ако не користи социјален стан под закуп, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година. Доколку лицето ја повтори студиската година, правото на парична помош за студирање му мирува сè до запишување на следната студиска година по првпат. Исто така, лице кое е запишано на трет циклус докторски студии, има право на парична помош за студирање во висина на гореспоменатиот износ, за времетраењето на докторските студии на јавните високообразовни установи, но најмногу до пет години од датата на запишувањето. Лицето, еднаш годишно до центарот доставува потврда за редовно извршување на обврските од докторските студии, согласно со статутот на високообразовната институција. Лицето кое користи право на парична помош за студирање, се исклучува од користење на основното право на парична помош на лица со статус без родители, опишана во претходниот пасус.

Парична помош на мајка која родила четврто дете (family benefit for motherhood of the fourth child). Овој паричен бенефит по карактеристиките е дел од т.н. семејни бенефити, чија цел е да овозможи финансиска поддршка на повеќечлените и посиромашните семејства во РМ. Правото на парична помош за четврто дете го остварува мајката која родила четврто живородено дете, се грижела за децата до нивната 18-годишна возраст, која е невработена и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години живот. Висината на средствата кои се доделуваат во овој случај, изнесува 8.000 денари месечно.

Паричен надоместок за помош и нега од друго лице (healthcare social assistance). Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице, заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи. Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице се утврдува во зависност од обемот на потребата за помош и нега од друго лице. Така, висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во поголем обем, изнесува 4.185 денари, додека

висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем, изнесува 3.702 денари.

Паричен додаток за слепило и мобилност. Правото на додаток за слепило се обезбедува за потполно слепо лице над 26-годишна возраст, а правото на додаток за мобилност се обезбедува на лице над 26-годишна возраст со 100% телесен инвалидитет, и лице со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, коешто без помош на инвалидска количка не може да ги задоволи основните животни потреби, утврдени од стручен орган и со решение на центарот за социјална работа. Месечниот износ на додатокот изнесува 7.000 денари, усогласен со порастот на трошоците за живот за претходната година.

Еднократна парична помош и помош во натура (single or unilaterall social assistance). Еднократна парична помош или помош во натура се доделува на лице или семејство кое се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа. Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 30.000 денари, и тоа: 1. за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик; 2. на семејство чиј член е корисник на земјоделско земјиште на плодоуживање, во сопственост на државата; 3. лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство; 4. на станбено необезбедено лице. Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 15.000 денари за потребите на членот на семејството кој е лице со пречки во менталниот развој или лице со трајна телесна попреченост. Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 12.000 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, во случај на подолго лекување во здравствена установа. И износот на еднократната парична помош изнесува 180.000 денари за дете или младинец без родители и без родителска грижа, кој по наполнување на 18-годишна возраст ја напушта установата или згрижувачкото семејство, заради негово адаптирање во социјалната средина.

Детски додаток (childcare benefit). Детски додаток е право на детето и се обезбедува како паричен надоместок за покривање на дел од **трошоците во подигање и развој на детето**. Право на детски додаток се обезбедува на дете до наполнување на 18 години, државјанин на РМ, кое е на редовно школување во Република Македонија. Правото на детски додаток може да го оствари еден од родителите на детето, старател или лице на кое, со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него. Детски додаток се остварува во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството. Материјалната состојба на семејството се утврдува врз основа на приходите кои ги остварува семејството и бројот на членовите на семејството.[283] Право на детски додаток има дете во семејство чии приходи, по сите основи, по член на семејство, изнесуваат до 2.415 денари, а за дете на самохран родител, пресметковниот износ се зголемува за 75% и изнесува 4.226 денари.

[283] Приходи врз основа на кои се утврдува материјалната состојба на семејството се дадени во член 20-а од Законот за заштита на децата.

Инаку, висината на детскиот додаток изнесува: 1) за дете до 15 години, односно додека е редовен ученик во основно училиште 740 денари, и 2) за дете од 15 до 18 години, односно додека е редовен ученик во средно училиште, 1.175 денари. Вкупниот месечен износ на детски додаток за децата за кои родителот го остварил правото, изнесува 2.415 денари.

Посебен детски додаток (special childcare benefit). За дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години, се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок. Право на посебен додаток има еден од родителите на детето кој ги исполнува законските услови, за дете државјанин на РМ со постојано место на живеење во Републиката, до навршени 26 години, доколку целосно не е институционално згрижено на товар на државата. Висината на посебниот додаток изнесува 4.346 денари.

Еднократна парична помош за новороденче (single or unilaterall assistance for firstborne child). Еднократна парична помош за новороденче се обезбедува на семејството за прво новородено дете. Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, државјанин на РМ со постојано место на живеење во РМ за дете родено на територијата на РМ. Висината на еднократната парична помош за новороденче изнесува 4.829 денари.

Родителски додаток за трето дете (parental benefit for third child). Родителски додаток за дете остварува мајка за своето трето живородено дете. Ова право го остварува мајката која е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија последните три години пред поднесување на барањето. Родителскиот додаток за трето дете се исплатува месечно, за период од десет години, во висина од 8.048 денари.

Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот (child healthcare benefits). Право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работни односи, се доделува на родителите на овие деца во износ од 4.800 денари. Целта на оваа мерка е да се обесхраби напуштањето на работата поради родителството и потребата на дополнителна нега на дечињата со телесни и ментални пречки во развојот.

Парична помош за социјално домување (housing benefit). Овој паричен бенефит спаѓа во јурисдикција на централните, но и на локалните власти. Имено, правото на парична помош за социјално домување се обезбедува на социјално загрозени лица кои се станбено необезбедени. Како социјално загрозени лица се сметаат: корисниците на постојана парична помош и лицата кои до 18-годишна возраст имале статус на деца без родители и без родителска грижа. Средствата за остварување на правото на парична помош за социјално домување на првите лица се обезбедуваат од буџетот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, а за вторите лица се обезбедуваат од Буџетот на РМ.

Паричен надоместок во случај на невработеност (umemployment assistance). Право на паричен надоместок има невработено лице кое било во работен однос најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци.[284] Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно закон, колективен договор и договор за вработување, и изнесува 50% од просечната месечна нето-плата на работникот за последните 24 месеци, за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеци, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеци, паричниот надоместок за првите 12 месеци изнесува 50% од просечната месечна нето-плата на работникот за последните 24 месеци, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето-плата.[285] Висината на надоместокот не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето-плата по работник во Републиката. Законот предвидува и можност на невработеното лице кое има над 15 години стаж на осигурување, а на кое му недостасуваат најмногу до **18 (осумнаесет) месеци** пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, паричен надоместок да му се исплатува до неговото вработување, односно до стекнувањето на право на старосна пензија.

Право на пензиско и инвалидско осигурување во случај на невработеност (unemployment insurance). Лицата корисници на паричен надоместок во случај на невработеност, на кои им недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за старосна пензија, но кои немаат 15 години стаж на осигурување, имаат право на пензиско и инвалидско осигурување согласно прописите за пензиското и инвалидското осигурување на невработеното лице - корисник на паричен надоместок.

Минимална плата (minimum wage). Новитет во законодавството на РМ претставува имплементацијата на Законот за минимална плата со кој се регулира правото на минимална плата. Имено, според истоимениот закон, право на минимална плата имаат сите работници, во висина која е утврдена согласно конкретниот закон. Работникот кој работи со скратено работно време, за времето поминато на работа, има, исто така, право на сразмерен дел од минималната плата. Овие одредби единствено не се однесуваат за самовработените лица. Минималната плата е утврдена на 39,6% од просечната бруто-плата во РМ за претходната година, согласно податоците од Државниот завод за статистика, или конкретно за 2012 година, изнесува точно 8.050 денари во нето-износ. Притоа, постојните колективни договори мора да се усогласат со овој закон најдоцна во рок од 6 месеци од денот на влегувањето на сила на законот, во спротивно престануваат да важат. Инаку, висината на минималната плата ја објавува Министерството за труд и социјална политика по претходно мислење на Економско-социјалниот совет.

Останати даноци кои ги плаќаат граѓаните и фирмите во РМ

[284] Во кои услови не следува правото на надоместок во случај на невработеност, изрично се наведени во член 64 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

[285] За временот за кое се исплатува паричниот надоместок види член 71 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Правните и физичките лица во РМ ги плаќаат следните видови даноци, на кои нема подетално да се задржуваме. Тие се: **данокот на додадена вредност** – данок на централната власт (општа стапка 18% и повластена стапка 5%), **акцизи** – данок на централната влада, **царини** – давачки на централната влада, **данокот на имот** – данок на локалната власт (од 0,10% до 0,20%), **данок на наследство и подарок** – данок на локалната власт (2% до 3% за обврзниците од втор наследен ред и 4% до 5% за обврзниците од трет и повисок наследен ред), **данок на промет на недвижност** – данок на локалната власт (2% до 4%), **административни, судски, комунални и други видови на такси, итн**.

Други даночни олеснувања

Царински и ДДВ олеснувања (customs duty & VAT investment incentives). Царинските и други видови увозни давачки претставуваат дел од индиректните даноци, исто како и данокот на додадена вредност. Поради нивната карактеристика да се инкорпорираат во цената на чинење на произведените и набавените стоки и услуги, **ефективниот даночен товар не паѓа на товар на директните економски агенти**, туку на товар на крајните потрошувачи. Затоа се вели дека индиректните даноци се **алокативно неутрални** во поглед на одлуката за инвестирање. Единствено, ослободувањата или намалувањата на овие давачки можат дадат резултат во областа на промоцијата на надворешно - трговското работење. Во РМ постојат активни царински олеснувања кои не се однесуваат само за технолошко-индустриските зони, а можат да го поддржат процесот на инвестирање. Така, од плаќање на царини е ослободен **увозот на неупотребувана опрема и резервни делови** (освен автомобили и канцелариски мебел и материјал) врз основа на влог на странско лице, а кои служат за вршење на претежната дејност на друштвото. Влогот на странското лице треба да е подолг од три години и да изнесува 20% од вкупно вложениот траен капитал, под услов имателот на одобрението кој го користел ослободувањето, да работи најмалку уште три години по истекот на последната година во која го користел ослободувањето од плаќање увозни давачки. Слично, и увозот на трговски марки, модели или дизајни и нивните придружни документи, како и поднесоци за признавање на патенти за пронајдоци, што им се доставуваат на организациите за заштита на авторските права или правата од индустриска сопственост, се ослободуваат од царини, но и од ДДВ.[286]

2. Значењето на фискалниот фактор за инвестиционата политика и развојот

Според извештаите на Светската банка (Doing Business report), Република Македонија направила значаен прогрес во подобрувањето на инвестиционата клима.[287] Според истоименият извештај од 2010 година, таа го унапреди својот ранг од 69-то место во 2008, на 32-то место во

[286] Види: член 196, став 1, точка 9 од Царинскиот закон, Сл. весник 39/2005, член 27-б, став 1, точка 20, точка 1 од актуелниот Закон за данок на додадена вредност.

[287] Види: World Bank: „Doing Business Report 2009“, World Bank and International Finance Corporation, Washington DC, 2010.

2009 година, со што беше прогласена за една од десетте најдобри реформатори во 2010 година. Како области кои особено се истакнуваа во реформите се нагласуваат законодавството за работните односи, регистрацијата на сопственичките права и даночната регулатива. Меѓутоа, и покрај позитивните оценки, реномираните институции ја нагласуваат потребата од понатамошно унапредување на сите елементи на инвестиционата политика, меѓу кои и оној кој се однесува на даночната компонента.

Критиката на фискалниот фактор (или даночната компонента на инвестиционата политика) е слична како и за останатите земји од Југоисточна Европа. Имено, РМ поседува **агрегатен модел за проценка на даночните приходи по сите основи**, со кој се овозможува мониторинг и редовно следење на јавните приходи и јавните расходи. Во сферата на јавната потрошувачка, се препорачува примена на режим на **детализирани правила за приоритет** во реализацијата на јавните расходи, особено во услови на егзистенција на поголем дефицит на буџетската сметка. Иако постои модел за микросимулација на корпоративните даноци на добивка (corporate income tax (CIT) microsimulation model)[288], сè уште **не постои модел за маргиналните ефективни даночни стапки** кој овозможува проценка на ефективниот даночен товар на мерките од даночната политика и политиката на даночни стимулации. Бидејќи земјава опширно реализираше, но и уште реализира активна политика за зголемување на инвестициите преку разни стимулативни мерки во рамки на својот даночен систем, се наметнува реална потреба од што поитно воведување на вакви стимулативни модели.[289] Слично, потребно е да се изгради и модел кој би ги **мерел изгубените потенцијални приходи** како резултат на имплементацијата на мерките на даночните стимулации. Се истакнува и дека е направен минимален прогрес од аспект на проценката на даночните ефекти врз малите и средните компании, како и врз мултинационалните компании. Напомнато е, исто така, дека се направени почетните чекори за имплементација на општоприфатените правила за тенка капитализација (thin capitalisation rules), како и за хармонизација на оданочувањето на приходите на нерезиденти (non-resident withholding taxes) во насока на одбегнување на двојното оданочување.[290]

---

[288] Креаторите на даночната политика честопати мораат да имат предвид која група на даночни обврзници губи, а која има бенефит од спроведувањето на даночната реформа. Скоро сите земји од регионот го имаат имплементитрано моделот за микросимулација кој се базира на микроподатоци (податоци на ниво на единечен даночен обврзник). Во врска со моделите за микросимулација, види линк: www.oecd.org/dataoecd/9/41/43214115.pdf.

[289] Моделите за микросимулација, кои се модели што користат историски податоци, немаат способност да ги евалуираат ефектите од даночните дисторзии врз одлуките за инвестирање. Затоа, честопати се надополнуваат со модели за анализа на маргиналниот ефективен даночен товар, кои со помош на параматрите кои ги користат (корпоративната стапка, амортизацијата, даночните ослободувања и сл.) се во состојба да го оценат ефективниот даночен товар, а со тоа и ефектот од даночните реформи врз процесот на инвестиционото одлучување. Како пример за ваков современ модел, кој го препорачува Европската комисија, е моделот на Деверу и Грифит (Devereux, Griffith 1999, 2003): www.oecd.org/dataoecd/40/0/43214648.pdf.

[290] Опширно види: OECD: „Investment reform index 2010“, OECD, 2010.

Во студијата на организацијата на ОЕЦД под наслов : „Investment reform index 2010“ која се однесува на земјите од Југоисточна Европа, извршено е **оценување и анализа на значењето на фискалниот фактор** или даночната компонента на инвестиционите реформи на повеќе земји, меѓу кои и на Република Македонија. Притоа, во оценката на даночната политика се земени повеќе индикатори кои се групирани во три основни поддимензии, и тоа: 1. фискална позиција и планирање, 2. оданочување, инвестиции и вработување, и 3. оданочување на малите и средните претпријатија и мултинационалните компании. Според резултатите, од групата на земји во кои, покрај Македонија, спаѓаат и Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија, Бугарија, Молдавија, Косово и Романија, позицијата на нашата земја може да се види од табелата бр. 13 од прилогот на трудот.

Во продолжение следува оценка на ефективниот даночен товар кој го генерира системот на директните даноци на доход, како и политиката на даночните стимулации на Република Македонија во периодот од 1995 – 2010 година. Целта на оваа емпириска студија е да се изврши **практична примена на методологијата на маргиналните ефективни даночни стапки како средство за согледување на ефектите од даночните реформи врз економската ефикасност и можностите за инвестирање.** Во таа насока ќе биде употребен методот на Кинг и Фулертон како најосновен и најексплицитен метод за анализа на маргиналниот даночен товар. За таа цел, најпрвин ќе се направи увид врз еволуцијата, или поточно, модернизацијата на елементите на даночниот систем и системот на даночни стимулации кои се од непосредно значење за пресметка на маргиналните даночни стапки.

2.1. Модернизација на даночниот систем и зајакнувањето на развојните перформанси

Системот на директни даноци на Република Македонија најосновно се состои од данокот на добивка (i.a. Corporate Income Tax) и персоналниот данок на доход (i.a. Personal Income Tax). Во продолжение се задржуваме на клучните промени кои се направени за зајакнување на неговите развојни перформанси, од аспект на поддршката на домашните, но и на странските инвестиции, и тоа од периодот на осамостојувањето, па сè до денес.

Одредени клучни прашања во врска со даночниот систем можат да одиграат значајна улога во промоцијата на инвестиционите вложувања. Основниот приоритет на современите даночни реформи во РМ, од аспект на оваа цел, е да се воспостави структура на даночниот систем која овозможува **едноставно и лесно администрирање**, а во исто време **пружа олеснување на даночниот третман на компаниите**, со постигнување на ефективен даночен товар кој не е повисок во однос на даночниот товар на компаниите од конкурентните земји. Програмите за реструктурирање на даночниот систем, најелементарно, мораа да го редуцираат ризикот од неуспех и одвраќање на инвеститорите, преку креирање на сигурна и стабилна инвестициона клима. Во таа насока, даночните власти мораа да ја подобрат **транспарентноста** на системот, со

истовремено преземање на мерки за елиминирање на **корупцијата** во даночната администрација. Понатаму, самиот даночен систем мораше да биде исчистен од *инхерентните недостатоци,* вградени во неговата структура. Таквиот чекор подразбираше ревидирање на основните елементи, како што се *висината на даночната стапка, системот на амортизација, даночната основа, дефинирање на карактерот на даночниот систем и постигнување на кохерентност на сите даночни компоненти.*

Имено, неспорно е дека земјите со ниски корпоративни даночни стапки претставуваат магнет за меѓународните инвеститори. Од тој аспект гледано, политиката на РМ за **снижување на даночните стапки** е компатибилна со целта за креирање на поволно инвестиционо опкружување. Меѓутоа, честите промени на даночните стапки можат да водат кон зголемување на непредвидливоста, нестабилноста и неизвесноста на даночниот систем. Со цел да се елиминираат ваквите недостатоци, да се унапреди транспарентноста и конкурентноста, но и да се зголеми довербата на странските инвеститори во домашниот даночен систем, потребно е промените во даночната сфера да се извршуваат што е можно помалку фреквентно, и во што подолги временски периоди. Согласно препораките на меѓународната заедница, РМ ги избегнува прогресивните и регресивните даночни стапки, и уште на почетокот од своето осамостојување, **воведе пропорционални стапки на данок на добивка.** Примената на пониски пропорционални стапки во РМ на **широка и транспарентно дефинирана даночна основа,** претставува преферирана комбинација која овозможува ефективно снижување на даночниот товар и соодветна компензација за надополнување на загубите на потенцијалните приходи. Со текот на времето се изведе пречистување на нејасните сметководствени стандарди и нивно **синхронизирање согласно меѓународните норми,** што овозможи поголема сигурност во категоризацијата на приходно-расходните ставки и поголема точност во дефинирањето на даночната основа. Транспарентноста на даночната основа се постигна и со воведување и **употреба на поцврсти правила за тенка капитализација**, но и на други познати мерки за заштита на даночната основа, кои не дозволуваат потполно „бегање“ на рентите и екстра-профитот од механизмите на оданочувањето. Со Уредбата за амортизација на основните средства на РМ, **системот на амортизација се постави на широка основа,** без поголеми специфичности и детализирања на амортизационите групи и ставки. Примената на **методот на оданочување на изворот на профитот**, со примена на пропорционална стапка на задржан данок на приход од дивиденди на резидентните акционери, понуди поголема предност, од аспект на едноставноста и лесното администрирање. Што се однесува до третманот на *интеркорпорациското оданочување на дивидендите* низ веригата на поврзаните корпорации и филијали, меѓународните деловни практики налагаат да се одбегне повеќекратното оданочување на тековите на дистрибуцијата на профитот. Поради тоа, во РМ се применува **оданочување само во првичната фаза на дистрибуцијата на профитот,** со примена на пропорционална стапка на задржан данок на дивиденда, со можност за користење на даночни ослободувања или кредити на интеркорпорациските дивиденди. За таа цел активно се имплементира *принципот за одбегнување*

на двојното оданочување, кое најчесто се регулира со **потпишување на билатерални договори** помеѓу заинтересираните земји. *Кохерентноста* на даночниот систем се унапреди и со соодветно *редизајнирање на неїовите останати компоненти,* како што се стапките на социјалните придонеси и царинските стапки. Трендот на **снижување на високите стапки на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување**, претставува круцијален елемент во намалувањето на даночниот товар на работодавците кои се јавуваат во улога на инвеститори. Во таа насока, добредојдени се и **царинските ослободувања на увозот на опрема и машини,** како мерка од особено значење за непречено движење на физичкиот капитал и технологијата, но и за снижување на иницијалните трошоци на инвестиционите проекти.

Во продолжение ја презентираме евалуацијата на елементите на данокот на добивка и персоналниот данок на доход, кои се неопходни за пресметка на даночниот товар, согласно применетата методологија.

Евалуација на параметрите на данокот на добивка. Институционална рамка со која се регулира оданочувањето на добивката претставува Законот за данокот на добивка, кој за првпат е донесен во 1993 година, веднаш по осамостојувањето на Република Македонија. Оттогаш , тој претрпе повеќе измени, како што се оние во 1996, 2001, 2006 и 2008 година. *Од особен интерес за евалуацијата на ефективниот товар на инвестициите претставуваат* **висината на стапката на данокот на добивка,** *како и* **карактерот на домашниот систем на данокот на добивка.**

Според нашето законодавство, **стапката на данокот на добивка (параметар t)** е пропорционална, додека висината на даночната стапка бележеше тренд на постепено намалување. Според табела бр. 4, нејзините вредности, кои претставуваат елементарни влезни параметри во пресметката, изнесуваа соодветно 30% од 1993-1995, 15% од 1996 -2006, 12% во 2007 и 10% од 2008, па до денес:

Табела бр. 4

Стапките на данокот на добивка од 1993 до 2011 година

Период:	**Висина на стапката на данокот на добивка**
1993 – 1995	30%
1996 – 2006	15%
2007	12%
2008 – 2011...	10%

Извор: Закон за данокот на добивка, Сл. весник бр. 80/93, Закон за изменување и дополнување на законот за данок на добивка бр. 71/96 и бр. 139/2006.

Во однос на карактерот на домашниот систем на данокот на добивка, **од аспект на економското двојно оданочување,** може да се каже дека првин се применуваше *класичниот систем на оданочување* сè до 1998 година, потоа *системот на даночна интеїрација* до 2006, за да потоа се изврши повторно навраќање на *класичниот систем на оданочување.* Според тоа, коефициентот или **параметарот θ,** кој го покажува степенот на интеграција на корпоративниот и персоналниот систем, изнесува 1 до 1998 година и годините по 2006 година, додека во периодот од 1998 до 2006, има поголема вредност која е пресметана и презентирана на наредните страници.

Евалуација на параметрите на персоналниот данок на доход. Анализата на системот на персоналниот данок на доход е потребна затоа што од неа најдиректно произлегуваат

параметрите за цените на *различните извори на капитал, како што се* **долгот, задржаната добивка и акционерскиот капитал**. Законска рамка за регулирање на овој домен од даночната политика претставува Законот за персоналниот данок на доход, кој, од своето првично донесување, па сè до денес, претрпуваше повеќекратни промени. На следните редови ќе се обидеме доследно да ги доловиме сите овие промени по хронолошки редослед, за да ги утврдиме параметрите за дисконтните стапки на основните извори на финансирање.

Според првичната верзија на законот, персоналниот данок од доход се плаќа годишно на збирот на приходите по повеќе основи, меѓу кои и на приходите од капиталот и на приходите од капитална добивка. Како обврзници се јавуваат физичките лица резиденти на РМ, за доходот што го реализираат во земјата и странство, но и физичките лица нерезиденти, за доходот кој го остваруваат на територијата на Републикава.[291] Стапките на персоналниот данок на доход кои се наплаќале на даночната основа во 1993 година биле степенесто прогресивни и биле поделени во 3 ранга:[292]

Табела бр. 5

Стапките на персоналниот данок на доход од 1993 до 2001 година

Износ на доход (даночна основа)	**Стапка на данокот**
До 2 месечни просечни плати	23%
Од 2 месечни прос. плати до 5 месечни прос. плати	27%
Од 5 месечни просечни плати па нагоре	35%

Извор: Закон за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 80/93.

Според истоимениот закон, како приходи на капитал се сметале: *дивидендите* и другите приходи остварени со учество во добивката кај правните и физичките лица; *каматите* по кредитите наплатени на физички и правни лица; *каматите* по обврзници или други хартии од вредност и *каматите* на орочени штедни и други депозити. Како основа за оданочување на **дивидендите** се земала *висината на* **целиот остварен износ на дивиденда**, што значи овој вид на приход немал привилегиран даночен третман; според тоа, се работело *за класичен пристап во оданочувањето*. Затоа, **коефициентот θ,** кој го покажува степенот на интеграција на корпоративниот и персоналниот систем во овој период, изнесува 1. Како даночна основа на **каматите** по кредити од физички и правни лица, како и за каматите од штедни депозити, се земала каматата која би се добила ако средствата биле орочени на штедење на ист рок **(пасивната номинална каматна стапка – параметар i),** додека за каматите од обврзници и други хартии од вредност, како основа се сметала разликата помеѓу вкупната камата и стапката на пораст на цените на мало (реална каматна стапка).[293] Што се однесува до **капиталната добивка,** се разликувале капитални добивки остварени од продажбата на хартии од вредност, држани во портфолиото покусо од 12 месеци, кои во целост се вклучуваат во даночната основа, долгорочни капитални добивки држани повеќе од 12 месеци, кои влегуваат со висина од **50% во даночната основа,** и капитална добивка остварена со продажба на учеството на претпријатие, која влегува,

[291] Види: член 8 и член 9 од Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 80/93.
[292] Види: член 12 од Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 80/93.
[293] Види: член 47 и член 49 од Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 80/93.

исто така, со **50% во основата за оданочување**.[294] Аконтацијата на данокот на доход за приходите од дивиденда и камата, се пресметувала со одбивка (задржување) од страна на исплатувачот на приходите по стапка од 23%, додека аконтацијата на данокот на доход за капитални добивки се утврдувала со решение, со примена на стапка, исто така, од 23% на претходно утврдената даночна основа **(параметар m)**.[295]

Понатаму, на крајот на 1996 година беше дозволено намалување на основата за оданочување на дивидендите во висина од 50%.[296] Со други зборови, се премина од класичен систем кон **систем на даночна интеграција,** *која се реализираше преку методот на импутација со стапка од 50%.* Тоа резултираше со преполовување на ефективната даночна стапка на дивиденди, што, се разбира, имплицираше и соодветни промени на висината на параметарот θ од тој период. Освен оваа промена, во тој период не се извршени други промени на параметрите кои ги набљудуваме.

Во 2001 година, пак, беа забележани повеќе измени. Најпрвин се изврши намалување на даночната прогресија, и тоа на 2 начина. Прво, се намалија степените со кои се категоризира вкупниот доход од 3 на 2 степени. И второ, се изврши редуцирање на даночните стапки на персоналниот данок на доход, кои тогаш изнесуваа:[297]

Табела бр. 6

Стапките на персоналниот данок на доход од 2001 до 2004 година

Износ на доход (даночна основа)	**Стапка на данокот**
До 360.000 денари	15%
Од 360.000 денари па нагоре	18%

Извор: Закон за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 8/2001.

Понатаму, во 2001 година, даночната основа при оданочувањето на дивидендите се пресметуваше и понатаму во висина од 50% од бруто-дивидендите, но сега со стапка од 15%. Основата, пак, на данокот од камати од сите основи, доби изедначен третман, така што како релевантен износ се земаше само разликата меѓу износот на каматата и износот пресметан по стапката на пораст на цените на мало *(реалната камата стапка)*, а релевантната даночна стапка, и во овој случај, изнесуваше 15%.[298] Во однос на капиталната добивка, се укина разликувањето на краткорочни и долгорочни капитални добивки, која тогаш се дефинираше како приход што обврзникот го остварува во *вид на разлика меѓу* **продажната цена** на хартиите од вредност, учеството на капиталот и недвижниот имот и нивната **куповна цена**. Во даночната

[294] Види: член 52 од Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 80/93.
[295] Види: член 79 и член 84 од Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 80/93.
[296] Види: член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 71/96.
[297] Види член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 8/2001.
[298] Види: член 29 и член 51 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 8/2001.

основа, наместо претходните 50%, **тогаш влегувале 70% од разликата**, а стапка по која се пресметувал данокот, била 15%.[299]

Во 2004 година, прогресијата на персоналниот данок на доход, пак, се зголемува како во поглед на категориите на доход, така и во поглед на даночните стапки, кои изнесуваа:

Табела бр. 7
Стапките на персоналниот данок на доход од 2004 до 2006 година

Износ на доход (даночна основа)	**Стапка и износ на данокот**
До 360.000 денари	15%
Од 360.000 до 720.000 денари	54.000 ден. + 18% за доходот над 360.000 ден.
Над 720.000 денари	118.800 ден. + 24% за доходот над 720.000 ден.

Извор: Закон за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 96/04.

Овие измени од 2004 година немаа конкретно влијание врз даночните ефективни стапки на приходите на капитал, кои и понатаму продолжија да се оданочуваат на истоветен начин.

Со законските промени во 2006, се укина системот на 50% импутација на дивидендите, со што, пак, се изврши **навраќање** *на класичниот систем* на пресметка на данокот на дивиденди.[300] Тоа значи дека коефициентот θ повторно добива вредност 1 за периодот што следи. Каматите и понатаму се оданочуваа на разликата на остварената камата и индексот на порастот на цени на мало, а висината на капиталната добивка, која влегува во основата, и понатаму изнесува 70%. Единствено, се *оствари намалување на даночната стапка на персоналниот данок на доход*, најпрвин преодно во 2007 година на 12%, а потоа од 2008 година на 10%, со што тој добива *карактеристики на* **пропорционален данок,** без постоење на даночна прогресија, односно без категории на доход и прогресивни даночни стапки. Ова подразбира дека и за приходите од капитал, и за приходите од капитална добивка, се применувале пропорционални даночни стапки соодветно.[301] Исто така, во 2007 година се укина пристапот на оданочување на приходите од камата на претходниов начин, така што како даночна основа почна да се смета *целокупниот износ на* **пресметаната камата** *(номиналната пасивна камата стапка)*.[302] Оттогаш, не се направени измени кои се од важност за параметрите кои ги набљудуваме.

2.2. Политиката на даночни стимулации (компарација со меѓународната практика и препораки за редизајнирање)

И системот на даночни стимулации на РМ претрпе низа редизајнирања, почнувајќи од нејзиното осамостојување па сè до денес, кои претежно се состоеја од чести промени, како на бројот, видот, така и на интензитетот на даночните мерки, што, на крај, резултираше со нивно

[299] Види: член 31, член 34 и член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 8/2001.
[300] Види: член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 139/2006.
[301] Види: член 2, член 21, член 27 и член 49 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 139/2006.
[302] Види: член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, Сл. весник бр. 160/2007.

обемно кратење. Следува анализа на препораките за дизајнирање на сетот на мерките на даночните стимулации во РМ, согласно меѓународните норми.

Најпрвин, **даночните стимулации за привлекување на инвестиции треба да бидат спроведени на широка основа, а не врз претежно потпирање на таргетните стимулативни мерки.** Ова значи дека релативна предност при дизајнирањето на палетата на даночните инструменти треба да имаат **општите даночни стимулации,** кои не треба да прават дистинкција помеѓу домашните и странските инвеститори. Таргетирањето на стимулациите кон странските инвеститори креира дополнителни дисторзии и појава на даночно планирање, со обид на домашните инвеститори преку разни активности да се идентификуваат како странски, и да бидат предмет на поволностите што ги нудат овие инструменти (round-tripping). Процесот на таргетирање е *контрадикторен* и од аспект на заложбите за непречено движење на капиталот, и е спротивен на *интернационалните декларации и правила,* донесени од страна на меѓународните институции и организации. Прекумерната дискреција во користењето на таргетните инструменти може да ја наруши транспарентноста на даночниот систем, да иницира корупција, да го зголеми перципираниот ризик, и на тој начин да ги обесхрабри сите инвестициони активности.[303] Во екстремен случај, даночната дискриминација може да доведе до создавање на **спонтано чувство на општо незадоволство и одбивност кон странскиот капитал**, но и на непослушност и апатија кон домашниот даночен систем. Во такви услови ризикот од евазија и од зголемување на степенот на сивата економија од страна на домашните даночни обврзници е реално присутен. Во тој контекст, во РМ потребно е да се унапреди рамноправноста помеѓу домашните и странските компании, како во поглед на даночните, така и во поглед на останатите привилегии.

Од аспект на примената на **селективните стимулации,** потребно е да се имаат предвид следните консидерации: таргетирањето кон **нови инвестициони проекти** може да креира загуба на вредноста на капиталот кој е во тековна, односно постојана употреба, преку намалување на вредноста на неговите акции. Во таа насока, во РМ се одбегнува примената на селективните даночни стимулации **според секторот или деловните активности**. Ниедна државна планска активност не може да ја замени алокативната функција на пазарот во насочувањето на ресурсите кон секторските области на стопанството. Изразено негативни ефекти генерира процесот на таргетирање на даночните стимулации **според изворот на финансирање** (долг, задржана добивка, акционерски капитал). Овие инструменти креираат силни нарушувања во алокацијата на капиталот на финансиските пазари, па затоа е препорачливо истите да се одбегнуваат. Наместо привилегиран третман на одредени извори на капитал, многу подобра варијанта е РМ да изврши *директно таргетирање на инвестиционите издатоци, на пример, преку забрзана амортизација или инвестициони одбивки*, без разлика на видот на изворот со кој се покриваат. **Временското врзување на даночните мерки** може да даде определени позитивни економски ефекти, доколку брзо се применува моментално спроведување на даночните ослободувања во дефиниран краток

[303] „Main findings and policy options“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр. 199.

период, и доколку во нивната реализација активно се применуваат временски ограничувања на периодот на дејството на даночните инструменти. Имено, краткиот, брз рок и временските ограничувања вршат поттик за побрзо преземање на планираните проекти, кои во нормални околности би се реализирале во наредниот период, спречувајќи го, на тој начин, нивното одложување. Од тој аспект гледано, временското ограничување за пренос на оперативната загуба во рок од 5 години, како и на капиталната загуба во период од 3 години, претставуваат солидни решенија во рамки на домашниот даночен систем. Неефикасност произлегува и од таргетирањето **според големината на фирмата** и според видот на трговското друштво или организацијата во која се изведува бизнисот. Исклучок претставува секторот на малите и средните фирми, како област со нагласени карактеристики на пазарниот неуспех. Последната мерка за ослободување на малите фирми од данок на добивка (или поточно, од данок на вкупен приход), секако, е поволна и оди во прилог на тоа.[304] Даночните стимулации кои се наменети **за руралните и неразвиени подрачја,** генерално се поздравувана опција, бидејќи и во тој домен е присутен пазарниот неуспех. Странските инвеститори, во принцип, ги одбегнуваат овие региони и најчесто се позиционираат во развиените урбани средини, па затоа преземањето на една проактивна политика во оваа сфера, преку имплементација на одредени стимулативни мерки од страна на државата, е секогаш оправдана.

Механизмот за активирање и дистрибуција на бенефициите од мерките на даночните стимулации треба да функционира **„автоматски“**, што значи дека критериумите за квалификација во законодавството и регулативите,[305] треба да бидат читко и јасно нагласени. Се препорачува одмерено, односно умерено користење на инструментите на даночните стимулации, како во поглед на бројноста, така и во поглед на обемот и интензитетот, и тоа преку имплементација на што е можно поедноставни решенија и регулативи, што, впрочем, е и карактеристика на даночната политика на РМ. Употребата на повеќекратни бројни инструменти може да ги зголеми комплексноста и административните трошоци на даночниот систем, но истовремено да креира и нејасни, недефинирани патеки и канали на дистрибуција на даночните бенефиции.

Во поглед на изборот на **конкретните мерки на даночните стимулации,** би требало да се укаже на следново: **даночните одмори (или времените даночни ослободувања)** претставуваат исклучително неефикасна форма на даночна стимулација, која е најмногу подложна на појавите како што се префрлувањето на профитот и даночното планирање. Од тој аспект гледано, во литературата постои реален скептицизам за оправданоста од големата обемност во користењето на оваа мерка во програмите за привлекување на инвестиции. Широките даночни поволности во вид на признавање на целиот износ на иницијални трошоци, но и во вид на целосно ослободување од плаќање на данок на добивка, можат да доведат до масовни загуби на потенцијалните приходи на државата за време на периодот на даночниот одмор.

[304] Види: член 38-б и член 38-б од актуелниот Закон за данок на добивка.
[305] Ibidem.

Истовремено, не постои реална гаранција дека ќе се случи појава на **ново инкрементално инвестирање**, со оглед на прекумерното трансферирање на неквалификуваните фирми во зоните на дејство на даночниот одмор. Во тој поглед, РМ навистина би требало да ја преиспита политиката на целосно ослободување од данок на добивка, но и од други видови даноци во рамки на преференцијалните зони. Една од најпозитивните и најдобро оценетите мерки за промовирање на странските инвестиции е **забрзаната амортизација**. Давањето можност за поголемо или предвремено отпишување на капиталните издатоци на проектите, во комбинација со правото на пренос на загубите, се чини дека претставува доста примамлива опција за потенцијалните инвеститори. Со цел да се зголеми степенот на ефикасност на овој инструмент, се препорачува да се намали неговата комплексност (редуцирање на бројот на групите на основните средства и бројот на амортизационите стапки) и неговата рестриктивност (да не се употребуваат лимитирани правила на пренос на загубите). РМ имаше имплементирано систем на забрзана амортизација, која се однесуваше на вложувања во одредени селективни проекти, и која се укина со претходните промени во даночната регулатива. Одредени можности за забрзан отпис на основните средства се предвидуваат и со Уредбата за амортизација, која, во основа, нуди скромни можности. **Даночните кредити и даночните одбивки** (tax credits and tax allowances) обезбедуваат релативно флексибилен механизам за таргетирање на даночните поволности кон одредени специфични инвестициони издатоци, и тоа над нивото коешто го обезбедува забрзаната амортизација, на пример, за инвестираниот капитал во одредени сектори или региони.[306] Затоа, употребата на овие инструменти може да се покаже како одличен избор за спроведување на *селективните цели на даночната политика*. Слично, тие се сметаат и како средство за *ефикасно ограничување на потенцијалната загуба* на сметка на приходите, преку лимитирање на износот на бенефицијата само на одреден дел од квалификуваните издатоци (доколку станува збор за даночните одбивки), или само на одреден процент од обврската за плаќање данок (што е карактеристично за даночните кредити). РМ не применува дополнителни даночни одбивки, ниту, пак, доволно даночни кредити, освен оние кои се сметаат како вообичаени или нормални со меѓународната практика. Една од најдискутабилните даночни стимулации во доменот на странските инвестиции, и воопшто, доменот на инвестирањето, се **ослободувањата за реинвестирана добивка** (reinvested allowances), кои, всушност, претставуваат намалувања на даночната основа за износот на реинвестираната добивка. Овие даночни инструменти ги дискриминираат изворите, како што се долгот и акционерскиот капитал за сметка на задржаната добивка, извор, кој и без овие поволности, претставува еден од најевтините и најкористените. Понатаму, и ефикасноста на оваа мерка не е на задоволително ниво, ако се има предвид целта за која се применува. Имено, емпириските истражувања покажуваат дека странските компании често не ги користат екстра-фондовите од инструментот за вложување во нови инвестиции, односно за реинвестирање, туку вишокот на финансиските фондови го наменуваат за

[306] „Main findings and policy options“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр. 197.

зголемување на дивидендите.[307] За да се избегне оваа негативна појава, даночните авторитети мора да воведат правила со кои ќе ги врзат ослободувањата за реинвестирана добивка од тековната година со износот на квалификуваните инвестиции од претходната година, што, се разбира, ги зголемува напорите за следење на тековите на задржаната добивка и комплексноста на системот. Подобра алтернатива би било, наместо ослободувањата за реинвестирана добивка, да се употребат инвестиционите одбивки (investment allowances), кои, врзувајќи се со одредени инвестициони издатоци, не прават разлика помеѓу изворите на финансирање. Во целина, РМ ги има укинато ослободувањата за реинвестирана добивка, но, од друга страна, имплементираше мерка за ослободување од плаќање на данок на нераспределена добивка, која, слично на ослободувањата за реинвестирана добивка, ги стимулира компаниите да ја акумулираат добивката и да ја реинвестираат, наместо истата да ја распределуваат. Ова, во крајна линија, продуцира сличен ефект на фаворизација на капиталот во облик на задржана добивка. Практичните економски искуства не сугерираат примена на ниски или нулти стапки на **задржани даноци** (withholding taxes) на приходите од капитал, со оглед на ризикот од многукратно губење на приходи. Примената на ниски или нулти стапки на задржани даноци на камати, дивиденди и приходи од индустриска сопственост, е посебно проблематична, доколку даночниот систем не инкорпорира, истовремено, силни заштитни мерки за обесхрабрување на процесите на префрлување на профитот, како што се, на пример, правилата за трансферни цени, или правилата за тенка капитализација.[308] Иако, теоретски, задржаните даноци можат да го ограничат трансферот на капиталот и да продуцираат дисторзија, некои јурисдикции ги користат како ефективен начин за „убедување“ на странските компании да го реинвестираат профитот во домицилната земја. Затоа, не се препорачува нивно целосно ослободување, освен на интеркорпорациските текови на капиталот, а истовремено е нужно да се конципира и ефикасна политика за заштита на даночната база. Во тој поглед, РМ ги има задоволено критериумите на меѓународните регулативи. **Можноста за пренос на загубите** (loss relief, loss cary-forward), иако не претставува класична мерка на даночна стимулација, сепак, претставува инструмент кој нуди извонредна поволност за инвеститорите, без разлика дали ќе се применува самостојно, или како надополнение на системот на забрзана амортизација. Компаниите кои реализираат големи инвестициони потфати, можат да се најдат во позиција на загуба во првите неколку години од започнувањето на проектот, пред сè поради енормните износи на иницијални вложувања. За таквите фирми, можноста за пренос на загубите, со која се овозможува редуцирање на идните профити, односно потценување на даночната основа во идниот период, претставува даночна бенефиција од непроценливо значење. Новите прописи го регулираат прашањето за признавање

[307] За оваа појава, која се нарекува циркуларност во оптималното инвестирање (circularity in optimal investment), пошироко види во: „Main findings and policy options“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр. 197 и 202.

[308] „Main findings and policy options“, Tax policy assessment and design in support of direct investment, An OECD study of countries in SEE стр. 193.

на загубите, но на неедноставен, недоволно јасен и нетранспарентен начин. Како ретко која даночна мерка, **даночните преференцијални зони** манифестираат појава на нагорна тенденција во светски, регионални, но и во домашни рамки, особено како начин за привлекување на технолошко-пропулзивните дејности, чии носители се странските транснационални компании. Слично, привилегираните зони се одлично средство за распоредување на странските инвестиции во неразвиените региони, поради нивната атрактивност за трудоинтензивните дејности, кои се одликуваат со висок степен на мобилност на капиталот. Карактеристично за нив е што не гарантираат пораст на инкременталните инвестиции, бидејќи носат ризик од пренасочување на веќе воспоставените надворешни бизниси во рамки на зоната. Како и во случајот со некои други инструменти, како што е даночниот одмор, и даночните зони не се имуни на корупција и други даночни малверзации, како и од појава на дискриминација на домашните инвеститори. Покрај откажувањето од даночните приходи, бараат и реализација на одредени реални вложувања од страна на државата. Затоа, постои поделеност во врска со ефикасноста на овој инструмент во поглед на политиката за привлекување странски инвестиции, и во тој поглед, РМ мора да воспостави целосно нов пристап во рамки на даночната политика.

3. Видови и карактеристики на даночните стимулации

Инаку, согласно **методологијата на маргиналните стапки**, системот на даночни стимулации на Република Македонија, чија цел е промоција на економската ефикасност и инвестициите, најосновно се состои од три вида групи на даночни олеснувања: даночни олеснувања поврзани со **системот на амортизација на основните средства (depreciation for tax purposes)**, даночни олеснувања со кои се **намалува даночната основа (expenditure-based tax incentives)** и олеснувања со кои се **намалува даночната обврска или обврската за плаќање данок (profit-based tax incentives)**. Првата група на стимулации е директно поврзана со **параметарот f_1** (пропорција или учество на стандардните ослободувања за амортизација во структурата на вкупните даночни стимулации), втората со **параметарот f_2** (пропорција или учество на еднократниот амортизационен отпис во структурата на вкупните даночни стимулации), а третата група со **параметарот f_3** (пропорција или учество на даночниот кредит во структурата на вкупните даночни стимулации), од чија структура директно зависи големината на **вкупните даночни стимулации** кои ги генерира даночниот систем на РМ, изразени преку **параметарот А**.

3.1. Системот на амортизација на основните средства во РМ

Од системот на амортизација на средствата за даночни цели, зависи големината на **стандардните ослободувања за амортизација (i.a. standard depreciation allowances – f_1A_d)**. Ако начинот на амортизација за даночни цели предвидува *пократок животен век на основните*

средства во однос на *вистинскиот реален економски век*, во тој случај, даночните бенефиции кои ги генерира системот, ќе бидат поголеми. Законска рамка со која се уредува системот на амортизација на основните средства е Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниот данок на доход. Врз основа на овие законски норми, Владата на РМ, поточно Министерството за финансии, донесува *Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата*, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства.

Според постоечката регулатива, отписот на материјалните и нематеријалните средства за даночни цели се **признава како неоданочлив расход,** врз основа на историската набавна вредност на средствата, во висина на стапките утврдени со Номенклатурата за амортизација.[309] Нашето законодавство ги *признава сите стандардни методи за амортизација,* но содржи и една **специфика**. Така, покрај праволиниската метода (straight – line depreciation method) и методата со опаѓачка стапка (declining – balance method), во РМ е позната и функционалната метода на амортизација (functional method). Притоа, по правило, еднаш одбраниот метод на амортизација се применува до конечната амортизација на основицата на поединечното средство или група на средства.[310] Меѓутоа, и покрај вака поставената законска регулатива, ѝ се остава простор на Владата на РМ подетално да ги уредува и пропишува начините на пресметување на отписот на средствата, номенклатурата на средствата, како и годишните амортизациони стапки преку т.н. Уредба за амортизација.

Така, според **Уредбата за амортизација** на Владата на РМ, отписот на вредноста на средствата се врши со **праволиниската метода,** со примена на годишните амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација[311], што значи, како основен метод на амортизација се пропишува *само пропорционалниот или праволинискиот метод* на отпис на средствата, и покрај тоа што законот остава простор за користење и на другите алтернативни методи. Амортизацијата се пресметува посебно и поединечно за секое набавено средство во рамки на амортизационите групи наведени во Номенклатурата.[312] Пропишаните амортизациони стапки кои се наведени во Номенклатурата, всушност, го одредуваат *животниот или корисничкиот век на основните средства.*[313] Во Уредбата, им се остава можност на даночните обврзници да можат да ја зголемат пропишаната стапка на амортизација, доколку утврдат големи отстапувања помеѓу проценетиот и пропишаниот животен век на средството коешто го набавиле, но најмногу до 50% од пропишаната стапка на амортизација.[314] Со ваквата одредба, всушност, се настојува да се овозможи забрзан отпис на средствата кои се дискриминирани во поглед на должината на периодот на експлоатација. Значајно е тоа што, во овој случај, начинот на

[309] Види: член 15, став 1 од претходната верзија на Законот за данок на добивка и член 30-е, став 1 од актуелниот Закон за персоналниот данок на доход.
[310] Види: член 15, став 2 од претходната верзија на Законот за данок на добивка.
[311] Види: Уредба за амортизација, член 4 став 1.
[312] Види: Уредба за амортизација, член 6 став 1.
[313] Види: Уредба за амортизација, член 4 став 2.
[314] Види: Уредба за амортизација, член 4 став 3.

амортизација се одвива пак според праволиниската метода, но со зголемување на пропорционалната стапка за амортизација, за процентот со кој се дозволува коригирање на животниот век на средството. Во продолжение ја презентираме номенклатурата на средствата за амортизација и годишните стапки на амортизација за целите на оданочувањето:

Табела бр. 8

Номенклатура на средствата за амортизација

Р. Б. на амортизациона група	Назив на средствата по амортизациони групи	Годишна стапка на амортиза – ција
1.	**ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ**	
1.1.	**Градежни објекти на високоградба** и нискоградба од армирано бетонска и метална конструкција (згради, мостови тунели, надвозници, нафтоводи, гасоводи, водоводи и далекуводи), како и градежни објекти кои се сметаат за самостојни градежни објекти	2,5
1.2.	**Градежни објекти на нискоградба** со горен строј (горен строј на патишта и пруги, брани, насипи, прегради и слично)	3
1.3.	**Градежни објекти** на високоградба и нискоградба од **дрвена конструкција**	5
1.4.	**Останати** неспомнати градежни објекти	10
2.	**ОПРЕМА**	
2.1.	**Опрема** за производство и преработка, дистрибуција на нафта, гас, електрична и топлотна енергија, опрема за водовод и комунални услуги и бродови	5
2.2.	**Погонски и деловен инвентар** (машини, алати, транспортни средства и уреди), авиони и други превозни средства и опрема во воздушниот сообраќај	10
2.3.	**Мебел и деловен инвентар** во трговија, угостителство и туризам, опрема за затоплување, вентилација и за одржување на канцелариски и други простории, канцелариски и друг мебел, како и друга опрема за вршење на канцелариски работи	20
2.4.	**Компјутерска опрема** со софтвер, телекомуникациска опрема, патнички моторни возила, возила на моторен погон и приклучни уреди	25
2.5.	**Останата** неспомната опрема	10
3.	**ОВОШТАРНИЦИ, ЛОЗЈА, ХМЕЛНИЦИ И ДРУГИ ПОВЕЌЕГОДИШНИ НАСАДИ**	10
	ОСНОВНО СТАДО	10
4.	**ДОЛГОРОЧНИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**	20
5.	**ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА**	20
6.		10

Извор: Уредба за амортизација.

Податоците од табелата бр. 8 ќе бидат употребени во пресметката на **вредноста на стандардните ослободувања за амортизација** за РМ за целиот набљудуван период. Најпрвин, потребно е да се утврди **параметарот L**, односно просечниот животен век за одделните групи на основни средства. Според презентираната методологија, како најрелевантни групи на средства се сметаат **градежните објекти (buildings)** и **опремата (equipement or machines)**, но во нашите пресметки, како релевантна група ќе ги сметаме и **нематеријалните средства (intangibals)** кои би можеле да дадат одговор за даночниот третман на правата од индустриска и интелектуална

сопственост, како што се патентите, лиценците, гудвилот итн. Останатите групи на средства ќе бидат игнорирани.

Во *групата на градежните објекти*, според Номенклатурата, се одвојуваат подгрупите: објекти од високоградба, објекти од нискоградба, објекти со дрвена конструкција и останати градежни објекти, со поединечно учество (дистрибуција) во вкупната структура од 40%, 40%, 10% и 10% последователно.[315] Тие претставуваат пондер со кој ќе се изрази просечната стапка на амортизација, преку која ќе се утврди просечниот животен век на групата градежни објекти:

Група: Градежни објекти	Стапка на амортизација	Структура (пондер)	Пондерирана стап. на аморт.
Високоградба	2,5	0,40	1
Нискоградба	3	0,40	1,2
Дрвена конструкц.	5	0,10	0,5
Останато	10	0,10	1
Вкупно			**3,7**

Вкупната пондерирана стапка на амортизација на градежните објекти во РМ изнесува 3,7%, откаде следува дека просечниот животен век на истата група на средства изнесува точно 27, 027 години, или приближно, 27 години.[316]

Во групата на средства – опрема, пак, се разликуваат подгрупите: опрема, погонски и деловен инвентар, мебел и деловен инвентар, компјутерска опрема и останато, со дистрибуција во вкупната структура од 30%, 30%, 20%, 10% и 10% соодветно.[317] Стапките на амортизација во оваа група средства изнесуваат:

Група: Опрема	Стапка на амортизација	Структура (пондер)	Пондерирана стап. на аморт.
Опрема	5	0,30	1,5
Погонски инвентар	10	0,30	3
Мебел	20	0,20	4
Компјутери	25	0,10	2,5
Останато	10	0,10	1
Вкупно			**12,0**

Вкупната пондерирана стапка на амортизација на опремата во РМ изнесува 12%, а според тоа, просечниот животен век е точно 8,33, или, ако заокружиме, 8 години.

Во последната група - нематеријалните средства, покрај долгорочните нематеријални средства, ќе ги вклучиме и останатите неспомнати долгорочни средства. Првата би имала учество во вкупната структура од 80%, а втората од 20%. Стапките на амортизација на групата нематеријални средства изнесуваат:

Група: Нематери- јални средства	Стапка на амортизација	Структура (пондер)	Пондерирана стап. на аморт.
Долгор. нематер.	20	0,80	16

[315] Дадените проценти се направени според субјективна проценка на авторот.
[316] Ако ја знаеме стапката на годишна амортизација, тогаш животниот век на средството може лесно да се пресмета, со делење на бројот 100 со стапката на годишна амортизација.
[317] Дадените проценти се направени според субјективна проценка на авторот.

Останато	10	0,20	2
Вкупно			**18**

Вкупната пондерирана стапка на амортизација на нематеријалните средства во земјава изнесува 18%, откаде произлегува дека просечниот животен век за оваа група изнесува точно 5,55, или заокружено, 6 години. Ова значи дека **параметарот L** за градежните објекти, опремата и нематеријалните средства, во понатамошните пресметки, ќе има вредност од 27, 8 и 6 соодветно.

Следен чекор е калкулацијата на **сегашната вредност на стандардните ослободувања за амортизација** за различните групи основни средства **(параметар A_d)**. Според Уредбата за амортизација, како официјален метод за отпис на средствата се смета **праволинискиот метод;** според тоа, вредноста на параметарот може да се пресмета со формулата за сегашната вредност на стандардните ослободувања по праволиниската метода: $A_d = t\,(1 - e^{-p\,L}) / (pL)$ или $A_d = t\,[1 - [1 / (1 + p)^L] / (pL)$. За таа цел, во програмата Ексел (EXCEL) е конструирана постапка за пресметка по оваа формула, а како што може да се види, влезни големини претставуваат просечниот животен век L, стапката на данок на добивка t и цената или дисконтната стапка на изворите на капитал p.[318] Вредноста на стандардните ослободувања за амортизација за групата градежни објекти е презентирана во табелата бр. 14, за групата опрема во табелата бр. 15, и за групата нематеријални средства во табелата бр. 16 од прилогот на крајот од трудот.

3.2. Даночни олеснувања со кои се намалува даночната основа (expenditure-based tax incentives)

Втората група на даночни олеснувања се оние со кои се **намалува даночната основа**, кои, според карактерот на стимулативните ефекти, претставуваат еден вид **еднократен амортизационен отпис (i.a. immediate expensing)**. Големината на директната корист на даночната бенефиција на овие стимулативни мерки, како што е спомнато, изнесува **f_2t.** Во врска со овој вид на даночни стимулации, може да се каже дека даночниот систем на РМ изобилуваше со многубројни и најразлични олеснувања со кои се редуцираше даночната основа на економските субјекти. Следува детален приказ по хронолошки редослед:

- Според првиот Закон за данок на добивка од **1993 година,** се дозволувало право на забрзана амортизација (accelerated deprecation allowancess) на основните средства, во случај на остварување на технолошка модернизација и структурно приспособување, но најмногу до висина која за 25% ја надминува амортизацијата, пресметана според стандардните методи;

- Право на забрзана амортизација на средствата кои служат за заштита на животната средина и на природата;[319]

[318] Вредноста на дисконтните стапки на изворите на капиталот е утврдена подолу. Тука се земени готовите резултати од подолните пресметки за дисконтните стапки.

[319] Види: член 30, став 1 и став 2 од Закон за данокот на добивка, Сл. весник бр. 80/93.

- Намалување на даночната основа за износот на извршените вложувања од добивката во нови инвестиции (реинвестирана добивка – reinvested allowances) во Републиката, но најмногу до 30% од даночната основа во својата дејност.[320]

- На обврзникот кој извршил вложувања од добивката во подрачја на стопански недоволно развиените општини и во специфични подрачја (ридско - планинските реони, пограничниот појас и компактно заостанатите подрачја), му се намалувала даночната основа во висина на вложените средства.[321]

- Приходите што се остварени врз основа на средства кои се строго наменски за одвивање на дејноста кај правното лице - даночен обврзник (буџети, фондови), не влегувале во даночната основа за пресметување на данокот од добивка.[322]

- Понатаму, со измените на Законот за данок на добивка од **1996 година,** потемелно се уредуваа даночните стимулации во вид на реинвестирана добивка. Имено, реинвестираната добивка се признавала на сметка на даночната основа, како во случај на инвестирање во нови основни средства, така и во случај на купување на акции и удели, и тоа во висина на целиот износ на реинвестираната добивка. Притоа, под вложени средства од добивката во основни средства, се подразбирале средствата од добивката вложени за набавка на основни средства (градежни објекти, опрема и друго), со цел да се изврши проширување на дејноста. Под вложени средства од добивката за купување на акции или удели, се подразбирале средствата од добивката вложени за купување на акции или удели, во функција на зголемување на основната главнина на субјектот.[323]

- На даночните обврзници, кај кои биле вложени средства од странски лица, им се намалувала даночната основа во висина на сразмерниот дел од добивката што му припаѓала на странското лице, по основ на вложените средства за период од првите три години од денот на основањето, под услов учеството на странскиот капитал да изнесувало најмалку 20% во вкупно вложениот заеднички траен капитал. Ваквата одредба се однесувала и за обврзници кои се целосно основани со странски капитал. Притоа, намалувањето на основата било еднократно, а субјектите биле должни да работат минимум 6 години од основањето, во спротивно, го губеле правото на ослободување, со обврска да ѝ го платат на државата неплатениот данок.[324] Во 2001 година, се изврши замена на намалувањето на даночната основа (allowancess) со намалување на даночната обврска (tax credit), во истата област на заедничките вложувања со странци.

[320] Види: член 31 од Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 80/93.
[321] Види: член 32 од Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 80/93.
[322] Види: член 34 од Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 80/93.
[323] Види: член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 71/96.
[324] Види: член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 71/96.

- На компаниите кои вршеле реинвестирање на добивката во заштита на животната средина и природата, покрај правото на забрзана амортизација, им се давала и можност за намалување на даночната основа во висина на средствата од добивката, вложени за таа цел.[325]

- Издатоците по основа на спонзорство за културни, научни, здравствени и цели за развој на меѓународниот спорт, дополнително се признавале на товар на расходите во даночниот биланс, во висина до 10% од искажаната добивка пред оданочување (allowances).[326]

- Со промените во даночното законодавство од **2001 година**, трошоците за истражување и развој, кои биле направени во рамки на сопствените истражувачко – развојни центри или преку самостојни научно – истражувачки институции, се признавале на товар на расходите во даночниот биланс, исто како и премиите за осигурување на деловниот имот на обврзникот и другите типови задолжително неживотно осигурување (allowancess).[327] Со овие мерки државата покажувала позитивна наклонетост кон иновациите и истражувањето, како вид на позитивни екстерналии, но и кон развојот на осигурувањето и осигурителните компании.

- Издатоците за донации и спонзорства за научни, хуманитарни, културни, образовни, здравствени, религиозни и спортски цели, освен издатоците за професионален спорт, се признавале на товар на расходите во висина до 3% од вкупниот приход, доколку биле исплатени во корист на јавни установи, финансирани од буџетот, или на Црвениот крст (allowances).

- Во 2001 година, на обврзникот му се признавало намалување на даночната основа за вредноста на инвестициите во основни средства, чија цел била проширување на сопствената дејност, но најмногу до 25% од основата (investment allowances).[328] Притоа, не се правело разлика дали инвестираните средства потекнувале од остварената добивка (reinvested allowancess), или, пак, од други извори. Другите одредби за реинвестираната добивка во основни средства и удели во акции кои важеле пред 2001 година, тогаш се укинаа.

- На обврзникот кој извршил вложувања од добивката во подрачја на стопански недоволно развиени општини и во специфични подрачја (ридско - планинските реони, пограничниот појас и компактно заостанатите подрачја), му се намалува даночната основа во висина на вложените средства, но сега, најмногу во висина до 50% од основата.[329] Од 2002 година, започнаа да се признаваат сите вложувања за оваа намена, а не само вложувањата од добивката.[330]

---

[325] Види: член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 71/96.

[326] Види: член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 71/96.

[327] Член 17-а и 17-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

[328] Член 27 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

[329] Член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

[330] Член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 44/2002.

- Во **2003 година**, даночните одбивки за инвестиции стануваат уште порестриктивни. Имено, на обврзникот му се дозволувало намалување на даночната основа за износот на инвестициите во движен и недвижен имот (во основни средства од 2005 година), најмногу во висина до 100.000 евра во тековната година.[331] Притоа, во одредбата се наведува дека оваа законска одредба ќе се применува до 31.12.2005 година.

- Во **2005 година** се продолжува со трендот на рестрикции во политиката на даночни стимулации. Така, се укинува одредбата, а со тоа и можноста на обврзникот, кој извршил вложувања од добивката во подрачја на стопански недоволно развиените општини и во специфични подрачја, да му се редуцира даночната основа.

- Од **2006 година,** издатоците за донации се признавале како расход во даночниот биланс во висина од 5% од вкупниот приход, а издатоците за спонзорства, во висина од 3% од вкупниот приход, согласно со начинот, условите и постапката утврдени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.[332]

- Се укинува правото на забрзана амортизација на основните средства во случај на остварување на технолошка модернизација, и правото на забрзана амортизација на средствата кои служат за заштита на животната средина и на природата во 2006 година.[333]

- На крајот на 2006 година, повторно се воведоа поволностите кои ги носи реинвестирањето на добивката. Така, на обврзникот му се намалувала даночната основа за износот на извршените вложувања од добивката (реинвестирана добивка) во нови инвестиции во Република Македонија, и тоа за вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на својата дејност.[334]

- Во 2006 година им се укинува можноста на компаниите кои вршат реинвестирање на добивката во заштита на животната средина и природата, да добијат намалување на даночната основа во висина на средствата од добивката, вложени за таа цел.[335]

- Во **2008 година,** целосно се укинуваат можностите за намалување на даночната основа за износот на извршените вложувања од добивката (реинвестирана добивка) во нови инвестиции во Република Македонија, воведени во 2006 година.[336]

---

[331] Член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 51/2003.
[332] Член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 139/2006.
[333] Член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 139/2006.
[334] Член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 139/2006.
[335] Член 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 139/2006.
[336] Член 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка Сл. весник бр. 159/2008.

На почетокот на **2011 година**, од сите спомнати стимулации во оваа група, остануваат само трошоците за истражување и развој, премиите за осигурување и издатоците за донации и спонзорства, како некакви дополнителни признавања на товар на даночната основа на компаниите.

3.3. Олеснувања со кои се намалува даночната обврска или обврската за плаќање данок (profit-based tax incentives)

Третата група на даночни стимулации се сите оние олеснувања со кои се врши директно редуцирање на даночната обврска, или **обврската за плаќање данок.** Директниот ефект кој се постигнува со примената на овие стимулации е сосема идентичен како даночниот кредит, односно примањето на финансиски грант, и нивната вредност може да се квантифицира со изразот $\mathbf{f_3 g}$. Следи нивна хронолошка презентација од периодот на осамостојувањето на РМ до денес:

- Според првиот Закон за данок на добивка од **1993 година**, обврската за плаќање на данок од добивка им се намалувала на домашно правно лице и физичко лице кои вршеле регистрирана дејност во висина на сразмерниот дел од добивката што му припаѓала на странско лице, по основа на вложените средства за период од првите три години, под услов учеството на странскиот капитал да изнесувало најмалку 20% во вкупно вложениот постојан капитал на даночниот обврзник (даночен кредит, „tax credit“, во висина од 100% од сразмерниот дел од добивката што му припаѓала на странското лице). Исто така, се дозволувало намалување на обврската за плаќање и на правното лице и физичкото лице кои вршеле регистрирана дејност, а не биле резиденти на Република Македонија, во висина на сразмерниот дел од добивката што им припаѓала по основа на вложените средства за период од првите три години.[337]

- На обврзникот му се намалува обврската за плаќање данок во висина на средствата од добивката вложени во заштита на животната средина и на природата, како и во меѓународниот спорт којшто е од значење за Републиката (даночен кредит во висина од 100% на вложените средства од добивката).[338]

- Од плаќање данок од добивката се ослободувале претпријатијата за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди од производната и услужната дејност, чии производи и услуги во целост се произведуваат или вршат во заштитните работилници.[339]

- Во **1995 година,** даночните привилегии се прошируваат, така што освен во подрачјето на меѓународниот спорт и заштитата на животната средина, на обврзникот му се намалува обврската за плаќање данок во висина на средствата од добивката, вложени за предметите и објектите од

[337] Види: член 33 од Законот за данокот на добивка, Сл. весник бр. 80/93.
[338] Види: член 35 од Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 80/93.
[339] Види: член 36 од Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 80/93.

посебно културно и историско значење, како и во остварувањето на меѓународната соработка на дејностите во областа на културата, од значење за Републиката.[340]

- Во истата година се изврши повторно проширување на привилегиите. Имено, на обврзникот му се намалувала обврската за плаќање данок во висина на средствата од добивката вложени во сценско-уметничка дејност, филмска дејност, издавачка дејност, библиотекарската дејност, ликовната, музејската и спортската дејност, од значење за РМ, остварување на меѓународна соработка на дејностите од областа на културата, предметите и објектите од посебно културно и историско значење, во заштита на животната средина и на природата, како и во меѓународниот спорт од значење за РМ.[341]

-Во **1996 година** се изврши укинување на правото за ослободување од обврската за плаќање на данок на добивка на домашно правно лице и физичко лице во висина на сразмерниот дел од добивката што му припаѓала на странско лице. Всушност, се изврши конвертирање на видот на даночната стимулација од даночен кредит (tax credit) во даночна одбивка, или намалување на даночната основа (allowances), која, во однос на интензитетот на даночната бенефиција, генерира далеку помал ефект за субјектите, но од друга страна, штеди повеќе средства за државниот буџет.[342]

- Истото се случи и со вложувањата во заштита на животната средина. Така, се изврши укинување на даночниот кредит, и наместо него, се воведе намалување на даночната основа во висина на средствата од добивката, вложени во заштита на животната средина и природата.[343]

-Во **2001 година,** за првпат во РМ се воведуваат слободните економски зони. За обврзникот кој бил корисник на слободна економска зона, му се давало право на ослободување од плаќање на данок на добивка за период од десет години од започнувањето на вршење на дејноста во слободната економска зона (даночен одмор – tax holiday), под услови и постапка утврдени со Законот за слободни економски зони.[344] Подоцна, слободните економски зони се преименуваа во технолошко-индустриски развојни зони. Инаку, ефектите од слободните зони се однесуваат само на фирмите кои оперираат во рамки на зоната.

- За првпат, исто така од 2001, се воведува можноста за пренос на загубите на товар на добивката во идните сметководствени периоди (loss cary forward). Имено, загубите од деловни, финансиски и неделовни трансакции можеле да се пренесуваат на товар на добивката во идните

[340] Види: член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 33/95.
[341] Види: член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 43/95.
[342] Види: член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 71/96.
[343] Види: член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 71/96.
[344] Види: член 29 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

сметководствени периоди, но најмногу до три години, сметано од годината во која биле искажани.[345]

- Во истата година се врши повторно навраќање на примената на даночниот кредит во доменот на заедничките вложувања со странци. На даночниот обврзник кај кого биле вложени средства од странски лица, му се намалувал износот на пресметаниот данок, сразмерно на учеството на странскиот капитал, под услов тоа да изнесувало најмалку 20% од вкупно вложениот заеднички траен капитал. Мерката важела во периодот од првите три години, почнувајќи од годината во која се остварувала добивката, под услов да се работело уште три години по истекот на последната година, во која обврзникот го користел правото на даночното ослободување.[346]

- Се укинува ослободувањето од плаќање данок на добивка за претпријатијата за професионална рехабилитација и за вработување на инвалиди од производната и услужната дејност.[347] Наместо тоа, се вовеле даночни привилегии за обврзници кои за првпат започнуваат со вршење на дејност, така што во првата година во која се искажувала добивката, пресметаниот данок се намалувал за 50% (даночен кредит во висина на 50% од пресметаниот данок). Притоа, како обврзници кои за првпат започнуваат вршење на дејност, не се сметале оние кај кои дошло до статусна промена (спојување, припојување, поделба, сопственичка трансформација и сл.).[348]

- Слично, а со цел да се поддржи развојот на пазарот на капитал (берзата за долгорочни хартии од вредност), на обврзниците кои котирале на официјалната берза, износот на пресметаниот данок на добивка им се намалувал за 50%, во периодот од првите три години на котирањето. Доколку во меѓувреме се случило исклучување на обврзникот од котација на берзата, тој го губел правото на ова ослободување, со обврска да го плати данокот за кој бил ослободен во претходниот период.[349]

-Од **2002 година**, на обврзникот кој бил должен да воведе и да користи одобрен систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, му се намалувал пресметаниот данок за 50%, но најмногу до 30.000 денари на годишно ниво.[350] Од 2002 година, даночниот кредит за оваа намена се признава во висина на вредноста на набавени десет фискални апарати.[351]

---

[345] Види: член 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

[346] Види: член 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

[347] Заради регулирање на прашањата од овој домен, донесен е Законот за вработување на инвалидни лица.

[348] Види: член 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

[349] Види: член 34 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 11/2001.

[350] Види: член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 02/2002.

[351] Види: член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 44/2002.

- Од **2005 година**, на обврзникот кој за првпат котирал на берза и на обврзникот кој го искористил правото и котирал на берза, износот на пресметаниот данок му се намалувал во првата година за 30%, а во втората година за 15%.[352]

- Од **2006 година,** се укинуваат даночните привилегии (даночниот кредит) во висина од 50% за обврзниците кои за првпат започнале со вршење на дејност.[353]

- Во истата година, се укинува даночниот кредит за обврзникот што првпат котирал на берза и обврзникот кој го искористил правото и котирал на берза, во висина од 30% во првата, и 15% во втората година од пресметаниот данок на добивка.[354]

-На крајот од 2008 година, се воведува и контроверзната мерка за ослободување од данок на добивка во случај на нејзино нераспределување.

Како активни мерки од оваа група, на почетокот на **2011 година,** остануваат технолошките индустриски развојни зони (даночниот одмор), даночниот кредит во случај на заеднички вложувања со странци, даночниот кредит за набавка на фискална апаратура и ослободувањето за нераспределена добивка. Со најновите законски промени од **април 2011 година,** се укинува дури и можноста за добивање даночен кредит во случај на заеднички вложувања со странци. На **почетокот од 2012 година,** се воведе мерката за ослободување од данок на добивка (или поточно, данок на вкупен приход) за малите и микрофирми, како и можноста за избор на системот за оданочување на добивката. Како активни стимулации опстојуваат и ослободувањата за вработување на инвалидни лица, кои не се регулирани со Законот за данок на добивка и таргетираат само една специфична целна група на корисници, како што се заштитните друштва.

4. Оценка на ефектите од даночните стимулации врз инвестициите

4.1. Дистрибуција и структура на даночните стимулации во РМ

Врз основа на евалуацијата на параметрите на даночниот систем, како и врз основа на хронолошкиот распоред на даночните стимулации, ја презентираме *структурата и дистрибуцијата на параметрите* $\mathbf{f_1, f_2, и\ f_3}$, чијшто вкупен збир секогаш мора да изнесува 1. Таа е претставена во прилогот, во табела бр. 17.

Од аспект на структурата и интензитетот на даночните стимулации, во основа, можат да се одвојат неколку значајни периоди. Првиот е од **1995 до 2001 година,** кога во структурата на даночниот систем на РМ биле застапени подеднакво и стимулациите со кои се намалува основата

[352] Види: член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 120/2005.
[353] Види: член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 139/2006.
[354] Види: член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, Сл. весник бр. 139/2006.

за оданочување (f_2), и стимулациите кои ја редуцираат обврската за плаќање данок (f_3), со еднакво учество од по 20% во вкупната структура, додека стандардните ослободувања од амортизацијата (параметар f_1), имале учество од 60%. Интензитетот на **даночниот кредит (параметарот g)** изнесува 1, бидејќи ослободувањето од плаќањето на даночната обврска, кај поголемиот дел од овие мерки, е во висина од 100%. Во 1996 година стапката на данок на добивка се намалува од 30% на 15%.

Во периодот од **2001 до 2006 година,** се воведува правото за забрзана амортизација, кое врши зголемување на учеството на параметарот f_1 на 65%. Учеството на параметарот f_2 во овој период изнесува 25%, додека учеството на параметарот f_3 се редуцира на 10%. Исто така, и интензитетот на параметарот g се намалува, бидејќи се воведуваат порестриктивни ослободувања од плаќање на данок на добивка, така што за овој период, тој има вредност од 0,7. Стапката на данок на добивка сè уште изнесува 15%.

На крајот на **2006 година** се случува намалување на стапката на данок на добивка, првин преодно од 15% на 12% во 2007 година, а потоа во 2008 година, од 12% на 10%. Меѓутоа, истодобно се врши и поголемо укинување на даночните привилегии на економските субјекти (елиминирање на даночните ослободувања и проширување на даночната основа). Според тоа, учеството на параметарот f_2 во 2006 година изнесува 10%, а на параметарот f_3 изнесува 5%. Остатокот припаѓа на параметарот f_1, со учество од 85%.

На почетокот на **2007 година** се воведува, повторно, една даночна привилегија, а тоа е можноста за намалување на даночната основа за износот на реинвестираната добивка, која трае сосема кратко, до 2008 година. Заради ова, параметарот f_2 има 22-процентно учество, а параметарот f_3, само 3-процентно учество. Се елиминира можноста за забрзана амортизација, така што и учеството на параметарот f_1, опаѓа на 75%. Интензитетот на параметарот g повторно изнесува 1.

И во последниот период од **2007 – 2011 година** се случува укинување скоро на сите позначајни стимулативни мерки, што предизвикува параметрите да добијат уште помала вредност. Така, f_2 има учество од 3% во вкупната структура на даночните стимулации, f_3 учество од 2%, а остатокот од вкупните стимулации припаѓа на стандардните ослободувања по основ на амортизација, со учество од 95%.

4.2. Барана стапка на принос на штедачите и трошокот на капиталот во РМ

За да се пресметаат МЕДС и ефективниот даночен товар на инвестициите, потребно е да се обезбедат податоците за **влезните параметри** за **i (номиналната каматна стапка)** и за **π (стапката на инфлација),** со цел најпрвин да се пресметаат **бараната стапка на принос на штедачите s** и **цените (трошокот или дисконтната стапка)** на долгот, акционерскиот и капиталот во вид на задржана добивка (или, со други зборови, капиталната или акумулирана добивка). Како вредност за i се земени пондерираните пасивни номинални каматни стапки,

според НБРМ, додека како вредност за π, се зема просечниот пораст на индексот на цени на мало, исто така според НБРМ (види прилог табела бр. 18).

Најпрвин, ќе ја пресметаме вредноста на s (од општиот израз за МЕДС: (p – s) / p), или бараната стапка на принос на штедачите во РМ. Нејзината вредност изнесува $s = (1 – m)(r + \pi) - \pi – w_p$, каде m ја претставува маргиналната стапка на персоналниот данок на доход од камата, w_p е маргиналната стапка на персоналниот данок на богатство, π е стапката на инфлација, и r е каматната стапка. Во РМ не постои персонален данок на богатство на поединците, но, ако го поистоветиме со данокот на имот, кој има минимална вредност, тоа значи дека се исклучува поголемо влијание врз вредноста на изразот. Според тоа, ќе се земе предвид нулта вредност за параметарот w_p. Изразот (r + π) е еквивалент на номиналната каматна стапка, за која вредностите се дадени во табела бр. 18. Спомнато е дека оданочувањето на приходите од камата во РМ се карактеризира со тоа што од 1993 година па сè 2001 година, поголемиот дел од приходите во вид на камата се оданочувале на остварениот номинален износ; меѓутоа, од 2001 па сè до 2007 година, за даночна основа се сметала разликата помеѓу остварената номинална камата и стапката на пораст на индексот на цени на мало (стапката на инфлација). Ова значи дека се оданочувала само остварената реална каматна стапка. Од 2007 до 2010 година, повторно како основа се зема предвид номиналната каматна стапка. Меѓутоа, и покрај ваквата специфика, *нема да се измени стандардниот модел за пресметка* на бараната стапка на принос на штедачите, односно ќе се има предвид **вредноста на номиналната камата за целиот период**. Врз основа на изнесеново, вредноста на параметарот s изнесува онолку колку што е и прикажано во прилогот, во табела бр. 19.

Според методот на Кинг и Фулертон, вредноста на трошокот на различните видови извори на финансирање, се добива според следниве изрази:

за долг: $p = i (1 – t)$;

за акционерски капитал: $p = i / \theta$;

за задржана добивка: $p = i[(1 – m) / (1 – z)]$;

Долг. Трошокот, дисконтната стапка или цената на капиталот во форма на долг, се добива според изразот: $p = i (1 – t)$. Како што се гледа, влезни вредности претставуваат номиналната каматна стапка i, и стапката на данок на добивка t. Вредностите на трошокот на долгот во РМ се истакнати во приложената табела бр. 20.

Акционерски капитал. Трошокот на акционерскиот капитал се пресметува според изразот $p = i / \theta$. За таа цел, потребно е да се утврди коефициентот θ, кој е одраз на степенот на интегрираност на корпоративниот и персоналниот данок на доход во земјава. Нашето законодавство од 1993 па до крајот на 1996 година, претпоставуваше постоење на класичен пристап во оданочувањето на дивидендите ($\theta = 1$). Од периодот од 1997 па до крајот на 2006 година, постоеше систем на интеграција во оданочувањето на дивидендите, со стапка на импутација во висина од 50% од даночната основа, што резултираше со преполовување на

ефективната стапка на данокот на приход од дивиденди, се разбира, сметано по постоечката законска даночна стапка m. По 2006 година, се случи повторно навраќање на класичниот систем на пресметка. Инаку, пресметката на коефициентот θ се добива, како што е кажано според изразот 1/(1 – c), каде c е ефективната стапка на импутација, која во случајот на РМ изнесува половина од номиналната стапка на данокот на приход од дивиденда, односно m/2. Во табелата бр. 21 во прилогот на трудот, дадени се вредностите на цената на акционерскиот капитал во РМ.

Задржана добивка (или цена на изворот на финансирање во вид на капитална добивка). Трошокот на инвестициониот проект кој се финансира исклучиво со задржана, односно капитална добивка (во продолжение само задржана добивка), се пресметува според добропознатиот израз $p = i[(1 - m) / (1 - z)]$, каде m е стапката на персоналниот данок на доход од капитал, додека z е ефективната даночна стапка на приход од капитална добивка. Таа се пресметува според формулата $z = \lambda z_s / (\lambda + p_p)$, каде z_s е номиналната стапка на приход од капитална добивка, а λ е коефициент кој ја дава пропорцијата на акумулирани капитални добивки, реализирана од страна на инвеститорот. Симболот p_p ја претставува номиналната дисконтна стапка на инвеститорот со вредност $s + \pi$.

Според законските норми, во периодот од 1993 до 2001 година, капиталната добивка влегувала во даночната основа со 50% од нејзината реализирана вредност, за да, по 2001 година, влегува со 70% од вредноста. Ова значи дека до 2001 година, номиналната или законската стапка на данок на капитална добивка z_s, која се однесувала на индивидуалниот инвеститор, изнесувала (0,50*m), а потоа (0,70*m). За коефициентот λ, авторите на методологијата предлагаат да се земе вредност од 0,1 за сите земји кои ја оданочуваат капиталната добивка во моментот на реализацијата. Тоа подразбира дека акциите на компаниите би имале среден период на задржување или акумулирање на добивката од 10 години.[355] Вредноста на ефективната даночна стапка на капитална добивка z е дадена во табелата бр. 22 од прилогот на трудот, а врз основа на вредностите за z, пресметана е цената на капиталот во вид на задржана добивка, во табелата бр. 23.

4.3. Маргиналниот ефективен даночен товар на инвестициите во Република Македонија

Во оваа точка е пресметан ефективниот даночен товар на инвестициите во РМ. Се разгледува првин колкаво било оптоварувањето во секој посебен поединечен случај на финансирање со алтернативните извори на капитал, потоа се прави увид на даночниот товар на инвестициите во одделните инвестициони средства, и на крај, се дава осврт врз ефективниот

[355] King M.A., Fulerton D: „The taxation of income from capital: A comparative study of the United States, the United Kingdom, Sweden and Germany“, National Bureau of economic Research, University of Chicago Press, 1984.

товар на вкупните инвестиции со просечна барана стапка на принос (или просечна цена на капиталот).

4.3.1. Маргинални ефективни даночни стапки на изворите на финансирање во РМ

Пред да се реализираат овие калкулации, останува уште да се утврдат: 1. дистрибуцијата на вредноста на стандардните ослободувања за амортизација по одделните категории на инвестициони средства; и 2. вредноста на реалната економска амортизација за различните категории на средства (параметар δ).

Дистрибуција на стандардните ослободувања за амортизација. Вредноста на стандардните ослободувања кои ги генерира системот на амортизација на основните средства, се однесува на целата група на средства, како што се градежните објекти, опремата и нематеријалните вложувања. Меѓутоа, тие не се подеднакво застапени во *вкупната структура на средствата* во економијата на РМ, па затоа се наметнува потребата за распределба на вредноста на ослободувањата, според застапеноста на одделните средства во вкупната структура на средствата на РМ, и тоа одделно за секој извор на капитал. Ако се земе предвид дека учеството на градежните објекти изнесува 50%, на опремата 40%, и учеството на нематеријалните вложувања 10%, тогаш, според тој сооднос, треба да се изврши и соодветна дистрибуција на вредноста на ослободувањата кај алтернативните извори на капитал. Следи презентација на пресметките на дистрибуцијата на вредноста на стандардните ослободувања кај долгот, акционерскиот капитал и задржаната добивка, спрема застапеноста на одделните инвестициони средства, кои се претставени во прилогот, во табелите бр. 24, 25 и 26, соодветно.

Економска амортизација на средствата во РМ (параметар δ). На претходните редови јасно се укажа на разликата помеѓу даночната амортизација и економската амортизација. Всушност, степенот до кој даночниот систем може да го поддржи, или пак, закочи процесот на инвестирање, во голема мера зависи од релацијата помеѓу стандардните ослободувања за амортизација, и вистинската, или економската стапка на амортизација. Оваа амортизација, која се дефинира како *константна експоненцијална стапка* на отпис на основните средства, е дел од формулата за пресметка на маргиналните стапки, и е претставена преку параметарот δ. Ако, на пример, економската амортизација навистина се совпаѓа со праволиниската амортизација, тогаш таа може да се пресмета како 1 / L. Во тој случај, еквивалентната стапка на експоненцијална амортизација може апроксимативно да се пресмета како 2 / L. *Ова е доста корисно, бидејќи доколку се знаат годините на животниот век на основните средства, на овој начин многу лесно може да се пресмета еквивалентната стапка на експоненцијалната амортизација, односно параметарот δ.*[356] Следат пресметките на вредноста на δ за групите средства, како и на

[356] King M.A., Fulerton D: „The taxation of income from capital: A comparative study of the United States, the United Kingdom, Sweden and Germany“, National Bureau of economic Research, University of Chicago Press, 1984, стр. 45.

просечната пондерирана стапка на економска амортизација, кои се претставени во прилогот, во табелите бр. 27, 28, 29 и 30, соодветно. Како што е прикажано, произлегува дека стапката на економска амортизација (параметарот δ) за градежните објекти има вредност од 0,074, за опремата 0,240 и за нематеријалните средства 0,360. Просечната пондерирана стапка на економска амортизација на вкупните основни средства, пак, изнесува 0,169.

Маргинални стапки на одделните извори на финансирање на инвестициите во РМ. Врз основа на презентираните податоци, на следните редови се претставени и прокоментирани резултатите од пресметките на МЕДС на инвестициите во РМ. За целите на пресметката се користени формулите од претходно елаборираната методологија, според која, најпрвин, потребно е да се пресмета **бараната стапка на принос на инвеститорот p,** преку добро познатиот израз p = [(1 - A) (p + δ - π) / (1 - t)] – δ, а потоа и вредноста на маргиналните ефективни стапки, преку изразот (p – s) / p. Дополнително е пресметана и вредноста на **коефициентот на даночниот товар (или даночното премостување) на инвестициите,** кој има вредност p – r. Бидејќи пресметката се однесува на маргиналните даночни стапки на вкупните инвестиции во основни средства, како вредност на параметарот δ се зема просечната пондерирана стапка на економската амортизација со вредност од 0,169. Заради полесно извршување на пресметките, екстензивно е користена компјутерската програма Ексел (EXCEL), во која се програмирани постапките за пресметка, согласно формулите од методологијата за МЕДС. Притоа, како прв чекор се пресметани вредностите на **вкупните даночни стимулации** преку изразот $A = f_1A_d+f_2t+f_3g$, за одделните извори на финансирање (долг, акционерски капитал и задржана добивка), кои се претставени во прилогот, во табелите бр. 31, 33 и 35. Откога е пресметана вредноста на даночните стимулации, со помош на компјутерска програма се изведува пресметката на МЕДС и на даночниот товар на инвестициите. Покрај вредноста на A, како влезни параметри се земаат уште и стапката на данок на добивка t, стапката на инфлација π**,** бараната стапка на штедачите s, реалната каматна стапка r и стапката на економска амортизација δ. Вредноста на маргиналните стапки и даночното премостување на инвестициите се дадени во табелите 32, 34 и 36 од прилогот на трудот.

Интерпретација на резултатите од истражувањето. Врз основа на добиените резултати, може да се заклучи следново:

- Најпривилегиран даночен третман од сите извори на финансирање во РМ има капиталот во форма на **долг**, што е и конзистентно со меѓународните светски трендови. Вообичаената даночна практика, со која износот на платената камата се одбива од даночната основа, и во случајот со РМ, придонесува маргиналниот ефективен даночен товар кај овој извор на средства да биде *најмал со текот на годините*. Единствено отстапување од оваа констатација претставува 1995 година, кога поради големата стапка на инфлација и ниската вредност на s, ефективната стапка на инвестициите финансирани со долг, била значително повисока во однос на другите маргинални стапки (169,63% наспроти 82,73% и 5,71% во 1995 година). Освен со просечно помалите ефективни даночни стапки, долгот се карактеризира и со негативна вредност на

коефициентот на даночниот товар на инвестициите во целиот набљудуван период, укажувајќи на *постоење на позитивни даночни стимулации* и *реална поддршка на инвестициите од страна на даночниот систем*.

- Како второрангиран извор на средства по однос на даночните привилегии се наоѓа капиталот во вид на **задржана, односно капитална добивка**. Во просек, ефективните даночни стапки на задржаната добивка се *поголеми од оние на долгот*, а *помали од оние на акционерскиот капитал*. Дури во периодот од 1995 до 2001 година, поради поволниот даночен третман на приходите на капитална добивка (кога тие влегуваа со висина од 50% во даночната основа), овој извор на средства имаше и најголеми бенефиции, со оглед дека се регистрирани најниските вредности на неговите маргинални стапки, во споредба со стапките на другите алтернативни извори на средства. Коефициентот на даночниот товар на инвестициите (инвестиционото даночно премостување) до 2008 година имаше *негативна вредност*, а потоа се здоби со *позитивна вредност*.

- Даночно најдискриминиран извор на капитал е **акционерскиот капитал**, односно емисијата на нов акционерски капитал. И во случајот со РМ, се потврдува светски констатираната тенденција - националните законодавства, преку несоодветната даночна поддршка, да ги *фаворизираат старите компании, кои во поголема мера се потпираат врз реинвестирањето на задржаната добивка, во споредба со новоформираните млади фирми, кои најчесто својата експанзија ја поткрепуваат преку емисија на нови акции.* Ефективниот даночен товар на набљудуваниот извор на средства е, во просек, *значително поголем во однос на другите извори со текот на годините*, освен во периодот кога се применуваше системот на интеграција во оданочувањето на приходите од дивиденда. Тогаш, навидум, немаше голема разлика помеѓу маргиналните стапки на акционерскиот капитал и оние на задржаната добивка, а во 2006 и 2008, тие беа дури и споредбено помали (41,83% наспроти 44,56% и -39,78% наспроти -19,41%). Вредностите на конкретниот коефициент на даночниот товар на инвестициите до 2006 година беа со *негативен предзнак*, а потоа се здобиваат со *позитивен.*

- Постои генерален **тренд на постепено зголемување на ефективниот даночен товар** кај сите извори на капитал, гледано на долг рок. Имено, најнизок даночен товар на инвестициите е забележан во периодот од 1996 до 2001 година. Овој период се карактеризира со *егзистенција на голем број на даночни стимулативни мерки,* кои, во значителна мера, го *редуцираа ефективниот даночен товар на вкупните инвестиции во РМ*. Понатаму, во периодот од 2006 до 2010 година, ефективните стапки добиваат позитивна вредност, со исклучок на 2008 година. Овој временски интервал се совпаѓа со *трендот на постепеното елиминирање на даночните стимулации* и *трендот на проширувањето на даночната основа,* и покрај тоа што, во паралела, се одвиваше редукцијата на номиналните стапки на данокот на добивка. Очигледно е дека ефектот од намалувањето на даночните поволности и проширувањето на основата е посилен од ефектот од намалувањето на даночните стапки, што, во крајна мера, резултираше со појава на позитивен даночен товар на домашните инвестиции.

- **Најголема вредност на МЕДС во последните 2 години** има акционерскиот капитал (15,06% во 2009 и 20,28% во 2010), потоа задржаната добивка (9,95% во 2009 и 13,52% во 2010), додека најмала вредност имаат стапките на капиталот во форма на долг (6,43% во 2009 и 8,93 во 2010). Негативните стапки во периодот до 2006 година, освен поголемите поволности за инвестирање, значеле и *дека државата губела голем процент од потенцијалните јавни приходи, по основ на даноците на доход*. По 2006 година се случува реверзибилен процес, на што јасно укажува и повеќекратното зголемување на средствата во буџетот во РМ.

- Слично како и кај ефективните даночни стапки, така и кај **коефициентот на даночниот товар на инвестициите**, јасно може да се констатира *тренд на постепено зголемување на неговата вредност* кај сите релевантни извори на капитал. Притоа, показателот има најмала вредност кај капиталот во форма на долг, што значи дека најголема склоност постои кон инвестирањето со емисија на долг или со задолжување, потоа кон реинвестирањето на задржаната добивка, додека најмала склоност покажува инвестирањето со емисија на акционерски капитал. Од релевантните извори на капитал, единствено кај долгот *сè уште има негативна вредност на неговиот коефициент*, додека коефициентите на другите извори, во последните неколку години, *генерираат мала, но сепак, позитивна вредност.* Оваа состојба на коефициентот на инвестиционото даночно премостување јасно укажува дека даночниот систем *почнува да ги дискриминира инвеститорите во однос на штедачите*, преку поголемо лимитирање на бенефициите што ги нуди инструментариумот на даночните стимулации.

- Сепак, **гледано во целина**, со оглед на поставеното ниско ниво на даночниот товар, даночниот систем на РМ нуди релативно позитивни стимулации за инвестирање, без разлика на видот на изворот на средствата со кои се покриваат инвестициите, па затоа може да се заклучи дека истиот е ефикасен.

4.3.2. Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите според групите на основните средства

За разлика од претходната точка, овде се анализира маргиналниот ефективен даночен товар на инвестициите во поединечните групи на основни средства, најпрвин во *градежните објекти*, потоа во *опремата,* и на крај, во *нематеријалните вложувања.* Притоа, се претпоставува дека инвестициите се финансираат целосно само со еден извор на капитал.

Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите во градежни објекти. Бидејќи пресметката се однесува само на градежните објекти, како релевантна вредност за параметарот δ се зема стапката на економска амортизација на групата градежни објекти во износ од 0,074. Сегашната вредност на вкупните даночни стимулации на инвестициите во градежни објекти финансирани со долг, акционерски капитал и задржана добивка, се дадени во прилогот, во соодветните табели со број 37, 39 и 41. Релевантните маргинални стапки и коефициентите на даночното премостување, пак, се дадени повторно во прилогот, во табелите со број 38, 40 и 42.

Коментар на резултатите од истражувањето

- Еволуцијата на МЕДС на **инвестициите во градежни објекти финансирани со долг** се карактеризира со постепено *зголемување на маргиналниот даночен товар* во текот на целиот набљудуван период. Исклучок претставува 1995 година, кога е забележана екстремно висока даночна стапка, поради високата стапка на инфлација. И во 2006 година е регистрирана нешто повисока вредност на МЕДС, во износ од 22,69%, а како резултат на ниската вредност на бараната стапка на принос на штедачите s. Во 2009 и 2010 година, МЕДС на инвестициите во градежни објекти кои се покриени со долг изнесуваа 6,93% и 8,95%, последователно. Вредноста на коефициентот на даночниот товар на инвестициите, со текот на времето бележи *тенденција на опаѓање*, но сепак, ја *задржува негативната вредност* до крајот на набљудуваниот период (позитивни преференции за инвестирање).

- Движењето на МЕДС на **инвестициите во градежни објекти финансирани со емисија на акционерски капитал** покажува тенденција слична на претходниот случај, со таа разлика што *стапките имаат повисоки вредности*. Карактеристично е тоа што недостасуваат екстремно високи осцилации на вредноста на коефициентот, особено во почетниот период. Вредноста на коефициентот во последните две години изнесува 15,41% и 20,16% последователно, што значи дека е повеќе од двојно повисок во однос на алтернативата на финансирање со долг. Вредноста на даночниот товар на инвестициите p – r бележи тенденција на пораст, така што од 2007 година добива дури и *позитивна вредност,* што е знак за етапното намалување на *преференциите за инвестирање.*

- Просечните вредности на МЕДС на **инвестициите во градежни објекти финансирани со задржана добивка** се *помали од вредностите на истоветните стапки на акционерскиот капитал*, а *поголеми од вредностите на истоветните стапки на капиталот во форма на долг*. Ова укажува на фактот дека во целина, како по традиција, најпривилегиран даночен третман има токму долгот, потоа задржаната добивка, додека најдискриминиран извор за финансирање на инвестициите во градежни објекти е токму акционерскиот капитал. Вредноста на коефициентот p – r покажува, исто така, *тенденција на континуиран пораст*, а од 2009 година добива мала, но сепак, позитивна вредност. Соодветните коефициенти на МЕДС во 2009 и 2010 година изнесуваат, последователно, 10,38% и 13,47%.

Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите во опрема. Бидејќи пресметката се однесува само на опремата како релевантна вредност за параметарот δ, се зема стапката на економска амортизација на групата опрема во износ од 0,240. Сегашната вредност на вкупните даночни стимулации на инвестициите во опрема, финансирани со долг, акционерски капитал и задржана добивка, се дадени во прилогот, во табелите со број 43, 45 и 47. Релевантните маргинални стапки и коефициентите на даночното премостување се дадени, исто така, во прилогот, во табелите со број 44, 46 и 48.

Коментар на резултатите од истражувањето

- Вредноста на МЕДС на **инвестициите во опрема финансирани со долг** се карактеризира со тоа што во 1995 година има висока позитивна вредност (136,26%), за да покаже

исклучително ниска вредност (-233,27%) во 1996 година. Значително ниски вредности на коефициентот се задржуваат и во следниот период па сè до 2007 година, а во 2009 и 2010 година добива позитивна вредност (2,25% и 3,71% соодветно). Ниските вредности на коефициентот, особено во периодот 1996 – 2000 година, укажуваат на *фактот дека инвестирањето во опрема било поддржано со исклучително поволни стимулативни мерки на даночната политика*, особено доколку било финансирано со емисија на долг (или задолжување). Трендот на коефициентот на даночниот товар на инвестициите бележи *тенденција на пораст*, но во целиот период го *задржува негативниот предзнак*, што, се разбира, било поволно од аспект на инвеститорите.

- Трендот на коефициентот на МЕДС на **инвестициите во опрема финансирани со акционерски капитал,** почнува со позитивна вредност во годината со најголема законска даночна стапка, па потоа добива негативна вредност во 1996 година, сè до 2006 година, кога пак се здобива со позитивна вредност. Исклучок е 2008 година, кога поради негативната вредност на s, генерира повторно негативна вредност. Во просек, и споредено со долгот, има далеку *повисоки вредности,* што се гледа и од неговиот коефициент во 2009 и 2010 година (11.56% и 16,20% соодветно). Коефициентот p – r има *негативна* вредност сè до 2008 година, од кога започнува неговиот тренд на позитивна вредност.

- Коефициентот на МЕДС на **инвестициите во опрема финансирани со задржана добивка** има, во *просек, пониски вредности* во однос на оние покриени преку емисија на акционерски капитал, и *повисоки вредности во однос* на оние финансирани со заем. Ова повторно ја потврдува досегашната констатацијата за даночната привилегираност на различните извори на капитал. Единствено коефициентот на задржаната добивка се карактеризира со уште поголема екстремност, во почетните периоди од набљудуваниот период. Инаку, коефициентот има вредност 6,03% во 2009 и 8,78% во 2010 година, а позитивно изненадува фактот што и вредноста на даночниот товар на инвестициите p – r во *целиот период ја задржува негативната вредност*, од каде што произлегувале и позитивните преференции за инвестирање во опрема.

Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите во нематеријални средства. Бидејќи пресметката се однесува само на нематеријалните средства, како релевантна вредност за параметарот δ се зема стапката на економска амортизација на групата нематеријални средства во износ од 0,360. Сегашната вредност на вкупните даночни стимулации на инвестициите во нематеријални средства финансирани со долг, акционерски капитал и задржана добивка, се дадени во прилогот, во табелите со број 49, 51 и 53. Релевантните маргинални стапки и коефициентите на даночното премостување, се дадени, исто така, во прилогот, во табелите со број 50, 52 и 54.

Коментар на резултатите од истражувањето

- Тенденцијата на МЕДС на **инвестициите во нематеријални средства финансирани со долг** е *исклучително слична,* споредено со тенденцијата на инвестициите во опрема. Разлика постои во интензитетот и висината на маргиналните стапки, со тоа што, во конкретниов случај, имаат *уште пониска просечна вредност.* Ова оди во прилог на податокот дека и инвестициите, во

оваа специфична категорија на основни средства, имале *поволен третман во рамки на даночниот систем и системот на даночни стимулации*. Во оваа смисла, особено се истакнува *системот на амортизација,* кој овозможува капиталните издатоци за нематеријални средства да се отпишува во значително кратки периоди на амортизација (5,55 просечен животен век на нематеријалните средства, наспроти 8,33 просечен животен век на опремата). Инаку, вредноста на коефициентот на МЕДС во 2009 и 2010 година изнесувала само 0,27% и 1,22% респективно, а на коефициентот p – r била *негативна* во текот на целиот набљудуван период.

- Што се однесува до МЕДС на **инвестициите во нематеријални средства финансирани со емисија на акционерски капитал**, и нивната тенденција е слична со тенденцијата на стапките на инвестициите во опрема, со тоа што, и во овој случај, се забележуваат споредбено *пониски просечни вредности*. Така, во 2009, вредноста на маргиналните стапки изнесува 9,98%, а во 2010 година изнесува 14,40%. Преференциите за инвестирање се позитивни сè до 2008 година, до кога и вредноста на коефициентот p – r е негативна. Карактеристично е тоа што во 1996 и 1998 година се евидентирани екстремно ниски вредности на МЕДС, па дури и пониски, во споредба со долгот, што можеби се должи на *примената на системот на интеграција* во оданочувањето на дивидендите.

- Просечните вредности на МЕДС на **инвестициите во нематеријални средства финансирани со задржана добивка,** се *пониски* од просечните вредности на коефициентот, во случај на финансирање со акционерски капитал, и *повисоки* од оние во случај на финансирање со долг, со што повторно се потврдува претходниот заклучок за степенот на даночната привилегираност на изворите на капиталот. Вредноста на коефициентот на МЕДС во 2009 е 4,30%, а во 2010, 6,65%. Даночниот товар на инвестициите има негативна вредност во текот на целиот период, и означува постоење на *позитивни стимулации за инвестирање во нематеријални средства,* во случај на реинвестирање на задржаната добивка. Во 1998 година е забележана екстремно најниската вредност на МЕДС, што во голем дел се должи на *даночниот кредит во оданочувањето на капиталната добивка*, а дел на констелацијата на вредностите на останатите параметри.

- Ако направиме **споредба** на маргиналните стапки само од аспект на **разните категории на основни средства**, ќе видиме дека нивните вредности се *најголеми кај инвестициите во градежни објекти*, па потоа *кај опремата*, додека *најмали вредности постојат кај нематеријалните средства*. За пример ќе ги прибележиме само вредностите на МЕДС во 2009 и 2010 година (градежни објекти: долг 6,93% и 8,95%, акционерски капитал 15,41% и 20,16%, задржана добивка 10,38% и 13,47%; опрема: долг 2,25% и 3,71%, акционерски капитал 11,56% и 16,20%, задржана добивка 6,03% и 8,78% и нематеријални вложувања: долг 0,27% и 1,22%, акционерски капитал 9,98% и 14,40%, задржана добивка 4,30% и 6,65%). *Од ова ќе заклучиме дека, теоретски, даночниот систем на РМ овозможува најдобри поволности за инвестирање во нематеријални средства, па во опрема, додека најмали даночни поволности постојат кај инвестициите во градежни објекти.*

4.3.3. Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите со просечна барана стапка на принос

Досегашните калкулации беа изведени врз основа на претпоставката дека инвестиционите проекти се финансираат **само со еден извор на капитал**. Во продолжение следи пресметката на маргиналните даночни стапки, доколку проектите се финансираат со сите релевантни извори на капитал, односно според **структурата на капиталот** во РМ. За таа цел потребно е да се утврди **просечната цена на капиталот,** која примарно зависи од процентуалното учество на застапените извори на финансирање во вкупната структура на капиталот, како и од поединечните цени на изворите на финансирање. Ако, на пример, со D, S, R се означат процентуалните учества на долгот, акционерскиот капитал и задржаната добивка респективно, а со p_d, p_s, p_r поединечните дисконтни стапки на долгот, акционерскиот капитал и задржаната добивка соодветно, тогаш, просечната цена на капиталот p би се пресметала преку изразот $p = Dp_d + Sp_s + Rp_r$. Во прилогот, во табела бр. 55 е дадена пресметката на просечната цена на капиталот во РМ во периодот од 1995 до 2010 година.

Пред да се пресметаат маргиналните стапки, потребно е да се утврди и вредноста на стандардните ослободувања за амортизација, по праволиниската метода за одделните групи на средства, со користење на *просечните цени на капиталот, наместо со поединечните,* како што беше во претходниот случај.[357] Овие калкулации се дадени во табелата бр. 56 од прилогот на трудов. Врз основа на прикажаните податоци, следи презентација на маргиналните ефективни даночни стапки на инвестициите со просечна барана стапка на принос*,* и тоа во *градежни објекти, опрема и нематеријални средства.* На крај се прикажани и вкупните маргинални ефективни стапки со *просечна барана стапка на принос,* според структурата на инвестиционите добра.

МЕДС со просечна барана стапка на принос на инвестициите во градежни објекти (δ = 0,074). Сегашната вредност на вкупните даночни стимулации на инвестициите во градежни објекти финансирани со просечна структура на капиталот се презентирани во прилогот, во табела бр. 57, додека релевантните маргинални стапки и коефициентите на даночното премостување, се дадени, исто така, во прилогот, во табела бр. 58. Врз основа на резултатите, може да се прокоментира дека вредноста на МЕДС на **инвестициите во градежни објекти со просечна барана стапка на принос**, претежно имаат *позитивна вредност во текот на целиот набљудуван период.* Негативна вредност на коефициентот е забележана во периодот од 1996 до 2001, кога, всушност, обемот и интензитетот на стимулативните мерки беше најголем, и во 2008 година, кога параметарот s имаше негативна вредност. Маргиналните стапки изнесуваа 10,38% во 2009 и

[357] Стандардните ослободувања по праволиниската метода се пресметуваа според формулата: $A_d = t\,(1 - e^{-p\,L}) / (pL)$ или $A_d = t\,[1 - [1 / (1 + p)^L] / (pL)$.

15,36% во 2010 година, а коефициентот на даночниот товар на инвестициите, освен во последните две години, во текот на сите останати години укажува на *позитивни преференции за инвестирање* во градежни објекти.

МЕДС со просечна барана стапка на принос на инвестициите во опрема (δ = 0,240). Сегашната вредност на вкупните даночни стимулации на инвестициите во опрема финансирани со просечна структура на капиталот се презентирани во прилогот, во табелата бр. 59, додека релевантните маргинални стапки и коефициентите на даночното премостување, се дадени, исто така, во прилогот, во табелата бр. 60. Може да се каже дека, за разлика од градежните објекти, МЕДС на **инвестициите во опрема со просечна барана стапка на принос** се карактеризираат со *просечно помали вредности* на соодветниот коефициент. Најниска вредност е регистрирана во периодот од 1996 до 2001, а негативната вредност се задржува речиси во текот на целиот период, освен во 2009 година, кога коефициентот изнесува 6,03%, и во 2010, кога има вредност од 8,95%. Ова значи дека даночниот систем, во поголемиот дел од претставениот период, нудел *доста поволни можности за инвестирање во опрема*, или со други зборови, го поддржувал процесот на инвестирање во опрема. Оваа констатација ја поткрепува и вредноста на коефициентот p – r, која во *текот на сите години, има негативна вредност.*

МЕДС со просечна барана стапка на принос на инвестициите во нематеријални средства (δ = 0,360). Сегашната вредност на вкупните даночни стимулации на инвестициите во нематеријални средства финансирани со просечна структура на капиталот, се презентирани во прилогот, во табела бр. 61, додека релевантните маргинални стапки и коефициентите на даночното премостување, се дадени, исто така, во прилогот, во табела бр. 62. Речиси идентична оценка може да се даде и за коефициентот на МЕДС на **инвестициите во нематеријални средства**. Имено, тенденцијата на овој коефициент има слични карактеристики како и тенденцијата на коефициентот на опремата, со таа разлика што има *уште пониски просечни вредности*. Тоа значи дека даночниот систем и *системот на даночни стимулации најмногу бил наклонет кон инвестициите во нематеријални средства*, потоа кон *опремата*, а најмалку кон *инвестициите во градежни објекти*. Инаку, вредноста на маргиналните стапки на инвестициите во нематеријални средства во 2009 година изнесува 4,24%, а во 2010 година 6,74%.

Вкупни маргинални ефективни даночни стапки со просечна барана стапка на принос. За целите на пресметката на вкупните маргинални стапки, потребно е да се пресмета вредноста на стандардните ослободувања за амортизација, соодветно на *структурата на инвестиционите добра*. Претходно спомнавме дека учеството на градежните објекти изнесува 50%, на опремата 40%, и учеството на нематеријалните вложувања 10%, така што според тој сооднос ќе извршиме и соодветна дистрибуција на вредноста на ослободувањата, пресметани според просечната цена на капиталот, која е дадена во прилогот, во табелата бр. 63. Вредноста, пак, на параметарот δ е еднаква на просечната пондерирана стапка на економската амортизација со вредност од 0,169 (δ = 0,169). Сегашните вредности на вкупните даночни стимулации на вкупните инвестиции со просечна структура на капиталот, се презентирани во прилогот, во табела

бр. 64, додека релевантните маргинални стапки и коефициентите на даночното премостување, се дадени, исто така, во прилогот, во табела бр. 65.

Тенденцијата на коефициентот на МЕДС на **вкупните инвестиции со просечна барана стапка на принос** се одликува со *наѓласена ѿроменливосѿ на неѓоваѿа вреѳносѿ.* Во однос на променливоста, се истакнуваат неколку периоди: првиот е периодот од 1995 до 2001 година, кога коефициентот има *значиѿелно ниски вреѳносѿи* (периодот на најповолни даночни стимулации, и покрај постоењето на највисоки стапки на данок на добивка); вториот е од 2001 до 2006, кога вредностите *ѓравиѿирааѿ околу нулѿаѿа вреѳносѿ* на коефициентот (период со бројни, но умерени даночни стимулации); и третиот е периодот од 2006 до 2010, кога коефициентот *има ѿозиѿивни вреѳносѿи*, освен 2008, поради негативната вредност на s (период со најниски стапки на данок на добивка, но со најголемо кратење на стимулативните мерки и најголемо проширување на даночната основа). Долгорочниот тренд на коефициентот на МЕДС се одликува со *ѿосѿеѿено зѓолемување на неѓоваѿа вреѳносѿ* (постепено зголемување на маргиналниот даночен товар на домашните инвестиции). Долгорочниот тренд на коефициентот на даночното премостување, исто така, бележи зголемување, иако до 2008 година има негативна вредност.

Прогресивниот и континуелен тренд на пораст на МЕДС, позитивните вредности на коефициентот на МЕДС во последните 2 години, како и континуираното и прогресивно зголемување на вредноста на коефициентот на даночното премостување, значат дека даночниот систем на РМ станува сè помалку „наклонет“, со текот на времето, кон инвестициите во домашната економија. Иако висината на законските стапки на данокот на добивка се намали, сепак, се изврши големо *кратење на ѳаночниѿе ослобоѳувања и ѿоволносѿи,* на што се должи ваквиот ефект. Од друга страна, пак, *значиѿелно се ѿоѳобри фискалнаѿа ѿозиција на ѳржавава*, што, пак, беше недостаток на даночниот систем од претходниот период. На овој начин, преку преземените реформски зафати за *зѓолемување на еѳносѿавносѿа во аѳминисѿрирањеѿо,* се унапреди и *ефикасносѿа во собирањеѿо на ѿриходиѿе*. Ако се земе предвид дека државата губела од потенцијалните приходи по основ на даноците на доход, и со оглед дека обемот на фискалното зафаќање е поставено на едно нормално прифатливо ниво, може да се заклучи дека **даночниот систем на РМ е преструктуриран на начин којшто не е на штета на неговата ефикасност.**

5. Компаративна анализа на ефективниот даночен товар на инвестициите во РМ со други земји

Маргиналните стапки кои беа прикажани на претходите страници, беа пресметани со употреба на фактичката вредност на релевантните параметри, како што се стапката на инфлација, висината на номиналните и реалните каматни стапки, понатаму, фактичката економска амортизација, итн. Изразената варијабилност на овие параметри, особено на инфлацијата и каматните стапки, продуцираше извесна диверзификација на маргиналните стапки, која се

манифестираше низ значителната променливост на нивната вредност, како и поголеми отстапувања во однос на нивниот просек во одредени периоди. За да се изведе солидна компаративна анализа на ефективниот даночен товар помеѓу различните земји, водечките економски организации, како што е онаа на ОЕЦД, но и Европската комисија, препорачуваат употреба на одредени претпоставки во пресметките, со цел да се изолираат евентуалните непожелни влијанија врз ефективните стапки. Исто така, преку употребата на претпоставките, самата споредба се подига на едно пореално компаративно рамниште, а манифестираните разлики во ефективните стапки ги изразуваат единствено разликите во даночните политики.

Во продолжение ќе бидат претставени пресметаните маргинални (МЕДС) и просечни (ПЕДС) ефективни даночни стапки, со воведување на одредени претпоставки. Така на пример, се претпоставува дека вредноста на реалната камата е 10%, стапката на инфлација е 3,5% (што значи дека номиналната каматна стапка би изнесувала 13,5%), понатаму, стапката на економската амортизација на зградите е со стапка од 3,1%, на опремата 17,5%, на нематеријалните средства 15,35% (за пресметките со просечна барана стапка на принос, економската амортизација има пондерирана вредност од 11.85%), а процентуалното учество на различните извори на капитал (долг, акционерски капитал и задржана добивка) е еднакво, и изнесува точно по 1/3 или 33,33% во вкупната структура на капиталот. За потребите на калкулацијата на просечните стапки, ќе се претпостави економска рента во висина од 10%, односно барана стапка на принос пред оданочување (ρ) во висина од 20%.[358]

Компаративна анализа на маргиналните ефективни стапки

Како што е познато, маргиналните ефективни даночни стапки го квантифицираат даночниот товар на ниво на единица маргинална инвестиција. Методологијата на маргиналните стапки претпоставува постоење на еквилибриум на инвестиционата побарувачка. Според тоа, бараната стапка на принос на маргиналниот инвестиционен проект не содржи економска рента, односно ектра-профит. За нив се вели дека го одредуваат проектот во кој ќе се вложат инвестиционите средства, и дека претставуваат мерило на даночниот товар на инвестициите во домашната економија. Врз основа на горните претпоставки, во прилогот се дадени вредностите на бараната стапка на принос на штедачите s, и цените на релевантните извори на капитал во РМ од 1995 до 2010 година (види прилог, табели бр. 66, 67, 68, 69 и 70).

Од податоците до коишто се дојде, за целите на компаративната анализа, на располагање се најдоа единствено оние на Институтот за фискални студии при организацијата на ОЕЦД, и тоа само до 2005 година. Таму се дадени маргиналните стапки на 19 развиени земји на инвестициите во градежни објекти, кои се финансирани со емисија на акционерски капитал, маргиналните стапки на инвестициите во опрема финансирани со долг, и маргиналните стапки на инвестициите во опрема финансирани со емисија на акционерски капитал. Пресметката на маргиналните стапки

[358] Ова се претпоставките на методологијата на маргиналните и просечните ефективни стапки, според авторите Деверу и Грифит, која е официјална компаративна методологија на организацијата на ОЕЦД.

е изведена со употреба на идентичните претпоставки (r=10% и π=3,5%, додека за економската амортизација δ, е земена вредност 12,25%). Поради тоа, во прилогот, во табелата бр. 71 се дадени пресметаните идентични маргинални стапки за РМ, и тоа: на инвестициите во градежни објекти финансирани со емисија на акционерски капитал, на инвестициите во опрема финансирани со задолжување, и на инвестициите во опрема финансирани со емисија на акционерски капитал, исто така, со примена на горните претпоставки. Пред да се изврши компарација на маргиналните и просечните ефективни даночни стапки, како вовед ќе се направи увид во состојбата со законските стапки на данокот на добивка (корпоративниот данок на доход) помеѓу земјите кои се предмет на компаративната анализа и РМ.

Споредба на законските корпоративни даночни стапки. Серијата на спроведени промени во регулативата на данокот на добивка во РМ направија со право да го понесе епитетот за даночно најповластена земја во регионот и во Европа, кога станува збор за висината на корпоративниот данок на добивка. Оваа констатација може јасно да се воочи и од приложената табела бр. 72, во која се наведени стапките на данокот на добивка на 19-те земји од ОЕЦД, вклучително и на РМ, во периодот од 1995 до 2005 година. Со промените во даночното законодавство од 1996 година, кога се изврши намалување на данокот на добивка од тогашните 30% на 15%, РМ имаше најмала стапка на данок на добивка, споредено со останатите земји, веднаш по Р. Ирска, која во тој период применуваше стапка на данок на добивка, најпрвин во висина од 10% (1995 – 2003), за да потоа ја зголеми на 13% (2003 – 2005). Ако се знае дека во 2007 година стапката на данок на добивка во РМ се намали од 15% на 12%, а по 2007 година од 12% на 10%, може да се заклучи дека РМ ѝ го презеде приматот на Р. Ирска како земја со убедливо најмала стапка на данок на добивка од групата на земји коишто се предмет на споредба. За разлика од нашата земја, некои национални економии применуваа енормно високи стапки на данок на добивка во 2005 година, како што се, на пример, Канада со 36%, Италија со 37%, Германија со 38%, САД со 39%, и Јапонија со 40%. Како што се гледа, овие стапки се дури 2,5-пати поголеми од онаа на РМ која важеше во 2005 година. Сега веќе слободно може да се направи компаративна споредба на маргиналните ефективни стапки помеѓу РМ и 19 земји од ОЕЦД.

Компаративна анализа на МЕДС на инвестициите во градежни објекти финансирани со емисија на акционерски капитал. За оваа цел е приложена табелата бр. 73, во која е направена споредба на релевантните маргинални стапки. Како што може јасно да се воочи, даночниот систем на РМ генерира низок даночен товар на овој тип на инвестиции. Имено, од сите наведени земји, само во Р. Ирска постојат пониски стапки на инвестициите во градежни објекти (9% од 1995 до 2002 година, и 12 % од 2003 до 2005 година), додека во сите други земји, маргиналните стапки имаат значително повисока вредност (39% во Германија, 41% во САД, па дури 43% во Јапонија за 2005 година). Тоа значи дека во РМ даночниот систем нудел значителна поддршка на овие инвестиции во набљудуваниот период. Инаку, динамиката на маргиналните стапки во РМ се одвивала на тој начин што во 1995 година истите имале вредност од 29,41% (поради високата стапка на данокот на добивка од 30%), потоа се намалиле на 4,78% во 1996,

односно 19,10% во 1998 година, за да забележат константна вредност од 14,82% во периодот од 2001 до 2005 година. Во понатамошниот период следеше повторно зголемување на даночниот товар, но и покрај тоа, РМ останува во категоријата на земји со ниска вредност на маргиналната стапка.

Компаративна анализа на МЕДС на инвестициите во опрема, финансирани со задолжување. Ситуацијата со ефективниот даночен товар на инвестициите во опрема кои се финансирани исклучиво со задолжување, е обратна во споредба со даночниот товар на инвестициите од претходниот случај. Како што се гледа од прикажаната компаративна табела бр. 74, РМ од 2002 до 2005 година има споредливо највисоки маргинални стапки, во висина од -6,07%. Сите други земји во истиот период имаат пониски маргинални стапки, кои се движат од -8% во Ирска, -21% во Норвешка, -39% во Франција, -37% во Германија, -46% во САД, па дури -48% во Италија. За оваа состојба постои едно доста рационално објаснување: *имено, сите земји кои имаат повисоки законски стапки на корпоративниот данок на доход, воопшто генерираат пониска барана стапка на принос, при исклучиво користење на долгот во финансиската структура на инвестициите, поради даночниот третман на каматите како одбитна ставка на даночната основа*. Овој ефект, кој со други зборови се нарекува „ефект на даночна заштита“, може јасно да се види од изразот за стапката на принос, или поточно, дисконтната стапка на долгот кој има вредност: i(1 – t).[359] Имено, сите земји кои во тој период имаа највисоки корпоративни стапки, воедно имаа и најниски маргинални стапки (како на пример, Италија и САД), и обратно, кај земјите со најниски корпоративни стапки, се регистрирани и највисоки маргинални стапки (Р. Македонија и Р. Ирска). Инаку, во 1995 година, кога стапката на данокот на добивка изнесувала 30%, РМ имала една од најниските маргинални стапки со вредност од -85,56%, заедно со Германија (-86%) и Италија (-84%). Понатаму, со намалување на стапката на данок на добивка, маргиналните стапки бележат тренд на зголемување, поради намалувањето на ефектот на даночната заштита, најпрвин на -46,93%, па на -6,07%, за да се здобијат дури и со позитивна вредност по 2006 година, која во 2010 година изнесувала 4,12%.

Споредба на МЕДС на инвестициите во опрема финансирани со емисија на акционерски капитал. Во случај на инвестирање во опрема која е финансирана со емисија на сопствен капитал (i.a. equity), РМ во споредба со останатите земји, недвосмислено претставува

[359] Така на пример, ако РМ има стапка на данок на добивка од 10% или 0,10, а САД стапка на данок на добивка од 40% или 0,40, тогаш трошокот на капиталот на инвестиција финансирана со долг на кој се плаќа 10% номинална каматна стапка, во компанија од РМ изнесува 0,09 или 9% [0,10*(1-0,10)], додека во компанија од САД, истиот изнесува 0,06 или 6% [0,10*(1-0,40)]. Ова значи дека поради поголемиот ефект на даночна заштита во земјата со поголеми даночни стапки, инвеститорите бараат соодветно и помала барана стапка на принос, како компензација на понискиот трошок на капиталот. Според тоа, компаниите од земјите со поголеми законски стапки на данок на добивка, кои имаат понизок трошок на капиталот, и соодветно на тоа, помала барана стапка на принос, гледано низ призмата на методологијата на МЕДС, генерираат поголема сегашна вредност на готовинските приливи од сопствените проекти, и споредбено, помали маргинални стапки, и обратно.

земја со најнизок ефективен даночен товар. Така, во 2005 година, маргиналната стапка во РМ изнесувала само 6,92%, додека во сите останати земји маргиналните стапки имале значително повисока вредност, почнувајќи од Р. Ирска со 10%, Грција со 12%, Австрија со 20%, Италија со 19%, САД со 24%, Канада со 25%, Јапонија со 28% и Германија со дури 29% (види прилог, табела бр. 75). Следствено, може да се наметне констатацијата дека во РМ во тој период постоеле бројни даночни мерки и поволности, кои ги поддржувале инвестициите од овој вид. Инаку, динамиката на маргиналните стапки првично покажувала тенденција на краткорочно опаѓање, но сепак, на долг рок тие манифестираат тренд на постепено зголемување: почнувајќи од 1995, кога изнесувале 12,42%, за да потоа, накратко, опаднат на дури -35,5% во 1998 година, па повторно да пораснат на 6,92% во 2001 година, и на крај да достигнат уште поголема вредност во 2010 година.

Компаративна анализа на просечните ефективни стапки

Ако маргиналните стапки го квантифицираат даночниот товар на инвестициите со нормална или просечна стапка на принос, тогаш просечните ефективни стапки го мерат даночното зафаќање на проектите кои носат натпросечен профит, или, со други зборови, економска рента. Поради ова својство, се вели дека од нив зависи изборот на локацијата, односно земјата во која ќе се вложат инвестиционите средства. Тие имаат исклучително важно значење во меѓународното движење на капиталот, бидејќи од нив зависи нивото на странските директни инвестиции во една земја, па затоа претставуваат мошне важен индикатор за даночната атрактивност, односно конкурентност на националните економии. Во приложената табела бр. 76 се дадени пресметаните ПЕДС на РМ, и тоа за: инвестициите во градежни објекти финансирани со емисија на акционерски капитал, инвестициите во опрема финансирани со задолжување и инвестициите во опрема финансирани со емисија на акционерски капитал. Просечните ефективни стапки се изведени со помош на добропознатиот израз на двоецот Деверу и Грифит: $EATR = (\tilde{p} / p)*EMTR + ((p - \tilde{p}) / p)*t$. Имено, тој ја изразува врската помеѓу просечните стапки и маргиналните стапки. Според тоа, како влезен параметар во пресметката, покрај маргиналните стапки, се земени бараната стапка на принос по оданочување $\tilde{p}$, законската стапка на данокот на добивка t и бараната стапка на принос пред оданочување p, во висина од 20% (економска рента од 10%).

Компарација на ПЕДС на инвестициите во градежни објекти, финансирани со емисија на акционерски капитал. Што се однесува до состојбата на даночната конкурентност на РМ, во смисла како крајна дестинација на странските инвеститори, општо, може да се оцени како позитивна. Конкретно, просечните ефективни стапки на инвестициите во градежни објекти во РМ манифестираат доста ниски вредности, во споредба со останатите земји кои се предмет на анализа. Имено, и во овој случај нашата земја е второрангирана кога е во прашање нискиот даночен товар на инвестициите во периодот од 2001 до 2005 година, со просечна ефективна стапка од 14,89%, веднаш зад Р. Ирска, чии стапки во истиот период изнесувале најпрвин 10%, а потоа и 12%. Во останатите земји се регистрирани доста повисоки просечни ефективни стапки,

кои во 2005 се движеле од 24% во Финска, 30% во Холандија и Швајцарија, 34% во Италија, 36% во Шпанија, 39% во Германија, 41% во САД и 42% во Јапонија (види прилог, табела бр. 77). Инаку, во 1995 година, при стапка на данокот на добивка од 30%, РМ имала просечна ефективна стапка од дури 29,71% (конвергенција на просечните стапки кон законската стапка), за да, потоа, опадне на 11,43%, па дури и на 5,26% во 1998 година, кога имала и убедливо најниска стапка во споредба со останатите земји, за да, потоа, порасне на 14,89%, а во 2010 година, да достигне вредност од 17,52%.

Споредба на ПЕДС на инвестициите во опрема кои се финансираат со задолжување. Кога е во прашање меѓународната даночна конкурентност на РМ, од аспект на инвестициите во опрема кои се финансираат со долг (банкарски кредит или емисија на обврзници), РМ не се вбројува во групата земји со најповластени даночни стапки (види прилог, табела бр. 78). Имено, во 2005 година, по интензитетот на даночниот товар и со просечна стапка од 7,12%, таа била на исто рамниште со земјите со повисоки ефективни стапки, како што се Австралија и Норвешка, кои имале стапка од 7%, а со повисока стапка од онаа на РМ се издвојуваат само Германија и Јапонија, кои имале стапки од 8%. Ваквото необично рангирање на РМ во групата на земји со повисок даночен товар, како што веќе е објаснето, може делумно да се должи на ефектот на даночната заштита, која се манифестира секогаш кога проектите се финансираат со заем, а делумно и на ефектот на конвергенција на просечните стапки. Во останатите земји, пак, се регистрирани нешто пониски стапки, а како земји со убедливо најнизок даночен товар, покрај Р. Ирска, која имала стапка од 3%, се вбројуваат и Италија и Португалија, со стапка од, исто така, 3%, но и Грција, која имала најниска стапка од 2%. Инаку, временскиот тренд на движењето на просечните стапки на овој тип на инвестиции во РМ, најпрвин покажува извесно намалување од 8,66% во 1995 година на рекордно најниски 0,64% во 1996 и 1998 година, што претежно се должи на преполовувањето на законската стапка на данокот на добивка од 30% на 15%, за да потоа манифестира тенденција на постепено зголемување на 7,12% (2001 -2005) и 7,32% (2008-2010), а како резултат на постепеното кратење на даночните мерки и поволности.

Споредба на ПЕДС на инвестициите во опрема, финансирани со емисија на акционерски капитал. И во овој случај, РМ се потврдува како една од даночно најпривлечните дестинации за вложување на меѓународниот капитал (види прилог табела бр. 79). Имено, висината на просечните ефективни стапки на РМ, кои изнесуваат 11,54%, се на речиси исто рамниште како просечните стапки на Р. Ирска, кои изнесуваат 11%, и со тоа двете земји се издвојуваат како земји со најголема меѓународна даночна конкурентност. Во останатите земји, просечните стапки се повисоки од 20% и се движат од 21% во Финска, Грција и Шведска, 25% во Франција, Холандија и Швајцарија, 28% во Канада, 29% во САД, и дури 32% во Германија и Јапонија. Инаку највисоката вредност на просечната стапка на РМ во висина од 23,15% била забележана во 1995 година, кога стапката на данокот на добивка изнесувала 30%, за да опадне прво на 8,21% во 1996 година, па на 2,17% во 1998 година, па потоа да се стабилизира на 11,54% во периодот од 2001 до 2005 година, а во 2010 година да се зголеми на 14,08%. И покрај ова, РМ и

понатаму останува земја со високо ниво на даночна конкурентност, кога се во прашање странските директни инвестиции.

Компарација на ефективниот даночен товар на вкупните инвестиции финансирани со просечна структура на капиталот. Овој пасус ќе биде посветен на анализата на маргиналните и просечните ефективни стапки, и тоа на вкупните инвестиции (опрема, градежни објекти и нематеријални средства, сите со по 1/3 учество во структурата на инвестиционите средства), финансирани според просечната структура на капиталот (долг, акционерски капитал и задржана добивка, сите, исто така, со по 1/3 учество во вкупната структура на капиталот). Бараната стапка на принос (дисконтната стапка) во овој случај е еднаква на просечната пондерирана барана стапка на принос од поединечните цени и учества на изворите на капиталот. Мора да се спомне дека изостануваат доволно компаративни податоци за вкупните инвестиции. Единствено на располагање ни остана изворот на податоци од статијата на Мајкл Овереш, каде се дадени податоците за МЕДС и ПЕДС на вкупните инвестиции на некои европски земји само за 2005 година (види прилог, табела бр. 81). При пресметката на МЕДС е претпоставено дека r=5%, π =2%, δ на градежните објекти = 3,1%, δ на опремата = 17,5 и δ на нематеријалните вложувања = 15,35%, откаде следува дека просечната економска амортизација δ = 11,85%. За пресметката на ПЕДС е претпоставено дека економската рента изнесува 10%, а бараната стапка на принос по оданочување p = 20%. Иако компарацијата се однесува само на 2005 година, сепак, како дополнение, во табелата бр. 80 се претставени пресметаните МЕДС и ПЕДС на вкупните инвестиции во РМ во целиот период од 1995 до 2010 година.

Најпрвин следува еден коментар за состојбата и динамиката на МЕДС и ПЕДС на вкупните инвестиции во РМ во набљудуваниот период. Имено, движењето на маргиналните стапки се карактеризира со тоа што од 1995 до 2001 година имаат многу ниски вредности, и тоа од -76,89% во 1995, -121% во 1996, па дури и -164,10% во 1998 година, што значи дека даночниот систем во РМ нудел доста поволности за инвестирање во домашната економија. Од 2001 до 2006 година, маргиналните стапки на вкупните инвестиции се зголемуваат на -5,42%, за да достигнат позитивна вредност од 11,77% во 2010 година. Овој период на пораст на маргиналните стапки се совпаѓа со периодот во кој се укинаа поголемиот број на даночните мерки за поддршка на инвестициите, и покрај тоа што, во исто време, се намалија законските стапки на данокот на добивка. Може да се резимира дека во набљудуваниот период, ефектот од кратењето на даночните поволности и проширувањето на даночната база преовладувал над ефектот од намалувањето на номиналната даночна стапка, што севкупно резултира со *позитивно даночно зафаќање на профитот на домашните компании*.

Од друга страна, пак, ако се анализира движењето на ПЕДС, ќе забележиме дека нивната вредност во целиот период е позитивна. Имено, во 1995 година тие изнесуваат 19,73%, потоа опаѓаат на 3,53% во 1998, за да достигнат 11,18% во периодот од 2001 до 2005, а во 2010 година се намалуваат на 10,43%. Иако во периодот до 2000-тата година во РМ егзистирале бројни и силни стимулативни мерки, сепак, тоа не било доволно просечните стапки да добијат негативна

вредност, поради релативно високите законски даночни стапки. По 2006 година, пак, кога се укинаа речиси сите значајни стимулативни мерки, просечните стапки останаа релативно ниски, поради ниската номинална даночна стапка. Ваквиот тренд на просечните стапки го потврдува и **правилото за конвергенција** на ПЕДС кон законската корпоративна даночна стапка. *Претходно укажува дека намалувањето на законските корпоративни стапки, барем по теорија, би требало да претставува одлична стратегија за привлекување на странскиот капитал*, со оглед што, по дефиниција, се снижуваат и просечните ефективни стапки, како најрелевантно мерило на даночниот товар на странските инвестиции. Поради пониската вредност на просечните стапки во однос на маргиналните стапки во последните 3 години, пак, може да се протолкува дека проектите со повисок степен на рентабилност, имале незначителна „даночна" предност во однос на проектите со понизок степен на рентабилност.

За целите на компаративната анализа, во прилогот е дадена табелата бр. 81, во која се дадени законските, маргиналните и просечните ефективни стапки на вкупните инвестиции, меѓу кои и оние на Р. Македонија и Р. Хрватска, како дополнение на главниот извор на податоци. Како што може да се види од прикажаната табела, РМ и од **аспект на вкупните инвестициони вложувања,** се докажува како **земја со исклучително низок ефективен даночен товар**. Оваа констатација уште еднаш укажува на поволностите за инвестирање, инкорпорирани во националниот даночен систем. Според податоците, во 2005 година РМ имала една од најниските законски даночни стапки во висина од 15%, исто како и Литванија и Латвија, а пониска стапка била регистрирана само во Ирска, во висина од 13%, и Кипар, во висина од 10%. Што се однесува до маргиналните ефективни стапки, РМ имала второрангирана најниска стапка од -5,4%, веднаш зад Хрватска, чија стапка изнесувала -9,5%, додека сите други земји имале позитивни маргинални стапки. Покрај Македонија и Хрватска, како земји со низок маргинален даночен товар се истакнувале Словачка со 10,7%, Кипар со 8,8% и Литванија со 6,9%. Состојбата со просечните ефективни стапки, исто така, сугерира на одличната компаративна предност на РМ во однос на поголемиот број на земји, кога станува збор за привлекување на странски директни инвестиции. И во овој случај таа го заземала второто место по однос на критериумот на најниски просечни стапки, со стапка од 11,2%, веднаш зад Кипар, кој имал стапка од 9,7%. Во овој домен се истакнуваат уште и Литванија, со стапка од 12,8%, Хрватска со 13,8%, Латвија со 14,4% и Ирска со 14,7%.

6. Состојбата со инвестициите во домашната економија и маргиналниот ефективен даночен товар

Во оваа точка ќе се испита поврзаноста помеѓу инвестициите во домашната економија и маргиналниот ефективен даночен товар. Како што укажува теоријата, помеѓу нивото на инвестициите во физички капитал во една економија и ефективниот даночен товар (или поточно, ефективните маргинални даночни стапки), постои обратнопропорционална зависност. Имено,

високите маргинални стапки делуваат ограничувачки врз обемот на инвестициите, бидејќи го зголемуваат трошокот на капиталот, односно бараната стапка на принос на инвеститорите. И обратно, ниските маргинални стапки го стимулираат процесот на инвестирање, затоа што го снижуваат трошокот на капиталот на маргиналната инвестиција. Целта на следнава презентација ќе биде да се скенира ефектот од политиката на даночните стимулации врз обемот на инвестициите во РМ, односно да се направи анализа и оценка како маргиналниот даночен товар влијаел врз инвестиционата активност во РМ. Притоа, детално ќе се испита поврзаноста помеѓу МЕДС на инвестициите во градежни објекти и нивото на инвестициите во градежни објекти, МЕДС на инвестициите во опрема и обемот на инвестициите во опрема, МЕДС на инвестициите во нематеријални вложувања и обемот на инвестициите во нематеријални средства (или поточно, други инвестиции), и за крај, ќе се направи увид врз релацијата помеѓу МЕДС на вкупните инвестиции во РМ и обемот и динамиката на вкупните инвестиции во РМ.

За таа цел, ќе се искористи статистичката метода на корелација преку која ќе се испита степенот на поврзаноста, односно степенот на усогласеноста (или неусогласеноста) помеѓу движењето или динамиката на маргиналните стапки и движењето на обемот на инвестициите во РМ. Методата на корелација која ќе се примени во овој случај, се пресметува преку изразот: $p_{EMTR,I} = Cov_{EMTR,I} / \delta_{EMTR} * \delta_{I,}$ каде $p_{EMTR,I}$ е ознака за степенот на корелација помеѓу маргиналните стапки на инвестициите и обемот на инвестициите, $Cov_{EMTR,I}$ *е* ковариансата помеѓу маргиналните стапки и нивото на инвестициите, δ_{EMTR} е стандардната девијација на маргиналните стапки и δ_I е стандардната девијација на инвестициите. Централното значење во овој израз го има коефициентот на ковариансата, која го мери степенот на синхронизираноста во движењето на релевантните варијабли и истиот може да се квантифицира преку изразот: $Cov = \sum(Ri_{EMTR} - R_{EMTR}) * (Ri_I - R_I)$, каде Cov е коефициентот на ковариансата, Ri_{EMTR} е вредноста на маргиналната стапка за годината i, R_{EMTR} е просечната вредност на маргиналните стапки во набљудуваниот период, пресметана како аритметичка средина, Ri_I е обемот или количината на инвестициите кои се остварени во годината i, и R_I е просечната вредност на инвестициите во периодот, пресметана, исто така, како аритметичка средина. Други значајни елементи од изразот за коефициентот на корелација се стандардната девијација на маргиналните стапки и стандардната девијација на инвестициите. Самиот поим стандардна девијација претставува статистичка мерка на дисперзијата на остварените вредности на маргиналните стапки и инвестициите околу нивната просечна или средна вредност. Стандардната девијација на маргиналните стапки се пресметува како квадратен корен од нејзината варијанса, односно: $\delta_{EMTR} = \sqrt{\sum(Ri_{EMTR} - R_{EMTR})^2}$, додека стандардната девијација на инвестициите, како квадратен корен од варијансата на инвестициите, или $\delta_I = \sqrt{\sum(Ri_I - R_I)^2}$.

Инаку, коефициентот на корелација може да има вредност помеѓу -1 и 1, така што истиот ни дава многу значајни информации за степенот на усогласеноста, а со тоа и за влијанието на маргиналниот товар врз инвестициите. Имено, ако коефициентот на корелација изнесува 1, тоа би

значело дека постои потполна правопропорционална корелација помеѓу висината на маргиналните стапки и обемот на инвестициите (совршена позитивна корелација); ако истиот изнесува -1, во таков случај би постоела потполна обратнопропорционална врска помеѓу маргиналните стапки и нивото на инвестициите (совршена негативна корелација); и, доколку коефициентот на корелација има вредност 0, тоа би значело дека не постои никаква корелација или зависност помеѓу маргиналните стапки и инвестициите.

Како влезен параметар во пресметката на коефициентот на корелација се земени МЕДС на инвестициите во РМ и нивото на остварените инвестиции во физички капитал, согласно податоците на Државниот завод за статистика на РМ. Маргиналните стапки се пресметани под претпоставка на постоење на реални услови кои најдобро го рефлектираат економското опкружување во РМ (r=5%, π =2%, i=7%), и тоа со примена на просечна барана стапка на принос. Бидејќи ваквите околности биле карактеристични за периодот од 2001 до 2010 година, конкретно и за тој период е пресметан и коментиран степенот на корелација. Во приложените табели бр. 82, 83, 84, 85, 86 и 87 се дадени релевантните влезни варијабли, кои се неопходни за калкулација на маргиналните стапки.

Понатаму, во табелата бр. 88 се презентирани пресметаните маргинални ефективни даночни стапки со просечна барана стапка на принос на инвестициите во градежни објекти, на инвестициите во опрема, на инвестициите во нематеријални вложувања и на вкупните инвестиции во физички капитал во РМ. Веднаш по неа, во табелата бр. 89 е дадена состојбата на инвестициите во РМ според т.н. техничка структура на основните средства, како и нивната динамика изразена преку соодветните базични и верижни индекси. Релевантниот период на набљудување, како што е спомнато, се однесува на временскиот интервал од 2001 година до 2010 година.

Поврзаност на МЕДС на инвестициите во градежни објекти со обемот на инвестиции во градежни објекти. Како што може да се види од табелата бр. 89, износот на инвестициите во градежни објекти во набљудуваниот период перманентно и во континуитет растел, така што од скромни 16.653 милиони денари во 2001 година, достигнале вредност од дури 50.380 милиони денари во последната 2010 година. Овој тренд јасно го поткрепува и базичниот индекс, кој во 2010 година изнесувал 302 индексни поени, што значи дека инвестициите во градежни објекти во последната деценија се зголемиле во апсолутен износ за цели 3,02-пати. Вредностите на верижниот индекс покажуваат дека динамиката на растот на инвестициите се одвивала во континуитет, без поголеми нарушувања, освен во 2009 година, кога поради економската криза, инвестициите во градежни објекти во тековната година се намалиле за 1 индексен поен во однос на инвестициите во претходната година.

Од друга страна, пак, од табелата бр. 88 лесно може да се воочи дека МЕДС на инвестициите во градежни објекти покажуваат тенденција на благ пораст во текот на целиот период, и тоа од 4,98% во 2001 година на 11,92% во 2010 година, и тоа без поголеми осцилации на нивната вредност. Дури и без да се направи опсежна и подлабока анализа, може да се заклучи

дека зголемувањето на ефективниот даночен товар многу малку, или, пак, воопшто не влијаел ограничувачки врз одвивањето на инвестициските активности во овој тип на основни средства. Меѓутоа, ако сакаме точно да ја квантифицираме релацијата помеѓу маргиналниот даночен товар и обемот на инвестиции, во тој случај треба да го пресметаме коефициентот на корелација, и за таа цел е дадена табелата бр. 90. Како што може да се види, податоците укажуваат дека степенот на корелација $p_{EMTR,I}$ има позитивна вредност од 0,8595. Овој коефициент укажува на фактот дека има *релативно силна и позитивна корелација помеѓу растот на маргиналните стапки и растот на инвестициите во градежни објекти.* Имено, економската практика во РМ не ја потврдува теоретската законитост дека постепеното зголемување на ефективните стапки **делувало ограничувачки врз инвестициите** во домашната економија. Воедно, ова значи и дека **даночниот систем не претставувал фактор со доминантно значење, од аспект на детерминираноста на обемот на инвестиции во РМ.**

Поврзаност на МЕДС на инвестициите во опрема со обемот на инвестиции во опрема. Расположливите податоци за инвестициите во опрема покажуваат дека и тие, слично на инвестициите во градежни објекти, доживуваат своевиден пораст во последните 10 години. Сепак, за разлика од градежните работи, порастот на вложувањата во опрема и машини, според податоците на Заводот за статистика, не е толку убедлив, бидејќи се регистрирани одредени колебања во нивната динамика. Имено, од 15.390 милиони денари во 2001 година, истите пораснале на максимални 37.805 милиони денари во 2008 година, изразено во апсолутна вредност, за да потоа почнат да опаѓаат и да достигнат вредност од 28.452 милиони денари во 2010 година. Базичниот индекс во 2008 година ја има својата најголема вредност, кога изнесува 246 индексни поени, што значи дека тогаш инвестициите биле за 2,46-пати поголеми, во однос на базната 2001 година. Базичниот индекс во 2010 година со вредност од 185 поени, покажува дека инвестициите во опрема и машини биле многу повеќе подложни на негативното влијание од економската криза, во однос на инвестициите во градежни објекти. Оваа разлика во корист на градежните објекти, делумно се должи на поголемата владина поддршка на градежниот сектор, како и на градежната експанзија во главниот град. Верижните индекси, пак, покажуваат поголема променливост во динамиката на инвестициите во опрема. Така на пример, во 2003 во однос на 2002 година, верижниот индекс се намалил за 8 индексни поени, потоа во 2009 во однос на 2008 за 9 индекси поени, како и во 2010 во однос на 2009, за дури 17 индексни поени.

Маргиналните стапки на инвестициите во опрема покажуваат, исто така, постојан пораст во текот на целиот период, и тоа од минимални -16,75% во 2001 година, до максимални 8,95% во последната 2010 година, и тоа без позначајни флуктуации на нивната вредност. Пресметките од табелата бр. 91 покажуваат дека коефициентот на корелација $p_{EMTR,I}$ има повторно висока позитивна вредност од 0,8721. Може да се заклучи дека и кај инвестициите во опрема *постои многу силна позитивна поврзаност (правопропорционална зависност) помеѓу порастот на маргиналниот даночен товар и порастот на инвестициите во опрема, спротивно на*

теоретската логика, што само по себе укажува дека **даночната политика имала споредна улога во креирањето на инвестициите во РМ.**

Поврзаност на МЕДС на инвестициите во нематеријални вложувања (други инвестиции) со обемот на инвестиции во нематеријални средства. Бидејќи немаме расположливи податоци за износот на вкупните инвестиции во нематеријални вложувања, и бидејќи во Уредбата за амортизација нематеријалните средства се класифицирани како „други“ или „останати“ средства, за целите на анализата ќе претпоставиме дека категоријата „други инвестиции“ од техничката структура на инвестициите на РМ, се однесува на инвестициите во нематеријални вложувања.[360] Од презентираните податоци може да се види дека оваа категорија на инвестиции има најпроменливи вредности во текот на целиот временски интервал. Нивната вредност во 2010 година изнесувала 4.136 милиони денари, во споредба со 2001 година, кога имале вредност од 2.673 милиони денари, што претставува зголемување за 1,55-пати, а во 2008 година имале максимална вредност од 4.494 милиони денари, и истата е за 1,68-пати поголема од базната вредност. Минималниот износ, пак, од 1.729 милиони денари, е регистриран во 2002 година, кога и базниот и верижниот индекс се намалиле за цели 35 индексни поени.

Маргиналните стапки на инвестициите во нематеријални вложувања манифестираат доста поголема стабилност на нивната вредност во периодот 2001-2010, но сепак, со текот на времето, покажуваат тенденција на постојан пораст. Така, од -17,14% во 2001 година, истите се зголемуваат на 3,85% во 2006 година, за да достигнат максимална вредност од 6,97% во 2010 година. Податоците од табелата бр. 92 откриваат дека коефициентот на корелација $p_{EMTR,I}$ изнесува 0,7348. Иако *во однос на опремата и градежните објекти степеното на корелација е помал, сепак, тој повторно покажува* **позитивна врска помеѓу растот на маргиналните стапки и растот на инвестициите во нематеријални средства.**

Корелација на МЕДС на вкупните инвестиции со обемот на вкупни инвестиции. И вкупните инвестиции во РМ, гледано како збир од инвестициите во градежни објекти, опрема и други инвестиции, покажуваат тренд на постојан и стабилен пораст во текот на минатите 10 години. Почнувајќи од 2001 година, кога изнесувале 34.716 милиони денари, растејќи перманентно во годините кои следат, достигнуваат максимален износ од 86.403 милиони денари во 2008 година, за да забележат мало опаѓање потоа, во 2010 година, кога изнесувале 82.968 милиони денари. Базниот индекс јасно укажува на нивниот пораст во 2008 за цели 2,49-пати, како и пораст во 2010, за 2,39-пати во однос на 2001 година. Верижниот индекс ја потврдува динамиката на постојаниот и стабилен раст, со исклучок на 2009 година, кога вкупните инвестиции во тековната, во однос на претходната година, манифестирале опаѓање за 5 индексни поени.

[360] Поради тоа, се препорачува резултатите и заклучоците од оваа анализа да се имаат предвид со доза на резерва.

Слично, и ефективниот маргинален товар квантифициран преку маргиналните стапки на вкупните инвестиции, покажува динамика на постојан пораст со текот на времето, со таа разлика што истиот има постабилни вредности, без голем број на поединечни осцилации. Така, маргиналната стапка во 2001 година најпрвин изнесувала -5,42%, за да порасне нагло на 11,52% во 2006, па потоа во 2007 да опадне на 9,12%, и во 2010 да ја достигне својата максимална вредност во висина од 11,77%. Со цел да се пресмета коефициентот на корелација помеѓу МЕДС на вкупните инвестиции и износот на вкупните инвестиции, дадена е табелата бр. 93. Според извршените пресметки, произлегува дека релевантниот коефициент на корелација $p_{EMTR,I,}$ има дури највисока позитивна вредност од 0,9015.

Високиот коефициент на позитивна корелација во висина од 0,9015 покажува дека постои **скоро совршена поврзаност, односно корелација** *помеѓу растот на маргиналните стапки на вкупните инвестиции и обемот на вкупните инвестиции.* Тоа значи дека *даночната политика скоро и да* **нема некакво влијание, ниту пак поврзаност со одлуката за инвестирање во РМ.** Во нормални околности, кога даночниот товар на инвестициите е многу висок, намалувањето на даночните стапки и примената на стимулативни мерки можат значително да ја охрабрат одлуката за инвестирање. Во обратен случај, пак, ако зголемувањето на ефективниот даночен товар е значајно, тогаш, секако дека ќе се појават негативни реперкусии врз инвестирањето. РМ во минатото имаше **премногу ниски маргинални стапки кои со преземените реформски мерки се зголемија на едно прифатливо и нормално ниво**, но сепак, споредливо пониско во однос на другите земји. Ваквата промена *воопшто не претставуваше пречка за процесот на инвестирање, кој во периодот од првата декада во новиот милениум се одвиваше непречено,* **поттикнат од реалните економски фактори**. Ако се резимира во врска со инвестиционот циклус од минатото, може да се каже дека ниските даночни стапки, освен во креирањето на позитивна инвестициона клима, односно, поволни услови за инвестирање, не успеаја во значителна мера да го интензивираат процесот на акумулација на капиталот, и воопшто, развојните процеси во државава.

Позитивните коефициенти на корелација, иако сугерираат на правопропорционална релација помеѓу маргиналните стапки и инвестициите, *не значат дека помеѓу нив постои влијание, спротивно на теоретските постулати и тврдења.* Тоа единствено значи дека во случајот на РМ *теоријата не најде емпириска потврда*, односно факторот *даночна политика, во поглед на стимулирањето на инвестициите, има маргинално значење, во споредба со останатите економски и неекономски детерминанти.* Ваквата ситуација е доказ дека нивото на даночното оптоварување е поставено на солидно ниво, дури, можеби, сè уште премногу ниско, што не дозволува претерано губење на потенцијалните приходи, но и не врши дисторзија на одлуката за инвестирање. *Секое понатамошно користење на мерките на даночните стимулации, во насока на промовирање на инвестициите, не само што ќе значи бесцелно губење на приходи,* **туку и воопшто нема да вроди со какви било позитивни ефекти**. Во таа насока, ваквата политика би била потполно неоправдана.

7. Економскиот раст, вработеноста и маргиналниот даночен товар

Целта на оваа точка е да се испита поврзаноста и влијанието на мерките на даночната политика врз динамиката на економскиот раст. Како релевантна варијабла преку која се изразува економскиот раст се зема стапката на растот на реалниот БДП, и тоа во интервалот од 2001 до 2010 година. Релевантната метода преку која се квантифицира ефектот од политиката на даночните стимулации врз динамиката на економскиот раст, повторно е коефициентот на корелација. Во табелата бр. 94 од прилогот се дадени податоците за номиналниот БДП и стапката на растот на реалниот БДП, според податоците на Државниот завод за статистика.

Маргиналниот товар на вкупните инвестиции и економскиот раст и развој. РМ во постконфликтниот период од 2001 до 2010 година забележа значителен раст како на номиналниот, така и на реалниот БДП. Гледано низ апсолутни бројки, од 233.841 милиони денари во 2001 година, номиналниот БДП на РМ го достигна своето максимално ниво од 424.762 милиони денари во 2010 година, што претставува зголемување за цели 1,82-пати во однос на базната 2001 година. Притоа, овој раст се одвиваше без поголеми прекини во својата динамика, освен во 2009 година, кога номиналниот БДП во тековната година во однос на номиналниот БДП од претходната 2008 година, се намалил за само 0,3 индексни поени. За разлика од номиналниот БДП, стапката на растот на реалниот БДП бележи, исто така, динамика на постојан пораст, но со помал интензитет, бидејќи во себе не го инкорпорира ефектот од инфлацијата. Стапката на раст на реалниот БДП својата максимална вредност ја достигнува во 2007 кога изнесувала 6,1%, додека растот бил најмал во 2001, кога стапката изнесувала -4,5%. Негативна вредност е забележана и во 2009 година, кога е регистрирано намалување на стапката на реалниот БДП за 0,9%.

Во табелата бр. 95 од прилогот е извршена пресметка на коефициентот на корелација помеѓу динамиката на ефективниот маргинален товар на вкупните инвестиции во РМ и движењето на стапката на раст на реалниот БДП. Од расположливите податоци може да се види дека релевантниот коефициент на корелација $p_{EMTR,GDP}$ има вредност од 0,2529. Ова значи дека *постои позитивна и мала (статистички незначајна) поврзаност, односно корелација помеѓу маргиналните стапки и реалниот економски раст*. И во овој случај може да се резимира дека **даночната политика не зазема централно место во структурата на двигателите, односно генераторите на економскиот раст**, иако во однос на инвестициите, врската е значително полабава. Тоа се должи на фактот што растот претставува доста покомплексна појава, која зависи од мноштво општествено-економски детерминанти, во чии рамки само еден мал дел отпаѓа на влијанието на даночниот фактор.

Се поставува прашањето, ако даночниот систем не влијаел значајно врз износот на инвестициите, како и врз динамиката на економскиот раст, тогаш **дали, можеби, инвестициите во домашната економија биле поттикнати и генерирани спонтано од растот на номиналниот**

БДП? Во табелата бр. 96 од прилогот е направена паралела помеѓу движењето на номиналниот БДП и движењето на вкупните инвестиции во РМ. Како што се гледа и од апсолутните бројки, но и од соодветните индекси, постои многу голема сличност и неверојатна синхронизираност во динамиката помеѓу номиналниот БДП и инвестициите. **На ова укажува и процентуалното учество на вкупните инвестиции (или инвестиционата побарувачка) во вредноста на номиналниот БДП (или вкупната агрегатна побарувачка).** Бројките покажуваат стабилно процентуално учество на инвестициите во структурата на БДП, кое постепено расте со текот на времето, а просечното учество во целиот период изнесува околу 17,9%. Останува да се испита подетално, и тоа со помош на методата на корелација, оваа навидум голема поврзаност помеѓу номиналниот БДП и вкупните инвестиции, за чија цел е приложена табелата бр. 97.

Податоците откриваат дека коефициентот на корелацијата помеѓу номиналниот БДП и маргиналните стапки $p_{GDP,I}$ има рекордно висока позитивна вредност од дури 0,9934. Овој факт говори дека *помеѓу движењето на номиналниот БДП и динамиката на вкупните инвестиции во РМ, постои скоро совршена позитивна корелативност.* Затоа може слободно да се констатира дека, можеби, **одлуката за инвестирање, претежно е спонтано генерирана од експанзијата на вкупната агрегатна побарувачка, и во тој контекст, истата се наметнува како еден од највлијателните двигатели на инвестицискиот циклус.**

Даночниот товар, инвестициите и вработеноста. Презентираната методологија на маргиналните стапки на инвестициите се однесува само на инвестициите во домашната економија. Иако инвестициите генерираат работни места, сепак, релевантната литература го поврзува степенот на вработеноста со маргиналниот товар на работната сила, и соодветно на тоа, со маргиналните стапки на трудот. Методологијата на ефективните стапки на трудот претставува, концептуално, сосема друг пристап, кој излегува надвор од рамките на оваа емпириска анализа. Во продолжение ќе се направи едно кратко скенирање на состојбата со вработеноста, или поточно, на стапката на невработеност во македонската економија, за што е приложена табелата бр. 98.

Податоците јасно покажуваат дека невработеноста и понатаму останува најгорливиот проблем на македонската економија. Имено, стапката на невработеност, мерена како однос помеѓу вкупно невработените лица и вкупното активно население, во постконфликтниот период до 2010 година се движела од 30,5% во 2001, кога имала најниска вредност, па сè до фантастични 37,3% во 2005, кога ја достигнува својата максимална вредност. Гледано во апсолутни бројки, најмалку невработени имало во 2001, кога биле регистрирани 263.196 лица, а најмногу во 2005, кога се евидентирани дури 323.934 лица. Просечната стапка на невработеност во релевантниот период изнесувала 34,2%. Што се однесува до динамиката на вработените лица, во периодот од 2001 до 2010, нивниот број најпрвин постепено се намалувал, за да потоа забележи тренд на зголемување. Најмалку вработени имало во 2004 година, кога се избројани 522.995 лица, а најмногу во 2010, кога се евидентирани 637.855 вработени лица. Инаку, се забележува една доста **интересна разлика во динамиката на вработените и невработените лица.** Како што се гледа

од бројките, бројот на вработени лица има поголема тенденција на пораст, за разлика од речиси константниот број на невработени лица, особено после 2005 година. Тоа ни укажува дека бројот на вработени лица не се зголемувал *преку трансфер, односно вработување на невработените лица, туку преку зголемување на бројот на активното население или вкупната работна сила*, за што говорат и бројките од табелата. Порастот на активното население се рефлектира и врз намалувањето на стапката на невработеност (поради зголемувањето на именителот од изразот на стапката на невработеност), што во услови на речиси непроменет број на невработени лица, дава нереална слика за состојбата со невработеноста.

Сепак, може да се резимира дека во минатиот период дошло до **незначително зголемување на вработеноста во РМ.** Мобилизацијата на работната сила претежно се случила во редовите на јавната администрација, но и во редовите на поголемите трудоинтензивни индустриски гранки. Главно, како генератори на вработувањата се јавуваа реалните економски фактори, како и владините јавни програми. Во врска со **даночните фактори**, може да се каже дека **цената на работната сила забележа извесно опаѓање**, претежно поради намалувањето на стапката на персоналниот данок на доход, како и поради намалувањето на стапките на придонесите за задолжително социјално осигурување, што, веројатно, влијаело позитивно врз одлуката за ангажирање на дополнителна работна сила во претходниот период.

8. Даночната конкурентност и странските директни инвестиции

Во точката за компаративната анализа заклучивме дека даночниот систем на РМ е конкурентен во однос на другите земји, кога станува збор за подрачјето на привлекување на странски директни инвестиции. Меѓутоа, тука се поставува прашањето за резултатите, или поточно, придобивките од таквата конкурентност, а потоа и прашањето за нивната оправданост. Дали ниските просечни ефективни даночни стапки и откажувањето од оданочување на поголемиот дел од остварените екстра-профити на мултинационалните компании влијаеле позитивно врз интензивирањето на странските директни инвестиции во РМ? За да се одговори на тоа прашање, треба да се испита врската или корелацијата помеѓу просечните ефективни стапки и обемот на странските директни инвестиции во земјава. Ако постои поврзаност помеѓу нискиот даночен товар и обемот на директните инвестиции, во тој случај, оваа политика секако дека ќе биде оправдана, во спротивно не. Најпрвин ги презентираме податоците за остварените странски директни инвестиции во РМ во приложената табела бр. 99, но и се потсетуваме за висината на ПЕДС на вкупните инвестиции кои ги генерира домашниот даночен систем. Претпоставките под кои се калкулирани просечните стапки се следниве: r=5%, π =2%, δ=11,85% за МЕДС, економска рента од 10% и p=20% за ПЕДС. Релевантниот период, за разлика од претходните анализи, е во интервалот од 1995 до 2010 година.

Првичниот впечаток од анализата на податоците е дека категоријата странски директни инвестиции претставува **нагласено променлива категорија,** без некоја позначајна тенденција и

правец во својата динамика. Од целиот прикажан период, можат да се одвојат неколку позначајни потпериоди: првиот до 1998, кој се совпаѓа со времето на транзицијата и се карактеризира со исклучително мали износи на странски вложувања во земјава (поради ова, тие не се вклучени во процесот на индексирање); вториот од 1998 до 2005, кога обемот на странските директни инвестиции се зголемува до некое поприфатливо и понормално ниво, но кој се карактеризира истовремено и со големи годишни варијации во нивниот обем; третиот од 2005 до 2009, во кој странските директни инвестиции го достигнуваат својот максимум и притоа одржуваат доста висока вредност; и четвртиот, кој се совпаѓа со периодот на економската криза, во кој повторно се случува драстично намалување на обемот на странски вложувања. Карактеристичното движење на странските инвестиции го потврдуваат и прикажаните базични и верижни индекси, за кои нема потреба детално да се коментираат.

Со цел да се долови контрастот во нивната динамика, ќе се илустрира, накратко, нивниот апсолутен износ. Така, најниско ниво е забележано во 1995 година, кога изнесувале само 5 милиони долари, и во 1996 година, кога се евидентирани 11 милиони долари. Исто така, како година со релативно мал износ се смета и 2005 година, со скромни 97 милиони долари. Од друга страна, пак, 2007 претставува рекордна година за странските директни инвестиции, кога се регистрирани максимални 699,1 милион долари инвестиции од странство. Забележливо е и тоа што, во споредба со домашните инвестиции, странските инвестиции **претставуваат доста поранлива категорија на екстерни влијанија.** Имено, негативните ефекти од економската криза кои се манифестираа преку намалување на агрегатната побарувачка во странство, придонесоа за поголема претпазливост и скептицизам на странските инвеститори. Тоа резултираше со трократно намалување на износот на директните инвестиции од странство, така што во 2009 година изнесуваа само 197,1, а во 2010 околу 207,5 милиони долари.

Што се однесува до корелацијата на просечните ефективни стапки и износот на реализираните странски директни инвестиции, од податоците во табелата бр. 100 произлегува дека релевантниот коефициент на корелација $p_{EATR,FDI}$ има вредност од 0,0719. Вредноста на коефициентот на корелација од само 0,0719 покажува дека има *сосема мала (незначајна) позитивна поврзаност помеѓу просечните ефективни стапки и движењето на странските директни инвестиции*. Бидејќи вредноста на нискиот коефициент скоро и да се граничи со нула, може да се резимира дека, всушност, и **не постои некаква поврзаност помеѓу даночниот товар и вложувањата од странство.** Иако во однос на домашните инвестиции, интензитетот на влијанието на **даночната политика** е поголем, сепак, и во доменот на странските директни инвестиции, **таа се покажува како неодлучувачки фактор од аспект на иницијативата за инвестирање.** Во споредба со неа, далеку поголемо влијание имаат останатите реални економски фактори, економските кризи и очекувањата на странските инвеститори. Од аспект на неекономските фактори, како позначајни и покарактеристични за земјите во развој би се издвоиле политичкото опкружување и политичката стабилност (или поконкретно, напредокот во

евроатлантските интеграции), ефикасноста на судството и администрацијата и нивото на корупција.

Во случајот со РМ, доста интересно би било да се испита дали функционира **сигнализирачката компонента на даночната политика**, односно **дали има некој позначителен ефект од намалувањето на законската стапка на данокот на добивка.** Како што е познато, кога заинтересираните мултинационални компании скенираат одредена локација, кога ја оценуваат поволноста на даночната политика, првиот елемент кој го анализираат, претставува висината на номиналната даночна стапка. Имено, анкетните испитувања потврдуваат дека во нормални околности, кога постојат стабилни економски и политички услови во странската земја, одлуката за инвестирање ја донесуваат раководејќи се, претежно, од висината на законската стапка на корпоративниот данок на доход. Ако висината на даночната стапка одговара на нивните очекувања и перцепции, во тој случај ги анализираат останатите елементи на даночниот систем (сигнализирачка функција на данокот на добивка).

Во табелата бр. 101 од прилогот се дадени влезните информации за пресметка на поврзаноста на висината на законската стапка на данокот на добивка и нивото на странски директни инвестиции во РМ. Според податоците, произлегува дека релевантниот коефициент на корелација $p_{t,FDI}$ има негативна вредност од -0,4590. Негативниот предзнак на коефициентот значи дека постои *статистички значајна поврзаност и корелација помеѓу опаѓањето на законските стапки на данокот на добивка и порастот на странските директни инвестиции.* Може да се констатира дека даночниот систем на РМ, со текот на времето, **ја докажал својата сигнализирачка функција кон мултинационалните компании**. Затоа, стратешката определба за редуцирање на стапката на данокот на добивка е потполно оправдана од аспект на политиката на привлекување нови странски инвеститори.

9. Даночните приходи и ефективниот даночен товар

Останува уште да се проанализира ефектот од зголемувањето на маргиналните даночни стапки и приходите од оданочување. Како што укажува теоријата, неодмерената политика на даночни стимулации може да доведе до значително губење на потенцијалните даночни приходи. Од друга страна, пак, нивното редуцирање би требало да ја унапреди ефикасноста во собирањето на јавните приходи. Податоците за РМ покажуваат дека релевантните ефективни даночни стапки најпрвин имале релативно ниски вредности, за да, подоцна, со текот на времето, ги зголемат своите вредности. Ова е последица на етапното укинување на бројот на даночните стимулации, како и на проширувањето на даночната база, и покрај тоа што паралелно се изврши снижување на номиналните даночни стапки. Целта на оваа точка е да се испита дали токму ваквата промена во даночната политика придонела за зголемување на износот на релевантните даночни приходи. Според применетата методологија на МЕДС, како најрелевантни даночни приходи се сметаат приходите од данокот на добивка (корпоративниот данок на доход), и приходите од персоналниот

данок на доход (приходите од капитал). Ова значи дека директните даноци го заземаат централното место во анализата за даночните приходи. Иако индиректните даноци имаат значително поголем потенцијал, од аспект на прибирањето на даночни приходи, сепак, тие нема да бидат вклучени во анализата, бидејќи не претставуваат составен дел на методологијата за маргиналните стапки. Во табелата бр. 102 од прилогот ја даваме структурата на приходите од директните даноци на РМ.

Расположливите податоци од Министерството за финансии покажуваат дека *вкупните даночни приходи* манифестираат тенденција на константен раст во текот на целиот период. Минимален износ е забележан во 2003 година, кога изнесувале 49.166 милиони денари, додека максималниот износ од 76.854 милиони денари е собран во 2008 година. *Вкупните приходи од директни даноци*, пак, имаат поголема динамика како и поголем пораст. По 2001 година, кога изнесувале 10.166 милиони денари, тие го достигнале својот горен лимит во 2008 година, кога се евидентирани 17.275 милиони денари, за да опаднат на 12.754 милиони денари во 2010 година, и тоа како последица на економската криза. Гледано во процентуален износ, нивното просечно учество се одржува на околу 20% од вкупните даночни приходи. Карактеристично е тоа што до 2008 година се забележува тенденција на пораст на нивното учество, за да, потоа, се случи нагло опаѓање. *Приходите од персоналниот данок на доход*, пак, се одликуваат со нагласена стабилност, како во поглед на динамиката, така и во поглед на нивното процентуално учество во структурата на вкупните даночни приходи. Минимален износ по тој основ е остварен во 2001, кога се собрани 7.191 милион денари, додека максимални износи се остварени во 2007 (8.892 милиони денари), и во 2010 (8.872 милиони денари). Просечното процентуално учество во структурата на вкупните даночни приходи изнесува 13,5%. Од сите категории на приходи, како најдинамична, но и најнеиздашна категорија се јавуваат *приходите по основ на данокот на добивка*. Нивното просечно процентуално учество во структурата на вкупните даночни приходи изнесува 6,6%, минималното учество 4,50%, а максималното дури 11,16%, кое се оствари во 2008 година. Во апсолутни бројки, најмалку приходи се собрани во 2004 година (2.362 милиони денари), а најмногу во 2008, кога речиси се изедначуваат со приходите од персоналниот данок на доход (8.579 милиони денари). Ова значи дека тие претставуваат **најранлива категорија на приходи,** бидејќи врз нив најдиректно се одразуваат промените од даночната политика и политиката на даночни стимулации. Наглото опаѓање на приходите во годините на економската криза, сугерираат дека тие не се имуни ниту на екстерните шокови од странство.

Во продолжение, за сите спомнати приходи ќе се утврди степенот на корелација со висината на маргиналниот даночен товар. Имено, дали зголемувањето на МЕДС имало влијание врз динамиката на вкупните приходи од директни даноци, приходите од персоналниот данок на доход, како и приходите од данокот на добивка?

Корелација помеѓу ефективниот даночен товар и вкупните приходи од директни даноци. Потребните влезни параметри за проценка на степенот на корелацијата помеѓу МЕДС на вкупните инвестиции и вкупните приходи од директни даноци, се дадени во табелата бр. 103.

Податоците покажуваат дека релевантниот коефициент на корелација $p_{EMTR,DT}$ изнесува 0,826. Високата позитивна вредност на коефициентот на корелација јасно говори *дека зголемувањето на вкупните директни даноци во структурата на вкупните даноци не е случајност, и дека помеѓу нивниот пораст и порастот на ефективните даночни стапки, постои силна правопропорционална поврзаност.* Од овој аспект гледано, преземените мерки на даночната политика во критичниот период, оделе во прилог на **подобрување и унапредување на ефикасноста во собирањето на даночните приходи.**

Корелација помеѓу ефективниот даночен товар и приходите од персоналниот данок на доход. Најпрвин, во врска со приходите од персоналниот данок на доход, треба да се забележи следново: во приходите од персоналниот данок на доход се опфатени, интегрално, приходите од сите негови категории, како што се даноците по основ на плата или лични примања, самостојна дејност, даноците на приходи од имот, авторски права, вклучително и данокот на приход од капитал, кој, согласно теоријата, се смета за најрелевантна категорија на персонален данок, најдиректно поврзана со одлуката за инвестирање или одлуката за штедење. За износот на јавните приходи по основ на персоналниот данок на приход од капитал (или поточно, од дивиденда, камата и капитална добивка), не постојат подетални информации во достапните извори на податоци. Поради ова, за целите на анализата ќе се земе целиот интегрален износ на приходите од персоналниот данок на доход. Земајќи го ова предвид, податоците од табелата бр. 104 укажуваат дека релевантниот коефициент на корелација $p_{EMTR,PT}$ има вредност од 0,9078. Иако можеби не толку веродостојно ако се земе горната претпоставка, сепак, високиот позитивен коефициент на корелација покажува дека постои доста *цврста врска помеѓу порастот на маргиналниот даночен товар на инвестициите и приходите од персоналниот данок на доход.*

Корелација помеѓу ефективниот даночен товар и приходите од данокот на добивка. Останува уште да се испита поврзаноста помеѓу МЕДС на вкупните инвестиции и приходите од данокот на добивка. Овој тип на јавни приходи најмалку придонесува за полнењето на државната каса, ако се има предвид неговото процентуално учество во вкупната структура на даночните приходи. За разлика од РМ, приходите од корпоративниот данок во другите земји имаат многу поголемо значење, од аспект на примарната фискална функција. Според тоа, може да се каже дека кај нас истите претставуваат доста потценета категорија на приходи, кои, реално, треба да носат многу поголем фискален потенцијал. Во табелата бр. 105 од прилогот се подготвени неопходните влезни информации за пресметка на степенот на поврзаност помеѓу ефективниот даночен товар и приходите од данокот на добивка. Согласно податоците, коефициентот на корелација $p_{EMTR,CT}$ изнесува 0,7253. Резултатот повторно упатува на *позитивна и статистички значајна корелација помеѓу зголемувањето на маргиналните ефективи даночни стапки и порастот на приходите од данокот на добивка.* Имено, проширувањето на базата за пресметка на данокот на добивка, редукцијата на одбитните ставки, намалувањето на бројот на стимулативните мерки и слично, **продуцираа значителен пораст на приходите по овој основ**

(од 2004, кога изнесувале 2.362 милиони денари, нараснале за цели 3,63-пати во 2008, кога се евидентирани 8.579 милиони денари).

И уште една напомена во врска со даночните приходи. Високата и позитивна поврзаност на динамиката на даночните приходи во однос на динамиката на маргиналните стапки, не мора да значи дека **единствената причина за појавеното движење на прибраните даночни приходи претставува токму зголемениот маргинален, односно ефективен даночен товар.** Секако дека свој удел за манифестираната динамика на даночните приходи имаат и зголемувањето на БДП, интензивирањето на инвестициските активности во државава, како и реформите на даночната администрација. Високиот коефициент на корелација во овој случај значи само дека утврдената динамика на приходите и ефективните стапки не може да биде случајност, и дека помеѓу нив постои извесна и статистички значајна поврзаност. Ако се имаат предвид и останатите фактори кои влијаат врз обемот на собраните приходи, утврдената врска не може со сигурност да ја потврди примарноста на факторот маргинален товар, но секако и дека не може да го исклучи.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Трудот, кој носи наслов „**Економските ефекти од даночните стимулации“,** опфаќа една современа и сè уште за нас недоволно истражена проблематика од областа на јавните финансии. Содржината на темата за **економските ефекти од даночните стимулации** се состои од 6 (шест) глави, и тоа: прва глава со наслов Методолошки пристап во научно-истражувачката работа, втора глава која гласи Фискалната политика и нејзината улога во економскиот развој, трета глава која има наслов Даночните стимулации како инструмент на фискалната политика, четврта глава со наслов Ефекти на даночните стимулации врз инвестициите и вработеноста, петта глава со наслов Компаративна анализа на даночните системи и на политиките на даночни стимулации, и шеста, и

последна глава, која е насловена Економските ефекти на даночните стимулации во Република Македонија.

Од содржината на трудот може да се резимира дека, во економска смисла на зборот, стимулацијата претставува инструмент на економската политика, преку кој се постигаат одредени економски ефекти или влијанија, или поточно, инструмент чија цел е да предизвика реакција или однесување на економските субјекти во посакуваниот правец. *Во оваа смисла, стимулациите претставуваат инструмент чија цел е да се влијае врз одредени макроекономски цели (ниво на инвестиции, пораст на БДП, пораст на вработеноста и сл.), преку соодветна позитивна модификација, или промена во однесувањето на основните субјекти во економијата.* Економската политика разликува **три главни типа** на стимулации: финансиски, регулаторни и даночни. Под **финансиски стимулации** (или стимулации во вид на буџетски расходи) најчесто се подразбираат специфични мерки кои содржат имплицитна можност за одлив на буџетските ресурси од донорот кон крајниот корисник, а како најпознати финансиски мерки се јавуваат *грантовите, кредитите и гаранциите.* **Регулаторните стимулации,** пак, подразбираат политика наменета за привлекување на странски меѓународни претпријатија со инструменти и мерки кои се состојат од дерогации или менување на националните или субнационалните регулативи и правила. Во основа, можат да се идентификуваат неколку конкретни подрачја на употреба на регулаторните стимулации во практиката на земјите, и тоа: *регулатива за заштита на сопственоста и имотните права*, односно регулатива за влез на пазарот, *стандарди за заштита на животната околина*, *стандарди и регулатива за пазарот на работна сила*, и *подрачјето за меѓународна координација на регулативата.*

Под **даночни стимулации** се подразбираат определени мерки од даночна природа (мерки на даночниот систем), кои, преку дистрибуција на одредени даночни поволности и бенефиции кон економските субјекти (даночните обврзници), настојуваат да ги реализираат утврдените цели на макроекономската политика, пропишани од страна на властите. Поделбата на даночните стимулации најчесто се врши во **3 основни групи,** и тоа: *стандардни даночни стимулации поврзани со елементите на даночниот систем; даночни мерки во вид на вградени системски решенија* и *други даночни поволности.* Во првата група на даночни стимулации се вбројуваат сите оние мерки кои претставуваат *интегрален дел на даночниот систем,* а како најпознати облици на стимулации се јавуваат: стимулациите според висината на даночната стапка (општо или селективно намалување на даночните стапки), даночниот одмор или времените даночни ослободувања, даночниот кредит, даночните одбивки и забрзаната амортизација. Во врска со првата мерка, во зависност од **видот на даночната стапка која е предмет на намалување**, во литературата најчесто се спомнуваат: намалувањето на стапката на корпоративниот данок, редукцијата на персоналниот данок и социјалните придонеси и намалувањето на стапките на царините и увозните давачки. Под **даночен одмор**, пак, се подразбира вид даночна стимулација која обезбедува целосно или делумно ослободување од корпоративниот данок (понекогаш и од други видови даноци), за потенцијалните нови инвеститори во земјата на определен број години.

Даночниот кредит претставува даночна мерка која им се доделува на одредени квалификувани даночни обврзници во вид на процентуален или еднократен износ на намалување на обврската за плаќање на одреден вид данок, додека под **даночна одбивка,** во поширока смисла на зборот, се подразбира определен износ во чија висина се намалува расположливиот доход, односно основата која е предмет на оданочување. Генерално, под поимот **забрзана амортизација** како вид на даночна стимулација се подразбира употреба на методи на отпишување на вредноста на капиталните средства за даночни цели, со динамика или стапка поголема од стапката на економската реална амортизација, и таа, како таква, претставува една од најпопуларните мерки на даночната политика. Мерките од втората група на даночни мерки *не претставуваат класични даночни стимулации, и тие се дизајнирани како вградени системски решенија на даночниот систем.* Како посебни облици на даночни мерки, во оваа група можат да се вбројат: даночното одложување и можноста за пренос на загубите и трошоците. Општо, под **даночно одложување** се подразбира можноста за одложување на плаќањето на данокот (или даночната обврска) на неопределено време во иднината. Суштината на мерката за **пренос на загубата** се состои од можноста што ја предвидуваат даночните власти во рамки на даночниот систем, со која се дозволува реализираната загуба од тековниот период да се пренесе, односно декларира во некој друг период. И во третата група на мерки се јавуваат одредени *други даночни поволности* во вид на преференцијални даночни зони, општи и селективни даночни стимулации, како и техниката на задржување на данокот. **Преференцијалните даночни зони** претставуваат географски одредени места – зони во коишто квалификуваните компании (компаниите кои работат внатре во зоната), добиваат разни царински и даночни олеснувања и бенефиции. Тие можат да се јават во два елементарни облика: во вид на слободни царински зони (duty free zones) и во вид на специјални економски зони (special economic zones). Под **општи (генерални) стимулации** се подразбираат даночните одредби инкорпорирани во даночниот систем, кои се однесуваат на сите потенцијални корисници во стопанството на една држава. Во ефективна смисла на зборот, пак, **специјална или таргетна даночна стимулација** е онаа одредба или пропис која се однесува на одреден квалификуван економски субјект, со којашто се реализира намалување на ефективниот даночен товар на субјектот, споредено со ефективниот даночен товар на останатите субјекти. И можноста на **техниката на задржување на данокот** се состои од снижување на стапките на задржаните даноци, со што се постигнува олеснување на бариерите за трансфер и репатријација на профитот на мултинационалните компании.

Методологијата за оценка на даночниот товар и ефектите од политиката на даночните стимулации се состои од неколку расположливи методи и мерки, меѓу кои: номиналните даночни стапки (nominal tax rates); даночните коефициенти, односно коефициентите даноци/БДП (tax – to – GDP ratios); просечните даночни стапки (average tax rates) и маргиналните ефективни даночни стапки (marginal effective tax rates). Од презентираните мерки, како најрелевантни се сметаат последните две. Но, од аспект на подобноста за оценка на ефектот од даночните стимулации, според аналитичарите, *методологијата на маргиналните ефективни даночни стапки*

претставува најсоодветно мерило, со оглед што во себе го инкорпорира концептот на трошокот на капиталот, кој овозможува да се процени влијанието на оданочувањето врз дополнително ангажираната единица капитал.

Во основа, се издвојуваат **две големи области на примена на даночните стимулации,** и тоа: *областа на инвестициите и инвестицискоото одлучување и областа на работната сила и вработеноста*.

Во однос на првата област, всушност, улогата на даноците се состои во тоа што тие ја **дисторзираат, искривуваат,** или поточно, ја **ограничуваат инвестиционата одлука** преку зголемување на бараната стапка на принос на инвестициониот проект. Кратката елаборација на методот на маргиналните стапки и трошокот на капиталот, според концептот на Кинг и Фулертон, упатува на сознанието дека во светот на имперфектноста, како фактори од кои најдиректно зависи одлуката за инвестирање во реални физички добра, покрај висината на каматната стапка, стапката на инфлација и стапката на реалната економска амортизација, се јавуваат и **структурата на даночниот систем,** како и **структурата на капиталот.** Според Кинг и Фулертон, директното непосредно дејство на даночните стимулации се огледа во тоа што тие вршат намалување, односно редуцирање на трошокот на капиталот. Всушност, даночниот систем ги поддржува инвестициите само ако сегашната вредност на даночните бенефиции (ослободувања, кредити и слично), кои произлегуваат од инвестициониот проект, ја надминуваат вредноста на иницијалните издатоци.

Генерално, можат да се идентификуваат **следниве области на употреба на даночните стимулации за развој на инвестициите,** и тоа: привлекување на странски директни инвестиции; унапредување на приоритетните индустриски сектори и локалниот развој, зголемување на квалитетот на образованието и инвестициите во човечки капитал и поддршка на инвестициите во интелектуална сопственост и истражување и развој. Даноците имаат директно влијание врз трошоците на производството на извозно-ориентираните странски инвеститори, бидејќи се *рефлектираат во крајната цена на извозните производи.* Од аспект на даночните фактори, можеби најголем импакт врз **странските текови на капиталот,** имаат токму *даночниот микс и даночниот дизајн*. Тие, главно, се однесуваат на видот на даночниот систем, висината на законската даночна стапка, дефинирањето на даночната основа и мерките за заштита на даночната основа, имплементирани во даночното законодавство на некоја земја. Причината за примената на мерките за поддршка на индустриските сектори и мерките за унапредување на локалниот развој произлегува од *феноменот на пазарниот неуспех*. Практичните искуства за **поддршка на индустриските сектори,** главно се насочени кон следниве области: *поддршка на новите индустрии, поддршка на опаѓачките индустрии, поддршка на приоритетните индустриски сектори и поддршка на т.н. „пионерски“ претпријатија.* Од друга страна, основната цел на политиката на **локалниот економски развој** е да се унапреди ефикасноста на користењето на расположливите локални ресурси и да се изврши оспособување на локалните капацитети за создавање на задоволително ниво на богатство, расположливо за локалните

резиденти. Со оглед на специфичноста на целите, главно се разликуваат даночни инструменти, финансиски инструменти и други видови инструменти за поддршка на индустриите и економскиот развој. Од *даночните,* активно се користат времените даночни ослободувања, даночните одбивки и преференцијалните зони како мерки на централната власт, но и абатманите на данокот на имот (property tax abatement) и зголемувањето на оданочувањето заради финансирање (tax increment financing - TIF), како мерки на локалната власт. Од *финансиските мерки,* најзначајни се грантовите и кредитите, додека како *специфични мерки* во оваа сфера се јавуваат и јавно-приватните партнерства (private-public partnership), заедничките вложувања помеѓу приватниот и јавниот сектор (private-public joint ventures), како и мерката за државната партиципација во капиталот (equity participation). Основни аргументи за владината интервенција во доменот на **образованието и формирањето на човечкиот капитал** претставуваат *пазарните имперфектности* и *потребата за редистрибуција на доходот.* И тука постојат финансиски и нефинансиски (даночни) инструменти за финансирање и поддршка на терцијарното образование и инвестициите во човечки капитал. Спецификата на процесот на финансирање на високото образование во развиените земји се состои во тоа што се реализира *преку три основни столба*. Како најпознати *даночни инструменти* во оваа област се среќаваат: даночните кредити и одбивки по основ на платена школарина, даночните кредити и одбивки по основ на камата на студентски заем, но и *специфичните мерки,* како регистрираните пензиски програми за штедење (Retirement Registered Saving Plans – RRSP), регистрираните штедни програми за едукација (Registered Education Saving Plans – RESP) и одбивката на трошоците за грижа за деца (Child Care Expence Deduction – CCED). **Истражувањето и развојот** претставуваат поле со исклучителна важност, каде пазарниот неуспех е посебно нагласен. Од сите фази на моделот на технолошкиот развој, економска оправданост за доследна примена на даночните стимулации има само во процесот на формирање на сопственичката технологија, односно *правата на индустриска и интелектуална сопственост.* Како витални компоненти на иновативниот процес се јавуваат нематеријалните облици на интелектуална сопственост, во кои влегуваат неколку *основни категории на нематеријални средства,* и тоа: истражување и развој (R&D), тренинг и обука на работниците, патенти и патентни права, софтвер и вложувања во основање и организациона промена. Конкретните *даночни мерки,* наменети за зголемување на инвестициите во истражување и развој и другите облици на интелектуална сопственост, ги сочинуваат амортизацијата за даночни цели, даночниот кредит и даночните одбивки. Притоа, како дополнително системско решение на основните стимулативни мерки, особено на даночните кредити и одбивки, се користат и механизмите за пренос на трошоците и загубите.

Од аспект на **полето на работната сила**, може да се каже дека, всушност, се работи за посебна област на примена на политиката на даночните стимулации, чија цел е да се зголеми степенот на вработеноста на работната сила, а во исто време, да им се даде финансиска поддршка на сиромашните луѓе. Преку мерките на даночната политика, властите настојуваат да го редуцираат даночниот товар на одредени сегменти (или категории) на работната сила, со што би

се поттикнал поголем степен на работно учество во рамки на трудовите структури. Паралелно со зголемувањето на понудата на работната сила, се овозможува и одредена поддршка на лицата со низок доход. Во зависност од состојбата на пазарот на работна сила, даночниот систем во комбинација со мерките на даночни стимулации, во содејство со разните бенефитни трансфери, може да влијае врз обемот на работните стимулации на неколку начини: *преку креирање на замка на низок доход (the low-wage trap or poverty trap), замка на невработеност (the unemployment trap) и замка на неактивност (the inactivity trap).* Притоа, висината на стимулативните ефекти за работа, кои изворно се нарекуваат „work incentives", се во директна корелација со висината на маргиналните ефективни стапки. Како **фактори** од кои зависи висината на маргиналните стапки, а оттаму и напорите за работа, се јавуваат: бруто-заработката или бруто-платата (gross earnings), паричните трансфери или бенефити (cash benefits), платените придонеси за социјално осигурување (social security contributions) и персоналниот данок на доход. Во групата на *паричните трансфери и бенефити,* стандардно се сметаат: осигурувањето од невработеност (unemployment insurance), надоместокот за невработеност (umemployment assistance), социјалната помош (social assistance), додатокот за домување (housing benefits), додатокот за деца и семејство (family benefits), додатокот за детска нега (childcare benefits), додатокот за самохрани родители (lone parents benefits) и додатокот за вработување (employment conditional benefits). Висината на маргиналните стапки зависи и *од даночните ослободувања на персоналниот данок на доход,* кои изворно се нарекуваат „tax reliefs". Тие можат да попримаат најразлична форма (на пример, даночни одбивки, даночни кредити и сл.), и да се разликуваат како *стандардни даночни ослободувања (standard tax reliefs)* и *нестандардни даночни ослободувања (non-standard tax reliefs).* Од аспект на борбата против сиромаштијата и поддршката на лицата со низок доход, последните реформи предвидуваат постепено напуштање на социјалните програми и воведување на стратегии за поддршка на доходот (income support), во чија срж лежи употребата на одредени специфични фискални инструменти. *Тие инструменти се*: даночниот кредит на остварен доход (Credit Income Tax – CIT), негативниот даночен кредит (Negative Income Tax – NIT), базичниот или минималниот гарантиран доход (Basic income Guarantee – BIG or Guaranteed Minimum Income – GMI), даночниот кредит на заработен доход (Earned Income Tax Credit – EITC), додатокот за минимална плата (Wage Rate Subsidy – WRS), додатокот за дополнително вработување (Marginal Employment Subsidy – MES), како и контроверзната мерка - минимална плата (Minimum Wage).

Споредбата на даночните системи на претставените земји-**членки на организацијата на ОЕЦД** (САД, Германија и Обединетото Кралство), како претставници на групата на најразвиените економии во светот, *не покажува драстични разлики во однос на нивната даночна структура, како и во однос на мерките на даночните стимулации.* Така, секоја од нив има имплементирано систем на корпоративен данок на доход со *пропорционална даночна стапка,* со исклучок на САД, додека системот на персоналниот данок на доход се карактеризира со *прогресивна даночна структура.* Мерките на даночните стимулации се карактеризираат со *скромна бројност и интензитет,* во чија рамка преовладуваат, претежно, општите даночни

мерки, со паралелна употреба на селективните мерки, во подрачјата каде до израз доаѓа пазарниот неуспех. Анализата на даночната инциденца на пазарот на труд кај сите нив покажува дека *вишокот на даночниот товар го сносат побогатите лица*, но кај некои земји е регистрирано постепено премостување на оптоварувањето кон помалку имотните лица, што како последица доведува до намалување на прогресивноста на даночната структура. Даночната инциденца на пазарот на капитал, пак, во сите анализирани земји, се наоѓа на страната на *сопствениците на капиталот*, што, на крајот, резултира со позитивно оданочување на економскиот профит на компаниите. Компарацијата на даночните системи на земјите од **регионот во Југоисточна Европа** (Словенија, Србија и Хрватска), сугерира на слични заклучоци, со таа разлика што *бројот и интензитетот на мерките на даночните стимулации е значително поголем во однос на земјите од ОЕЦД*. Резултатите од анализата на даночната инциденца на пазарот на капитал покажуваат дека во Словенија, и веројатно во Србија, постои *позитивно зафаќање на профитот на тамошните компании*. За разлика од нив, во Хрватска, имплементираните стимулативни мерки предизвикуваат ефектот на „даночниот клин“ да се префрли на страната на штедачите, креирајќи *негативно даночно оптоварување на економската добивка на хрватските компании.*

Актуелниот систем на директни даноци на РМ се состои од данокот на добивка (или корпоративниот данок на доход) и персоналниот данок на доход. Во поглед на структурата на **корпоративниот данок на доход**, *РМ не се разликува од останатите земји.* Имено, елементите на даночната структура се релативно добро хармонизирани, согласно меѓународната даночна легислатива и општоприфатената даночна практика (на пр., се применува пропорционална даночна стапка на добивката на компаниите, и сл.), додека специфика претставува начинот на оданочување на малите претпријатија со т.н. данок на вкупен приход. Во поглед на *даночните стимулации во рамки на данокот на добивка*, покрај определбата за намалување на законската даночна стапка, РМ изврши значително кратење на бројот и силината на даночните мерки, како и проширување на даночната основа. **Актуелните мерки** кои ги нуди *законската регулатива на данокот на добивка* ги вклучуваат: времените даночни ослободувања во рамки на технолошките индустриски развојни зони (Technological Industrial Development Zones), но и други олеснувања во рамки на зоните, согласно другите законски прописи; понатаму, даночниот кредит за набавка на фискални апарати (tax credit for purchasing cashing machines), ослободувањето од плаќање на данок на нераспределена добивка (tax exemption on undistributed profit) и олеснителниот третман на одредени видови трошоци, односно расходи (tax allowancess or expenditure tax incentives). Во рамки на *Законот за вработување на инвалидни лица,* предвидени се посебни мерки за вработување на инвалидни лица, во форма на разни даночни и финансиски стимулации, а Владата на РМ, со посредство на Агенцијата за вработување на РМ, подготвува и *Оперативен план за активни програми и мерки за вработување.* Во поглед на структурата на **персоналниот данок на доход**, РМ се разликува од останатите земји по тоа што *не применува прогресивни, туку пропорционални даночни стапки*. Исто така, во рамки на домашниот даночен систем, не се применуваат доходните ставки, односно степени, согласно висината на остварениот доход кој е

предмет на оданочување. Од аспект на другите елементи на даночната структура, постои *задоволителен степен на хармонизација на даночните правила*. **Даночните ослободувања на персоналниот данок** на доход се состојат од: *стандардните одбивки на даночната основа* (стандардно лично ослободување и намалување на основата за износот на платените придонеси за задолжително социјално осигурување) и *нестандардните даночни олеснувања* (намалување на основата за износот на платените придонеси за доброволно пензиско и инвалидско осигурување, намалување на основата за износот на платените такси и други јавни давачки и даночен кредит за донации на финансиски средства од правни лица). Понатаму, постојат стимулации на *данокот на приходи од самостојна дејност,* кои ги сочинуваат: намалувањето на даночната основа за вложувања во материјални и нематеријални средства (investment allowancess), и даночниот кредит за набавка на фискални каси. Мерките на *данокот на приходи од капитална добивка* овозможуваат: намалување на даночната основа на приходот од капитална добивка до 30% и пребивање и пренесување на капиталните загуби. Како *други даночни мерки* остануваат: даночниот кредит на приходи од странски извори, заради избегнување на двојното оданочување и ослободувањето од плаќање на данок на камата од штеден влог во банка. Во врска со мерките на *директната финансиска помош,* која се доделува со цел да се унапреди финансиско-материјалната состојба на луѓето, може да се каже дека во РМ се среќаваат поголемиот дел од стандардните мерки (бенефити) кои ги практикуваат развиените земји. Меѓутоа, за разлика од нив, паричните трансфери во РМ имаат многу мал износ, од што може да се заклучи дека линијата на сиромаштија, или т.н. минимален општествен доход, е поставен на многу ниско ниво. *Тие се состојат претежно од:* социјална парична помош (social assistance), постојана парична помош (permanent cash assistance), парична помош на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, парична помош за студирање на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, парична помош на мајка која родила четврто дете (family benefit for motherhood of the fourth child), паричен надоместок за помош и нега од друго лице (healthcare social assistance), паричен додаток за слепило и мобилност, детски додаток (childcare benefit), родителски додаток за трето дете (parental benefit for third child), надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот (child healthcare benefits), парична помош за социјално домување (housing benefit), паричен надоместок во случај на невработеност (umemployment assistance), минимална плата (minimum wage) и други.

Критиката на фискалниот фактор (или даночната компонента на инвестиционата политика) на РМ се состои во тоа што сè уште не постои модел за маргиналните ефективни даночни стапки, кој би овозможил проценка на ефективниот даночен товар, а оттаму и проценка на влијанието на мерките од даночната политика и политиката на даночни стимулации. Слично, потребно е да се изгради и модел кој би ги мерел изгубените потенцијални приходи од имплементацијата на мерките на даночните стимулации. Основниот приоритет на *современите даночни реформи* во РМ е да се изврши *модернизација на даночниот систем* во насока на

зајакнување на неговите развојни перформанси. За таа цел се воспостави структура на даночниот систем која овозможува *едноставно и лесно администрирање*, а во исто време *пружа олеснување на даночниот третман на компаниите*, со постигнување на ефективен даночен товар, кој не е повисок во однос на даночниот товар на компаниите од конкурентните земји. Понатаму, се изврши *ревидирање на основните елементи* на даночниот систем, како што се висината на даночната стапка, системот на амортизација, даночната основа, карактерот на даночниот систем, со цел да се обезбеди кохерентност на даночните компоненти. И системот на даночни стимулации на РМ *претрпе низа редизајнирања,* почнувајќи од нејзиното осамостојување па сè до денес, кои претежно се состоеја од чести промени, како на бројот, видот, така и на интензитетот на даночните мерки, што, на крај, резултираше со нивно обемно кратење. Инаку, согласно методологијата на маргиналните стапки, системот на даночни стимулации на Република Македонија, чија цел е промоција на економската ефикасност и инвестициите, најосновно се состои од **три вида групи на даночни олеснувања**: даночни олеснувања поврзани со системот на амортизација на основните средства (depreciation for tax purposes), даночни олеснувања со кои се намалува даночната основа (expenditure-based tax incentives) и олеснувања со кои се намалува даночната обврска или обврската за плаќање данок (profit-based tax incentives).

Пресметаните **маргинални стапки на одделните извори на финансирање** на инвестициите во РМ, согласно применетата методологија на авторите Кинг и Фулертон, покажува дека *најпривилегиран даночен третман* од сите извори на капитал во РМ има долгот, што е и конзистентно со меѓународните светски трендови. *Второрангиран извор на средства* по однос на даночните привилегии е капиталот во вид на задржана, односно капитална добивка, додека *даночно најдискриминиран извор* е акционерскиот капитал. Од нивната динамика се гледа дека постои генерален тренд на *постепено зголемување на ефективниот даночен товар* на сите извори на капитал, гледано на долг рок. Согласно презентираните податоци, најголема вредност на МЕДС во последните 2 години има акционерскиот капитал (15,06% во 2009 и 20,28% во 2010), потоа задржаната добивка (9,95% во 2009 и 13,52% во 2010), додека најмала вредност имаат стапките на долгот (6,43% во 2009 и 8,93 во 2010), што значи дека и на краток рок се потврдува горенаведената констатација за даночната привилегираност на изворите на капиталот. Негативните стапки во периодот до 2006 година, освен поголемите поволности за инвестирање, значеле и дека *државата губела голем процент од потенцијалните јавни приходи* по основ на даноците на доход. Слично како и кај ефективните даночни стапки, така и кај коефициентот на даночниот товар на инвестициите, јасно може да се констатира тренд на постепено зголемување на неговата вредност кај сите релевантни извори на капитал. Оваа состојба на коефициентот на инвестиционото даночно премостување јасно укажува дека даночниот систем почнува да ги *дискриминира инвеститорите во однос на штедачите,* преку лимитирање на бенефициите што ги нуди инструментариумот на даночните стимулации. Ако направиме споредба на просечната вредност на **маргиналните стапки само од аспект на категориите на основни средства,** ќе видиме дека нејзините вредности се најголеми кај инвестициите во градежни објекти, па потоа кај

опремата, додека најмали вредности постојат кај нематеријалните средства. Тенденцијата на коефициентот на **МЕДС на вкупните инвестиции со просечна барана стапка на принос** се одликува со нагласена променливост на неговата вредност, и покрај тоа што неговиот долгорочен тренд се одликува со постепено зголемување на неговата вредност (постепено зголемување на маргиналниот даночен товар на домашните инвестиции).

Во врска со **маргиналниот товар на инвестициите во РМ,** може да се резимира дека зголемувањето на вредноста на коефициентот на МЕДС и на даночното премостување, значат дека даночниот систем на РМ *нуди сè помала поддршка за инвестициите*, со текот на времето. *Иако висината на законските стапки на данокот на добивка се намали, сепак, се изврши големо кратење на даночните ослободувања и поволности, на што се должи ваквиот ефект.* Од друга страна, пак, значително се подобри фискалната позиција на државава, што пак, беше недостаток на даночниот систем од претходниот период. На овој начин, преку преземените реформски зафати за *зголемување на едноставноста во администрирањето, се унапреди и ефикасноста во собирањето на приходите.* Ако се земе предвид дека државата губела од потенцијалните приходи по основ на даноците на доход, и со оглед дека обемот на фискалното зафаќање е поставено на едно нормално прифатливо ниво, може да се заклучи дека даночниот систем на РМ е *преструктуриран на начин којшто не е на штета на неговата ефикасност.*

Според податоците од **компаративната анализа** на законските, маргиналните и просечните стапки, РМ недвосмислено се докажува како земја со *исклучително низок ефективен даночен товар*, што претставува уште една дополнителна констатација за поволностите за инвестирање, инкорпорирани во националниот даночен систем. Иако денес има убедливо најниска стапка на данок на добивка од 10%, РМ и во 2005 година имала една од најниските законски даночни стапки во висина од 15%, исто како и Литванија и Латвија, а пониска стапка била регистрирана само во Ирска, во висина од 13%, и во Кипар, во висина од 10%. Што се однесува до маргиналните ефективни стапки, РМ имала второрангирана најниска стапка од -5,4%, веднаш зад Хрватска, чија стапка изнесувала -9,5%, додека сите други земји имале позитивни маргинални стапки. Состојбата со просечните ефективни стапки, исто така, сугерира на одличната компаративна предност на РМ во однос на поголемиот број на земји, кога станува збор за привлекување на странски директни инвестиции. И во овој случај, таа го заземала второто место по однос на критериумот на најниски просечни стапки со стапка од 11,2%, веднаш зад Кипар, кој имал стапка од 9,7%.

Од аспект на **состојбата со инвестициите во домашната економија и маргиналниот ефективен даночен товар,** може да се заклучи следново: високиот коефициент на позитивна корелација покажува дека постои скоро совршена поврзаност, односно корелација помеѓу растот на маргиналните стапки на вкупните инвестиции и обемот на вкупните инвестиции. Тоа значи дека даночната политика *скоро и да нема некакво влијание, ниту пак поврзаност со одлуката за инвестирање во рамки на домашната економија*. РМ во минатото имаше премногу ниски маргинални стапки, кои со преземените реформски мерки се зголемија на едно прифатливо и

нормално ниво, но сепак, споредливо пониско во однос на другите земји. Ваквата промена воопшто не претставуваше пречка за процесот на инвестирање, кој во периодот од првата декада во новиот милениум се одвиваше непречено, поттикнат од реалните економски фактори. Ако се резимира во врска со инвестицискиот циклус од минатото, може да се каже дека ниските даночни стапки, освен во креирањето на позитивна инвестициона клима, односно, поволни услови за инвестирање, не успеаја во значителна мера да го интензивираат процесот на акумулација на капиталот, и воопшто, развојните процеси во државава. Во таа насока, секое понатамошно користење на мерките на даночните стимулации во насока на промовирање на инвестициите, *не само што ќе значи бесцелно губење на приходи, туку и воопшто нема да вроди со какви било позитивни ефекти.*

За **економскиот раст, вработеноста и маргиналниот даночен товар** може да се резимира дека, и во овој случај, даночната политика *не зазема централно место во структурата на двигателите, односно генераторите на економскиот раст.* За разлика од неа, високата позитивна вредност на коефициентот на корелација помеѓу номиналниот БДП и маргиналните стапки, говори дека, можеби, *одлуката за инвестирање претежно е генерирана спонтано од експанзијата на вкупната агрегатна побарувачка,* и во тој контекст, истата се наметнува како еден од највлијателните двигатели на инвестицискиот циклус. Во врска со вработеноста во РМ, може да се заклучи дека во минатиот период дошло до нејзино *незначително зголемување.* Главно, како генератори на вработувањата се јавуваа реалните економски фактори, како и владините јавни програми. Од аспект на даночните фактори на вработеноста, може да се каже дека *цената на работната сила забележа извесно опаѓање*, претежно поради намалувањето на стапката на персоналниот данок на доход, како и поради намалувањето на стапките на придонесите за задолжително социјално осигурување.

Иако во однос на домашните инвестиции интензитетот на влијанието на даночната политика е поголемо, сепак, и во **доменот на странските директни инвестиции,** таа се покажува како *неодлучувачки фактор, од аспект на иницијативата за инвестирање.* Единствено може да се констатира дека даночниот систем на РМ, со текот на времето, *ја докажал својата сигнализирачка функција кон мултинационалните компании*, па затоа стратешката определба за редуцирање на стапката на данок на добивка е потполно оправдана, од аспект на политиката на привлекување на нови странски инвеститори. Инаку, во споредба со даночната политика, во оваа сфера далеку поголемо влијание имаат останатите реални економски фактори, економските кризи и очекувањата на странските инвеститори, но и разните неекономски фактори, како што се политичкото опкружување и политичката стабилност (или поконкретно, напредокот во евроатлантските интеграции), ефикасноста на судството и администрацијата и нивото на корупција.

Слично, и високата позитивна вредност на коефициентот на корелација помеѓу **маргиналните стапки и даночните приходи,** јасно говори дека *зголемувањето на вкупните директни даноци во структурата на вкупните даноци не е случајност,* и дека помеѓу нивниот

пораст и порастот на ефективните даночни стапки постои силна правопропорционална поврзаност. Гледано од оваа перспектива, преземените мерки на даночната политика во критичниот период оделе во прилог на *подобрување и унапредување на ефикасноста во собирањето на даночните приходи.* Меѓутоа, ако се имаат предвид и останатите фактори кои влијаат врз обемот на собраните приходи, *утврдената корелативна врска не може со сигурност да ја потврди примарноста на факторот маргинален товар, но секако и дека не може да го исклучи.*

ПРИЛОГ:

ГЛАВА 2

Фискалната политика и нејзината улога во економскиот развој

Точка 3. Современи трендови во даночните реформи

Табела бр. 1

Вкупни даночни приходи како процент од БДП во земјите од ОЕЦД

	1975	1985	1990	1995	2000	2006	2007	2008 Проценка
Канада	32.0	32.5	35.9	35.6	35.6	33.5	33.3	32.2
Мексико		15.5	15.8	15.2	16.9	18.3	18.0	21.1
САД	25.6	25.6	27.3	27.9	29.9	28.2	28.3	26.9
Австралија	25.9	28.3	28.5	28.8	31.1	30.6	30.8	n.a
Јапонија	20.8	27.4	29.1	26.8	27.0	28.0	28.3	n.a
Кореја	14.5	15.7	18.1	18.6	22.6	25.0	26.5	26.6
Нов Зеланд	28.7	31.3	37.4	36.6	33.6	36.6	35.7	34.5
Австрија	36.6	40.8	39.7	41.4	43.2	41.8	42.3	42.9
Белгија	39.5	44.4	42.0	43.6	44.9	44.4	43.9	44.3
Чешка				37.5	35.3	37.1	37.4	36.6
Данска	38.4	46.1	46.5	48.8	49.4	49.6	48.7	48.3

Финска	36.5	39.7	43.5	45.7	47.2	43.5	43.0	42.8
Франција	35.4	42.8	42.0	42.9	44.4	44.0	43.5	43.1
Германија	34.3	36.1	34.8	37.2	37.2	35.6	36.2	36.4
Грција	19.4	25.5	26.2	28.9	34.0	31.2	32.0	31.3
Унгарија				41.3	38.0	37.1	39.5	40.1
Исланд	30.0	28.2	30.9	31.2	37.2	41.5	40.9	36.0
Ирска	28.8	34.7	33.1	32.5	31.3	31.7	30.8	28.3
Италија	25.4	33.6	37.8	40.1	42.3	42.3	43.5	43.2
Луксембург	32.8	39.4	35.7	37.1	39.1	35.8	36.5	38.3
Холандија	40.7	42.4	42.9	41.5	39.7	38.9	37.5	n.a
Норвешка	39.2	42.6	41.0	40.9	42.6	44.0	43.6	42.1
Полска				36.2	32.8	34.0	34.9	n.a
Португалија	19.7	25.2	27.7	32.1	34.1	35.5	36.4	36.5
Словачка					34.1	29.4	29.4	29.3
Шпанија	18.4	27.6	32.5	32.1	34.2	36.7	37.2	33.0
Шведска	41.2	47.4	52.2	47.5	51.8	49.0	48.3	47.1
Швајцарија	23.9	25.5	25.8	27.7	30.0	29.3	28.9	29.4
Турција	11.9	11.5	14.9	16.8	24.2	24.5	23.7	23.5
Велика Британија	34.9	37.0	35.5	34.0	36.4	36.6	36.1	35.7
Просек:								
ОЕЦД вкупно	29.4	32.6	33.7	34.7	36.0	35.8	35.8	n.a
ОЕЦД Америка	28.8	24.5	26.3	26.2	27.5	26.7	26.5	26.7
ОЕЦД Пацифик	22.5	25.7	28.3	27.7	28.6	30.0	30.4	n.a
ОЕЦД Европа	30.9	35.3	36.0	37.1	38.4	38.0	38.0	n.a
ЕУ 19	32.1	37.5	38.1	38.9	39.4	38.6	38.8	n.a
ЕУ 15	32.1	37.5	38.1	39.0	40.6	39.8	39.7	n.a

Извор: Статистика на ОЕЦД.

Табела бр. 2

Структура на даночните приходи во земјите од ОЕЦД (1965-2007) во %

	Структура на даночните приходи во земјите од ОЕЦД (1965-2007)				
	1965	**1975**	**1985**	**1995**	**2007**
Персонален данок на доход	26	30	30	27	25
Корпоративен данок	9	8	8	8	11
Социјални придонеси	18	22	22	25	25
(вработен)	*(6)*	*(7)*	*(7)*	*(8)*	*(9)*
(работодавач)	*(10)*	*(14)*	*(13)*	*(14)*	*(15)*
Payroll taxes	1	1	1	1	1
Даноци на имот	8	6	5	6	6
Данок на општа потрошув.	12	13	16	18	19
Данок на посебна потрошув.	24	18	16	13	11
Други даноци	2	2	2	3	3
Вкупно	100	100	100	100	100

Извор: OECD (2009) Revenue Statistics (1965-2008).

Табела бр. 3

Динамика на бројот на даночните праѓови и даночните стапки на земјите од ОЕЦД во периодот 1986-1990

	Број на категории доходи (brackets)	**Највисока стапка во % (top rate)**	**Најниска стапка во % (first rate)**

	1986	1990	1986	1990	1986	1990
Австралија	5*	4*	57	47	24	21
Австрија	10	5	62	50	21	10
Белгија	12*	7*	72	55	24	25
Данска	3	3	45	40	20	22
Финска	11	6*	51	43	6	9
Франција	12*	12*	65	57	5	5
Германија[b]	-	-	56	53	22	19
Ирска	3	3	58	53	35	30
Италија	9	7	62	50	12	10
Јапонија	15	5	70	50	10,5	10
Холандија	9	3	72	60	16	13
Нов Зеланд	6	2	57	33	17,5	24
Норвешка	8*	2*	40	20	3	10
Шпанија	34	16	66	56	8	25
Шведска[c]	10*	1*	50	20	4	20
Швајцарија	6	6*	13	13	1	1
Велика Британија	6	2	60	40	29	25
САД	14	2	50	28	11	15

